ЕДИЦИЈА ВО ЧЕСТ НА БЛАГОЈА КОРУБИН
ЈАЗИКОТ НАШ ДЕНЕШЕН
Редактор на едицијата: Снежана Велковска

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ” - СКОПЈЕ
ЈАЗИКОТ НАШ ДЕНЕШЕН, КН. 27

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНИОТ СОБИР

ЈАЗИКОТ НАШ ДНЕШЕН - ЈАЗИКОТ НАШ НАСУШЕН

одржан на 14 -15 април 2016 година

Скопје 2016

Редакциски одбор:

д-р Снежана Велковска
д-р Снежана Веновска-Антевска
д-р Олгица Додевска-Михајловска
д-р Катица Топлиска-Евроска
д-р Фани Стефановска-Ристеска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека ‘‘Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3(062)
811.163.3:81’362(062)

ЈАЗИКОТ наш денешен – јазикот наш насушен : зборник на трудови од научниот собир одржан на 14-15 април 2016 / [редакциски одбор Снежана Велковска .. .. и др.]. – Скопје : Институт за македонски јазик ‘‘Крсте Мисирков“, 2016. – 300 стр.: табели; 24 см. – (Едиција во чест на Благоја Корубин ‘‘Јазикот наш денешен“; кн.27)

Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-220-040-8

а) Македонски јазик – Собири
б) Македонски јазик – Компаративни истражувања – Собири
COBISS.MK-ID 102308106

Традиционалната манифестација ***Денови на Благоја Корубин***, се одржа на 14 -15 април 2016 година на тема **Јазикот наш денешен - јазикот наш насушен**. Во рамките на научниот собир беше промовиран Зборникот од минатата година. Зборникот со реферати го промовираше д-р Мери Јосифовска. Во работниот дел беа презентирани вкупно 43 реферата. На сите учесници срдечно им благодариме.

811.163.3(062)

Снежана ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА

ДЕНОВИТЕ НИЗ ГОДИНИ

На почетокот на 1995 година Одделението за современ македонски јазик во Институтот за македонски јазик се прости од својот раководител, наедно и долгогодишен соработник, Благоја Корубин. Поттикнати да сториме нешто за човекот кој несебично ни го подари сето свое знаење, постојано не насочуваше кон систематизирано научно истражување, побаравме начин како да докажеме и да потврдиме дека тој зад себе остави достојни ученици.

Идејата на Снежана Велковска, раководител на Одделението за современ јазик и директен наследник на Б. Корубин за организирање јазична трибина , која се одржа во 1997 година, беше никулецот од кој се развија Деновите посветени на Благоја Корубин. Веќе во 1998 година оваа средба се претвори во студиски ден, за да прерасне потоа во собир и да земе и меѓународен карактер.

Снежана Велковска е долгогодишен соработник на Благоја Корубин. Таа работи во Институтот за македонски јазик од 1978 година, постојано на значајни проекти (Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи: соработник, а по пензионирањето на Корубин и главен редактор и истражувач; потоа Толковен речник на македонскиот јазик: раководител на Проектот и соработник). Сите нејзини проекти секогаш со успешност ги завршува. Нејзина специјалност е македонската лексикологија и лексикографија, но се истакнува и по својата дејност во областа на фразеологијата.

Таа е главен креатор на „Деновите посветени на Благоја Корубин“, наедно е личноста која ја создаде едицијата „Јазикот наш денешен“. Во оваа едиција сепечатат зборниците од собирите, но и други книги што опфаќаат тематика од современиот македонски јазик, нормата и некои актуелни движења. Таа заедно со соработниците Снежана Веновска-Антевска, Олгица Додевска-Михајловска, Стефановска-Ристевска Фани, Катица Топлиска-Евроска (како постојан состав) успеа од една трибина да изгради традиција и да создаде опус со кој се пополнуваат многу празнини во македонската лингвистика. Во оваа пригода се определивме преку конкретни податоци да ја отсликаме целата активност околу собирите. Така даваме еден преглед за учесниците, темите и обемот што произлезе од овие собири.

Членови на редакциите:
Снежана Велковска, Снежана Веновска-Антевска, Олгица Додевска-Михајловска, Стефановска-Ристевска Фани, Катица Топлиска-Евроска (како постојан состав од Одделението за современ јазик) и Лидија Тантуровска, Стојка Бојковска, Максим Каранфиловски, Живко Цветковски, Симона Груевска- Маџоска, Јован Корубин, Елена Јованова-Грујовска, Александра Ѓуркова.

17 ЗБОРНИЦИ

собири	год.	бр. кн. год. на печатење	бр. на реферати	бр. на страници	редакција
I	1997	Л. Збор,1-3, 1997	5	27	трибина
II	1998	Јазикот наш денешен, кн.2, 2000 Прилози од студискиот ден посветен на Благоја Корубин	10	77	С. Велковска рецензенти: Максим Каранфиловски, Марија Коробар-Белчева
III	1999	кн.3, 2000, Македонскиот јазик во јавното општење	42	354	С. Велковска, Ол. Додевска, М. Коробар-Белчева, Ст. Бојковска, Ж. Цветковски
IV	2000	кн. 4, 2001, Македонскиот глагол синхронија и дијахронија	26	245	С. Велковска Сн. Веновска-Ант. О.Додевска-Мих. Л. Тантуровска К. Топлиска
V	2001	кн. 6, 2001, Македонската лексикологија и лексикографија	28	255	С. Велковска О. Додевска-Мих. Е. Јованова-Груј.
VI	2002	кн.9, 2002, Норма и речник	13	114	С. Велковска С. Груевска-Маџоска Л. Тантуровска
VII	2003	кн.10, 2004 Општествените промени и јазикот	11	91	С. Велковска С. Веновска-Ант Л. Тантуровска
VIII	2004	кн.11, 2005 Актуелните состојби во македонскиот јазик	13	120	С. Велковска Сн. Веновска-Ант. А.Ѓуркова Л. Тантуровска К. Топлиска-Евр.

IX	2005	кн.13, 2005 Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик, Информатика и лингвистика	19	172	С. Велковска Сн. Веновска-Ант. Ј. Корубин
X	2006	кн.14, 2006 Функционалните стилови во македонскиот јазик	18	133	С. Велковска Сн. Веновска-Ант. Л.Тантуровска Ф. Стефановска-Р. С. Петрова-Ц.
XI	2007	кн. 16, 2008 Јазиците во контакт некогаш и денес	24	179	С. Велковска С. Веновска-Ант Л. Тантуровска
XII	2008	кн.17,2009, Културата и јазикот	34	319	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих.
XIII	2009	кн.18, 2009 Балкански јазичен светоглед	15	147	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих.
XIV	2010	кн.20, 2011 Стандардној азичната норма и македонскиот јазик Јазикот и идентитетот	21	175	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.
XV	2011	кн.21, 2012 Современите лингвистички истражувања во лингвистиката Ппридонесот на мак.лингвисти во стабилизацијата и станд. на јаз. норма во м.ј.	25	267	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.
XVI	2012	кн.22, 2013 Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата	24	253	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.

XVII	2013	кн.24, 2015 Значењето низ времето и просторот	22	241	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.
XVIII	2014	кн.25, 2016, Лексикологијата о лексиокограф.-мостови меѓу јазиците	28	235	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр
XIX	2015	Јазичната слика на светот	27	Во печат	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.
XX	2016	Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен	43	Во печат	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.
			421	3404	

Трибина 1977

	год.	бр. кн. год. на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
I	1997	Л. Збор,1-3, 1997	5	27	трибина

Референти:
Снежана Велковска, Лидија Тантуровска, Ол. Додевска-Михајловска, Снежана Веновска-Антевска, Јадранка Владова

II собир (Студиски ден)

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
II	1998	Јазикот наш денешен, кн.2, 2000 Прилози од студискиот ден посветен на Благоја Корубин	10	77	С. Велковска рецензенти: Максим Каранфиловски, Марија Коробар-Белчева

Референти:
Снежана Веновска-Антевска (3), Билјана Маленко, Олгица Додевска-Михајловска, Маринко Митков, Мила Неделковска, Лидија Тантуровска, Катица Топлиска, Снежана Велковска, Стојка Бојковска.

III собир

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
III	1999	кн.3, 2000, Македонск иот јазик во јавното општење	42	354	С. Велковска, О. Додевска-Мих. Коробар-Белчева, С. Бојковска, Ж.. Цветковски

Референти:
Марија Коробар-Белчева, Трајко Стаматоски, Коста Пеев. Људмил Спасов. Тодор Димитровски, Снежана Велковска, Живко Цветковски, Симон Саздов, Весна Миовска, Ружица Пејовиќ, Катица Топлиска, Александра Ѓуркова, Мери Јосифовска, Марија Чичева-Алексиќ, Елка Јачева-Улчар, Јелица Николовска, Александар Николовски, Максим Каранфиловски, Стојка Бојковаска, Бистрица Миркуловска, Јордан Јорданоски, Лидија Тантуровска 2, Зоран Божиновски, Владимир Цветковски, Славица Велева, Васил Дрвошанов, Елена Јованова-Грујовска, Симона Груевска-Маџоска, Катерина Велјановска, Кажимјера Солецка, Ирина Бабамова, Е Атанасова-Николеску, М. Златковска, Светлана Давкова-Ѓоргиева, Олгица Додевска-Михајловска, Благица Петковска, Дејан Геговски, Христина Андоновска, Снежана Веновска-Антевска, Красимира Илиевска, Б. Симјановски, Снежана Петрова, Маријана Киш.

IV собир

собири	год.	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
IV	2000	кн. 4, 2001, Македонскиот глагол синхронија и дијахронија	26	245	С. Велковска С. Веновска-Ант. О.Додевска-Мих. Л. Тантуровска К. Топлиска

Референти:
Лилјана Минова-Ѓуркова, Зузана Тополинска, Живко Цветковски, Снежана Велковска, Нина Чундева, Лилјана Митковска, Христина Андоновска, Катица Топлиска, Искра Панова-Димкова, Елизабета Ралповска, Снежана Петрова, Лидија Тантуровска, Олгица Додевска-Михајловска, Симона Груевска-Маџовска, Станислава-Сташа Тофовска, Елена Јованова-Грујовска, Фани Стефановска-Ристевска, Дореана Христова, Јасминка Делова, Лидија Танушевска, Убавка Гајдова, Гоце Цветановскаи, Љубица Станковска, Лилјана Макаријоска, Александра Ѓуркова, Васил Дрвошанов.

V собир

собири	год.	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
V	2001	кн. 6, 2001, Македонската лексикологија и лексикографија	28	255	С. Велковска О. Додевска-Мих. Е. Јованова-Грујо.

Референти:
Снежана Велковска, Коста Пеев, Трајко Стаматоски, Весна Костовска, Светлана Давкова-Ѓеоргиева (2), Васил Дрвошанов**,** Олгица Додевска-Михајловска, Кирил Ангелов, Живко Цветковски, Људмил Спасов, Лидија Георгиевска-Тантуровска, Симон Саздов, Лилјана Пандева, Вангелија Десподова, Лилјана Макаријоска, Катица Трајкова, Елена Јованова-Грујовска, Елизабета Ралповска, Марија Коробар-Белчева, Марјан Марковиќ, Дејан Геговски, Веселинка Лаброска, Гоце Цветановски, Љубица Станковска, Мери Момировска, Елка Јачева-Улчар, Лилјана Гушевска.

VI собир

VI	2002	кн.9, 2002, Норма и речник	13	114	С. Велковска С. Груевска-Маџоска Л. Тантуровска

Референти:
Снежана Велковска, Димитар Пандев, Владимир Цветковски, Трајко Стаматоски, Мери Момировска, Димка Митева, Лилјана Минова-Ѓуркова,

Васил Дрвошанов, Елена Јованова-Грујовска, Елизабета Бандиловска-Ралповска, Лидија Аризанковска, Симон Саздов, Симона Груевска-Маџоска.

VII собир

VII	2003	кн.10, 2004 Општествените промени и јазикот	11	91	С. Велковска С. Веновска-Ант. Л. Тантуровска

Референти:
Виолета Чипујновска, Лилјана Минова-Ѓуркова, Васил Дрвошанов, Лидија Тантуровска, Јован Корубин, Снежана Веновска-Антевска, Олгица Додевска-Михајловска, Симона Груевска-Маџоска, Фани Стефановска-Ристеска, Гоце Цветановски.

VIII собир

VIII	2004	кн.11, 2005 Актуелните состојби во македонскиот јазик	13	120	С. Велковска Сн. Веновска-Ант. А.Ѓуркова Л. Тантуровска К. Топлиска-Евр.

Референти:
Лидија Тантуровска, Лилјана Минова-Ѓуркова, Анета Дучевска, Људмил Спасов (3), Лидија Аризанковска, Снежана Петрова-Џамбазова, Јован Корубин, Димитар Пандев, Васил Дрвошанов, Трајко Стаматоски, Снежана Велковска, Марија Дракуловска, Димка Митева, Елена Јованова-Грујовска

IX собир

IX	2005	кн.13, 2005 Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик, Информатика и лингвистика	19	172	С. Велковска С. Веновска-Ант. Ј. Корубин

Референти:
Лилјана Минова-Ѓуркова, Блаже Ристовски, Татјана Гочкова-Стојановска, Марија Коробар-Белчева, Снежана Велковска Јован Корубин, Зоран Матевски, Јованка Кепеска, Ило Трајковски, Петре Георгиевски, Лидија Тантуровска, Маја Апостолска, Стојанче Илиевски, Бистрица Миркуловска, Људмил Спасов, Лилјана Макријоска, Љубица Станковска, Димка Митева, Витомир, Митевски, Ратко Дуев, Воислав Саракински, Билјана Маленко, Вено Пачовски, Александар Петровски, Звонко Никодиновски, Снежана Веновска-Антевска, Зузана Тополињска, Дејан Ѓорѓевиќ, Драган Михајлов.

X собир

собири	год.	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
X	2006	кн.14, 2006 Функционалните стилови во македонскиот јазик	18	133	С. Велковска С. Веновска-Ант. Л. Тантуровска Ф. Стефановска-Р. С. Петрова-Џ.

Референти:
Ружа Пановска, Лилјана Минова-Ѓуркова, Симона Груевска- Маџоска, Стојка Бојковска, Снежана Веновска-Антевска, Лилјана Митковска, Димка Митева, Снежана Велковска, Благица Петковска, Лидија Тантуровска, Снежана Петрова-Џамбазова, Марија Коробар-Белчева, Елка Јачева-Улчар, Мери Момировска, Лилјана Макаријоска, Стоја Поп-Атанасова, Александра Ѓуркова, Лилјана Гушевска.

XI собир

XI	2007	кн. 16, 2008 Јазиците во контакт некогаш и денес	24	179	С. Велковска С. Веновска-Ант Л. Тантуровска

Референти:
Снежана Веновска-Антевска, Лилјана Минова-Ѓуркова, Лилјана Ордева, Билјана Маленко, Симона Груевска- Маџоска, Татјана Гочкова-Стојановска, Лидија Тантуровска, Ирина Бабамова, Снежана Велковска, Олгица Додевска-Михајловска, Светлана Давкова-Ѓеоргиева, Фани Стефановска-Ристевска, Елизабета Бандиловска-Ралповска, Васил

Дрвошанов, Лилјана Митковска, Хаки Имери, Авзи Мустафа, Гоце Цветановски, Марјан Марковиќ, Елени Бужаровска, Александра Ѓуркова, Александра Попвасилева, Димка Митева, Снежана Петрова-Џамбазова, Елка Јачева-Улчар, Лилјана Макаријоска, Стоја Поп-Атанасова,

XII собир

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XII	2008	кн.17,2009, Културата и јазикот	34	319	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих.

Референти:
Лилјана Макаријоска(2), Симо Младеновски, Јованка Кепеска, Мирјана П. Мирчевска, Љиљана Калиниќ-Ордева, Гоце Цветановски, Снежана Веновска-Антевска, Димитар Пандев, Виолета Николовска, Габриела Неделковска, Африм Рецепи, Ленка Татаровска, Гордана Алексова, Даниела Ќировска, Раско Лозановски, Катерина Вељановска, Олгица Додевска-Михајловска, Бисера Павлеска, Славица Велева, Светлана Давкова-Ѓеоргиева, Фани Стефановска-Ристевска, Родна Величковска, Димка Митева, Лидија Тантуровска, Љубица Станковска, Мери Јосифовска, Снежана Велковска, Боне Величковски, Станислава-Сташа Тофовска, Јордана Шемко-Георгиевска, Ива Фиданчева, Снежана Петрова, Бистрица Миркуловска, Стоја Поп-Атансова, Вено Пачовски.**XIII собир**

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XIII	2009	Кн. 18, 2009 Балкански јазичен светоглед	19	149	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих.

Референт:
Димитар Пандев, Лидија Тантуровска, Васил Дрвошанов, Виолета Николовска, Лилјана Гушевска, Снежана Велковска, Катица Топлиска-Евроска, Фани Стефановска-Ристеска, Лилјана Макаријоска, Бисера Павлеска, Елизабета Бандиловска-Ралповска, Светлана Давкова-Ѓеоргиева, Љубица Станковска, Олгица Додевска-Михајловска, Снежана Петрова-Џамбазова, Елка Јачева-Улчар.

XIV собир

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XIV	2010	Кн. 20, 2011Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик, Јазикот и идентитетот	21	175	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Елена Јованова-Грујовска Ф.Стедфановска-Р. К.Топлиска-Евр.

Референти: Снежана Велковска, Ленка Татаровска, Васил Дрвошанов, Лидија Тантуровска, Симона Груевска- Маџоска, Јованка Денкова, Блаже Ристовски, Живко Цветковски, Јаворка Маринковиќ, Виолета Николовска, Ана Лазарова-Никовска, Љубинка Кардалевска, Билјана Маленко, Марија Леонтиќ, Лилјана Пандева, Лилјана Митковска, Елена Јованова-Грујовска, Снежана Веновска-Антевска, Катица Топлиска-Евроска, Елени Бужаровска, Еленка Стоевска-Денчова.

XV собир

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XV	2011	кн.21, 2012 Современите лингвистички истражувања во лингвистиката Ппридонесот на мак.лингвисти во стабилизацијата и станд. на јаз. норма во м.ј.	25	267	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.

Референти: Снежана Велковска, Олгица Додевска-Михајловска, Живко Цветковски, Еленка Стоевска-Денчова, Димитар Пандев, Јаворка Маринковиќ, Драгана Маринковиќ, Мери Момировска, Лидија Тантуровска, Марија Леонтиќ, Лилјана Макаријоска, Бисера Павлевска, Мирјана Русевска, Благица Петковска, Билјана Маленко, Фани Стефановска-Ристеска, Катица Топлиска-Евроска, Снежана Петрова-

Џамбазова, Елизабета Бандиловска-Ралповска, Снежана Веновска-Антевска, Наташа Воиновска, Катерина Сековска-Анѓелковиќ, Емилија Бојковска, Симона Груевска-Маџоска, Јане Јованов, Наташа Алексоска

XVI собир

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XVI	2012	Кн.22, 2013 Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата	28	253	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стедфановска-Р. К.Топлиска-Евр

Референти:
Димитар Пандев, Витомир Митевски, Снежана Велковска, Олгица Додевска-Михајловска, Снежана Веновска-Антевска, Јане Јованов, Даринка Маролова, Катица Топлиска-Евроска, Елизабета Бандиловска-Ралповска, Еленка Стоевска-Денчова, Лилјана Макаријоска (2), Васил Дрвошанов, Ивана Блажевска-Ристовска, Жаклина Ѓеоргиоска, Лидија Тантуровска, Лидија Аризанковска (2), Македонка Додевска, Емилија Бојковска, Билјана Ивановска, Александра Велева, Милица Миркуловска, Темјана Поповска, Марија Кусевска, Даринка Маролова, Виолета Николовска, Снежана Петрова-Џамбазова, Емилија Величкова, Александар Јордановски

XVII собир

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XVII	2013	Кн.24, 2015 Значењето низ времето и просторот	22	241	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стедфановска-Р. К.Топлиска-Евр

Референти:
Симон Саздов, Виолета Николовска, Јане Јованов, Лилјана Митковска. Марија Кусевска, Елени Бужаровска, Елизабета Бандиловска-Ралповска, Лидија Тантуровска, Наташа Алексоска, Снежана Велковска, Олгица

Додевска-Михајловска, Билјана Мирчевска, Јасминка Делова-Силјанова, Ивана Блажева-Ристовска, Билјана Маленко, Снежана Веновска-Антевска, Лилјана Макаријоска, Гоце Цветановски, Светлана Давкова-Ѓоргиева, Васил Дрвошанов, Соња Христовска, Свето Тоевски.

XVIII собир

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XVIII	2014	кн.25, 2016, Лексикологијата и лексиокографија та мостови меѓу јазиците	28	235	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стедфановска-Р. К.Топлиска-Евр

Референти: Снежана Велковска, Драгана Радовановиќ, Јаворка Маринковиќ, Симон Саздов, Билјана Маленко, Катерина Велјановска, Христина Андоновска, Снежана Веновска-Антевска. Елена Јованова-Грујовска, Олгица Додевска-Михајловска, Елизабета, Бандиловска-Ралповска, Фани Стефановска-Ристеска, Снежана Петрова-Џамбазова, Гоце Цветановски, Светлана Давкова-Ѓоргиева, Васил Дрвошанов, Веселинка Лаброска, Виолета Николовска, Јордана Марковиќ, Катица Топлиска-Евроска, Марина Спасоевиќ, Лидија Тантуровска, Лилјана Макаријоска, Мери Цубалевска, Благица Петковска, Лилјана Гушевска, Весна Миовска, Биљана Мирчевска- Бошева

Во периодот кога е правен овој преглед не беа отпечатени зборниците од собирите во 2015 и 2016 година. Сепак, даваме еден преглед за програмата од овие два собири. (годините на неотпечатените трудови се болдирани во прегледот на учесниците на Деновите на Благоја Корубин.

XIX собир (во печат)

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XIX	2015	Јазичната слика на светот	27	Во печат	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.

Референти:
Снежана Велковска, Људмил Спасов, Димитар Пандев, Марко Самарџија, Олгица Додевска-Михајловска, Елизабета Бандиловска-Ралповска, Катица Топлиска-Евроска, Јасмина Делова-Силјанова, Драгана Кузмановска, Билјана Иванова, Снежана Кирова, Соња Христовска, Звонко Никодиновски, Фани Стефановска-Ристеска, Марија Леонтиќ, Сена Ариф, Надица Негриевска, Искра Пановска-Димкова, Весна Миовска, Снежана Веновска-Антевска, Елена Јованова-Грујовска, Елизабета Кузмановска, Лилјана Гушевска, Марија Кусевска, Јане Јованов, Јован Костов, Христина Андоновска, Свето Тоевски, Лилјана Макаријоска, Жаклина Ѓорѓиоска, Снежана Петрова-Џамбазова, Лидија Тантуровска, Васил Дрвошанов, Веселинка Лаброска, Станислав Станковиќ, Соња Новотни(2), Михајло Марковиќ (2), Борче Арсов, Маја Тефова, Мирјана Русевска.

XX собир (во печат)

собири	години	бр. кн. година на печатење	број на реферати	број на страници	редакција
XX	2016	Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен	43	Во печат	С. Велковска С. Веновска-Ант. О, Додевска-Мих. Ф.Стефановска-Р. К.Топлиска-Евр.

Референти:
Снежана Веновска-Антевска (2), Олгица Додевска-Михајловска, Елена Јованова-Грујовска, Катица Ќулавкова, Маќеј Кавка, Људмил Спасов, Снежана Велковска, Катица Топлиска-Евроска, Драги Стефанија, Елизабета, Бандиловска-Ралповска, Билјана Маленко, Вено Пачовски, Христина Андоновска, Томислав Ќужиќ, Лидија Аризанковска, Македонка Додевска, Здравко Стаматоски, Свето Тоевски, Катерина Петрова-Кузманова, Родна Величковска, Лидија Тантуровска, Мирјана Русевска, Марија Леонтиќ, Соња Новотни(2), Михајло Марковиќ (2), Билјана Мирчевска-Бошева, Јасмина Делова-Силјанова, Веселинка Лаброска, Светлана Давкова-Ѓоргиева, Мери Цубалевска, Весна Миовска, Мери Момировска, Звонко Таневски, Виолета Николовска, Соња Христова, Лилјана Макаријоска, Жаклина Ѓорѓиоска, Маја Тефова, Раско Лозаноски, Снежана Петрова-Џамбазова, Гоце Цветановски, Васил Дрвошанов.

Референти „Денови посветени на Благоја Корубин“:

Алексовска Гордана	2008	1
Алексоска Наташа	2011, 2013	2
Андоновска Христина	1999, 2000, 2014, 2015, **2016**	5
Ангелов Кирил	2001	1
Апостолоска Маја	2005	1
Аризанковска Лидија	2002, 2004, 2012 (2), **2016**	5
Ариф Сена	2015	1
Арсов Борче	2015	1
Атанасова-Николеску Елена	1999	1
Бандиловска-Ралповска Елизабета	2000, 2001, 2002, 2007, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014, **2015**, **2016**	11
Бабамова Ирина	1999, 2007	2
Блажевска-Ристовска Ивана	2012, 2013	2
Божиновски Зоран	1999	1
Бојковска Стојка	1998, 1999, 2006	3
Бојковска Емилија	2011, 2012	2
Бужаровска Елени	2007, 2010, 2013	3
Велева Александра	2012	1
Велева Славица	1999, 2000, 2008	3
Величкова Емилија	2012	1
Величковска Родна	2008, 2016	2
Величковски Боне	2008	1
Велјановска Катерина	1999, 2008, 2014	3
Велковска Бисера	2004	1
Велковска Снежана	1997,1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, **2015**, **2016**	20
Веновска-Антевска Снежана	1997,1998 (3), 1999, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, **2015**, **2016**(2)	22
Владова Јадранка	1997	1
Воиновска Наташа	2011	1
Гајдова Убавка	2000	1
Геговски Дејан	1999, 2001	2
Георгиевски Петре Т.	2005	1
Гочкова -Стојановска, Татјана	2005, 2007	2
Груевска-Маџоска Симона	2000, 2001, 2002, 2003, 2006, 2007, 2010, 2011	8
Гушевска Лилјана	2001, 2006, 2009, 2014, **2015**	5
Давкова-Ѓоргиева Светлана	1999, 2001 (2), 2007, 2008,	9

	2009, 2013, 2014, **2016**	
Делова Јасминка Делова-Силјановска	2000, 2013, **2015, 2016**	4
Денкова Јованка	2010	1
Десподова Вангелија	2001	1
Димитровски Тодор	1999	1
Додевска Македонка	2012, **2016**	2
Додевска-Михајловска Олгица	1997,1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, **2015**, **2016**	20
Дракулова Марија	2004	1
Дрвошанов Васил	1999, 2000, 2001,2002, 2003, 2004, 2007, 2009, 2010, 2012, 2013, 2014, **2015**, **2016**	14
Дуев Ратко	2005	1
Дучевска Анета	2004, 2005	2
Златковска М.	1999	1
Ѓоргевиќ Дејан	2005	1
Ѓеоргиоска Жаклина	2012, **2015, 2016**	3
Ѓуркова Александра	1999, 2000, 2006, 2007	4
Ивановска Билјана	2012, **2015**	2
Илиевска Красимира	1999	1
Илиевски Стојанче	2005	1
Имери Хаки	2007	1
Јачева-Улчар Елка	1999, 2001, 2006, 2007, 2009	5
Јованов Јане	2011, 2012, 2013, **2015**	4
Јованова-Грујовска Елена	1999, 2000, 2001,2002, 2004, 2010, 2014, **2015**	8
Јовановски Ѓорги	1999	1
Јовеска Оливера	2004	1
Јордановски Јордан	1999	1
Јордановски Александар	2012	1
Јорданов Раде	1999	1
Јосифовска (Момировска)Мери	1999, 2001, 2002, 2006, 2008, 2011, **2016**	7
Кавка Маќеј	**2016**	1
Калиниќ-Ордева Љиљана	2007, 2008	2
Каранфиловски Максим	1999	1
Кардалевска Љубинка	2010	1
Кепеска Јованка	2005, 2008	2
Кирова Снежана	**2015**	1
Киш Маријана	1999,	1
Коробар-Белчева Марија	1999, 2001, 2005, 2006	4
Корубин Јован	2003, 2004, 2005	3
Костов Јован	**2015**	1
Костовска Весна	2001	1
Кузмановска Драгана	**2015**	1

Кузмановска Елизабета	**2015**	1
Кусевска Марија	2012, 2013, **2015**	3
Лаброска Веселинка	2001, 2014, **2015, 2016**	4
Лазарова-Никовска Ана	2010	1
Леонтиќ Марија	2010, 2011, **2015, 2016**	
Лозановски Раско	2008, 2016	2
Макаријоска Лилјана	2000, 2001, 2005, 2006, 2007, 2008 (2), 2009, 2011, 2012(2), 2013, 2014, **2015, 2016**	15
Маленко Билјана	1998, 2005, 2007, 2010, 2011, 2013, 2014, **2016**	8
Маринковиќ Јаворка	2010, 2011, 2014	3
Маринковиќ Драгана	2011	1
Марковиќ Јордана	2014	1
Марковиќ Марјан	2001, 2007	2
Марковиќ Михајло	**2015 (2), 2016** (2)	4
Маролова Даринка	2012 (2)	2
Матевски Зоран	2005	1
Минова-Ѓуркова Лилјана	2000, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007	7
Миркуловска Бистрица	1999, 2005, 2008	3
Миркуловска Милица	2012	1
Мирчевска Билјана П. Мирчевска-Бошевска	2008, 2013, 2014, **2016**	4
Митева Димка	2002, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008	6
Митевски Витомир	2005, 2012	2
Митков Маринко	1998	1
Митковска Лилјана	2000, 2006, 2007, 2010, 2013	5
Миовска Весна	1999, 2014, **2015, 2016**	4
Михајлов Драган	2005	1
Младеновски Симо	2008	1
Мустафа Авзи	2007	1
Негриевска Надица	**2015**	1
Неделковска Габриела	2008	1
Неделковска Мила	1998	1
Никодиновски Звонко	2005, **2015**	2
Николовска Виолета	2008, 2009, 2010, 2012, 2013, 2014, **2016**	7
Николовски Александар	1999	1
Николовска Јелица	1999	1
Новотни Соња	2015 (2), 2016(2)	4
Павлеска Бисера	2008, 2009, 2011	3
Пандев Димитар	2002, 2004, 2008, 2009, 2011, 2012, **2015**	7
Пандева Лилјана	2001, 2010	2
Паноска Ружа	2006	1
Панова-Димкова Искра	2000, **2015**	2

Пачовски Вено	2005, 2008, **2016**	3
Пеев Коста	1999, 2001	2
Петковска Благица	1999, 2006, 2011, 2014	4
Петрова-Кузманова Катерина	2016	1
Петрова-Џамбазова Снежана	1999, 2000, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2011, 2012, 2014, **2015, 2016**	12
Петровски Александар	2005	1
Пејовиќ Ружица	1999	1
Поп-Атанасова Стоја	2006, 2007, 2008	3
Попвасилева Александра	2007	1
Поповска Темјана	2012	1
Радованновиќ Драгана	2014	1
Реџепи Африм	2008	1
Ристовски Блаже	2005, 2010	2
Русевска Мирјана	2011, **2015, 2016**	3
Саздов Симон	1999, 2001, 2002, 2013, 2014	5
Самарџија Марко	**2015**	1
Саракински Воислав	2005	1
Саракинова-Ангелковиќ Катерина	2011	1
Симјановски Б.	1999	1
Солецка Кажимјера	1999	1
Спасов Александар Љ.	2003, 2004 (3), 2005	5
Спасов Људмил	1999,2001, 2003, 2004, **2015**, **2016**	6
Спасоевиќ Марина	2014	1
Стаматоски Здравко	**2016**	1
Стаматоски Трајко	1999,2001, 2002, 2004	4
Станковиќ Станислав	**2015**	1
Станковска Љубица	2000, 2001, 2005, 2008, 2009	5
Стефановска-Ристевска Фани	2000, 2003, 2007, 2008, 2009, 2011, 2014, **2015**	8
Стефанија Драги	2016	1
Стоевска-Денчова Еленка	2010, 2011, 2012	3
Таневска Звонко	**2016**	1
Тантуровска Лидија / Геогриевска-Тантуровска	1997,1998, 1999(2), 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, **2015**, **2016**	21
Танушевска Лидија	2000	1
Татаровска Ленка	2008, 2010	2
Тефова Маја	2015, **2016**	2
Тоевски Свето	2013, 2015, **2016**	3
Топлиска (Евроска)Катица	1998, 1999, 2000, 2006, 2009, 2010, 2011, 2012, 2014, **2015**, **2016**	11

Тополињска Зузана	1999, 2000, 2005	3
Тофовска Станислава-Сташа	2000, 2008	2
Трајкова Катица	2001	1
Трајковски Ило	2005	1
Ќировска Даниела	2008	1
Ќужиќ Томислав	2016	1
Ќулафкова Катица	2016	1
Фиданчева Ева	2008	1
Христова Дореана	2000	1
Христовска Соња	2013, 2015	2
Цветковски Владимир	1999, 2002	2
Цветановски Гоце	2000, 2003, 2001, 2007, 2008, 2013, 2014, **2016**	8
Цветковски Живко	1999, 2000, 2001, 2010, 2011	5
Цубалевска Мери	2014, **2016**	2
Чичева-Алексиќ Марија	1999, 2007	2
Чипујноска Виолета	2003	1
Чундева Нина	2000	1
Шемко-Георгиевска Јордана	2008	1

Сето ова покажува дека во последните 20 години се работело многу и дека Институтот има капацитет да одговори на сите поставени задачи. Потребно е само да се вложи голема желба и љубов кон оваа работа, резултатите се пред нас преку отпечатените трудови, а со нив постапно, со секој реферат, се градеше научната слика за македонскиот јазик. Токму сето ова што е зад нас покажува дека македонската стандарднојазична норма е градена врз цврсти корени и дека сето она што произлегува како насока се базира врз опсежни научни истражувања.

811.163.3'373

Олгица ДОДЕВСКА-МИХАЈЛОВСКА

КОНЦЕПТОТ ’ЛЕБ‘ ВО ТРАДИЦИОНАЛНАТА МАКЕДОНСКА ЛИНГВОКУЛТУРА

Апстракт: Современата лингвистика сè повеќе се занимава со разработка на прашања во кои јазикот се рагледува како културен код на нацијата. Лексиката од тематското подрачје ’храна‘ е значаен репрезент на кулинарскиот код во културата на македонскиот народ, а *лебот* во рамките на ова подрачје се јавува како базичен елемент во концептуализацијата на светот. Големиот број фразеологизми кои во својот состав ја имаат компонентата ’леб‘ логично се поврзува со неговата употреба од дамнешни времиња како најдостапен вид храна, па оттука тој е и нејзин своевиден прототипен претставник.

Клучни зборови: јазична слика, концептуализација, конотација, лексема, фразеологизми.

Составот на јазикот не е изолиран од општеството и културата која со него се користи, па поради тоа јазичната слика на светот е различна во различни јазици. Кога истражувачот ќе нурне во фразеологијата, ќе открие како во човечкото спознание се концептуализирани претставите за светот и за животот. Преку реконструкција на јазичната слика на светот, како слика што човекот ја гради сам, *човекот е мерило за сè*, се доаѓа до сликата на светот од неговото постоење, почнувајќи од митолошките и библиските извори и приказни, низ основните форми на постоењето на човекот – *времето* и *просторот*, преку верувањата во натприродните сили, па сè до верувањето во Бог, како творец и заштитник и до човекот и неговото опстојување, во материјална и во духовна смисла, каде што сè се појавува и се прекршува.

Современата лингвистика активно се занимава со прашањата во кои јазикот се разгледува како културен код на нацијата. Според мислењето на многу истражувачи, храната како културен код се појавува како една од основните извори на живот, а оваа концептуална сфера користи богати извори на метафоричка интерпретација од различни сфери на дејствување и средства на метафоричка карактеризација на човекот.

Во науката за македонскиот јазик е направено обемно истражување за *Тематското подрачје 'храна' и 'подготвување храна'* од Катица Топлиска-Евроска (2015), а нашиот труд посветен на кулинарскиот елемент *леб,* во рамките на антропоцентричната парадигма, ќе биде дополнување на досегашните истражувања во традиционалната македонска лингвокултура.

Многубројноста на фразеологизмите во македонскиот јазик што во својот состав ја имаат лексемата *леб* како своја компонента е логична појава ако се има предвид дека лебот од дамнешни времиња е еден од најдостапните видови храна, па оттука тој може да се смета и за своевиден претставник на семантичкото поле *храна.*

Целта на овој труд е да го прикажеме симболичкиот, метафоричкиот и конотативниот потенцијал на фразеолошката компонента *леб* по пат на анализа на начинот на градење на фразеолошкото значење во македонскиот јазик.

За потребите на нашава тема користевме голем број извори, пред сè обемен материјал од богатите картотеки на македонската народна проза, македонската народна поезија и современата литература при Институтот за македонски јазик, како и етнолошки, лексикографски и друг научен материјал за ова прашање.

Фолклорната култура на македонското село е земјоделската култура и за неа е карактеристичен култот кон аграрното производство. Тоа го определува и посебното место на лебот во неа. Земјата и природните сили се средиште во сознанието на патријахалниот човек. Односот кон земјата се определува од карактерот на неговиот труд, од непрекинатиот контакт со неа. Култот кон лебот е зависноста на човекот од природата, од „нивите лебородни", од плодородието. Лебот е светост, Македонците во него веруваат, пред него се молат, пред него се крстат: ***Се крстам пред сувиот леб / И тешката добрина на ситните домаќини*** (Т. Петровски, *Водици*, Скопје 1969, 40), но и во него се колнат *жими лебов / леба ми* и *жити лебот*. Македонските народни поговорки *леб и вода – најарна храна; леб и сирење – готово јадење* укажуваат дека функционирањето на фолклорната традиција во значителен степен води кон лебот од една страна, а од друга страна, смислата на таа традиција тргнува од лебот.

'Ржот, пченката и пченицата се најзначајните житни растенија во националната исхрана и тие многу долго се користеле како основна храна. Па така *'ржениот* и *пченкарниот леб*, поради тешките социјално-економски услови на нашите простори постепено почнале да се напуштаат дури во повоениот период. Во македонскиот јазик лебот традиционално го добива називот според видот на брашното. Најдобра илустрација за ова е текстот од еден информатор од Гостиварско: *Лебои месиме од пченка и от 'рж:* ***пченкарни и 'ржани***. *Некоит'т тураме и бело по малу.* ***Чистиот леб*** *го*

викаме ***погача****. Тоа порано народот ретко јадел, само кој имал. Сега е све* ***погачи*** (Поповски 1970: 172), или од македонската народна поезија:

...а што им е понудата / густа леќа неварена, / у копанка небркана, / до два ***леба 'ржаници****.*

Обредните лебови се појавуваат во рамките на традициите на аграрната култура и родовската заедница, односно патријахалниот род и нивното обликување претставува низа суштински исти особини кои во текот на времето се соединувале со други, формирајќи ги на тој начин денешните облици од кои повеќето дејствуваат архаично, како врска со некое дамнешно време. При обликувањето на обредните лебови доаѓа до израз човечката потреба за пластично изразување, кое е дел од начинот на мислење на одреден степен од развитокот, а кој се манифестира низ обичаите.

Во современиот македонски јазик постојат повеќе називи (во форма на прости и сложени лексеми) со кои се означуваат различните видови леб, а одразот на одност кон лебот во јазичната традиција најдобро е претставен во називите на обредните лебови во трудовите на Лилјана Макријоска: *Обредната лексика како потврда за македонското културно и јазично единство* (2011) и *Кон именувањето на обредната храна во македонскиот јазик* (2015). Таа регистрира голем број називи, меѓу кои *славски леб, колач, вечерник, пресник, пуа, пуе / кравајче*, *крст, колачиња, тутриња, галабник, плетеница, крушка, свадбен леб, Богородична погача,Тодорички леб, панагија, проскура, литургија* и многу други.

Постои народен обичај во Македонија во кој невестата се пречекува на прагот од куќата со два леба што ги става под двете мишки, а младенците лизнуваат сол од раката на сврквата.

Тука се препознава мотивот од народната митологија: со *лебот* се воспоставува рамнотежата меѓу човекот и невидливите сили кои го загрозуваат неговиот живот или тој служи како магично средство за остварување на неговите намери. Првата функција се остварува преку **дарувањето леб**, а другата се заснова на можноста *лебот* да пренесе некои својства на оние што ќе дојдат во допир со него.

Оваа митска особина на лебот концептуализирана како **љубов** најдобро е искажана низ ликот и пораките на Исус Христот, кој беседел пред своите ученици: *Јас сум жив леб, вие го јадете телото мое,* и *Вие сте солта на земјата. Имајте сол во себе и имајте мир меѓу вас!*

Пречекот на гостите со *леб и сол* не е само народен обичај, тој е и дел од државниот протокол. Овој обичај го практикуваат многу словенски народи, се појавил во десеттиот век како црковен ритуал, а во текот на 19 век прераснал во народен обичај на семејните и еснафските слави кај Македонците. Еден запис од Марко Цепенков сведочи за ова: *Повели,*

спаио, ***леб и сол****!* (Марко Цепенков, *Сказни и сторенија*, 1954, 128) и кај Малески: *А, ти си тој, од гостите, повели* ***леб и солца*** (В, Малески, *Бранувања*, Скопје 1953, 84).

За нашите селски домаќинства, *лебот / погачата* се симбол на семејната слога и добрина, а *солта* е симбол на благосостојбата и безбедноста на гостинот. Ваквиот пречек е израз на делењето на доброто, на љубовта, тоа е срдечно добредојде, што го симболизира гостопримството кај Македонците. Се сметало дека и најсиромашната куќа има леб за да го пречека намерникот: *Бабо, нема ли некое место да преноќеам? – Има, бре синко, ама баба е сиротица – немам ништо. Само лебец имам* (А. Филипоски, *Неготинскиот говор*, Скопје 1952, 45).

Според етнолозите, *лебот* и *солта*, уште од древни времиња, а посебно со појавата на христијанството кај сите народи има митско значење, затоа што од нив зависел животот на човекот и затоа што во нив се верувало.

Лебот има значајно место во христијанската религија. Според Л. Макаријоска (2011: 245), *во Библијата се врши диностикција на два вида храна (односно леб), материјална и духовна, бидејќи човекот е изграден од тело и од душа. Лебот е олицетворение на божјото учење, зашто ги храни душите со духовна сила. Под духовен леб се подразбира божјата спасоносна наука, божјата благодат, светата причест и сл.* Па оттука, читањето на Господовата молитва пред ручек може и вака да се објасни: *Материјалниот леб служи како слика на лебот кој слегол од небото.*

Лебот е универзален симбол на неопходна храна без која нема живот. Значи лебот се концептуализира како *живот* а животот е вредност и тоа вредност од највисок ранг *Оф, мори бабо, мори мајче, ами кога има* ***'ржан лебец****, не берам гајле јас за манца* (М. Цепенков, *Сказни и сторенија*, Скопје 1954, 128); ***Бел, црн, пченкарен****...само да е* ***леб*** *и да го има ...* (В. Николески, *Волшебното самарче,*Скопје 1959, 33)

Потврди наоѓаме и во македонската народна поезија: *...под мишка си носат (сиромаси) торби, / и торбите парталаи, / а во торби* ***'ржан лебец****, / манца им е* ***сол пиперец*** (РМНР:32).

Лебот влезе во македонската литература како симбол на насушна потреба за одржување на животот и социјалниот мир: (*...со мотика на рамо, / за* ***корка сува леб****...* Кочо Рацин); *Цел живот сонува* ***леб*** *на своја татковска софра, а други ни да помислат на тоа* (Б. Пендовски, *Скали*, 1965, 127–128).

Вообичаено е концептот да носи назив спрема лексичката единица која содржински најадекватно ја претставува, во нашиов случај лексемата *леб*, но секако дека тој во јазикот се репрезентира и низ лексемите кои

влегуваат во соодветното зборообразувачко гнездо. Постоењето на обележаните зборoформи во јазикот укажува на нивното значење во јазичната свест на зборувачот, затоа што зборообразувачката детерминација се темели на оние особини на појавите од стварноста кои значат нешто за носителите на јазикот.

Податоците од ТРМЈ покажуваат дека дериватите *лебец и лепче* се во врска со основниот поим *леб*, но и со појавите што се поврзуваат со него. Анализата на изведениот дериват *лебец* се јавува како единствен претставник на хипокористична форма во традиционалната лингвокултура и, секако, како значајно средство за откривање и реконструкција на јазичната слика на предметот/поимот кој се истражува.

Тоа го илустрираат примерите: ***троа лебец, парче лебец, залче лебец, корка лебец*** и ***трошка лебец.*** Поистоветувањето на лебот со животот на Македонецот најекспресивно се доловува во следниот цитат од романот *Простум* на Коле Чашуле: *Трошка лебец никогаш не недостасувало на Балканот, трошка животец секогаш:*

Концептуалната метафора *лебот* е живот се појавува во повеќе македонски фразеологизми како што се: *живее на леб и вода/живее на леб и сол* – живее многу сиромашно, скромно; *работи (заработува) за леб, си го вади лебот, зеде леб в рака,* со значење *живее од својот труд, заработува за живот*; (работи, се мачи и сл.,) *за корка леб* – заработува за основните животни потреби; *му го зеде лебот од уста* – одземе средства за живот некому, го фрли во беда и сл.

На сличен начин лексемата *леб* учествува во фразеолошкото значење на фразеологизмите: *има леб в раце* – има квалификации за работа, *нема овде леб (за некого*) – некој нема перспектива за нешто, нема можност да успее во некоја средина и *дојде до свој леб / парче леб* – почне да заработува за живот, се осамостои, финансиски е независен. Во заднинската слика на овие фразеологизми *лебот* е знак на материјалната сигурност и успехот кој го постигнува човекот преку трудот.

Во наведените фразеологизми лексемата *леб* има позитивна конотација, во таа насока се и примерите:... *таа девојка со* ***душа како топол лебец*** (Б. Конески, *Лозје*, Скопје 1945, 7); *Денот ни подарува* ***радост – како лебец бел*** (В. Подгорец, *Тихо доаѓаат соништата*, Скопје 1963, 43); *Нашата светлост била молња на дланка небо, / како* ***парче леб*** *сме те носеле в очи, / нашата песна била крцкот на заби, земјо* (С. Јаневски, *Леб и камен*, Скопје 1957, 32); *Има* ***леб*** *на неговата трпеза / за сите гладни луѓе* (Т. Петровски, *Водици*, Скопје 1969, 43). Овде лебот се концептуализира како човечка добрина, тој е и радост, светлина, слобода.

Национален, но и културно-цивилизациски стереотип е фразеологизмот *добар како леб/лебец* со кој се означува добрината, но и моралноста, човекољубието: *Вие ... многу чесен човек сте и* ***добар како лебец*** (А. Шеноа, *Селанска буна*, превел Т. Димитровски, Скопје 1970, 221).

Во македонската традиција обезбедувањето средства за живот воопшто не бил лесен. Фразеологизмите *нема леб да јаде, не може за леб да извади* и *црни раце – бела погача* се поврзуваат со обработката на земјата и се национална специфика. Трудољубивоста, упорноста и штедливоста на Македонците наоѓаат свој одраз во фразеологизмот *зрно по зрно – погача.*

За македонската фразеологија се својствени и фразеологизмите во кои самостојно или покрај компонентата *леб* се среќава и компонентата *погача*. Фразеологизмот *крши погача* се заснова на сликата *делење леб како знак на заедништо* и има значење *живее со некого, се осватува*, а фразеологизмот *бара преку леб погача* означува *нескромност*.

Иако не е воопшто лесно да се *јаде туѓ леб*, односно да се биде *на туѓ грб*, издржувано лице, денес судбината на многу млади во нашата земја поради економските околности е таква што *јадат леб без мотика* или, како што знаат да кажат постарите, *лежи лебу да те јадам*.

Ќе заклучиме дека лексемата *леб* во традиционалната македонска лингвокултура означува живот, а животот во јазичното сознание на зборувачите на македонскиот јазик се концептуализира како опстојување во материјална и во духовна смисла, нешто највредно, најсвето и најдрагоцено за македонскиот човек. Тоа суштинско значење се открива во *лебот наш насушен* и во *јазикот наш насушен*, традиција и иновација, што го следат Македонецот низ вековите.

ЛИТЕРАТУРА

Велковска, Снежана, (2008), Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник, „БПТ-Принт“, Скопје.

Евроска-Топлиска, Катица, (2015), Тематското подрачје ‘храна’ и ‘подготвување храна’
(докторска дисертација во ракопис), Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

Макаријоска, Лилјана, (2011), *Обредната лексика како потврда за македонското културно и јазично единство*, XXXVII научна конференција на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Скопје, 243–257.

Макаријоска, Лилјана, (2015), *Кон именувањето на обредната храна во македонскиот јазик* , XLVII научна конференција на XLVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Скопје, 171–183.
Поповски, Аритон, (1978), Македонскиот говор во Гостиварскиот крај, Гостивар.
РМНП – Речник на македонската народна поезија, редактор Тодор Димитровски, (2001), том IV, Л–М, Институт за македонски јазик, Скопје.

811.163.3-05

Елена ЈОВАНОВА-ГРУЈОВСКА

БЛАГОЈА КОРУБИН И СРЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА ЛИНГВИСТИ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (КОН ЕДЕН УБАВ ПОВОД)

Апстракт: Годинава се навршуваат 95 години од раѓањето на Благоја Корубин и јубилејни дваесет години на традиционалните Денови на Благоја Корубин. Се навраќаме на средната (третата) генерација лингвисти во Институтот за македонски јазик. Таа го носеше белегот на плодната соработка со првата (најстарата) генерација и остави зад себе голем број трудови што ја збогатуваат македонската лингвистика.

Клучни зборови: лингвистика, лексикографија, ономастика, дијалектологија

Имам особена чест да потсетам на убавите минати времиња во Институтот за македонски јазик, инспирирана од убавите поводи.

Годинава одбележуваме 95 години од раѓањето на Благоја Корубин. Јубилејните дваесетти Денови на Благоја Корубин се убав повод да се навратиме на далечните, но блиски времиња што беа, за нас, тогашните почетници, пример за сплотеност и поддршка на најискусните со творечки најплодните.

Благоја Корубин е првиот вработен во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и дел од првата славна тројка на Институтот: Корубин, Димитровски, Стаматоски (како што вели Велковска во една прилика). Нив ги зближи работата над Речникот на македонскиот јазик, чија што работа се заокружи пред точно 50 години, но и неприкосновеностаи единството кон јазичните прашања и судбината на Институтот за македонски јазик.

Благоја Корубин го паметиме како срдечен, отворен и лесно достапен научник. Тој милуваше да разговара со сите вработени во Институтот, па и да ги запознае членовите на нивните семејства. Нам, на почетниците ова ни беше чудно, но на постарите соработници, очигледно, им беше вообичаено секојдневие. Многумина изминативе години ја потенцираа леснотијата во размената на научната мисла со Корубин. Корубин остана во сеќавањата со својата постојана подготвеност за разговори и консултации, а често и самиот беше отворен за совети од

колегите од другите одделенија, како што се: лексикологија, дијалектологија и ономастика. Таа соработка резултира со повеќе статии од македонската лексикологија, фразеологија, дијалектологија и ономастика.

Средната генерација лингвисти во Институтот за македонски јазик во своите трудови го носеше белегот на плодната соработка со првата (најстарата) генерација и остави зад себе и сè уште остава голем број трудови што ја збогатуваат македонската лингвистика.

Кога зборуваме за првата генерација, мислиме на Корубин, Стаматоски, Димитровски, но и на Крум Тошев (првиот директор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“) и Аритон Поповски. Тука ќе ги спомнеме и професорите Борис Марков, Кирил Конески и Милица Конеска, што имаат поминато дел од работниот век во Институтот, како и оние што имаат учествувано во работата на Институтот за македонски јазик (Блаже Конески, Божидар Видоески, Радмила Угринова-Скаловска и Оливера Јашар-Нестева).

По нивните стапки поаѓаат десетина години помладите колеги: Мито Аргировски, Георги Георгиевски, Петре Јанкуловски, а подоцна и Петре Ристујчин.

Оние што овде ги нарекуваме средна генерација, всушност се третиот бран лингвисти, помлади дваесетина до дваесет и пет години од првата генерација. Тука ќе ги спомнеме: д-р Олга Иванова, д-р Љубица Станковска, м-р Маринко Митков (што годинава би одбележувал 75 години од раѓањето), м-р Живко Ризовски, д-р Зденка Рибарова, д-р Димка Митева, д-р Марјана Киш, д-р Марија Коробар-Белчева, па и д-р Стоја Поп-Атанасова, како и колегите што работниот век го завршија во други сродни институции: проф. Лилјана Минова-Ѓуркова, проф. Коста Пеев, д-р Вангелија Десподова, Мирјана Гигова, проф. Мито Миовски, проф. Германија Шокларова-Љоровска, д-р Тодорка Шапкалиска, проф. Стојка Бојковска и проф. Кита Бицевска.

Меѓу споменативе, на три колешки што го поминаа својот работен век во Институтот, годинава им одбележуваме 70 години од раѓањето, што е еден убав повод да се навратиме на нивната научна дејност. Станува збор за научните советници: д-р Димка Митева, д-р Марија Коробар-Белчева и д-р Марјана Киш.

Д-р Димка Митева е родена на 18.2.1946 година во с. Варварица, Струмичко. Дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје на Групата за славистика (со македонски јазик). Магистрира во 1977 на тема „Топонимијата на Струмичко“, а докторира во 1988 со дисертацијата „Лексичкиот фонд во приказните на Марко Цепенков“. Целиот работен век, од 1971 година до пензионирањето, го поминува во Институтот за

македонски јазик. Автор е на над 200 научни и стручни трудови од областите лексикологија, лексикографија и ономастика.

Работи на проектите Толковен речник на македонскиот јазик, Речник на македонската народна поезија и Речник на македонската народна проза на сите позиции, како: асистент, истражувач и раководител. Се јавува како коавтор во четирите тома од Речникот на македонската народна поезија. Автор е на книгите: Топонимијата на Струмичко (1989, 376 с.), Речник на јазични грешки (1997, 315 с.), Современ толковен речник на македонскиот јазик т.II (Д-Ж) (2003), Јазични тестови (1994, 63 с.), Лингвистички истражувања на Струмица (1995, 101 с.), Синтаксичка анализа на македонската реченица (1996, 109 с.) и десетина други помали книги, претежно на лексичко-лексикографски теми. Има настапувано на повеќе домашни и меѓународни конгреси, конференции и научни собири. Добитник е на наградата „Орден на трудот со сребрен венец“ во 1985 година и на Благодарница за особен придонес во работата на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија во 1994 година.

Димка Митева целиот свој работен век (т.е. додека тоа беше можно) се договараше со својот шеф (како што го нарекуваше) Тодор Димитровски и се консултираше со Благоја Корубин. Мудрите велат дека кога ќе се здружат искуството и младоста, резултатите се најдобри.

Димка Митева неуморно твори и денеска. Минатата година го објави најновиот труд во Македонистика.

Д-р Марија Коробар-Белчева е родена во Скопје на 10.9.1946 година. Дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје на Групата за славистика. Магистрира во 1980 на тема „Структурата на личните имиња во Македонија до 16 век“, а докторира во 1991 со тезата „Топонимијата во Дебарско“. Во Институтот за македонски јазик работи од 1971 година до пензионирањето, т.е. целиот работен век. Се јавува како автор во колективниот труд Речник на презимињата кај Македонците т.I (1997) и т.II (2000). Се јавува како раководител на проектот, редактор и коавтор на трудот „Речник на лични имиња во македонското народно творештво“. Активно има учествувано во Енциклопедијата на словенската ономастика и се заложува македонската ономастика да биде рамноправно застапена со онаа на другите словенски јазици. Ангажманот резултира со објавување на два тома во Краков, Полска во 2002 и 2003 година. Македонската ономастика во оваа енциклопедија е застапена на повеќе од сто страници, рамноправно со другите словенски јазици.

Од 1998 до 2002 година д-р Марија Коробар-Белчева е директорка на Институтот за македонски јазик.

Целиот работен век работи на проекти со Трајко Стаматоски, а Благоја Корубин го има како почитуван собеседник и критичар. Затоа има бележити настапи на многу домашни и меѓународни научни собири и објавени статии во реномирани јазични списанија.

Д-р Марјана Киш е родена на 2.5.1946 година во Шид, Војводина. Дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје на Групата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Во 1978 го брани магистерскиот труд „Дијалектната лексика од областа на растителниот свет“, а во 1991 ја одбранува докторската дисертација под наслов „Морфолошка структура на придавките во македонскиот дијалектен и литературен јазик“.

Се вработува во Институтот за македонски јазик веднаш по дипломирањето во 1971 година и во него останува до прераната смрт во 2000 година. Врши теренски дијалектни истражувања, собира дијалектен материјал, го обработува, изработува легенди, карти и индекси. Целиот работен век работи на проектот Македонски дијалектен атлас под раководство на акад. Божидар Видоески, а во 1998 година станува негов раководител. Активно е вклучена во меѓународните проекти Општословенски лингвистички атлас и Општокарпатски дијалектен атлас.

Автор е на значајните монографии „Дијалектната лексика од областа на растителниот свет“ и „Морфолошка структура на придавките во македонскиот дијалектен и литературен јазик“.

Има учествувано на голем број домашни и меѓународни научни собири, конференции и конгреси со реферати од областите дијалектологија, лексика и зборообразување. Затоа, Марјана Киш имаше многу теми за дискусија со Благоја Корубин.

Чувствувам обврска да спомнам уште двајца долгогодишни соработници на Интитутот за македонски јазик. Станува збор за научниот советник д-р Васил Дрвошанов, кој годинава полни 65 години и научниот советник д-р Олгица Додевска-Михајловска, која го одбележа 60-тиот роденден. Иако се искусни и полни со знаење, тие сè уште се млади! Затоа, за нив повеќе ќе зборуваме по неколку години. А, млади се и колешките д-р Снежана Велковска и д-р Снежана Веновска-Антевска.

Постари, средни или помлади, сите што во изминативе години ја имаат поминато петтата животна деценија и сите што годинава наполнија 50 години возраст (Лаброска, Трајкова и Јованова-Грујовска) ја имаа честа да соработуваат со Благоја Корубин и првата генерација на Институтот за македонски јазик. Време е за нови, најмлади кадри, за да се пренесе наученото, да се разгори патриотизмот и да се овековечи легендата за првата славна тројка на Институтот.

811.163.3'366.584

Катица ЌУЛАВКОВА

ИДНОТО ВРЕМЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Апстракт: Овој текст ја предочува актуелната говорна тенденција, во Р. Македонија, да се потисне од употреба основниот, стандарден начин на формирање на граматичко идно време во македонскиот јазик (замена на специфичните модалитети на идно време од помошниот глагол ’сум’ со модалитетите на ’сум’ во сегашно време плус честичката ’ќе’). Независно дали оваа тенденција се јавува под непосредно влијание на српскиот и на бугарскиот јазик, дали е последица на симплификацијата на живата реч и на дискурсот на порталите и социјалните мрежи, непобитно е дека станува македонска јазична/лингвистичка стварност и дека треба да биде предмет на научна анализа. Целта на овој текст е да ја поттикне поширокатa јавна свест за последиците од упростувањето и осиромашувањето на современиот македонски јазик и на јазичната култура и уметност (книжевност).

Клучни зборови: идно време/футур, реално и нереално идно време, српски и бугарски влијанија, идентитет на македонскиот јазик, помошниот глагол сум, социјални мрежи.

Нема сомнение дека „јазиците на Балканот си влијаат еден врз друг: тоа е очигледно во лексиката и фразеологијата. Прашањето е отворено по однос на тоа колку овие влијанија се проширени врз структурата на дадените јазици“, вели Виктор А. Фридман во статијата „Граматичките категории и една компаративна балканска граматика“, првично објавена 1983-та, подоцна во неговата книга *Македонистички студии* (2015: 10). Три децении подоцна, кога се интензивирани не само контактите меѓу балканските јазици, туку и меѓу нив и англискиот јазик, со оглед на глобалните комуникациски тенденции и масовната употреба на Интернетот, порталите и социјалните мрежи, јазиците на Балканот, особено јужнословенските, меѓу нив и македонскиот, трпат силно влијание од англискиот јазик.

Освен тие ареални (јзиците во просторен контакт, обично соседните) и медиумски влијанија, се одвиваат и внатрешни промени во одделните јазици кои би можеле да се објаснат со тенденцијата на поедноставување на говорниот израз во практиката (симплификација и рестрикција на финесите и варијациите). Оваа тенденција со тек на време

го преминува прагот на колоквијалните говори и се пренесува и во книжевниот говор, што создава основа за преиспитување на одредени граматички норми. Во македонската говорна практика ваква тенденција се забележува по однос на искажувањето идност и тоа во голема мера кога станува збор за конфигурацијата на футурот со помошниот глагол сум, кој сè повеќе го потиснува глаголот 'биде' како првична ознака за идно време.

Ваков процес на симплификација во актуелната македонска говорна практика е забележлив по однос на повеќе граматички категории[1]: во однос на системот на деклинирање на заменките и релативните заменки (кој, чиј, кому, кого, со кого, односно никој, ничиј, никому, никого, со никого), потем во однос на сложувањето на времињата (минато свршено и несвршено време ги супституира сите други граматички форми, се губи разликата меѓу категоријата свидетел и отсутен свидетел, категоријата прекажаност и туѓ говор, се сведува на минимум употребата на историскиот презент и на конструкциите со има/нема плус партицип од глаголот за давање објективни податоци, се намалува свеста за улогата на фразеологизмите и идиомите, во тој контекст за употребата на определениот член, спрегата „со цел да се спроведат фер и демократски избори" се заменува со србизираната варијанта „со цел спроведување на фер и демократски избори", наместо „Танцов Театар на Скопје" или „Скопски танцов театар" се вели, под влијание на англиската синтакса „Скопје Танц Театар" и др. Би можело да се направи и една поопсежна споредбена анализа на начините на изразување идност во македонскиот, францускиот и англискиот јазик, како прилог кон една современа академска 'граматика' на категоријата на идноста/идното време во македонскиот јазик, категорија која е мошне важна, сложена, корелативна

[1] Роман Јакобсон, во своите воведни прилози кон развојот на балканската компаративна граматика (1932, 1957) наведува десет основни граматички јазични категории: род, број, лице, глас, начин (mood), статус, аспект, време, таксис (последователност на дејствата во време, која се сигнализира и со разлика во граматичките времиња) и евидентност (дали раскажувачот/говорникот е свидетел на настанот или не е, дали е уверлив или не е и сл.) На пример, опозицијата меѓу свршените и несвршените глаголи (перфективни и имперфективни) има карактер на аспектуална категорија. Начинот, според Јакобсон, го карактеризира односот меѓу раскажаниот настан/событие и учесниците на тој настан односно учесниците на говорниот чин/настан (1957: 4). Оваа дефиниција на начинот е ревидирана од подоцнежните лингвисти, меѓу коишто треба да се спомне Аронсон (1981). Тие упатуваат на фактот дека некои облици на идното време се однесуваат на настани кои се „онтолошки реални" (обично идно време, објективна условеност на идното дејство), а други се однесуваат на настани/дејства кои се „онтолошки нереални", нестварни, фиктивни и имагинарни. Според Аронсон, начинот како граматичка категорија е „напросто квалификација на раскажаниот настан", односно тој не е во директна корелација со учесниците на раскажаниот настан ни на раскажувачкиот говорен чин (цит. кај Фридман 2015).

и илустративна за структурата, кодот/системот и идентитетот на македонскиот јазик.[2]

Во овој текст вниманието ќе го сосредоточиме врз појавите на симплификација на идното време во македонскиот современ јазик, првенствено во колоквијалните говори. Сепак, на почетокот ќе се потсетиме на дефинициите на идното време што ги дава Блаже Конески во *Граматиката на македонскиот литературен јазик* (цит. според изданието од 1982, односно 1996), во одделот посветен на сложените форми со партикулата (маркер на идност) 'ќе' и за образувањето на идното време, на самиот почеток се вели: „Во глаголскиот спрег сум - бидам обично се земаат во идно време формите од последниот: ќе биде, ќе бидеме и сл. Но, иако доста ретко, можат да се сретнат и форми од сум: 'Што и да биде, ќе е на поарно, одовде нема спас ... а што ќе е подоцна, нека е порано' (Коле Чашуле)" (1996, 488).

Кога се искажува некаква веројатна проценка на нештата, некоја претпоставка, се користи конструкцијата „ќе да е така", „ќе да се дома", односно „Еда и мајка ми не ќе (да) има, тетко..." Интонацијата, асоцијациите и вкупниот семантички опфат на ваквите изрази ја легитимираат жилавата, разговорна, колоквијална идиоматичност, дијалектност и архаичност на ваквите изрази. Во некои случаи во разговорниот јазик се губи сврзникот 'да' во конструкциите кои искажуваат некоја претпоставка, што создава впечаток за вообичаеноста и стандардноста на конструкциите „не ќе има/ше":

- „Младичот, што не ќе (да) имаше повеќе од шеснаесет години, кога чу дека некој по име го вика, фати збунето да го бара." (В. Малески)
- „Ама пак ако беше таму, зар не ќе знаеја и други Опстранчани? (С. Попов)
- Не ќе можев да спијам, наместо „немаше да можам да спијам цела ноќ да не го прочитав писмото" (според Р. Крле).

При образување на *минато-идно* време, партикулата 'ќе' се придружува со минато определено несвршено време од глаголот кој се менува/конјугира (ќе одев, ќе ми кажеше, ќе ми се извинуваше...), како и

[2] Би можела да се направи и една поопсежна споредбена анализа на начините на изразување идност во македонскиот, францускиот и англискиот јазик, како прилог кон една современа академска 'граматика' на категоријата идност/идно време во македонскиот јазик, категорија која е мошне важна, сложена, корелативна и илустративна за структурата, кодот/системот и идентитетот на македонскиот јазик. За основни информации на идното време во францускиот и англискиот јазик може да се посетат веб страниците: /http://www.french-linguistics.co.uk/grammar/conditional.shtml/
/http://www.englishpage.com/conditional/futureconditional.html/

при образување на одречните облици на минато несвршено време, во оптек се два пристапа: не ќе одев, не ќе влезев, односно „описниот“ пристап/стил со употреба на нема, нема да, немаше да: немаше да одам, немаше да влезам (но и: нема да одев, нема да влезев, како во примерите: да не беше честа во прашање, нема да влезев, нема што да правев таму...).

Слична е ситуацијата при образувањето на идно-прекажано време (1996, 496, т. 445-446, со помош на честичката ’ќе’ и формите на минато неопределено време од глаголот (ќе сум одел, ќе си читал), посебно оние кои искажуваат одречност т.е. негација: не ќе сум одел, не ќе си читал, кој не ќе зборувал/зборел, кој не ќе признаел (паралелно: кој немало да зборува турски, кој немало да признае...). И во овој случај, за одречните форми постојат т.н. описни конструкции со нема да, односно немало да оди, немало да чита, па и „нема да одел“, „нема да читале“.

При образување на конструкции/искази или форми составени/сложени со (помошниот) глагол ’има’, односно ’нема’ (одречната форма од има), се воведува „цела една паралелна конјугација со сите други сложени глаголски форми што ги изнесовме и порано. Помошниот глагол ги определува сите граматички категории што се среќаваат во сложените времиња и во можниот начин, а самиот глагол иде со својата придавка во среден род, која овде се сведува до чиста ознака на глаголското дејство и воопшто не се изменува.“ (Конески 1996: 502) Од сите нив (имам земено, имав земено, сум имал земено, беше сум имал земено, ќе имав земено, ќе сум имал земено, би сум имал земено), нас посебно нè интересира спрегата со помошниот глагол сум: ќе сум имал земено, односно одречната варијанта на истиот исказ - „не ќе сум имал...“ (земено), затоа што е егземпларна за можноста да се формира облик на идност (прекажано идно време) со помош на партикулата/честичката ’ќе’ и сегашната форма на глаголот ’сум’.

Соочувајќи се со паралелизмот (имам/немам дојдено, сум дошол/не сум дошол) и со мноштвото начини на искажување одречност со помошниот глагол сум и со глаголот има/нема, било кога се работи за обично идно време или за минато-идно и идно-прекажано време, Блаже Конески го заклучува следното: „Сложените форми со има и нема се многу повеќе вообичаени во македонските говори (во живиот говор), одошто се влезени во литературниот говор (ретко се среќаваат во поезијата поради нејзиниот порив да биде ритмична и економична во искажувањето).“ Ставот за ова е изграден далечната 1956 година, потврден 1982 година. Конески, исто така, подвлекува дека „сè уште во нашата поезија не се развиени стилови што повеќе да се опираат на разговорниот јазик. Несомнено дека со развитокот на такви стилови ќе навлезат и во поетскиот јазик овие форми“ (Конески 1982, 503) (се мисли на формите со полупомошниот глагол има/нема, заб. на КЌ).

Категоријата ’статус’ би требало да се редефинира како „сооднос меѓу говорникот и раскажаниот настан“, што ги претставува категориите начин и аспект, како комплементарни, како категории кои се вкрстуваат една со друга, затоа што ја воведуваат „неиндикативната модалност“ и затоа што ги уважуваат сличностите и разликите меѓу модалните форми, каква што е оптативната (неиндикативна), која ја изразува волјата на говорникот спрема еден настан/дејство кој не е онтолошки реален, и индикативните форми, каков што е начинот на изразување воодушевеност, обожавање (адмиратив), кој го изразува ставот на говорникот во врска со некој онтолошки реален настан (В. Фридман 2015, 11). Фридман смета дека таква интерсекција меѓу начинот и аспектот постои во македонскиот јазик кога се искажува идност, при што се употребува партикулата ќе придружена со една имперфектна/несвршена форма на глаголот, со што се означува или некаква итеративност (аспект на повторливост) или некој нереален услов (начин) (на пр. „Што ќе речеа чуварите, тоа правев“, односно, „Да знаев, ќе речев нешто“ (2015: 11).

Последниве неколку години, не само во говорниот јазик (колоквијалниот, новинарскиот, порталниот, научниот, политичкиот), туку и во македонската книжевност, се забележува практиката, граматичкото идно време на неправилниот помошен глагол ’сум’, да не се обликува преку поврзување на честичката (партикулата) ’ќе’ со идните (: ќе бидам, ќе бидеш, ќе биде, ќе бидеме, ќе бидете, ќе бидат), туку со сегашните форми на помошниот глагол ’сум’: ќе сум, ќе си, ќе е, ќе сме, ќе сте, ќе се. На пример, често се вели: ’Убаво ќе е некој да ги посети настраданите подрачја’ (а би требало да се каже: „Убаво ќе биде некој да ги посети настраданите подрачја“), или: „Што ќе е со овој ТВ дуел?“ (наместо „Што ќе биде со овој ТВ дуел?“), или: „Иднава седмица ќе сум на пат“ (наместо: Иднава седмица ќе бидам на пат“).

Таквите основни исказни, декларативни и констативни форми на идно време произведуваат соодветни конструкции на идност во прашална форма: „Дали ќе сте дома?“, „Зарем и вие не ќе сте дома“? Таквиот облик и стил на образување и искажување идност (идно време, идно дејство, иден чин, идна намера) повлекува и соодветна говорна прагматика при образувањето на одречните форми на идното време, кои сè почесто гласат: не ќе сум, не ќе си, не ќе е, не ќе сме, не ќе сте, не ќе се:

- „Не плашете се од нив, зашто нема ништо покриено што не ќе се открие, ниту скриено што не ќе се дознае...“ (Матеј 10-16)
- „Ни јавија дека студентите не ќе се на протест“.

- „Не ќе постоеше Зоки Поки, ако не постоеше Лидија и не ќе постоеја двајцата, ако не постоеше Оливера Николова“ (статус/изјава/пост на ФБ)

Ограничениот капацитет на одречните искази во идно време доаѓа до израз особено кога се прават комбинирани, одречно-прашални фрази, кога на одречниот му се додава прашален модалитет: „Не ќе сте (ли) дома?“ „Не ќе си ли утре на работа?“ Но, несоодветноста на ваквите конструкции со идно време е видлива има прашален облик, па дури и да му е основниот модалитет потврден/афирмативен („Ќе сте (ли) дома?“/„Дома ќе сте вечерва?“, „Утре, на работа ќе си?“).

Запоставени се и т.н. описни конструкции со има/нема, а кои искажуваат идност. Сè почесто се вели: „Утре не ќе сум на работа“, наместо „Утре има да одам на предавање“, или „Утре нема да бидам на работа“. Во говорната практика (во живата реч, колоквијалниот говор, новинарскиот и медиумски говор, а за жал сè почесто и книжевниот!) влегува - забрзано и доминантно - во употреба некогаш маргиналната и дијалектна форма на образување идно време со помошниот глагол сум. Може да се зборува за нагло потиснување на стандардизираната варијанта која го покажува лексичко-семантичкиот капацитет и ’неправилноста’ на глаголот сум: ќе бидам/бидеш/биде, ќе бидеме/бидете/бидат.

Неопходно е да потсетиме на податокот дека глаголот ’биде’, всушност, има опстанато со векови во македонскиот јазик, и има создадено функционална разлика меѓу него и помошниот глагол ’сум’, разлика која треба да се почитува и денес, во современата македонска говорна практика. Всушност, разликата е до тој степен важна и функционална, што глаголот ’биде’ не е само обичен помошен глагол и не е проста неправилна форма на помошниот глагол ’сум’, туку една продуктивна глаголска основа од којашто се изведени бројни глаголски и именски облици со специфично значење: бидува, бива, се збидна, би било, збиднување, бидување, битисување, битие, бивство, битно, битов (наспрема сум, суштествува-ње, суштество, сушност, насушно, насушен леб, сушта/о). Затоа, глаголот ’биде’ треба да се смета за полупомошен глагол, па дури и, во одредени случаи, за глагол во вистинска смисла на зборот.

Глаголските форми со ’биде’ имаат широк употребен потенцијал. Тие може да бидат употребени со цел да се искажат (1) некои *реални дејства*, завршени/свршени во минатото, блиско или далечно (: „Ете, бидна и таа работа!“ “Се збидна“, „И би’...“, „Било како да не било“), (2) некои посакувани, веројатни, оптативни, кондиционални, императивни/заповедни, молбени изрази, благослови и клетви (: Нека

биде..., Да бидете, Да би да не бидеш! Да би да не биде никогаш повеќе како што било!), како и со цел да се образуваат (3) некои суптилни семантичко-стилски искази во проповеднички и библиски говори („И би' ден над деновите"). Таквиот продуктивен капацитет на глаголот 'биде' го гарантира неговиот опстанок, но исто така ја нагласува потребата да се реафирмира граматичкиот стандард да се формира идно време со глаголот 'биде', односно да не се заменува генеричкиот, граматички образец на идност „ќе бидам/бидеш/биде..." со споредната колоквијална, дијалектна и жаргонска варијанта на футур со помошниот глагол 'сум' – „ќе сум/си/е..." Токму од тие причини, тенденцијата на маргинализирање сè до степен на искоренување на идната форма на глаголот 'сум' ('бидам') може да предизвика штетни последици врз македонскиот јазичен систем, неговата сложеност, неговото богатство, неговата посебност, неговите значењски (семантички), синтаксички, фонетски, реторички и стилски финеси.

Паѓа во очи, од гледна точка на традиционалната норма, ама и од аспект на созвучноста и интонацијата на исказите на идноста, дека се соочуваме (1) со оддалечување од востановената македонска граматичка и говорна норма, (2) дека го осиромашуваме и го деформираме специфичниот начин/стил на обликување на идноста во македонскиот јазик и (3) дека ја доближуваме актуелната говорна норма делумно до бугарската, делумно до српската.[3]

Устројувањето на идното време без идната форма на глаголот 'сум', односно без употреба на помошниот глаголот 'биде', како специфична и иманентна ознака на идност во македонскиот јазик, надополнета со партикулата 'ќе' (која и самата произлегува од старословенскиот, црковнословенскиот и старомакедонскиот глагол 'хтети' (бугарски „иска/ти"), како негова супституција, заправо како негова редуцирана и модифицирна варијанта, укажува на тенденцијата - македонскиот современ јазик да се оддалечува од својата лингвистичка, традициска и културна differentia specifica, да се отуѓува од своето битие и, постапно, да се доближува до соседните јужнословенски јазици, посебно до српскиот (под влијание на српската конструкција „неће моћи", на

[3] Кондиционалните облици во српскиот јазик се нормираат како „Категоријата начин", во делот 'Потенцијал' (с. 183, параграф 396) и се нарекува глаголски начин кој е условен, договорен/спогодбен или можен, значи остварлив (реален) под некој услов, во некоја околност. Тој се формира со аористната форма на глаголот бити (бих, би, би, бисмо, бисте, би): Ако би или Кога би (Кога би дошла, би не' израдувала): би работел, би дошол, би се согласил само ако... Предраг Пипер и Иван Клајн изделуваат и еден друг вид потенцијал или кондиционал што го нарекуваат „минат потенцијал", оти се однесува на некое дејство во минатото. Всушност, тој е нереален, невозможен футур, имагинарен: Били бисмо дошли да сте нас звали, дошли би да сте нас звали.

македонски добиваме „Не ќе може да...“, наместо стабилната конструкција „нема да можам да...“, „нема да може да...“), или „не ќе има време“, “не ќе е дома“ (српски: „неће бити времена“, „неће бити код куће“), „никој не ќе оди на одмор ова лето“ (наместо „никој нема да оди на одмор ова лето“), „не ќе успеат реформите“ (наместо „нема да успеат реформите“). Доближувањето до бугарскиот јазик се забележува при конјугирањето на помошниот глагол сум во идно време (ще/ше сьм, не ще/ше сьм...).

Тука ќе укажам на некои примери карактеристични за идното време во современиот српски и во современиот бугарски јазик. Според *Нормативната граматика на српскиот јазик* (Предраг Пипер & Иван Клајн 2014, 173-175), постојат два вида идно време (два футура). Футур 1 има два вида. Првиот е едночлен футур и се создава на прост и сложен начин со две глаголски коренски морфеми од кратката форма на помошниот глагол хтети (-ћу...) со граматичко значење на идност и коренот од глаголот кој се менува во идно време (разуме-ћу, прочита-ћу, написа-ћу). Вториот е сложен, двочлен футур, составен од кратката форма на помошниот глагол хтети (ћу, ћеш, ће...) и инфинитивната форма на глаголот кој се употребува во идна конструкција: ја ћу разумети, ти ћеш написати, ви ћете прочитати. Посебно се нагласува дека „кога се негира значењето на глаголот во футур 1, тоа се прави со сложен облик, составен од инфинитивната форма на глаголот кој се негира и облиците нећу, нећеш, неће, нећемо, нећете, неће. Неће доћи... Футур 2 е сложен облик составен од помошниот глагол бити (будем, будеш, буде, будемо, будете, буду) со презентски наставки, плус облиците на работната придавка, на пр. „Када га будеш видео, све ће ти бити јасно“. Овој футур 2 се употребува само во зависни реченици (условни, временски, односни). Вториот футур се однесува на дејства кои не се реални туку условни, кондиционални. Овде не е вклучен кондиционалниот имагинарен футур (македонското идно минато време).

Во изданието на *Българската граматика* на Петар Минков Пашов од 2015 (149-162), се истакнува дека она што денес е сведено на честичката ще (фиксна, непроменлива партикула), некогаш била променливата форма на помошниот глагол ’ща’/’ щеш’ (ща, щеш, ща, щем, щете, щат) плус сврзникот ’да’, плус свршената или несвршената форма од глаголот кој се менува: ща да кажа, щеш да кажеш, ща да каже, щем да кажем, щете да кажете, щат да кажат.[4] Во одречните форми идното време гласи (акцентирано врз ’ште’): „Не щѐ гледаш“.

[4] Во различни дијалекти, оваа форма на помошниот глагол ’ща/щеш’ се изговара на различен начин: како ше, шъ, или напросто ш.

И во бугарскиот јазик постои втора варијанта на искажување одречно идно време со употреба на глаголот нема: „Няма да кажа на никого“, „Те няма да загинат“ (примерите се цит. од стр. 149-150). Пашов истакнува дека овие модели на образување на идно време во современиот бугарски јазик потекнуваат од старобугарскиот глагол ’искам’ (од којшто се сочувала само одречната форма ’не ща’, односно со одречната форма од глаголот имам – ’нямам’. Идното време има неколку модални облици, со оглед дека идното време означува нестварно дејство (имагинарно дејство), дејство кое е неизвесно, дејство кое можеби не се збиднало ни во минатото, дејство кое не се случува во сегашноста, а неизвесно е дали ќе се збидне/дали ќе биде во иднината. Токму затоа можеби, порди таа своја дистанцирност од реалноста, идното време е подложно на модалитетите поврзни со говорникот и неговата намера, желба, волја, верба во нешто да биде или да не биде. Исто така, идното време често се надоврзува или ги заменува глаголските облици во минато и сегашно време, затоа што подразбира извесна повторливост: “Вечер всичко ще се прибере, ще стихне, ще се потаи (...)“ (цитат од Елин Пелин, според Пашов, 2015: 150). Таа повторливост е присутна и во искази кои изразуваат заповед, волја, план: ще влезеш, ще го земеш и веднга ще се върнеш“. Идното минато време се образува со облиците на минато несвршено време од помошниот глагол ща (щах, щеше, щеше, щяхме, щяхте, щяха) плус сврзникот ’да’ и глаголот во сегашно време: щах да излизам...).

Неспорно е дека јазикот се остварува низ живата говорна реч, а не со артифициелни и наметнати кодекси, ама на лингвистите е да покажат свесност за развојните процеси и да изградат став дали одреден вид промена во говорните норми ќе го дестабилизира јазичниот систем или ќе го зацврсти, дали некои промени се прогресивни или ретроградни, дали се конструктивни или се деструктивни по однос на суштината на еден природен јазичен систем, каков што е македонскиот. Според мое убедување, најновата стихијна говорна инерција во колоквијалниот говорен стил (социјални мрежи, портали) го доведува во прашање диференцијалниот идентитет на македонскиот јазик по однос на соседните јазици од сродната јужнословенска лингвистичка група.

Постојат бројни индиции дека македонскиот јазик денес се отуѓува од себе во делот на искажувањето идност. Таа – да ја наречеме – ’неприродна’ состојба го принудува говорниот израз да користи несовршени, неудобни, неекономични спреги. Во комбинација со други „грешки“ и неусовршености, особено оние поврзани со конфузната употреба на простите и сложените релативни заменки, македонскиот јазик е доведен во искушение да ги изгуби основните функции: информативно референцијалната (произведува не секогаш јасни значења, кога не се знае

кој е подмет, а кој предмет во реченицата) и стилско-естетската, кога се губи свеста и самосвеста на јазикот, односно на исказот за самиот себе, за својата обликотворна и смислотворна моќ (потенцијал).

Значи, последниве неколку години сме сведоци на еден систематски процес на укинување на македонските јазични специфики, при што се одвива и еден друг процес на разградба на наследениот систем на граматички времиња, разградба на наследениот богат систем на сложување на граматичките времиња. Како последица на таквиот процес, доаѓа до осиромашување на нијансите на семантичкиот и стилистичкиот потенцијал на македонскиот јазик.

Некритичен спрема влијанијата од соседните јазици, без редовна рефлексија на актуелните говорни практики, македонскиот јазик станува хипер пропустлив, а со тоа и подложен на бројни граматички аномалии и разобличувања. Наместо да се поттикнува усовршувањето на граматичкиот систем, се случува, сега и тука, негово упростување и нагрдување. Повеќе чинители влијаат врз ваквиот процес: начелната подготвеност за толеранција на влијанијата во рамки на општите процеси на глобализација, транзициските процеси, социјалните мрежи, комуникациските системи и масовните медиуми кои имаат потреба од куса и гола информација (независно од нејзината граматичка исправност и естетичност), отсуството на стручна лингвистичка критика, па и падот на општата јазична култура и образованост на населението.

При тоа, се поставува прашањето: може ли, во такви општествени и културни услови, да се сочува наследениот идентитет на современиот македонски јазик (од периодот до крајот на дваесеттиот век)? Се чини дека, со укинувањето на востановената норма за искажување на идност и идни дејства во минатото и во сегашноста, било тие да се според ’начинот’ стварни или нестварни, имагинарни или фиктивни, условни или веројатни, всушност ја проектираме новата визија на идноста на Македонците, заправо ја ревидираме наследената колективна визија и создаваме нова, а тоа е визија на идното време која е лишена од биднина и во којашто се повторува сегашноста и се изразува скептичен став спрема иднината. Така, спрегата меѓу колективниот песимизам, колективната рамнодушност спрема спецификите на македонскиот јазик и намалената чувствителност (сензибилност) спрема стилско-семантичките финеси на македонскиот јазик, води кон упростување на граматичката категорија идност/футур во македонскиот јазик до тој степен што се доведени во прашање востановените граматички стандарди на идното време.

Овие бегли укажувања имаат намера да опоменат дека македонскиот јазик се отуѓува од самиот себе, односно од својот граматички, онтолошки и филозофски код. Оти и јазикот има свој

идентитет, свое битие и своја смисла да постои како посебен и различен од другите јазици. Ако премногу се доближи до сродните јазици, ќе ја изгуби својата суштинска причина да постои како особен и самостоен систем. Овие укажувања претставуваат само еден начелен обид, а можеби и увод во едно поопсежно истражување на развојните текови на современиот македонски јазик. Соочени сме со неопходноста и неодложноста од преиспитување на некои усвоени граматички норми во контекст на јазичната прагматика, како и од промислување на оние говорни практики кои го осиромашуваат македонскиот јазик.[5]

ЛИТЕРАТУРА

Пашов, Петър. (2015). *Българска граматика*. Софија: Хермес.

Пипер, Предраг & Иван Клајн. (2014) (2 изд.). *Нормативна граматика српског језика*. Нови Сад: Матица српска.

Конески, Блаже. 1996 [прво издание 1952, второ изд. 1956, интегрално издание од 1982]. *Граматиката на македонскиот литературен јазик.* Скопје: Детска радост. (фототипско и постхумно издание)

Aronson, H. "Interrelationships between Aspects and Mood in Bulgarian", *Folia Slavica 1*, 1, Columbus, 1977, pp. 12-15.

Friedman, Victor A. 2011. "Families, Leagues, and Hybridity: The Past and Future of Slavic and East European Languages". *The Slavic and East European Journal,* Vol. 55, No. 1, Special Forum Issue: RUSSIAN-AMERICAN FICTION, pp. 1-13.

Friedman, Victor. 2015. *Macedonian Studies 2*. Skopje: Macedonian Academy of Arts and Sciences.

Lunt, Horace, 1952: *A Grammar of the Macedonian Literary Language*. Лант, Х.Г. 1952. *Граматика на македонскиот литературен јазик* (англиско издание). Скопје.

[5] Станува збор – првенствено - за системот на простите и сложените релативни заменки, за системот на деклинација на заменките, за системот на граматичките времиња и за македонскиот субјонктив.

811.162.1 : 811.163.3
811.163.3 : 811.162.1
81'42

Маќеј КАВКА

НАРАТИВНИТЕ ШЕМИ И ДИСКУРСНИТЕ СТРАТЕГИИ ВО ПОЛСКИТЕ И МАКЕДОНСКИТЕ УЧЕБНИЦИ

Апстракт: Студиите и истражувањата поврзани со дискурсот влегуваат во сферата на интерес на најмалку четири научни– хуманистички и општествени дисциплини, а дискурсните процеси на комуникација се решаваат на истите четири основни нивоа соодветни со: лингвистиката, психологијата, општествените науки и философијата. Наративните шеми се структурирани како наративни приказни за текот на определени настани и однесувања, намери и чувства на учесниците. Тие вообичаено се користат како форма за презентирање на знаењето на појавите и субјектите на општествениот живот. Во овој контекст, посебно место заземаат учебникарските дискурси– хуманистичкиот дискурс и математичките (егзактните) науки. Среде хуманистичките науки највидливо место имаат историските дискурси. Даден е преглед на наративните шеми и дискурсните стратегии во полските и македонските учебници. Во овој текст се само накусо претставени две дискурсни стратегии што се применуваат во учебниците. Првата е определена привремено како дискурсна стратегија на неприсутен автор и отсуство на неговите ставови на дадената тема. Втората како стратегија при којашто се употребуваат метатекст.

Клучни зборови: дискурс, учебникарски дискурс, наративни шеми, македонски учебници, полски учебници.

Вовед

Наративните шеми се структуирани како наративни приказни за текот на одредени настани и однесувања, намери и чувства на учесниците. Тие вообичаено се користат како форма за презентирање на знаењето на појавите и субјектите на општествениот живот.

Со поимот наративни шеми конкурираат дискурсни стратегии, но секогаш нарацијата е во служба на дискурсните стратегии, за кои посебно во учебниците нивните автори дидактички разкажуваат.

Студиите и истражувањата поврзани со дискурсот влегуваат во сферата на интерес на најмалку четири научни - хуманистички и општествени дисциплини, а дискурсните процеси на комуникација се

решаваат на истите четири основни нивоа соодветни со:
1) лингвистиката - испитување на јазикот, на неговите форми и неговата употреба. Анализите се фокусираат на аргументирани стратегии и граматички системи, карактеристики на поединечните кодови и на различните нивоа на комуникација;
2) психологија - се однесува на анализата на уверувањата, мислите, идеите и на тоа како тие се комуницираат. Анализата на дискурсот се фокусира првенствено на моделите и когнитивните шеми, коишто служаат за обработката на информации;
3) општествените науки – кои овозможуваат да се анализираат интеракции во општествените контексти и да се третира дискурсот како форма на социјална пракса (во училиште, во политичките институции, итн.) Тогаш се истражува како дискурсот влијае на општествената реалност. Тестот потоа влијае врз дискурсот на општествената реалност, на пример, во сферата на индивидуалното и колективно.;
4) философија – служи да се добијат теоретските основи на филозофските текстови, врз кои се базираат анализираните дискурси.

Значењето и смислата главно го идентификуваат светот на намерите и очекувањата, фикцијата и реалноста, ја покажуваат сферата на интерпретација и имагинација на корисниците на јазикот. Исто така, преку јазикот се реализира менталната област, што е предмет на законите и правилата на колективниот живот, влијае врз определената јазична заедница. Исто така, јазикот со илокуциската моќ ја создава новата реалност. Овие карактеристики на спроведување и ажурирање, главно во сите видови на говорните чинови, може да бидат директни и индиректни (медиумски) или вистински (официјални и јавни), научни или образовни, литературни, театарски, филмски (визуелни) и други. Тука ќе ги разгледаме само овие кои настапуваат во писмениот јазикот, кој е употребуван во учебниците, независно од степенот на школувањето.

За некои истражувачи, анализата на дискурсот може да значи многу тесен опсег на научен проект, чии учесници се фокусирани на една изјава (изговор) или најмногу на разговор помеѓу две лица, на пр. интервју или семеен дискурс. За другите, дискурс е синоним за општествениот систем, а дискурсите буквално ги креираат општествените и политичките средини.

Жак Дерида тврди, на пример, дека во моментот кога јазикот е универзално проблемско поле, *сè станува дискурс*[1]. Мишел Фуко го

[1]J. Derrida, *Struktura, znak i gra w dyskursie nauk humanistycznych,* w:*Język, dyskurs,*

привлекува вниманието на постојните, уште од времето на Хесиод и Платон, поделби на вистински и лажни дискурси:

> Дури и кај грчките поети од шестиот век, вистинскиот дискурс, во целост, во целосна смисла на зборот е:.... дискурс за одлучување за правда, доделување секому негов дел. Дискурсот, кој предвидувајќи ја иднината, не само што го обелоденува она што ќе се случи, туку, исто така, учествува во неговата реализација. Во меѓувреме, сто години подоцна, најважната вистината повеќе не важи во однос на тоа што бил дискурсот ишто тој претставувал, туку важи она за што се зборувало. Дојде денот кога вистината се претвори од ефикасен, фер и ритуален говорен чин во насока на изразување на она што се зборувало. Во насока на неговото значење, форма, неговиот предмет[2].

Таа поделба подоцна резултира со два тренда: прагматичен, во кој дискурсот преку говорните чинови станува главен маркер за конституирањето на активноста на состојбите на настаните и лингвистички, во кој дискурсот се претвора во анализата, објаснувањето и описот на она што е кажано, или што денес се дефинира како текстови или нивното собирање односно канони (корпуси) и корпусната лингвистика.

Денес терминот дискурс се појавува во различни, и често во најмалку очекувани контексти, не само и не првенствено лингвистички. Затоа, постојат: политички, верски, медиумски, филмски, литературни, училишни (пр. дискурсот воден во учебници), парламентарни еколошки или репресивни дискурси.

Двосмисленоста на концептот на дискурсот ги откри тешкотиите во методологијата употребувана во текстовите и исказите со специјално избрани показатели, на коишто може да им се припишат не само граматички или семантички информации, туку, исто така, културни, социјални, политички, морални, итн., што денес е сосема очигледно, а до неодамна беше невозможно па дури и тешко предвидливо. Во оваа рамка - во прилог на структурните методи (анализата на дискурсот), когнитивните и сродните области на истражување, како што се антропологијата, социологијата, логиката, семиотиката, критичката анализа на дискурс - посебно место ѝ паѓа на корпусната лингвистиката што може да доведе до многу повторуваните проценки на методологијата на

społeczeństwo, red. L. Rasiński, Warszawa 2008, s. 81.
[2]M. Foucault, *Porządek dyskursu*, Gdańsk 2002, s. 12.

истражувањето на текстот и дискурсот третирани како лингвистичка база на податоци која ги интегрира претходно поделените области на истражувањето. Учеството во дискурсот (однесоткон дискурсот) е стратешка акција која се состои од:

1) генерирање звуци соодветно со дадениот контекст,
2) вршење гестови,
3) изградба на семантичка застапеност,
4) ангажирање во говорните чинови
5) ангажирање во интерактивните форми во врска со преземањето глас,
6) креирање, наметнувањето или одржување предрасуди, илузии и други ментални состојби.

Дискурсот ги опфаќа двата начини на комуникација: говорот и текстот. Говорот, или говорниот дискурс содржи: секојдневни разговори и други видови на јавен дијалог, на пример, на парламентарните дебати[3], Советот на состаноците на сите видови состаноци, контактите меѓу лекарите и пациентите (медицинска историја), како и разговорите помеѓу членовите на семејството - семеен дискурс. Текстот, односно пишаниот дискурс, е идентификација на целата голема збирка различни дискурси, на пример:. вест во весниците, научни трудови, романи, учебници, реклами, па дури и хороскопи и други пишани творби.

Надворешните карактеристики на дискурсот, како усност или графемика, може да послужат како критериуми за типологија на дискурсот, кои ги креираат различните видови на текстови. Конекциите, како критериуми, може да се користат за да се дефинира "природната", видот на дискурс, што е, на медиумите - типови медиуми на говорот: интервјуа, извештаи, известувања, вести ... во политиката - говори, се изложуваат ... на училиште - часови и учебници, итн.

Дискурсните стратегии

За организација на сите дискурси одговараат стратегиите на учесниците во дискурсот, меѓу кои се:

Јазичните стратегии, утврдување на лексичката и синтаксичката организација на текстот (стилот) и семантичката стратегија, кои го одредуваат изборот на доминантен модел на нарација или

[3]Види: T. van Dijk, *Kontekstualizacja w dyskursie parlamentarnym. Aznar, Irak i pragmatyka kłamania*, in: *Krytyczna analiza dyskursu, Interdyscyplinarne podejście do komunikacji społecznej*, red. A. Duszak, N. Fairclough, Kraków, 2008, s. 215-244; M. Kawka, *Sześć dyskursów o języku,* Skopje 2012.

аргументација. Исто така, постојат и глобални стратегии - надворешни (екстратекстуални) механизми за да генерираат глобална смисла, кои се поделени на:
а) интерактивни (прагматички) - кохезивните својства на текстот со карактеристиките на комуникациската ситуација, што го прави текстот да стане глобален говорен чин,
б) општествени, културни и когнитивни - земајќи ги предвид типичните социјални улоги и системот на културните вредности во текстот како основни услови за успешна размена на мислења и идеи. Понекогаш, стратегиите и стандардите се идентификувани со самата суштина на дискурсот.

Со употребата на овие стратегии, говорникот, политичарот, новинарот, учителот речиси секогаш се борат за правото на директен говор и приоритетите во размената на изразување. Тие се обидуваат да бидат лидери во дебатата, на митингот, во текот на часовите или предавањата, се натпреварува за авторството на најдобриот учебник, предупредуваат, се заканува, оценуваат однесување како осуда, пофалби, иако од надлежност во оваа област може да има корист некој друг. Тие, не само реторички, туку како стратези на дискурсот, се често најважни. Формално го организираат поредокот на изразувањето, го прекинуваат говорот на некој друг, со што метадискурсот интертекстуално го збогатуваат; тогаш тој е полн со значајни паузи и вербални претерувања и со иронија. Со еден збор – учителот, говорникот, авторот на учебник, се обидуваат да бидат хегемони и суверени во рамките на нивната дисциплина, целосно надлежни, не само јазично и организациски, туку пред сè дискурсно.

Во рамките на научниот (односно училишен) дискурс, традиционално се разликуваат: дискурсот на хуманистичките науки (хуманистички дискурс), со дискурсите на нивнитесубдисциплини, и дискурсите на дисциплините поврзани со науки како што се: математиката, физиката, хемијата односно егзактни науки. Покрај тоа, постојат ненаучни дискурси: разговорен, новинарски, политички, идеолошки, автобиографски, медиумски и други.

Во овој контекст, посебно место заземаат учебникарските дискурси - хуманистичкиот дискурс и математичките (егзактните) науки. Среде хуманистичките науки највидливо место имаат историските дискурси. Според дефиницијата, историскиот дискурс е научен дискурс, во секоја варијанта - образовна или во наставата како дискурс на учебници и строго научен како дискурсот на научни публикации, бидејќи и двете се поврзани со научната сфера на

општествениот живот. Учебникарскиот дискурс – што е многу важно – постои само во пишана форма како пишан дискурс. Сите други дискурси суштествуваат или само во говорната (орална) форма или во двете.Учебникарскиот дискурс може да постои во примарниот пишан облик, не може да биде говорен или читан, но секундарно може да настапи како електронска книга (*e-book*), но не и како аудио книга (*audio book*),што е денес многу ретка појава. Пишаниот збор е конститутивниот показател на тој тип училишен дискурс, а учебникот е неговиот основен жанр.

Дискурсните стратегии на "отсутниот автор" или "недостаток на ставови на авторот на дадената тема" и стратегијатаод типот: *се вели , се вика, викаме, ни претставува, велиме...* во учебниците

Некои автори на учебниците, со цел да се идентификуваат со опишаните настани од минатото,на пр. во историската нарација, го користат јазикот со помош на стратегијата„отсутен автор“ и „недостаток на лични ставовина темата“.Тогаш,во нивниот дискурс доминира стратегијата за третман на историјата како фетиш и воздржување од фактот дека тие самите се импресионирани од настаните за коишто тие пишуваат и на место да се соочат со тие настани и нивното значење,тие на некој начин ги игнорираат.

Горе наведената теза треба да се опише и пошироко на друго место, затоа што е многу важна. Но, тука, главното внимание ќе биде посветено на една многу интересна дискурзивна стратегија применета во учебниците по математика и по физика.

Дискурсната стратегија од типот: *се вели , велиме, се вика, викаме, ни претставува, нарекуваме..* .... и слично.

Една поинаква стратегија во градењето на дискурсот главно се користи не само во учебниците по математика и физика,туку, исто така, во некои учебници за општествените и хуманистичките науки. Меѓутоа во толку голема мера,таа е присутна пред сè во првите. Еве неколку примери во полскиоти во македонскиот јазик:

(пол.)[4]

1. *...dwie proste mogą mieć co najwyżej jeden punkt wspólny.* ***Mówimy*** *wówczas, że dane proste przecinają się ze sobą.*
2. *Taki ruch, w którym szybkość wzrasta, nazywamy ruchem przyspieszonym, a ruch, w którym szybkość maleje,* ***nazywamy*** *ruchem opóźnionym.* (s. 47)

[4] M. Rozenbajgier, R. Rozenbajgier, *Fizyka dla gimnazjum*. Część 2 i 3, Wydawnictwo ZamKor, Kraków 2001. (сите примери од тоа издание)

Според теоријата на говорот од Остин и Сирл[5], со користење на јазикот се создавање нова состојба. Ние ги употребуваме зборовите најчесто во директен или индиректен говорен чин, со користење на т.н. перформативни глаголи во сегашно време 1 лице еднина или множина, на кои им претходи зборот *се зборува* или истиот е само имплицитен. *Јас ветувам дека ќе дојде утре, Ве поканувам, јас протестирам, Ти се молам, ти ветувам, те информирам* ... итн.

Исто така се верува дека скоро сите глаголи се вклучени во говорните чинови како нивни составни елементи, семантички имаат вградена елементарна семантичка единица „зборува“, која може да биде откриена експлицитно во говорот или имплицитно, семантички. Таа може да биде откриена со помош наекспликацијта:

ти ветувам – *јас зборувам нешто и со тоа ти ветувам.*

Но, дали може да ја промениме постојната состојба и да ја воспоставиме или опишеме новата реалност само со зборување за неа и без повикување на други процеси,посериозни од само зборување, и вистински (реални) настани и аргументи? Кога и под какви услови е возможно тоа? Изгледа дека доколку тоа е возможно во говорните чинови кои се однесуваат на секојдневните ситуации, на пример *ветувања, жалби, пофалби, благодарение* итн., сепак, во сферата поврзана со науката и дисциплините како математика, физика или хемија се случува многу често физичките појави да се дефинирани исклучиво со глаголите од типот *зборува, вели, вика* односно verba dicendi et sentiendi. Ова појава е тогаш сеприсутна и настапува, исто така, во учебниците по математика, физика и хемија и др. посебно во оние делови,во кои наоѓаме дефиниции, заклучоци или општи теореми.

Но сепак во учебниците по физика, математика, многу често појавиите се дефинираат со употреба на глаголот *зборува* со неговите варијантни. Се зборува безлично како и во прво лице множина сегашно време: *зборуваме, велиме, викаме нарекуваме и сл*. Оваа појава е универзална и се јавува и во оние делови од учениците што содржат дефиниции, заклучоци или општи поими. Ваквите изрази не може да се сретнат во толкава мера во хуманистичките текстови или, пак, среќаваат поретко.

[5]J. Austin, *How to Do Things with Words*, London 1971;*Expression and Meaning. Studies in the Theory of Speech Acts*, Cambridge 1979; J. Searle, *Speech Acts. An Essay of the Philosophy of Language*, Cambridge 1969.

Да ги земемепримерите од учебникот по физика од Симеон Гешоски, Фердинад Нонкуловски, *Физика за осмо одделение*, Скопје 2009 и да ја анализираме „приказната за молекулите”[6] :

(мак.)

1. *Најситна честица на супстанцијата која ги има својствата на таа супстанција* ***се вика*** *молекул. Помеѓу молекулите има одреден простор кој* ***се вика*** *молекуларен простор.*
   Молекулите се во постојано движење. Молекулите од едната течност навлегуваат помеѓу молекулите од другата течност и обратно. Оваа појава ***се вика*** *дифузија.Од искуство знаеме дека телата, на пример, метална или дрвена прачка даваат голем отпор при сечењето или стружењето. Тоа значи дека меѓу молекулите на телата дејствуваат сили кои* ***се нарекуваат*** *меѓумолекуларни сили. Силата со која меѓусебно се привлекуваат еднородните молекули* ***се вика*** *кохезија.*
   Во секојдневниот живот забележуваме дека и молекулите на разнородни телесе привлекуваат. На пример, кредата остава траги на таблата, дождовните капки се залепуваат на прозорците, на лисјата и др. Силата со која меѓусебно се привлекуваат разнородните молекули ***се вика*** *атхезија. (с. 12)*

2. *Постојат тврди супстанции кај кои молекулите не се правилно распоредени. За ваквите супстанции* ***велиме*** *дека се аморфни. (с. 16)*
   (...)
3. *Сите други величини и единици, што се користат во физиката, се дефинирани со помош на основните и* ***се викаат*** *изведени. Приборите што служат за мерење на физичките величини* ***се викаат*** *мерила или мерни инструменти.(с. 21)*
   (...)
4. *Својството на телата да ја запазуваат состојбата на мирување или рамномерно праволинско движење* ***се вика*** *инертност. Самата појава* ***се вика*** *инерција. (с. 28)*
   (...)
5. *Меркатa за инертноста на едно тело се вика маса на телото. (с. 29).*
   (...)

---

[6] С. Гешоски, Ф. Нонкуловски, *Физика. Седмо одделение на осумгодишното основно образование. Осмо одделение на деветтогодишното основно образован*ие, Скопје 2009. (Сите примери од тоа издание)

6. *Масата што ја има единица волумен на дадена супстанција се вика нејзина густина (с. 32)*
   (...)
7. *Мерката за заемнодејство меѓу телата ја викаме сила (с. 47)*

Што произлегува од горенаведените примери? Дали мораме да ги употребуваме зборовите:*се вика, викаме, се вели, велиме*…. итн. кога веќе во комуникациското тло постои внатрешниот, длабинскиот метатекст *се вика*, *велиме* служи за нешто многу важно, кога формулираме некоја хипотеза по физика или математика. Дали не е достаточно јасно и едноставно за некоја физичка појава да ја опишуваме или дефинираме без овој метатекст, на пр. на место *Најситната честица на супстанцијата која ги има својствата на таа супстанција* ***се вика*** *молекул* – да кажеме:

Најситната честица на супстанцијата која ги има својствата на таа супстанција емолекул, а не се вика молекул;

Тоа значи дека меѓу молекулите на телата дејствуваат сили кои ***се нарекуваат****меѓумолекуларни сили,* да кажеме:

Меѓу молекулите на телата дејствуваат меѓумолекуларни сили.

Сега веќе, од теоретска гледна точка, метатекстуалните зборови*Тоа значи ..., се нарекуваат*...се непотребни за самите реченици да бидат разбрани.

Во тој контекст не може да не се согласиме со тезата дека физичките појави, настани во стварноста настапуваат без оглед на тоа дали за нив *викаме, велиме* (нешто) или *ги нарекуваме*. Или можеби – со што тешко да се согласиме – тие настапуваат исклучиво тогаш кога за нив зборуваме или ги опишуваме.

Употребата на зборовите *се вели, велиме, се вика, се нарекува,* во јазикот на егзактните науки односно физика, математика, хемија итн. има креативна функција бидејќи го создава стилот соодветен на дадената наука или нејзината субдисциплина. На тој начин, физичките закони се создаваат со самото зборување за истите, што секако е секундарно во однос на самата суштина на реалноста.

Се создава илузија дека за важноста на законите и правилата откриени во егзактните науки не одлучуваат самите закони и правила, што се максимално верификувани и непобитни, како на пример, законот за гравитацијата, туку дека тие исклучиво настануваат како резултат на зборувањето за нив, односно со нивното именување и дефинирање. Тоа е апсолутната власт на зборовите врз физичките феномени, што ја овозможува Остиновата теорија за илокуциската моќ, односно, создавањето на физичките состојби на реалноста околу нас зависиод тоа дали ние зборуваме за нив или не.

Заклучоци

Во овој текст се само накусо претставени две дискурсни стратегии што се применуваат во учебниците. Првата е определена привремено како дискурсна стратегија на неприсутен автор и отсуство на неговите ставови на дадената тема. Втората како стратегија при која што се употребуваат метатекстот*се зборува, се вели, се нарекува итн.* Двете, во еднаква мера се јавуваат во многу видови учебникарски дискурси и тие од една страна, ги организираат наративните шеми со помош на дискурсни стратегии, а од другата се показатели на жанрот на дадениот учебник. Обете стратегии може да се најдат во многу текстови и воедно солидно ја вршат нивната функција иако последната стратегија може да го попречи редот на појава на научните феномени бидејќи премногу директно ги поврзува со сферата на зборувањето, а не со анализата на, на пример, физичките или хемиските процеси. Можеби, од таа дидактичка гледна точка, за овие појави е полесно да се зборува отколку истите прецизно да се дефинираат. Но со поврзување на тие две дискурсни стратегии, односно наративни шеми, со описот и интерпретацијата на појавитесогласно со, на пример, физичките закони и правила, се создава нов учебникарски дискурс што изгледа дека е покорисен за учениците бидејќи на тој начин тие полесно да ги разбираат комплицираните физички, хемиски и слични правила.

ЛИТЕРАТУРА

Austin J., *How to Do Things with Words*, London 1971.

Derrida J.,*Struktura, znak i gra w dyskursie nauk humanistycznych*, przeł. M. Adamczyk,
„Pamiętnik Literacki" 1986, z. 77/2, s. 251-267.

van Dijk T.*, Badania nad dyskursem,* w: *Dyskurs jako struktura i proces*, pod red. T. van
Dijka, Warszawa 2001, s. 9-44

- *Kontekstualizacja w dyskursie parlamentarnym. Aznar, Irak i pragmatyka kłamania*, in:
Krytyczna analiza dyskursu, Interdyscyplinarne podejście do komunikacji społecznej, red. A. Duszak, N. Fairclough, Kraków, 2008, s. 215-244.

Foucault M., *Porządek dyskursu*, Gdańsk 2002.

Jakobson R., *Poetyka w świetle językoznawstwa,* „Pamiętnik Literacki" 1960, 51/2. 431-473.

Kawka, M. *Dyskurs szkolny. Zagadnienia języka*, Kraków 1999.
- *Sześć dyskursów o języku*, Skopje 2012.
Laskowska E., *Dyskurs parlamentarny w ujęciu komunikacyjnym*, Bydgoszcz 2004.
Searle J., *Speech Acts. An Essay of the Philosophy of Language*, Cambridge 1979.

Учебници

(пол.)
Rozenbajgier M., R. Rozenbajgier, *Fizyka dla gimnazjum*. Część 2 i 3, Wydawnictwo ZamKor, Kraków 2001.
(мак.)
Гешоски С., Ф. Нонкуловски, *Физика. Седмо одделение на осумгодишното основно образование. Осмо одделение на деветтогодишното основно образован*ие, Скопје 2009.

81-116

Људмил СПАСОВ

СТРУКТУРАЛИСТИЧКА ЛИНГВИСТИКА
(еден мој поглед)

Апстракт: Во трудот е објаснет личниот поглед на авторот врз т.н. *структуралистичка лингвистика*, произлезен од неговото досегашно истражувачко искуство во повеќе области на лингвистиката: фонологијата, граматиката, историјата на јазикот, семантиката и др. Авторот во текот на својата работа се труди/се трудел секое негово истражување да произлезе од претходно усвоена теоретско-филозофска рамка. Затоа, со голем интерес, тој сака неговиот теоретски поглед да го сподели со другите.

Клучни зборови: личен поглед, структуралистичка лингвистика, јазичен знак, јазична употреба, поструктурализам, социолингвистика, етнолингвистика.

0. Од најстарите времиња, кога човекот почнал да мисли, го применувал поимструктра во својата дејност. Ова се гледа како од материјалните споменици, така и во пишуваните текстови што се дојдени до нас. Така, на пример, архитектониката на пирамидите, изградени од староегипетската цивилизација, покажува јасна форма на геометриското тело *пирамида*. Тоа значи дека денес мошне едноставно можеме да ја покажеме структурата на ваквите градби. Понатаму, ако ги земеме како пример фреските низ нашите манастири од најстаро време (12-13 в.), веднаш можеме да ја проучиме структурата на ликовите, односно да дојдеме до матрицата што се поставувала пред да се нацрта (живописа) конкретниот лик.

0.1 Да земеме како пример и една сегашна дефиниција на зборот *структура*, дефиницијата предадена во Вебстер:
Structure – Definition an More from the Merriam-Webster Dictionary: (**http://www.merriam-webster.com/dictionary/structure**, видено на: 21.12.2011):

Definition of *STRUCTURE*
1**:**
the action of building**:** construction

2
a **:** something (as a building) that is constructed *b* **:** something arranged in a definite pattern of organization <a rigid totalitarian *structure* — J. L. Hess> <leaves and other plant *structures*>
3**:**
manner of construction**:** makeup <Gothic in *structure*>
4
a **:** the arrangement of particles or parts in a substance or body <soil *structure*> <molecular *structure*> *b* **:** organization of parts as dominated by the general character of the whole <economic *structure*> <personality *structure*> *c* **:** coherent form or organization <tried to give some *structure* to the children's lives>

Во Речникот не постои антоним на зборот *структура,* што е очекувано. Според тоа, како антоним можеме да изведеме описна ознака на пр. *антиструктура*; или да се послужиме со метафора и да го објасниме значењето на антонимот преку зборот *хаос, растурање („растур“).*

0.2 Во современата лингвистика поимот *структура* се употребува како повеќезначен термин. Најчесто е поврзан со терминот *градба*, на пример, градба на реченицата, градба на зборот. Во оваа смисла, овој термин е синоним на терминот *систем*. Да ги споредиме често употребуваните изрази во различните лингвистички школи на 20 век: *излезна структура, длабока структура, површинска структура.*

0.2.1 Во првата половина на 20 век, делумно и во втората половина, хуманистичките науки (науките посветени на духовната дејност на човекот) се опфатени со структуралистичкиот пристап, при што *структурализмот* станува владејачки научен пристап за нив. *Структурализмот* претставува одговор на претходниот методолошки пристап во хуманистичките науки, кој го именуваме како *позитивизам*. Основното противставување меѓу младограматичарите (приврзаниците на позитивизмот во лингвистиката) и структуралистите лежи во фактот дека младограматичарите, правејќи историски и предисториски јазични реконструкции, ги немаат јасно формулирано принципите на системската анализа, не го дефинираат јасно поимот *систем*, иако системската анализа ја применуваат во практика.

0.2.1.1 Секој опис на нештата (*стварите*), сп. го на пр. поимот *стварност*, колку и да се труди да биде објективен, е личен (субјективен) од гледна точка на човекот. Ако природниот јазик претставува алатка на некој опис и преку тоа станува метајазик, тогаш не смееме да заборавиме дека природниот јазик е антропоцентристички, т.е. создаден е од човекот за потребите на човекот. Структуралистичкиот пристап овозможува описот да биде многу помалку личен, односно да се приближи кон

поголема објективност. Оттука, фасцинираноста на науката во 20 век со *структурализмот*.

0.2.1.2 Од своите почетоци науката се труди да дојде до основните појдовни точки, аргументи, аксиоми (сознанија), кои понатаму не се дефинираат. Секоја цивилизациска етапа во развојот на човештвото носи и дополнителни аксиоми, ги поправа старите, сè со цел да дојде до, односно да ги изнајде, основните аксиоми што се вградени во човековата цивилизација. Меѓутоа, овој процес, сам по себе, претставува *contradictio in adjecto*, бидејќи науката заедно со цивилизацијата се развива во континуитет, со тоа што постојат определени етапи во тој развиток, а во секое определено време постои и владејачки начин на гледање на светот.

0.2.2 Науката, во својата основа, се труди да биде објективна, односно да даде мислење прифатливо за сите можни култури. Јасно е дека науката, за да дојде до т.н. „структуралистичка филозофија“, т.е. до структуралистички пристап во описот на фактите, требало да мине низ позитивистичкиот пристап, односно преку објективниот опис на фактите.

0.3 Веќе кон крајот на векот, и денес, во 21 век, во научната мисла се јавува отпор и реакција, така што денес можеме да зборуваме за *постструктуралистичко (постмодернистичко) мислење*.

В. на пр.:
(http://www.wisegeek.com/what-is-post-structuralism.htm;
http://www.wisegeek.com/topics/postmodernism-theory.htm, 21.12.2011):
Post-structuralism is a modern philosophical school of thought. It grew out of, and in response to, the philosophy of structuralism, which many of the pivotal thinkers of post-structuralism were extremely critical of. Post-structuralism is one of the major driving forces in philosophy today, and is intricately connected with postmodernist thought.
Post-structuralism is importantly different from postmodernism, although the two are often considered one and the same by the general subject. Although there are certain areas of overlap, thinkers from one school almost never identify themselves with the other school of thought. Postmodernism importantly seeks to identify a contemporary state of the world, the period that is following the modernist period. Postmodernism seeks to identify a certain juncture, and to work within the new period. Post-structuralism, on the other hand, can be seen as a more explicitly critical view, aiming to deconstruct ideas of essentialism in various disciplines to allow for a more accurate discourse.

1.0 Поимот *структурализам* (*структурална лингвистика)* е многу посложен од поимот *структура* или *структуралистички методски пристап* во проучувањето на културата на човекот и на другите второстепени моделативни системи надградени врз природниот јазик.

Називот *структурализам* опфаќа различни теории и школи владејачки во лингвистиката во првата половина на 20 век. Почетоците на структурализмот лежат во филозофијата и во логиката на 18 век, односно во концепциите на Е. Боно де Кондијак (E. Bonnot de Condillac), иако елементи на структуралистичкиот приод гледаме и кај младограматичарите. Да се потсетиме дека „таткото на структурализмот", Фердинанд де Сосир, всушност излегува од младограматичарската школа. Како непосредни претходници на структурализмот се прифатени двајцата полски лингвисти, припадници на лингвистичката школа во Казањ, Јан Бодуен де Куртене (J. Baudoin de Courtenay) и Миколај Крушевски (M. Kruszewski)[1]. Бодуен де Куртене на јазикот гледа како на апстрактна формално-функционална структура, а не како на супстанцијална структура. Тој јасно го разделува синхронискиот од дијахронискиот пристап во лингвистичките истражувања при што синхронијата ја сфаќа како временска отсечка во дијахронијата. Подоцна, швајцарскиот научник Фердинанд де Сосир (Ferdinand de Saussure), професор на Универзитетот во Женева, во времето од 1906 до 1911 година, во своите предавања доследно ја изложува структуралистичката јазична теорија. Како што е познато, Сосир ја поставува дихотомијата на појавите поврзани со апстрактниот систем – *јазик (langue)* и *говор (langage)*, од една, наспроти *зборувањето (parole)* како конкретен и единствен процес на јазичното производство[2]. Јазикот (*langue*) се дефинира како *систем на знаци* при

[1] Со гордост сакам да истакнам дека македонскиот интелектуалец од крајот на 19 и почетокот на 20 век, Крсте Мисирков, е ученик и познајник на Бодуен де Куртене. Неговото влијание го гледаме на повеќе места во книгата на Мисирков „За македонцките работи", Софија, 1903. Влијанието го гледаме во пристапот при опишувањето на дијалектен наспрема литературен/стандарден јазик; во описот на јазичен центар наспроти јазична периферија; во описот на јазичната дијахронија како синхрониско рамниште во определена отсечка на времето и на други места. Особено е важно да се истакне дека дефиницијата на фонемата како функционална единица на гласовното рамниште, Мисирков ја презема од Куртене и, притоа, се повикува на неговите проучувања. Многу е важно, исто така, да се истакне дека Мисирков го прифаќа мислењето на најзначајните претставници на славистичката наука од неговото време: Бодуен де Куртене, Петар А. Лавров и Ватрослав Јагиќ, дека македонските дијалекти составуваат посебен дијасистем-јазик како одделен претставник на словенската фамилија на јазиците (Спасов 2006:26).

[2] Сп. ги француско-англиските термини: langue – language, tongue...; langage – language, speech, parlance; parole – word, speech, talk. Во македонската лингвистика често оваа дихотомија не се разјаснува докрај во лингвистичките трудови и не се преведува поимот langage. Ако го прифатиме ова толкување, тогаш поимот *јазик* го обопштуваме, па освен за природниот јазик зборуваме на пр. за јазик на сликарството, јазик на архитектурата, јазик на хемијата, јазик на математиката итн., што претставува семиолошки (семиотски) пристап. Природниот јазик (јазикот на човекот) како систем е означен со терминот *говор*, а неговото остварување (јазичното производство) е означено со терминот *зборување.*

што секој знак се наоѓа во опозициски однос со другите знаци. Токму од односот (релацијата) кон другите знаци, произлегува *вредноста* на секој знак. На пр., зборот *овца* се наоѓа во опозиција со зборот *овчо* (млеко, месо...). Вредноста и функцијата на знакот произлегува од неговото место во однос на организацијата на неговите односи (релации) со другите знаци.

1.1 Главна цел на структуралистичката лингвистика е обработката на теоријата на анализата на текстот за кој се смета дека претставува конечен јазичен производ. Токму анализата на текстот го покажува инвентарот (составот) на знаците, како и нивната функција и дистрибуција (распределба). Натамошната заслуга на структуралистите е егзактното (точното) дефинирање на многу лингвистички поими, како и објективизирање на истражувачкиот метод во лингвистиката. Структуралистите ја издвоија лингвистиката (науката за јазикот) како автономна наука.

1.2 Поимот *структуралистичка лингвистика* е многу посложен од поимот јазична структура или структурален методски пристап во проучувањето на јазикот. Во поимот структуралистичка лингвистика се содржани поимите:

- структуралистичка лингвистика во потесна смисла;
- функционална лингвистика;
- трансформативно-генеративна граматика;
- филозофија на симболичките форми на Е. Касирер (Ernst Cassirer 1985);
- семантика;
- стилистика.

Поимот структуралистичка лингвистика не ги содржи поимите:

- културолошка лингвистика;
- етно(лошка) лингвистика;
- социолингвистика.

1.2.1 За волја на вистината, треба да се објасни и дека поимот *структуралистичка лингвистика* се сфаќа пошироко во источниот свет (пред сè во поранешниот СССР и во повеќето школи под бившото советско влијание); таму како структуралистичка лингвистика се сфаќа сè што спаѓа во современата лингвистика, како и лингвистиката што доаѓа од западниот свет.

1.2.2 Во англиската/американската лингвистичка школа, поимот структуралистичка лингвистика ја означува, пред сè, лингвистиката поврзана со Прашката функционална школа, како и со Харвардската школа на Роман Јакобсон, додека трансформативно-генеративната граматика на Чомски се сфаќа како „американски“ одговор на европскиот

структурализам. Етнолингвистиката се смета, со право, за конкурентна на структурализмот, додека семантиката, исто така со право, се смета како толкување на значењата на длабинската јазична структура и како толкување на врските на овие значења со нивната структурализација (формализација) на површинската јазична структура.

1.2.3 Структурализмот во лингвистиката изврши револуција во начинот на мислењето и на проучувањето во сите науки поврзани со духовната дејност на човекот.[3]

1.2.4 Факт е дека лингвистичкиот структурализам ги отвори проучувањата на културата и на јазикот, сфатени како системи, чии елементи се наоѓаат во релација и се хиерархиски поставени. Нивната структура претставува сложен систем од системи што се наоѓаат во меѓусебен нужен однос и се хиерархиски поставени. Спореди го сфаќањето на Лотман:

„Svaki sistem koji služi ciljevima komunikacije između dve ili više individua može se odrediti kao jezik (kako sme već istakli, slučaj autokomunikacije podrazumeva da se jedna individua pojavljuje u svojstvu dveju). Određenje, koje se često susreće, da jezik podrazumeva komunikaciju *u ljudskom društvu*, strogo govoreći, nije obavezno, jer, s jedne strane, jezičko opštenje među čovekom i među mašinama samim nije u današnje vreme više teorijski problem, nego tehnička realnost. S druge strane, postojanje izvesnih

---

[3] Спореди ги методолошките дискусии во однос на прашањето дали лингвистиката е наука или вештина:
„Scientific linguists have long understood that ability to speak a language fluently does not necessarily confer a linguistic knowledge of it, that is, an understanding of its background phenomena and its systematic processes and structure, any more than ability to play a good game of billiards confers or requires any knowledge of the laws of mechanics that operate upon the billiard table.
The situation here is not unlike that in any other field of science. All real scientists have their eyes primarily on background phenomena that cut very little ice, as such, in our daily lives; yet their studies have a way of bringing out a close relation between these unsuspected realms of fact and such decidedly foreground activities as transporting goods, preparing food, treating the sick, or growing potatoes, which in time may become very much modified, simply because of pure scientific investigation in no way concerned with these brute matters themselves“, Бенџамин Ли Ворф (Benjamin Lee Whorf),
(http://www.lcc.gatech.edu/~herrington/classes/6320f01/whorf.html, 21.12.2011)
„However, you may find it hard to answer people who ask you, 'What exactly is linguistics, and what do linguists do?' They might assume that it means that you are multilingual. And you may, in fact, be a polyglot, but that's not what this (...) is about. Linguistics is, broadly, the scientific study of language, and many topics are studied under this umbrella. (...) (Yes, linguistics is a science!)“, Linguistic Society of America, http://www.lsadc.org/info/ling-faqs-whymajor.cfm
Coleman M., Douglas, 2001: „Is Linguistcs a Science“, *American Speech*, Vol. 76, Number 2, Summer 2001.

oblika jezičkog opštenja u životinjskom svetu isto tako se više ne dovodi u sumnju. Nasuprot tome, sistemi komunikacija *unutar* individue (na primer, mehanizmi biohemijskog regulisanja ili signala koji se predaju putem mreže nerava u organizmu) ne čine jezike. “ (Лотман 1976:38-39).

1.2.4 Наспроти структурализмот, *постструктурализмот* објаснува дека културата и јазикот се системи на елементи што може или не мора да бидат во однос (релација) и може и не мора да бидат хиерархиски поставени. Или: сложен систем од системи, кои може и не мора да бидат во меѓусебен однос, односно може и не мора да бидат хиерархизирани.

2.0 Како што се кажа претходно, револуцијата во современата лингвистиката (лингвистиката на 20 век) почнува со книгата „Курс по општа лингвистика“ од Фердинанд де Сосир (Ferdinand de Saussure, 1857-1913)[4]. За првпат во науката за јазикот поимите *структура, систем, релација (однос)* се поставени во рамките на една теорија и се меѓусебно поврзани. Во теоријата е воспоставена хиерархија меѓу јазичните рамништа: гласовно (фонетско-фонолошко), морфолошко; потоа се дефинира основната функционална јазична единица – гласот (фонемата) и се воспоставува нејзиниот однос кон повисоките јазични единици – морфемата и понатаму – синтактемата. Се објаснува односот јазичен *дијасистем*, како и односот на помалите системи кон поголемиот систем. Со ова, всушност, се одговара на младограматичарската генеаолошка теорија за развојот на јазиците. За првпат се воведува разгледување на јазичната типологија (типологизирање на јазичните структури) и преку тоа се одговара на младограматичарската теорија за јазичните бранови.

2.1 *Јазичниот знак* се дефинира како арбитрарен (договорен, конвенционален), односно условен, а односите меѓу знаците се определуваат на синтагматски и на парадигматски план. По излегувањето на *Курсот*... во науката се има развиено долга дискусија за природата на јазичниот знак за која може да се каже дека сè уште трае. Оваа дискусија има доведено до разликување меѓу поимите *конвенционалност* на знакот и *арбитрарност* на знакот. Општоприфатено е дека знакот е конвенционален, т.е. не е мотивиран во однос на поимот, но јазичниот

[4] Во времето од 1906 до 1913, Де Сосир во своите предавања од општа лингвистика ја претстави новата јазична теорија, надоврзувајќи се врз концепциите на Казањската лингвистичка школа и на американскиот лингвист В. Д. Витни (W. D. Whitney). Важно е да се истакне дека теоријата на Сосир е дојдена посредно до нас преку записите на неговите пријатели и ученици Ш. Бали (Ch. Bally), А. Сеше (A. Sechehay) и А. Ридлингер (A. Riedlinger), кои, врз основа на белешките од предавањата, ја издадоа книгата Cours de linguistique générale, 1916.

знак е неарбитрарен во однос на заедницата што се служи со него, така што неговата договореност оневозможува арбитрарна замена на еден знак со друг. Оттука произлегува дека самиот јазик има конвенционален (договорен) карактер. Следен проблем, поврзан со дефиницијата на знакот, е прашањето дали како знак треба да се признае само *икс* во релација на означување или, исто така, *икс*, како и *ипсилон* поврзан со самата релација што ги поврзува нив. На пр. ако го земеме зборот *стоп* (икс), кој го означува сообраќајниот знак *стоп* како предмет (*ипсилон)*, се поставува прашањето дали меѓу зборот *стоп* и сообраќајниот знак *стоп* постои непосредна врска или, пак, и зборот и сообраќајниот знак се поврзани со поимот *стоп*, што во овој случај ќе биде *ипсилон.* Ако го прифатиме првиот пристап, тогаш знакот ќе го сфатиме како билатерален меѓу означувачот, сигнанс (зборот *стоп)* и означеното, сигнатум (сообраќајниот знак *стоп*).

3.0 Сосир тргнува од психологијата на човекот, оттаму како излезна точка, неговата теорија ја има психолошката теорија за јазикот, односно истражувањето на начинот на мислењето на човекот и на создавањето (производството) на јазикот, па затоа се смета за еден од обновувачите на женевската психолошки ориентирана лингвистика. Нејзина најважна заслуга е истакнувањето на фактот дека јазикот претставува антропоцентристички систем: го одразува начинот на мислењето и погледот на светот на човекот. Ваквото гледиште е покажано во научниот зборник објавен во 1913 година – *Journal de psychologie*. Интересно е да се спомене дека во овој Зборник учествуваат повеќе лингвисти, кои подоцна формираат свои школи. Така, на пример, Е. Сапир ја проучува психолошката стварност на фонемата, додека, од друга страна, Трубецкој и Јакобсон ја даваат „класичната“ дефиниција на фонемата. Да се потсетиме дека од сосировска гледна точка, говорот не содржи историска димензија и тој е синхронија и структура и функционира според својата симболичка природа. *Времето* не е фактор на еволуцијата, туку само нејзина рамка.

3.1 Многу е важно да се истакне дека Женевската школа го отвора патот на типолошките истражувања на јазиците, со што се прошируваат хоризонтите на лингвистиката. Јазичните истражувања во 20 в. го надминуваат индоевропскиот тип на јазикот како предмет на истражување и почнуваат да се занимаваат со т.н. егзотични јазици. Тогаш, се сфаќа дека „стариот“, традиционален метод на описот не е достатен да ги опише, на пример, американските индијански јазици.

3.2. Теоријата на Сосир предизвикува револуција во науките посветени на човекот и структуралистичкиот пристап станува основен во проучувањето, на пример, на литературата, односно таа се истражува како

систем. Се менува методското стојалиште кон предметот на проучувањето на лингвистиката, така што тоа може да се објасни како настојување методот да прифати формален опис(и) секаде каде (с)е применлив(и).

3.2.1 Истражувањето на литературата како систем, односно системскиот пристап кон уметничкиот текст, најдобро се гледа во проучувањата на Јуриј М. Лотман, естонско-руски научник од еврејско потекло, „татко“ на семиотичката школа на Универзитетот во Тарту, Естонија. Според овие проучувања, уметничкиот текст, како и уметноста воопшто, се надградени второстепени моделативни системи над јазичниот систем на природниот јазик. Сп.:

„Jezička umetnost počinje od pokušaja da se prevlada osnovno svojstvo reči kao jezičkog znaka – nemotivisana veza između plana izraza i plana sadržaja – i izgradi jezički umetnički model, kao u likovnim umetnostima, na ikoničnom principu. To nije slučajno i organski je povezano sa sudbinom znakova u istoriji ljudske kulture“ (Лотман 1976:94).

3.2.2 Една од насоките во развојот на Женевската школа е и разраснувањето на париската антропоцентристичка лингвистичка школа на Емил Бенвенист. Како пример на ваквиот пристап може да се истакне неговата студија за природата на заменките за првпат објавена во зборник посветен на Роман Јакобсон, 1956 година (*Priroda zamenica*, Benvenist 1975: 192-7).

Еве еден карактеристичен извадок:

„Izvesni jezici pokazuju očigledno da je ’treće lice‘ zaista ’ne-lice‘. Da uzmemo jedan primer među mnoštvom drugih: evo kako se ukazuju zamenički posesivni prefiksi u dva niza (otprilike otuđivo i neotuđivo) jezija Yuma (Kalifornija): 1. lice ?-, ? any- 2. lice m-, man-; 3. lice nula, ny. Referenca lica je nulta referencija izvan relacije *ja/ti*. U drugim jezicima (a posebno indo-evropskim) pravilnost formalne strukture i izvesne simetrije čije je poreklo sekundarno stvaraju utisak tri koorinirana lica. To je posebno slučaj sa modernim jezicima sa obaveznom zamenicom, gde *on* izgleda na ravnoj nozi sa *ja* i *ti*, kao član paradigme sa tri termina. Isto je tako i sa promenom sadašnjeg vremena u indo-evropskim: *-mi, -si, -ti.* U stvari, ta simetrija je samo formalna. Ono što treba smatrati osobenom oznakom ’trećeg lica‘ jeste njegovo svojstvo: 1° da se slaže sa svakom referencom predmeta; 2° da nikad nije refleksivno prema instanci besede; 3° da ima katkad prilično velik broj zameničkih ili pokaznih varijanata; 4° da nije kompatibilno sa paradigmom referencijalnih termina, kao što su *ovde, sad,* itd.“ (Бенвенист 1975: 197).

3.2.3 Општо земено, може да се каже дека структуралистичката школа почната со Сосир, во 20 в. доведе до создавање на точни (егзактни) описи на природните јазици; се создадоа современи граматики на јазиците, т.н. описни (дескриптивни) и нормативни граматики. Негативната страна

на овој пристап е неговата нагласена формализација и неземањето предвид, барем на почетокот, на односот форма ~ содржина, односно јазичниот знак ~ јазичната содржина на знакот, концептуалната (поимската) содржина на знакот.

Културолошката заднина на структуралистичкиот приод во граматичкиот опис, односно создавањето граматики на националните (литературните, стандардните) јазици лежи во фактот дека по Првата светска војна во Европа се создадоа поголем број на современи држави и нации, како нивни носители. Современите држави во Европа особено внимание посветуваат на јазичната култура, односно на културата на јазикот.

3.2.3.1 Во денешно време, во рамките на демократизацијата на општествата како владејачка тенденција во Европа, се разви уште една дисциплина во рамките на културата на јазикот – еко (лошка) лингвистиката.

Сп.:

„Ecolinguists criticize language on the levels of langue and parole and point out unecological language uses and ’anthropocentrisms‘ which represent nature from the point of view of its usefulness for humans. In a wider understanding, the ’growthism‘, ’sexism‘, ’classism‘ and ’anthropocentrism‘ inherent in many languages and language uses are criticized“ (Fill, Alwin: *Ecolinguistics*, http://www-gewi.uni-graz.at/ecoling/, 21.12.2011).

3.3 Напоредно со/од школата на Сосир, во Европа, се создадоа две школи:

- функционалистичка; и
- семантичка школа,

а во САД:

- етнолингвистичка;
- социолингвистичка.

Оттука терминот „структуралистичка лингвистика“ добива мошне различни толкувања, така што дури и методите што произлегуваат од нив немаат иста смисла и содржина.

3.4 И покрај различноста на школите и на нивниот методски приод, она што ги обединува структуралистите е стремежот да ги систематизираат своите научни постапки, изборот на исти или на слични теми на проучување, како и поставувањето на трите основни прашања:

1. Што е задачата на лингвистот и што треба да се разбере под поимот *јазик*?;

2. Како да се опише тој предмет? Овде како главна задача се поставува изработката на научната техника;

3. Постепено отворање на проблемот на *јазичното значење*.

4.0 Во Република Чехословачка, меѓу двете светски војни, се развива т.н. Прашка школа (функционална школа) и се создава теоријата за функционалните стилови на јазикот и за нивната примена во дидактичката практика, како и теоријата за начините на стандардизацијата на општонародниот јазик. Принципите на оваа школа стануваат појдовни во стандардизацијата на многу јазици во Европа по Првата светска војна.

Сп. ги следниве цитати:

„The Prague Linguistic Circle or "Prague school" (Czech: Pražský lingvistický kroužek, Russian: Пражский лингвистический кружок Pražskij lingvističeskij kružek, French: Cercle linguistique de Prague) was an influential group of literary critics and linguists in Prague. Its proponents developed methods of structuralist literary analysis during the years 1928–1939. It has had significant continuing influence on linguistics and semiotics. After World War II, the circle was disbanded but the Prague School continued as a major force in linguistic functionalism (distinct from the Copenhagen school or English Firthian — later Hallidean — linguistics). American scholar Dell Hymes cites his 1962 paper, "The Ethnography of Speaking," as the formal introduction of Prague functionalism to American linguistic anthropology (see Hymes, "Prague Functionalism," American Anthropologist, 84, 2, p. 398).

The Prague linguistic circle included Russian émigrés such as Roman Jakobson, Nikolai Trubetzkoy, and Sergei Karcevskiy, as well as the famous Czech literary scholars René Wellek and Jan Mukařovský. The instigator of the circle and its first president was the eminent Czech linguist Vilém Mathesius (President of PLC until his death in 1945). (http://www.praguelinguistics.org/, видено на: 21.12.20011).

4.1 Прашката (функционалната) лингвистика оперира со термините *јазичен центар ~ јазична периферија*. Она што е важно за еден јазичен дијасистем и претставува центар за него, во друг дијасистем може да биде дел од јазичната периферија. На пр. морфолошката улога на акцентот во македонскиот јазик, од гледна точка на стандардот, претставува појава од јазичната периферија, додека морфолошката улога на акцентот, од гледна точка на бугарскиот јазичен стандард, претставува појава од јазичниот центар. Прашката школа, до најситните детали, ги разработува функционалните јазични стилови, тргнувајќи, пред сè, од чешката јазична ситуација, каде што постојат три „дијалекти“: дијалектен/интердијалектен јазик (*obecná čeština*), разговорен (општонароден) чешки јазик (*hovorová čeština*) и стандарден чешки јазик (*spisovná čeština*).

Прашката школа го развива и описот на уметничкиот метајазик, односно описот на јазикот на уметничкото дело, благодарение, пред сè, на Р. О. Јакобсон, претходно еден од најактивните учесници во т.н.

Московски литературен круг, кој подоцна преминува во Прага. Подоцна, во налетот на Хитлеровата окупација, Р. Јакобсон емигрира во САД, каде што, на Универзитетот во Харвард, ја продолжува и натаму ја развива својата школа.

5.0 Структуралистичкиот пристап отворил можност за различни типови на описот, како и за различни типови на формализацијата, при што предметот на описот се префрлува на културата во поширока смисла на поимот. Во културата, како и во јазикот, постои множество на симболи, чии меѓуодноси (релации) можат да се дефинираат. Да се потсетиме на научниот апарат на описот на културата што го има развиено К. Леви-Строс. Тој ги истражува особеностите на симболите и на симболичките форми. Неговото истражување се темели на теоретските поставки на Пејрс (Peirce), таткото на семиотскиот (семиолошкиот) пристап во хуманистичките истражувања.

6.0 Во Данска, Л. Хјелмслев (Louis Hjelmslev, 1899-1965) го развива Копенхагенскиот лингвистички круг под име „глосематика“. Неговиот научен приод претставува конструкција на логичкиот „модел“ на јазикот и корпус на дефиниции како инструмент на истражување на лингвистичкиот универзум. И тој тргнува од концептот на знакот, од неговиот израз и содржина, поставени на два корелативни плана, од кои секој има една „форма“ и една „супстанција“. Хјелмслев го отвора патот на лингвистиката кон логиката. Овде треба особено да се истакне и теоретскиот пристап на Ј. Курилович (Jerzy Kuryłowicz, 1895-1978), полски лингвист. Изградувајќи го јазикот на лингвистичкиот опис, логичкиот пристап го отфрла природниот јазик, бидејќи тој е двосмислен, несигурен и колеблив и затоа се создава лингвистички метајазик базиран врз принципите на природната логика. Подоцна, во текот на 20 век, се применува и металогичкиот пристап во проучувањето на природниот јазик и неговите функционални стилови. В., на пример, Маркус 1974.

Хјелмслев го сфаќа јазикот како систем од знаци и, во таа смисла, го исфрла рамништето на гласовите, зашто тоа не се поврзува со значењето. Поради апстрактноста и неразбирливоста во периодот на нејзиното активно дејствување (50-тите и 60-тите години на 20 в.), школата на Хјелмслев нема посилно директно влијание. Тргнувајќи од длабинската структура на јазикот, Хјелмслев ја отвора лингвистиката кон математичката логика, кон теоријата на комбинациите и кон теоријата на веројатноста.

7.0 Се поставува прашањето дали е човекот роден да комуницира со природен јазик, или: природниот јазик е општествен феномен. Ако е роден да комуницира со природен јазик, тогаш во нашиот мозок е вградена „програма“ (софтвер). Таа треба да се активира, а се активира со

помош на општеството. Ако е така, истовремено постои и универзален јазик, јазик-систем, сеопфатен систем од знаци, соодветно програмиран во длабинската структура. На површинската структура тој се активира како систем на различни формални, структурни системи, односно природни јазици.

Ваквиот научен пристап довел до стремеж за изнаоѓање на јазичните универзалии, како и на основните значења (*semantic primitives*).

Сп.: „Semantic primes means the suggestion that we have as part of our inherited human faculties a basic set of innate 'concepts', or perhaps more precisely, a non-conscious propensity and eagerness to acquire those concepts and encode them in sound-forms (words). The words that those concepts become encoded in what is called **semantic primes**, or alternatively, semantic primitives — 'semantic' because linguists have assigned that word in reference to the meaning of words (=linguistic symbols). Words that qualify as semantic primes need no definition in terms of other words. In that sense, they remain undefinable. We know their meaning without having to define them. They allow us to construct other words defined *by* them. If you read linguist Anna Wierzbicka's book, *Semantics: Primes and Universals* (Wierzbicka, 1996), you will find this argument, grounded in biologically plausible hypotheses and experimental observations“
(http://en.wikipedia.org/wiki/Semantic_primes, 21.12.2011)

7.1 Во таа насока, отпочнато е проучувањето на т.н. „егзотични“ јазици со цел да се потврдат јазичните универзалии.

Доаѓа до поврзување на филозофијата со лингвистиката и, во таа смисла, се истакнува варшавско-лавовската школа, каде што се развиваат логичката теорија за објаснување на јазичните универзалии и теоријата за јазикот како одраз на спознанието на светот. Станува збор за периодот меѓу дваесеттите и четириесеттите години на 20 в. Еден од најпознатите претставници на оваа школа е К. Ајдукјевич.

В.: „Kazimierz Ajdukiewicz (December 12, 1890, Ternopil, Galicia – April 12, 1963, Warsaw, Poland) was a Polish philosopher and logician. He originated many novel ideas in semiotics, including the ’categorial grammar‘ used by many formal linguists. Ajdukiewicz fields of research were scientific methodology and logical theory of science“,
http://en.wikipedia.org/wiki/Kazimierz_Ajdukiewicz, 21.12.2011).

Ајдукјевич ги поставува основите на логичкото објаснување на јазикот. Тој тргнува од поимот *интенција*, кој постои во длабинската структура, што значи дека може да се искаже на повеќе начини на површинската структура. За разлика од класичната (природната) логика, која се темели на екстензионално разбраното значење, интенционалната логика се труди да ја разбере и да ја објасни интенционалната гледна точка

на значењето. Лингвистите се занимаваат со интенционалната логика како дел од семантичката граматика[5].

Јазикот и погледот на светот се условени и од надворешнојазичните фактори, кои лингвистичката семантика не ги зема предвид. Станува збор за јазични конвенции, кои произлегуваат од културолошките модели. Појавите поврзани со јазикот, сознанијата (когницијата) и нивното остварување (реализација) во светот на човекот се проучувани на филозофски начин. Оттука, во рамките на европската филозофска школа/школи се развива *феноменологијата*[6].

8. Јазикот се проучува во сите функции. Она што семантичкиот пристап, по дефиниција, не го зема предвид е јазичното производство, поим што можеме да го поврземе со функциите на јазикот, меѓу кои, покрај основната (разбирањето), се издвојуваат и други. Една од нив е естетската функција на јазикот, проучувана особено од Бенедето Кроче (Benedetto Croce, 1866-1952) и неговата естетичка школа[7].

9. Лингвистиката во САД во првата половина на 20 в., исто како и европската, може да се опфати со терминот *структуралистичка*. Меѓутоа, голема е разликата меѓу теоретските поставки што поизлегуваат од *Курсот по општа лингвистика* (1916) на Сосир и теоретските поставки

---

[5] В.: „The two phrases, 'morning star' and 'evening star' may designate the same object, but they do not have the same meaning. Meanings, in this sense, are often callled *intensions*, and things designated, *extensions*. Contexts in which extension is all that matters are, naturally, called *extensional*, while contexts in which extension is not enough are *intensional*. Mathematics is typically extensional throughout—we happily write '3 + 2 = 2 + 3' even though the two terms involved may differ in meaning (more about this later). 'It is known that…' is a typical intensional context—'it is known that 3 + 2 = 2 + 3' may not be correct when the knowledge of small children is involved. Thus mathematical pedagogy differs from mathematics proper. Other examples of intensional contexts are 'it is believed that…', 'it is necessary that…', 'it is informative that…', 'it is said that…', 'it is astonishing that…', and so on. Typically a context that is intensional can be recognized by a failure of the substitutivity of equality when naively applied", Fitting, Melvin 2007: *Intensional logic*, http://plato.stanford.edu/entries/logic-intensional, 21.12.2011)

[6] В.: „Phenomenology is the study of structures of consciousness as experienced from the first-person point of view. The central structure of an experience is its intentionality, its being directed toward something, as it is an experience of or about some object. An experience is directed toward an object by virtue of its content or meaning (which represents the object) together with appropriate enabling conditions. (http://plato.stanford.edu/entries/phenomenology, 21.12.2011) .

[7] Сп.: „Italian critic, philosopher, politician, historian. Croce deeply influenced aesthetic thought in the first half of the 20th century, including Robin C. Collingwood's *Principles of Art* (1934) and John Dewey's *Art as Experience* (1934), although in the latter the philosophical background is totally different. Croce's main thesis was that art is intuition. His best-known work in the English-speaking world is *Aesthetic as Science of Expression and General Linguistic* (1902)", (http://kirjasto.sci.fi/croce.htm, 21.12.2011).

што произлегуваат од делото *Language* (1933) на Леонард Блумфилд (Leonard Bloomfield, 1887-1949), татко на современата американска лингвистика[8]. Блумфилд тргнува од фактот дека лингвистичката анализа мора да биде научна, а за да биде научна мора да се апстрахира (издели) од значењето и да се занимава со дефиницијата (определувањето) и дистрибуцијата (распределбата) на елементите (единиците). Поради ова, некои научници, опишувајќи го методот на Блумфилд, зборуваат за *дистрибуционализам,* односно за *дистрибуционалистичка анализа* на јазичните елементи. Ова значи дека односот меѓу формата и смислата (внатрешната логичка содржина на стварта)/значењето, практички се сведува на односот меѓу лингвистичкиот израз и ситуацијата (терминологија на *бихевиористичката* доктрина). Смислата (*meaning*) на една лингвистичка форма се објаснува како однос меѓу *ситуацијата*, кажана преку зборувањето, и *одговорот* создаден кај слушателот од таа ситуација. На пр. ако зборувачот го каже зборот „маса“, тогаш кај соговорникот (слушателот) се повикува поимот „маса“ од неговата меморија, создадена од неговата слика на светот (онтолошки познавања). Оттука следува дека основна разлика меѓу европската лингвистичка мисла и американската лингвистичка мисла е во практицизмот на американската. Овој практицистички приод развива две школи познати како *социолингвистика* и *етнолингвистика*.

10. Еден од најпознатите претставници на современата социолингвистика во САД е Џошуа Фишман (Joshua Fishman, 1926-2015)[9]. Џ. Фишман, меѓу другото, ја проучува употребата, префрлањето од код на код/од јазик на јазик, кај зборувачите на англискиот наспрема шпанскиот и американскиот шпански кај доселеното население со шпански појдовен јазик, но и кај домородното и кај новодојденото хиспаноамериканско население во Калифорнија. Целта на овие проучувања е многу практична: да се дојде до заклучоци за тоа на кои јазични системи треба да им се

---

[8] В. „Bloomfield eventually became more interested in the description of languages, and how they pertained to science. When he got into this aspect of language, he wrote his masterpiece *Language*. It dealt with a standard text and had a tremendous influence on other linguists. Until very recently, most United States linguists considered themselves in some sense as Bloomfield's disciples, whether they actually studied under him or not, and a great deal of American linguistic work has taken the form of working out questions raised and methods suggested by Bloomfield“, (http://www.mnsu.edu/emuseum/information/biography/abcde/bloomfield_leonard.html, 21.12.2011).

[9] „Joshua Aaron Fishman, (born July 18, 1926) is an American linguist who specializes in the sociology of language, language planning, bilingual education, and language and ethnicity“, (http://en.wikipedia.org/wiki/Joshua_Fishman; http://www.joshuaafishman.com/, 21.12.2011).

посвети внимание од гледна точка на јазичната политика, т.е. кои јазици треба да се издигнат како јазици на општа комуникација и преку тоа да станат предмет на јазичното планирање.

10.1 Меѓу двете светски војни особено се проучуваат јазиците на домородните Американци. Од ваквите проучувања се развива етнолингвистиката, која може да се поврзе со нашето сфаќање на дијалектологијата, но и со социолингвистиката. Задачата на етнолингвистиката е да даде и опис на еден јазичен систем, како и да ги утврди местото и начинот на неговата употреба. Еден од најистакнатите претставници на современата лингвистичка антропологија/етнолингвистика е Дел Хајмс (Dell Hymes, 1927-2009)[10].

11. Да резимираме:

1. Структуралистичката лингвистика, како наследничка на позитивистичкиот пристап (младограматичарска лингвистика), го проучува природниот јазик како средство за комуникација, но и како универзален систем за комуникација на човекот (*parole-langage-langue*);

2. Врз системот на природниот јазик се надградени повеќе други моделативни системи, кои заеднички ја сочинуваат духовната култура на човекот. Оттука, можеме да ги употребиме синтагмите „јазик на архитектурата“, „јазик на сликарството“, „јазик на македонската народна поезија“, „јазик на облекувањето“, „јазик на симболите“ итн.;

3. Како последица на научната глобализација можеме слободно да истакнеме дека денес не постои само еден научен центар од каде што идат идеите туку малите и големите лингвистички центри вршат различни проучувања, најчесто приспособени кон потребите на дадената средина. Затоа, со внимание треба да се следи литературата што излегува и од центрите со помал број зборувачи, но, исто така, голем дел од трудовите настаните во „малите“ центри се издаваат и на англиски или на некој друг од светските јазици;

4. Современата лингвистика денес не можеме да ја подведеме под заеднички именител во поглед на темите и на методите, но можеме да кажеме дека денес научниците се занимаваат со формата (површинската структура на јазикот); семантиката (длабинската структура на јазикот); јазичната синхронија; јазичната дијахронија; јазичната прагматика; јазикот и културата на човекот.

---

[10] В. „Dell Hathaway Hymes (June 7, 1927, Portland, Oregon - November 13, 2009, Charlottesville, Virginia) was a sociolinguist, anthropologist, and folklorist whose work dealt primarily with languages of the Pacific Northwest. He was one of the first to call the fourth subfield of anthropology ’linguistic anthropology‘ instead of ’anthropological linguistics http://en.wikipedia.org/wiki/Dell_Hymes, видено на: 21.12.2011).

11.1 Метаконцепт:

Лингвистиката, како, впрочем, и целата наука, должна е да бара научни провокации и, во таа смисла, таа мора да биде *слободна*, но истовремено има потреба од зрело интелектуално општество, кое ќе ја прифати без предрасуди.

ЛИТЕРАТУРА

Ајдукјевич, Казимјеж 1985 (т. I, II) – Ajdukiewicz, Kazimierz, 1985: Język i poznanie (I, II). Państwowe wydawnictwo naukowe: Warszawa.
Бенвенист, Емил, 1975 – Benvenist, Emil, 1975: Problemi opšte lingvistike. Nolit: Beograd.
Гилјен, Клаудио – Giljen, Klaudio: Književnost kao sistem. Nolit: Beograd.
Готесман, Деб и Буз Мауро, 2006 – Gottesman, Deb, Buzz Mauro, 2006: Umijeće javnog nastupa. Naklada Jesenski i Turk: Zagreb.
Дикро, Освалд, Цветан Тодоров, 1994: Енциклопедиски речник на науките за јазикот, т. 1, 2. Скопје: Детска радост.
Еко, Умберто, 1973 - Eko, Umberto, 1973: Kultura informacija komunikacija. Nolit: Beograd.
Касирер, Ернст, 1985 – Kasirer, Ernst, 1985: Filozofija simboličkih oblika, treći deo: Fenomenologija saznanja. Dnevnik, Književna zajednica Novog sada: Novi sad.
Кристал, Дејвид, 1988 – Kristal, Dejvid, 1988: Enciklopedijski rečnik moderne lingvsitike. Nolit: Beograd.
Лотман, Јурij М., 1976 – Lotman, J. M., 1976: Struktura umetničkog teksta. Nolit: Beograd.
Маркјевич, Хенрик, 1974 – Markjevič, Henrik: Nauka o književnosti. Nolit: Beograd.
Маркус, Соломон, 1974 – Markus, Solomon, 1974: Matematička poetika. Nolit: Beograd.
Мартине, Андре, 1982 – Martinet, André, 1982: Osnove opće lingvistike. GZH: Zagreb.
Полањски, Казимјеж (ред.), 1993 – Polański, Kazimierz (red.), 1993: Encyklopedia językoznawstwa odólnego. Zakład Narodowy imienia Ossolińskich: Wrocław – Warszawa – Kraków.
Серебреников, Б. А. (ред.), 1970 – Среребренников, Б. А., 1970: Общее языкознание. Издательство „Наука“: Москва.
Симеон, Рикард, 1969 (т. I, II) – Simeon, Rikard, 1969: Enciklopedijski rječnik lingvističkih naziva (t. I, II). Matica Hrvatska: Zagreb.
Сосир, Фердинанд де, 1969 – Sosir, Fedinand de, 1969: Opšta lingvistika. Nolit: Beograd.
Спасов, Љ., 2006: Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик/ Бојата на јазикот. Култура: Скопје

811.163.3

Снежана ВЕЛКОВСКА

ИСТОРИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Во рефератот се расправа за семантичките аспекти на историзмите во македонскиот јазик и нивниот третман во лексикологијата и лексикографијата. Историзмите се одраз на едно минато време. Одделно се разгледуваат начините на враќањето на некои изторизми во активниот речник на лексичко и на фразеолошко ниво.
Материјалот е анализиран врз основа на историзмите во Толковниот речник на македонскиот јазик.

Клучни зборови: историзам, семантички промени, полисемија, метафоризација, историски егзотизми.

Вообичаената дефиниција за ***историзам*** е дека се тоа зборови што означуваат појави или предмети, професии, функции на лица што не се застапени во современиот живот. Дефиницијата за историзам варира кај одредени автори по прашањето што сè опфаќаат ваквите зборови и околу степенот на нивната застареност.[1] Тоа се зборови излезени од употреба, кои денеска се заменети со наполно нови зборови. Историзмите се одраз на едно минато време. Тоа се всушност еден вид егзотизми, би рекле историски егзотизми. Историзмите се секогаш полнозначни зборови. Тие немаат синоними. Најеклатантен пример се турцизмите од воено - административниот стил за време на турското владеење на Балканот. Со заминувањето во историјата на Отоманската Империја и целокупната лексика од турската војска и администрација заминува во историјата. Се разбира, не само турцизми може да бидат историзми. Историзми се сите оние лексеми што означуваат реалии од едно друго време, денотати што веќе не постојат.

Оваа дефиниција се наоѓа во сите лексикологии, не само кај нас туку и воопшто во другите лингвистички средини. Најновата литература, а и спроведената анализа на материјалот од ТРМЈ покажува дека оваа дефиниција бара извесни измени и доуточнувања. Споменатата дефиниција понатаму вели дека некои од историзмите може да бидат употребени, главно во негативна

[1] в. Користена литература.

конотација (Маслов 1987) и во современиот лексикон, но не кажува кои историзми и под какви услови, во кои ситуации. Историзмите се употребуваат кога се зборува за минатите времиња, во литературата што одразува некое минато време или во таканаречен, музејски контекст (Маслов 1987).

Кај историзмите се поставува уште едно прашање, исто како и кај неологизмите. Тоа е факторот време. Значи, има многу прашања на кои треба да се одговори.

Лексиката прецизно го одразува животот во сите сфери. Прашањето е колку науката успева да го следи брзото темпо на промените што секојдневно се случуваат во сферата на лексиката. Во Толковниот речник на македонскиот јазик (ТРМЈ) одбележани се околу 400 историзми и деривати изведени од нив. Ако се држиме прецизно до дадената дефиниција за историзам, излегува дека многу од историзмите не се одбележани како такви не само во нашиот речник туку и во речниците на соседните народи. Од друга страна, во ТРМЈ и не се внесени сите историзми што ги има во картотеката од јасна причина, да се остави повеќе простор за современата, актуелна лексика. Неспорно е дека ваквиот тип зборови заслужуваат посебен третман во соодветно лексикографско издание.

Историзмите најчесто се некогашни:

1. Титули, чинови, звања и сл.: На пр.: *бан,* бег*, болјар, везир, велик везир, велможа, ґубернатор, беґлербеґ, бимбашија, валија, кнез, цар, поручник, хан, јункер, заптија, копјеносец, жупан, деспот, делибаша, улан, центурија* (**1.** Војнички одред од сто луѓе во стариот Рим. **2.** Група граѓани поделени според имотниот цензус во стариот Рим), *центурион*, и др.

2. Занимања: *калпакчија* лице што изработува калпаци, *казанџија* (но и: *вилар* - тој што изработува вили, *валавичар*, *воденичар* и др.).

3. Припадници на воени или паравоени единици или организации: *белоґардеец, врховист, еґзархист, есесовец, јакобинец, јункер, крстоносец, усташ, четник* и др.

4. Парични единици: *аспра, алтан, ґрош ґрош, наполеон, алтан, наполеон, меџидија, талир, форинт* и др.

5. Оружје: *боздоґан, копје, малихера*, *копје, палиса́да, рапир* (Меч со двострано сечило и со шилест врв.) и др.

6. Даноци: арач, беглик, (**4.** Данок на добиток во Турското Царство) *винарина* (Данок или такса за вино што во времето на Турското Царство се плаќал за произведеното вино, а се плаќал со вино), *десеток* (данок во натура, десетти дел.); *кулук* (вид данок; работна обврска на селаните кон феудалниот господар или спахија.); *тлака* (**2.** Данок, кулук); *тулум* (2. данок за вино), но и **собирачи на данок:** *арачлија, беґликчија* и др.

7. Мерки: *аршин, лакт, ока, денк*[2], *черек* и др.

8. Установи: *агитпроп* (агитација и пропаганда), *бајдарница* (јавна установа, обично поставена на влезот од градот каде што на селаните им се наплатувало за да може да продаваат, трошарина) и др.

9. Сојузи: *антанта, Голема антанта*-(истор.) сојуз меѓу Англија, Франција, САД, Русија и некои помали држави во времето на Првата светска војна. *Мала антанта*-сојуз меѓу Кралството Југославија, Романија и Чехословачка во времето меѓу Првата и Втората светска војна.

10. Области со кој владее некој владетел: *бановина*, *губернија, околија*, *вилает, нахија* и др.

11. Документи: *берат, хатишериф, едикт* и др.

12. Облека: *панцир*, *аба, саја, џамадан, власеница* и др.

13. Инстументи: *букагии*, *кончарка* (штичка на која девојчињата ги виткаат конците за везење), *ибришимарка* (игла за везење) и др.

14. Садови: *букар*, *букаре*, *буклија, ибрик, каламар* (**1.** Сад со прашок за посипување на напишаното со мастило. **2.** Шишенце за мастило) и др.

15. Превозни средства: *дилижанса, омнибус*

Од анализата на материјалот произлегува дека генерално можеме да разликуваме две групи историзми. Првата група се лексеми од постаро време за кои нема дилема на сите рамништа во определбата дека се тоа историзми и дека како такви треба да бидат одбележани и во соодветните лексикографски изданија. Втората група се, условно речено, понови лексеми за кои свеста за нивното постоење сè уште постои, особено кај повосрасната популација, и тешко се определуваме да кажеме, да, тоа е историзам. Проблемот е присутен и кај лексемите што означуваат материјална култура, на пр. деловите на народните носии, називи на алатки од стари изумрени занаети итн., а особено е изразен кај лексемите со политичко-идеолошка семантика. Во лиературата различно се толкуваат ваквите појави. Па и лексикографски гледано имаме различни постапки. Некои речници воопшто не ги одбележуваат како историзми ваквите лексеми, други пак ги означуваат како идеолошки.

Со промената на општественото уредување во 90-тите год. во македонскиот јазик, а кај другите од т.н. социјалистички блок, доаѓа до промена на целокупната лексика од оваа сфера: ***ударник, самоуправување, агитпроп, усташ, петолетка, личен доход,*** сите називи за државни органи, министерства, (Самоуправна интересна заедница) називи на организации: ООЗТ, СОЗТ итн. Се разбира многу од нив се преосмислуваат, добиваат нови значења. На пр. *делегат* си останува со зн. 'тој што е делегиран' и тн.

Ќе ја илустрираме оваа појава со примерот со лексемата ***социјализам***. Во ТРМЈ таа е одбележана на следниот начин:

- **самоуправување** (само *едн.*) *ср.* **1.** *Глаг. им.* од самоуправува. **2.** (истор.) Општествено уредување во социјалистичка Југославија (СФРЈ) како облик на остварување на социјалистичко општество, засновано врз власта на работните луѓе кои управуваат преку своите избрани делегати во самоуправните органи на работните организации и на установите, и во претставничките тела на општествено-политичките заедници.
- **самоуправувач**, *мн.* самоуправувачи *м.* (истор.) Тој што учествува во самоуправување. ½ **самоуправувачки**, самоуправувачкиот *прид.*

Во Речникот на српскиот јазик од 2011 оваа лексема не одбележана како историзам. Во хрватските речници се одбележува кај Аниќ со определобата *пов. идеол.* - повјесно (историски) идеолошки а кај Шоње *пол. пов.*, што значи се означува и нејзиниот идеолошки карактер, односно политички карактер. Слична ситуација имаме и кај лексемите ***ударник*** (Во ТРМЈ е означено како архаично, кај Аниќ ***титовка*** (Аниќ, ТРМЈ, отсуствува кај Шоње), ***пионер*** (Аниќ идеол. пов., Шоње пов., ТРМЈ како хомоним) срп. реч.

Што се постари толку дилемата во која група спаѓаат е помала и одбележувањето во речниците е порегуларно. Додека кај новонастанатите историзми, на кои и самите сме биле сведоци, тоа оди потешко. На пр. ***грамафон***, денотатот веќе не постои, ама ниту еден речник не го означува како историзам. Се наметнува мислата дека не само што предметот треба да исчезне од реалниот свет, туку треба да исчезне и од нашата свест за постоењето на истиот. Вакви примери имаме и со многу други лексеми.

Многу е важно како се враќа една лексема од пасивниот повторно во активниот фонд на речникот. Ако се враќа на лексичко рамниште тогаш нема негативна конотација. Таков е примерот со лексемата ***панцир***. *Панцир* се толкува како заштитна облека од средниот век од плетена жица. Денес панцирот не е изработен од жица но е заштитна облека што ја носат полицајците.

Ако лексемата се враќа на фразеолошко ниво тоагаш имаме негативна конотација како во примерот со **кадија:** *Кадија те тужи, кадија те суди.* **аршин:** *Мери со ист аршин; Мери со различен аршин.*

Некогаш може да помине многу време, векови, пред една лексема обележана како историзам да се врати во активниот речник. Таков еден пример е лексемата ***денар(иус)*** сребрена римска пара која е активирана во македонскиот јазик по осамостојувањето на Македонија во 1991 година кога ***денарот*** стана официјална парична единица на Република

Македонија. Од друга страна, *денар* во ТРМЈ не е одбележан како историзам бидејќи во македонскиот јазик не постоела таква лексема, туку само во литературата од и за римско време.

Прашањето зошто некои лексеми имаат потенцијал да се вратат активниот фонд а некои не, не наоѓа секогаш единствен одговор. Тука може да влијаат и надворешно јазични влијанија. Таков пример имаме кај лексемата ***денар***. Сепак, ни се чини дека одговорот лежи во самото значење на конкретната лексема.

При дефинирањето на историзмите во речниците не реткостои и временската определба, *во времето на..., во средниот век* и сл. (Радовиќ-Тешиќ 1982: 259 и др.). Ако се расчлени значењето на лексемата **кадија** ќе видиме дека таа содржи две семи, едната е 'судија' и втората, "во Отоманската империја'. И токму тоа овозможува лексемата кадија да се реактуелизира во ФИ ***кадија те тужи, кадија те суди***. Тука веќе имаме една сема а тоа е "судија".

Вакви случаи имаме и кај други лексеми од овој тип.

Историзмите многу често формираат цели деривациски гнезда со соодветна адаптација на лексемите. Ќе го наведеме примерот со лексемата ***кулук*** и со ***копје***.

- **кулук**, *мн.* кулуци *м.* **1.** (истор.) Вид данок; работна обврска на селаните кон феудалниот господар или спахија. *Тој собира луѓе за кулук.* **2.** (прен.) Многу напорна, тешка работа. *Работата денес е неблагодарен кулук.*
- **кулукува**, кулукуваат *несв.* **1.** Работи кулук; одработува данок без надомест; сп. кулук 1. **2.** (прен.) Работи тешка работа; *глаг. им.* **кулукување** *ср.*
- **кулучар**, *мн.* кулучари *м.* Тој што кулукува; тој што работи на кулук. *Сите селани од околината се кулучари*; **кулучарски**, кулучарскиот *прид.*
- **копје**, *мн.* копја *ср.* **1.** (истор.) Оружје во форма на долг метален или дрвен стап со шилец на едниот крај. *Прободен од копје. Се бори со копје.* **2.** Спортски реквизит во вид на долг стап со шилест врв за фрлање во далечина. *Овој е најдобриот фрлач на копје.* **3.** Стап на којшто стои знаме. *Знамињата се на половина копје.*
- **копјеносец**, *мн.* копјеносци *м.* (истор.) Тој што носи копје. *Копјеносците нападнаа со копјата.*

Според дефиницијата историзмите би требало да бидат моносемантички лексеми. Од анализата на материјалот произлегува дека еден дел од нив се полисемантички (колку), што значи развиле и други значења или ги видоизмениле претходните. Па така имаме појава на **семантички историзми** кога едно од значењата е историзам. И погоре посочените примери јасно го докажуваат ова тврдење.

Многу често имаме случаи кога основното значење претставува историзам, а со метафоризација е добиено ново значење. На пр. **башибозук** *м.* **1**. (истор.) Нередовна турска војска; недисциплинирана неуредна војска воопшто; припадниик на таква војска. *Аскерот и башибозукот го запалија целото село.* **2**. (прен.) Распуштено, разуздено, бесно однесување. *Ова не личи на ништо, ова е вистински башибозук.*; **арамбаша** и **арамбашија** *м.* (истор.) **1.** Водач на арамии. **2.** (прен., разг.) Крадец, разбојник. *Арамбашата ги мамел, ја скрил од нив својата кражба.*; **ајдук**, *м.* **1.** (истор.) Отпадник што се борел против турската власт. *По овој настан тој стана ајдук и ѝ се приклучи на дружината.* **2.** (прен.) Крадец, разбојник, отпадник од власта и од законот. *Во нашето стопанство има многу ајдуци. Тие се големи ајдуци.*; **сенат** *м.* **1.** (истор.) Во стариот Рим - највисок државен орган. **2.** Во некои земји-горниот дом на парламентот. **3.** Највисоко раководно тело, совет. *Сенат на универзитет;* **браник** *м.* **1.** Предмет или дел од предмет што е во функција да брани, да штити. *Браник на автомобил.* **2.** (прен.) Одбрана од нешто. *На браникот на татковината.* **3.** Дел од брана за обработка на земја. **4.** (истор.) Припадник на фашистичка бугарска младинска органи зација во Втората светска војна.

Се чини дека кај оваа категорија лексеми има многу отворени прашања кои чекаат одговор. А одговор може да се даде само со добра анализа на конкретниот материјал и негово соодветно лексикографско претставување.

ЛИТЕРАТУРА

Бојаџиев Т. (2002), Българска лексикология.
Маслов Ю.С. (1987), Введение в языкознание, Москва.
Денисов, П.Н (1980), Лексика русского языка и принципы ее описания, стр. 105-107.
Радовић-Тешић, М. (1982), Архаизми и њихова обрада у речнику САНУ, во: *Лексикологија и лексикографија (зборник реферата)*, Београд - Нови Сад, 257-262.
Речник српскога језика (2011), (група аутора, ред. М. Николић), Нови Сад.
Толковен речник на македонскиот јазик (2003-2014), (група автори, редакција: Сн. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, том 1-6.
Anić V. (1998), Rječnik hrvatskoga jezika, Zagreb.
Kapetanović A. (2005), Historizmi i semantičke promjene, Rasprave Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje 31, str. 153- 163.
Šonje J. i dr. (2000), Rječnik hrvatskoga jezika, Leksikografski zavod Miroslav Krleža, Zagreb.

811.163.3'373

Каш̄ица ТОПЛИСКА-ЕВРОСКА

ЗА НЕКОИ ЗБОРООБРАЗУВАЧКИ ОСОБЕНОСТИ КАЈ ИМЕНСКАТА ЛЕКСИКА ОД ТЕМАТСКОТО ПОДРАЧЈЕ ’ХРАНА‘ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Врската меѓу мотивираниот (новосоздадениот) и мотивирачкиот (основниот, првостепен) збор, поточно, истокоренските лексеми во рамките на лексиката од областа *храна* истовремено покажуваат сличности со системските зборообразувачки особености на македонскиот јазик, но исто така покажуваат и свои карактеристики како омеѓено тематско подрачје. Тоа е, во прв ред продуктивноста на определени зборообразувачки модели (и суфикси) како и развивањето на (не)регуларно категоријално значење што е резултат пак на комплексна мрежа од внатрешнојазични и надворешнојазични фактори.

Клучни зборови: зборообразување, именска лексика, храна, зборообразувачки суфикси.

Познато е дека лексиката се збогатува на три начина: со образување на нови зборови врз основа на веќепостојните со помош на продуктивните зборообразувачки модели; со примање на туѓи зборови, но со нивно приспособување на домашните модели со цел нивно вклопување во системот, како и со преземање на дијалектни форми со поширок ареал на простирање и нивно издигнување до степен на стандардни форми во јазикот. Ако ова се однесува на лексиката воопшто, тогаш секако дека во рамките на лексиката од тематската област *храна* и *п̄одг̄ош̄вување храна* тоа ќе биде податливо потврдено имајќи предвид дека се работи за особено активен дел од речничкиот фонд (дел од општиот лексички фонд), а притоа, и особено порозен дел од системот на лексиката што е резултат на екстралингвистички (општествени, историски, економски, културни итн.) фактори.

Следејќи го односот меѓу истокоренските зборови односно релацијата меѓу мотивираниот (новосоздадениот) збор и мотивирачкиот (основниот, првостепениот) збор, во рамките на лексиката од оваа тематска област особено доаѓаат до израз два зборообразувачки начина. Тоа се морфолошкиот односно афиксниот начин на зборообразување,

што е и одлика на нашиот јазик, како и лексичко-семантичкиот начин на зборообразување односно семантичката деривација (К.Конески 1995). Лексичко-синтаксичкиот начин или срастувањето односно непосредното образување на нови зборови од зборовни состави, како и морфолошко-синтаксичкиот начин т.е. синтаксичката конверзија или преминување на лексичките единици од една во друга зборовна група без додавање на зборообразувачки елементи се исто така активни зборообразувачки начини, но нетипични за оваа тематска лексика.

Лексичко-семантичкиот начин на зборообразување *само условно може да се нарече начин на зборообразување* бидејќи всушност *не доаѓа до образување на нови зборови односно до зголемување на зборовниот фонд туку* доаѓа *до проширување на семантичката функција на постојните лексички единици* (К.Конески 1995:11). Тоа настанува како резултат на врската на еден предмет со друг по пат на метафора и метонимија во еден долготраен процес што резултира со осамостојување на одделни различни значења од зборот. Затоа, за семантичката деривација посоодсветно е да се зборува при разгледувањето на семантичките аспекти на лексиката којашто е наш предмет на интерес. Следователно на претходно изнесеното, овде се задржуваме на морфолошкиот начин на зборообразување односно афиксниот начин при што ќе се изделат моделите што се повеќе или помалку типични за лексиката од областа *храна*.

Зборообразувањето на именките се проследува преку трите општи класи деривати. Првата категорија се *транспозиционите деривати* кај кои дериватот има граматичка односно синтаксичка функција, втората е категоријата на *мутациони деривати* кај кои формантот дава назив на нов предмет што корелира со поимот означен со мотивирачкиот збор и третата категорија на *модификациони деривати* кај кои дериватот внесува нова, дополнителна компонента во значењето на основната именка во врска со некоја особина на предметот.

Зборообразувањето кај именките од областа *храна* и *подготвување храна* се остварува пред сè со суфиксација, додека префиксно-суфиксното зборообразување и образувањето на сложени зборови е маргинално.

Бессуфиксното (парадигматско) зборообразување е присутно во оваа лексика, но поограничено. Со ваков начин на

зборообразување се добиени лексемите: *квас, одвар* ,водата во која се варело овошје, зеленчук или месо, *посип, прелив, пресол, попара, храна* сите со глаголска мотивација без ограничувања во однос на глаголскиот вид односно и од свршени и од несвршени глаголи. Последните две од низата (*попара* и *храна*) се разликуваат од другите по тоа што се бессуфиксни образувања, но со флексиска наставка *-а* за женски род. Кај бессуфиксните образувања во рамките на тематски определената лексика се работи за деривати, коишто иако се мотивирани од глаголска основа, развиле значење одвлечено од глаголско дејство и постигнале висок степен на конкретизација означувајќи конкретна реалија што се користи како храна или пак се употребува при подготовката на храна.

Суфиксот **-ење** служи за образување називи на дејства коишто се деривати мотивирани од глаголи и го именуваат дејството апстрахирајќи го од релацијата со конкретен вршител. Глаголските именки побудуваат претстава за одвивање на определено глаголско дејство или процес, но по патот на „опредметување" односно конкретизација можат да означуваат апастрактен поим или до највисокиот степен на конкретизација можат да именуваат конкретен предмет. Поткрепа на последново односно деривати со висок степен на конкретизација се деривираните лексеми *јадење* и *пиење* кои од означување на глаголско дејство прераснале во општа (збирна) ознака за конкретен предмет: ,тоа што се јаде и ,тоа што се пие. Дополнително со префиксација на глаголската именка *јадење* се добил именскиот дериват *предјадење* повторно со конкретно значење: ,тоа што се јаде пред главниот оброк.

Примарниот суфикс **-ик** односно проширениот **-ник** добиен со преразложување од образувањата со основа на -н- се чести суфикси за образување на деривати називи на резултати на дејства. Примерите *боденик, виеник, виткалник, соленик* : *посоленик* се деривати мотивирани од глагол коишто всушност се нерегуларни во смисла на развивање на нивното категоријално значење и се подведуваат под значењето, вид пита. Нерегуларн е по однос на семантиката и дериватот *бубрежник*, месо од грбниот дел кај теле и јагне. Наспроти претходните се регуларните изведувања со именска односно придавска мотивација со категоријално значење називи на носители на особини. Дериватите *зелник, јачменик, коприварник, кромидарник, мазник, мајалник, млечник, оризник, тараненик* и др. имаат значење ,пита со тоа што е означено со основата, а поретко

,вид јадење со тоа што е означено со основата (*кромидарник*). Со истата семантика со сложениот суфикс **-арник** се изведени дериватите *јајчарник, пченкарник* и *тикварник*.

Суфиксот **-ка (-алка)** го среќаваме во изведени именки со глаголска мотивација и тоа: *везенка* ,вид пиперка, *врзалка, голтка, изварка, нативка, закуска, заптшка, постапалка, пувка, пуканка* (обично во множина-*пуканки*) *резанка, ронка, трошка* повторно со висок степен на конкретизација односно опредметеност. Последните две деривирани форми имаат иста семантика, ситни делови од леб или друг вид производ од печено тесто резултат од глаголско дејство ронење односно трошење. Но, процесот на опредметување кај лексемата *трошка* отишол подалеку, па со неа во синтагматскиот спој *лебни трошки* означува стандардизиран производ од препечен леб којшто понатаму се користи за специфична кулинарска постапка. За затврднувањето на оваа деривирана лексема сведочат и други синтагматски споеви во кои учествува овој дериват, задржувајќи го значењето, ситни делови од нешто што може да се троши, ситни како на пр. *чоколадни трошки,* повторно со точна примена во кујната. Со истиот суфикс **-ка** се образуваат деривати и од именски односно од придавски основи: *анасонка, буковка, вишновка, киселачка, коминарка, ореовка, петровка, сливовка, стамболка, цинцарка* и др. коишто би можеле да се подведат под значењето ,вид ракија со додаток на тоа што е означено со основата односно ,ракија од тоа што е означено со основата (*анасонка, сливовка, коминарка,*) односно,вид колаче (*ореовка*) ,вид тиква (*стамболка* и *цинцарка*) ,вид јаболко (*киселачка, петровка* и *шеќерка*) односно ,вид тиква (кај *стамболка, цинцарка*) ,вид печурка (*буковка*). Со истиот суфикс со придавска мотивација се изведени називите на деловите од јајцето: *белка, жолчка*.

Суфиксот **-ица (-ница)** регуларно се употребува за изведување именки од несвршени глаголи со значење на називи на дејства и тоа најчесто преку глаголска придавка на *-ен*. Одвлечено од глаголското значење во нашиот материјал ја сретнавме лексемата *матеница* со конкретно значење односно ,производ (од кисело млеко) добиен со матење со што категоријално се доближува до резултатите од дејства. Во оваа група деривати спаѓаат: *лутеница, печеница* ,вид чадена свинска преработка, *препеченица,* вид ракија, *прженица, сеченица, топеница,* потоа *лутица, мекица* (последните две со придавска мотивација) а

летница е назив за, вид риба што се именува според периодот (на лето) кога е достапна, значење што се содржи во основата. Од нашиот материјал со овој суфикс се среќаваат деривати со именска мотивација и тоа од посложена семантичка структура. Таква е лексемата *зимница* што го носи значењето, храна подготвена за зима или пак дериватите добиени со преобразување на атрибутивните синтагми со процесот на универбизација. Такви се лексемите: *гроздовица, комовица, крушовица, сливовица,* коишто носат заедничка семантика, вид ракија, а динстинктивниот елемент содржан во основата упатува на ,потеклото односно нејзиниот произлез, па заедничката семантика би можеле да ја дефинираме како, ракија од грозје, комина, круши или сливи. Со именска мотивација со истиот суфикс е изведен дериватот *расолница* со значење ,природно ферментирана течност кај стасаната зелка, *тиганица* со значење ,вид јадење од тесто подготвено со пржење и *зелјаница* ,пита со зелје. Со нејасна мотивација е зборформата *кобилица* со значење, градниот дел кај кокошка.

Суфиксот **-еж** е исто така присутен во лексиката што означува *храна*. Со него се изведени именки, деривирани од глаголска основа, називи на дејства коишто упатуваат на резултат од дејството, но со висок степен на конкретизација односно опредметеност. Од овој тип се дериватите *палеж* ,вид макало со суви лути пиперки, праз и масло (МК 1990:13) и *полнеж* со значење, фил (МК 1990:50). Но, освен со глаголска мотивација со овој суфикс се изведуваат деривати и од придавска основа коишто немаат исто категоријално значење и претставуваат атрибутивни називи. Тоа е начинот по кој е изведена именката *ситнеж* која означува ,внатрешни органи кај живина-дроб, срце, желудник, вклучително и крилцата со копанчињата.

Суфиксот **-ок** во рамките на лексиката којашто ние ја разгледуваме се среќава кај именки што означуваат резултат од дејство-*одрезок* (месо), односно уште поголем степен на конкретизација, *додаток*, *изварок*, *подварок*, како во дериватот *појадок*, утрински оброк.

Суфиксот **-ец** кој регуларно служи за образување на називи на лица носители на определени особини се среќава како зборообразувачки формант со различно значење во дериватите: *буковец*, крупно толчени суви пиперки, *квасец, киселец* ,вид листен зеленчук со кисел вкус, *преснец*

,леб од пресно, некиснато тесто , *јадец* со значење ,дел од градниот дел кај кокошка. Истиот суфикс го сретнавме и во дериватот со основа од туѓо потекло *ѓомлезец* со значење ,вид пита.

Изведените именки со суфиксот **-ачка** регуларно означуваат називи на дејства, но во рамките на лексиката од областа *храна* дериватите доживеале висок степен на материјализираност, опредметеност и одвлеченост од глаголското дејство. Конкретно мислиме на дериватот *пијачка* со кој се именува, определена установена доза, мерка од алкохол. Со затврднувањето на оваа лексема таа се употребува освен за алкохол и за сокови односно безалкохолни пијалаци. Со овој суфикс е образувана и лексемата *јадачка* (сопоставена со јадење) која во себе сè уште ја носи стилската маркираност за разлика од *пијачка* каде што таа стилска маркираност веќе се изгубила напоредно со процесот на конкретизација на нејзиното значење.

Суфиксот **-ина** којшто регуларно служи за изведување деривати од придавки и тоа за називи на апстрактни особини, преку придавките на *-ов* се образува суфиксот **-овина** со кој се образуваат именки со значење ,силно изразен пријатен или непријатен мирис во врска со значењето на основата (*земјановина, темјановина*). Во рамките на материјалот од лексиката од областа *храна* со овој суфикс сè уште може да се сретне дериватот *луковина* кај којшто имаме конкретно значење ,јадење во вид на изедначена кашеста смеса од толчен лук и масло што секако се одликува со јак мирис на лук. Оваа лексема денес не е во активна употреба, но нејзиното конкретно значење е нерегуларно во однос на категоријата називи на апстрактни особини. Тоа, пак, од своја страна, остава простор за можниот пат како се развивало значењето кај оваа лексема, од определено јадење кон определената изразена особина. Сличен е случајот и со дериватот *медовина* со значење ,вид ракија со мед кој понатаму го придобил и значењето силно нагласена особина (во случајот блажина). Ова ни се чини веројатно особено ако се има предвид дека ваквите образувања имаат разговорен карактер и во современиот јазик. Суфиксот *-ина* регуларно служи за изведување на називи на множества односно со збирно значење од придавска основа во нашиот материјал експониран преку дериватот *живина* со збирно значење ,пердувести домашни животни.

Во корелација со називите на множества се сингулативните деривати изведени со суфиксот **-ка** кои именуваат единка, елемент врз основа на називот на некое множество. Такви се образувањата *пиперка* (од збирниот назив *пипер*) и *семка* (од збирното именување *семе*).

Суфиксот **-ота, -отија** служи за изведување називи на апстрактни особини, најчесто од придавки со изразен степен на експресивност. Од лексиката којашто ние ја разгледуваме го среќаваме дериватот *масноција* добиен со сложениот суфикс *-оција* (*-оца* + *-ија*), но семантички нерегуларно во однос на категоријата на која формално ѝ припаѓа, бидејќи овој дериват ја изгубил експресивноста, а притоа постигнал висок степен на конкретизација.

Суфиксот **-лак** го сретнавме во деривати со именска мотивација од домашно потекло во лексемата *пијалак,* но и на туѓа основа во *мезелак*.

Со суфиксот **-је** изведен е дериватот *зеље* како збирно именување за повеќе видови листен зеленчук.

Суфиксот **-иво** којшто веќе се архаизирал, служел за изведување на деривати со глаголска мотивација коишто се во активна употреба и денес. Тука мислиме на лексемите *вариво* и *печиво* со општо категоријално значење резултат на дејство, како и дериватот *пиво* како назив за објект на дејство.

Суфиксот **-ло** (**-ало, -ило**) служи за образување именки со глаголска мотивација за деривати коишто регуларно имаат општо неконкретизирано значење на предмет (орудие) во врска со значењето на основата, но во случајов *варило, макало, солило* имаат нерегуларно, опредметено значење како и *масло* коешто е мотивирано од именска основа.

Лексичкиот материјал од областа *храна* нуди определен број на деминутивно-хипокористични образувања со неколку суфикси.

Со суфиксот **-ца (-ица)** се изведени дериватите: *масца, пиперца, солца*, но и *алвица*, а со сложениот суфикс **-ичка**: *манџичка, салаточка, сармичка, супичка, кашичка* и др.

Суфиксот **-е** се среќава во изведените лексеми: *зелниче, зелче, мазниче, празе* и др.

Со суфиксот **-че** се изведени дериватите: *гравче, дропче, коковче, крувче, лепче, попариче, рипче* итн.; со суфиксот **-це** се изведени деминутивно-хипокористичните називи: *варивце, винце, житце, масолце, мевце, млекце, перце, цревце* итн.

Прошириниот суфикс **-енце** се среќава како зборообразувачки формант во дериватите: *брашненце, грозјенце, јагненце, кафенце, прасенце, сиренце* итн.

Префиксното зборообразување е слабо застапено при изведувањето на именките и тоа секогаш со именска мотивација. Ќе ги споменеме префиксите **нат-**, **пот-** односно изведените лексеми со нив: *наткопан, поткопан, потколеница.*

Образувањето на сложени именки не е толку карактеристично кога се зборува за лексиката од областа *храна* во македонскиот јазик, но сепак е присутно. Сложенки односно сложени зборови со интерфиксот како формален показател се: *двопек* (број +глагол), *пивоквас* (именка+именка), ; *прстофат*, нестандардна мерка за количество (именка+ глагол), *благосемка* , вид кајсија или *црвеноперка* ,вид риба (придавка + именка). Како специфика на лексиката од областа *храна* се сложените образувања со императивни форми со варијации во нивниот состав: *свиритиле* (глагол+именка), *латниголтни, туритечи : туритоттечи* (глагол+глагол) коишто се преземен туѓ модел, но животворен и во народниот јазик (*варимешај, вртиборави, меситечи* како дијалектни разновидности).

Во рамките на зборообразувањето, на крајот да ги споменеме и зборовните состави или составенките коишто претставуваат називи составени од два или повеќе зборови, а се однесуваат на еден десигнат, при што ги задржуваат и своите морфолошки белези. Ваквите зборовни состави имаат затврдено значење, затврднат редослед на компонентите, а понекогаш се подведени под еден акцент со што се доближуваат до затврдени изрази односно фраземи поточно фразни именки. Да ги споменеме зборовните состави (составенките): *црн пипер, црвен пипер, прашок за печиво, кисело млеко, суво грозје, прав шеќер, компир-салата, симит-погача, дроб-сарма, турли-тава, шиш-ќебап* итн. Последните неколку називи именуваат традиционални јадења од туѓ произлез, но одомаќинети кај нас со изразена нестабилност при нивното писмено нотирање во

смисла на слеано бележење на составните компоненти, со цртичка или пак разделено што секако зборува за нивниот не докрај дефиниран статус на (полу)сложенки.

Проследувајќи ги зборообразувачките модели применети во рамките на лексиката од областа *храна,* карактеристични се неколку моменти. Најпрвин, тоа е нерегуларноста при изведувањето на деривати според определен модел, односно нерегуларност во однос на значењето коешто тие новосоздадени зборови го развиваат што генерално се провлекува кај повеќето зборообразувачки модели.

Така, кај зборообразувачкиот модел со суфиксот **-ач** кој регуларно развива значење на вршител на дејство, применет кај деривати од оваа тематска област развива поинакво значење и тоа: *засладувач*, тоа што дава сладок, благ вкус и *згуснувач*, тоа што ја зголемува густината. Суфиксот **-ло** кој развива кај дериватите категоријално значење на назив на орудие донел поинакво опредметено значење во зборформата *масло*. Суфиксот **-ец** кој регуларно означува лице, вршител на дејство или носител на особина може да има опредметено значење како во лексемата *квасец.* Суфиксот **-отија** кој служи за образување на називи на апстрактни особини со присутна стилска маркираност во изведената лексема *масноѿија* отсуствува и стилската маркираност и регуларното категоријално значење. Слична е ситуацијата и со прошириниот суфикс **-алка** (од примарниот **-ка**) кој служи за образување на именки категоријално определени како резултати од дејства, во дериватот *ѿосѿаѿалка* кој има значење ,вид киснато колаче во форма на стапалка што се прави по повод проодување на дете. Или пак, во врска со суфиксот **-(ов)ина** дериватот *луковина* кој отстапува од општото категоријално значење и означува ,вид јадење. Овие и секако и многу други примери, зборуваат за нерегуларноста во однос на семантиката што се развива кај голем дел од суфиксните зборообразувачки модели продуктивни во рамките на тематски определената лексика.

Понатаму, проследувањето на афиксниот зборообразувачки модел ги исфрла на површина и суфиксите коишто покажуваат поголема продуктивност во однос на други кои отстапиле. Констатацијата што сама по себе се наметнува ги исфрлува на преден план суфиксите **-ник, -ка** и **-ница**. Иако не инсистираме на статистички показатели, сепак се чини дека овие суфикси се изделуваат во однос на другите, како по однос на продуктивноста, така и по однос на

разновидноста на значењата кои ги даваат на новоизведените зборови, било да е тоа именска или пак глаголска основа на зборот.

Иако, ние зборуваме за современа состојба, сепак, таа секако дека отсликува и некои состојби од постар датум, наследени состојби или пак процеси што сè уште траат. Продуктивноста на суфиксите во современата состојба на лексиката од областа *храна* е всушност продолжување на она што се случувало во народниот јазик и не може да не се доведе во корелација со продуктивноста на овој суфикс во народниот јазик односно во дијалектите на македонскиот јазик, што го нотирале оние коишто се занимавале со дијалектологијата. М. Киш којашто како дијалектолог својот интерес го насочувала претежно кон дијалектната ботаничка лексика во повеќе наврати се задржала и на сегменти од кулинарската лексика. Служејќи се со методите на лингвистичката географија, таа ги забележува бројните зборoформи распоредени по пунктови на целата македонска јазична територија покажувајќи ги притоа освен фонетските разновидности и моделите на зборообразување во народниот јазик.

Суфиксот **-ник** ја продолжува продуктивноста во современиот јазик наследувајќи ја од народниот јазик за што сведочат бројни дијалектни образувања. Иако, во основа, македонската дијалектна територија е поделена според дистрибуцијата со лексемите *пита* и *баница,* сепак има бројни образувања за, вид пита од кои ги изделуваме: *каша(л)ник, просеник,* покрај зачуваните зборoформи и во современиот јазик: *виткалник, зелник, мазник, млечник* (Киш 2010:193). Сите тие се изведени од различна мотивирачка основа, но со еден зборообразувачки формант, суфиксот -ник. На ова уште се надоврзува и свесниот фактор при изведувањето на нови зборови по примерот на веќе затврдените модели во современиот јазик, а потврдени и на дијалектен план. Лексемата *лажичник* (J 100 1971:47) е новообразување по истиот модел со цел да се спречи пробивот на заемката *шне нокли* во македонскиот јазик. Оваа зборoформа е пуштена да го пробива патот во лексичкиот систем, преку практиката, (седумдесеттите години од претходниот век) и претставува само илустрација на творечкиот процес во развојот и затврдувањето на лексичките норми врз основните принципи за збогатувањето на лексиката на македонскиот јазик поставени при кодификацијата. Но, сепак, и покрај тоа ова образување не се затврдило во практиката зашто тука се вклучуваат и надворешнојазичните фактори. Суфиксот **-ница** на дијалектен план се јавува како чест модел особено при изведувањето називи на, вид јадење од тесто подготвено со

пржење. По тој модел се образувани зборoформите *питулица, тиганица* и *мекица* од кои првите две се со широк дијалектен ареал на покривање на македонската јазична територија и ја делат на два дела (Киш 2010:170). Освен што овие зборoформи и денес се живи во јазикот со варијабилна фреквенција, моделот бил искористен и за современи образувања. Така лексемата *печеница* се затврднала со своето значење, вид чадена свинска преработка додека *прженица*, иако повеќе во разговорниот јазик, се јавува како општ назив за ,јадење подготвено со пржење односно брзо подготвена храна.

Суфиксот **-ка** исто така бил жив во народниот јазик за образување од различни мотивирачки основи. Повторно, М.Киш задржувајќи се на едно традиционално јадење од свинско месо односно на еден вид домашно конзервирање, наведува повеќе зборoформи распространети на македонската дијалектна територија, сите со истиот зботрообразувачки суфикс и тоа: *чварка, џимиринка, пршка, туринка* (Киш 2010:170). Животворноста на овој суфикс продолжува и во современиот јазик. Низ кулинарската литература сретнавме деривирана лексема *прженка* за ,вид јадење од различен вид зеленчук подготвено со пржење. Глаголската мотивирачка основа+суфиксот-*ка* послужиле за создавање нов назив кој именува јадење што има многу сличности со *плескавица* или *ќофте* на пр,. но бидејќи тие се од месо, а не од зеленчук, продуктивниот модел послужил за семантичка динстикција. Јазичната практика ќе треба да го потврди степенот на заживување на оваа лексема.

Во врска со суфиксот -*ка* (а кон него можат да се приклучат и други суфикси, на пр. -ница) во современиот јазик видлива е неговата продуктивност во цела низа деривати со именска односно придавска мотивирачка основа со значење коешто воопштено би го дефинирале како ,вид од нешто, сорта и сл. Ова се однесува на дериватите од типот: *вилјамовка, вишновка, петровка, сливовка* итн. со значење ,вид круша, јаболко односно вид ракија коишто претставуваат стегнат, кондензиран вид на изразување на парадигматски состави односно сведување на синтагматските изрази на еден збор при што се користи суфиксација. Всушност, овде зборуваме за *универбизација,* процес кој може да се разгледува и пошироко, а којшто е разбирлив ако се има предвид фактот дека јазикот се стреми кон изразување со поекономични средства. Процесот на универбизацијата е јазичен процес познат и во стариот

јазик во лексеми од типот *буковец* (буковска пипер (МК 1990:47)), *преснец* (пресен леб), *пченкарник* (леб од пченкарно брашно) итн. Наспроти универбизацијата е тенденцијата на парадигматски именувања коишто се резултат на кулинарски влијанија во контекст на надворешнолингвистички фактори. Кога таквите повеќе зборовни именувања ќе се затврднат толку што да станат вообичаени во системот, се бараат други поекономични средства за изразување на истото значење. Оттаму и именувањата *варило, зелник, макало* кои се својствени за народниот јазик, но се присутни и во современиот јазик, појава што е особено карактеристична за лексиката од областа *храна* во процесот на нејзината номинација.

ЛИТЕРАТУРА

Велева, С. (2006) *Тенденции во зборообразувањето во македонскиот јазик*, Скопје.

Киш, М. (2010) *Лексички, зборообразувачки и мофотактички особености на македонските дијалекти,* Институт за македонски јазик, Скопје.

Конески, К. (1995) *Зборообразувањето во македонскиот јазик*, Скопје.

Толковен речник на македонскиот јазик, (2003-2014) том I - VI, С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски (редакција), Скопје.

Голем Тојбнеров готварски прирачник (ГТГП), (2008) Младинска книга, Скопје.

Јајца на сто начини (J 100), (1971) Црвен крст на Република Македонија, Скопје.

Современ готвач (СГ), (1967) Издавачки завод Југославија, Белград и НИП Нова Македонија, Скопје.

Чаческа, З. Македонска кујна (МК) (1990), НИПРО Нова Македонија, Скопје.

811.163.3'272

Драги СТЕФАНИЈА

МАКЕДОНИСТИЧКИ ТЕКОВИ ДЕНЕС

Апстракт: Даден еден хронолошки пресек во кој се истакнува грижата за стандарднојазичната норма во минатото и денес, Особено се истакнува улогата на Благоја Корубин во давањето успепни насоки за определени јазични прашања, изразена во јазичното катче „Јазикот наш денешен“ во весникот „Нова Македонија“. Непочитувањето на нормата, кирилското писмо е поткрепено со примери од Охрид, дополнето со примери во практиката преку кои може да се види дека не се води доволно грижа за употребата на македонскиот јазик.

Клучни зборови: македонски јазик, норма, јазично катче, Нова Македонија, јазични неправилности, јазична политика.

1.

На 3. мај 1966 година, значи пред 50 години, во Јазичното катче на Благоја Корибин од „Нова Македонија“ излезе мојата *Правописна прошетка низ охридската чаршија*. Целта беше да направам правописна „инспекција“ на фирмите и други натписи по дуќаните лево и десно од ресторанот „Летница“ до чинарот. Насекаде беше доминантна кирилицата, иако со многу правописни недоследности. Така, на пример, претпријатието „Охридска пастрмка“ имаше фирма **Охридска Пастрмка,** Берберско фризерската задруга носеше име **Берберска фризерска задруга,** а продавницата на весници беше **Нова „Македонија“,** ресторнаот кај чинарот беше **Ресторант „Оријент“.** На латница имаше помалку фирми како **Slatkarnica „Tetovo“, Jugoplastika, Ohridsko leto, но и Lebledžilnica „Turist“.**

Како изгледаше мојата прошетка на 21. април 2016 година, по 50 години? Не прашајте! И не чудете се! Има многу фирми напишани на македонски јазик на кирилица. Сите *слаткарници: Малага, Палма, Јагода, Корзо,* скоро сите натписи *Работно време, отворено, затворено* или *туркај, влечи* на вратите, во сите дуќани од чаршијата се на македонски јазик и писмо, а ги има бааги. Насекаде *Тоталната распродажба* е вака напишана. Чудо, ама *Летница* која одамна ја нема е кирилска, како и *Златен даб, Бонус што трае, Скопско едно.* Многу златари, бисерции *купуваат старо злато, сребро* и се означени вака:

Златар Булески. Кога сме кај бисерџиите, пишува дека се продава *Охридски бесер* со преводи на други јазици и писма. Во една продавница стои ваква реклама: *Рачна изработка на Охридски бисер, традиција од 1924.* Интересно, каков ли е тој охридски бисер, кога во сите продавници тој е еднаков, увезен од надвор и премачкан со увозен лак во разни бои и нијанси. Охридски е само трговецот што го продава! *Сатчија Омега* е фирма само на кирилица, но постои *сатчија*, но и *часовничар.* Книжарницата *Просветно дело* има *Салон на книгата.* Уште стои фирмата на покојниот *Вангел Деребан –филигран.* На нашински се напишани *Рената парфимерија, козметика, Гауди, Спортска опрема, Менувачница* (ги има повеќе и нормално на туѓи јазици), *Берберница Шашко, Резбарско атеље Сувенир, Риболовска опрема Трофеј* и многу други на македонски јазик и писмо. Некои од нив, заради несфатливо комплицираниот англиски правопис одвај се читаат. Ако не ти влегол в уши рекламниот спот од тв, тешко ќе прочиташ. Примерот со ONE или T...mobile коишто мнозина го изговараат со англискиот изговор – УАН или ТИМОБАЈЛ, за повеќемина е *оне* и *темобиле.* А и јас, грешниот, така ги изговарам, како англиски аналфабет. Потоа мнозинството фирми, натписи, соопштенија се оригилно запишани на соодветните јазици. Некои ќе ги прочитате, ама повеќето – не, барем правилно не. Читајте и разберете како што милувате. Погледнете во излогот и знаете што значи фирмата: Peko, Agency Travel, City Loock Cosmetiks studio, Roulett Crown Capitol, Coca Cola. Fast Food, Top Tobacco, Ramstore, Laško, Grand cafe... Сепак, во споредба со пред половина век, ситуацијата не е толку трагична. Зашто инаку можевме да читаме boureck или yagneschcka tsorba за бурек со сирење (без сирење, туку со урда) и јагнешка чорба, маскирно запишана со германски правопис!

Го нема Јазичното катче, но се чувствува влијанието на долгогодишните пишувања на Благоја Корубин. Ја има, за среќа, грижата за својот роден јазик кај многу луѓе и лесно не се предава своето. Не, барем доброволно не!

2.

Во весникот „Нова Македонија“ (НМ) преку спомнатово катче и во културната рубрика се водеше битка за правописна употреба на македонските зборови. Тоа се чинеше и во некои стручни списанија. Така, на пример, почнав (заедно со правникот од собранието– Томе Стефоски) борба со правната бирократија од Македонското собрание за прифаќање на терминот *Сојузна скупштина* **во Сојузно собрание,** како што беа сите: општинско собрание, околиско собрание, Републичко собрание. Ама да не се налути Белград од сојузот беше – Сојузна *скупштина* (НМ, 22. 10.

1962). Борбата тврдоглаво ја продолживме и во 1973 (НМ, 23.9.) во дискусијата за новиот устав. И би *Сојузно собрание.*

Во Јазичното катче (ЈК) во мојот напис „До кога– Републикава“ (НМ. 10. 8. 1986) се спротивставив на таквото именување, макар и со голема буква, во печатот, радиото, тв, место Република Македонија. Се судривме со Корубин и подоцна се согласив (НМ, 26. 10. 1986), ама со употреба и на *Републиката,* не само *Републикава.* Сепак, најубаво е да биде Република Македонија. А не како денес сме или БЈРМ – бајрамска држава или ФИРОМ – фира држава, не дај Боже!

Мојот прилог „Добровечер, добра вечер, добар вечер“ во ЈК (НМ, 9. 10. 1983) не наиде на дискусија, ниту + ниту. Ама, денес живее и *добровечер* и *добра вечер*. Последниов поздрав се употребува во јазикот на глумците, секојневието и во македонската литература (Малески, Чашуле). Па дури и „добар вечер“ во Охридско, Струшко и Дебарско.

Во весникот „Вечер“ (8-9 февр. 1997) го објавив неологизмот „Градоначалник в село!“ Нелогичност во новата „демократија“? Во социјализмот по толку години никој не успеа селото да го направи град, ниту пак селаните граѓани. Покрај сите напори! А сега, со несреќната наметната територијална поделба, со поставување на ГРАДОначалник, место само НАЧАЛНИК или кмет на село, сите селани станаа граѓани. Тоа не им успеа дури ни на Русите, со без малку еден век социјализам! Ни на Тита. Иако, тој самиот – селанец, не можеше да се сети на ова расипана капиталистичка досетка! Ама и тука има нешто непредвидливо! Замислете да станат општини некои од селата во Преспа: Подмочани, Долно Дупени или Горно Дупени, се едно. Кога би биле само вакви недоследности и непромисленості денес!?

3.

По четврт век најслободна Македонија, никако да се оттргнеме од братската прегратка на српскиот, тогаш српско-хрватскиот или хрватско-српскииот јазик. Сѐ уште, посебно во говорната реч е присутна српската лексика.Така, на пример, за *незадржлив, незапирлив* се употребува неодолив, за *чувство* некои употребуваат осет, *забелешката* е примедба, *покрив* е кров, *урнатина* е рушевина, *подготовка* е припрема, *следи* е прати, *молчи* е ќути. Гледав на тв една готварска емисија во која убавото име *тикварник* стана тиквењак. Немаме ли ние зелник, мазник, кромидарник, подвршник и други? Слично е негирањето во македонските готварски емисии и употребата на бибер за црниот пипер, зашто имаме и црвен пипер и буковска пипер.

Но, и од хрватската не сме побегнале, но малку помалу. Наобразба им звучи подобро од *образование,* а именката „тешкотија“ добива

придавска категорија со додаток за компаратив станува потешкотија. Како суперлативната форма од *јунак, најјунак,* но може и *ѿојунак*

Дури и некои сложени состави се примени, навистина со превод, ама не звучат нашински како за волја на вистината; *ѿолни раце работа* место *многу работа;,* нема шала, за *шеѓата;* месец дена, место само *месец.*

4.

Ама, и нашата политика воведува новоговор. Станавме јазик, којшто ја претпочита множината пред еднината. *Политика* како еднинска форма, речиси не постои, туку само политики: „нашите политики; политиките на државата; политиките во стопанството; надворешни политики“. Господи варди и брани! Народецот наш, а и јас мислам **политика** може да биде само една и единствена: наша, државна, стопанска, надворешна. **Политики** значи променливост, несигурност, недоследност, непостојаност, измрдување, и вака и така. **Политиката** на државата е една, стабилна, сериозна, сигурна, постојана, единствена. Постои разновидна политика во разни сегменти во стопанството, школството, земјоделието, од една единствена политика. **Политики** значи политикантство, интригантство, изигрување. Затоа кај народот наш постои израз: Не кажувај политики! Не прави политики! Не измрдувај!

Така е и со **платформа, програма.** Платформата е само една. Како и програмата. За разни подрачја има разни програми. Множината не ја прави партијата или програмата посилна. Напротив ја ослабнува пораката, зашто во една **политика** на политичарите им се верува малку, а во **политики** народот не верува ич! Затоа, господа политичари, употребувајте ја еднината како одмерена форма за пропаганда. Со употребата на множина, кога граматичката и човечка логика бара еднина, политичката порака е контрапродуктивна.

Несфатлива е променатн на името на некои дамнешни здравствени организации како што беше и уште е понекаде Брза помош. Од министерот за здравство слушаме Итна помош. Дали ита или брза е сѐ едно. Главно е да стигне навреме. Дали е земено од српското Хитна помоќ, не знам, ама поарно е да си ја остави старата и препотребна Брза помош. Министерот нека ита со набавка на нови амбулантни коли, нека им даде работа на безработни доктори, сестри, лаборанти, а имињата нека си останат стари, какви што биле последниве седумдесеттина години!

Модерново време ни донесе, по некаде, посебен политички речник: *бенефит* за бенефиција, *таргет* за цел, па *таргетира, таргетирање,* насекаде *аѿликација, аѿлицира, аѿлицирање* за пријавување, примена, украсување (при интарзија, бојадисување, крпење), корисничка програма.

Ама ајде, место да се употребат попрецизно повеќе зборови, доста е еден еден за сите. Кој разбрал – рабрал, кој не рабрал –не разбрал. Политичко замаглување!

Таман се спасивме од српско-хрватското влијание, не јавна анлиското, посебно кај компјутерие. Скоро не знаеме да речеме- добро, да, во ред, туку *О.К.* Па велиме *лобирање, логира, аклодира, конекција, камбек, ремејк, ајфонизција.*

Вака изгледа нашата лексичко-правописна слика во пишаната реч на македонскиот печат, главно коректна.

5.

Паравоговорната јазична ситуација изгледа потрагична. Секоја чест на оние коишто водат сметка на јазичната култура, односно коректност. Ама, во некои тв-станици, некои новинари не ги познаваат основните интонациски конструкции на реченицата. Не се почитува интерпункцијата, изговорот на одделни зборовни состави, акцентските блокови и нелогичен крај на мислата. Просто, некои новинари почнувајќи ја реченицата изговараат како да трчале 100 метри спринт и дошле пред микрофонот и екранот и ти се чини ќе се задушат кутрите. Независно каков е интерпункцискиот знак на крајот, изговорот е како на почетокот од реченицата. Во тв-јазикот на мнозина новинари не се почитуваат принципите на енклитики и проклитики. Скоро постојано, со ретки исклучоци, енклитиките ги нема и слушаме на‘ те’бе, о’д ме’не, со’ не’го место да се поврзат со еден заеднички наглас *на’-шебе, до’-мене, со’-него.* (знакот е за да се обележи акцентот).

Посебно прашање што се налага самото по себе е етикетирањето на анкетираните лица на телевизија. Новинарот како да заборавил, ако воопшто знаел или учел некаков начин на обраќање дека кон соговорникот е неизбежно да му се обрне со *господин/госпоѓа.* Ако е некој министер, условно, со име Петар Николовски, новинарот обично вели: „Разговараме со министерот Петар Николовски“ и потоа продолжува „Министре Николовски“, но и често „Министре Петар... што мислите за бегалската криза?“ Обраќање како кон најдобар другар, а не службеник кон кој треба да речеме *Господине министре* со напомнување/ненапомнување на името или презимето, туку само неутрално, како за секој непознат господов човек: *Госпоѓо министерке, господине директоре, господине претседателе.* По ставањето на господине/госпоѓо + функцијата – како најважен белег, може, но не мора да се стави името. Со името или презимето се оди во приватноста, а тоа не може да се поврзува со функцијата. Функцијата бара неутрална етикетација! Одвај се одвикнавме

од *другар, другарке, другар шефе, другарке директорке* и сега се срамиме да речеме *господине/госпоѓо.* Ај, господе Боже!

6.

Јазичното катче на Корубин водеше сметка за правилна употреба на книжевната македонска реч. Таква е и целта и на Друштвото за македонски јазик, како и на Институтот за македонски јазик,

Филозофскиот факултет во Скопје и катедрите на другите универзитети низ Македонија. Меѓутоа, се чувствува пасивност за состојбата на денешниот, секојдневниот говорен и писмен јазик. За илустрација ќе наведам неколку примери од јазината практика на некои народи. Српскиот лингвист академик Иван Клајн во НИН има високостручно објаснување за лексички, синтаксички и стилистички посебности за современиот српски јазик. Дури и во белградските автобуси на прозорците висеа објаснувања за некои зборови и изрази со грешна и правилна употреба. Симпатично и ненаметливо. Во свое време на словенечкото радио и на тв постоеше емисија под името „5 минуту за подобар јазик“(преводов е мој) што ја водеше до смртта академик Јоже Топоришич, а продолжува и денес во видоизменете форма. На полската прва или втора тв-програма во живо 15 минути одговара еминентниот полонист професорот Јиржи Пралчик на јазични прашања од слушателите. На хрватската тв Томислав Ладан одговараше на многу проблематични кроатистички прашања со неговата полиглотска виртуозност. Заради неговиот светопоглед и полиглотски познавања, емисиите се следеа како молитва. Бохемистот на љубљанскиот филозофски факултет Иван Урбанчич објави книга за чешката јазична култура: говорна и писмена. Таква слична не се појави во Словенија за словенечкиот јазик. Се размислува ли за тоа кај нас?

Кај нас практични поглавја за современиот јазик пред годин имаше на тв-емисиите академик Блаже Ристовски. Денес, некои македонски тв имаат некакво-никакви јазични трепети што траат пократко отколку рекламите за „Пелистерка кола“.

Поуки за јазикот имаше некогаш во *Македонски јазик* и *Литературен збор,* ама во секојдневниот печат – нигде ги нема.

Синхронизирањето на турските серии на македонските тв-програми имаат големо значење за усвојување на македонската култура на говорот. Влегува македонската говорна музика во ушите на слушателот. Аргументите дека се губи оригиналниот јазик и, ѓоа, поарно било да се читаат поднасловите, звучи многу неубедливо. Ако сака да гледа некој стрип на телевизија, нека ги чита поднасловите, а истовремено не може го слуша оригиналниот изговор. Велат – така се учи јазикот. Не сум чул

досега некој да научил англиски од филмови на тв. Со читање на текстот од екранот се пропушта лицето и облеката на движечките слики, околината, зградите, патиштата, машините и раскошот на природата со еден збор – декорот. А тоа да го пропуштиш е злочин.

Една скромна забелешка. Артистите во сите синхронизирани серии се перфектни. Чиниш положбата на усните од изговорот е оригинална. Ама, кога ќе чуеш исти глумци, со исти гласови во разни филмови, почнуваш да се чудиш! Веројатно, затоа што артистите се само од скопските театри. За да се разбие оваа монотонија, нема да биде лошо ако се земат артисти од театрите од Велес, Прилеп. Битола, Охрид, Штип и од други места. Така ќе се освежи говорот, а и глумците од другите театри ќе добијат некој денари!

7.

Употребата на македонскиот јазик по несреќниот Охридски договор се ограничи. Иако во него е предвидено таму каде што се употребаат два јазика покрај македонскиот, треба да стои и јазикот на малцинкиот народ или народност. Арно, ама не е така. На државниот Универзитетот во Тетово во писмената администрација се употребува само албанскиот. Македонски нема. Така и во јавните натписи на општините со мнозинско албанско население: прво албанскиот и на второ место македонскиот. Катастрофално е барањето на албанските политички партии да се воведе тој на целата македонска територија. Блазе ни! Јазична окупација без војна!

8.

Допишано:

Таман го заклучив своето ортографско, ортоепско и лексичко размислување поврзано со горната тема, кога, замислете, на 1. април, не е шега, во НМ ме развесели статијата „Те чекам на пјацета“ од заменик главен и одговорен уредник на весников Марјан Велевски. Фала ти Тебе, Господи Боже што уште некој пишува за јазиков наш денешен! Од господинот Марјан Велевски неколкупати сум прочитал издржани прилози за современата состојба на македонскиот јазик. Неговиот напис не е во катче или ќоше, туку е на цела страница! Се работи за еден новотворен збор примен некритички, без наводници, а тој е *пјацета?* Во прво време и јас се збунив! Ама по читањето на статијата од М. Велевски се присетив на *Пјаца Сан Марко во Венеција, Пјаца Кардинале во Рим, Пјаца Понте росо во Трст* по коишто пред години сум минувал. И веднаш помислив дека *пјацета* е деминутив од *пјаца*, на српски *пијац,* на хрватски *трг*, нашински *пазар* од базар (Бит пазар, Ат пазар, Кванташки

пазар). Постои и *Градско пазариште,* за голем градски пазар. *Пјацета* е *пазарче* (како Зелено пазарче), можеби *тржница* на хрватски. И зборот *трг* како и *пјаца* претставуваат четириаголни поплочени широки градски простори, обично во центарот, заобиколен со убави високи згради, цркви, дуќани, кафеани, наменети за масовни собири, митинзи, протести, паради, прошетки. Во средниот век *полоштад, пјаца, пијац, пазар, трг* биле места каде што се тргувало, обично на тезги, кои се поставувале наутро и попладне се повлекувале и широкиот простор станувал слободен. Денес пазарите се преселиле на други места во хали, холови, покриени пазари, безистени, маркети, супер/хипер маркети, хаусхофи, стоковни куќи. Всушност, и етимологијата на Трст е од латинската сложенка trg este, ра Trieste – трговски центар и по наше Трст.

Вакви прилози се и одбрана на името на нашата земја. Се брани македонскиот јазик од криумчарење на непоканети туѓинки, како што се брани и Македонија од агресивните лицемерни наши „пријатели“ што сакаат да не снема прво како име, а потоа како јазик. Или обратно. Сè едно!

811.163.3'367.625.44

Елизабета БАНДИЛОВСКА

ГЛАГОЛСКАТА ПРИДАВКА КАКО ХОМОНИМИСКИ ПАРНИК

Апстракт: Глаголските придавки имаат вообичаена и честа употреба, како и секоја обична описна придавка, чија семантичка парафраза е во директна врска со мотивирачката глаголска основа, претставувајќи го основното глаголско значење: *дупната гума* (што има дупка), *лупено јаболко* (што е без лушпа, добиено со лупење), *мелено кафе* (што е на ситни парчиња или во прав, добиено со ситнење), *полнети пиперки* (што се добиени со полнење). Она што ја доближува глаголската придавка до категоријата на придавките се случаите кога таа поседувајќи својства на придавка се однесува како типична описна придавка, односно остварува атрибутска служба и прејавува можност за супстантивизација, па дури и за целосно преминување во категоријата на именките (*минато, пишано, предено, речено, судено, сучено*). Вистински знак или показател дека една глаголска придавка целосно преминала во категоријата на описните придавки е моментот кога таа ќе оствари преносно значење, а способноста за такво остварување не е особина што ја поседува секоја глаголска придавка. Однесувајќи се како и секоја друга описна придавка, која се реализира само во своето основно значење или развива и преносно значење, глаголската придавка поседува определени семантички признаци кои ги откриваат и ги опишуваат внатрешните или надворешните особини на поимот што го определуваат и кои произлегуваат од блиската семантичка врска со мотивирачката глаголска основа. Истовремено, тоа значи дека глаголската придавка поседува способност за различни семантички и асоцијативни поврзувања од синтагматски и од парадигматски карактер. Предмет на интерес во нашиов труд ќе биде учеството на глаголската придавка во градењето на хомонимиските односи, односно застапеноста на глаголската придавка во хомонимиските парови.

Клучни зборови: глаголска придавка, значење, парови, поврзување, хомоноимија.

Глаголите како мотивирачка основа за изведување описни придавки заземаат посебно место во покривањето на семантичкиот простор што ѝ припаѓа на оваа категорија придавки. Специфичноста се должи на присуството на извесен број придавки кои претставуваат партиципи во старословенскиот јазик и во некои современи словенски јазици, како и на сè поизразениот степен на адјективизација на

единствениот зачуван партицип во македонскиот јазик претставен преку глаголската придавка. За разлика од она што се нарекува *остатоци од партиципските форми* кои наполно преминале во категоријата придавки, глаголската придавка се наоѓа на границата помеѓу глаголите и придавките, односно во зависност од својата контекстуална употреба, може да се однесува како типична или чиста описна придавка или да претставува име на глаголското дејство, какво што е нејзиното прејавување во глаголските конструкции со помошните глаголи *има* и *сум*.

Она што ја доближува глаголската придавка до категоријата на придавките се случаите кога таа поседувајќи својства на придавка се однесува како типична описна придавка, односно остварува атрибутска служба и прејавува можност за супстантивизација, па дури и за целосно преминување во категоријата на именките, на пример: *готвено, крадено, минато, печено, пишано, предено, речено, судено, сучено*. Вистински знак или показател дека една глаголска придавка целосно преминала во категоријата на описните придавки е моментот кога таа ќе оствари преносно значење што ѝ овозможува, од една страна, поголемо оддалечување и значенско разликување од мотивирачката глаголска основа и, од друга страна, попримање на квалификативна семантичка вредност и навлегување во категоријата на придавките.

Теоретски, атрибутивна служба може да вршат сите глаголски придавки, но способноста за остварување преносно значење не е особина што ја поседува секоја глаголска придавка. Потврда на оваа констатација е начинот на кој се бележат глаголските придавки во ТРМЈ. Имено, се добива впечаток дека статус на одделни лексички и лексикографски единици добиваат: 1. глаголските придавки со ново, самостојно или потврдено преносно значење (*бакарисано лице, валкани игри, жигосан човек, кален борец, мрдната жена, пепосано лице*); 2. глаголските придавки со постигнат висок степен на адјективизација и изразена квалификативна семантичка вредност (*биено сирење, варена пченица, игран филм, идна сопруга, итен случај, ковани пари, образовани луѓе, пишан текст, плетена кошница, ценети својства*) и 3. глаголските придавки кои високиот степен на адјективизација може да го заменат со супстантивизација (*женет, заразен, казнет, љубен, паднат, познат, ранет, сакан, учен*). Тоа значи дека во Речникот нема да сретнеме глаголски придавки кои имаат вообичаена, честа употреба како и секоја обична описна придавка чија семантичка парафраза е во директна врска со мотивирачката глаголска основа, претставувајќи го основното глаголско значење, односно нема да сретнеме примери од типот: *бликнати солзи* (што течат силно, во изобилство), *варосана куќа* (што е бела поради

белење со вар), *ветена награда* (што е дадена како ветување), *вратен долг* (што се дава назад нешто претходно земено), *дупната гума* (што има дупка), *зинатата уста* (што е со отворена уста), *крпени панталони* (што се поправени, пополнети да нема дупки), *лупено јаболко* (што е без лушпа, добиено со лупење), *мелено кафе* (што е на ситни парчиња или во прав, добиено со ситнење), *полнети пиперки* (што се добиени со полнење), *светнати чевли* (што блескаат поради добро чистење) итн. Потврда за присуството на ваквите глаголски придавки наоѓаме во народната и во уметничката литература, а нивната речничка необележаност само го потврдува фактот за честата и сосем обична атрибутска служба на глаголската придавка, изразувајќи го високиот потенцијал за вакви образувања што го поседуваат сите глаголи, како и големата распространетост на глаголската придавка како чиста, типична описна придавка во македонскиот јазик.

Идентификацијата на глаголската придавка изведена од непрефиксирани глаголи, било таа да претставува ознака за глаголското дејство или да претставува одраз на глаголското дејство, не секогаш претставува лесен и граматички едноставен процес. Ваквата тешкотија се должи, од една страна, на морфолошката сличност со одделни истокоренски деноминални образувања, а од друга страна, забуна може да предизвикува и самото девербативно потекло на придавката т.е. дали таа е глаголска или е образувана со помош на суфиксот *-ен*. Повод за ваквото размислување наоѓаме и во различното толкување на некои изведени придавки застапени кај одделни автори што го остава, барем засега, отворено прашањето за разграничувањето на ваквите образувања според зборовната структура во однос на мотивирачката основа и според начинот на девербативното образување како суфиксно или како партиципско по пат на адјективизација. Така, на пример, придавката *виден* кај Б. Марков (Марков 1988:106) има статус на глаголска придавка, К. Конески (Конески К. 2003:111) ја бележи како девербативна придавка образувана со суфиксот *-ен*, додека кај Љ. Стефановски (Стефановски 1985:56) таа се наоѓа меѓу примерите со двојна мотивација што значи дека може да биде и деноминална, изведена од именката *вид*. Несомнено е дека во нашиот јазик постојат вакви придавки кај кои е многу тешко да се дефинира мотивирачката основа. Тоа го забележува уште Б. Конески во својата Граматика (Конески Б. 1976:318) наведувајќи ја придавката *работен* како форма каде што е можна двојна интерпретација, односно како мотивирачка основа може да се јават и именката *работа* и глаголот *работи*. Кај ваквите придавки двојната мотивација е одразена и во самата семантичка парафраза така што е тешко да се открие дали нивната основа е од именско или од глаголско потекло и според тоа да се детерминираат

како деноминални, девербативни или како глаголски придавки. Нашата анализа покажува дека меѓу речнички обележаните описни придавки со двојна мотивација постојат и таквикои истовремено прејавуваат тројна семантичка интерпретација, а ова ќе го илустрираме преку придавката ***димен***. Во ТРМЈ оваа придавка е претставена во систем од три семантички дефиниции кои се разликуваат и според значенската и според зборообразувачката структура: првото значење е деноминално (што е од дим – *димна завеса, димни облаци*), а второто и третото значење 2. што дими (*димен барут, димна бомба*), 3. што е изложен на дим подолго време, што има мирис на дим (*димено месо, димено сирење*) прејавуваат блискост со двете значења на глаголот *дими*: 1. прави, испушта дим; 2. држи, изложува нешто на дим, но во второто значење придавката *димен* се реализира како девербативна придавка образувана со суфиксот *-ен* (*димен барут = барут што дими*), а во третото значење е глаголска придавка (*димено месо = месо што е добиено со димење*).

Решението за ваквите гранични придавки со двојна мотивација и двојна или тројна семантичка интерпретација можеби треба да се бара во одделувањето на вака претставените форми и нивно речничко претставување како хомонимиски единици кои ќе го отсликуваат не толку двојството во однос на мотивирачката основа, туку недвосмислено ќе укажуваат на именското или на глаголското потекло на описната придавка во однос на самостојната употреба на описната придавка која претставува глаголска придавка и покажува формално совпаѓање, но не и значенско изедначување со образувањата со ист суфикс и од ист корен. Еден ваков случај претставуваат речнички обележаните хомонимиски форми: *заразен*[1] 1. што има зараза, што содржи зараза (*заразена крв*); 2. како им. заразено лице (*расте бројот на заразените*) која претставува глаголска придавка изведена од глаголот *зарази* и *заразен*[2] 1. што заразува, што предизвикува зараза (*заразна болест*); 2. (прен.) што се пренесува лесно од еден на друг (*заразна смеа*) која претставува деноминална придавка изведена од второто значење на именката *зараза*: процес на пренесување заразна болест од еден организам на друг.

Тргнувајќи од ваквото речничко решение и имајќи ја предвид богататасемантичка содржина со која располагаат глаголските придавки, а особено можностите за нивно асоцијативно парадигматско поврзување како и сите други описни придавки, во продолжение ќе се задржиме на глаголските придавки во рамките на хомонимиските односи и нивното учество во формирањето на хомонимиските парови. Но најпрвин да дефинираме неколку основни поими кои се однесуваат на хомонимијата.

Лексичката хомонимија ја сфаќаме како појава од несистемски карактер што се јавува како резултат на совпаѓањето меѓу материјалните

форми на две или повеќе различни лексеми и претставува одраз на неутрализацијата на формалните разлики меѓу нив. Велиме дека е појава од несистемски карактер затоа што врската што постои меѓу хомонимиските лексеми не е врска што ги обединува и ги систематизира како лексички единици во јазикот туку ги раздвојува, односно меѓу нив постои врска на значенско одделување и исклучување, врска која ги оттурнува во контекстот и ги прави меѓусебно неповрзани. Лексичката хомонимија ја дефинираме како релација меѓу две или повеќе лексеми од иста зборовна група кои имаат иста форма и различни, семантички неповрзани значења. Во однос на поделбата, разликуваме два вида хомонимија: *права (вистинска) хомонимија* која ги опфаќа хомонимиските лексеми кои се совпаѓаат целосно, во сите граматички форми или делумно, само во некои од надворешните облици и *неправа (невистинска) хомонимија* која ги опфаќа хомонимиските лексеми што се совпаѓаат само во пишаната форма или само во изговорот.

Правото да ги наречеме полни хомоними им припаѓа на оние лексички единици кои потекнуваат од иста зборовна група и имаат потполно исти, идентични материјални форми според сите надворешни карактеристики што ги прејавуваат во изговорот и во писменото изразување. Разгледувајќи го инвентарот на описните придавки во македонскиот јазик, забележавме отсуство на вакви хомонимиски форми меѓу простите, неизведени придавки. Овој факт зборува за цврстата позиција на примарната атрибутивна номинација во зачувувањето на значенската идентификација преку себесвојствена формална разновидност. Очекувано, примерите за полни хомоними ги сретнавме меѓу изведените описни придавки од кои овде наведуваме три случаи во кои учествува глаголската придавка изведена од непрефиксирани глаголи:

воден[1], *водениот* повеќезначна глаголска придавка од глаголот *води*: *водени за рака, воден од скромност;*

воден[2], *водениот* од именката *вода* со значење *што е мокар, накиснат: водена кошула, водена земја, водени камења;*

носен[1], *носениот* од глаголот *носи* со значење *стар, ветов (за облека, чевли): носена кошула, носена капа, носени чевли;*

носен[3], *носениот* глаголска придавка од глаголот *носи* (2. значење на глаголот) со значење *што е носен, што некој го носел: носен џемпер, носени панталони;*

точен[1], *точениот* глаголска придавка од глаголот точи[1] (1. значење на глаголот) со значење *што е налеан: точено вино;*

точен[2], *точениот* од глаголот точи[2] со значење *што е наточен, наострен, остар; спрот. тап: точен нож, точена коса*.

Реализацијата на хомонимиските лексеми во однос на формалното изедначување е предизвикана од следниве лексичко-граматички елементи: 1. иста зборообразувачка основа која семантички привлекува кон истото значенско јадро од кое преземајќи во својот семски состав различни семи, истовремено двете лексеми се оттурнуваат една од друга и остваруваат различни семантички содржини; овој процес е забележлив кај хомонимискиот пар*носен*[1] *и носен*[3] (> од носи); 2. формално ист корен во зборообразувачката основа, но со различна семантичка вредност што доведува до целосно или делумно идентичен фонемски состав и разлика во една фонема, предизвикувајќи целосно графичко поклопување кај двете коренски лексеми, како што се примерите*воден*[1] (> од води) и *воден*[2] (> од вода) и и *точен*[1](> од точи[1]) и *точен*[2] (> од точи[2]).

Називот делумни хомоними се однесува на оние лексички единици кои, исто така, потекнуваат од иста зборовна група, но немаат потполно исти, идентични материјални форми според сите надворешни белези, односно се совпаѓаат само во некои од граматичките форми со кои се појавуваат во изговорот и во писменото изразување. И овде отсуствува хомонимиското поврзување меѓу простите, неизведени описни придавки, а забележаните примери на формално изедначување потекнуваат од редовите на изведените описни придавки во македонскиот јазик.

варен[1], *варениот* глаголска придавка од глаголот *вари* со значење *што е приготвен со варење (за храна): варена пченица, варено јајце, варено јадење;*

варен[2], *варниот* од именката *вар* со значење *што е од вар: варни соли;*

димен[1], *димниот* од именката *дим* со значење *што е од дим: димна завеса, димни облаци;*

димен[2], *димениот* глаголска придавка од глаголот *дими* (2. значење на глаголот) со значење *што е изложен на дим подолго време, што има мирис на дим: димено месо, димено сирење;*

дробен[1], *дробниот* од стсл. именка дробь со основно значење *што е мал, ситен: дробна песок, дробно лице, дробни чекори;*

дробен[2], *дробениот* глаголска придавка од глаголот *дроби* со значење *што е исечен или искршен на парчиња: дробен кромид, дробен тутун, дробена руда;*

јаден[1], *јадниот* од именката *јад* со основно значење *кутар, тажен, жален: јаден човек, јадна душа;*

јаден[2], *јадениот* глаголска придавка од глаголот *јаде* со значење *што не е гладен, сит, најаден: јадена сум, децата се јадени;*

кален[1], *калениот* глаголска придавка од глаголот *кали* со основно значење *што станал многу тврд со калење (за метал): кален челик, калени парчиња метал;*

кален[2], *калниот* од именката *кал* со значење *што е со кал, што има, содржи кал: кален пат, кална улица, кални реки;*
кршен[1], *кршениот* глаголска придавка од глаголот *крши* со значење *што е скршен, што не е цел: кршен леб, кршени ореви;*
кршен[2], *кршниот* од глаголот *крши* (2. значење) со значење *што е со убав, строен стас: кршна става, кршни моми;*
роден[1], *родениот* глаголска придавка од глаголот *роди* со основно значење *што се наоѓа во најблиско крвно родство: роден брат, родена сестра, родени деца;*
роден[2], *родниот* од именката *род* со основно значење *што дава род, плод: родна земја, родно дрво;*
суден[1], *судениот* глаголска придавка од глаголот *суди* со значење *што е предодреден од некого или од нешто: судена невеста, судено патување;*
суден[2], *судниот* од именката *суд* со значење *што е тежок, мачен, краен: суден час, суден ден, судни маки;*
сушен[1], *сушениот* глаголска придавка од глаголот *суши* со значење *што е приготвен со сушење: сушено месо, сушени сливи;*
сушен[2], *сушниот* од именката *суша* со значење *што нема или има недоволно врнежи: сушна земја, сушна година, сушно лето;*
темен[1], *темениот* од именката *теме* со односно значење: *темена коска, темена површина;*
темен[2], *темниот* од стсл. именка тьма со основно значење *мрачен, неосветлен: темна соба, темна ноќ, темни зори;*
чуен[1], *чуениот* глаголска придавка од глаголот чуе со значење *што е познат, за кого се знае од слушање: чуен јунак, чуена мома;*
чуен[2], *чујниот* од глаголот чуе со значење *што може да се чуе: чујно шепотење, чујни звуци*.

Реализацијата на хомонимиските лексеми во однос на делумното формално совпаѓање е предизвикана од два лексичко-граматички елементи, карактеристични и за полните хомоними: 1.иста зборообразувачка основа која семантички привлекува кон истото значенско јадро од кое преземајќи во својот семски состав различни семи, истовремено двете лексеми се оттурнуваат една од друга и остваруваат различни семантички содржини; овој процес е забележан кај поголемиот дел од хомонимиските парови: *димен*[1] *и димен*[2] (> од дим), *дробен*[1] *и дробен*[2] (> од дробь), *кршен*[1] *и кршен*[2] (> од кръх), *роден*[1] *и роден*[2] (> од род), *суден*[1] *и суден*[2] (> од суд), *сушен*[1] *и сушен*[2] (> од сув), *чуен*[1] *и чуен*[2] (> од чуе); 2. формално ист корен во зборообразувачката основа, но со различна семантичка вредност што доведува до делумно идентичен фонемски состав и разлика во една фонема, предизвикувајќи целосно графичко поклопување кај двете коренски лексеми, на пример: *варен*[1] (>

од вари) и *варен*[2] (> од вар), *јаден*[1] (> од јад) и *јаден*[2] (> од јаде), *кален*[1] (> од кали) и *кален*[2] (> од кал), *темен*[1] (> од теме) и *темен*[2] (> од тьма).

Анализата на речничкиот материјал опфатен во ТРМЈ покажува дека ниту македонскиот јазик не е исклучен од проблемите и блиските содејства како придружни елементи што ја следат хомонимијата во нејзиното лексичко-лексикографско прејавување. Но истовремено, откриваме и еден многу интересен и сè уште докрај неразрешен јазичен проблем. Имено, ако ги погледнеме случаите на хомонимиско поврзување меѓу полните и особено меѓу делумните придавски хомоними, забележуваме дека во хомонимиските парови големо учество имаат токму глаголските придавки. Ова доволно јасно зборува за постоењето на едно отворено и предизвикувачко јазично прашање во македонистиката и потребата од негово актуализирање и конечно дефинирање, а тоа е статусот на глаголската придавка во лексиката и нејзиното лексикографско претставување. Сметаме дека голем дел од глаголските придавки го имаат постигнато степенот на адјективизација и типична атрибутивна употреба карактеристична за описните придавки. Во прилог на ова наше мислење оди и фактот што сè поголем станува бројот на глаголските придавки кои развиваат преносни значења и се јавуваат како составен дел од синонимиските, антонимиските и хомонимиските поврзувања во рамките на парадигматските односи.

ЛИТЕРАТУРА

Бандиловска-Ралповска, Елизабета (2016), Парадигматските односи кај описните придавки во македонскиот јазик, ИМЈ „Крсте Мисирков“,Скопје.
Вътов, Върбан (1998), Лексикология на българския език, Абагар, Велико Търново.
Гортан-Премк, Даринка (1997), Полисемија и организација лексичког система у српскоме језику, Институт за српски језик САНУ, Београд.
Група автори (2003-2014), Толковен речник на македонскиот јазик,
том 1-6, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.
Драгићевић, Рајна(2001), Придеви са значењем људских особина у савременом српском језику (творбена и семантичка анализа), Институт за српскиСАНУ, Београд.
Драгићевић, Рајна (2007), Лексикологија српског језика, Завод за уџбенике, Београд.
Конески, Блаже(1976),Граматика на македонскиот литературен јазик, Просветно дело, Скопје.

Конески, Кирил (2003), Зборообразувањето во современиот македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“,Скопје.
Макаријоска, Лилјана (2009), Студии од историското зборообразување, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.
Марков, Борис (1988), Образување на придавките во македонскиот јазик, Огледало, Скопје.
Skok, Petar (1971-1974), Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, JAZU, Zagreb.
Стефановски, Љупчо(1985), *Девербативни атрибути во македонскиот и англискиот јазик – контрастивна анализа*(Докторска дисертација во ракопис), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

811.163.3'373.231

Снежана ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА

АСОЦИЈАТИВЕН АНТРОПОМАСТИКОН
(врз примери од некои македонски машки лични имиња)

Апстракт: Асоцијативниот модел на истражувања на јазикот може да се употребува во различен опфат, почнувајќи од селектирана лексика што се јавува како стимулус преку асоцијативни тестови (анкети) од кои произлегуваат асоцијативите. Личното име е предмет на истражување на ономастичарите, но може да се разгледува и од социолошки, психолошки и комуниколошки аспект. Направен е еден преглед со асоцијативниот метод преку анкета во која се јавуваат како стимулуси десет машки лични имиња (Александар, Димитар, Јован, Костадин, Петар, Борис, Никола, Стојан, Владимир и Илија), дадени се асоцијативите од избраните примери.

Клучни зборови: асоцијативи, стимулуси, ономастика, македонски јазик, машки лични имиња, асоцијативен антропономастикот.

Личноименскиот фонд кај Македонците досега бил разгледуван од различни апспекти. Во денешни услови на брза и неограничена, речиси безвременски омеѓена, комуникација контактите на целото општество се отворени и достапни до крајни размери. Останува една точка на идентификација преку личното име, име кое го добива секоја единка со раѓањето, а притоа нема моќ бидејќи тоа го определуваат други. Овде правиме една сосема поинаква анализа преку асоцијативниот метод на поврзување на зборовите со една слика за претставата што се добива од стимулуси од најчестите имиња кај Македонците во денешни услови. Фреквенцијата кај личните имиња кај определен етнос е варијабилна и зависи од многу фактори. Треба да се спомене дека вака може да се добие една претстава за параметрите меѓу актуелната јазична стварност и традицијата.

Ономастичката дескрипција, гледана општо, наметнува една строга акрибија кон толкувањето на личните имиња, а во тие рамки се движат и истражувањата во македонската ономастика. Речиси сите македонски ономастичари се зафаќале за толкувањето на личните имиња или за избор од нив. Исто така секоја личност е заинтересирана за семиотиката на сопственото име или за значењето на имињата на своите блиски.

Асоцијативните тестови во вид на анкети го отвораат прашањето за концептуалниот модел за градењето на сликата на светот. Тие се непостојани затоа што истите стимулуси ќе дадат различни резултати кај различни возрасни популации, временски отсеци, општествени услови итн. Употребата на асоцијативниот модел за истражување на личното име овозможува групирање и создавање на т.н. асоцијативен антромономастикон кој ќе го отслика она што го имаме во менталниот лексикон во врска со претставата за одделни лични имиња. Граматички гледано личните имиња се со редуцирана семантичка карактеристика, а постојана цел е да се открие мотивираноста на значењето која може да биде сосема замаглена од почетниот импулс. Во поглед на граматичките категории се јавува определена селективност бидејќи секоја маркираност може да значи определена стилска обоеност и носи емотивна квалификација. Така на пример отсуствува категоријата број, определеност (бидејќи самите по себе се определени), но се среќаваат примери за двојна маркираност.

Асоцијативниот модел на истражувања на јазикот може да се употребува во различен опфат, почнувајќи од селектирана лексика што се јавува како стимулус преку асоцијативни тестови (анкети) од кои произлегуваат асоцијативите. Личното име е предмет на истражување на ономастичарите, но може да се разгледува и од социолошки, психолошки и комуниколошки аспект. Овде претставуваме само дел од истражувањата вршени со помош на асоцијативниот метод. Во анкетата беа дадени стимулуси од 10 машки и 10 женски лични имиња избрани според фреквенцијата на личноименскиот фонд кај Македонците. За оваа пригода се обработени резултатите од 50 испитаници (жени, мажи и неопределени), на возраст од 18 до 60 години од различни градови од Македонија. Направен е еден преглед со асоцијативниот метод преку анкета во која се јавуваат како стимулуси десет машки лични имиња (Александар, Димитар, Јован, Костадин, Петар, Борис, Никола, Стојан, Владимир и Илија) и десет женски лични имиња (Марија, Елена, Александра, Катерина, Билјана, Снежана, Ана, Ведрана, Софија и Јулија). Женските имиња се прикажани во истиов зборник од д-р Билјана Маленко. Дадени се асоцијативите од избраните примери и се сумирани резултатите од истражувањето преку пресек на добиените одговори од испитаниците.

Анализата на анкетите ја насочивме кон неколку групи асоцијативи, според фрквенцијата од анкетата и според заеднички карактеристики. Се издвоија: имињата од христијанската религија(светец, празник, црква), имиња од македонската историја (културни дејци, политичари), локалитети, имиња на познати светски личности, имиња на

роднини (блиски пријатели, соседи, соработници), ставови од лично искуство, општи квалификации и без коментар.

АЛЕКСАНДАР	**грч. ј. „заштитник на мажите“; „заштитник на луѓето“**
	Име на личност од македонската историја: Македонски 20, Александар Македонски 15, А. Македонски 10, Александар Велики 3, Велики 3, ме потсетува на Александар III Македонски, АлександарIII. **Локалитет:** Аеродромот во Скопје 3, фонтаната. **Име на роднина или име на блиска личност:** другар 2, Аце, Леко- маскота на спорт, брат ми, дечкото од цимерката, Александар татко ми, Александра, Александар од мојот клас во средно, чичко, братучед, пријател. **Воопштено:** личност, лично име, светла и успешна личност. **Име на животно:** папагал. **Етник:** Македонец.
Коментар	Како асоцијатив на стимулусот Александар во најголем број случаи се јавува поврзувањето со славниот македонски војсководец Александар Македонски како дел од античката македонска историја. Според статистиките тоа е најчесто и најубаво име (според анкети) за Македонците. Поврзаноста со локалитет е именувањето на некои градби во последно време според иваа личност. Во помал број се примерите каде асоцијативи се јавуваат познати личности на испитаниците.

ДИМИТАР	грч.ј. од Димитри, „посветен на божицата на плодноста“; „земјин род“ или оној што и е посветен на божицата Деметра“
	Имиња на познати личности: Миладинов 15, Димитар Миладинов 11, Димитрија Миладинов, Влахов 7, Димитар Влахов 4, Димитар Беровски, Димитрије Чуповски, Чуповски, Арнаудов, Андонов 2, Андоновски, Д. Ченто, Карајанов. **Име од христијанската религија:** светецот св. Димитрија, чудотворец, св. Димитрија. **На роднина или на блиска, позната личност:** дедо ми 2 , дедо ми Димитар, татко ми, дете на пријатели, дечкото од на работа од летото, дечкото на пријателката, школски од средно, комшијата. **Неопределено:** ситно, на ништо не ме потсеќа, име. **Без одговор** 1.

Коментар	Стимулусот Димитар во најголем број случаи е насочен кон асоцијативот на македонските книжевни дејци Миладиновци. Покрај нив се среќаваат како асоцијативи и други личности од македонската историја (Влахов, Беровски, Чуповски и др.) и познати личности. Поврзаноста со христијанската религија е преку чудотворецот Димитрија. Одделно се примерите каде асоцијативот е според личното убедување и искуство на испитаниците.

ЈОВАН	евр.ј. „голема желба“, библиско име ; евр.ј. > грч.ј. „ господ се смилувал“
	Име од христијанската религија: Крстител (13), св. Јован (8), Јован Крстител(6), св. Јован Крстител(3), Св. Јован Бигорски (4), манастирот Јован Бигорски, апостол Јован, св. Јован (празник) на празникот св. Јован, верски празник. **Име на познати личности:** Јован Јованов, пеач, Јованов (2); Рамов. **На роднина или на блиска, позната личност:** Јован проф. по мак. во „Панче Арсовски“, проф. по македонски јазик; име(2), другар, братучед, другар, симпатија на другарка; мојата прва симпатија; првиот симпатија од I одд. **Според лично искуство и убедување:** дињa, шајче, мака, предаденост, 20 јануари мој роденден. **Без одговор** 1.
Коменатар	Најголем број асоцијативи се кон светителот Јован и празнувањата поврзани со него. Кон Јован Крстителот се надополнуваат и Јован Бигорски и манастирот. Се среќаваат, исто така, и познати личности (Јован Јованов, Рамов). Другите асоцијативи се поврзани со лично искуство, почнувајќи од личности што им се познати на испитаниците или настани поврзани за нив.

КОСТАДИН	од Константин, од лат.ј. „постојан“; „постојан, цврст; спокоен“
	Имиња на познати личности: Миладинов(13), Константин Миладинов (6), браќата Миладиновци (3), Костадин од делата на македонските писатели, на лекцијата за Костадин М. ; Костадин Војводата личност од стара македонска песна од која е опишан период кога Македонија е под Османлиско ропство. **Име од христијанската религија:** св. Костадин (3), свети Костадин и Елена, и Елена. **На роднина или на блиска, позната личност:** Костадиноски, Костадин Тапа, другар ми, другар; лично име (4), име, личност (2). **Според лично искуство и убедување:** мушмул, цар, македонско творештво, користољубец, постојаност, пожртвуваност. **Без коментар (8)**

Коментар	Стимулусот Костадин, исто како и во примерите со Димитар, во најголем број случаи е насочен кон асоцијативот на македонските книжевни дејци Миладиновци, наедно тоа покажува и на упатеноста на испитаниците во македонската книжевност. Исто така се споменува и песната за Костадин Војводата. Како асоцијативи се јавуваат и светецот Костадин и верскиот празник Костадин и Елена. Другите примери се од блиски и познати личности, а и од лично искуство поврзано со стимулусот. Изненадува големиот број примери (8) каде што испитаниците не навеле асоцијатив.

ПЕТАР	Грч.ј. „камен, скала“; грч. и лат.ј. „камен, карпа“
	Име од христијанската религија: св. Петар (10), Свети, св. Петар, св. Петар и Павле (3) светец (3), **свети.** **Имиња на познати личности:** Пан (12), Петар Пан (5), Петар Поп Арсов (6), Поп Арсов (5), Арсов, крал Петар, Петар Грашо. **На роднина или на блиска, позната личност:** комшичето, брачед од цимерката, мојот братучед, внук, другар, чувар, клучар, искушение. **На локалитет**: на основното училиште.
Коментар	Најголем број асоцијативи се од христијанската религија, кон светецо Петар, а во еден дел и поврзаноста со св. Павле. Од имињата доминира име на личност од книга Петар Пан, а исто така и македонскиот општествен деец Петар Поп Арсов. Другите примери се од блиски и познати личности, а и од лично искуство поврзано со стимулусот.

БОРИС	**Буг. име со неразјаснето значење; од Борислав, првиот дел од глаголот „бори се, војува“**
	Македонски предвреме починат претседател: Трајковски (23), Борис Трајковски (15), претседател. **Имиња на познати/популарни личности:** Новковиќ (4), Борис Новкович(2), Бизетиќ, Давидов, Борис Режак, Борис Кидрич, Кидрич (2) цар Борис, царот. **На роднина или на блиска, позната личност :** докторот, татко ми, другар на сестра ми, мој другар, сосед, пеач. **Според лично искуство :** пеач, име, руска атмосфера. **Без коментар** 1
Коментар	Испитаниците во најголем случаи како асоцијатив го посочија Борис Трајковски, предвремено починат македонски претседател. Се среќаваат и други познати личности (Новковиќ, Борис Кидрич), исто така и имиња на блиски личности.

НИКОЛА	**Од грч.ј, „народопобедник“; грч.ј. „народот победува“**
	Име и верски празник во христијанската религија: св. Никола(7), св. Никола – слава (5), слава (3), празник св. Никола(2), именден, празник, свети, светец. **Имиња на познати/популарни личности:** Карев (10), Никола Карев (3), Никола Груевски(2), Груевски(6), Никола Тесла (5), Никола Вапцаров (3), Рот (2), Никола Рот, Панев, Ниче, Коперник, Грдевски, Дифтер, Коњо, Кока. **На роднина или на блиска, позната личност:** братучед (2), симпатија, тетин, мојот дедо, бившиот, бившото момче, внук, брат ми, другар ми, другар, комшија. **Според лично искуство:** настан, ОУ, на детска песна,среќа, бериќет, магично чувство.
Коментар	Во асоцијативите од личното име Никола доминира верскиот, христијански празник св. Никола. Кај познатите, популарни личности најголем број испитаници како асоцијатив го наведуваат македонскиот револуционер Никола Карев, потоа следува актуелниот политичар Никола Груевски, но и други македонски и светски личности (Никола Тесла, Никола Рот, Вапцаров и др.). Стимулусот Никола има позитивна конотација според личното искуство на испитаниците поврзано со песна, среќа, магично чувство.

СТОЈАН	**Заштитно име „да стои, да остане жив“; стсл.ј. „стои, опстојува; постои“**
	Имиња на познати/популарни личности: Андов (8), Стојан Андов(5), Стојан Тарапуза, Тарапуза(3), Андонов (2),МС Стојан – пеач Стојан Поп Јорданов, Стојан попот, поп Стојан, поп, Стојан поп Јорданов. **Име на роднина и на блиска, позната личност:** комшијата (2), дедо ми (2), мојот дедо, друга, татко ми, дедо ми, сосед, ракометар, симпатијата на Андријана, симпатијата на колешката, симпатија. **Општ став:** лично име(4), личност(2), старо мак. име. **Според лично искуство:** стој, рурална средина, занает, квачка. **Без коментар** 6.
Коментар	Најголем број испитаници како асоцијатив го навеле македонскиот политичар Стојан Андов, потоа следува македонскиот детски писател Стојан Тарапуза и други познати личности. Доминира и донекаде неопределениот став како лично име и личност што се надоврзува на бројот на испитаниците кои не навеле асоцијатив за овој стимулус. Стојан е окарактеризирано како старо македонско име.

ВЛАДИМИР	**„голем/велик владетел“, од Владимер; стсл.ј. „владее; управува“, постои и мислење дека е од герм. Валдемар; владее со светот**
	Имиња на познати/популарни личности: Путин(13), Владимир Путин (3); В. Пушкин, Владимир Пушкин (4), Пушкин; Илич (3),Владимир Илич (2)Владимир Илич Ленин; Назор, пејач. **Локалитет:** Владимирово село во Источна Македонија. **На роднина или на блиска, позната личност:** првата симпатија, другарот на брат ми, братучед ми, дечко на другарка, комшија, најлудиот другар, брат, член од семејство, дедо на другарка ми, роднина, комшијата, пријател. **Општ став:** лично име (5), личност(2). **Според лично искуство:** душебрижник, миротворец, полетност, обземеност со целта. **Без одговор** (2).
Коментар	Како асоцијатив доминира актуелниот руски претседател Владимир Путин, исто така се јавува и личност (политичка) од руската историја Владимир Илич Ленин. Од познатите светски личности е познатиот руски писате, Владимир Пушкин. Сето тоа насочува дека стимулусот Владимир се поврзува со личности од русија (една од причините е и фреквенцијата на ова име во Русија и славните светски личности кои го носат ова општословенско име). Без оглед што значењето на ова име е да владее во исказите каде што се поврзува со личност, име се дава насоката за позитивна конотација со името . Тоа може да се види и од коментарите од лично искуство (миротворец, полетност).

ИЛИЈА	**Грч.ј. „мој бог е Јахве“; хебр. > грч. „Јехова е мојот бог“**
	Име и верски празник во христијанската религија: св. Илија (22), светец, св. Илија, празник св Илија, светец, свети; востание, празник, манастир. **Имиња на познати/популарни личности:** Николовски-Луј (3), Илија Палевски, Илија на македонските народни приказни, Милчин, Бошковски. **На роднина или на блиска, позната личност:** тетин ми (2), татко ми, другарче од забаваче, комшија, пријател, школски, дедо. **Општ став:** личност(2). **Според лично искуство:** настан, детство, младост, бизнис (4), тегла (3), слава. **Без одговор** 3.

Коментар	Доминира името од христијанската религија на светецот Илија и на најголемиот македонски верски празник св. Илија, наедно кон овие асоцијативи се надоврзуваат манастирот, празникот и македонското востание (Илинден). Од познатите личности е Илија Николовски-Луј. Испитаниците во личното искуство го поврзуваат со бизнис и тегла што е знак на некоја нивна сосема лична определба.

Од материјалот добиен од анкетата може да се заклучи дека машките лични имиња како асоцијативи во најголем број одговори резултираат со антропоними. Традицијата како вредност која се одразува преку именувањето кај мажите се рефлектира и преку асоцијацијата на дадените стимулуси. Поврзаноста на стимулусот со асоцијативот преку именувањето наедно е и одраз на испитаниците кон определени личности и нивното искуство за карактеристиките што ги поседуваат. Истакнатите личности од историјата или од религијата оставаат определени впечатоци, оттаму и стиумулусите според тие личности се одразуваат и на асоцијативот и на ставот на испитаникот во очекувањата значењето да се базира врз искуството.

Се интересни издојуваат и одговорите во кои асоцијативите се одраз на логичко-семантичката типологија на значењата одразени преку стимулусот, кога името асоцира локалитети, предмети или нешто од личното искуство поврзано со нив. Станува збор за определен ред на меморирање на поимите, нивните својства и лингвокултурното и когнитивно ниво на личноста. Обично во ономастиката имињата се толкуваат според значењето мотивирано од различни аспекти. Кога станува збор за машките имиња и асоцијативите може да се откријат позитивни и негативни аспирации, сепак поврзани со конкретни личности носители на определено име. Антропонимите ја отсликуваат јазичната заедница, нејзината култура, традиција, а преку нив се отсликува една слика за колективните емоционални знаења. Кон определени машки имиња се развива семантичка аура која носи позитивни отсликувања, како на пример Александар –најчесто и најсакано име кај Македонците (сп. Сн. Веновска-Антевска, С. Велева, С. Саздов, Личното име кај Македонците,), наедно и религијата има свое влијание каков што е случајот имињата Илија, Никола, Петар. Преку ставовите на испитаниците очигледна интеграцијата на емоционалните и менталните значења рефлектирани преку личните имиња.

Истражувањата извршени со асоцијативниот метод нудат материјал кој овозможува согледување на различни семантички појави, како и согледување на семантичката структура на лексиконот воопшто.

Но, не само од аспект на семантиката, туку и од аспект на синтагматските односи, односно од аспект на синтаксата и фразеологијата. Овие истражувања овозможуваат да се открие јазичната личност, нејзините сфаќања и сликата за светот што ја опкружува, а најважно како таа субјективно ги толкува јазичните знаци преку личното име. Во различни средини и кај различни возрасни групи може да се добијат и различни асоцијации, она што е прикажано тука е еден пресек кој покажува дека може да се сумираат резултати кои се заеднички и дека развивањето за поимите преку личните имиња може да се добра основа за еден мултидисциплинарен пристап што само ќе ги збогати ономастичките истражувања со нови аспекти.

ЛИТЕРАТУРА

1. Веновска-Антевска, Снежана; Велева, Славица; Саздов, Симон (1996), Личното име кај Македонците (резултати од една анкета), Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Филолошки факултет– Скопје, Скопје.
2. Драгичевић, Рајна (2006), *Словенски асоцијативни речник, 2004, Москва*, приказ, Јужнословенски филолог LXII, 364-366, Београд.
3. Дрвошанов, Васил (1995), Речник на личните имиња, „Детска радост“, Скопје.
4. Илчев, Стефан (1969), Речник на личните и фамилни имена у Българите, БАН, София.
5. Коробар-Белчева, Марија, Миовска, Весна, Јосифовска-Момировска Мери, Речник на лични имиња во македонското народно творештво, (2008), ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.
6. Лотман, Јуриј М. (2006), Семиосфера, ТРИ, Скопје.
7. Ристић, Стана - Радић-Дугоњић, Милана, (1999), Реч. Смисао. Сазнање (студија из лексичке семантике), Стручна књига, Београд.
8. Станковска, Љубица (1992), Речник на личните имиња кај Македонците, „Напредок“-Тетово, Скопје.
9. Толковен речник на македонскиот јазик (2003), т.1, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.
10. Lebda, Renarda (2006), Słownik polskich i serbskich asocjacjija ko kulturowy obraz świata/ Rečnik poljskih i srpskih asocijacija kao kulturna slika sveta, Wydawnictwo LEXIS, Krakow.

811.163.3'373.231

Билјана МАЛЕНКО

АСОЦИЈАТИВЕН АНТРОПОНОМАСТИКОТ
(врз примери од некои македонски женски лични имиња)

Апстракт: Асоцијативниот модел на истражувања на јазикот може да се употребува во различен опфат, почнувајќи од селектирана лексика што се јавува како стимулус преку асоцијативни тестови (анкети) од кои произлегуваат асоцијативите. Личното име е предмет на истражување на ономастичарите, но може да се разгледува и од социолошки, психолошки и комуниколошки аспект. Направен е еден преглед со асоцијативниот метод преку анкета во која се јавуваат како стимулуси десет женски лични имиња (Марија, Елена, Александра, Катерина, Билјана, Снежана, Ана, Ведрана, Софија и Јулија), дадени се асоцијативите од избраните примери.

Клучни зборови: асоцијативи, стимулуси, ономастика, македонски јазик, женски лични имиња.

Тргнувајќи од предметот на когнитивната лингвистика–да го изучува значењето кое се актуализира во текот на јазичното општење (Стана Ристић, Милана Радић-Дугоњић, 1999: 33), како и од асоцијациите–бидејќи ако го ограничиме јазикот само на информативна функција, тогаш го одделуваме од експресијата, односно истражувањата на асоцијациите потврдуваат дека повеќе јазични појави може да се објаснат кога ќе се занемари референтната семантика во корист на асоцијативната (Renarda Lebda 2006: 23-24), но и дека во инвентарот на номинациските единици се јавуваат и такви кои содржат информации, не само за она што е со нив означено, туку пред сè емоционалната состојба на субјектот во говорот (Телија 1986:10, Стана Ристић – Милана Радић-Дугоњић 1999: 12), се одлучивме да се задржиме на македонскиот анторпономастикон. Иако ономастичарите, покрај другите именувања, како предмет за свои истражувања го имаат и личното име, за нас беше интересно каков е емоционалниот, т.е. субјективниот однос кон него, а со цел да се согледаат и други информации кои се поврзани со нив. Поточно, овој труд ги прикажува истражувањата на асоцијативните врски каде што како стимулуси се лични имиња и претставува дел од истражувањето кое ги опфаќа машките и женските лични имиња што се јавуваат како најчести

имиња кај Македонците. Во прегледов, како стимулуси, се застапени следниве женски лични имиња: Марија, Елена, Александра, Катерина, Билјана, Снежана, Ана, Ведрана, Софија и Јулија.

МАРИЈА	Од евр.ј. Мариам, со зн. ’тврда, постојана’.
	Антропоним: од христијанската терминологија – со кои се именува мајката на Исус Христос (15): *Богородица* 9, *св. Дева Марија богородица* 1/ *Дева Марија* 2, *мајката на Исус Марија* 2, *Марија- мајка Богородица* 1. Во два одговора е дадено и името *Магдалена* – веројатно со асоцијација, исто така, на библиска личност, *Марија Магдалена*; синтагмата *личност од библија* 1;имиња на познати/популарни личности: *Марија Монтесори*10, а по еден одговор се јавуваат *Шерифовиќ* и *Станојковска*; име на роднина: *братучетка, братучеда ми* и *мајка*; име на блиска личност: *другарка* 2, *другарка од детство* 1, *бивша другарка*1**,** *Мишевска (најдобра другарка*)1**,** *школска*1**,** *Милевска (другарка*)) 1; *колешка* 3, *колешката* 2, *Марија колешка* 1, а во два случаја асоцијативи се: *Марија МилеиМишевска***;** во два одговора се дава асоцијативот*комшика* и членуваната форма *комшиката*; во три случаи асоцијатив е сопственото име, и тоа: *Момироска*; *јас, свето име*; *моето име*; друго: *личност* 2; *тигрицата од Тетово* 1; *Борис Давидов* 1*, жена што страда* 1; Наслов на песна: *„Марија“ песна од пејачот Тома Здравковиќ* 1 и *песна од „Divlje jagode“* 1. Предмет-книга**:***библија* 1. Без одговор: 1.
КОМЕНТАР	При анализата на стимулусот *Марија*, како асоцијативи најмногу се понудени антропоними (54), и тоа: од христијанската терминологија, но и имиња на познати личности од сегашноста. Имајќи ја предвид структурата на испитаниците, студенти на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, најчест е асоцијативот*Марија Монтесори*10. Во многу мал број одговори се дадени други значења/асоцијативи - наслов на песна (2) и предмет- книга (1): *библија*. Основното значење на овој стимулус *’сакана; тврда; постојан’*, како и тоа што ја именува божјата мајка, ова име го прави мошне популарно и е едно од најфрекфентните имиња не само кај нас туку и во светот.

ЕЛЕНА	Од грч.ј. со зн. „сончева светлина“.
	Антропоним, и тоа: од христијанската традиција - *Константин и Елена* 1, *св. Елена* 2, *и Константин* 2, а во еден случај *личност од библија и историја*; од грчката

	митологија: *лик од Троја* 1, *историска личност* 1, *Троја* 2; познати личности од сегашноста: *Елена Ристевска* 20, *Елена Лука* 8, *Елена Велевска* 6, *Елена Петреска* 1, *пејачка* 1; асоцијатив на роднина: *сестра* 2, *сестра ми и неколку личности што ги мразам со тоа име* 1, *братучетка ми /на братучетка*; блиска личност: *комшивката* (1) и *комшивката од 312* (1); лексемата *личност* (2). Наслов на песна: *„Елено ќерко Елено“ стара македонска песна* 1 и *песна* 1. Друго значење: *именден, убавина, светлина*. Без одговор: 1.
КОМЕНТАР	Овој стимулус во најголем број одговори дава антропоними (47), и тоа 6 како личност од христијанската терминологија (календарска светица, мајка на царот Константин), 5 од грчката митологија (сопруга на царот Минелај), а најмногу од сегашноста: имиња на познати личности (36) и блиски луѓе (11). Во мал број се јавува со други конотации – наслов на песна, или од типот *убавина, светлина* – кои едновремено се и директно поврзани со етимологијата на антропонимот.

АЛЕКСАНДРА	Женска варијанта од машкото име Александар, а со зн. ’заштитник на мажите’.
	Антропоним: име на популарна личност (34): (*Александра*) *Пилева* 16, пејачка 6, (*Александра*) *Радовиќ* 3/*Радевиќ*1, *Ковач* 2, *А. Наковска* 2, *А. Јанева* 3, *А. Арнаудова* 1; а потоа на блиски личности (13), од типот: *другарка* 2 и *бивша другарка* 1, *другарка од основно* 1, *другарка ми* 1, *најдобра другарка* 1, *другарка од основно образование* 1/*колешка* 2/*пријателка* 1, потоа *бубалицата во основно одделение* 1, како и скратената варијанта *Сани* 1 и презимето *Силјановска* 1; асоцијатив кој укажува дека стимулусот е женска варијанта на името на историската личност *Александар Македонски* (1); потоа, роднини и блиски личности: *братучетка* 1, *роднина* 1, *комшивка* 1; но и: *личност* 2; *Касандра* 1, *Силјано* 1, *име* 1. Топоним:*Александрија град во минатото познат во историјата* 1. Предмет: *вино Александрија* 1. Без определба: *Александрија* 1. Без одговор: 4.
КОМЕНТАР	Стимулусот *Александра* како асоцијатив најмногу понуди антропоними (69), и тоа: имиња на популарни личности (34), блиски личности (13), а асоцијативот *Александрија* се јавува како топоним (1) (*Александрија град во минатото познат во историјата*), предмет (1): *вино Александрија*, а во еден случај не е определен: *Александрија.*

КАТЕРИНА	Од Екатерина, име на календарска светица; од грч. ј. со зн. ’чиста надеж, благопријатна’.
	Стимулусот *Катерина* понуди најмногу асоцијативи кои се антропоними, и тоа: на познати личности: *(Катерина) Ивановска* 12/ *Катерина Шишмановиќ* 1, *Оливера* 1; на блиски личности, како што се: *другарка* 4/ *другарка од средно* 1 и *другарка ми од средно* 1; *Катерина – пријателката* 2, *колешката* 2/*колешка* 1 и *комшивката* 1 и *комшика* 1; на роднина: *сестра ми* 2, *братучетка 1/братучетка ми* 1/*братучеда ми* 1, *на тетка ми* 1, *внука ми* 1,*мајка ми* 1; историско име: *руска царица Катерина* 1; *кралица* 1, *Велика* 2; друго: *лично име* 3, *име* 1, *Пановска* 2, *Севдова* 1, *Спасева* 1, *Петрова* 1, *пејачка* 1, *најлошата професорка од средно* 1, *личност* 2. Во мал број одговори се јавува како име на музичка група: *„Екатерина Велика“ музичка група* 2; но и наслов на песна - „*Кате, Кате*“ 1. Без одговор: 2.
КОМЕНТАР	Стимулусот *Катерина* понуди најмногу асоцијативи кои се антропоними (46), и тоа: на познати личности (14); на блиски личности (13), на роднини (8), историска личност (4) и друго (11) (овде се одговорите кои немаат посебна определба за да се класифицираат во соодветна група); како име на музичка група се јавува во два случаја и тоа во изворната форма на антропонимот *Екатерина*; во еден случај наслов на песна, а во два случаја нема одговор.

БИЛЈАНА	Од бел,(я) + ана, Беляна или Биляна//Била од билка „лековита тревка“; типично име за македонскиот антропономастикон, од апел. *билје* ’билка, вид лековита тревка’.
	Антропоними: познати личности: *професорка* 1 , *(на) професорката* 3/ *професоркава* 1, *професорките* 1, *проф. по македонски јазик* 1, *професорката по мак. јазик и култура* 1, *професор на факултет* 1, *професорката по мак. јаз.* 1, *професорката по македонски јазик* 1, *најдобрата професорка од факултет* 1, *проф. по македонски јазик* 1, *професорката по македонски* 1, *Маленко* 3, *Маленко професорка* 1, *Билјана Маленко* 1; *Беличанец*1, *Алексич* 1, *Дебарлиева* 2/*Билјана Дебарлиева*1; сопствено име: *моето име* 1; име на роднина: *Билјана (мама)* 1, *тетка* 1; блиски личности: *сопруга* 1, *другарка* 1, *пријателка* 1. Наслов на песна: (*на) песната „Билјана платно белеше“*3/ *Билјана платно белеше*6/*платно белеше* ...5**,** *песна* 2.Топоними:*на градот Охрид*1/ *Охрид* 5; *Билјанини Извори* 5. Друго значење: *Билјана – прашок* 1,

	мечта, љубов 1, *зелено* 1.
КОМЕНТАР	Во најголем број одговори овој стимулус дава антропоним (29), име на песна (16) и на ојконим (11). Според Речникот на личните имиња во македонското народно творештво, ова лично име е типично за македонскиот антропономастикон.

СНЕЖАНА	Од литерарурниот превод на германското „снежнобеличка“ од една приказна.
	Асоцијатив на лик од бајка: *Снежана и седумте (7-те) џуџиња* 18 / и *(и) седумте (7-те) џуџиња* 13/ *лик од приказната „Снежана и 7 џуџиња“*1/ *на приказната „Снежана и 7-те џуџиња“*1/ *на приказна* 1. Асоцијатив на снег/зима: *на зима* 1**,** *асоцира на снегот*1, (*на*) *снег* 7. Име на песна: *на песната „Снег је опет Снежана“ (српска песна) и македонската песна „Нено, Нено, Снежана“* 1. Антопоними: познати личности: *Ѓуришиќ* 1/ *Снежана Џуришиќ* 1; *Лупевска* 2; *Стамевска* 1; роднини и блиски луѓе: *нина ми* 1; *комшивка* 1, *име* 1, *бивша, на Веле прва љубов, непреболена* 1; *баба* 1. Друго значење: *Снешко* 1; *бајка* 1; *бела, мека* 1. Без одговор: 2.
КОМЕНТАР	Стимулусот *Снежана*, според Речникот на лични и фамилни имиња на Илчев, е литературен превод од германскиот јазик. Во Речникот на личните имиња во македонското народно творештво не е забележан, односно од извршената анализа може да се забележи дека како асоцијатив дава име на лик од книжевноста, од бајката „Снежана и седумте џуџиња“ (34), а како антропоним во 9 одговори. Всушност, и ова лично име е навлезено кај нас во поново време, и тоа по литературен пат.

АНА	Од евр.ј. со зн. ’благодат’; хебр. ј. со зн. ’благодат, милост’, библиско име, мајката на св. Дева Марија.
	Асоцијатив на лик од литературно дело: *на Ана Каренина од литературата* 1, *Ана Каренина* 11, *Ана Каренина – книга* 1/ *Каренина* 21. Антропоним: име на блиски личности: *другарка ми* 3/ *една од моите другарки* 1/ *другарка од детството* 1/ *другарка и на Ангела* 1/ *бивша, другарка* 1; *мојата џимерка* 1; *колешка* **;** *шмизлата од средно образование* 1; *Амела* 1**,** *Ивановска* 1; име на роднина: *внука* 1/*на внуката* 1/*внука од братучет* 1; име на позната личност: *Бекута* 1; црковно име: *св. Ана* 1. Друго значење: *балет, свеченост, вечерна атмосфера* 1, *личност* 1, *бекутан* 1.

	Без одговор: 2.
КОМЕНТАР	Ова лично име иако е старо и библиско, од нашиот материјал може да констатираме дека како асоцијатив го дава името на лик од книжевноста (34), од делото „Ана Каренина“ на Л. Н. Толстој. Како антропоним се јавува во 16 одговори. Според Речникот на личните имиња во македонското народно творештво, се забележува дека најчесто се јавува како скратено име од Ангелина, Јана, Алтана, Анастасија и др.

ВЕДРАНА	ведра + ана
	Асоцијативи: на карактеристики на личност: *ведра личност* 4, *ведрина* 3, *ведро* 2, *позитивна личност*1, *ведрина во животот* ...1, *Ведра* 1, *на нешто ведро, весело*1, *весела, насмеана* 1; *на ведар човек* 1; име на позната личност: *Ведрана Андонова* 2; *водителка* 7; *девојката што презентира временска прогноза на телевизија* 1; *презентерка* 1; име на лице или општа определба: *на Ведран – другар од пракса* 1; *личност* 2; Асоцијатив за небо/време: *ведро небо* 2; *ведро време* 1; *небо* 4. Друго значење: *продавница* 1; *име* 1; *веранда*1; *сини очи, насмевка* 1, *на Хрватска државата* 1. Без одговор: 11.
КОМЕНТАР	Стимулусот *Ведрана* не е забележан во Речникот на лични имиња во македонското народно творештво, што укажува дека во нашиот јазик се јавува во поново време, по културен пат. Всушност, ова лично име најмногу се поврзува со придавката *ведар* со зн. ’што е јасен, без облаци, чист’, како и со преносното значење ’јасен, сјаен, бистар; весел, спокоен; со живи, светли бои’. Од вкупно 42 одговори, како антропоним се јавува во 11 одговори. За овој стимулус 11 испитаници воопшто не одговориле, што е најголем број во однос на другите стимулуси.

СОФИЈА	Од грч.ј. со зн. ’мудрост’; грч. ј. со зн. ’мудрост; знаење, наука’; христијанска светица.
	Топоним : *град* 10; *на градот Софија во Бугарија* 1; *главен град на Бугарија* 5; *градот во Бугарија* 1; *град Софија* 1; *град во Бугарија* 5; *главен град* 1; *Софија – град* 1; *град во Бугарија* 7; *Софија – главен град на Бугарија* 1, *на Бугарија* 1; *градот Софија* 1. Верски објект – црква: *на Св. Софија, на Истанбул* 1; *Св. Софија* 4/ *Св. Софија во Охрид* 1/ *црква Аја Софија 1/ црква Света Софија* 3/*црква Св. Софија во Турција* 1/ *црквата Света Софија* 1/*црква* 1. Антропоним: на позната личност: *Манева* 5; *Тодорова* 1; на роднина или блиска личност: *другарка* 1; *мајка од*

	Жаки 1; *Стирова* 1; *школска* 1. Друго значење: *Софија – печатница* 1; *мудрост* 1; *име* 2; *лично име* 2; *самба* 1; *муза на мудроста* 1; *правилен избор, возвишеност* 1.
КОМЕНТАР	Стимулусот *Софија* како асоцијатив дава ојконим, односно од 35 одговори, 10 ù припаѓаат на лексемата *град*, а другите се од синтагматски тип. Во релативно помал број (13), дадени се асоцијативи за верски објект, а како антропоним е застапен во 10 одговори.

ЈУЛИЈА	Од лат.ј. со зн. 'некои се родени во месецот јули'.
	Асоцијатив на лик од литературата: *Ромео и Јулија* 21; *на Ромео и Јулија* 1; *Јулија и Ромео* 3; *Ромео* 9/*и Ромео* 4; *жената на Ромео* 2; *Јулија од претставата Ромео и Јулија* 1; *Ромео и Јулија од филмот* 1; или на делото: *на романот „Ромео и Јулија"* 1; *на делото „Ромео и Јулија"*1; *драма од Стринберг*1. Антропоним: роднина или блиска личност: *Јовановска* 1; *мајка на мој другар* 1; *другарка од средно* 1/ *другарка* 1; позната личност: *Примицова* 1. Друго значење: *слаткарница* 3; *на Италија државата* 1; *на месецот јули*1; *Злетово* 1; *несреќна љубов* 1, *мачнина* 1.
КОМЕНТАР	Стимулусот *Јулија* е застапен во 45 одговори во кои како асоцијатив дава име на лик од книжевното дело „Ромео и Јулија" од В. Шекспир. Во Речникот на лични имиња во македонското творештво не е забележан, што укажува на фактот дека тој навлегол во нашиот јазик во поново време, по литературен пат. Сите други асоцијативи се застапени со многу мал број одговори (антропоним – 5, име на објект - *слаткарница* 3) или само со по еден одговор.

Од гореизнесениот материјал може да се констатира дека личните имиња како асоцијативи во најголем број одговори резултираат со антропоними. Едновремено, односот кон името на испитаникот го одразува и односот кон личноста која е носител на тоа име. Особено се интересни одговорите кои како асоцијативи даваат имиња на ликови од книжевни дела, име на град или на верски објект, снегот или зимата како асоцијатив на стимулусот итн., односно информации поврзани со личното искуство на испитаникот.

Според Караулов, на планот на логичко-семантичката типологија на значењата, се овозможува изделување на различни типови на лексичкото значење:

- оние кои диференцираат значења ориентирани на „редот на предметите“ и значења ориентирани на „својствата на предметите“ (според теоријата на јазичната личност тоа се единици на вербално-семантичко ниво на јазичната личност), (Караулов 1987:8-10, 40-43, преземено од Стана Ристић – Милана Радић-Дугоњић,s. 11-12),

- оние кои се ориентирани на „редот на поимите“ и значења кои се однесуваат на „својствата на поимите“ (единици на тезаурисот, на лингво-когнитивното ниво на јазичната личност, Караулов, 1987: 8-10, 52-53, преземено од Стана Ристић – Милана Радић-Дугоњић, с. 11-12).

Слично истакнува и Телија кога вели дека во „сферата на значењата кои се насочени на поимите (а кои одразуваат и поединечни човечки сознанија) се изделуваат и значења кои не се ориентирани на именување на стварноста, туку на изразување на односот кон неа, а тој однос се темели на претставата за вредноста на означеното, којшто е во врска со вредносниот (аксиолошкиот) пристап на реалиите на вонјазичната стварност, спротивно на дескриптивниот (информатичкиот, сознајниот, фактичкиот, индиктивниот) пристап.“ (Телија 1986:10, преземено од Стана Ристић – Милана Радић-Дугоњић 1999:. 12)

Всушност, информациите или, пак, значењата добиени со овие истражувања, „ја содржат националната специфичност на јазикот, како и културните особености на јазичната заедница“. (Стана Ристић – Милана Радић-Дугоњић 1999: 12) Всушност, и Н.В. Уфимцева истакнува дека „асоцијативните реакции на изворните зборувачи се специфични за секоја култура. Тие ги интегрираат менталните и емоционалните знаења со кои располага секој етнос.“ (Драгичевић 2006: 365)

За семантиката на зборот Апресјан смета дека „во прагматиката на лексичката единица како знак спаѓаат експресивните елементи на значењето, семантичките асоцијации, асоцијативните карактеристики и конотации... Конотативните компоненти, без разлика што кај сите типови номинации не влегуваат непосредно во семантиката на зборот, се позначајни за семантичките истражувања, бидејќи врз нив се базирани многу регуларни семантички појави: метафоризација, споредба, образувачки и други јазични процеси“. (Апресјан 1995: 68, преземено од Стана Ристић – Милана Радић-Дугоњић, с.17). Истражувањата извршени со асоцијативниот метод нудат материјал кој овозможува согледување на овие семантички појави, како и согледување на семантичката структура на лексиконот воопшто. Но, не само од аспект на семантиката, туку и од аспект на синтагматските односи, односно од аспект на синтаксата и фразеологијата. Всушност, асоцијативите ја претставуваат, ја отсликуваат реалноста видена од страна на јазичната личност, а не ја означуваат, и на тој начин ни ја даваат јазичната слика на светот базирана на субјективниот

принцип. Овој пат тоа го направивме врз мал дел од македонскиот антропономастикон.

ЛИТЕРАТУРА

Веновска-Антевска, Снежана; Велева, Славица; Саздов, Симон (1996), Личното име кај Македонците (резултати од една анкета), Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Филолошки факултет- Скопје, Скопје.
Илчев, Стефан (1969), Речник на личните и фамилни имена у Българите, БАН, София .
Коробар-Белчева, Марија, Миовска, Весна, Јосифовска-Момировска Мери, Речник на лични имиња во македонското народно творештво, (2008), ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.
Дрвошанов, Васил (1995), Речник на личните имиња,
„Детска радост“, Скопје
Лотман, Јуриј М. (2006), Семиосфера, ТРИ, Скопје.
Ристић, Стана - Радић-Дугоњић, Милана, (1999), Реч. Смисао. Сазнање (студија из лексичке семантике), Стручна књига, Београд.
Драгичевић, Рајна (2006), Словенски асоцијативни речник, 2004, Москва , приказ, Јужнословенски филолог LXII, 364-366, Београд.
Станковска, Љубица (1992), Речник на личните имиња кај Македонците, „Напредок“-Тетово, Скопје.
Толковен речник на македонскиот јазик (2003), т.1 „ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.
Lebda, Renarda (2006), Słownik polskich i serbskich asocjacjija ko kulturowy obraz świata/ Rečnik poljskih i srpskih asocijacija kao kulturna slika sveta, Wydawnictwo LEXIS, Krakow.

81'322

Вено ПАЧОВСКИ
Марјана ВАНЕВА

ЗА ПРОБЛЕМОТ НА „ЛАЖНИТЕ ПРИЈАТЕЛИ” ВО СОВРЕМЕНАТА КОМПЈУТЕРСКА ЛИНГВИСТИКА

Апстракт: Концептот на „лажни пријатели” најчесто се поврзува со зборови кои се пишуваат исто, но имаат сосема различно значење во блиски (или некогаш и не толку блиски) јазици. Тоа понекогаш може да претставува сериозен проблем, особено ако зборовите имаат сосема спротивно значење. На пример, зборот **мрсно** на македонски значи *нешто со масло*, а на бугарски *нечисто*. Или, зборот **мазно**, на бугарски значи *нешто со масло (мрсно)*. Или, ако одиме понатаму, зборот **gift** на англиски значи *подарок*, а на германски *отров*.
Во оваа статија ќе се направи приказ на поширокото значење на концептот, од што ќе произлезе важноста на негово проучување во македонскиот јазик (па и создавање речник) за да се намали двомисленоста односно да се зголеми точноста на софтвер за идентификација на јазик на кој што е напишан некој текст, или при автоматски превод.

Клучни зборови: „лажни пријатели”, блиски јазици, автоматски превод

Воведни напомени

Идејата водилка на оваа статија е да се посвети внимание на потенцијалната идна загрозеност на македонскиот јазик од аспект на, многу веројатното, приклучување на Република Македонија кон Европската Унија (ЕУ).



Имено, заклучно со 2013 година, бројот на јазици за кои се вршат преводи на официјалните документи на ЕУ е 24. Притоа, количеството документи кои се во циркулација низ органите на ЕУ е огромно, толку големо што дури веќе некои, што се сметаат за помалку важни, не се ни преведуваат на сите јазици.

Тенденцијата на ЕУ, за оние што треба да се преведуваат, е да се справи со проблемот на два начини, и тоа:

1. со користење на софтвер за автоматски превод
2. преку преведување на документите, не директно на јазиците, туку што поголемо користење на преводи кон блиски јазици.

Моментната состојба со првиот пристап е дека, иако има голем и континуиран напредок во креирањето на се пософистицирани софтвери (и се поголеми и поразновидни ресурси и бази податоци) за 5-те основни јазици (англиски, германски, француски, италијански и шпански), сепак сè уште е потребна лектура, што значи дека проблемот не може да се смета за целосно (стопостотно) решен.

Pages

Lg Cible / Lg Src	BG	CS	DA	DE	EL	EN	ES	ET	FI	FR	GA	HR	HU	IT	LT	LV	MT	NL	PL	PT	RO	SK	SL	SV	Autres	Total
BG	261	7	7	36	8	9 167	7	7	7	554	3	3	7	7	7	7	7	7	7	5	7	7	7	7		10 156
CS	99	273	99	123	99	7 038	99	99	99	327	3	22	99	99	100	99	99	99	99	99	99	99	99	99		9 565
DA	20	20	251	102	21	6 248	20	20	20	320	3	9	20	21	20	20	20	20	20	20	20	26	20	20		7 306
DE	411	406	408	310	515	23 649	406	406	407	6 003	13	73	407	424	424	406	405	465	422	551	418	408	406	412	29	38 184
EL	74	74	74	187	292	18 780	74	74	74	1 935	6	59	74	74	72	74	74	75	74	75	74	74	74	74	53	22 539
EN	68 521	69 001	70 305	105 385	73 016	27 281	81 823	68 469	69 037	114 783	9 066	43 277	69 598	78 648	67 663	68 466	66 579	72 192	70 588	72 852	70 434	68 719	66 867	69 511	3 600	1 645 680
ES	427	427	427	669	508	16 955	289	427	542	3 139	3	235	427	427	428	432	436	428	427	531	542	427	427	428	11	29 417
ET	49	49	49	61	49	4 144	49	234	49	301	3	3	49	49	49	49	49	49	44	49	49	49	49	49		5 621
FI	46	46	49	105	46	7 365	46	52	271	407	3	5	46	49	49	49	46	46	46	46	49	49	46	51	48	9 060
FR	2 875	2 748	2 992	6 574	3 210	16 989	3 719	2 680	2 688	984	404	1 638	2 781	4 704	2 992	2 725	2 934	6 869	2 770	3 301	3 178	2 734	2 679	2 740	4	89 913
GA	5	5	5	5	5	6	5	5	5	5	623	5	5	5	5	5	5	5	5	5	5	5	5	5		733
HU	93	93	93	119	69	11 116	94	93	93	869	3	68	297	93	93	93	93	93	93	93	93	93	93	69	24	14 121
IT	577	576	580	733	585	18 308	611	577	693	4 705	3	166	577	289	580	577	555	577	609	580	693	690	579	577	29	35 024
LT	48	41	41	60	39	7 406	41	41	41	297	2	17	41	41	248	41	41	41	41	39	41	41	41	41	4	8 773
LV	54	54	53	74	54	6 044	54	54	54	163	3	4	54	54	54	237	54	54	54	54	54	54	54	54		7 488
MT	12	12	12	19	12	156	12	12	12	19	3	3	12	12	12	12	165	12	12	12	12	12	12	12		571
NL	103	103	103	252	134	8 955	104	103	103	2 995	3	23	103	105	103	103	103	431	103	103	103	103	103	103	28	14 580
PL	105	105	105	156	106	13 250	105	106	105	1 277	3	29	111	106	105	127	105	105	267	105	105	105	105	105	30	16 928
PT	124	124	124	193	64	8 556	125	124	124	1 139	3	82	124	124	124	124	124	124	124	306	124	124	124	100		12 422
RO	71	70	70	106	48	10 230	70	70	70	646	4	39	70	70	70	70	70	70	70	69	286	70	70	48		12 523
SK	79	72	71	80	71	7 322	72	71	71	410	3	53	71	71	72	72	71	71	72	71	71	272	71	69		9 432
SL	71	71	73	92	71	7 275	71	71	73	747	2	35	73	75	73	73	71	71	71	71	131	73	258	50		9 745
SV	38	38	38	72	38	6 705	38	38	38	339	3	5	38	38	38	38	38	38	38	38	38	38	38	266		8 074
Autres				13		2 631				2															126	2 772
HR	4	4	4	4	4	3 705	4	4	4	27	3	36	4	4	4	4	4	4	4	4	4	4	4	4	10	3 855
Total	74 164	74 416	76 030	117 528	79 063	249 282	87 936	73 834	74 679	142 292	10 163	45 889	75 085	85 587	73 383	73 901	72 148	81 944	76 058	79 077	76 628	74 274	72 229	74 893	3 997	2 024 481

Вкупен број преведени страници во 2013 година е 2 024 481, од кои најголем број (како изворни) односно 1 645 680 (прва слика) се преведувани од англиски јазик кон другите јазици, а од другите јазици кон англиски (втора слика), се преведени вкупно 249 282.





При ова, треба да се напомене дека, иако во блиска иднина се очекува Велика Британија да ја напушти ЕУ, сепак малку е веројатно документите да не се преведуваат на англиски затоа што тоа е тренд - англискиот јазик е сепак светски јазик, заеднички за сите, а се користел и претходно.

Во тој контекст, едно од стравувањата (доста реално во моментната констелација на односите во ЕУ), поврзано со македонскиот јазик, е дека сите документи, кои се наоѓаат во секојдневна циркулација во рамките на структурите на ЕУ, ќе бидат преведувани на јазик, близок до македонскиот јазик (не и директно), делумно и поради недостиг на ресурси.

Едно од решенијата, во ваквата поставеност на работите, е создавање на што повеќе електронски ресурси на (за) македонскиот јазик, за да се олесни користење на автоматското преведување од некој од јазиците на Унијата кон македонски.

Лажни пријатели

Еден од поважните ресурси за намалување на двомисленоста на преводот, а погоден и за определување на јазикот на кој е напишан оригиналниот (почетниот) документ е структура на податоци во која се сместени т.н. „лажни” пријатели. Во продолжение ќе прикажеме за каков концепт се работи и кои се неговите варијанти.

Основниот (и најчест) се однесува на зборови кои се исти (исто се пишуваат, односно претставуваат идентична низа од букви), но имаат, понекогаш, и сосема спротивно значење.

Табела 1. Зборови од блиски јазици со сосема поинакво значење, каде заради идентичноста на зборот со значењето на македонски, објаснувањето на значењето што го има зборот во македонскиот и бугарскиот јазик е дадено на англиски јазик за да нема повторување

Збор	Значење на македонски	Значење на бугарски
бара	*loking for (a person)*	*being intimate with somebody*
мазно	*smooth*	*greasy, something oily*
мрсно	*greasy*	*dirty*
вредно*	*hard working person, valuable*	*harmful person, dangerous substance*

* Според Драги Стефанија, зборот **вредно** има позитивна конотација само во македонскиот јазик – во дури 6 (шест) други словенски јазици има негативно значење (вклучително и во полскиот, според Маќеј Кавка).

Во продолжение се наведени примери и од други, меѓусебно слични и блиски јазици, (каде во заграда е даден јазикот) со значењето што го има дадениот збор во соодветниот јазик.

Табела 2. Примери за зборови од блиски (словенски) јазици

Збор	Значење на еден јазик	Значење на друг јазик
stol	*маса (руски)*	*сто̄л (бӯгарски)*
krasnyj	*црвен (руски)*	*убав (српски, хрватски)*
vrijedan, vrednyj	**vrijedan -** *вреден (српски, хрватски)*	**vrednyj -** *(руски) - штетен)*
listopad	*октомври (хрватски)*	*ноември (полски, чешки)*[1]

[1] Последните три примери се земени од Encyclopaedia Britannica https://www.britannica.com/topic/Slavic-languages, пристапено на 28.09.2016

Табела 3. Зборови од различни јазици, но со сосема поинакво значење

Збор	Прво значење	Второ значење
gift	*подарок (англиски)*	*отров (германски)*
точка	*интерпункциски знак (македонски)*	*поен (словенечки)*
arm	*сиромашен (холандски)*	*рака (англиски)*
burro	*путер (италијански)*	*магаре (шпански)*
cap	*глава (романски)*	*капа (англиски)*
elf	*цуце (англиски)*	*единаесет (германски)*
four	*рерна (француски)*	*четири (англиски)*
pain	*леб (француски)*	*болка (англиски)*
otrok	*дете (словенечки)*	*роб (словачки)*
rana	*жаба (шпански)*	*рана (македонски, бугарски)*

* Во Македонија, изразот *gift shop* се одомаќи како израз за *продавница со подароци*, што значи дека е прифатено англиското, а не германското значење.

Фразата „лажни пријатели“ се употребува и за објаснување на различното, погрешно значење што го имаат зборовите во рамките на еден ист јазик. Тие се „пријатели“ бидејќи се користи истиот збор и многу често се заменуваат, а се „лажни“ бидејќи кога слушателот, но и говорителот, го знае едното значење, е наведен да го употребува и толкува само со тоа значење, без да е свесен за другото толкување што го има зборот. Се разбира, ова е проблем и во секојдневниот говор и комуникација, но особено претставува голема тешкотија при превод и толкување, кога непознавањето на другото значење на истиот збор и со тоа држењето до само тоа познато, едно значење, води до грешки во интерпретацијата. Следниве примери ја покажуваат оваа разлика кај зборови од англискиот јазик:

Табела 4. Зборови од ист јазик, но со сосема поинакво значење

Збор	Едно значење	Друго значење
skin	*да одере*	*да додаде кожа*
bone	*да извади коска*	*да вгради коска*
stone	*да извади семка/камен*	*да фрли камен*

Хомоними се зборови кои имаат сосема различно значење, но или се пишуваат исто и се нарекуваат хомографи, како што се следниве примери земени од англискиот:

- **bank** *(банка)* – **bank** *(брег)*
- **bear** (*мечка*) – **bear** *(носи)*
- **stick** *(стап)* – **stick** *(се придржува)*

и од македонскиот јазик[2]:

- **кука** (именка) – **кука** (глагол)
- **јасен** (придавка) – **јасен** (именка)
- **под** (именка) – **под** (прилог за место)[3]

или се изговараат исто, а се пишуваат различно и тие се нарекуваат хомофони. Такви се следниве:

- **see** *(гледа)* – **sea** *(море)*
- **know** *(знае)* – **no** *(не)*
- **hear** *(слуша)* – **here** *(овде)*
- **write** *(пишува)* – right *(десно)*
- **there** *(таму)* – **their** *(нивен)*
- **sun** *(сонце)* – **son** *(син)*

Овие шест, последнонаведени, примери се земени само од англискиот јазик, а не и од македонскиот, бидејќи во македонскиот јазик изговорот е според напишаното, односно не може два збора да се изговараат слично, ако се напишани различно – различното пишување значи и различен изговор. Но, ова е дозволено и можно во англискиот јазик.

Табела 5. Зборови од ист јазик (англиски), кои слично се изговараат (поради што и често грешно се заменуваат), а тоа доведува до разлики во целиот контекст, бидејќи имаат сосема различно значење

Збор	Значење на македонски	Збор	Значење на македонски
beach	*плажа*	**bitch**	навредлив израз (женски род)
sheet	*лист, чаршав*	**shit**	навредлив израз (екскремент)
leave	*заминува*	**live**	*живее*
loose	*лабаво*	**lose**	*губи*
four	*четири*	**for**	*за*

Незнаењето (мешањето на поимите) оди дотаму што се прават грешки и на јавни места [4], како што се гледа од следнава слика. Овде наместо зборот **beach (плажа)**, на кој се мисли, е употребен навредливиот

[2] Бидејќи ова се примери од македонскиот јазик, за кои не треба превод, наместо превод, во заградата објаснувањето ја дава зборовната група на лексемата која се разгледува.
[3] Последните четири примери се земени од Vaneva, M. Homonymy, Polisemy and Zero Derivation in the English-Macedonian Context in Mediterranean Journal of Social Sciences, Rome: 2013, p.79.
[4] http://off.net.mk/lokalno/makedonshtina/kaj-se-droljite-vo-ohrid

израз **bitch**, кои, патем, не се изговараат исто, туку слично, но доаѓајќи од ист јазик и имајќи сличен изговор, често се заменуваат и едниот се користи на местото на другиот, а нивното значење е сосема различно. Тоа нивно заменување и таа грешна употреба на овие, навидум, слични зборови, ги вбројува во групата на „грешни пријатели“.



Слика 1: Илустрација на грешка на официјална табла (објавено на 19-ти септември, 2015)

Заклучок

Концептот на „лажни пријатели“ е корисен за проучување и од аспект на предавање јазик и од аспект на преведување од еден на друг јазик. При предавањето јазик, многу често наставниците и професорите ги користат „лажните пријатели“ за да им помогнат на своите ученици и студенти во разликувањето на едниот од другиот поим, односно едното од другото значење, при што за да го направат процесот на учење јазик

поуспешен, тие составуваат листа на зборови со значења, кои учениците ги користат за изразување во различни контексти. Така се прави разлика меѓу значењата и се овозможува употреба на зборот во вистинскиот контекст, според значењето што треба да се изрази.

Меѓутоа, слична, а можеби и поголема е користа од познавањето на „лажните пријатели" во преведувањето, бидејќи, преведувачот работејќи со текст кој треба да се преобрази од еден во друг јазик, мора да има познавање на зборовите, односно да ги познава значењата на зборовите - кога еден збор има повеќе значења, да знае кое точно значење треба да го употреби во дадениот контекст, а во зависност од содржината и пораката што треба да се пренесе.

Оттука, потребата за податочна структура (речник) која ќе ги содржи значењата на зборовите што се најчесто грешно употребувани, за нивната дво- и повеќесмисленост, нешто што ќе биде од корист на сите што се занимаваат со лингвистика, но и потесно, со истражувања во областа на семантиката и прагматиката.

На крај, можна примена за овој концепт е за идентификација на јазик на којшто е напишан текст, автоматска корекција (во зависност од контекстот) и сл.

ЛИТЕРАТУРА

Ванева, М. "Нултата деривација во англискиот и во македонскиот јазик". Необјавена докторска дисертација. Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје, 2009.

Cambridge Advanced Learner's Dictionary, http://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/

Dimova, S. Vaneva M. Pacovski V., Examining validity of explicit contextual clues in oral tasks. 9-th annual EALTA conference 2012 - Validity in Language Testing and Assessment, University of Innsbruck, Austria, May 31 - June 3, (2012)

Encyclopaedia Britannica, https://www.britannica.com/topic/Slavic-languages, пристапено на 28.09.2016

Nakov, P, Pacovski, V. Acquiring "False Friends" from Parallel Corpora: Application to South Slavonic Languages, Readings in Multilinguality, Selected Papers from Young Researchers in BIS 21++. Galia Angelova, Kiril Simov, Milena Slavcheva (Editors). Incoma Ltd. Shoumen, Bulgaria. pp. 2006

Oxford Learner's Dictionary, http://www.oxfordlearnersdictionaries.com/

Pachovski, V. Blazevska E. Computer aided translation – the cloud approach, ICT-Innovations conference 2012 (poster session), Ohrid, september 12-15, 2012, ICT Innovations 2012, Web proceedings, ISSN 1857 7288 , pp 543-544

Pachovski, V. Dimova, S. Vaneva M. Improving the Traditional Testing Methods in Learning Foreign Languages, ICT-Innovations conference 2012, Ohrid, September 12-15, 2012, ICT Innovations 2012, Web proceedings, ISSN 1857 7288 , pp 195-202

Paskaleva E., Pacovski V. Aligning the translations – a possible strategy for creation of aligned corpora (for South Slavic languages), Proceedings of the Conference on Formal Approaches to South Slavic and Balkan Languages, pp. 113-117, 2006

Vaneva, M. Homonymy, Polisemy and Zero Derivation in the English-Macedonian Context. In Mediterranean Journal of Social Sciences, Vol 4. No. 3, ISSN 2039-9340 (print), ISSN 2039-2117 (online), 2013. Rome: MCSER Publishing, pp. 77-84

811.163.3'373 :811.163.6'373
811.163.6'373 : 811.163.3'373

Лидија АРИЗАНКОВСКА
Македонка ДОДЕВСКА

ДЕЛ ОД ЛЕКСИКАТА СО ИСТ КОРЕН ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО СЛОВЕНЕЧКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК СПОРЕД СФЕРАТА НА УПОТРЕБА

Апстракт: Предмет на истражувањето ќе биде дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик, разгледувана според сферата на употреба. Целта е да се прикажат дел од лексемите образувани со ист корен во македонскиот и во словенечкиот јазик кои се јавуваат со исто значење и во современите литературни јазици, македонскиот и словенечкиот, покажувајќи притоа дека му припаѓаат генетски на словенскиот јазичен свет независно од влијанијата од несловенското јазично опкружување.

Клучни зборови: македонски јазик, словенечки јазик, лексеми со ист корен, лексеми со исто значење, сфера на употреба.

Во сите три групи на словенски јазици (западнословенска, источнословенска и јужнословенска) постојат многу заеднички (обединувачки) и разликувачки (диференцијални) карактеристики. Тие карактеристики ги покажуваат силните врски што ги поврзуваат словенските јазици. Македонскиот и словенечкиот јазик, заедно со останатите јазици ѝ припаѓаат на јужнословенската група јазици.

Предмет на истражување во рефератот со наслов „Дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба“ ќе биде дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик, разгледувана според сферата на употреба. Целта е да се прикажат дел од лексемите образувани со ист корен во македонскиот и во словенечкиот јазик кои се јавуваат со исто значење и во современите литературни јазици, македонскиот и словенечкиот, покажувајќи притоа дека му припаѓаат генетски на словенскиот јазичен свет независно од влијанијата на несловенското јазично опкружување.

Во овој реферат со помош на табели ќе се обидеме да прикажеме кус преглед на дел од македонската и од словенечката лексика.

Разгледувајќи ги лексемите образувани со ист корен, со исто значење, ќе забележиме дека постојат голем број заеднички карактеристики во овие два јазика и на лексичко и на зборообразувачко јазично рамниште.

Во овој реферат македонската и словенечката лексика ќе ја класифицираме според поделбата претставена во монографијата Лексичко-семантичка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик (Јованова-Грујовска, 2012: 72–127).

1. Лексеми во врска со делови од човечкото тело
   1.1. лексеми во врска со надворешните делови од човечкото тело
   1.2. лексеми во врска со внатрешните делови и органи од човечкото тело

Во групата **лексеми во врска со надворешните делови од човечкото тело** се изделуваат лексемите: *брада*/***brada***, *врат*/***vrat***, *дланка*/***dlan***, *заб*/***zob***, *јазик*/***jezik***, *кожа*/***koža***, *колено*/***koleno***, *колк*/***kolk***, *коса*/***kosa***, *нога*/***noga***, *нокот*/***noht***, *нос*/***nos***, *пазува*/***pazduha***, *палец*/***palec***, *прст*/***prst***, *рака*/***roka***, *рамо*/***rama***, *стапало*/***stopalo***, *тело*/***telo***, *теме*/***teme***, *тил*/***tilnik***, *трепки*/***trepalnice***, *уво*/***uho***, *усна*/***ustnica***, *уста*/**usta**, *чело*/***čelo***.

брада ’израстоци во облик на влакна на лицето‘	***brada*** ’dlakava rast na obrazu‘
дланка ’долниот дел на шаката‘	***dlan*** ’notranja stran roke od zapestja do prstov‘
јазик ’мускулест месест орган за вкус во устата‘	***jezik*** ’gibljiv miščnat organ v ustni votlini‘
прст ’секој еден од петте крајни израстоци на раката или ногата‘	***prst*** ’vsak od petih gibljivih podaljškov dlani ali stopala‘
тил ’задниот дел на главата‘	***tilnik*** ’zadnji del vratu‘
уста ’надворешен отвор на главата низ која човекот внесува храна и испушта гласови‘	***usta*** ’odprtina na spodnjem delu obraza za sprejemanje hrane in za govorjenje‘

Во групата **лексеми во врска со внатрешните делови и органи од човечкото тело** се изделуваат лексемите: *брадавица*/***bradavica***, *грло*/***grlo***, *жила*/***žila***, *коска*/***kost***, *меур*/***mehur***, *пета*/***peta***, *ребро*/***rebro***, *срце*/***srce***, *црево*/***črevo***.

брадавица ’мал израсток на телото‘	***bradavica*** ’majhen izrastek na koži iz veziva in povrhnjice‘
ґрло ’душникот и предниот дел од вратот‘	***grlo*** ’zgornji, razširjeni del sapnika, v katerem sta glasilki‘
жила ’вена или артерија‘	***žila*** ’cevast organ, po katerem teče kri ali limfa‘
коска ’цврст дел на телото‘	***kost*** ’vsak od delov, ki sestavlja okostje človeka in nekaterih živali‘
ѿеѿа ’задниот дел на стапалото‘	***peta*** ’del stopalo pod nartom‘
ребро ’коската на градите‘	***rebro*** ’vsaka od parnih kosti, ki oklepajo prsno votlino‘
срце ’шуплив мускулест орган што ја одржува циркулацијата на крвта‘	***srce*** ’votel miščast organ v prsni votlini, ki poganja kri po žilah‘
црево ’дел низ кој поминува храната при варењето во желудникот‘	***črevo*** ’cevast prebavni organ v trebuhu‘

2. Лексеми во врска со физички и психички особини на човекот

Во групата **лексеми во врска со физички и психички особини на човекот** се изделуваат лексемите: *болен*/***bolan***, *висок*/***visok***, *ґлув*/***gluh***, *ґрбав*/***grbast***, *дебел*/***debel***, *здрав*/***zdrav***, *низок*/***nizek***, *слеѿ*/***slep***.

болен ’спротивно од здрав‘	***bolan*** ’ki ima bolezen‘
висок ’спротивно од низок‘	***visok*** ’ki ima v navpični smeri navzgor razmeroma veliko rasežnost‘
ґлув ’човек што не слуша‘	***gluh*** ’ki ni sposoben dojemati zvoke, glasove‘
ґрбав ’човек што има грпка‘	***grbast*** ’ki ima grbo‘
дебел ’спротивно од слаб‘	***debel*** ’ki ima med najbližjima nasprotnima ploskvama razmeroma veliko rasežnost‘
здрав ’спротивно од болен‘	***zdrav*** ’ki je v stanju telesnega in duševnega dobrega počutja, brez motenj v delovanju organizma‘
слеѿ ’човек што не гледа‘	***slep*** ’ki ni sposoben za znavati svetlobe, barv‘

3. Лексеми во врска со роднински односи
   3.1. лексеми во врска со природни роднински односи
   3.2. лексеми во врска со вештачки сродннички односи
   3.3. лексеми во врска со возраста
   3.4. лексеми во врска со називи на лица според субјективното гледање и
   местото во општеството

Во групата **лексеми во врска со природни роднински односи**се изделуваат лексемите:*брат*/***brat***, *внук*/***vnuk***, *внука*/***vnukinja***, *вујко*/***ujec***, *жена*/***žena***, *маж*/***mož***, *мајка*/***mati***, *невеста*/***nevesta***, *сестра*/***sestra***, *син*/***sin***, *ќерка*/***hči***.

брат 'момче во однос на другите синови или ќерки на сопствените родители'	***brat*** 'moški v odnosu do drugih otrok svojih staršev'
внук 'машкото дете од син или ќерка'	***vnuk*** 'sin sina ali hčere'
вујко 'мајкиниот брат'	***ujec*** 'materin brat, stric (po materini strani)'
жена 'сопруга на мажот'	***žena*** 'poročena ženska v odnosu do svojega moža'
маж 'сопруг на жената'	***mož*** 'poročen moški v odnosu do svoje žene'
мајка 'женски родител на дете'	***mati*** 'ženska v odnosu do svojega otroka'
невеста 'девојката што се мажи'	***nevesta*** 'žensko ob poroki in nekaj časa pred njo'
сестра 'девојка во однос на синовите или на другите ќерки на сопствените родители'	***sestra*** 'ženska v odnosu do drugih otrok svojih staršev'
син 'машкото дете на родителите'	***sin*** 'moški v odnosu do svojih staršev'
ќерка 'женското дете на родителите'	***hči*** 'ženska v odnosu do svojih staršev'

Во групата **лексеми во врска со вештачки сродннички односи**се изделуваат лексемите: *жена*/***žena***, *зет*/***zet***, *маж*/***mož***, *невеста*/***nevesta***, *снаа*/***snaha***.

зет 'ќеркиниот маж'	***zet*** 'hčerin mož v odnosu do njenih staršev'
снаа 'синовата жена'	***snaha*** 'sinova žena v odnosu do njegovih staršev'

Во групата**лексеми во врска со возраста** се изделува лексемата: *луѓе*/***ljudje***.

луѓе ’множина од човек‘	***ljudje*** ’množina od človek‘

Во групата **лексеми во врска со називи на лица според субјективното гледање и местото во општеството** се изделуваат лексемите: *вдовица*/***vdova***, *маќеа*/***mačeha***, *очув*/***očim***, *пријател*/***prijatelj***, *сосед*/***sosed***.

вдовица ’жена на којашто ѝ умрел мажот и не е премажена‘	***vdova*** ’žena, katere mož je umrl in se ponovo ne poroči‘
маќеа ’таа што не е родена мајка‘	***mačeha*** ’očetova druga žena v razmerju do njegovih otrok iz prejšnjega zakona‘
очув ’тој што не е роден татко‘	***očim*** ’materin drugi mož v razmerju do njenih otrok iz prejšnjega zakona‘
пријател ’лице со кој некој соработува или се дружи‘	***prijatelj*** ’kdor je s kom v iskrenem, zaupnem odnosu, temelječem na sorodnosti mišljenja, čustvovanja‘
сосед ’човек што живее близу до нас‘	***sosed*** ’kdor živi, prebiva blizu koga‘

4. Лексеми во врска со храна
   4.1. лексеми во врска со напивки и пијалаци

Во групата **лексеми во врска со храна** се изделуваат лексемите: *вечера*/***večerja***, *мед*/***med***, *сирење*/***sir***, *суротка*/***sirotka***.

вечера ’јадењето навечер‘	***večerja*** ’obrok hrane, ki se je zvečer‘
мед ’слатка, жолта супстанца што ја произведуваат пчелите‘	***med*** ’sladka snov, ki jo delajo čebele iz nektarja ali mane‘
сирење ’вид млечен производ добиен со потсирување и ферментирање на млеко‘	***sir*** ’živalski izdelek, ki se dobi z izločitvijo trdne snovi iz mleka in odstranitvijo odvečne vode‘
суротка ’течноста што останува кога се	***sirotka*** ’rumeno zelenkasta tekočina, ki ostane po

прави сирење или се вари урда‘	izločitvi sirnine iz mleka‘

Во групата **лексеми во врска со напивки и пијалаци** се изделува лексемата: *вино*/***vino***.

вино ’ферментиран гроздов сок како алкохолен пијалак‘	***vino*** ’alkoholna pijača iz soka grozdja po alkoholnem vrenju‘

5. Лексеми во врска со обичаи, вера и општествен живот

Во групата **лексеми во врска со обичаи, вера и општествен живот** се изделуваат лексемите: *благослов*/***blagoslov***, *благословена вода*/***blagoslovljena voda***, *божји гроб*/***božjigrob***, *божја патека*/***božja pot***, *венец*/***venec***, *гроб*/***grob***, *мртовец*/***mrlič***, *мртовечки одар*/***mrtvaški oder***, *олтар*/***oltar***, *оргули*/***orgle***, *погреб*/***pogreb***, *пост*/***post***, *празник*/***praznik***, *свеќа*/***sveča***, *свеќник*/***svečnik***, *смрт*/***smrt***, *цветна недела*/***cvetna nedelja***, *црква*/***cerkev***.

гроб ’дупката во којашто се закопува умрениот‘	***grob*** ’prostor v zemlji za pokop mrliča‘
олтар ’предниот дел во црквата од каде што излегува попот‘	***oltar*** ’večji predmet z mizi podobnim delom, sliko, kipi za opravljanje krščanskega bogoslužja‘
пост ’времето кога не се јаде месо, не се мрси‘	***post*** ’delna ali popolna omejitev uživanja hrane v določnem času, zlasti mesa‘
празник ’ден кога не се работи туку се слави‘	***praznik*** ’dan, ko se navadno na dela, posvečen kakemu pomembnemu dogodku ali spominu nanj‘
свеќа ’се прави од восок или лој, а се пали во црква‘	***sveča*** ’svetilo iz voska ali vosku podobne snovi stenjem v sredi‘
црква ’објект во кој се врши богослужба‘	***cerkev*** ’stavba, namenjena za krščansko bogoslužje‘

6. Лексеми во врска со болести и лекување

6.1. лексеми во врска со болести

Во групата **лексеми во врска со болести**се изделуваат лексемите: *кашлица*/***kašelj***, *мозол*/***mozolj***, *рана*/***rana***, *реума*/***revma***.

кашлица ’болест кога човек кашла‘	***kašelj*** ’sunkovito, glasno izdihavanje zraka zaradi dražljajev v grlu, sapniku‘
мозол ’ситно бубулче на кожата‘	***mozolj*** ’vnetje lojnice in njene okolice‘
рана ’физичка штета нанесена на живо ткиво со удар, сечење итн.‘	***rana*** ’kar nastane na mestu, kjer se tkivo pretrga‘
реума ’воспаление или болки во зглобовите, мускулите или фиброзното ткиво‘	***revma*** ’revmatizem‘

7. Лексеми во врска со облека и обувки
   7.1. лексеми во врска со облека
   7.2. лексеми во врска со обувки
   7.3. лексеми во врска со накит и други додатоци

Во групата **лексеми во врска со облека** се изделуваат лексемите: *кожув*/***kožuh***, *облека*/***obleka***, во групата **лексеми во врска со обувки**се изделува лексемата: *чевли*/***čevlji***, а во групата **лексеми во врска со накит и други додатоци** се изделува лексемата: *каѿа*/***kapa***.

кожув ’горна облека од кожа‘	***kožuh*** ’vrhnje oblačilo iz kože, navadno ovčje‘
облека ’име на горната и долната облека‘	***obleka*** ’izdelek ali skupek izdelkov iz blaga, usnja, ki pokriva telo‘
чевли ’обувки од кожа, гума, пластика за стапалата, глуждот и правата коска‘	***čevlji*** ’obuvalo s trdnejšmi podplati, segajoče največ čez gleženj‘
каѿа ’дел од облеката за покривање на главата‘	***kapa*** ’pokrivalo brez krajevcev, navadno mehko‘

8. Лексеми во врска со дом, покуќнина и посатки
   8.1. дом, градба и делови од градбата
   8.2. покуќнина и посатки

Во групата **дом, градба и делови од градбата** се изделуваат лексемите: *враѿа*/***vrata***, *ѓумно*/***gumno***, *дома*/***doma***, *sug*/***zid***, *кујна*/***kuhinja***, *оѓрада*/***ograja***, *сѿалнасоба*/***spalnica***, *сѿреа*/***streha***, *школо*/***šola***.

врата ’тоа низ кое влегуваме в куќа или в соба‘	***vrata*** ’odprtina v zidu, steni ki omogoča dotop v notranjost česa‘
sug ’делот од куќата меѓу темелот и покривот‘	***zid*** ’vsak od delov stavbe, narejen z gradbenim materialom‘
ограда ’тоа со што е нешто оградено, одвоено од нешто друго во просторот‘	***ograja*** ’naprava, ki se postavi okrog zemljišča, prostora za preprečevanje prehoda‘
streа ’делот од покривот што преоѓа преку sидот и го заштитува од влага‘	***streha*** ’del, ki pokriva ščiti stavbo pred padavinami‘
школо ’објектот каде што учат децата‘	***šola*** ’vzgojno-izobraževalna ustanova, ki omogoča učencem organizirano, sistematično pridobivanje znanja‘

Во групата **покуќнина и посатки** се изделуваат лексемите: *ваѓа*/***vaga***, *ведро*/***vedro***, *виљушка*/***vilice***, *иѓла*/***igla***, *клуч*/***ključ***, *коѓел*/***kotel***, *кош*/***koš***, *лажица*/***žlica***, *нож*/***nož***, *свеќа*/***sveča***, *свеќник*/***svečnik***, *сѓакло*/***steklo***, *цедило*/***cedilo***.

виљушка ’направа со рачка и два или повеќе шилци што се користи при јадење или готвење‘	***vilice*** ’priprava iz rogljev in ročaja za nabadnje kosov hrane‘
иѓла ’предмет за шиење‘	***igla*** ’podolgovat, tanjši, na enem koncu oširljen predmet‘
лажица ’дел од прибор за јадење што служи за ставање храна во устата, мешање‘	***žlica*** ’priprava iz daljšega ročaja in ovalnega vbočnega dela za dajanje v usta, zajemanje zlasti tekočih jedi‘
нож ’предмет со кој сечеме леб‘	***nož*** ’priprava za rezanje iz rezila in ročaja‘
цедило ’ретко ткаено платно за процедување млеко, сирење‘	***cedilo*** ’luknjičasta priprava za precejanje tekočin‘

9. Лексеми во врска со орудија и предмети од опкружувањето
   9.1. лексеми во врска со земјоделски и занаетчиски орудија и предмети

Во групата **лексеми во врска со земјоделски и занаетчиски орудија и предмети** се изделуваат лексемите: *јарем*/***jarem***, *клешѓи*/***klešče***,

коловрат/***kolovrat***, *плуг*/***plug***, *рало*/***ralo***, *рачка*/***ročica***, *сврдел*/***sveder***, *секира*/***sekira***, *шило*/***šilo***.

јарем 'дрвениот дел што им се клава на воловите на вратот при орање'	***jarem*** 'lesena vprežna priprava, ki se da živali na vrat, navadno za par živali'
клешти 'алатот со кој се вадат шајки, или се кинат шајки'	***klešče*** 'orodje za prijemanje iz dveh železnih, navzkrižnih ročic'
плуг 'орудие со сечило прицврстено на рамка што го влече трактор или животно за правење на бразди и превртување на земјата'	***plug*** 'orodje, priprava za oranje'
секира 'направа за сечење дрва'	***sekira*** 'orodje za sekanje iz držaja in na njem nasajenega rezila'
шило 'мала алатка со шилест врв за правење дупки во дрво, кожа итн.'	***šilo*** 'orodje iz dolge, tanke, konice in ročja za delanje lukenj pri šivanju česa tršega debelejšega'

10. Лексеми во врска со занаети и професии

Во групата **лексеми во врска со занаети и професии** се изделуваат лексемите: *господар*/***gospodar***, *ковач*/***kovač***, *кројач*/***krojač***, *пастир*/***pastir***, *чевлар*/***čevljar***.

ковач 'човек што работи во ковачница'	***kovač*** 'kdor za udarci kladiva ali s strojnim stiskanjem oblikuje kovino'
кројач 'лице што прави облека'	***krojač*** 'kdor se poklicno ukvarja s krojenjem in šivanjemzlasti moških oblek'
пастир 'човек кој го пасе стадотоод животни, овчар'	***pastir*** 'kdor pase, čuva živino'
чевлар 'лице што прави, поправа, или продава чевли'	***čevljar*** 'kdor se poklicno ukvarja in popravljanjem obutve'

11. Лексеми во врска со растителен свет

Во групата **лексеми во врска со растителен свет** се изделуваат лексемите: *бреза*/***breza***, *бука*/***bukev***, *врба*/***vrba***, *габа*/***goba***, *габер*/***gaber***, *грмушка*/***grm***, *дрво*/***drevo***, *елка*/***jelka***, *желад*/***želod***, *жир*/***žir***, *житo*/***žito***, *зелка*/***zelje***, *имела*/***omela***, *јаболко*/***jabolko***, *јавор*/***javor***, *јагода*/***jagoda***, *јасен*/***jesen***, *јачмен*/***ječmen***, *киселец*/***kislica***, *компир*/***krompir***, *корен*/***korenina***,

круша/***hruška***, *лешник*/***lešnik***, *орев*/***oreh***, *ѿелин*/***pelin***, *ѿиѿер*/***poper***, *ѿросо*/***proso***, *ѿченица*/***pšenica***, *рен*/***hren***, *реѿа*/***repa***, *сончоѓлед*/***sončnica***, *ѿреша*/***črešnja***.

врба 'дрво или грмушка која расте крај вода, со ситни цветови и свитливи гранки'	***vrba*** 'drevo ali grm z dolgimi šibastimi vejami in ozkimi, podolgovatimi listi'
ѓабер 'растение со мека кора и тврдо и жилаво дрво'	***gaber*** 'gozdno drevo z napiljenimi listi in gostim belim lesom'
елка 'зимзелено иглолисно дрво со конусовидна круна'	***jelka*** 'iglasto drevo s ploščatimi iglicami in gladkim sivim lubjem'
жир 'плод од бука'	***žir*** 'plod bukve'
јаѓода 'повеќегодишно овошно растение, ниско и зелјесто, со зелени листови, бели цветови и мали црвени плодови'	***jagoda*** 'nizka rastlina s trojnatimi listi in belimi cveti ali njen rdeči sad'

12. Лексеми во врска со животински свет

Во групата **лексеми во врска со животински свет** се изделуваат лексемите: *бик*/***bik***, *верверица*/***veverica***, *вол*/***vol***, *ѓасеница*/***gosenica***, *ѓлисѿа*/***glista***, *ѓрива*/***griva***, *ѓуска*/***gos***, *жаба*/***žaba***, *ждребе*/***žrebe***, *зајак*/***zajec***, *зајачица*/***zajklja***, *коза*/***koza***, *кокошка*/***kokoš***, *комарец*/***komar***, *коњ*/***konj***, *коѿиѿо*/***kopito***, *крава*/***krava***, *лисица*/***lisica***, *мачка*/***mačka***, *мравка*/***mravlja***, *мува*/***muha***, *овен*/***oven***, *овца*/***ovca***, *оса*/***osa***, *ѿеѿел*/***petelin***, *ѿиле*/***pišče***, *ѿолв*/***polh***, *риба*/***riba***, *свиња*/***svinja***, *срна*/***srna***, *сѿршен*/***sršen***, *ѿеле*/***tele***, *црв*/***črv***.

верверица 'мало животно што се храни со ореви, лешници и скока по дрвјата'	***vevrica*** 'gozdni glodavec temnorjave barve s kosatim repom, ki živi na drevju'
жаба 'животно што живее во вода, во бари, влажни места, реки'	***žaba*** 'manjša dvoživka s široko glavo, širokim trupom in daljšimi zadnjimi okončinami'
мравка 'инсект што живее во земја во заедница'	***mravlja*** 'drobna žuželka, ki živi v velikih skupinah'
оса 'инсект со жолти и црни пруги кој се храни со други инсекти'	***osa*** 'čebeli podobna žuželka s tankim rumenkastim telesom'
црв 'безрбетник, со долгнавесто и меко тело што се движи со влечење'	***črv*** 'drobna žival, mehnega, podolgovatega telesa, navadno škodljiva'

13. Лексеми во врска со релјеф и хидрографија
    13.1. лексеми во врска со изгледот на релјефот
    13.2. географска лексика од областа на хидрографијата

Во групата **лексеми во врска со изгледот на релјефот** се изделуваат лексемите:*брег*/***breg***, *врв*/***vrh***, *нива*/***njiva***, *ѿоле*/***polje***, а во групата **географска лексика од областа на хидрографијата** се изделува лексемата: *ѿоѿок*/***potok***.

брег 'страниште на реката, граничен појас меѓу копно и вода'	***breg*** 'pas zemlje ob vodi'
врв 'највисокото место на планината'	***vrh*** 'vsaka od vzpetin, v katere se gorovje v višjem delu razcepi'
нива 'парче земја што се ора за жито'	***njiva*** 'del zemljišča za gojenje krmnih rastlin'
ѿоле 'земјишна обработлива површина'	***polje*** 'zemljišče za gojenje kulturnih, krmnih rastlin'
ѿоѿок 'мала река'	***potok*** 'manjša, v strugi tekoča voda'

14. Лексеми во врска со метеорологијата
    14.1. лексеми во врска со времето и временските односи
    14.2. лексеми во врска со атмосферските појави

Во групата **лексеми во врска со времето и временските односи** се изделуваат лексемите: *вечер*/***večer***, *време*/***vreme***, *ден*/***dan***, *денес*/***danes***, *есен*/***jesen***, *зима*/***zima***, *месец*/***mesec***, *недела*/***nedelja***, *ноќ*/***noč***, *ѿеѿок*/***petek***, *ѿладне*/***oplodne***, *ѿолноќ*/***polnoč***, *ѿонеделник*/***ponedeljek***, *ѿоѿладне*/***popoldne***, *сабоѿа*/***sobota***, *синоќа*/***sinoči***, *среда*/***sreda***, *уѿро*/***jutro***, *чеѿврѿок*/***četrtek***.

време 'условите во атмосферата во однос на облачност, топлина, влажност, сувост итн.'	***vreme*** 'stanje ozračja glede na temperaturo, vlago, obačnost'
ден 'спротивно на ноќта, времето од изгрејсонце до зајдисонце'	***dan*** 'čas štiriindvajesetih ur, ki se začneob polnoči in traja do polnoči'
есен 'годишно време што доаѓа по летото'	***jesen*** 'del leta med poletjem in zimo'
ноќ 'спротивно на денот, период на мрак меѓу зајдисонце и изгрејсонце'	***noč*** 'čas teme od sončnega zahoda do vzhoda'
синоќа 'минатата вечер, вчеравечер'	***sinoči*** 'včeraj zvečer'
уѿро 'времето кога излегува сонцето'	***jutro*** 'del dneva ob sončnem vzhodu'

Во групата **лексеми во врска со атмосферските појави** се изделуваат лексемите: *ве̄тер*/***veter***, *дожд*/***dež***, *ињe*/***inje***, *јужен ве̄тер*/***južni veter***, *ма̄гла*/***megla***, *северен ве̄тер*/***severni veter***, *сне̄г*/***sneg***.

ве̄тер 'воздух во природно движење како резултат на разлики во температура или притисок на атмосферата'	***veter*** 'zaradi razlik v zračnem pritisku, temperaturi, gibajoči se, premikajoči se zrak'
дожд 'капките што паѓаат кога врне'	***dež*** 'padavine v obliki vodnih kapelj'
ињe 'смрзната роса што се фаќа по дрвјата и по тревата'	***inje*** 'ivje, snegu podobna snov ki se naredi v mrazu in megli, zlasti na drevju'
ма̄гла 'ниски облаци покрај земја, густ облак од водени капки во воздухот блиску до површината на земјата што ја намалува видливоста'	***megla*** 'v ozračju nizko nad zemljo zgoščeni vodni hlapi, ki povzročaje slabo vidljivost'

15. Лексеми во врска со сообраќај
    15.1. лексеми во врска со патишта и транспорт
    15.2. лексеми во врска со превозни средства и нивните делови

Во групата **лексеми во врска со патишта и транспорт** се изделува лексемата: *мос̄т*/***most***, а во групата **лексеми во врска со превозни средства и нивните делови** се изделува лексемата: *брод*/***brod***.

мос̄т 'структура што овозможува за преминување преку река'	***most*** 'objekt, po katerem vodi pot čez globinske ovire'
брод 'превозно средство за превоз на патници низ вода'	***brod*** 'splav ali čoln za prevoz čez vodo'

ЗАКЛУЧОК

Наведените лексеми во табелите и нивните лексички значења претставуваат само дел од резултатите што ги постигнавме во текот на истражувањето и проучувањето на сличностите во македонската и во словенечката лексика.

Материјалот што го користевме во текот на анализата на овој труд е собиран според Прашалникот за собирање материјал за македонскиот

дијалектолошки атлас (Видоески 2000) и дијалектолошкиот прашалник Vprašalnica po številkah, Dialektološka sekcija – ponovne objave člankov s kartami za SLA (Slovenski lingvistični atlas 2008), а е користен и речникот на македонскиот јазик, т.е. Толковен речник на македонскиот јазик и речникот на словенечкиот јазик Slovar slovenskegaknjižnega jezika.

Од горенаведените примери забележуваме дека лексемите се со ист корен и со исто значење, а од нив заклучуваме дека добар дел од македонската и од словенечката лексика е од словенско потекло.

Во овој научен труд е прикажан еден мал, но важен дел од лексичкото богатство на два сродни, но и различни јазика, кои припаѓаат на јужнословенската јазична група.

Се надеваме дека истражувањето кое го спроведовме во овој труд ќе даде придонес за македонската и за словенечката лексика.

ЛИТЕРАТУРА

Видоески, Божидар, (2000), *Прашалник за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Јованова-Грујовска, Елена, (2012), *Лексичко-семантичка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески, Кирил, (2005), *Толковен речник на македонскиот јазик*, том 2, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески, Кирил, (2006), *Толковен речник на македонскиот јазик*, том 3, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески, Кирил, (2008), *Толковен речник на македонскиот јазик*, том 4, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески, Кирил, (2011), *Толковен речник на македонскиот јазик*, том 5, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески, Кирил, (2014), *Толковен речник на македонскиот јазик*, том 6, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Мургоски, Зозе, (2005), *Речник на македонскиот јазик*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

Jakopin, P., (ured.), (2000), *Slovar slovenskega knjižnega jezika*, Inštitut za slovenski jezik Fran Ramovša ZRC SAZU, Ljubljana.

Vprašalnica po številkah, (2008), *Dialektološka sekcija – ponovne objave člankov s kartami za Slovenski lingvistični atlas*, Inštitut za slovenski jezik Fran Ramovša ZRC SAZU, Ljubljana.

81'37

Свето ТОЕВСКИ

ЈАЗИЧНАТА РЕЛАТИВНОСТ ИЗРАЗЕНА ПРЕКУСЕМАНТИЧКИОТ АНИЗОМОРФИЗАМ МЕЃУ ХРОМАТСКАТА ЛЕКСИКА НАМАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ДРУГИ ЈАЗИЦИ ВО СВЕТОТ

Апстракт: Овој труд ја доведува тезата за лингвистичката релативност, како една од двете компоненти на Сапир - Ворфовата хипотеза, во сооднос со хроматската лексика, односно, терминологијата на боите во светските јазици. Овој труд се осврнува на разликите во хроматската лексика на македонскиот и низа светски јазици од аспект на семантичкиот анизоморфизам, појава која е потврда за валидноста на тезата за лингвистичката релативност: анизоморфизмот сфатен како значенска асиметрија во лексиконите на јазиците, односно и како делумна, нецелосна, или и воопшто непостојна еквиваленција во значењата на поимите за боите меѓу јазиците, што го отежнува преведувањето на тие поими и меѓујазичната циркулација на значења.

Клучни зборови: лингвистичка релативност, хроматска лексика, македонски јазик, значенски анизоморфизам, светски јазици.

Преглед на досегашните истражувања

Највпечатливата карактеристика на човековиот јазик е, изгледа, неговата разновидност: наспроти значително ограничените физички варијации на сиот човеков вид, постојат дури 7.097 познати живи јазици, кои се говорат во светот во овој момент, според податоците на американската научна антрополошко – етнолошка и лингвистичка асоцијација „Етнолог“ (Lewis, M. Paul, Gary F. Simons, and Charles D. Fennig /eds., 2016). Зборовите, или концептите за бои во било кој од тие 7.097 јазици можат да се сметаат како идеално подрачје за тестирање на постоењето и дејствувањето на двете компоненти на Сапир – Ворфовата хипотеза: лингвистичката релативност и лингвистичкиот детерминизам. „Меѓу постојните живи светски јазици нема ниту еден, кој би бил идентичен со кој било друг јазик во поглед на фонологијата (звукот), синтаксата, лексиконот, или граматиката“ – вели Пол. М. Луис (Lewis, M Paul /ed., 2009). Оваа карактеристика на светскиот јазичен диверзитет покренува интересни прашања во врска со човековото разбирање на

реалноста: дали тоа разбирање на реалноста е вродено и универзално, заедничко за сите јазици, и покрај „површинските разлики и структури“ („surface differences and structures“) и „длабинските разлики и структури“ („deep differences and structures“) меѓу нив, кажано со терминологијата на Ноам Чомски? Или тоа разбирање на реалноста е релативно, поврзано со оној јазик на кој се говори?

Според тезата на јазичниот детерминизам, структурата на јазикот може да влијае силно, или да определи нечиј поглед на светот. Според тој детерминизам, нашиот начин на мислење зависи од јазикот, на кој говориме, од неговата граматичка структура, која во голема мера ги поставува границите на она што може да се мисли на тој јазик. Принципот на лингвистичкиот детерминизам своја поддршка наоѓа и во семиологијата на Сосир, , според кој постојат „фиксирани, универзални јазични структури“, како и во тезите на Ноам Чомски за постоењето „вродени ментални структури“ во сите јазици во светот. Применето на колорната терминологија, овие поставки на Сосир и Чомски би значеле дека во секој јазик во светот постојат одредени заеднички универзални елементи, или концепти, нешто што претставува општ детерминистички фактор, кој влијае врз човековата перцепција на светот на боите, што го опкружува.

Меѓутоа, Амината Коне истакнува дека човековата концептуалност се засновува повеќе врз лингвистичкиот плурализам, отколку врз некакви ограничувачки и општоважечки „универзални структури“, или врз „вродени ментални структури“: „Погрешните сфаќања на тезите на Франц Боас, Сапир и Ворф се исправени: нивниот принцип на лингвистичката релативност треба да биде разбран како лингвистички плурализам, повеќе отколку детерминизам. ... принципите на Сапир, Ворф и Боас ни обезбедуваат многу подобро и многу посложено разбирање на човековата концептуалност.“ (Aminata M. Kone, 2013:1).

Според поставката за лингвистичката релативност, лингвистичките разлики се причина и за когнитивните разлики. Ворф напиша: „Ние ја сецираме, ја анализираме природата вдолж линиите утврдени од нашиот мајчин јазик.“ (John B. Carroll / ed., Benjamin Lee Whorf / author, 1956:212). Со други зборови кажано, ние го набљудуваме светот и на боите околу нас филтрирано низ семантичките категории на нашиот мајчин јазик. Во сличен контекст Сапир истакнува: „Не постојат два јазика, кои ќе бидат кога било доволно слични, за да се смета дека ќе може да ја претставуваат истата општествена реалност.“ (Sapir, Edward, 1929: 207).

Поновите експериментални студии и теоретски разгледувања на Ана Вјежбицка, Даниел Еверет, Деби Роберсон, Јул Давидоф, Јан Р.Л.Дејвис, Лаура Р. Шапиро и други автори, покажуваат дека ширум

светот постојат голем број јазици и без тие „фиксирани, универзални јазични структури“, без тие „вродени ментални структури“, кога станува збор за човековото перцепирање на спектарот на боите, дека говорителите на тие јазици, наспроти тоа што нивните јазици немаат дури ниту базични поими за боја, не се сосема слепи за видливиот спектар на бои: тие го денотираат тој спектар, користејќи разновидни фасцинантни и компликувани морфолошки, синтаксички и лексички процеси.

За да ги означат базичните бои говорителите на таквите јазици без основна колор – терминологија користат и вербални дескриптори за бојниот спектар што го гледаат. Некои од нив посегнуваат по концептуалните процеси на метафоризација и метонимија, создавајќи така свои нестандардни колор – изрази по пат на користење на сопствените зборови за објектите во нивната непосредна животна околина – за животните и растенијата во џунглите, во мразовните тајги, во прериите и пустините, според природните појави. Што значи, се доведува во прашање, иако не и сосема, валидноста на универзалистичките тези на Брент Берлин и Пол Кеј од нивната и натаму мошне влијателна студија „Основните поими за бои: нивната универзалност и еволуција“ („Basic Color Terms: Their Universality and Evolution“) од 1969 година. Овие два автора говорат за поимите за боја како за „универзални лингвистички структури“ поврзани со перцепцијата на визуелниот светлински спектар, идентификувајќи ги следните 11 бои, кои тие ги означуваат како „базични“: бела, црна, црвена, зелена, жолта, портокалова, сина, браон, розова, виолетова и сива.

Берлин и Кеј ги потпреле своите „универзални наоди“ врз првобитното истражување со мостра од само 22 живи јазици. Но, потоа бездруго и самите согледале дека не може врз основа на така мала, непрезентативна мостра да се обопштува за карактеристиките на сите седум и повеќе илјади јазици, па затоа тоа нивно истражување во 1976 година прераснало во проект наречен „Преглед на боите во светот“ („World Color Survey“). Оваа студија денес опфаќа 110 јазици од целиот свет. Но, се наметнува прашањето колку е и оваа мостра доволно опфатна и репрезентативна, за да би можеле да се изнесуваат некакви генерализации за сиот планетарен јазичен диверзитет?

Студијата на Клер Валас, во врска со семејствотото на домородните јазици Pama-Nyungan, кои се говорат во поголемиот дел на австралискиот континент, донесува првични констатации дека од 207 анализирани јазици во ова семејство дури кај 46 не бил пронајден ниту еден основен поим за бои а оти кај 10 јазици било констатирано постоење само по еден таков поим за бои?! Навистина, Валас предупредува дека се можни веројатно и одредени грешки во оваа експериментална студија, но,

сепак, и да бидат корегирани резултатите од студијата во оној нејзин дел со наодите дека не постојат „еднобојни“ домородни етнички групи, значи и ако се утврди дополнително дека тие групи имаат два поима за бои – само бела и црна – и во таквиот случај доволно впечатливо таа студија потврдува дека во доменот на хроматската лексика не постојат универзални, вродени јазични категории, структури и поими, карактеристични за сите светски јазици.

Теоријата за постоење основни поими за бои кај светските јазици, која беше причина за наводното пропаѓање на принципот на лингвистичката релативност, сега повторно е ставена под научната лупа и е подложена на фундаментална ревизија. Валас истакнува: „Дефиницијата на Берлин и Кеј, со која се конституира базичниот колор - поим, треба да се прошири, или да се ревидира, за да се одразат особините на поголемиот дел на светските јазици, земајќи ги предвид поимите и од другите методи за визуелна дескрипција ... концептот на базичниот поим за боја не е доволно универзален како начин за споредување на јазиците.“ (Claire Wallace, 2012:16) Сличноста, изразена во поголема или помала мера, во перцепирањето, сегментирањето и лексичкото означување на колорниот спектар секако постои кај голем број јазици, посебно во Европа и на Западот, кои минале низ одреден еволутивен развој на својата хроматска лексика, но, според нас, дискутабилно е дали таа сличност може да се означи баш како универзалност карактеристична за сите светски јазици. Сосема е погрешно да се набљудуваат таквите јазици, кои допрва треба „колорно да еволуираат“, низ колорните и концептуалните очила на англоамериканскиот јазик и култура, па уште и да се генерализира дека, наводно, сите имаат, или оти треба да имаат 11 основни поими за бои.

Се приклучуваме кон ставот на Ана Вјежбицка, која со докази го реафирмира принципот на лингвистичката релативност и повикува на конституирање „нови парадигми во семантиката на боите“. Таа е категорична дека споменатата студија на Берлин и Кеј е премногу „англоцентрична“ и оти „нивната западна универзалистичка традиција им го наметнува на другите јазици и култури својот концептуален калап, шаблон, кој не ја одразува „нативната“, сопствена точка на гледање што ја има односниот јазик („the native's point of view“’). Притоа, Вјежбицка укажува на значењето на вербалните дескриптори поврзани со околината во денотирањето на спектарот на боите, наместо непостојните универзалистички концепти: „Мора да го отфрлиме широко распространетото гледиште дека постојат некакви ‘колор - универзалии’, било да се тие апсолутни, или импликативни. Не постојат ‘колор - универзалии’, бидејќи колорот сам по себе не е универзален концепт. Универзален е концептот на она што се гледа (concept of SEEing) и така тој

концепт на она што се гледа, а не колорот, мора да биде појдовна точка, камен – темелник на нашите истражувања. ... Човековиот ум ...треба да бара нови анализи и нови синтези. За да се разбере човековата концептуализација на видливиот свет истовремено и во неговата разновидност и во неговите заедничкости, мора да ја признаеме улогата на околинските и физичките прототипови, кои се повторуваат во човековото искуство (како што се огнот, сонцето, крвта, небото и растението).“ (Anna Wierzbicka, 2006: 20–22).

Меѓутоа, значаен дел од поставките во „Основните поими за бои...“ не треба да се отфрлаат a priori, бидејќи со меѓујазичните контрастивни анализи особено е докажана валидноста на ставовите за еволутивноста на колор – терминологијат во светските јазици. Би додале уште нешто поврзано со студијата на Берлин и Кеј. Сметаме дека за македонскиот јазик, како и за другите јазици, терминолошки би била многу посоодветна теоријата на колорната опоненција на Евалд Херинг, наместо „базичните поими за бои“ на тие два автора. Теоријата на Херинг утврдува поинаква терминологија за боите – постоење 6 примарни бои: црна, бела, црвена, зелена, сина и жолта, со нивните многубројни придружни нијанси. Теоријата на Херинг, значи, говори за „примарни поими за бои“, наместо „базични термини за бои“ и таа полека, но се посигурно го започнува својот нов пат во лингвистиката на боите, добивајќи потврди за својата поголема соодветност за светскиот јазичен диверзитет, за разлика од базичните термини на Берлин и Кеј. Сепак, поради тоа што и натаму најголемиот дел на научната литература, и минатите и сегашните истражувања на хроматските лексики на јазиците во светот ја употребуваат терминологијата на „Основните поими за бои ...“, и ние, заради методолошка усогласеност, ќе бидеме принудени во овој труд да го користиме изразот „базичен термин за бои“, меѓутоа, имајќи ја предвид и диференцијацијата што ја направивме.

Во овој труд ја доведуваме тезата за лингвистичката релативност во сооднос со хроматската лексика, односно, терминологијата за бои во светските јазици, посебно анализирајќи ги оние „ахроматски“, наводно „слепи за бои“ домородни народи и племиња ширум планетата. Поконкретно, во трудот се осврнуваме на разликите меѓу хроматската лексика на македонскиот јазик наспрема една не би рекле толку репрезентативена, колку што карактеристична мостра од 15 други јазици во светот, кои им припаѓаат на различни јазични семејства и групи во светот, заради разгледување и анализа на семантичкиот анизоморфизам, појава која е потврда на валидноста на тезата за лингвистичката релативност.

Основни поимни дефинирања на анизоморфизмот меѓу јазиците во светот

Овде е веќе неопходно да приведеме неколку најважни, најкомпетентни дефиниции на поимот на јазичниот анизоморфизам, кои се дадени во научната литература. Аквилино Санчез го дефинира јазичниот анизоморфизам како семантичка асиметрија во следнава смисла: „Лексичките карактеристики, зависни од културата, можат делумно да го модифицираат, или дури и да го преобликуваат значењето на навидум слични зборови во различни зборови, влијаејќи врз нивниот семантички простор и градејќи нови семантички конструкти. Овие нови сематички единици можат да станат исклучиви во еден јазик и да поттикнат непредвидлив процес на диференцијација. Ова е прецизно еден од изворите на семантичката асиметрија. Семантичката асиметрија, или анизоморфизмот, е веројатно најсериозниот проблем, кога се споредуваат, или кога се преведуваат јазиците. ... Покрај улогата на лексичките карактеристики, зависни од културата, недостигот на еквиваленција меѓу јазиците се случува и поради (1) различната концептуализација на реалноста и (2) присуството / отсуството на некои концепти во еден јазик наспроти некој друг и соодветното присуство / отсуство на збор да го означи концептот.“ (Aquilino Sanchez, 2010:113).

Ладислав Згуста прецизира: „Основната намена на двојазичниот речник е да ги координира лексичките единици на еден јазик со лексичките единици на друг јазик, кои се еквивалентни во нивното лексичко значење. Фундаменталната тешкотија на таквата координација е предизвикана од анизоморфизмот на јазиците, односно, од разликите во организацијата на означувањето во поодделните јазици, како и од други разлики меѓу јазиците. ... Еквивалентните лексички единици со идентично повеќекратно значење во два јазика и со прецизно исто лексичко значење се вистинска реткост. ... Анизоморфизмот може да биде предизвикан од која било компонента на лексичкото значење, во која било мера и во која било димензија. Речиси сите проблеми на еквиваленцијата се предизвикани од анизоморфизмот на јазикот.“ (Ladislav Zgusta, 1971:296).

Хеминг Јонг и Јинг Пенг ги разликуваат следниве видови анизоморфизам: (1) културен, (2) јазичен, или категоријален, (3) компоненцијален, (4) вонјазичен и (5) специјализиран анизоморфизам. Поодделно, тие за компоненцијалниот анизоморфизам истакнуваат: „Кај овој вид анизоморфизам не постојат две лексички единици во два јазика, кои можат да бидат меѓусебно еквивалентни во сите значенски аспекти. ... Компоненцијалната и контрастивната анализа покажува дека лексичките единици во кои било два јазика не кореспондираат една со друга

истовремено и во концептуалните и во неконцептуалните аспекти.“ (Heming Yong and Jing Peng, 2007:137 - 139). Според Арлета Адамска - Салациак, „обопштено, анизоморфизмот - последица на фактот дека различни јазици различно ја структурираат реалноста - значи дека совршената меѓујазична еквиваленција е повеќе исклучок одошто правило.“ (Arleta Adamska - Salaciak, 2013:223). Марсел Телен посочува дека терминот „изоморфизам“ („изоморфија“) се користи во биологијата, каде што означува „сличност во формата, или структурата“. „Анизоморфизмот е спротивност на изоморфизмот и претставува недостиг на сличност. Природните јазици се стремат кон релацијата „еден на еден“ (one - to - one relation) меѓу нивото на формата и нивото на содржината, или попрецизно, кон изоморфизам меѓу зборовните форми и зборовните концепти. ... Во анизоморфизмот не постои таква симетрија“. (Marcel Thelen, 2012).

Овој преглед на поимните дефинирања на лингвистичкиот анизоморфизам, а во неговите рамки и на семантичкиот анизоморфизам, го заокружуваме со дел од размислувањата на Саихонг Ли Расмусен, кој многу јасно експлицира дека анизоморфизмот е појава во светот на јазиците многу пораширена, почеста, отколку изоморфизмот: „Јазиците не се лексички изоморфни: секој јазик го дели светот на мисли, идеи, емоции и се друго на различни лексички сетови. Терминот изоморфизам ја опишува ’еден - на - еден’ кореспонденцијата меѓу елементите на два такви сета. ... Јазичниот анизоморфизам, несоодветството меѓу јазиците поради нивните синтаксички, граматички, семантички, или социјални и културални разлики, е исфрлен на преден план како голем проблем во двојазичните речници. (Saihong Li Rasmussen, 2010).

Јазичната релативност се изразува преку семантичкиот анизоморфизам, преку различноста и несоодветството на термините и концептите во хроматската лексика меѓу светските јазици, а во тие рамки и меѓу македонскиот и светските јазици.

Корпус и методологија на истражувањето

Од различни извори во достапната научна литература, од студии и резултати на истражувања на значителен број различни еминентни автори, како и од речникот на македонскиот јазик, е прибран корпусен лексички материјал, кој се однесува на темелните, основни поими за бои вкупно во 16 светски јазици, од мошне различни јазични семејства и групи, вклучувајќи го и македонскиот јазик. Тој лексички материјал ќе послужи како извор на примери и компарации заради разгледување и согхледување на постоењето,

или непостоењето анизоморфни структурни разлики меѓу тие 16 јазици. Во првата група се наоѓаат македонскиот, хрватскиот и рускиот јазик, како членови на јужнословенската група во рамки на индоевропското јазично семејство, кои како три географски и социокултурно релативно блиски јазици, се одликуваат со висока изоморфност во доменот на нивните хроматски лексики. Во втората група се англискиот, францускиот, мандаринскиот кинески и арапскиот јазик, како водечки светски јазици и според бројот на нивните говорители и според цивилизацискиот придонес и позиционираност на мапата на светскиот лингвистички диверзитет. Во третата група се домородните, „егзотични“ јазици пираха (Амазонија, Бразил), јели дние / yélî dnye и беринмо (Папуа, Нова Гвинеја), варлпири (Австралија), лакандон маја (Мексико), химба (Намибија, Африка), дани (Индонезија), баса (Либерија и Сиера Леоне) и гборбо кран / gborbo krahn (Либерија и Брегот на Слоновата Коска). Ексцерпираниот корпусен материјал содржи монолексеми за основните бои од поразвиените европски и другите светски јазици, но и именски фрази и други нестандардни изрази во улога на основна терминологија за бои, создадена по пат на сложени морфолошки, синтаксички и лексички операции во дел од споменатите домородни јазици. Заради методолошката коректност и прецизност, ќе се насочиме само на базичните поими за бои, а не и на вторичната колор – терминологија, бидејќи така ќе може да се добие појасен увид во генезата, сличностите и различностите на терминологиите за бои во тие јазици.

Во трудот ќе биде спроведено микролингвистичко истражување со примена на квалитативна контрастивна анализа како индуктивен метод за систематска компарација на посуштествените разлики и сличности меѓу јазиците во доменот на бојните термини и концепти. Особено ќе биде вршена споредба од типот „еквиваленција – еден – на – еден – збор“ (“equivalence one-to-one-word”), односно, анализа дали кај компарираните јазици постои меѓусебен директен еквивалентен превод со целосно лексичко совпаѓање меѓу базичните поими за бои, без речиси никаква значенска асиметрија. Или, меѓу споредуваните јазици постои делумна или многу голема лексичка инконгруенција во поглед на хроматските лексики, што ќе биде причина за соодветно висок степен на значенскиот анизоморфизам. Инаку, во постојната научна литература се уште не е дефинирана и не е разработена каква било директна квантитативна метода на мерење на степенот на семантичкиот анизоморфизам во доменот на основните поими за бои, а исто така и кај секундарната колор – терминологија. Токму затоа со квалитативната компаративна анализа на изнесените сетови на бојни термини и изрази го испитуваме степенот на семантичкиот анизоморфизам, кој авторите на билингвални речници во светот го квантификуваат засега само низ пропорции од 0 до 1, односно од нула до 100 проценти. Кога меѓу

два сопоставени и анализирани јазика постои целосна различност во поглед на поимите и концептите за бои, тогаш степенот на значенскиот анизоморфизам се квантификува со 1, или 100 проценти.

Поимите и концептите за бои како погодна основа за тестирање на лингвистичката релативност

Хроматската лексика се зборови кои означуваат бои, било да станува збор за именки, придавки, глаголи, или прилози. Светските јазици меѓусебно се разликуваат според начинот на кој го делат видливиот спектар во јазични категории. Бројот на термини за бои се движи од 2 - 5 кај неразвиените јазици, а до 6 - 11 кај поразвиените јазици. Но, јазиците на многу народи и воопшто немаат основни термини за бои, па наместо нив создаваат нестандардни колор – изрази, со кои ги надоместуваат таа основна бојна терминологија. Во овој труд првин донесуваме табели со основни, но и нестандардно создадени термини за бои во 16 светски јазици, меѓу кои и македонскиот јазик.

Назив на јазикот	Називи на боите [1]					
македонски	црн (m) црна (f) црно (n) црни (pl)	бел (m) бела (f) бело (n) бели (pl	црвен (m) црвена (f) црвено (n) црвени (pl)	жолт (m) жолта (f) жолто (n) жолти (pl)	син (m) сина (f) сино (n) сини (pl)	зелен (m) зелена (f) зелено (n) зелени (pl)
хрватски	crn (m) crna (f) crno (n) crni(pl)	bijel (m) bijela (f) bijelo (n) bijeli (pl	crven (m) crvena (f) crveno (n) crveni (pl)	žut (m) žuta (f) žuto (n) žuti (pl)	plav (m) plava (f) plavo (n) plavi (pl)	zelen (m) zelena (f) zeleno (n) zeleni (pl)
англиски	black	white	red	yelow	blue	green
пираха	bio’pai’ai	ko’biai	bi’i’sai	bi’i’sai	a’hoa’saa’ga	a’hoa’saa’ga
јели дние (yélî dnye	kpedekpede, mgidimgidi	kpaapikpaapi	mtyemtye, taataa	k:ii chii yaa, yi tii yaa, yui chii yaa, k:ii kigha k:ii kigha nt:u	ntii, ntii ghi, mboo, mboo nte	yui kuu yuaa, kuu
руски	чёрный	белый	красный, рыжий	жёлтый	синий, голубой	зелёный
варлпири (varlpiri)	kirdily-kirdilypa; maru; maru-maru; nguyu-nguyu; parnparnku-karrimi;	kardirri, liirl-nyinami, marnararrpa, yarltiri, palkarra, piirn-pari, rdarrwarlku-karrimi,	pulyurrulyurru, tirirtiri, yalyu yalyu, yalyulpari, yinjilirrpilirrpi, yurlpayurlpa, warntirily-	karntawarra karntawarra, yamangayiwarna	mawulyparu	kurraly-pari, wajirrki wajirrki, yukuriyukiri, wikirri-wikirri, yarringki,

[1] Табела на бои 1.

	wuju-wuju; wumpurrarni ; yurrpurlu	rdarrwarl-pari, warntikirli, wirliriny-ngunami	pari			yarringki-yarringki
кинески мандарин	hēi sè 黑色	bái sè 白色	hóng sè 紅色	huáng sè 黃色	lán sè 藍色	lǜ sè 綠色
лакандон	e'ec'	säk	chäk	k'än	ya'ax	ya'ax
арапски	وداس (aswad)	أبـ يض (abyadh)	أحمر (ahhmar)	أ صـ فر (assfar)	أزرق (azraq)	أخ ضر (akh-dhar)
химба			serandu, zuzu (темно црвено) dambu (некои други нијанси на црвено)	vapa (некои нијанси на жолто)	zuzu (темно сино), vapa (некои нијанси на сино)	zuzu (темно зелено), buru (некои нијанси на зелено)
француски	noir	blanc	rouge	jaune	bleu	vert
Назив на јазиците	Називи на боите					
дани	mili	mola	mola	mola	mili	mili
беринмо				wor	nol	nol
bassa			ziza	ziza	hui	hui
гборбо кран (gborbo krahn)	gbe - (да се биде) црно /темно-темен/	plu - (да се биде) бело /светло-светол/	sain- (да се биде) црвено /cjajno-cjaen/			

Табела на бои 2.

Називи на јазиците	Називи на боите [2]				
македонски	кафеав (m) кафеава (f) кафеаво (n) кафеави (pl)	розев(m) розева (f) розево(n) розеви(pl	портокалов(m) портокалова(f) портокалово(n портокалови (пл)	сив (m) сива (f) сиво (n) сиви (pl)	виолетов (m) виолетова (f) виолетово (n) виолетови (pl)
хрватски	smeđ (m) smeđa (f) smeđo (n) smeđi (pl)	ružičast (m) ružičasta (f) ružičasto (n) ružičasti (pl)	narančast (m) narančasta (f) narančasto (n) narančasti (pl)	siv (m) siva (f) sivo (n) sivi (pl)	ljubičast (m) ljubičasta (f) ljubičasto (n) ljubičasti (pl)
англиски	brown	pink	orange	grey	purple
пираха					
јели дние (yélî dnye)	km:ee mbee		nj:ii wulu	kpo-kpaa dyuu	
руски	коричневый	розовый	оранжевый	серый	фиолетовый, сиреневый, лиловый
варлпири (varlpiri)	ngarr-ngarr-pari, puun-puunpa, walyawalya	kurdunjuru	pangki-parnta	pulyurr-pulyurrpa, yulyurduyulyurdu	yulyurduyulyurdu

[2] Табела на бои 3.

кинески мандарин	kāfēi sè 咖啡色		jú sè 橘色 (ili) chéng sè 橙色	huī sè 灰色	zǐ sè 紫色
лакандон					

Називи на јазиците	Називи на боите				
арапски	بنّي (bonniy)	زهريّ-وردي (wardiy/ или -zahriy)	بـ رتـ قالـ ي (burtuqaaliy)	رمادي (ramaadiy	بنفسجيّ (banafsajiy)
химба		serandu	serandu		zuzu(темно виолетова)
француски	marron, brun	rose	orange	gris	violet
дани					
беринмо			wor	wor	nol
баса			ziza		hui
гборбо кран (gborbo krahn)					

Табела на бои 4.

Користејќи разновидни лингвистички средства и процеси, секој говорител може да се изрази во врска со перцепирањето на одредена боја во својот мајчин јазик, кој и да е, па дури иако во лексиката на тој јазик не постои директен, базичен назив за основната боја. Но, проблемите настануваат кога значењата на боите, а особено за нивните нијанси, се пренесуваат од еден во друг јазик. Видлива семантичка асиметрија меѓу два јазика може да се забележи кога станува збор посебно за сината боја. Сината и зелената боја, иако се различни основни термини за боја, за говорителите на беринмо - јазикот претставуваат една иста боја. Додека Англичаните сите синкави нијанси ги означуваат со изразот *blue*, говорителите на рускиот јазик прават мошне јасна разлика меѓу светлосините нијанси, кои ги нарекуваат *голубой*, и темно сините нијанси, кои ги означуваат со зборот *синий*.

Ќе се обидеме да воспоставиме барем ограничени, делумни преводни еквиваленти во поглед на црвената боја во македонскиот јазик и два други јазика, кои воопшто немаат колорна терминологија, но, неа ја

надоместуваат по пат на метафори. Во пираха - јазикот [3] нема израз за црвена боја, туку тој колорен термин се гради по пат на спојување на именка и една партикула во улога на номинализатор (Daniel L. Everett, 2005:627):

bi-i *sai*
крв номинализатор
како крв (црвено)
bi-i-sai црвено

Во јазикот у*eli dnye* не постои основна хроматска лексика, туку таа се изведува по пат на метафоризација и удвојување именки од непосредната животна околина, кои се одликуваат со односната боја што се сака да се употреби заради изведување и користење колорен израз. Така, у*eli dnye* – говорителите [4] заради искажување на црвената боја го употребуваат зборот *mtye*, или *taa*, што се термини за вид црвен папагал, кој живее во нивната непосредна животна околина. „Со редуплицирање се добива *mtyemtye*, или *taataa*, два израза за црвена боја во овој јазик, кои се користат подеднакво од месните домородци со мали дијалектни разлики вдолж северното крајбрежје на островот Росел“ - вели Стевен Левинсон од Макс Планк Институтот за психолингвистика (Stephen C. Levinson, 2001:10).

Ако би се преведувал текст од у*eli dnye* - јазикот на македонски јазик се поставува прашање: како би се превел нестандардно створениот у*eli dnye* – термин за црвената боја, ако не се знае културата и начинот на живеење на населението на островот Расел? Но, и дали и како би можел македонскиот збор за црвената боја да се приопшти кон хроматската лексика на на у*eli dnye* - јазикот без загуба на оригиналното значење? Односно, како да се постигне барем приближна еквиваленција во интерлингвистичкиот трансфер на значења на основната хроматска терминологија, во дадениот случај од македонскиот на у*eli dnye* - јазикот, но и обратно?

Метафората игра многу голема улога во колорното зборообразување и во македонскиот јазик, но, со таа разлика што во македонскиот јазик метафорично можат да се изведуваат вторични бојни поими, за нијансираност

---

[3] Пираха - народот е уникатно домородно племе, кое живее покрај реката Маици, длабоко во дождовните шуми во џунглите во Амазонија, во Бразил. Во 2006 година имало 360 родени говорители на пираха - јазикот.

[4] *Yélî Dnye* е племе кое живее на Росел, најисточниот остров во архипелагот Луисиаде, кај Папуа Нова Гвинеја. Во 1998 година биле евидентирани 3800 родени говорители на у*élî dnye* - јазикот.

на дел од визуелниот спектар, а не во функција на творење и основни термини за боја. Во оваа смисла Елизабета Бандиловска-Ралповска напоменува: „Анализата на лексичко-семантичката група со значење *боја* покажува дека метафората претставува главно и основно лексичко средство, преку кое се развива и се збогатува со нови лексички единици, претставува особено продуктивен семантички модел за создавање секундарни лексички значења со нова јазична вредност, карактеристичен признак што ја маркира самата група со неопределеност според бројот на членовите, постојано привлекувајќи кон себе нови именки и нови придавки, кои ги преобразува во лексеми со прецизна нијансираност на сето она што го опфаќа човечкото око.“ (Елизабета Бандиловска-Ралповска, 2013:72.)

Неопходно е да се користат калки, или споредувања, кога се преведуваат на македонски јазик термините за бои, во случаи кога е тешко да се воспостави целосна семантичка еквиваленција при циркулирањето на изразот од еден во друг јазик. Овде ќе се осврнеме поподробно на зелената боја во македонскиот јазик во споредба со пираха - јазикот. Еве каква е експресијата за зелена боја во пираха - јазикот, кој нема никаква непосредна хроматска лексика:

a-hoa-s aa - ga

несозреаност да се биде: привремено

опстојување како привремено несозреан

a-hoa-s-aa-g = зелен/о/а

Пирахите со ваквата метафорички изведена асоцијативна слика ја „позајмиле“ зелената боја од вегетацијата и дрвјата во нивната непосредна животна околина - во амазонската џунгла - и така ја решиле својата потреба за денотирање на дел од визуелниот спектар и без да имаат вистинска лексема како примарен боен термин, еднакво како и во сите развиени јазици во светот. Поправо, како што нагласува Даниел Еверет, големиот познавач и истражувач на пираха - јазикот, оваа колорна експресија не е вистинска лексема, туку композит на 3, или повеќе морфеми и една партикула со неколкукратна улога: и како номинализатор, кој композитот од неколкуте морфеми го претвора во именка со одредено значење како термин за боја, во дадениот случај. Но, таа партикула (кај изразот за црвената боја партикулата *sai*, а кај изразот за зелената боја *aa*), според Еверет, дури може да врши улога дури и на глоса, еден вид нецелосна лексема, нејасна лексичка единица со замаглено значење, на која и треба дополнително толкување. Вршејќи улога како номинализатор, таа глоса на низата од аглутинирани морфеми и дава значење на асоцијација од колорен тип (како крв – црвен, како несозреан – зелен). Всушност, јазикот пираха содржи една комплексна синтакса, која со процесот на номинализација на сложенката на морфеми создава дури и

една именска фраза, како синтаксичка единица од пониско ниво, и таа именска фраза ја врши улогата на асоцијативна колорна експресија.

Во македонскиот јазик морфемите во никој случај не можат да вршат такви специјални синтаксички функции во доменот на колорното зборообразување како во пираха - јазикот: сами по себе да можат да вршат својства на лексеми, без да ги има до нив и централната, коренска морфема, која е основниот носител на лексичкото значење. Префиксите, суфиксите и интерфиксите во стандардниот македонски јазик имаат функција во изведувањето нови зборови, во зборообразувањето, но, никако не можат и самите да претставуваат лексеми, макар и да се аглутинирани во еден морфолошки композит, како во пираха - јазикот. Флексијата, како граматичка, формообразувачка морфема, се наоѓа на крајот од формата на зборот и може да има функција само во означувањето на промената на родот, бројот, лицето, видот и т.н., без никаква улога во доменот на лексиката.

Меѓу „хроматската терминологија“ кај Пирахите, и хроматската лексика на македонскиот јазик постои нулта семантичка еквиваленција, па преводот може да биде само толковен, смисловен. Впрочем, и самиот Еверет укажува: „Воопшто не постои начин да се добие прецизен превод за овие колор изрази“ (Daniel L. Everett, 2005:627). Посочените особености на пираха - јазикот се токму потврда на следното согледување на Нил Смелсер, Пол Балтес и Бернард Комри: „Многу јазици во светот развиваат морфолошки и синтаксички процеси, со кои креираат комплексни бојни термини, покрај едноставните поими за боја.“ (Neil J. Smelser and Paul B. Baltes, Bernard Comrie (eds., 1999:2)

Во научната литература за хроматската лексика на светските јазици постои студија за јазикот *лакандон* [5], дел од јазичната група *јукатек*, кој користи специјални морфолошки процеси дури и за проширување на својата палета од следниве шест основни бојни термини: црно, бело, црвено, жолто, и сино / зелено. Базичните лакандон - бојни термини не можат да бидат анализирани на помали морфеми. Еве го само базичниот термин од овој јазик за сината и зелената боја, која за припадниците на овој индијански народ е една иста боја, значи само со еден термин: *уаах* - сино / зелено. Со примена на специјални морфолошки процеси и морфеми се добиваат ваквите сложени бојни термини, за нијанси:

[5] Етничката група Лакандон е еден од Маја - народите, кои што живеат покрај реката Усумацинта и нејзините притоки, во џунглите на источната држава Чиапас во Мексико, близу до јужната граница со Гватемала. Денес живеат приближно околу 650 родени говорители на лакандон - јазикот.

yaax k'en-t'in-e светло зелено - жолто
yaax sak-pal-en светло сиво-зелено

Забележливо е дека не би требало да има некоја поголема тешкотија кога би се преведувале говорни, или пишани изрази со вакви примарни, или секундарни бојни термини од лакандон на македонски јазик и во обратна насока. Сузан Кук заклучува: „Јазиците од групата маја - јазици, меѓу кои и лакандон - јазикот, користат специјален морфолошки процес, за да ги прошират своите основни колор категории. Лакандон ги користи овие лингвистички процеси, проширувајќи ја својата колор - палета, заради енкодирање на обликот, текстурата, прозрачноста, релативната големина и дискретноста на објектите и нивната позиција". (Suzanne Cook, 2004:5).

Припадниците на абориџинската етничка група Варлпири од Австралија воопшто немаат хроматска лексика во својот јазик, но, тие на други начини лексички го денотираат светот на боите околу нив, користејќи „визуелен дискурс од други видови", со кои се надоместува непостоењето колорна терминологија. Ана Вјежбицка истакнува: „Деталната студија на визуелниот свет, рефлектиран во австралискиот јазик *варлпири* и во *варлпири* - начините на говор, покажува дека, додека народот Варлпири нема *'говор за боја'* (*colour-talk'*), ниту *'колор - практики'*, тој има богат визуелен дискурс од други видови, поврзан со нивните сопствени културни практики." (Wierzbicka, Anna, 2008: 407). Говорителите на *беринмо* - јазикот од Нова Гвинеја за оној дел на спектарот, кој ние го делиме на зелено, сино и виолетово, имаат само еден назив - *„нол"*.

Говорителите на *химба* - јазикот, домороден народ во Намибија, во Африка, еден од своите вкупно 5 поими за бои - *„зузу"* - го користат за означување на сите темни нијанси: темно сина, темно зелена, темно црвена и темно виолетова. Во студијата на Хајдер Рош во врска со хроматската лексика на племето Дани, кое живее во високогорјата во Папуа, Нова Гвинеја, е утврдено дека тие имаат само два назива за бои, кои и не се класични, базични термини за колор, туку зборови со метафоричка, преносна смисла: *„мола"* со значење на светло, односно за означување на бело, црвено и жолто, како и *„мили",* со значење на темно, односно, за означување на црно, зелено и сино. Англискиот јазик има единаесет основни бојни термини, додека рускиот има дванаесет, со разлика во сината со уште еден термин – голубои. Но, за овие специфики и разлики во хроматската лексика на одделни покарактеристични јазици во светот, споредено со хроматската лексика на македонскиот јазик, ние ќе се произнесеме поподробно во наредните страници на овој труд,

анализирано и од аспект на лингвистичката релативност и семантичкиот анизоморфизам меѓу јазиците.

Од наведените примери и споредби за базичните бојни термини и нестандардните колорни експресии во некои од покарактеристичните светски јазици е забележливо дека структуралните разлики меѓу нив, предизвикани од вонјазичните когнитивни разлики – што е срцевина на принципот на лингвистичката релативност – придонесуваат за различност и во јазичното концептуализирање на видливиот светлински спектар. Се повеќе компаративни експериментални студии потврдуваат дека сличностите во поглед на хроматската лексика во дел од светските јазици, особено во оние кои му припаѓаат на исто јазично семејство, или иста јазична група, можат да бидат причина за релативно висок степен на семантичка изоморфност, односно, за се причина за семантичката симетрија во значењата, поради што е можно да се постигне и голема еквиваленција на значењата при нивното преведување од еден на друг таков јазик. Од приложените табели се гледа дека таква релативно висока лексичка и значенска изоморфност постои меѓу македонскиот, хрватскиот и рускиот јазик. Обопштено кажано, меѓу македонскиот и другите јужнословенски јазици постои или идентичност, или голема сличност во поглед на хроматската лексика, па затоа е лесно при преведувањата на бојните термини да се постигне или целосна, или многу голема еквиваленција меѓу значењата.

Но, ако еден јазик е географски подалечен од македонскиот, односно, ако тој јазик припаѓа на јазични семејства и јазични групи различни, или сосема поразлични од индоевропското јазично семејство и од групата на јужнословенски јазици, на кои групи им припаѓа македонскиот јазик, тогаш во соодветна, во толку поголема мера ќе дојде до израз појавата на лингвистичкиот анизоморфизам, или уште попрецизно семантичкиот анизоморфизам на планот на хроматската терминологија меѓу македонскиот и односниот, или односните јазици. Веќе меѓу македонскиот јазик и кинескиот и арапскиот јазик се појавува значителен степен на семантичка анизоморфност кај хроматските лексики, додека меѓу македонскиот јазик и така наречените „егзотични јазици“ *дани*, *химба*, *баса*, *ѓборбо кан* и другите, наведени во табелите, се бележи речиси целосен, максимален значенски анизоморфизам на ниво на лексика и концепти, бидејќи не постои еквиваленција во значењата, кои мораат да се трансферираат по пат на приближни, смисловни зборовни конструкции и толковни именски фрази.

Во заклучниот дел од овој труд само накусо ќе се осврнеме на дел од когнитивно-лингвистичките, лексичките, морфолошките и синтаксичките механизми, кои ги користат „ахроматските“, наводно

„колорно слепи“ домородни племиња и народи, кои немаат ниеден основен поим за боја, онака како што таквите поими се елаборирани и изнесени во студијата на Берлин и Кеј. Тие механизми за денотирање на визуелниот спектар се следните:

(1) во јазикот јели дние: концептуална метафора во процесот на создавање „базични поими за бои“;

(2) во јазикот варлпири: концептуална метонимија во процесот на создавање „базични поими за бои“;

(3) во јазикот јели дние: морфолошки процес на целосна редупликација на коренските морфеми и претворање во „основен поим за боја“;

(4) во јазикот пираха: морфосинтаксички процес на полисинтеза и аглутинација на повеќе морфеми во низа и потоа трансформирање на ваквиот морфемски композит во „базичен“ именски израз за бои со помош на одредена частичка како номинализатор;

(5) во јазикот гборбо кран: синтаксички процес на денотирање на бојниот спектар со помош на статични глаголи (во македонскиот јазик: глаголи од статичен вид), кои задобиваат функции на придавка, со што се конституира една нова класа на лексеми (во ист момент и глаголи и придавки – феномен редок во светската лингвистика).

ЛИТЕРАТУРА

Елизабета Бандиловска-Ралповска (2013): *„Одразот на јазичната култура во именувањето на боите“*. Едиција „Јазикот наш денешен“ - книга 22. Зборник на трудови од научниот собир „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата“, одржан на 10-12.5.2012 во Скопје. Издавач: Институт за македонски јазик – Скопје.

Anna Wierzbicka (2006): *„The semantics of colour: A new paradigm“*, p.20 – 22. In: „Progress in Colour Studies“. Volume I. Language and culture. Edited by: Carole P. Biggam and Christian J. Kay, 2006. Publisher: John Benjamins.

Wierzbicka, Anna. (2008): *„Why there are no ‘colour universals’ in language and thought“*. Journal of the Royal Anthropological Institute, 14.

Lewis, M. Paul, Gary F. Simons, and Charles D. Fennig (eds.). 2016. *Ethnologue: Languages of the World*, Nineteenth edition. Dallas, Texas: SIL International. Online version: http://www.ethnologue.com/statistics (пристапено: 29.9.2016).

Lewis, M Paul. (ed.) (2009) *Ethnologue: languages of the world*. 16th edn. Dallas: SIL International. Достапно на: http://www.ethnologue.com/ (пристапено 9.8.2015).

Aminata M. Kone (2013): *„Between Linguistic Universalism and Linguistic Relativism: Perspectives on Human Understandings of Reality“*.Inquiries Journal, 2013, vol. 5 no. 09 | PG.1/2|. Достапно на:

http://www.inquiriesjournal.com/articles/761/between-linguistic-universalism-and-linguistic-relativism-perspectives-on-human-understandings-of-reality
„Language, thought, and reality : selected writings of Benjamin Lee Whorf" / edited and with an introduction by John B. Carroll; foreword by Stuart Chase. Cambridge, Mass.: M.I.T. Press, c1956.
Sapir, Edward (1929), *„The status of linguistics as a science"*, Language 5 (4).
Daniel L. Everett (2005): „*Cultural Constraints on Grammar and Cognition in Piraha˜ - Another Look at the Design Features of Human Language*". Current Anthropology Volume 46, Number 4, August–October 2005 by The Wenner-Gren Foundation for Anthropological Research.
Brent Berlin, Paul Kay (1969): *„Basic Color Terms: Their Universality and Evolution"*. University of California Press, 1969.
Stephen C. Levinson (2001): *„Yeli Dnye and the Theory of Basic Color Terms"*. Journal of Linguistic Anthropology 10(l). American Anthropological Association.
Neil J. Smelser and Paul B. Baltes, Bernard Comrie (eds.) (1999): „*The Linguistics of Color Terms*". Достапно на : www1.icsi.berkeley.edu/~kay/color.terms.lx.of.ps.
Suzanne Cook (2004): „*Lacandon Colour Terms*". Достапно на: http://web.uvic.ca/lacandon/Lacandon_Colour_Terms.pdf.
Aquilino Sanchez (2010): *„The Treatment of Cultural and / or Encyclopaedic Items in Specialised Dictionaries for Learners"*. In: Fuertes-Olivera, Pedro A. (ed.) (2010 *Specialised Dictionaries for Learners*. Berlin / New York: De Gruyter: Lexicographica Series Maior, 136.
Ladislav Zgusta (1971): *„Manual of lexicography"*,(Janua linguarum). Publishing House of the Czechoslovak Academy of Science, Prague& Mouton, The Hague - Paris.).
Heming Yong and Jing Peng (2007): *„Bilingual Lexicography from a Communicative Perspective"*. Published by John Benjamins Publishing Co.
Arleta Adamska - Salaciak, (author, 2013): *„Issues in Compiling Bilingual Dictionaries"*. In: Howard Jackson (Editor): „*Bloomsbury Companion To Lexicography"*. Publisher: Bloomsbury Academic.
Marcel Thelen (author, 2012): *„The Structure of the Lexicon - Incorporating a cognitive approach in the TCM lexicon, with applications to lexicography, terminology and translation"*. Publisher: Academia Press Scientific Publishers; 01 edition.
Saihong Li Rasmussen (2010): *„To Define and Inform: An Analysis of Information Provided in Dictionaries Used by Learners of English in China and Denmark"*. Published by Cambridge Scholars Publishing.
Claire Wallace (2012): *„Color Terms in Pama-Nyungan Languages"*. Avalaible at: http://ling.yale.edu/sites/default/files/files/alumni%20senior%20essays/WallaceSeniorEssay.pdf.

81'373.46 : 398

Катерина ПЕТРОВСКА- КУЗМАНОВА

ТЕРМИНОЛОГИЈАТА ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ИЗВЕДБАТА ВО ФОЛКЛОРОТ

Апстракт: Во рефератот ќе биде разгледана терминологијата поврзана со истражувањето на изведбата во фолклорот. Теориската рамка на рефератот се темели врз два значајни теориски концепти: теоријата на изведбата и студиите на перформансот. Освен овие две теории во текстот се претставени и други теории и практики кои се допираат до оваа област. Истражувањето на филклорот во насока на неговата изведба се допира до нова терминологија која е нужно потребна за расветлување на некои појави поврзани со фолклорните жанрови, особено во смисла на народната драма. Истражувајќи во оваа насока доаѓаме до терминот етнотеатрлогија која претставува најсоодветен термин да се дефинира ова поле на фолклористички истражувања.

Клучни зборови: изведба, перформанс, фолклор, етнотеатрологија, театралност.

Првото прашање што се отвора кога се започнува со работа во областа на народната драма е токму поделбата на фолклорните жанрови. Според некои истражувачи поделбата на фолклорот на епос, лирика и драма - во целост преземена од литературната терминологија, позајмена од Аристотел и не соодветствува на фактичката ситуација во фолклорните жанрови, или во најмала рака може да се однесува на записите на народното творештво. Иван Лозица (Lozica 2008, 129) согледувајќи ја ваквата состојба, а и самиот соочувајќи се со терминолошки проблеми во однос на дефинирањето на сопственото поле на истражување наречено како народна драма/театар што може да имплицира и поинакви толкувања од она што навистина е полето на истражување, а тоа е изведбата во фолклорот тој го предлага терминот етнотеатрологија. Самиот термин етнотеатрологија асоцира на еден сосема нов поим, кој се однесува на изведбата во фолклорот. Овој пристап кон истражување на фолклорот во својата основа е интердисциплинарен и се движи по работ на две дисциплини од кои се создава како хибрид етнологија и театрологија, со тоа треба да се истакне дека таа не го претставува третиот жанр на усната литература, туку област која следејќи ги методолошките постапки и

принципи на современата наука, се занимава со широк опсег на феномени. Така може да се каже дека етнотеатрологијата само во еден свој дел се допира до народниот/фолклорниот театар, бидејќи таа во своите истражувања вклучува и други изведбени форми во фолклорот и надвор од него. Сфатена како повеќезначна синтагма која ги истражува изведбените пратики на човековата феноменологија и онтологија, како и бројните номинално нетеатарски форми на човековата култура, односно човековото однесување во строго конвенционално дефинирана претставувачка ситуација. Токму заради ширината на распонот што го нуди овој термин можат да се осветлат повеќето аспекти на изведбата. Етнотеатрологијата, дури и во случај кога е орентирана кон дескрипција, може да помогне во воочувањето на: целината на претставувањето, неговите постапки и жанрови. Таа може да биде полезна и за театрологијата и театарската историографија особено кога станува збор за невербалните компоненти на изведбата. Според кажаното може да се забележи дека етнотеатрологијата е вид на театрологија која се занимава со фолклорниот/народниот театар и драма, сценските својства на обичаите и обредите, театарските аспекти на фолклорот воопшто, но и со фолклорните аспекти во современата театарска практика. Според тоа, етнотеатролошката анализа се однесувана синкретичкото единство на фолклорот и помага во подобро разбирањена елементите и односитево него. Фолклорот во смисла на етнотеатрологијата се истражува како особен знаков систем кој се темели врз два суштествени знака: преобразба и дејство изведени во определен момент. Во таа смисла доаѓаме до терминот етнотеатрологија како термин со кој на најсоодветен начин се дефинира ова поле на фолклористичите истражувања.

Следејќи го предходно кажаното, полето на истражување на етнотеатрологијата е токму перформативните елементи во фолклорот. Терминот перформанс може да се објасни на наједноставен начин со дефиниција според која претставува било кое дејство, дело или акција, но исто така значи и изведба, извршување и претстава. Во техниката терминот перформанс означува ефикасност, основни сили, карактеристики на моторот или машината (Vujaklija 1996,7). Овој термин најчесто се објаснува преку англиското toperformшто значи да се изведе нешто да се изврши (должност), да се прави (чудо), да се работи, да се функционира, да се настапува (на сцена), да се игра свири; или преку (aperformance) што значи изведба на претстава, извршување на должност, истапување, успех, играње, свирење, ефикасност, работа, но исто така се однесува на технички особини на моторот/ оружјето и употребата на јазикот. За Тарнер (Turner 1989: 20–21) перформанс, (performance) не содржи нужно структуралистичка импликација за очитување на формите, туку повеќе е

процесуална смисла „извршување“ на „изведбата“. Изведбата на етнографијата значи да се прикажат фактите во нивната потполност во богатството на нивното дејство – значење. Во теоријата на изведбата терминот се разгледува во четири основни насоки: како обновено однесување, уметничка изведба, метод на непосредно учество и активно учество во општествените процеси. Додека во другите јазици зборот перформанс влегува од скоро време, исклучиво за означување на изведбената уметност. Тоа во суштина е неспоредливо. Така „Театарскиот речник на термини, поими и анализа“, на Павис (Pavis 1987), не обезбедува влез на терминот перформанс, иако ги вклучува ставките за анализа и текстот на перформансот, како и перформативна уметност. Прошириниот приказ на изведбата бара повеќе од едноставно додавање на списокот на она што историски се смета за театар (или усна интерпретација). Тој бара реконцептуализација на изведбата во светлина на вклучување од секаков вид. Со други зборови, изведбата е чувствителен концепт, тоа не е само чадор под кој сите можат да се соберат, туку организиран концепт што осветлува голем број активности на кои им се обраќа. Во таа смисла Ричард Шекнер смета дека поимот перформанс ги надминува изведбените уметности, но и генерално уметноста – и се однесува на различните изведбени пракси застапени во уметноста, културата и општеството. „Перформансите се случуваат на многу различни инстанци и во различни контекси преку голем број на разновидни форми. Перформансот како една сеопфатна категорија мора да биде конструиран како „широк спектар“ или „континуум“ на различни акции од ритуалот, играта, спортот, популарните забави, изведбените уметности (театар, танц, музика) и секојдневните перформанси, до изведбата на социјалните, професионалните, родните, расните и класните улоги, лекувањето (од шаманизмот до хирургијата) и различната презентација и конструкција на акцијата во медиумите и на интернетот (Schechner 2002: IX).

Во рамките на истражувањата на културата се оформува посебна гранка која се нарекува студии на перформансот. Оваа научна гранка се смета за пост дисциплина, која постојано се менува, апсорбирајќи ги различните методи од големиот број нови и стари дисциплини како што се: општествените науки, постфеминизмот, студиите на родот, историјата, психоанализата, кибернетиката, теоријата на медиумите, студиите на културата и т.н. Сепак како што забележуваат Р. Шекнер и Б. Киршенблат-Гембелт студиите на изведбата како „провизорно сраснување во движење“ се повеќе „збир на елементите што ги вклучуваат“ (Kirshenblatt-Gimblett Barbara, http://www.nyu.edu/classes/bkg/ps.htm) бидејќи студиите на изведбата не ги проучуваат само текстовите, архитектурата, визуелните

уметности, или било кој предмет, артефакт или култура сама по себе, туку само тогаш кога тие се согледани *како* изведба, односно како *пракса, настан или однесување.* Всушност како што тврди Киршенблат-Гембелт, тоа е повеќе „оживување“ или „живост“ (*liveness*) на уметничките форми, бидејќи студиите на изведбата не се насочени единствено кон читање на некое дејство или гледање на изведбата на некој текст, туку се однесуваат на целиот процес на уметничко создавање како и на неговата рецепција. Студиите на перформансот, перформансот, изведбата и изведбените уметности се релативно нови и сосема стабилни уметнички и теориски поими, кои често се применуваат и се однесуваат на различните уметнички и теориски пракси, не само во минатото туку и во современоста. Дури би можело да се каже дека целата дисциплина, посветена на живата уметничка размена слободно можела да се развива на универзитетите во текот на осумдесетите години на дваесеттиот век , токму затоа што нејзината моќна витална форма на културна размена била на својот крај. Новата дисциплина се појавува во вистинскиот момент за да послужи како универзитетски „емулатор“ на нематеријалната уметност (Phelan Peggy 1999: 3-8). Во оваа смисла важно е да се спомене дека позицијата на студиите на изведбата е сосема спротивна на хегилијанската идеалистичка естетика, според која секоја историска фаза на некоја уметност се гледа како конкретна и специфична форма на одредена идеја за ументоста, а секое уметничко дело како посебна конкретизација на објективниот дух на некоја епоха или „уметничка форма“, што порано овозможувало историско и систематско проучување на уметноста. Бидејќи ја снемува довербата во таквите конструкции, плурализмот на овој феномен наведува да се прифати „непредвидливоста“ и она изненадувачко што го донесува одредената изведба, односно она што Х.Т. Леман го нарекува миг на „инвенција која може да произлезе од ништо“ (LehmannHans-Thies 2003: 19).

Разгледувањето на изведбата во контекст на *перформативот* не значи примена на една теорија во друг контекст ниту натурализација на дискурсот на теоријата на изведувачките уметности со теоријата превземена од аналитичката филозофија. Таа употреба овде е конститутивна за теоријата на изведбената уметност и се остварува со критичка примена и развивање на тезите на теоријата на перформативот во изведувачките уметности, односно во воспоставувањето на проблемот на изведбата од аспект на постструктуралистичката материјалистичка теорија. Во основа теоријата на перформативот нема врска со изведбата и изведувачката уметност, ниту со уметноста воопшто туку се создава во рамките на филозофијата на јазикот. Подоцна проблемот на перформативот е анализиран и применет во други контексти: современа

лингвистика, филозофија и теорија на текстот (Derida 1984: 7–36), теориската психоанализа и психоаналитичкото толкување на драмскиот текст (види: Felman 1984,), во родовите и културалните теории (види: Butler 2001), а во текот на деведесетите години на дваесеттиот век е воведен и во теоријата на театарот односно изведувачките уметности (подетално во списанието *Frakcija*, 1997 бр.6).

Еден од најпознатите антрополози кој работел во областа на изведбата во фолклорот е Виктор Тарнер. Тој го воведува терминот општествена/социјална драма. Дефинирајќи го овој термин, вели: "Сметам дека формата на општествената драма се појавува на сите нивоа на општествената организација, од државата до семејството. Општествената драма почнува кога мирниот тек на регуларниот, уреденото општествен живот ќе го прекине лом од правила што владее со некои значајни односи. Тоа доведува брзо или бавно до состојба на криза, која кога не се надминува, речиси може да ја расцепи заедницата во спротивни странки и коалиции. За да се спречи тоа, оние кои се сметаат за најлегитимни и најавторитативни претставници на одредената заедница, ќе применат миротворни средства. Обновата обично вклучува ритуализирано дејство, било правна (во формалните или неформалните судови), религиската (што подразбира верување во одмаздничкото дејство на моќните, натприродните (битија, често содржејќи го чинот на жртвувањето), или војна (на пример борби, лов на глави или учество во организиран воен поход)" (Turner 1989: 17).

Терминот сценска етнографија е поврзан со работата на Виктор Тарнер, таа траела повеќе децении и опфатила големи појмовни области. Најпрвин во шеесеттите години тој се интересирал за ритуалите како претстава, а во последните години од својот живот работел на она што самиот го нарекува „сценска етнографија". Тој со својата експериментална работа имал за цел да им помогне на своите студенти да сфатат на кој начин луѓето во другите култури го чувствуваат богатството на својата општествена егзистенција, што очекуваат да добијат како награда ако следат одреден модел на однесување и на кој начин тие ја изразуваат тагата, болката, почитувањето и љубовта во согласност со своите културни закони. Виктор Тарнер во својата книга „Од ритуалот до театарот", ги разгледува социјалните конфликти што настануваат во едно општество преку драмската структура. Врз основа на истражувањата што тој со неговата сопруга ги прават со студентите на Њујоршкиот универзитет доаѓаат до неколку интересни заклучоци: „Нашиот свет би бил следен: кога се обидуваме да ја претставиме етнографијата, не треба да почнеме со толку „егзотични" и „бизарни" културни феномени како што се ритуалите и митовите. Таквото акцентирање би можело да ги

охрабри предрасудите, бидејќи ја нагласува „различноста на различните“. Дозволете да се насочиме кон она што е заедничко за сите луѓе, формата на ’општествена драма’, од која произлегуваат сите форми на културните приредби, кои на свој начин дискретно ги стилизираат контурите на социјалната интеракција во секојдневниот живот“ (Turner 1982: 47–48). Од ваквото сфаќање на истражувањето на традиционалните култури произлегува вименитео што во својата работа го посветува на општествената драма. Тој вели „општествениот живот и кога наизглед е најмирен е обременет со општествени драми“. Тој смета дека сите ние имаме мирновременско и военo лице, програмирани сме за соработка, но и за судир. Во начинот на надминување на кризите може да се согледа постоењето на општествената драма, исто така и јавната природа на нашето однесување кога се поместува од законите и религијата кон уметноста. „Со помош на жанровите како што се театарот, вклучувајќи го и кукларството и театрот на сенките, танцот и професионалното раскажување, претставите ги преиспитуваат слабостите на заедницата, ги повикуваат водачите на одговорност, ги десакларизираат највисоките вредности и верувања, прикажуваат значајни судири и предлагаат начин да се надминат.“ (Turner 1989: 17) токму затоа тој корените на театарот ги пронаоѓа во општествената драма. Особена блискост со општествената драма имаат ритуалите на иницијација, кои содржат висок степен на воопштување, како проиозвод од општествената рефлексија. Но, тие му овозможуваат на оној што учествува во нив, по вербален или невербален пат, искуствено да го разбере општеството низ движење во просторот и во времето. Обредните процеси се развојни составни делови на општествената драма од која ако ја следиме мислата на Тарнер, водат потекло голем број од претставувачките и раскажувачките форми на сложената култура. Неговите сознанија имале силно влијание на подоцнежните теории кои се занимавале со кодифицираните и некодифицираните театарски форми во фолклорот. Сфаќањето на општеството како процес одбележан во претставите од различен вид за резултат го има сознанието дека обредот, церемонијата, карневалот, фестивалот, играта, спектаклот, парадата и спортот можат да се создаваат на различни степени во различни вербални и невербални кодови, како низа од испреплетени метајазици. „Ако некогаш антрополозите ја сфатат етнодраматиката сериозно, нашата дисциплина ќе стане повеќе од сознавање на играта што се одвива во нашите глави, или се испишува во, да признаеме, помалку здодевните списанија. Ние самите треба да станеме изведувачи, за да допреме до потполно човечкото егзистенцијално исполнување на она што постоело како духовен запис. Мораме да ги најдеме патиштата на совладување на границите на политичките и спознајните структури со помош на драмската емпатија, симпатија, пријателство, дури и

љубов бидејќи осветлуваме цело продлабочено структурно знаење кое е реципрочно на поголема свест (Turner 1989: 125–145).

Она што е значајно за темата на истражувањето, е сознанието дека суштината на театарската уметност е претствувањето. Тоа постои како разновидна човекова дејност која се манифестира како театрабилност. Во истражувањето на изведбата/перформансот во фолклорот најпрвин треба да се определат театрабилните елементи кои ги среќаваме во секојдневниот живот, а потоа на ред доаѓа нивното препознавање и изделување од останатите елементи. Како резултат на тоа ќе се добијат следниве елементи: свесно претставување, однапред планирано дејство, костими, декор, изведувачи, публика, музика, и др. Единствено по што овие театрабилни форми се разликуваат од театарот е тоа што во нив не е доминантна естетската функција. Секако дека при истражувањето на овие функции треба да се посвети особено внимание на тоа кои од нив се карактеристични за фолклорот, а кои за нефолклорни жанрови. Театрабилните фолклорни жанрови ги препознаваме по тоа што тие се поврзани со календарот и животниот циклус во традиционалната култура и специфичните белези од кои таа произлегува, како што се непостоењето на класичната сцена, активна улога на публиката, варијантност на текстот. Како особено значајна компонента на фолклорното претствување е токму нивното припаѓање кон комуникативниот ланец. Во овој контекст театралноста ја определуваме како индивидуално однесување на единката, кое е свртено кон самата единка и со кое единката го свртува вниманието врз себе и врз своите цели. Она што во однесувањето на единката го нарекуваме театралност во однесувањетио на групата го одредуваме како театрабилност. Театрабилна појава е онаа која се изделува од реалноста за да постигне одредени цели. Средствата со кои се служат театрабилните појави за изделување од реалноста се исти како и кај театарските претстави. Во смисла на изведбата како театрабилни може да ги сметаме различните собири: свечените отворања, приеми, конгреси, спортски и политички собири, како свадбите, погребите, верските обреди и други обичаи, како и различните игри на децата и возрасните. Театралноста лесно може да премине во театрабилност исто како што театрабилноста лесно може да премине во театар. Контекстот на театарската претстава, па и на секој вид на фолклорно претставување е општествена ситуација во која се изведува претставата. Промената на контекстот ја менува и функцијата на претставата, но и функциите на текстуалните знаци што се надвор од претставата. Поимот на контекст го вклучува во себе поимот на традиција и тоа не е само општетствена ситуација во моментот на претставување. Театралноста на однесувањето е претставување ислучиво на ниво на текстурата. Театрабилноста на однесувањето може да сесогледа

како претставување подеднакво на ниво на текстот и текстурата, но не на ниво на контекст. Театарската претстава е прикажување кое се одвива на сите три нивоа. Јасно е дека постои заемна зависност на трите нивоа во животниот процес на претставување и при нивното разделување за понатамошна анализа тоа мора да го имаме предвид. На ниво на контекст Лозица (Lozica 1990: 77–82) ја предлага следната поделба: 1. театрални форми на однесување; 2. театрабилни форми на однесување: а) како составен дел од обредите или поврзаните со нив обичаи од годишниот или од животниот циклус; б) театрабилни форми (што не се поврзани со обичаите); 3. театарски претстави. Според оваа поделба, во првата група би спаѓале текстуралните елементи на претставувањето во секојдневниот живот или како составен дел од други изведби (раскажување, танц, пеење). Втората група би ја сочинувале изведбите на текстуралното и текстовното ниво кои се сродни со театарската претстава, но кои сепак не се тоа затоа што во нив не доминира естетската функција; ниту на ниво на продукцијата ниту на ниво на рецепцијата. Бидејќи поголемиот дел од фолклорните изведби можат да се сместат во оваа група, потребна е подетална поделба, а најсодветна е според врзаноста за обичаите. Овој принцип на поделба на театарските форми можеби и нема свое потполно оправдување, бидејќи при неговата примена се доаѓа до одредени тешкотии, затоа што една иста форма може да ја промени својата функција. Во овој однос може да се каже дека доминантната функција е значајна бидејќи од неа зависат промените на ниво на текстот и текстурата, но таа не е соодветна како принцип на делба. Поделбата според врзаноста за обичаите на работни, годишни и животни не соодветствува со доминантната фуниција, затоа што на пр. може да се случи групата на театарабилните форми кои не се врзани за обичаите да ја сочинуваат игри, но и форми со доминантна функција на игри да најдеме во другите форми. Фолклорните изведбени форми се главно театрабилни. Во групата на театарски претстави ќе ги најдеме само фолклорните претстави со изразито естетска функција, на ниво на продукција и рецепција.

Следејќи ја терминологијата присутна во истражувањето на изведбата во фолклорот, може да се заклучи дека истражувањето на изведбата е тесно поврзано со истражувањата на современите движења во културата, при што таа се гледа како посредник меѓу традиционалното знаење и фантазијата, искуството и уметноста. Воедно со текстот се прави обид барем делумно да се објаснат некои од аспектите на изведбата како можност за проучување на широкиот спектар на човековото однесување, од она што го нарекуваме изведба во секојдневниот живот, преку обредите, театарот, паратеатарот до визуелните уметности, токму преку

прикажувањето на различната терминологија со која се служат различните теории. Тие ни се потребни бидејќи денешните фолклористички истражувања сè повеке се свртуваат кон изведбата, бидејќи изведбата на етнографијата значи да се прикажат фактите во нивната потполност и богатство на нивното дејство. Но, исто така се наметнува потребата од терминолошко разграничување на полето на истражување, како за примена на соодветни современи теории и истражувачки практики така и за подетално и посеопфатно истражување на фолклорниот материјал.

ЛИТЕРАТУРА

Batler Džudit, 2001, *Tela koja nešto znače; O diskurzivnim granicama „pola“,* Samizdat B92, Beograd.
Felman Shoshana, 1984, *Skandal tijela u govoru; Don Juan s Austinom ili zavođenje na dva jezika*, Naklada MD, Zagreb.
Kirshenblatt-Gimblett Barbara, 1999, „A Provisional Coalescense on the Move, Performance Studies is More Than the Sum of ItsInclusions.“, RockefellerFoundation, http://www.nyu.edu/classes/bkg/ps.htm (посетено април 2016).
LehmannHans-Thies, 2003, *Postdramskogledališče*, прев. K. J. Kozak, Maska, Ljubljana.
LozicaIvan, 1990, *Izvan teatara,* Hrvatsko drustvo kazališnih kritičara i teatrologa, Zagreb.
Lozica Ivan, 2008, *Zapisano i napisano:folkloristički spisi*, AGM, Zagreb.
Pavis, Patrice. 1987, Dictionnaire du Theatre, Editional Social, Paris.
Phelan Peggy, 1999, „Introduction“, *The Ends of Performance*, NYU Press, New York; str. 3–8.
Schechner Richard, 2002, „Foreword:Fundamentals of Performance Studies“, *Teaching Performance Studies,* SIU Press, Illinois.
Schechner Richard, 2003, *Performance Studies: An Introduction*, Routledge: London and New York.
Turner Victor, Turner Edith, 1982, “Performing Ethnography”, *TDR,* 26, New York, 33–50.
Turner Viktor, 1989, *Od ritual do teatra*, August Cesarec, Zagreb.
Vujaklija Milan, 1996, *Rečnik stranih reči i izraza*, Beograd, Prosveta.
Zbornik Što možemo činiti riječima (temat), 1997, Frakcija, 5, Centar za dramsku umetnost, Zagreb.

81'373.46 : 398

Родна ВЕЛИЧКОВСКА

МУЗИЧКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ – ОБРЕДНО ПЕЕЊЕ

Апстракт: Музичкиот дијалект претставува комплекс од различни стилски особености на националниот музички фолклор, кој е распространет на една одредена територија. Сличен на говорниот, музичкиот дијалект се образува како самостојна музичка единица, која претставува средство за естетско комуницирање на народот на една одредена етничка припадност.

Токму затоа предмет на овој труд е проучувањето на музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење и тоа на обредното пеење.

Проучувањето се одвиваше по следните два принципа:

1. Хоризонтален принцип – просторен, кој се однесува на територијалната распространетост на музичките дијалекти.

2. Вертикален принцип – временски, по кој се врши категоризација според сличностите и разликите во традиционалното народно (обредно) пеење.

За да се направи јасен преглед на музичките дијалекти, пред сè треба да се согледаат овие два суштествени момента:

а) застапеноста и

б) состојбата на традиционалните народни пеачки форми во современото живеење.

Според најопштите показатели, музичките дијалекти во македонското традиционално пеење – обредното пеење – се поделени во три основни групи: **западна**, **југоисточна и северна група**, со 13 поддијалектни типови, кои, исто така според најопштите показатели на македонското традиционално (обредно) пеење, се распределени по региони и регионални групи што го сочинуваат македонскиот музичко-дијалектен ареал:

– кои се одликуваат по некои специфичности во однос на едни спрема други и

– кои се помалку или повеќе сродни, што произлегува од местото на кое се наоѓа некој (соседен) регион.

Таа поделеност или класификација беше преземена од областа на истражувањата на јазичните дијалекти и прифатена и прилагодена на особеностите на традиционалното народно пеење, бидејќи македонските говорни и музички дијалекти во општи црти се поклопуваат и бидејќи и двете категории претставуваат изразни средства на еден народ со ист начин на живеење, вероисповед и поглед на светот.

Клучни зборови: Музички дијалекти, македонско традиционално пеење, обредно пеење, региони, регионални групи.

Во својот развиток секое традиционално народно пеачко творештво поседува специфични национални белези кои се оформиле по пат на естетскиот развој на народот во зависност од географските, историските, стопанските, социјалните и културните услови. На ист начин се издвоиле и одделни музички дијалекти или идиоми како резултат на музичко-естетското мислење на различните етнички групи, од кои е составен еден народ, покрај заемните влијанија кои неизбежно се јавуваат меѓу соседните групи или народности.

Музичкиот дијалект претставува комплекс од различни стилски особености на националниот музички фолклор, кој е распространет на една одредена територија (Гошовский 1968: 41). Сличен на говорниот,[1] музичкиот дијалект се образува како самостојна музичка единица, која претставува средство за естетско комуницирање на народот на една одредена етничка припадност (Величковска 2008).

Кога се говори за музичките дијалекти, неизбежно е да се повикаме на методите на лингвистичката дијалектологија, дисциплина која дала најмногу резултати во оваа област. При тоа таа пружа голем поттик во проучувањето на етномузиколошката проблематика, бидејќи, заедно со дијалектите на говорниот јазик ја примаме и прифаќаме разновидноста на народната музика за да го изразиме целото богатство на музичко-фолклорните дијалекти.[2]

---

[1] По дефиниција „Дијалект е регионално или општествено дистинктивен вариетет на некој јазик, кој се одликува со конкретен збир на зборови и граматички структури“, Дијалектите претставуваат предмет на дијалектологијата, чија главна задача е да даде верна слика на современата територијална распространетост на јазикот и да ги истакне оние различни белези, преку кои се разграничуваат одделни дијалекти. За тоа подетално види кај (Kristal 1988: 47). Од лингвистички аспект, дијалектот е јазична единица, која претставува средство за заемно општење на одреден колектив и е територијално и социјално ограничен, (Стойков 1968: 5). Поимот дијалект, според А. Пецо може да се сфати и во поширока смисла на зборот за означување на поголема говорна целина, која се состои од макродијалекти, а во потесна рамка се однесува на помали говорни целини како наречја и говори и се означуваат како микродијалекти, (Пецо 1985: 3).

[2] Околу дефинирањето на поимот музичко-фолклорни дијалекти постојат и други слични мислења: Т. Тодоров во својата студија која се осврнува на прашањето за раѓањето на фолклорно-музичките дијалекти, истакнува дека тие претставуваат разновидности на народната музика од различни реони, на еден крај или една земја во целост (Тодоров 1971: 73). Т. Џиџев, пак, вели дека музичко-фолклорните дијалекти се јавуваат како разновидност на општонародниот музички јазик и дека секоја област може да се подели на помали целини во кои постојат незначителни разлики во регистрираните музичко-фолклорни појави, кои важат за целокупната област (Џиџев 1982: 3).

Поимот музички дијалект подразбира севкупност на сите карактеристични структури на песните, нивната метроритмичка, мелопоетска и друга особеност на одредена територија, земајќи ги предвид и специфичните локални варијанти на песните, познати и надвор од пределот на одреден дијалект како и присуството или одсуството на карактеристичните типови песни или жанрови на песни во даден дијалект итн.

Музичките дијалекти се образуваат во рамките на музичко-фолклорното искуство, кое се состои од најтипичните поетски и музички изразни средства, од комплекс на разни стилски особености на националниот музички фолклор распространет на една одредена територија и поседува своја „лексика“,[3] морфологија и фонетика, образувајќи притоа интердијалектни, субдијалектни и преодни дијалектни зони (Гошовский 1971: 19).

Само по себе се подразбира дека регионалните музички дијалекти се јавуваат со изразени карактеристични локални стилски одлики, со постоење на некои особени песни, а исто така и со бројни локални особености на изведувачкиот стил.

Имајќи предвид дека музичките дијалекти се главен предмет на овие истражувања, со нив се цели да се објасни нивната појава и развој, да се проучат нивните музичко-стилски особености и да се изградат критериуми за нивното разграничување. Освен тоа, сметајќи ги музичките дијалекти како посебна одлика на народната музика, која поседува специфична граматика во различни етнографски области, се наметнува потребата да се откријат дијалектните особености на музичкиот фолклор на еден народ, а што подразбира проучување на неговата изворна форма, со цел да се даде појасна слика на музичкиот јазик. Особеностите пак на народниот музички јазик навлегуваат во различните области на народната музика што не е можно да се опфати во еден труд, па овде ќе стане збор само за музичките дијалекти во вокалната традиција.

Музичките дијалекти во традиционалото народно пеење (обредното пеење) се територијално распространети и ако нив ги наблјудуваме како посебна категорија, може да се забележи дека тие претставуваат не само јазичен туку и музички единствен изграден систем со свои сопствени карактеристики.

Говорниот јазик претставува општествен продукт, кој живее, се развива и доживува различни промени во сите правци, истакнува А. Пецо (Пецо 1985: 5).

---

[3] Гошовски под поимот „лексика“ подразбира музичко-поетски типови, иако научно гледано, музичко-дијалектолошката анализа на лексиката ја сочинуваат фразите и јасно изразените мотиви во песните (Гошовский 1971: 19).

Прифаќајќи ја констатацијата на Пецо, може да се каже дека и музичкиот јазик претставува општествен производ, кој исто така живее, се развива и претрпува различни трансформации. Единствената разлика меѓу нив е во тоа што говорните дијалекти обично се доведуваат во врска со посебниот изговор или акцент, што помага околу откривањето на еден дијалектен тип, додека музичките дијалекти не зависат од акцентската позиција на говорниот текст во песните, туку пеаниот текст е во тесна врска со метроритмиката на напевите и акцентската положба на силните и слабите тактови времиња. Ако ги набљудуваме песните од една и од друга страна (пред сè се мисли на песните како говорен текст и музичка содржина), треба да се истакне круцијалниот момент дека единственото непоклопување на поетскиот и музичкиот текст е токму местото на акцентот во песната.

Разграничувањето на музичките дијалекти единствено е можно со споредување на еден музички дијалект со друг, а тоа се постигнува со изработка на „систем на индикатори“ на музичките карактеристики на песните од различни музичко-дијалектни области, кои се земаат како критериуми за издвојување на еден музички дијалект од друг (Самоковлиева 1981: 23).

Проучувањата на музичките дијалекти на една територија, можат да се одредат со некои општонационални белези на песните, со што се поставува законитоста на народното музичко мислење. Научни и наполно објективни податоци можат да дадат само компаративните проучувања на одделни типови песни. Тоа се потврдува со присуството на повеќе музички дијалекти во традиционалното народно пеење. Кога се има превид оваа дистинктивна особеност меѓу дијалектологијата и етномузикологијата, проучувањето на народната музика кај традиционалното народно пеење задолжително бара системско проучување на музичките дијалекти на еден народ, затоа што во разновидностите на територијално одредените пејачки стилови лежи богатството, автохтоноста и естетското музичко сфаќање. Кога ќе се пејде од вака поставените прашања, само по себе се наметнува користењето на посебни методи на истражување на постојните музички дијалекти, од кои се очекува да се добијат одредени валидни резултати при анализата на материјалот.

На планот на македонските музичко-фолклорни дијалекти не постои некое темелно истражување бидејќи на тоа не се работело систематски и доследно. Досегашните регионални проучувања кои се вршени и објавени, се однесуваат само на општите проблеми кои се однесуваат на народното пеење. Во нив посебно не се проучувани музичко-дијалектните специфичности на македонското традиционално пеење.

Со проучувањето на музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење се цели да се даде верна слика на современата територијална дистрибуција на музичкиот јазик карактеристичен за обредното пеење и да се истакнат различните белези со кои се разграничуваат меѓу себе одделните музички дијалекти.

Токму затоа предмет на овој труд е проучувањето на музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење и тоа на обредното пеење. Проучувањето се одвиваше по следните принципи:

- Хоризонтален (просторен), кој се однесува на територијалната распространетост на музичките дијалекти. Според овој принцип, првенствено се набљудуваа само оние видови песни кои пружаат најверна и најтипична слика на одделни преживеани пеачки појави, бидејќи тие во суштина претставуваат и основа за одредување на карактеристиките при разграничувањето на еден вокално-музички дијалект од друг. За таа цел, проучени се што е можно повеќе музички дијалекти и се истакнати специфичностите на македонската вокална обредна традиција од сите региони на Република Македонија.

- Вертикален (временски), при кој е извршена категоризација по сличностите и различностите на македонското традиционално обредно пеење, што претпоставува постоење на трансформации кои со текот на времето довеле до измени во некои од видовите на традиционалното народно музичко изразување.

Проучувањето на музичките дијалекти се прави за да се избегне музичкото унифицирање, односно појавата на сведување на многу музички дијалекти на далеку помал број од постојниот.

За да се направи јасен преглед на музичките дијалекти, пред сè треба да се согледаат овие два суштествени момента:

а) застапеноста и

б) состојбата на традиционалните народни пејачки форми во современото живеење.

Интензивните проучувања на најстарата македонска народна музичко-фолклорна традиција започнале во педесеттите години на минатиот век. Така, при крајот на седумдесеттите години на 20 век, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје почнал да се бави со регионални истражувања на фолклорот. Со тоа, покрај другите области на народното творештво, се добил неопходен увид во особеностите на музичкиот фолклор од различни области на Македонија. Тие истражувања во процесот на едно комплексно согледување на македонскиот музички фолклор претставуваат појдовна основа за одредување на музичките дијалекти на вокалната македонска обредно-пејачка традиција.

Со нивна помош овозможено е следење на *постоењето*, *развојот*, *промените* и *исчезнувањето* на одредени музички жанрови. Утврдено е дека постои жива пејачка традиција, дека суштествуваат песни кои се знаат и пеат во одредени моменти, но кои главно ја загубиле својата првобитна функција, а останало само сеќавање на некои од нив или нивни фрагменти.

Овој труд се базира на дел од богатиот фонд теренски материјали кои се чуваат во Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, добиени по пат на интензивни теренски истражувања вршени од 1952 година до денес, на мал дел од објавените збирки и зборници со народни песни, додека најголемиот дел се состои од мои лични теренски проучувања на вокалната традиционална народна музичка практика,[4] спроведени во различни региони на Република Македонија. Тоа се претежно области кои се карактеризираат со современи форми на пеење, но кадешто сеуште во голема мерка паралелно опстојува традиционалното вокално обредно изразување. Долгорочно вклучена во поранешните како и во сегашните регионални проектни истражувања, се обидов да го опфатам и претставам македонското традиционално народно пеење со неговите главни особености и разновидности, а понекогаш и до најситни детали.

Македонските музичко-фолклорни дијалекти можат да се најдат сочувани и речиси негибнати, што било условено од водењето на затворен начин на живот на неговите носители, од недостатокот на народно просветување и извесниот отпор кон инојазичните и туѓите култури. Таа условеност се однесува на целата земја сè до ослободувањето од отоманската доминација, па и подоцна во некои области, и е особено изразено во планинските предели кои се прилично оддалечени од градските центри. Освен тоа, во поново време фолклорот е на пат да попушти во своето нормално егзистирање пред налетот на модерните услови на живеење и силно експонираните и изразени светски културни влијанија кои наметнуваат *униформност* во повеќе сфери на животот. Поради тој тренд, многу е тешко да се одредат точните граници меѓу одделните музичко-фолклорни области. Меѓутоа, миграциските движења на населението во минатото, во помали или поголеми етнички групи, што се должи пред сè на историските или економските причини, во извесна смисла создаваат услови за пренесување на музичкиот фолклор на новата почва, или за негова промена при неминовниот процес на заемно влијание со соседната или локалната вокална традиција. Контактите и реципрочниот трансфер на народната музичка пракса меѓу соседните

[4] како долгогодишен истражувач во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје мелографирав повеќе од 13.000 записи со македонски народни песни.

области се постојана и закономерна појава, при што доаѓа до создавање на *преодни форми*, кои носат комбинирани обележја на два или повеќе традиционални музички дијалекта. Дури и повеќе, и во границите на една иста музичко-фолклорна област традиционалната народна пејачка пракса не мора да биде наполно непроменета. Се случува меѓу две соседни села да постојат некои разлики во поглед на песните, како и во однос на други музички форми, а има и случаи кога во едно исто село, со население од различни етнички групи, секоја од нив во поголемиот дел случаи, да ги чува карактеристиките на својот традиционален музички израз.

Идејата за проучување на музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење се појави од потребата што подлабоко да се проучи традиционалното народно пеење и сите негови пропратни епифеномени, со обид да се стори нешто во однос на тенденцијата за изедначување и обезличување на македонското традиционално народно пеење од различните краеви на Република Македонија. Материјата е доста опширна и многу сложена, а прашањето за музичките дијалекти кои уште на прв поглед се евидентни во македонското традиционално народно пеење, поточно во обредното пеење, е главен предмет на моите проучувања, со настојување да се откријат основните карактеристики кои се битни за решавање на некои проблеми и дилеми врзани за регионалната музичка специфика наспроти заедничкото и општото во македонското традиционално народно пеење.

Поради сето тоа, при решавањето на поставените задачи, неопходно беше да се разрешат и следните теоретски и методолошки проблеми:

1. Дефинирање на поимот „народна песна“;

2. Одредување на улогата, односно функцијата на песните во животот на луѓето;

3. Утврдување на карактеристиките на песните по жанрови и типови во традиционалното пеење и нивната систематизација;

4. Определување на музичките дијалекти во македонското традиционално народно (обредно) пеење и нивните специфики (регионална класификација).[5]

При утврдувањето на ареалната распространетост на македонската традиционална музичка култура, беше направена систематизација и анализа на собраниот материјал, со цел да се утврдат музичко-дијалектните појави во традиционалните обредно-пејачки форми. Тоа е остварено на типолошка основа, при што особено внимание се обрна на формирањето на карактеристичните пејачки типови кои претставуваат

[5] Подетално види кај: (Величковска 2008: 22–106).

"модели" или обрасци кои се изградени врз основа на сродни песни со општа структура на стихот и различен степен на блиски мелодиски варијанти. Кај секој тип се истакнуваат типичните размери на стиховите, најкарактеристичните ритмички и мелодиски модели, доминантните тонски низи и интервали, мелодиските стереотипи, "напевите-формули", орнаментите и другите особености.

Анализата и воспоставувањето на пејачките типови е од големо значење за проучувањето на карактерот на народните песни од еден регион посматран како посебен музички дијалект, кој како и кај другите музички дијалекти има свои мелопоетски типови, кои пак во музичката форма се изразуваат преку посебни специфични структурни законитости, односно преку метроритмичката и мелодиската структура, орнаментиката, стилот на изведување итн.

Музичките дијалекти во традиционалното обредно пеење во Македонија претставуваат континуирана појава како што е присуството на јазичните дијалекти, типовите на народни носии, обичаите на Македонците во различните краишта, народната архитекутра итн. Често границите на музичките дијалекти на територијата на која се распространети типовите песни или разните музички појави по најопштите показатели се поклопуваат со истите говорни наречја, покрај постоењето на различните локални пеачки типови. Истражувањата на Б. Видоески ги надополнуваат моите сознанија за патиштата на јазичните движења, пред сè за старата јазична состојба во ареалите од кои се повлекле живите македонски дијалекти, а кои помогнаа околу решавањето на некои дилеми при одредувањето на музичко-дијалектните граници на македонското традиционално обредно пеење и музичко-дијалектните особености во однос на постојните дијалектни типови.

Држејќи се до истражувањата на Видоески (Видоески 1997: 9–31) и имајќи го превид тоталитетот на македонската јазична дијалектна територија и комплексот на дијалектните особености на музичкиот јазик во македонското традиционално народно пеење, македонските музички дијалекти во областа на обредното пеење, според најопштите показатели, можат да се ставаат во три основни групи: **1. западна**[6], **2. југоисточна**[7] и **3.**

[6] Во овој ареал јасно се издвојуваат две музичко-дијалектни групи – 1. **централна** и 2. **периферна**. Во централната регионална група спаѓаат: Скопско-велешката, Прилепско-битолската и Кичевско-Поречката група, а во периферната група спаѓаат: Горнополошкиот регион, Дебарската или Мијачката група и Охридско-преспанската група.

[7] Во овој ареал јасно се издвојуваат 2.1. Малешевско-пијанечката регионална група, како дел од шопската македонска етнографска целина; 3.2.2. Штипско-струмичката, 2.3. Тиквешко-мариовската, а од јужните: 2.4. Дојранско-гевгелиската регионална група, како дел од средновардарската етнографска целина. Тие истовремено претставуваат преодна граница со западните музичко-дијалектни подрачја.

северна[8] група музички дијалекти, со 13 поддијалектни типови, кои, исто така според најопштите показатели на македонското традиционално (обредно) пеење, се распределени по региони и регионални групи што го сочинуваат македонскиот музичко-дијалектен ареал:

– кои се одликуваат по некои специфичности во однос на едни спрема други и

– кои се помалку или повеќе сродни, што произлегува од местото на кое се наоѓа некој (соседен) регион.

Таа поделеност или класификација е преземена од областа на истражувањето на јазичните дијалекти, и е прифатена и прилагодена за потребите и во рамките на традиционалното народно пеење, бидејќи македонските говорни и музички дејалекти во најопшти црти се поклопуваат. Тоа е и затоа што се работи за изразни средства на едно и исто население, кое води ист начин на живеење, има иста вероисповест и формирало ист поглед на светот.

За нивно респективно претставување направени се шематски географски карти на кои е обележана територијалната распространетост на секој одделен музички дијалект, кои се распределени региони во чии рамки постојат регионални групи со посебни регионални особености.[9] На тој начин се има претстава за застапеноста и просторната распространетост на музичките дијалекти кои ја пратат обедната практика. (Види прилог карти).

[8] Во оваа група спаѓаат 3.1. Северно Полошките села и Скопското Црногорје, кои се наоѓаат во северозападниот дел на Република Македонија, додека на североисток доаѓаат музичките дијалекти 3.2. на Жеглиговската, односно Кумановско-кратовската регионална група 3.3. и Овче Поле - Которлак со Пробиштипскиот крај.

[9] Територијалната распространетост на музичките дијалекти во македонското обредно пеење е изработена според дијалектната карта на Б. Видоески, (Видоески 1997: 26).

КАРТИ

1. Карта на територијалната распространетост на музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење

1.1. Западни:
1.1.1. Централни и
1.1.2. Периферни
1.2. Југоисточни и
1.3. Северни музички дијалекти

1.2. Територијалната распространетост на поддијалектите во македонското традиционаллно народно пеење по региони и регионални групи

1. Западни музички дијалекти:
1.1.1. Централни:
1.1.1.1. Скопско-велешка регионална група
1.1.1.2. Прилепско-битоласка регионална група
1.1.1.3. Кичевско-поречка регионална група
1.1.2.1. Горнополошки регион
1.1.2. Периферни:
1.1.2.2. Реканско-дебарски (Мијачки) регион
1.1.2.3. Охридско преспанска регионална група
2. Југоисточни музички дијалекти
2.1. Малешевско-пијанечки регион
2.2. Штипски-струмичка регионална група
2.3. Тиквешко-мариовска регионална група
2.4. Дојранско-гевгелиски регион
3. Северни музички дијалекти:
3.1. Севернополошки села и Скопско Црногорје
3.2. Кумановско-кратовска регионална група
3.3. Овче Поле и Которлак

1.3. Територијалната распространетост на поддијалектите во македонското традиционаллно народно пеење по региони со истражуваните пунктови

1. Горно Солње, 2. Нова Брезница, 3. Јаболци, 4. Драчево, 5. Папрадиште, 6. Ореше, 7. Поменово, 8. Капиново, 9. Мартолци, 10. Џидимирци,11. Гостиражни, 12. Варош, 13. Лопатица, 14. Крклино, 15. Новаци, 16. Суводол, 17. Жван, 18. Бабино, 19. Брезово, 20. Пуста Река, 21. Душегубица, 22. Иванчишта, 23. Белица, 24. Дворци, 25. Девич, 26. Крапа, 27. Црешнево, 28. Милетино, 29. Гоновица, 30. Битуше, 31. Галичник, 32.Баниште, 33. Врбјани, 34. Годивје, 35. Завој, 36. Велгошти, 37. Косел, 38. Ливоиште, 39. Мислешево, 40. Мороишта, 41. Ложани, 42. Локов. 43. Лабуништа, 44. Вевчани, 45. Радожда, 46. Царев Двор, 47. Подмочани, 48. Претор, 49. Сопотско, 50. Саса, 51. Моштица, 52. Ќосевица, 53. Каменица, 54. Драмче, 55. Стамер, 56. Негрево, 57. Берово, 58. Будинарци, 59. Цера, 60. Безиково, 61. Истибање, 62. Лески, 63. Горни Полог, 64. Горни Балван, 65. Ново Село, 66. Пиперово 67. Лесковица, 68. Ињево, 69. Дедино, 70. Габревци, 71. Вељуса, 72. Босилово, 73. Иловица, 74. Ново Село, 75. Старо Коњарево, 76. Долни Дисан, 77. Конопиште, 78. Рожден, 79. Гудјаково, 80. Петрово, 81. Миравци, 82. Градец, 83. Теарце, 84. Лешок, 85. Ратае, 86. Брвеница, 87. Кучково, 88. Раштак, 89. Булачани, 90. Стајковци, 91. Студена Бара, 92. Шупљи Камен, 93. Облавце, 94. Добрача, 95. Драгоманце, 96. Кокино, 97. Малотино, 98. Длабочица, 99. Огут, 100. Луке, 101. Црцорија, 102. Трново,103. Т'лминци, 104. Жидилово, 105. Узем, 106. Кнежево, 107. Луково, 108. Близанци, 109. Шлегово, 110. Татомир, 111. Шопско Рудари, 112. Кетеново, 113. Страцин, 114. Малино, 115. Сопот, 116. Амзабегово, 117. Ранчинци, 118. Мечкуевци и 119. Гајранци.

1.4. Територијалната распространетост на музичките дијалекти по жанрови



Б - Божиќни песни
В - Водичарски песни
Л - Лазарски) песни
Вел. - Велигденски песни
Ѓ - Ѓурѓовденски песни
Д - Додолски песни
К - Песни на „Крсти“
Т - Тодорички песни)
С - Спасовденски песни
Ц - Црепнарски песни
И - Иванденски песни
Ж - Жетварски песни
Св. - Свадбарски песни
Вар. - Варварушки песни
Ор. - Ороводни песни
Лет. - Летоечки песни
Тан. - Танасовденски песни

2.1. Зони на распространетост на ритмичките типови (РТ)

RT. I - Ритмички тип - GIUSTO
RT.II - Ритмички тип - RUBATO
RT.III - Ритмички тип - AKSAK
s - сегментиран вид
c - цезуриран вид

2.2. Зони на распространетост на мелодиските типови (МТ)

2.3. Меѓудијалектни зони на распространетост на ритмичките и мелодиските типови



(во ареалот на **РТ** во ареалот на **МТ**)

2.4. Карта на едногласните и повеќегласните типови на пеење

- едногласен тип на пеење
- повеќегласен тип на пеење

ЛИТЕРАТУРА

Величковска, Родна, (2008), Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење (обредно пеење), Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Македонско народно творештво, Народни песни, кн. 17, Скопје.

Видоески, Божидар, (1997), *Дијалектите на македонскиот јазик (денешната состојба и историскиот развој)*, Етнологија на Македонците, МАНУ, Скопје.

Гошовский, В., (1971), У истоков народной музыки Славян, Москва.

Гошовский, В., *Украинские песни Закарпатья*, Москва, 1968, стр. 41.

Джиджев, Тодор, (1982), *Фактори на музикално-фолклорните диялекти в България*, Българско музикознание, VI, кн. 2, София Стойков, Ст., (1968), Българска диялектология, София.
Пецо, Асим, (1985), *Преглед српскохрватских дијалеката*, Научна књига, Београд.
Самоковлиева, Мария, (1981), *Очертване на музикалнодиялектната граница между Тракия и Средна Западна България в Пазарджиско*, Българско музикознание, год. V, кн. 4, София.
Тодоров, Тодор, (1971), *По въпроса за зараждането на фолклорно-музикалните диялекти*, Българско музикознание, т. 1, София.
Kristal, Dejvid, (1988), Enciklopedijski rečnik moderne lingvistike, Nolit, Beograd.

811.163.3'351

Лидија ТАНТУРОВСКА

„ЛАТИНСКАТА ОБЛЕКА“ НА МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА

Ако имаме, значи, и ние потреба од
латинско писмо, ако треба, ..., и
нашиот збор да го облечеме
понекогаш во латинска облека, тогаш
таа латинска облека треба да биде
по негова мера.
(Корубин 1969:103)

Апстракт: Почетокот на 2016 година го означи излегувањето на новото издание на Правописот за македонски јазик, каде што под осмата глава е сместен делот за предавање на македонското писмо со латиница. Ова беше повод уште еднаш да се навратиме на повторно акутелизираното прашање – потребата и употребата на латиницата, имајќи го предвид, од една страна, залогот на Благоја Корубин, кој, повеќе пати пишувал за овој проблем, а од друга – современите екстралингвисички фактори што го „наложуваат“ тоа.

Клучни зборови: македонска азбука, кирилица, латиница, транслитерација, Корубин.

Уште на самиот почеток треба да се истакне дека, во официјална употреба, пишуваната форма на македонскиот јазик се прејавува со македонската азбука во сите сфери на општење. Впрочем, во Република Македонија повеќе од седум децении се употребува македонската азбука[1]. Погледнато историски наназад, може да се каже дека кирилицата на ова поднебје е позната уште во XII/XIII век во кирилските текстови (Охридски апостол, Битолски триод, Болоњски псалтир). Ако се проследи историскиот развој на графиските системи од тој период до кодификацијата на нашиот јазик (1944/1945), како што го направил тоа Крум Тошев (Тошев 1968: 21−44), ќе се

[1]Устав на Република Македонија, Член 7, алинеа 1.

забележи дека и покрај големите влијанија отстрана, во Македонија, пишаниот збор, обично е изразуван со кирилица. Со кодификацијата на македонскиот јазик и официјално се востанови македонската азбука, која си ја најде својата потврда во пишуваната форма воопшто[2].

Во овој период од седум децении, во повеќе наврати се чувствувало влијанието од латинско писмо / од латински писма во ограничена употреба. За ова наоѓаме сведоштво, во неколку наврати, во написите на Благоја Корубин. Корубин, во својата прва книга „Јазикот наш денешен", отсликувајќи ја јазичната состојба, наведува дека *разни фирми на претпријатија, фабрики итн., други јавни натписи, патокази, разни формулари и документи, етикети и имиња на разни производи, па дури и цели упатства за нивната употреба итн. стојат пред нашиот човек или доаѓаат до неговите раце напишани или печатени со латинско писмо или уште поточно со српскохрватската латиница* (Корубин 1969:101). Благоја Корубин смета дека ова прашање е сосема јасно и дека по него можат да се заземат јасни и определени ставови, кои како такви, со својата конкретност, можат да најдат и официјална форма и потврда, мислејќи при тоа на нивната застапеност во правописот што се подготвува, во тоа време, во Институтот за македонски јазик. Пишувајќи за потребите од *латинското писмо*, Корубин истакнува дека тоа би се користело во специјални случаи во Македонија, со посебно одобрение, а таму каде што ќе се јави *нашиот збор* на латиница да стои паралелно напишан и на кирилица. При тоа ги дава и своите размислувања за латиницата: *Ако имаме, значи, и ние потреба од латинско писмо, ако треба, ..., и нашиот збор да го облечеме понекогаш во латинска облека, тогаш таа латинска облека треба да биде по негова мера* (Корубин 1969: 103).

На прашањето за латиницата, Корубин (Корубин 1976: 142−144) се навраќа уште еднаш, во следната книга од „Јазикот наш денешен". Причината е *засилената појава на натписи, фирми, документи и сл. напишани на латиница.* Истовремено укажува и на определени моменти и специфични потреби што налагаат употреба на *латинското писмо*. Со оглед на тоа што во меѓувреме Комисијата за изработка на Правописот на македонскиот литературен јазик ги востанови латиничните букви со кои ќе се предаваат *нашите* гласови, Корубин предлага секоја служба со задачи од соодветен карактер да го има пред себе Правописот, за да не се користи српскохрватската латиница. Понатаму ги дава решенијата на

[2] Свеста дека треба да се пишува на еден унифициран јазик доаѓа до полн израз со писмената активност во Македонија во периодот на НОВ, особено во 1943 и во 1944 година, кога се доразвиваат оние графиски ситеми што се употребувале кај нас меѓу двете светски војни. Со овој факт определен број прашања сврзани со нашите карактеристични фонеми и нивното обележување е практично решено.

карактеристичните гласови во македонскиот јазик, кои веќе еднаш ги даде како предлог во претходната книга од „Јазикот наш денешен“.

Во Правописот на македонскиот јазик[3] од 1998 година (Правопис ... 1998: 99), во осмата глава е дадено предавањето на македонското писмо со латиница. Овде ќе ги дадеме сегментите со кои се гледа предавањето на специфичните македонски букви од македонското писмо со латиница:

> *VIII ПРЕДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПИСМО СО ЛАТИНИЦА*
> *294. б) Нашите гласови се предаваат со овие латинички букви:*
> *...ѓ(ǵ), ... ж (ž), ... s (dz), ... љ (lj, ĺ), ... њ (nj, ń), ... ќ (ḱ), ... ч (č), џ (dž), ш (š)...*
> *в) ... lj има вредност на лј. ... dz има вредност на дз. ... dž има вредност на џ.*
> *Бидејќи во англиското и др. писма латиничките букви немаат дијакритични знаци, допуштено е нашите букви ѓ, s, љ, њ, ќ, ч, џ и ш (и ж – Л. Т.) да се предаваат со латиница со ј, додадено на основната буква.*
>
> *Така, Ѓорѓи – Gjorgji, Љубен – Ljuben, Бањани – Banjani, Ќовкаровски – Kjovkarovski, Пејчин – Pejcjin, Живко – Zjivko, Шиндиловски – Sjindilovski. Нашето s се предава со dz, а нашето џ со dzj: Sинго – Dzingo, Џаро – Dzjaro.*

По прогласувањето на независноста на Република Македонија, во чии рамки за службен јазик е прогласен македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, се појавува присуство на латински писма (англиски, француски, италијански, германски, турски итн.), пред сè, во рамките на економијата (називи на фирми, реклами, етикети на производи итн.), за што сме пишувале и ние[4] во неколку наврати[5].

За потребите на службите за издавање лични документи, а по барање на Владата на РМ (до Советот за македонски јазик), Советот (во

[3] Во Правописите од 1946 и од 1950 година не е застапен дел за пренесување на македонското писмо со латиница, што подоцна е вклучен таков дел во сите следни изданија (1969; 1977 и 1994).
[4] Види во библиографијата на Л. Тантуровска: http://imj.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=80%3A2009-08-18-10-40-32&catid=37%3A2009-08-18-08-31-53&Itemid=78, пристапено на 30.II2016 год.
[5] Во едно истражување беа разгледани рекламите на телевизијата (Тантуровска, 2012)

2001 година) го подготвил следното решение за транслитерација на македонското писмо на латиница:

а – a, б – b, в – v, ѓ – g, г – d, ѓ́ – gj, е – e, ж – zh, з – z, ѕ – dz, и – i, ј – j, к – k, л – l, љ – lj, м – m, н – n, њ – nj, о – o, п – p, р – r, с – s, т – t, ќ – kj, у – u, ф – f, х – h, ц – c, ч – ch, џ – dzh, ш – sh

Денес, ова понудено решение од Советот (со измена само кај буквата *џ*, која се предава со *dj*) се користи од страна на Министерството за внатрешни работи при издавање на биометриските лични документи. Се забележува дека специфичните букви од македонската азбука се предаваат со диграфи. Треба да се нагласи дека законите, од типот на Законот за патни исправи, се донесуваат во согласност со меѓунарони закони, а тоа се гледа и во членовите од самиот закон, каде што пишува дека податоците се запишуваат според меѓународните ознаки (кодови) во согласност со меѓународните стандарди утврдени во документот ICAO Doc 9303 од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство. Според ова, за македонската азбука (покрај за: руската, белоруската, украинската, бугарската и српската) постоела и постои транслитерација, која законски се употребува во практиката од 2008 година, со воведувањето на биометриските лични документи (м.заб.). Од сето досега кажано може да се заклучи дека транслитерацијата била решена пред да се почне со ревидирање на Правописот, од една страна, а од друга, за тоа биле прашани релеватни институции (Советот за македонски јазик, Катедрата за македонски јазик, а многу пред тоа и МАНУ). Во оваа пригода, како совет до надлежните за издавање лични докуметни, истакнуваме дека треба да се води сметка да не се меша транслитерацијата со транскрипцијата, како и транслитерацијата на македонскиот јазик со транслитерацијата на англискиот (или на кој било друг) јазик при запишувањето на личните имиња во личните документи со цел да не произлегуваат проблеми.

Од сето досега кажано, во ревидираниот Правопис на македонскиот јазик што излезе неодамна (од 2016 година), покрај претходното решение / претходните решенија е додадено и понуденото решение од Советот (со измена само кај буквата џ, која се предава со dj):

А, а	–	A, a
Б, б	–	B, b
В, в	–	V, v
Г, г	–	G, g
Д, д	–	D, d
Ѓ, ѓ	–	Ġ, ġ
Е, е	–	E, e

Ж, ж	–	Ž, ž
З, з	–	Z, z
S, s	–	Dz, dz
И, и	–	I, i
J, j	–	J, j
К, к	–	K, k
Л, л	–	L, l
Љ, љ	–	Lj, lj и Ĺ, Í
М, м	–	M, m
Н, н	–	N, n
Њ, њ	–	Nj, nj и Ń, ń
О, о	–	O, o
П, п	–	P, p
Р, р	–	R, r
С, с	–	S, s
Т, т	–	T, t
Ќ, ќ	–	Ḱ,ḱ
У, у	–	U, u
Ф, ф	–	F, f
Х, х	–	H, h
Ц, ц	–	C, c
Ч, ч	–	Č, č
Џ, џ	–	Dž, dž
Ш, ш	–	Š, š

II

А, а	–	A, a
Б, б	–	B, b
В, в	–	V, v
Г, г	–	G, g
Д, д	–	D, d
Ѓ, ѓ	–	Gj, gj
Е, е	–	E, e
Ж, ж	–	Zh, zh
З, з	–	Z, z
S, s	–	Dz, dz
И, и	–	I, i
J, j	–	J, j
К, к	–	K, k
Л, л	–	L, l
Љ, љ	–	Lj, lj

М, м	–	M, m
Н, н	–	N, n
Њ, њ	–	Nj, nj
О, о	–	O, o
П, п	–	P, p
Р, р	–	R, r
С, с	–	S, s
Т, т	–	T, t
Ќ, ќ	–	Kj, kj
У, у	–	U, u
Ф, ф	–	F, f
Х, х	–	H, h
Ц, ц	–	C, c
Ч, ч	–	Ch, ch
Џ, џ	–	Dj, dj
Ш, ш	–	Sh, sh

Од друга страна, што се случува со потребата и со употребата на латиницата во другите сфери од општественото дејствување? По овој повод ќе се осврнеме само на еден илустративен сегмент – напишаните имиња и презимиња на спомениците налевиот брег од реката Вардар и на двата нови пешачки моста: Мостот на уметноста и Мостот „Око“. Станува збор за осумдесетина написи под бронзените фигури, кои ги содржат имињата и презимињата на заслужни личности од историјата на македонскиот народ.



Кејот на левиот брег на реката Вардар



Мостот на уметноста

Мостот „Око“

Треба да истакнеме дека бевме изненадени од големиот број различни предавања на буквите од македонската азбука (односно на гласовитеод македонскиот јазик – за што ќе стане збор во заклучокот) со латински букви. Веднаш да кажеме дека меѓу латинските букви нема такви изразени со дијакритички знаци.

По овој повод ќе ги издвоиме само имињата со специфичните македонски букви од македонското писмо и нивното предавање со латиница:

Ѓ:

38[6]. Св. Ѓорѓи Кратовски − St. George of Kratovo

Коментар: Името е преведено на англиски.

Ж:

7. Живко Чинго − Zhivko Chingo

11. Блаже Конески − Blazhe Koneski

35. Христофор Жефаровиќ − Hristofor Zhefarovich

*Коментар: Буквата **ж** се предава со диграфот **zh**.*

S: нема

Љ:

6. Васил Иљоски (писател) − Vasil Iljoski (writer)

*Коментар:Буквата **љ** се предава со **lj**.*

Овде да направме мала дигресија и да го дадеме примерот: Петар Делјан − Petar Deljan, каде што групата **лј** се предава со **lj**.

Њ:

47. Св. Прохор Пчињски − St. Prochorus of Pchinja

*Коментар: Буквата **њ** се предава со **nj**, но станува збор за англиски превод.*

Ќ:

33. Кирил Пејчиновиќ − Kiril Pejchinovich

35. Христофор Жефаровиќ − Hristofor Zhefarovich

*Коментар: Со исти диграф се предаваат двете букви од македонската азбука **ч** и **ќ**.*

[6] Броевите пред имињата се во функција на анализа на материјалот.

Ч:

2. Ванијамин Мачуковски − Venijamin Machukovski
4. Петре Прличко − Petre Prlichko
7. Живко Чинго − Zhivko Chingo
9. Војдан Чернодрински − Vojdan Chernodrinski
10. Григор Прличев − Gigor Prlichev
17. Лазар Личеноски − Lazar Lichenoski
24. Кочо Рацин − Kocho Racin
27. Ванчо Николески − Vancho Nikoleski
33. Кирил Пејчиновиќ − Kiril Pejchinovich
34. Јоаким Крчовски − Joakim Krchovski
47. Св. Прохор Пчињски − St. Prochorus of Pchinja

*Коментар: Буквата **ч** се предава со диграфот **ch**. Некои од имињата се дадени на англиски.*

Џ:

8. Неџати Зекерија − Nedjati Zekerija
26. Јордан Хаџи Константинов-Џинот − Jordan Hadji Konstantinov-Djinot[7]

*Коментар: Буквата **џ** се предава со диграфот **dj**.*

Ш:

3. РистоШишков (актер) − RistoShishkov (actor)
12. АцоШопов −AcoShopov
16. Тодор Проески-Тоше − Todor Proeski-Toshe[8]
31. Кузман Шапкарев − Kuzman Shapkarev
42. Андреаш, ктитор − Andreash
43. Константин Драгаш − Constantine Dragash, ruler
44. СтефанДушан, цар − Tsar Stephan Dushan
73. Димитрија Волкашин − King Demetrius Volkashin
74. Јован Углеша, владетел − John Uglesha, ruler

*Коментар: Буквата **ш** се предава со диграфот **sh**. Некои имиња се дадени на англиски.*

Како што споменавме во некои коментари, се добива впечаток дека станува збор за превод на имињата на англиски јазик. Меѓутоа, тука останува отворено прашањето упатено до англистите: дали сите

[7] Не се употребува долга црта.
[8] Истата забелешка како претходната.

транскрипции од македонски на англиски јазик се точни, како во примерите што следат.

Во еден пример буквата **в** е предадена со **b**:
45.Севастократор Стрез – Sebastokrator Strez, ruler

Буквата **ј** од македонската азбука се предава со **j**:
2. Ванијамин Мачуковски − Venijamin Machukovski
5. Стефан Гајдов − Stefan Gajdov (composer)
8. Нецати Зекерија − Nedjati Zekerija
9. Војдан Чернодрински − Vojdan Chernodrinski
14. Трајко Прокопиев − Trajko Prokopiev (composer)
23. Славко Јаневски − Slavko Janevski
26. Јордан Хаџи Константинов-Џинот − Jordan Hadji Konstantinov-Djinot
28. Адем Гајтани − Adem Gajtani
32. Партенија Зографски − Partenija Zografski
33. Кирил Пејчиновиќ − Kiril Pejchinovich
34. Јоаким Крчовски − Joakim Krchovski
63. Јулија Тертила, добродетелка − Julia Terylla
69. Св. Јоаким Осоговски − St. Joachim of Osogovo

Во еден пример буквата **ј** од македонската азбука се предава со **y**:
46. Георги Војтех − Georgi Voyteh, rebellion leader

Во некои примери буквата ј од македонската азбука <u>не се предава</u>:
39. Доротеј, архиепископ − Archibishop Dorotheus
48. Војвода Ивец, благородник − Count Ivats, hobleman
52. Будиј, епископ − Bishop Budius
53. Аврелиј Кратес Птолемеев, интелектуалец − Aurelius Crates PtolemaeI, scholar
54. Тит Флавиј Орест − Titus Flavius Orestes
57. Архелај I, крал − King Archeralius
62. Персиј, крал − King Perseus
63. Јулија Тертила, добродетелка − Julia Terylla
64. Публиј Сентиј Септимиј Николај − Publis Sentius Septimius Nicholaus
65. Дионисиј, епископ − Bishop Dionysius
73. Димитрија Волкашин − King Demetrius[9] Volkashin

[9]Овде немало потреба од ваков превод.

Во следниве примери името Јован е сменето со името Џон (John):
40. Јован Зограф − John the Fresco Painter
74. Јован Углеша, владетел − John Uglesha, ruler
75. Св. Јован Кукузел − St. John Kukuzelis

Понатаму, во текстот што следи ќе наведеме до какви сознанија дојдовме за буквата **к** од македонската азбука:

− На шеесетина места буквата **к** од македонската азбука се предава со **к,** како во примерите:
1. Димитар ВасилевМакедонски −Dimitar Vasilev Makedonski
11. Блаже Конески − Blazhe Koneski
4. Петре Прличко − Petre Prlichko
18. Никола Мартиноски − Nikola Martinoski
21. Димитар Кондовски − Dimitar Kondovski
30. Крсте Петков Мисирков − Krste Petkov Misirkov
34. ЈоакимКрчовски −JoakimKrchovski

−Потоа со **c**, односно со **cc**:
43. Константин Драгаш − Constantine Dragash, ruler
53. Аврелиј Кратес Птолемеев, интелектуалец − Aurelius Crates PtolemaeI, scholar
58. Пердика I − King Perdiccas I
59. Каран, крал − King Caranus

− Потоа со **ch**:
64. Публиј Сентиј Септимиј Николај − Publis Sentius Septimius Nicholaus
69. Св. Јоаким Осоговски − St. Joachim of Osogovo

Ф се предава со f:
5. Стефан Гајдов − Stefan Gajdov (composer)
32. Партенија Зографски − Partenija Zografski
35. Христофор Жефаровиќ − Hristofor Zhefarovich
54. ТитФлавијОрест − Titus Flavius Orestes

Потоа **ф** со **ph**:
44. Стефан Душан, цар − Tsar Stephan Dushan
55. Филип V, крал − King Philip V

Во следниов пример е направен целосен превод:
40. Јован Зограф − John the Fresco Painter

Х се предава со **н**:
26. ЈорданХаџиКонстантинов-Џинот−JordanHadjiKonstantinov-Djinot
35. ХристофорЖефаровиќ − HristoforZhefarovich
46. Георги Војтех − Georgi Voyteh, rebellion leader
66. Хацон, кнез − Duce Hatson
71. Добромир Хрс, владетел − Dobromir Hrs

Потоа, **х** се предава со **ch**, но во преводи:
37. Прохор Архиепископ −Archbishop Prochorus
39. Доротеј, архиепископ − Archibishop Dorotheus
47. Св. Прохор Пчињски − St. Prochorus of Pchinja
51. Св. Ахил Преспански − St Achilius Bishop of Prespa
57. Архелај I, крал − King Archeralius

Ц се предава со **c**:
12. АцоШопов –Aco Shopov
22.НиколаВапцаров − Nikola Vapcarov

Има примери каде што **ц** се предава со **ts**:
48. Војвода Ивец, благородник − Count Ivats, hobleman
66. Хацон, кнез − Duce Hatson ... итн.

Што можеме да заклучиме од сето ова?

1) Ако станува збор за транслитерација на македонската азбука со латинско писмо, тогаш треба да се каже дека нема доследност (како во примерите: 33. Кирил Пејчиновиќ − Kiril Pejchinovich, 35. Христофор Жефаровиќ − Hristofor Zhefarovich)

2) Од многу натписи се гледа дека станува збор за обид за „преведување“ на македонските имиња на англиски, од што произлегуваат две работи:

а) Имено, познато е во ономастиката, и во лингвистиката воопшто, дека личните имиња не се преведуваат;

б) Ако, сепак, идејата била да се преведат, тогаш се гледа дека поради несоодветниот превод или несоодветната транскрипција (од македонски на англиски јазик) им се отвора работа на англиските лектори, со што се извлекува аксиомата:

Не станува збор за транслитерација од македонски на англиски јазик, со што можеме да заклучиме дека со ваквите примери не треба да ја бараме „латинската облека“ на македонската азбука кај овие споменици.

ЛИТЕРАТУРА

Димитровски, Т., Видоески, Б., Конески, К., Угринова-Скаловска Р. (1998), *Правопис на македонскиот литературен јазик*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Дучевска А. (2005), „За транскрипцијата“, *Актуелните состојби во македонскиот јазик*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 21–29.

„Законот за патни исправи на државјани на Република Македонија“ (1992), *Службен весник на Р Македонија*, бр. 67/92, 03.11.1992.

„Закон за изменување и дополнување на законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија“ (2003), *Службен весник на Р Македонија, бр. 20, 28. 03. 2003.*

„Закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија (пречистен текст)“ (2004), *Службен весник на Р Македонија*, *бр.73/04, 21. 10. 2004* , www.pravo.org.mk, пристапено 31. I 2016.

„Законот за лична карта (пречистен текст)“ (2013), *Службен весник на Р Македонија, бр.25, 19. 02. 2013.*

Конески, К. (2001), „Кон прашањето за ПРЕДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ПИСМО СО ЛАТИНИЦА (фотокопиран документ)“, Совет за македонски јазик.

Корубин, Бл. (1969), *Јазикот наш денешен 1*

Корубин, Бл. (1976), *Јазикот наш денешен 2*

Тантуровска, Л. (2015), http://imj.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=80%3A2009-08-18-10-40-32&catid=37%3A2009-08-18-08-31-53&Itemid=78, пристапено на 30.XI 2015

Устав на Република Македонија (2015), http://www.sfid.mk/comp_includes/webdata/documents/USTAV%20precisten%20tekst%20+.pdf, пристапено 30. XII 2015

INTERNACIONAL CIVIL AVIATION ORGANIZATION, Document 9303 (2015), http://www.icao.int/Pages/default.aspx, пристапено на 30. XII 2015.

811.Б12.161'373.231 : 003.035=163.3

Марија ЛЕОНТИЌ

ТРАНСКРИПЦИЈАТА НА ТУРСКИТЕ ИМИЊА СПОРЕД СТАРИОТ И СПОРЕД НОВИОТ ПРАВОПИС НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Според стандарднојазичната норма на македонскиот јазик, странските лични имиња во македонскиот јазик се предаваат со кирилица. При предавањето на странските имиња со кирилица се поаѓа од нивниот изговор, а не од нивната форма. Оваа постапка на транскрипција се применува и при предавање на турските имиња кои се напишани на латиница.

Трудов ги споредува решенијата што се изложени во стариот и во новиот Правопис на македонскиот јазик при транскрипција од турски на македонски јазик, а воедно ја истакнува потребата од доуточнување и дополнување на правописните правила за транскрипција на турските имиња во македонскиот јазик и изложува можни решенија.

Клучни зборови: транскрипција, турски, македонски, правопис.

1. Вовед

Во последните петнаесет години економските и културните врски меѓу Македонија и Турција сè повеќе се интензивираат. Како резултат на ова бројот на судските, стручните и литературните преводи значително се зголеми. Материјалите што се преведуваат од турски на македонски природно содржат голем број турски лични имиња што треба да се транскрибираат. Досега преведувачите се трудеа да се придржуваат на Правописот на македонскиот јазик во однос на транскрипцијата на турските имиња во македонскиот јазик, но воедно ја истакнуваа потребата од доуточнување.

2. Дефинирање на транскрипцијата во македонската лингвистика

Според стандарднојазичната норма на македонскиот јазик странските лични имиња во македонскиот јазик се предаваат со кирилица. Тие се транскрибираат, односно при нивното предавање со кирилица се поаѓа од нивниот изговор, а не од нивната форма. Според Правописот на македонскиот литературен јазик: „Туѓите имиња се пишуваат со наше

писмо, по правило, онака како што се изговараат. При тоа нивните гласовни особености се пригодуваат колку што е можно кон гласовниот систем на нашиот јазик, т.е. гласовите што ги нема во нашиот јазик се предаваат со наши слични гласови... “ (Правопис, 1998: 72).

3. Стариот и новиот Правопис во однос на транскрипцијата од турски на македонски јазик

Составувањето на секое ново издание на Правописот на македонскиот јазик претставува голема одговорност и бара критичко препрочитување на стариот Правопис за да се дополнат или доуточнат одредени правила или доколку не се функционални да се исфрлат.

Преведувачите при преведувањето од турски на македонски во практиката стекнаа одредени сознанија за тоа колку се функционални правилата за транскрипција од турски на македонски јазик. Своите сознанија и потребата за доуточнување и дополнување на правописните правилата за транскрипција на турските лични имиња во македонскиот јазик ги истакнав во 2011 год. на научниот собир „Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик-Јазикот и идентитетот“ во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. На овој собир настапив со реферат под наслов „Стандарднојазичната норма на македонскиот јазик и транскрипцијата на турските лични имиња“. На крајот на рефератот имав истакнато: „Трудов ги обработува проблемите што се јавуваат при транскрипција на турските лични имиња и изложува можни решенија. Најдобри решенија се изнаоѓаат во комисии составени од стручни лица по македонски и по турски јазик. Се надеваме дека при подготвувањето на следниот Правопис, во делот за транскрипција на турски имиња ќе бидат вклучени и специјалисти по турски јазик и ќе бидат земени предвид гореизложените забелешки и предлози.“ (М. Леонтиќ, 2011). Сè уште сметам дека комисија составена од специјалисти по македонски и по турски јазик може да даде најсоодветни решенија. И овој труд претставува добранамерно укажување на одредени аспекти кои можат да се разгледаат во таквите комисии.

4. Стариот и новиот Правопис во однос на транскрипцијата на вокалите и консонантите од турски на македонски јазик

Стариот и новиот Правопис на македонскиот јазик содржат исти информации во однос на транскрипцијата на вокалите и консонантите од турски на македонски јазик.

Турскиот јазик содржи осум вокали (a, e, i, ı, u, ü, o, ö) и дваесет и еден консонант (b, c, ç, d, f, g, ğ, h, j, k, l, m, n, p, r, s, ş, t, v, y, z), додека македонскиот јазик има пет вокали (а, е, и, у, о) и дваесет и шест

консонанти (б, в, г, д, ѓ, ж, з, s, ј, к, л, љ, м, н, њ, п, р, с, т, ќ, ф, х, ц, ч, џ, ш).

Транскрипцијата на личните имиња од турски на македонски јазик од една страна е олеснета бидејќи македонскиот и турскиот правопис се базираат на фонетски принцип, а е отежната затоа што турскиот јазик содржи три вокали (**ö, ü, ı)** и еден консонант (**ğ**) што ги нема во македонскиот јазик. При пренесувањето на турските лични имиња во македонскиот јазик проблеми се јавуваат кога во нив се наоѓаат вокалите **ö, ü, ı** и консонантот **ğ** (консонант што во турскиот јазик се нарекува „меко г“). Во вакви ситуации, вокалите и консонантите што немаат соодветен корелат во македонскиот јазик, се предаваат со вокали и консонанти што се најблиски и најслични до оригиналниот турски глас.

Симетричноста на вокалите во турскиот јазик може да ни помогне при барање соодветни решенија за транскрипција од турски на македонски јазик. Во турскиот јазик симетричен вокал на **ö**е **о**, на **ü** е **u**, а на **i**е **ı** и обратно на **о** е **ö**, на **u** е **ü**, на **ı** е **i**.

Симетричност на турските вокали	
ö → о	**о → ö**
ü → u	**u → ü**
i → ı	**ı → i**

Според Правописот туркиот вокал **ö**се предава со **о**. Пр. *ж.и.* Özde / Озде, *ж.и.* Özge / Озге, *ж.и.* Özlem / Озлем, *ж.и.* Öznur / Ознур, *ж. и.* Özsevi/Озсеви; *м. и*. Ödül/Одуљ, *м. и*. Önder/Ондер, *м. и*. Öymen/Ојмен,*м. и*. Özcan /Озџан, *м.и*. Özgün / Озѓун.

Според Правописот туркиот вокал **ü**се предава со **u**.Пр. *ж.и.* Üçgül / Учѓуљ, *ж.и.* Ümit / Умит, *ж.и.* Ünay / Унај, *ж.и.* Ünsev / Унсев,*ж.и.* Ürün/Урун, *м. и*. Ülkü/Уљќу, *м. и*. Ümit/Умит, *м. и*. Üncan/Унџан, *м. и*. Ünlüsoy/Унљусој, *м.и*. Ünsever/Унсевер и др.

Според Правописот туркиот вокал **ı** се предава сознакот за апостров /’/ или со **а**.Пр. *ж.и.* Ilgı / `лг`, Алга, *ж.и.* Itır / `т`р, Атар, *ж.и.* Kısmet / К`смет, Касмет, *ж.и.* Nazlı / Назл`, Назла, *ж.и.* Pırıltı / П`р`лт`, Паралта, *м.и*. Ilgaz / `лгаз, Алгаз, *м.и*. Ilıcan / `л`џан, Алаџан, *м.и*. Irmak / `рмак, Армак, *м.и*. Işıkcan / `ш`кџан, Ашакџан, *м.и*. Işıltı / `ш`лт`,Ашалта и др.

Вокалот **ı** во турскиот јазик е ист како вокалот **ь** во бугарскиот јазик и најсоодветно е да се предава со знакот за апостров /’/, но не и со **а**. Многу лектори при лектура без да знаат дека симетричен вокал на **ı**е **i**, во личните имиња предавањето на **ı**со **а** го заменуваат со **и**. Тоа е уште една потврда дека теоријата на турската фонетика и практиката на македонските лектори спонтано се синхронизирале.

Предавање на турските вокали според Правописот	**Наш предлог за предавање на турските вокали во македонскиот јазик**
ö → о Пр. *ж.и.* Özde → Озде	**ö → о** Пр. *ж.и.***Ö**zde → **О**зде
ü → u Пр. *м. и.* Üncan→ Унџан	**ü → u** Пр. *м. и.* **Ü**ncan→ **У**нџан
ı → ’ / а Пр. Işıltı → `ш`лт`,Ашалта	**ı → ’ / и** Пр. *м.и.***Iş**ı**lt**ı → `ш`лт`,**Иш**и**лт**и

Од гореизложеното може да се заклучи дека е неопходно да се доуточнат и дополнат правописните правилата за транскрипција на турскиот вокал **ı**што може да се предаде со знакот /**’**/ или со симетричниот вокал **и**, но не и со вокалот **а**.

Според Правописот, турскиот консонант **ğ** (меко г) во македонскиот јазик се предава со **г** или се испушта. Пр. *ж.и.* Ağçiçek / Агчичек, Ачичек, *ж.и.* Ağbegim / Агбегим, Абегим, *ж.и.* Ağpamuk / Агпамук, Апамук, *м.и.* Ağna / Агна, Ана, *м.и.* Batuğhan / Батугхан, Батухан, *м.и.* Çağ / Чаг, Ча и др.

При транскрипцијата, доколку се испушти согласката **ğ,** се остава простор два вокала да дојдат еден до друг. Пр. *ж.и.* Fesleğen / Феслеен, *ж.и.* Çiğil / Чиил, *ж.и.* Yağan / Јаан, *м.и.* Çağa / Чаа, *м.и.* Değer / Деер, *м.и.* Ağar / Аар. Во вакви случаи едниот вокал се исфрла и се добиваат формите Феслен, Чил, Јан, Ча, Дер и Ар што претставуваат прилично оддалечување од оригиналните лични имиња.

Тука сме должни да потсетиме дека честопати консонантот **ğ** има и дистинктивна функција и неговото испуштање би довело две различни имиња да се транскрибираат исто. Пр. *ж.и.* Ferda / Ферда, *ж.и.* Ferdağ / Ферда, *ж.и.* Selda / Селда, *ж.и.* Seldağ / Селда. Затоа сметаме дека редовното транскрибирање на консонантот **ğ** со консонантот **г** во македонскиот јазик го надминува овој проблем. Пр. *ж.и.* Феслеген, *ж.и.* Чигил, *ж.и.ж.и.* Јаган, *м. и.*Чага, *м. и* Дегер, *м. и* Агар, *ж. и.* Фердаг, *ж. и.*Селдаг.

Во сложените лични имиња, кога консонантите **ğ** и **g** ќе дојдат еден до друг, при транскрипцијата предлагаме да се прикажат со еден консонант **г** бидејќи и двата консонанта во македонскиот се предаваат со **г**. Пр. *ж.и.* Ağgelin / Агелин, *ж.и.* Ağgümüş / Аѓумуш, *ж.и.* Ağgün / Аѓун и др.

Во турскиот јазик консонантите **k, g, l**кога ќе се најдат во непосреден допир со меките вокали **e, i, ö, ü** нивниот изговор омекнува и во македонскиот предлагаме да се прикажат со **ќ, ѓ, љ;** но кога ќе дојдат во меѓусебен контакт со тврдите вокали **a, ı, o, u**нивниот изговор ствврднува и во македонскиот предлагаме да се предадат со **к, г, л.**

Предавање на турските консонанти k, g, l според Правописот	**Наш предлог за предавање на турските консонанти k, g, l**
k → к	**k + a, ı, o, u → к** Пр. *м.и.* **K**oray → **К**орај **k + e, i, ö, ü → ќ** Пр. *м.и.***K**öker → **Ќ**оќер
g → г	**g + a, ı, o, u → г** Пр. ж.и. **G**onca → **Г**онџа **g + e, i, ö, ü → ѓ** Пр. ж.и. **G**üven → **Ѓ**увен
l → л	**l + a, ı, o, u → л** Пр. ж.и. **L**ulubar → **Л**улубар **l + e, i, ö, ü → љ** Пр. ж.и. **L**ütfiye → **Љ**утфије

Од гореизложеното може да се заклучи дека е неопходно да се доуточнат и дополнат правописните правилата за транскрипција на турскиот консонант **ğ**што е пожелно редовно да се предава со **г** во македонскиот јазик; консонантите **k, g, l**што се во допир со меките вокали **e, i, ö, ü**да се предадат со **ќ, ѓ, љ**, а кога се во контакт со тврдите вокали **a, ı, o, u**да се предадат со **к, г, л.**

5. Стариот и новиот Правопис во однос на транскрипцијата на буквите со знак за корекција од турски на македонски јазик

Во новиот Правопис е истакнато дека „Знак за бележење на акцентот во турскиот јазик е /ˆ/. Кога овој знак се наоѓа над самогласката â, î, û, тоа значи дека овие самогласки се изговараат подолго во турскиот, но во македонскиот должината не се бележи. Кога, пак, â, î, û се наоѓаат во позиција зад k, g, l, овие согласки се изговараат како ќ, ѓ, љ: Kâmil – Ќамил, Âgâh – Аѓах, Nalân – Наљан, Lûgat – Љугат.“ (Правопис, 2015: 259). Потоа во поднасловот „Гласовни групи“ се вели: „Секвенците (-)gö-, (-)kö-, односно (-)gü, (-)kü- на македонски се предаваат со (-)ѓо, (-)ќо, односно со (-)ѓу, (ќ)у: Göreme – Ѓореме, Köprülü Kanyon – Ќопрулу Кањон, Küçükköy – Ќучук Ќој, Ürgüp – Урѓуп. (Правопис, 2015: 260).
Во новиот Правопис се забележува напор да се внесе новина што ќе мора да се коригира и доуточни.

Во турскиот јазик /ˆ/ е знак за корекција (düzeltme işareti), а знакот за акцент е ист како во македонскиот јазик. Знакот за корекција /ˆ/ во турскиот јазик се користи кај заемки од арапско и персиско потекло за изразување должина и омекнување на одреден глас. Пр. Во *м.и.* Âşık знакот за корекција изразува должина и вокалот **а** долго се изговара, но во македонскиот јазик должината не се бележи и се транскрибира со Аш’к. Во *м.и.*Rüzgâr, *м.и.* Kâzım и*ж.и.* Hilâl, знакот за корекција означува дека консонантите **g, k, l** се меки што во македонскиот јазик најсоодветно е да се предадат со **ѓ, ќ, љ** при транскрипцијата: Рузѓар, Ќаз’м, Хиљаљ.

Знакот за корекција /ˆ/ во турскиот јазик	
изразува долг глас	**изразува мек глас**

м.и. Âşık (вокалот а долго се изговара)	*м.и.*Rüzgâr (консонантот g меко се изговара) *м.и.* Kâzım (консонантот k меко се изговара) *ж.и.* Hilâl (вокалот l меко се изговара)
Транскрибирање во македонскиот јазик	
м.и. Аш'к	*м.и.* Рузѓар *м.и.* Ќаз'м *ж.и.* Хиљаљ

6. Стариот и новиот Правопис во однос на транскрипцијата на двојните вокали и консонанти од турски на македонски јазик

Во турските имиња од странско потекло, пред сè персиско и арапско, се јавуваат удвоени вокали и консонанти. Во новиот Правопис и во Правописот од 1998 год. воопшто не се спомнува како ќе се транскрибираат удвоените вокали и консонанти. Досега преведувачите бараа индивидуални решенија, некои ги предаваат удвоено, а некои ги предаваа со еден вокал или консонант.

Удвоените вокали и консонанти во турските лични имиња при транскрипција предлагаме во македонскиот јазик да се предаваат со еден вокал или консонант. Пр.

Транскрипција на удвоените вокали и консонанти во турските лични имиња	
aa → а	*м.и.* Kaan / Кан, *м.и.* Maşaallah / Машалах
ee → е	*м.и.* Bilgeer/Билгер
bb → б	*ж.и.* Muhibbe / Мухибе, *м.и.* Abbas / Абас
cc → џ	*ж.и.* Mübeccel / Мубеџел, *м.и.* Hacccac/Хаџаџ
dd → д	*ж.и.*Haddas /Хадас;*м.и.*Rafeddin/Рафедин
ff → ф	*ж. и.* İffet /Ифет, *м. и.* Saffet/Сафет
hh → х	*ж. и.* Müzehher/Музехер, *м. и.* Abdulkahhar/Абдулкахар
kk → к	*ж.и.* Akkar / Акар, *м.и.* Müzekkir / Музекир
mm → м	*м.и.* Muammer / Муамер; *м.и.* Himmet / Химет
nn → н	*ж.и.* Cennet / Џенет; *ж. и.* Tennur/Тенур
rr → р	*ж.и.* Berrak / Берак, *м.и.* Muharrem / Мухарем
ss → s	*ж.и.* Müesser / Муесер, *ж.и.* Tebessüm / Тебесум
şş → ş	*ж.и.* Mübeşşer / Мубешер, *м.и.*Beşşar / Бешар
tt → t	*ж.и.* Muattar / Муатар, *м.и.*Hayrettin / Хајретин
vv → v	*ж.и.* Münevver / Муневер; *ж.и.* Şevval / Шевал
yy → y	*ж.и.* Müzeyyen / Музејен, *ж.и.* Süreyya / Суреја
zz → z	*ж.и.* Muazzez / Муазез; *м.и.* Gazzali / Газали

7. Заклучок

Турската азбука содржи 29 букви, од кои осум се вокали (a, e, i, ı, u, ü, o, ö) и дваесет и еден се консонанти (b, c, ç, d, f, g, ğ, h, j, k, l, m, n, p, r, s, ş, t, v, y, z), додека македонската азбука има пет вокали (а, е, и, у, о) и дваесет и шест консонанти (б, в, г, д, ѓ, ж, з, s, ј, к, л, љ, м, н, њ, п, р, с, т, ќ, ф, х, ц, ч, џ, ш). Транскрипцијата на турското латинично писмо во македонското кирилско писмо може да се прикаже со долуизложената табела:

Предавање на турската латинична азбука со македонската кирилска азбука				
Печатни букви		**Предавање во македонскиот**	**Примери Örnekler**	
големи	**мали**		**турски имиња**	**транскрип-ција**
A	**a**	**А а**	Ahmet	Ахмет
B	**b**	**Б б**	Bekir	Бекир
C	**c**	**Џ џ**	Caner	Џанер
Ç	**ç**	**Ч ч**	Çetin	Четин
D	**d**	**Д д**	Demir	Демир
E	**e**	**Е е**	Enis	Енис
F	**f**	**Ф ф**	Fuat	Фуат
G+ a, ı, o, u **G+ e, i, ö, ü** **G+ â, û, î**	**g+ a, ı, o, u** **g+ e, i, ö, ü** **g+ â, û, î**	**Г г** **Ѓ ѓ** **Ѓ ѓ**	Gani Gülşen Nigâh	Гани Ѓулшен Ниѓах
Ğ	**ğ**	**Г г**	Ağna	Агна
H	**h**	**Х х**	Hasret	Хасрет
İ	**i**	**И и**	İbrahim	Ибрахим
I	**ı**	**’**	Irmak	`рмак
J	**j**	**Ж ж**	Jale	Жале
K+ a, ı, o, u **K+ e, i, ö, ü** **K+ â, û, î**	**k+ a, ı, o, u** **k+ e, i, ö, ü** **k+ â, û, î**	**К к** **Ќ ќ** **Ќ ќ**	Kader Köklü Kâzım	Кадер Ќокљу Ќаз’м
L+ a, ı, o, u **L+ e, i, ö, ü** **L+ â, û, î**	**l+ a, ı, o, u** **l+ e, i, ö, ü** **l+ â, û, î**	**Л л** **Љ љ** **Љ љ**	Lara Lütfiye Lût	Лара Љутфије Љут
M	**m**	**М м**	Meltem	Мелтем
N	**n**	**Н н**	Nermin	Нермин
O	**o**	**О о**	Olgu	Олгу
Ö	**ö**	**О о**	Özlem	Озлем
P	**p**	**П п**	Pamuk	Памук
R	**r**	**Р р**	Rana	Рана
S	**s**	**С с**	Sevda	Севда
Ş	**ş**	**Ш ш**	Şencan	Шенџан
T	**t**	**Т т**	Tayla	Тајла
U	**u**	**У у**	Umut	Умут
Ü	**ü**	**У у**	Ünsev	Унсев
V	**v**	**В в**	Verim	Верим
Y	**y**	**Ј ј**	Yasemin	Јасемин
Z	**z**	**З з**	Zarife	Зарифе

Од гореизложеното може да се заклучи дека е неопходно да се доуточнат и дополнат правописните правила за транскрипција на турските лични имиња во македонскиот јазик. Нашите заложби се:

-вокалот **I ı** да се предаде со знакот за апостроф /’/ или со вокалот **и** во македонскиот јазик;

-согласка **ğ** (меко г) редовно да се транскрибира со консонантот **г** во македонскиот јазик и да не се испушта;

-консонантите во непосреден допир со тврдите вокали **a, ı, o, u** да се предадат како **к, г, л** во македонскиот јазик;

-консонантите **k, g, l** во непосреден допир со меките вокали **e, ı, ö, ü**и со вокалите кои имаат знак за корекција во однос на мекоста да се предадат како **ќ, ѓ, љ** во македонскиот јазик;

-двојниот вокал и двојниот консонант да се транскрибираат со еден вокал или консонант во македонскиот јазик.

Трудов ги обработува проблемите што се јавуваат при транскрипција на турските имиња и изложува можни решенија што се надеваме дека ќе се имаат предвид при следното издание на Правописот.

Скратеници

ж.и. женско име
м.и. машко име

ЛИТЕРАТУРА

Aydın, Münire. (2002). *Çocuk İsimleri Ansiklopedisi*. Seda Yayınları - İstanbul.
Aysan, Adviye; Tuncay, Selma. (1997). Kadın-Erkek Adları Sözlüğü. Doruk Yayınları – Ankara.
Okay, Gökdal. (1996). *Adlar Sözlüğü*. Saypa Yayınları – Ankara.
Okumuş, Fatih. (2004). *Çocuk İsimleri Ansiklopedisi*. Timaş Yayınları - İstanbul.
Yılmaz, Gül. (2004). *Çocuk İsimleri Sözlüğü*. Epsilon Yayınları - İstanbul.
(1986). *Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник*. Просветно дело - Скопје.
(1998). *Правопис на македонскиот литературен јазик*. Просветно дело - Скопје.
(2015). *Правопис на македонскиот јазик*. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“– Скопје.
Леонтиќ, Марија. (2011). Стандарднојазичната норма на македонскиот јазик и транскрипцијата на турските лични имиња. *Зборник на трудови од научниот собир „Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик-Јазикот и идентитетот“ при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“*– Скопје, 20. 121–132.
Леонтиќ, Марија. (2013).Транскрипција на турските лични имиња при превод на македонски јазик. *Огледало* - Скопје, 209/210 (XXIV). 6, 7.

81 - 112

Соња НОВОТНИ
Михајло МАРКОВИЌ

ЛИНГВИСТИКАТА И ЛИНГВИСТИЧКИТЕ ПРОУЧУВАЊА ВО МИНАТОТО И ДЕНЕС

Апстракт: Лингвистиката како широка научна дисциплина во глобална смисла на лингвистичките проучувања претставува корен, односно културен код на секое понатамошно јазично проучување без разлика на дијахронијата или синхронијата на истражувањето во некое научно поле, без оглед дали се работи за историски или современи јазични проблеми. Проблемот на лингвистичките позајмувања во поширока смисла, во суштина е стар колку што е стар и самиот човечки јазик. Тој морал да се јавува во текот на историјата, зошто јазиците доаѓале во контакт и со самото тоа морале да си влијаат едни на други во различни видови и во различни лингвистички облици. Сепак, главни прашања за проблемите на лингвистичкото позајмување и лингвистичката размена на јазиците коишто биле во контакт, привлекла големо интересирање кај проучувачите на лингвистиката (лингвистите) доста доцна, ако се земе во предвид релативноста на постоењето на јазичниот лингвистички контакт во историјата на лингвистиката.
Во трудот којшто е предмет на нашата обработка нашето внимание ќе го насочиме во проследување на разликите во лингвистичките проучување во минатото (односно историски преглед на лингвистиката) и современата лингвистика (односно модерните лингвистички проучувања).

Клучни зборови: лингвистика, јазик, историја, современ, минато.

Интересот за врската меѓу јазикот и културата може да се проследува од почетните појави на човековиот интерес за себеси и за стварноста што го опкружува, а попрецизно може да се дефинира од почетоците на научното мислење до денес, преку историјата на науката воопшто.

Во тој контекст, темата за врската меѓу јазикот и културата има свое место во историјата на лингвистиката, научна дисциплина чиј предмет на интерес, меѓу другото, е и развојот на идеите за јазикот од појавата на писменоста до современите лингвистички проучувања. Имено, оваа тема се јавувала како воведно прашање во трите претходни фази на проучувањето на јазикот: граматиката (продолжително преку различни

граматики, од 5 век пред нашата ера до 18 век), филологијата (од крајот на 18 век и почетокот на 19 век) и историската лингвистика (во 19 век).

Секоја од овие фази е соодветна на човековото научно спознавање на стварноста во односното време и се одликува со заедничките цели и интереси на науката од односниот период. Со други зборови, проучувањето на јазикот и културата од најстаро време до почетокот на 20 век претставува составен дел од неразделно поврзаните научни системи во одделните периоди од развојот на науката (Пандев 2007).

Истражувањето на актуелните состојби упатува кон разгледување и на историските процеси и општествените промени коишто придонеле за промена на статусот и престижот на неколку јазици на Балканот. На територијата на Балканскиот Полуостров уште од антиката се случува контактот на јазиците, со оглед на тоа што во текот на повеќе милениуми се одвивало доселување на различни народи, со што се создавале услови за јазични контакти и интерференција.

Старогрчкиот е јазик којшто се одликува со престижна функција, и тоа во рамките на тогаш познатиот свет. Тоа се должи најмногу на културната и книжевната традиција на Античка Грција, но и на економската експанзија во колониите. Подоцна, латинскиот претставувал административен јазик на политичката и воената моќ во текот на шест века на Балканот, така што неизбежно станал еден од важните фактори за конвергентниот развиток на јазиците, исто како и грчкиот, што претставува важен елемент за појавата на балканизмите и за оформувањето на Балканскиот јазичен сојуз.

Всушност, близината на јазиците што се случувала на ниво на разговорен јазик, значи на ниво на диглосија, ги создава условите за јазична интерференција. На тој начин, словенскиот идиом што се употребувал, покрај тоа што претрпувал влијание од класичните јазици, можел да стане и книжевен, стандардизиран јазик, и тоа со помош на еден екстралингвистички фактор – христијанството, значи религијата, и црквата на којашто и било потребно приближување до народот.

Старословенскиот е првенствено јазик на богослужбата, и тој со преведувањето на најважните книги, Стариот и Новиот завет, добива една престижна позиција, рамна на онаа на дотогашните етаблирани литургиски јазици: хебрејскиот, латинскиот и грчкиот. Создавањето на првата словенска азбука и преведувањето на Св. Писмо на словенски јазик, со што тој се поставува во една нормативна рамка и станува книжевен јазик во чија основа лежи македонскиот народен говор од околината на Солун, претставуваат најважните моменти за историјата на словенската култура и цивилизација. Други јазици коишто во определен

период имале престижен статус се: турскиот односно отоманскиот турски во текот на владеењето на Отоманската империја, и српскохрватскиот јазик, како прв службен јазик во некогашната СФРЈ; во Македонија српскиот бил во позиција на престиж и тоа во политичко-административната и во образовната сфера во периодот меѓу двете светски војни по поделбата на Македонија во 1913, сè до 1941 год., период во којшто македонскиот јазик бил забранет во јавната комуникација. Од овој кус преглед може да се види на каков начин се случувало унапредувањето на статусот на јазиците преку општествените, административните и економските фактори.

Синтагмата ареална лингвистика асоцира на низа други определби со кои се именуваат областите на научната активност на лингвистите. Најчести асоцијации се: дијалектологија, лингвистичка географија и јазици во контакт.

Дијалектологијата се дефинира преку дијалектологијата на јазичниот материјал кој е предмет на опис и анализа. Имено, се работи за нестандардизираните јазични кодови со кои се служи дадена јазична заедница. Терминот дијалект треба автоматски да се чита како „еден од дијалектите“, еден од кодовите кој со дивергенција во време и простор се издвоил од другите кодови кои потекнуваат од истиот јазичен дијасистем. Може да се каже дека дијалектите се издвојуваат на хоризонтален и на вертикален план. Во словенскиот јазичен свет сè уште под дијалект се подразбира пред сè локалната, територијално врзана разновидност на дадениот јазик, во западна Европа, каде што месните дијалекти веќе се повлекле под притисокот на стандардниот јазик, на прв план избива значењето „социјален дијалект“, мотивиран со социјалниот статус, професија или други карактеристики на носителите на соодветниот јазичен код.

Дијалектолошките истражувања импликуваат примена на посебна методологија на собирање на материјалот, но инаку, што се однесува до теоријата и методологијата на самата научна работа не се разликуваат од истражувањата чиј предмет се стандардните јазици, на двата плана функционираат исти дисциплини: фонологија, прозодија, морфосинтакса, лексикологија со зборообразување итн. Лингвистичката географија се дефинира преку начинот на проекција на постигнатите резултати на истражувањето. Најстарите атласи, како на пр. познатиот француски атлас на Жијерон, буквално, во форма на натпис, ги пренесувале на карта одговорите добиени на терен. Со текот на времето графичката проекција станува поапстрактна и пософистицирана, во сè поголем степен

претставува авторска интерпретација, а не механичка презентација на материјалот.

Синтагмата јазици во контакт упатува на конфронтативни истражувања на јазичните кодови кои трпат промени како резултат на меѓусебниот контакт, со други зборови: студии на парцијален или комплетен полилингвизам. Јазиците можат да бидат во контакт на дијалектно или на стандардно ниво. Овој втор тип на контакт не мора да означува траен соживот на цели јазични заедници на истиот заеднички простор, тој може да биде резултат на патувања или на привремени миграции на политичка или економска основа, мешани бракови, итн. Впрочем, на Балканот никнувањето на нови национални држави и стандардизацијата на нивните јазици значително го намали контактот. Меѓутоа, во денешниот глобализиран свет контактот не мора да биде реален, врзан со реалниот простор. Развојот на информатичката технологија, пред сè на интернетот, но и на сите други медиуми на јазична комуникација отвори неограничени можности за контакт во виртуелен простор. Покрај изучувањето на структурата на природните јазици и природните, вградени во нас механизми на генерирање на јазичниот текст вниманието на лингвистите го привлекува денеска техниката на забрзано совладување на други јазици, техниката на механички превод од јазик во јазик, и сите други социјални и културни последици на новите услови на јазичната комуникација. Сето тоа, во термините на лингвистичкиот ареал се форми на контактот и објекти на истражување.

Предмет на преземање од еден во друг јазичен код се формалните единици на јазичната структура од разни катови на таа структура: гласови, афиксалните и други „службени“ морфеми, лексеми, морфосинтаксички модели итн.

Идентитетот на еден јазик се дефинира преку инвентарот и функционалната оптовареност на формалните средства со коишто тој ја пренесува информацијата. Јасно е дека интензивна интерференција на два јазика создава нови квалитети без да го уништува нивниот идентитет. Позајмувањето на формите отвора широка и фасцинантна проблематика на преземање и евентуална модификација на нивните функции. Процесот на преземање на функциите, меѓу другото и на најапстрактните функции, т.е. на „значењата“, може и мора да се согледа и на друг начин.

Типолошката анализа на јазиците на светот покажува дека со граматичките средства се пренесуваат оние содржини кои најмногу придонесуваат кон успехот на чинот на јазичната комуникација. Граматичките содржини имаат регуларни експоненти во одредени класи

лексеми, граматикализирани семантички категории претставуваат таканаречените граматички категории.

Се разбира, таквата идентификација е посебно важна во многукултурната и многујазична средина каде што соговорниците често не го владеат добро јазикот на оној друг. Оттука во балканскиот јазичен свет тенденцијата кон таканареченото аналитизам, т.е. тенденција граматичките показатели да бидат што потранспарентни и поупадливи, т.е. конкретно да земаат облик на одделни „службени“ зборчиња, како предлози или честици, а не морфолошки (вградени во структурата на зборо формата) афикси. Токму тоа е правецот на еволуција на граматичката структура на македонскиот јазик, неговата балканизација, односно деславизација.

Во пообјективни и поадекватни термини, се работи за „прилагодување кон ареалот“, т.е. кон културната и јазичната средина. Типолошката анализа на јазиците на светот во нејзината дијахрона димензија сугерира дека граматичкиот развиток се врши по спирала: од аналитички кон синтетички, и кога синтезата станува неразбирлива, повторно кон аналитички показатели. Темпото и карактерот на тој развиток се прагматички мотивирани, зависат од многу надворешни и внатрешни фактори, но нема сомнение дека во многујазичната средина развитокот од синтетизмот кон аналитизмот се забрзува.

Лингвистичката славистика која, впрочем, е релативно млада наука, долго време своите заклучоци во врска со генетските и типолошките врски меѓу словенските јазици ги градела главно врз истражување на фонолошките и морфолошките појави.

Дури во последните децении, делумно поради појавувањето на големите наднационални атласи, делумно поради растечкиот интерес за јазикот како извор на информации за културната историја на неговите носители, проследуваме бројни студии посветени на ареалната лексикологија.

Посебен важен сегмент во тие истражувања претставува пак анализата на меѓусебните влијанија на одделни јазични кодови, механизми на позајмување и „калкирање“. Тој тип на интерес кај истражувачите ја илустрира „Балканската слика на светот“.

Историската лингвистика се зародува во романтизмот, но својата доминација ја остварува во позитивизмот. Таа го наоѓа својот интерес во романтичарскиот пристап кон културната традиција на народите, но во позитивизмот наоѓа плодна почва за продлабочување на сопствените проучувања, при што се здобива со изразита егзактност и со сопствена беспрекорна фактографија, каква што нема ниедна друга наука. Имено, во

времето на историската лингвистика, особено во позитивизмот претставен преку младограматичарското учење, филолозите и лингвистите собрале и провериле огромен јазичен материјал и од стари текстови (историскојазичен материјал) и од самиот терен (дијалектолошки и етнографски материјал). Всушност, на префинетата поврзаност на романтичарскиот и на позитивистичкиот пристап кон јазикот се искристализирала темата за историчноста на националните јазици.

Според историската лингвистика, па и според позитивизмот и позитивистички ориентираните науки, научно е само она што е историско (што може историски да се проучува), национален е само оној јазик што е историчен, државотворна е само онаа нација што е историска. Етнографскојазичните материјали собрани во 19 век претставуваат непресушен и неодминлив извор за проучување на врската меѓу јазикот и културата и претставуваат драгоцен прилог во историската поддршка на современите литературни (стандардни) јазици, на современите нации, на современите држави.

Секоја од овие фази во развојот на науката имала сопствен поглед на врската меѓу јазикот и културата и дала определен придонес во осветлувањето на оваа тема. Впрочем, во овие периоди не може да се зборува за наука која се интересира за човековиот јазик и културата, туку за науки кои од различни аспекти, покрај другите прашања што се предмет на нивни интерес, им посветуваат определено внимание на појавите на јазикот и на културата (Пандев 2007).

Во овој дел би ги навеле и теориите за јазикот во античкиот период, период во кој постоеле два вида теории за јазикот: 1) теории поврзани со именувањето. т.е. со самото настанување и природата на јазикот (т.е. со неговата онтологија), и 2) теории поврзани со граматичките вештини, односно со вештините на самото пишување. Првите се базирале врз фактот дека зборот претставува еден тип на средство од посебен вид, а вторите се поврзани со граматичките вештини се разликувале меѓу себе во зависност од средината во која се развивале. Овие теории се базирале на изнаоѓање начини за правилно пишување, и оттаму потекнуваат термините: граматичка вештина и вештина на пишаниот збор. Во оние средини, како кинеската, каде пгго се пишува со хиероглифи (знакот означува морфема, збор) пишувањето и толкувањето на знаците е семантичко; во средините каде што се пишувало со фонетско писмо (Стара Грција) толкувањето на буквите е фонетско, а смислата се добивала со фонетска интерпретација на повеќе букви дадени во низа. Во некои антички средини настанале и речници (најпрво тематски и енциклопедиски, а потоа и лингвистички), а правилата со кои се

утврдувало како да се пишува имале значење на препорака, а не на литературнојазична норма.

Поимот среден век ја означува појавата, развојот и распадот на феудалноо општество. Тој период во Европа трае од 4 век па сè до појавата на ренесансата (14–16 век). Основната карактеристика на овој период, за разлика од античкиот, е во тоа што се јавуваат и се шират трите светски религии: *христијанството, исламот* и *будизмот.* Заедно со ширењето на овие три религии се развиваат и идеологии кои се базираат на нив, па така сите теории за општеството, државата, етиката, филозофијата и сл. биле во согласност со соодветното религиско учење на дадена територија. Во поглед на истражувањата на јазикот, настанале специфични поимања за јазиците: тие почнале да се делат на „правилни“ (оние на коишто се напишани религиозните текстови) и „неправилни“ (сите други јазици). Канонските текстови напишани на грчки, латински, арапски и сл. се сметале за единствено правилни и тие биле предмет на изучување низ вековите.

Во средниот век арапските лингвисти започнале со опис на арапскиот јазик (на којшто е напишан Коранот), а овој опис бил главно под влијание на старогрчките граматички традиции. Но, со оглед на фактот дека арапскиот јазик спаѓа во групата на семитски јазици, арапските граматичари морале да бараат поинакви решенија од оние на сгарите Грци. Така настанала нова арапска граматичка традиција која започнала да се пренесува и на други не толку сродни јазици, како што се турскиот и персискиот јазик. Оваа нова арапска граматичка традиција се одликува и со нова терминологија, а и со посебен систем на опис. Затоа арапската граматичка традиција се смета за оригинална (Лаброска 2013).

Од современ аспект, пак, лингвокултурологијата особено се интересира и за зацврстените примери на одделни форми како што се анаграмското изразување, анегдотата, коментарот, расправата, етимологијата, фолклорот, а од предвидувачки аспект и за нивна примена, пред сè, во маркетиншки цели во различни области на човекото културно дејствување во дадена општествена средина (економијата, политиката) и пошироко (разузнавањето). Лингвокултурологијата, иста така, дава значаен придонес во методиката на наставата по јазик и литература и слично.

Историската поддршка на лингвокултурологијата особено е полезна во препознавањето на вечните теми и примери на науката и во правилниот однос на проучувачите спрема историскојазичниот материјал и, особено, спрема зацврстените форми во јазикот, со други зборови, во поставување на една лингвокултурна вертикала на човековите

цивилизациски достигнувања. На овие теми и материјали, лингвокултурологијата им пристапува од позициите на традиционалната општа лингвистика, како и на современите лингвистички проучувања (Пандев 2007).

Задачата на современата лингвистика, според Н. Чомски, како и според Де Сосир, е да се објасни она што е апстрактно: јазичната компетенција, односно јазикот „да се концентрира на давање експлицитно објаснување на тоа што родените говорители го знаат, што им овозможува да реализираат (исполнуваат, перформираат) на начинот на којшто тоа го прават“ (Horrocks 1987:3). Во однос на прашањето на кои факти од перформансата теоријата на компетенција треба да даде одговор, а кои факти треба да се изостават при истражувањето, според Џ. Хорокс, Н. Чомски е недвосмислен: „Централно нешто што лингвистичката теорија мора да го објасни се интроспективните интуиции и проценки на родените говорители на прашањата: граматичка структура, правилност (граматичка), односи на парафраза, двосмисленост итн.“(Horrocks 1987:3).

Како што веќе беше речено, двајцата можеби најпознати современи лингвисти, лингвисти чија дејност на некој начин го одреди развојот на Џ. Хорокс, кој упатува на школите на граматиката на генерализирана фразна структура и лексичко-функционалната граматика. Современата лингвистика најде многу следбеници, едниот во Европа – Де Сосир, а другиот во Америка – Н. Чомски. Како предмет на современата лингвистика го определија јазикот (Де Сосир), односно компетенцијата (Н. Чомски). Де Сосир разликувањето јазик/говор го определува како методолошки потребно, а Н. Чомски граматиката ја разгледува како модел на внатрешната (интернализирана) граматика на родениот говорител. „Граматиката на еден јазик ни се укажува како опис на суштествената способност на идеалниот говорител-слушател. Ако таа граматика уште е и совршено експлицитна, со други зборови, ако таа не се потпира на интелигенцијата на еден внимателен читател, туку дава експлицитна анализа на неговиот придонес – можеме (донекаде редундантно) да ја наречеме генеративна граматика“ (Chomsky 1972:63).

Токму на овој план, некои лингвисти (Џ. Хорокс ги споменува застапниците на граматиката на генерализирана фразна структура) прават суптилни забелешки. „За нив, лингвистичките граматики немаат реална интерпретација и треба да се проценуваат со такви критериуми како формална прецизност, воопштеност и елеганција во формулациите и обемот во кој тие ги унапредуваат кооперативните истражувачки активности со блиските дисциплини“ (Horrocks 1987:3). Значи, изборот на компетенцијата (јазикот, инваријантното, општото) како методолошки

пристап во лингвистиката е прифатлив, но претпоставката за реалистична интерпретација на конструираните граматики, претпоставката дека теориските конструкти се вистинит одговор на прашањето за јазикот и јазичната практика на човекот е невозможна за прифаќање. „Ако за момент, одлуката на Н. Чомски да се концентрира на компетенцијата ја интерпретираме просто како одлука да се концентрира врз граматиката, оправданоста е јасна. На областа на граматиката може да ѝ се даде разумно јасна прелиминарна дефиниција што на лингвистот му дава еден ограничен и кохерентен предмет на истражување. Поточно, факторите што влијаат на актуелната перформанса во целост се толку различни, и нивната природа и начините на интеракција се толку нејасни, што обичната креативна употреба на јазикот од страна на родените говорители неизбежно ќе им избегне на расветлувачките истражувања, ако ѝ се пристапи на монолитен начин. Има добра методолошка смисла да се усвои еден модуларен пристап во науката за јазикот и да се работи првин со оние аспекти што изгледа дека се подложни на систематска обработка. Оваа позиција станува контроверзна само во контекст на реализмот на Н. Чомски. Значи, клучна точка во теоријата на Н. Чомски е поимот „интерпретација на граматиката“. Во преводот на Р. Бугарскии и Б. Тодоровиќ (Chomsky 1972), за competence среќаваме „способност“.

Прашањето за интерпретација на граматиката (заедно со другите три претходноспоменати клучни прашања), Џ. Хорокс го обработува во составот на поширока тематска целина, насловена како: цели и претпоставки. Насловот на оваа тематска целина најмногу како да одговара токму на содржината на ова прашање. Прашањето за интерпретација на граматиките, Џ. Хорокс започнува да го обработува земајќи го како почетно тврдењето на Н. Чомски дека „граматиките што ги одобрува неговата теорија се модели на компетенцијата на родениот говорител“ (Horrocks1987:5; Chomsky 1972:61–68).

Понатаму, изложени се и основните теориски претпоставки и методолошки принципи на генеративната граматика (во начиниот на излагање се користат многу споредби со начинот на кој се поставува истражувачката работа во емпириските дисциплини, преку примери од физиката). Генеративната граматика поаѓа од претпоставки, хипотези, од чиишто (теориски) конструкти се изведуваат заклучоци (се изведуваат „предвидувања“) за однесувањето на групата феномени, објекти што се истражуваат.

Хипотезите се сметаат за исправни доколку предвидувањата за однесувањето на групата изучувани феномени се совпаѓа со однесувањето што се набљудува во практиката. Притоа, ефикасни се оние објаснувања

кои не само што исправно го предвидуваат однесувањето на феномените што се истражуваат туку оние кои тоа го остваруваат со примена на принципи што се во доволна мера воопштени, формално едноставни и компатибилни со други теории во сродните области. Значи, шпекулирањето се поставува како неопходен услов за прогрес во науката.

Од сето наведено погоре можеме да го искажеме ставот дека лингвистиката и лингвистичките проучувања во минатото биле сеопфатни и опсежни од страна на многубројни научници на распространети географски лингвистички ареали, но сепак и денес проследуваме бројни собири, монографии и реферати преку коишто со сигурност можеме да заклучиме дела лингвистиката има светла но и плодна научна и јазично-книжна иднина.

ЛИТЕРАТУРА

Лаброска,В., (2013), Скрипта по општа лингвистика, Тетово.
Пандев, Д., (2007), Пристап во македонската лингвокултурологија, Скопје.
Horrocks, G.,(1987), Generative grammar, Longman, London and New York.
Chomsky, N., (1972), Studies on Semantics in Generative Grammar, Mouton, The Hague.

811.163.3'373.7 : 811.161.1'373.7
811.161.1'373.7 : 811.163.3'373.7

Биљана МИРЧЕВСКА-БОШЕВА

БИБЛИСКОТО НАСЛЕДСТВО ВО ФРАЗЕОЛОГИЈАТА

Апстракт: Културната традиција на Словените е нераскиниво поврзана со текстот на Светото Писмо. Библијата низ вековите имала и сѐ уште има неспорен општествен авторитет и влијание во формирањето на културните традиции и моралните ориентири на различни народи. Во овој труд ќе стане збор за еден фрагмент од фразеолошкиот фонд на рускиот и на македонскиот јазик кој е директно или индиректно поврзан со библискиот текст.

Клучни зборови: библеизми, фразеологија, македонски јазик, руски јазик.

Проучувањето на фраземите со библиско потекло во последниов период доживува вистинска ренесанса. Имено, во научноистражувачкиот проект „Библијата и христијанството во фразеологијата“ започнат во 2010 година под раководство на Дана Балакова од Католичкиот универзитет во Ружомберк (Словачка) своја „лепта“ внесуваат повеќе од 80 лингвисти. Како резултат на нивниот ангажман во проектот испечатени се повеќе монографии, зборници речници на фразеолошки библеизми, одржани се бројни конференции и семинари. На почетокот фокусот бил ставен на рускиот, словачкиот и германскиот јазик[1], за во наредното издание[2] веќе да бидат додадени и англискиот, белорускиот и украинскиот јазик. Работата продолжува во истата насока и се изготвува ново издание во кое се обработуваат фразеолошки библеизми во 15 јазици.

Ова истражување, се разбира, не е единствено и се надоврзува на богатата традиција од претходно. Имено, правени се бројни истражувања во насока на прецизно дефинирање на самиот термин библеизам (Верещагин 1993, Оноприенко 1997, Бетехтина 1999), обработувани се

[1] Балакова Д., Вальтер Х., Мокиенко В. М. Лепта библейской мудрости. Краткий русско-словацко-немецкий словарь крылатых слов. Ружомберок–Грайфсвальд–Санкт-Петербург, 2012.

[2] Балакова Д., Вальтер Х., Мокиенко В. и др Лепта библейской мудрости: библейские крылатые выражения и афоризмы на русском, английском, белорусском, немецком, словацком и украинском языках. Могилев: МГУ имени А. А. Кулешова, 2014.

различни групи на библеизми и вршени се контрастивни анализи (Гак 1997, Назарова 2001, Яцкевич 2003) и др.

Резултатите од сите наведени истражувања укажуваат на тоа дека познавањето на Библијата кај помладите генерации има тенденција на опаѓање, дека испитаниците често дифузно или неправилно го интерпретираат значењето на фразеолошките библеизми или имаат сосема површно познавање за нивното потекло или поврзаност со текстот на Светото Писмо. Но истражувањата истовремено ја потврдиле и хипотезата дека, и покрај тоа што фраземите со библиско потекло имаат општ интернационален извор и се разгледуваат во сродни јазици кои се под влијание на иста религија, сепак, секој од јазиците има свој сопствен инвентар на библеизми со свои карактеристики. (Балакова, Ковачова, Мокиенко 2013: 9–10).

Сево ова беше доволен повод за анализа на сегментот од јазикот кој не се потчинил на силата на времето и пронашол начин како активно да се употребува и актуелизира вечната мудрост и искуството на предците низ вековите без оглед на различните околности.

Пред да преминеме на конкретната анализа на рускиот и на македонскиот материјал, ќе се задржиме на дефинирањето на терминот библеизам.

Анализата на научните трудови од оваа област покажува дека терминот фразема со библиско потекло во лингвистиката не е прецизно дефинирана, а се користат и повеќе различни називи. Така, се среќаваат поимите „библеизам“ (Верещагин 1993, Бирих, Матешич 1994); „библиски изрази“ (Бабкин 1970); „фразеолошки единици со библиско потекло“ (Солодухо 1977); „фразеолошки единици кои произлегуваат од религиозни дискурси“ (Телия 1996) и др.

Пред да се дефинира терминот фразема со библиско потекло прво, треба да се дефинира што е библеизам.

Во лингвистиката постои широк и тесен пристап во дефинирањет на библеизмите. (Оноприенко 1997). Според првиот пристап, библеизмите се јазични единици со предикативен или непредикативен карактер чија употреба е поврзана со метафоричко преосмислување на имињата, ликовите, сижеата од Библијата (Гончарова, Плешков, Тумка 1991). Според ова толкување, не треба да се сметаат за библеизми оние фраземи кои се „позајмени“ од Библијата, но се користат во своето основно, директно значење (пр. љуби го ближниот свој). Според вториот пристап, библеизми се зборови, фрази, афоризми кои во својата основа ја имаат Библијата или библиските сижеа (Мокиенко 1989). Некои лингвисти уште повеќе ја прошируваат оваа дефиниција и сметаат дека библеизми се зборовите во современиот јазик кои се земени од Библијата или кои биле

подложени на семантичко влијание од страна на библиските текстови. (Верещагин 1993)

Во дисертацијата „Библеизмы в русской фразеологии“ (Харазиньска 1987) се истакнува дека под поимот библеизам може да се обединат единици од различни јазични нивоа, а основа за таквото обединување е библискиот извор. Така, се издвојуваат три групи на библеизми:

- лексички (пр. фарисеј);
- фразеолошки (пр. на седмо небо е) и
- паремиолошки (пр. кој не работи–тој не јаде).

На овој начин терминот библеизам се јавува како општ поим кој во себе вклучува единици од различни јазични рамништа кои се поврзани со Библијата, додека терминот фраземи со библиско потекло се однесуваат само на единиците од фразеолошкото ниво.

Овде треба да се напомне и дека терминот библиски фраземи не е соодветен бидејќи тој означува фраземи присутни во самиот текст на Светото Писмо, а не и фразеолошка единица на современиот јазик, генетски поврзана со Библијата. Во тој контекст, најдобро е да се користи фразеолошки библеизам или фразема со библиско потекло.

Доста длабоко во фразеолошките библеизми навлегол Гак (1997) кој предлага и поделба на овие едиици во неколку групи:

1. Контекстуални и ситуативни, каде контекстуалните се всушност дел од текстот, а единиците кои отсуствуваат во Библијата но, претставуваат определена ситуација опишана во неа ги нарекува ситуативни.
2. Фраземи присутни само во еден јазик и фраземи кои имаат свои аналогни изрази во различни јазици. Библиските ситуации можат да имаат свој израз само во еден јазик, а може да се среќаваат и во повеќе јазици но, притоа да се разликуваат по семантика, компоненти, граматичка структура, внатрешна форма, емоционално-експресивна обоеност.
3. Првични библиски фраземи кои директно опишуваат библиски текст или ситуација и вторични кои развиваат идеи кои функционираат во некој јазик, но не се зафиксирани во Библијата.
4. Непосредни кои произлегуваат од Библијата и посредни кои потекнуваат од друг јазик или од конкретен автор.
5. Директни кои се употребуваат во исто значење како во текстот на Светото Писмо и преносни кои со тек на време го измениле своето значење.

Целта на овој труд е преку анализа на фразеолошките библеизми во рускиот и во македонскиот јазик да се согледаат сличностите и

разликите во значењето и употребата на овие јазични единици во двата јазика.

Анализата е направена врз основа на 80 руски фраземи и 55 македонски фраземи. Руските фраземи кои се разгледуваат се истите оние кои во рамките на проектот „Библијата и христијанството во фразеологијата“ се издвоени како единици кои го прават јадрото на библиската фразеологија. Македонскиот материјал е ексцерпиран при обидот да се најдат аналогните единици за руските фраземи. За таа цел користени се: „Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник’ на Снежана Велковска (2008), „Фразеолошкиот речник на македонскиот јазик“ на Т. Димитровски и Т. Ширилов (2003-2008), како и „Толковниот речник на македонскиот јазик“ под ред. на К.Конески (2003–2014) и „Толковниот речник на современиот македонски јазик“ на Зозе Мургоски (2011).

Од материјалот со кој располагавме забележавме повеќе разлики кои се однесуваат на несовпаѓање во значењето на единиците, на разлики во лексичкиот состав или синтаксичката структура, на непостоење на одредени единици во македонскиот јазик, или на нивна неопфатеност во фразеолошките и толковните речници на македонскиот јазик.

Најголемиот дел од анализираните фраземи се среќаваат и во рускиот и во македонскиот јазик. Станува збор за фраземи од типот:

- **Од Адама** (мак.) и **от Адама** (рус.) со значење 1. Од древни времиња, 2. (раскажување) со вклучување на одамнешни факти или настани кои немаат врска со она што го интересира соговорникот.
- **Фрла бисери пред свињите** (мак.) и **метать бисер [перед свиньями]** (рус.) со значење зборува или објаснува нешто некому кој не може да го разбере и да го вреднува тоа, попусто објаснува или докажува нешто.
- **Во век и веков** (мак.) и **во веки веков** (рус.) со значење засекогаш, за навек
- **Деновите му се изброени** (мак.) и **дни его сочтены** (рус.) со значење 1. нема уште долго да живее, блиску е до смртта поради болест или поради старост, 2. нема уште долго да се задржи (на местото, должноста и сл.)
- **На седмо небо** (мак.) **и на седьмом небе *быть, чувствовать себя***; **попасть на седьмое небо** (рус.) со значење чувствува голема радост, среќа.

Разлики во толкувањето на значењето имаме кај следниве изрази:

- **Легче верблюду пройти сквозь игольное ушко, *чем*... (рус.)** се употребува со значење - со најголеми тешкотии, додека фраземата **како камила низ иглени уши (влезе, помине и сл.)** во

македонскиот јазик се користи за означување потполна невозможност нешто да се изврши (ФРМЈ). Во ТРМЈ има израз **протера (помине) некого низ иглешни уши** со значење – направи некој да помине низ големи тешкотии (т. VI, 160). Ваквото толкување се совпаѓа со она во руските речници, но во конкретниот случај имаме несовпаѓање во лексичкиот состав, односно отсуство на зборот *камила* во македонскиот израз.

- **Служить двум господам** во руските лексикографски трудови се дефинира како 1. предавник е, 2. практикува две вери, се придржува на различни убедувања. Второто значење го нема во македонскиот јазик каде единицата **им служи на двајца господари/ служи двајца господари** се дефинира како**:** им се умилкува истовремено на две непријателски страни, партии, лица, дволичен е, неискрен е.
- **Бить (колотить, ударять) себя в грудь** во рускиот јазик се користи со следниве значења: 1. гласно и решително уверува, се колне во вистинитоста на направеното или кажаното, 2. неискрено и намерно пред публика се кае за нешто. **Се бие (тупа, удира) в гради. Се бие во (по) градите. Се тупа во (по) градите. Се удира во (по) градите** во македонскиот јазик е објаснето како**:** 1. жали поради некоја несреќа, 2. се фали со нешто, годелив е, натраплив е, наметливо ги истакнува своите успеси и заслуги, својата љубов, пријателство и сл. Споредбата на дефинициите во двата јазика укажува на разлики во однос на првото наведено значење во рускиот јазик.
- **Бросать /бросить (кидать / кинуть, пускать / пустить) камень (камнем)** ***в кого*** **–** осудува, обвинува некого, малтретира некого, додека во македонскиот јазик **фрли/фрла камен (на некого, по некого или на нешто) –** наполно се откажува од некого или од нешто; не оди, не посетува некого.
- **Открывать / открыть (раскрывать / раскрыть) глаза** ***кому на кого, на что*** во рускиот јазик ги има следниве толкувања: 1. ја покажува вистинската слика за нештата на оној кој лажно си ја претставувал, ја кажува вистината, извлекува некого од заблуда, 2. прави нешто јасно, разбирливо некому. Во македонскиот јазик соодветниот израз **му ги отвора очите, му отвора очи** ги има следниве значења: 1. му помага да согледа некои работи, 2. го прави домаќин. Второво значење отсуствува во рускиот јазик.
- Рускиот израз **скрежетать зубами** има значење: чувствува силна злоба, омраза кон некого, додека македонскиот израз **крца (крцка, скрца, чкрта) со заби** ги има следниве значења: 1. се лути,

изразува бес, се нервира. 2. храбро ги поднесува тешкотиите. Второто толкување не е застапено во рускиот јазик.

За дел од руските фраземи не најдовме соодветни еквиваленти во лексикографските трудови кои ги анализиравме. Притоа овие примери може да ги поделиме на две групи: во првата спаѓаат фраземи кои не се застапени во анализираните речници, но се познати на просечниот македонски говорител, а во втората група спаѓаат фраземи кои не се регистрирани во речниците и исто така, при ова истражување, не беше пронајден доказ за нивна употреба во македонскиот јазик со исклучок на преводите од Библијата.

Во првата група спаѓаат изрази од типот на:

- **Возлюби (люби) ближнего своего [как самого себя]** кој претставува една од основните библиски заповеди и повикува на хуманост, милосрдие и човекољубие. И покрај тоа што овој израз не е евидентиран во изворите кои ги користевме, сепак на носителите на македонскиот јазик еквивалентниот израз - **Љуби го ближниот како самиот себе** им е добро познат.
- **Вера горами движет (двигает); вера и гору с места сдвинет** која се употребува со значење: 1. силното религиозно чувство помага да се направи невозможното, 2. убеденоста во правилноста на некое дело помага да се надминат сите тешкотии поврзани со него е еквивалентна на македонскиот израз **верата планини поместува** кој не е застапен во фразеолошките и толковните речници на македонскиот јазик.
- **Кто не работает, тот [да] не ест** кој има значење - недозволен паразитизам е еквивалент на македонскиот израз **Кој не работи – тој не јаде.**
- **Стирать/ стереть (сметать/ смести) с лица земли кого, что** со значење: 1. жестоко се справи со некого, го погуби, 2. целосно разруши нешто, до темел одговара на македонскиот израз **го избриша од лицето на земјата** кој не е е евидентиран во трудовите од кои вршевме ексцерпција.

Во втората група спаѓаат фраземи од типот на:

- **Служить мамоне** во рускиот јазик има значење: се грижи за богатство, материјални вредности, им се насладува и притоа не се грижи за својата душа. Потеклото на овој израз е од Новиот Завет: "Ниеден слуга не може да им служи на два господара; зашто, или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го љуби; или ќе се приврзе кон едниот, а другиот ќе го презира. Не можете да Му служите на Бога и на мамона!" (Лука 16, 13). Мамон кај древните народи бил бог на

богатството, а во разговорниот стил добива значење и на утроба, стомак.

- **Соль земли** во рускиот јазик се употребува со значење: најактивниот, творечкиот дел на нацијата. Овој израз потекнува од Новиот завет поточно од обраќањето на Исус кон своите ученици „Вие сте во улога на сол на Земјата; ако солта стане блуткава, како ќе и се врати солениот вкус? Таа ќе стане безвредна ќе биде фрлена да ја газат луѓето“. (Матеј 5, 13).
- **Хромать на обе ноги** или буквално куца на двете нозе. Во рускиот јазик за овој израз се дадени следниве објаснувања: 1. има многу недостатоци, 2. се користи за некоја работа која тешко оди, со прекини. Изразот потекнува од **хромать на оба колена** со значење останува на исто место поради нерешителност при изборот на патот: „И подошел Илия ко всему народу и сказал: долго ли вам хромать на оба колена? Если Господь есть Бог, то последуйте Ему; а если Ваал, то ему последуйте“ (3Цар 18, 21). Овој израз се одалечил од библиското значење „да се држи до едната и до другата страна“ и почнал да се применува за други појави и предмети. Во македонскиот јазик овој сегмент е преведен на следниов начин: Илија му пристапи на сиот народ и рече: „До кога ќе кривите на двете страни? Ако е Господ Бог, следете го; ако е Ваал, следете го него.” А народот не му одговори ништо. (1Цареви 18–21).
- **Посылать от Понтия к Пилату** се употребува кога без одговор некого го префрлуваат кај друг. Изразот потекнува од Новиот завет каде се раскажува за настанот кога толпата го однела Исус кај Понтиј Пилат и го обвиниле синот Божји за многу гревови. Не можејќи да најде вина за Христос, Понтиј Пилат го испратил во Ерусалим кај Ирод откаде што и дошол Исус. И тој не видел вина кај Исус и го пратил назад кај Понтиј Пилат. Со текот на времето зборовите Понтиј и Пилат во сознанието на народот почнале да се перципираат како две имиња, а спомнувањето на Царот Ирод пополека исчезнало.
- **Стоять как сольной столп** се употребува за човек кој неподвижно, скаменето стои (од ужас, од неочекуваност). Потеклото на овој израз е од Стариот завет и приказната за Содома и Гомора кои поради гревовите на нивните жители биле уништени со огнен дожд и земјотрес. Се спасил само праведниот Лот и неговото семејство. Ангелот ги советувал да не погледнуваат назад додека го напушатаат местото, но љубопитната жена на Лот не го послушала советот и кога погледнала назад се претворила во столб од сол.

Од оваа кратка анализа на фразеолошкиот материјал со библиско потекло во македонскиот и во рускиот јазик се забележува разлика во толкувањето на фраземите, а исто така се забележуваат и фраземи кои или не се опфатени во речниците или сосема не се употребуваат во македонскиот јазик. Со тоа и овој труд ја докажува хипотезата дека и покрај истиот извор на фраземите, сродноста на јазиците и влијанието на иста религија, сепак секој јазик има свои специфики кои јасно се манифестираат и во овој анализиран сегмент.

ЛИТЕРАТУРА

Бабкин А.М. (1970) Русская фразеология, ее развитие и источники. Ленинград, Знамя.

Балакова Д., Вальтер Х., Мокиенко В. М. (2012) Лепта библейской мудрости. Краткий русско-словацко-немецкий словарь крылатых слов. Ружомберок, Грайфсвальд, Санкт-Петербург.

Балакова Д., Вальтер Х., Мокиенко В. и др. (2014) Лепта библейской мудрости: библейские крылатые выражения и афоризмы на русском, английском, белорусском, немецком, словацком и украинском языках. Могилев, МГУ имени А. А. Кулешова.

Бетехтина Е.Н. (1999) Фразеологизмы с библейскими именами (в русском и английском языках), СПб, Изд-во СПб университета.

Бирих А., Матейшич Й. (1994) *Из истории русских библейских выражений,* Русский язык за рубежом, № 5, 45–49.

Велковска, С. (2008) Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник, Скопје.

Велковска, С. Конески, К. Цветковски, Ж. (2003–2014) Толковен речник на македонскиот јазик, Скопје : Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", Т.1–6

Верещагин Е.М. (1993) *Библейская стихия русского языка*, Русская речь. 1993, № 1, 96–97.

Гак В.Г. (1997) *Особенности библейских фразеологизмов в русском языке (в сопоставлении с французскими библеизмами)*, Вопросы языкознания, № 5, 55–65.

Гончарова Т.В., Плешков В., Тумка Н. (1991) Структурно-семантическая характеристика библеизмов, функционирующих в современной публицистике, Липецк.

Димитровски, Т., Ширилов, Т. (2003–2009) Фразеолошки речник на македонскиот јазик, Скопје , Огледало, Т.1–3.

1. Мокиенко В.М. (1989) Славянская фразеология, Москва, Высшая школа.
2. Мургоски, З. (2011) Толковен речник на современиот македонски јазик., Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“.
3. Назарова И.П. (2001) Функционирование библеизмов в русском и немецком языках и лингвопрагматические особенности вариантов перевода : диссертация ... кандидата филологических наук, Краснодар.
4. Оноприенко С. (1997) Библеизмы современного русского языка: дис. . канд. филол. наук, Воронеж.
5. Солодухо Э.М. (1977) Вопросы сопоставительного изучения заимствованной фразеологии, Казань, Изд-во Казанского университета.
6. Телия В.Н. (1996) Русская фразеология. Семантический, прагматический и лингвокультурный аспекты, Москва, Высшая школа.
7. Харазиньска И. (1987) Библеизмы в русской фразеологии: автореф. дис. канд. филол. наук, Ростов-на-Дону, Изд-во Ростовского университета.
8. Яцкевич К.В. (2003) Библеизмы в чешском литературном языке (на фоне русского и немецкого): автореф. дис. . канд. филол. наук, Санкт-Петерб. гос. ун-т. Спб.
9. Балакова Д., Вальтер Х., Мокиенко В. М. 2013) Die slawische Phraseologie und die Bibel – Славянская фразеология и Библия – Slovanská frazeológia a Biblia, Greifswald: Ernst-Moritz-Arndt-Universität Greifswald.

811.163.3.3'373.7 : 811.161.1'373.7
811.161.1'373.7 : 811.163.3'373.7

Гоце ЦВЕТАНОВСКИ

РУСКИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА НЕКОИ МАКЕДОНСКИ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ

Апстракт: Предмет на интерес во овој реферат е начинот на преведување на дел од руските фразеолошки изрази во македонскиот јазик. Фразеологизмите настануваат како резултат на јазична креација со која на специфичен начин се искажува некое животно искуство, сознание, став или е поврзано со некој настан, личност или слично. Фразеолошките изрази на секој јазик се одликуваат со свои специфичности затоа што се тие израз на духот на еден народ, на неговата култура или историја. Од овие причини, фразеологизмите тешко се преведуваат од еден на друг јазик. Наместо соодветен превод, во најмногу случаи се бара соодветна замена за фразеологизмот кој треба да се преведе. Нашата цел е да дадеме повеќе примери со кои ќе го покажеме лексичкото богатство и разновидноста при предавањето на фразеологизмите од рускиот во македонскиот јазик.

Клучни зборови: македонски јазик, руски јазик, фразеологија, преводни еквиваленти.

Фразеологијата како лингвистичка дисциплина е релативно млада, бидејќи од лексикологијата како посебна наука се изделува во средината на 20 век. Најопштата дефиниција за фразеологизам е дека тоа е утврден израз составен од два или повеќе зборови, чие значење не произлегува од поединечното значење на составните елементи на изразот, туку се добива само кога тие зборови ќе се спојат во една целина.

Позната е изреката на Јохан Гете (германски писател и поет) кој рекол дека најголемо богатство на човекот е ако умее на соодветно место во разговорот да вметне позната максима, анегдота или фраза. Ефектот ќе биде поголем ако се сетите на нив во вистинскиот момент.

Фразеологизмите настануваат како резултат на јазична креација со која на специфичен начин се искажува некое животно искуство, сознание, став или е поврзано со некој настан, личност или слично. Фразеолошките изрази на секој јазик се одликуваат со свои специфичности затоа што се тие израз на духот на еден народ, неговата култура или историја. Од овие причини, фразеологизмите тешко се преведуваат од еден на друг јазик.

Наместо соодветен превод, во најмногу случаи се бара соодветна замена за фразеологизмот кој треба да се преведе.

Фразеологизмите имаат неколку суштествени карактеристики, како на пример, 1) постојаност во образувањето – односно тие се неменливи и постојани, 2) ново, изделно и единствено значење – односно фразеологизмите се изедначени со други готови единици во јазикот, 3) посебна, стилистичка вредност на составот затоа што се работи за метафорички начин на изразување.

Поделбата на фразеологизмите може да се прави на различни начини како на пример според потеклото, значењето, функцијата, степенот на слеаност и слично.

Според Рајна Драгичевиќ „и за лексикологијата и за фразеологијата е важно да се разграничи фразеологизмот од спојот на повеќе лексеми, затоа што границата меѓу повеќечлените лексички единици и слободната комбинација на зборовите вооедно е и надворешна граница на лексиконот.“ (Драгичевиќ 2009). Според неа, постојат неколку критериуми кои се земаат предвид од страна на мнозинството истражувачи од оваа област. Едните од нив се формални, а другите се семантичко-синтаксички критериуми.

Во формалните критериуми за идентификација на фразеологизмите спаѓаат:

1. Фразеологизмот е повеќелексемски спој (Мршевиќ-Радовиќ 1987: 13);

2. Фразеологизмите се значенски јазични единици кои како целина се репродуцираат во говорниот чин (Матешиќ 1982: 6);

3. Тоа е цврста врска на зборови воспоставена со долга употреба. Од наведеново произлегува дека фразеологизмот се одликува со постојаност на составот и редоследот на единиците;

4. Во фразеологизмот не може да се додаваат и други лексеми (Шипка 2006: 134);

5. Некои фразеологизми имаат едночлен синоним (Шипка 2006: 134).

Ова се најважните формални критериуми за идентификација на фразеологизмите, но сепак, има и истражувачи кои не се согласуват со сите наведени критериуми. Така на пример, ставот дека фразеологизмот мора да биде востановена (утврдена) единица којашто ја сочинуваат секогаш исти компоненти, компетентно го оспорува Мокиенко (1989: 9-49), кој нагласува дека фразеологизмите може да имаат варијанти, и тоа, на фонолошки, морфолошки, синтаксички и на семантички план. Наведувајќи различни типови фразеолошки варијанти, тој ја констатира и можноста една компонента да биде заменета со некој друг збор што не мора да биде синоним, туку да припаѓа на истата тематска група. На тој

начин настануваат фразеосемите. Нив ги сочинува поголем број фразеологизми, на кои им се разликува една компонента, а значењето на тие различни компоненти од една фразеосема е исто или слично. Така на пример, во рускиот јазик една фразеосема ја сочинуваат фразеологизмите: *как у бога за пазухой, как у бога за дверями, как у бога за рамкой* итн. Слично може да се тврди и за македонските фразеологизми: *даде глава, изгуби глава, не жали глава* кои сочинуваат една фразеосема.

Во семантичко-синтаксичките критериуми за идентификација на фразеологизмот спаѓаат:

1. Фразеологизмите имаат единствено значење. Тоа, како што се изјаснува Мршевиќ-Радовиќ (1987: 13), во литературата воглавно се означува со терминот „општо“ или „глобално“. Сите истражувачи констатираат дека тоа глобално значење не се остварува кај сите фразеологизми на ист начин;

2. Фразеологизмот е единица која се одликува со експресивност (Мршевиќ-Радовиќ 1987);

3. Фразеологизмот во реченицата се јавува како нејзин прост член. Има иста синтаксичка и ономасиолошка функција како едночлен збор. Матешиќ (1982: 6) ова својство го нарекува „вклопување во контекст“.

Според Драгичевиќ (2009), ако е конструкцијата утврдена, ако може да развие повеќе значења, ако придонесува за експресивноста на исказот во кој е употребена и ако врши функција на еден реченичен конституент, тогаш, секако спаѓа во фразеологизми.

Во фразеологијата се согледува народната мудрост. Кога сакаме да кажеме нешто, а не сакаме да го кажеме тоа директно, употребуваме фразеологизми за да ја искажеме мислата на индиректен начин, па соговорникот треба да се сети што сме сакале да му кажеме. Во тоа е и мудроста, бидејќи преку ваквите изрази многу работи биле кажувани, без да се навреди некој.

Основна карактеристика на говорот или текстот во кој се користат фразеологизми е што се добива чувство за поголема тежина на самиот говор или текст. Преку народната мудрост искажана со фразеологизмите се избегнува ситуација да се добие неутрален текст што може да биде неинтересен за читање и да помине незабележано. Притоа, треба да се внимава на точното значење на употребените изрази.

Зависно од структурата, дел од фразеологизмите може да бидат поговорки или пословици. Често се случува тие изрази да се неразделни едни од други. Самите изрази во одредени општествено-политички ситуации добиваат одредени промени.

Фразеологизмите може да потекнуваат од приказните, од обичаите, од секојдневниот живот, а сигурно е дека сите тие изрази се одраз на животот на луѓето.

Поговорките имаат структура на фразеологизми, но има и поговорки со завршена структура, така што се доближуваат до пословиците, па понекогаш е тешко да се разликуваат од нив. Типичните фразеологизми се чисто јазична појава, додека поговорките и пословиците имаат посложена форма.

На комуникативен план пословиците имаат способност да се појават како средство за аргументација на некоја мисла, што значи да докажат нешто. Во таква ситуација и говорителот и слушателот знаат дека во пословиците е изразена народната мудрост. Пословиците имаат длабока морална идеја, додека поговорката не содржи судови и заклучоци. Поговорката се користи да го украси говорот, а не да ја потврди мислата, што значи служи да внесе живост и игривост во говорниот чин.

Пословиците означуваат типични ситуации и го одредуваат моделот на однесување согласно со вредносниот систем на народот или барем на мнозинството од луѓето. Притоа, секој народ формира сопствен систем на типски ситуации и сопствени пословични значења во рамките на своето историско искуство и животни услови.

Со оглед на обемноста на темава, овде сакаме само да дадеме некои насоки во поглед на соодветната употреба на фразеологизмите при преведувањето врз конкретни примери од руската фразеологија.

Примерите ќе ги поделиме во две групи. Во првата група ќе ги опфатиме фразеологизмите кои имаат соодветни еквиваленти и по форма и по значење, а во втората група ќе наведеме примери кога на руската форма соодветствува друг македонски еквивалент со исто или слично значење.

Примери од првата група:

1. *Болно прашање* (тешко решлива задача) = *больной вопрос*;
2. *Слаба точка / слаба страна* (тоа што најмногу загрижува некого, коешто е причина за страдања, грижи) = *больное место*;
3. *Станал на лева нога* (во раздразнета состојба, лошо расположение е некој) = *вставать с левой ноги*;
4. *Како два и два* (многу јасно, очигледно, неспорно, сигурно) = *как дважды два четыре*;
5. *Бега како ѓавол од темјан/крст* (бега од некого или нешто со сите сили; се мажи да се отргне од некого/нешто) = *как чёрт од ладана*;
6. *Мачка во вреќа* (добие нешто без да го види, без да го знае квалитетот) = *купить кота в мешке*;
7. *Мати вода* (создава нејасна ситуација) = *мутить воду*;
8. *На челото му пишува* (очигледно е каков човек е уште од надворешниот изглед) = *на лбу написано*;

9. *Носи вода во решето* (се занимава со бесполезна работа, вложува напразни усилби за нешто неисполниво) = *носить воду решетом*;
10. *Претура од шупливо во празно* (напразно си го троши времето, се занимава со некорисни работи) = *переливать из пустого в порожнее*;
11. *Плива како секира под вода* (не знае да плива, лошо плива) = *плавать как топор*.

Примери од втората група:

1. *Живее како бубрег во лој* (има сè во изобилство; живее во раскош) = *кататься как сыр в масле*;
2. *Тој е дувни ветре* (на која страна ќе му дувне ветрот брзо менува мислења и одлуки) = *семь пятниц на неделе* (буквално: има седум петоци во неделата);
3. *И ние трева не пасеме* (не сме ниту полоши, ниту поглупави од другите) = *сами с усами* (буквално: и ние сме со мустаќи);
4. *Без око да му трепне* (непоколеблив е, има решителност да направи нешто) = *рука не дрогнет* (буквално: не му трпнува раката);
5. *На кукуво лето* (не е извесно кога, односно не многу скоро, или никогаш) = *после дождичка в четверг*;
6. *Последна дупка на свиралото* (безначаен, неважен, за лице што игра неважна улога во животот, во општеството, или во некаква работа) = *последняя спица в колесниці*;
7. *Не му сече лејката/ирпката* (ограничен, глупав човек) = *пороху не выдумает* (буквално: нема да го измисли барутот);
8. *бунар без дно* (некој е алчен) = *аппетит не по росту буквално: аппетитот не му одговара на растот* (произлегува од старото правило војниците повисоки од 190 сантиметри да добиваат двојна порција, на што другите им завидувале);
9. *Го извади од ракав / од малиот мозок* (тврди, кажува нешто без доволни докази, без да има некакви основани аргументи) = *брать с потолка* (буквално: собира од таван).

Во однос на руската фразеологија, постојат многу повеќе трудови и автори кои се занимаваат со оваа проблематика. Овде ќе наведеме само дел: Виноградов, Ларин, Жуков, Малински, Мокиенко, Добродомов, Молотков, Фјодоров,Телија и редица други.

За жал, во македонската наука за јазикот списокот на истражувачи и особено на составувачи на фразеолошки речници е многу помал. Тука ќе ги истакнеме трудовите на Тодор Димитровски, Борис Марков, Коста Пеев, Оливера Јашар-Настева, Снежана Велковска, Катерина Велјановска, Олгица Додевска-

Михајловска, Радица Никодиновска, Звонко Никодиновски, Јасминка Делова-Силјанова, Билјана Мирчевска-Бошева, Снежана Петрова-Џамбазова и др.

Фразеологијата е сублимирана форма на народната мудрост. Таа е како што забележува Снежана Велковска „душата на јазикот бидејќи најтешко се предава на други јазици, без да загуби барем нешто при преведувањето.“ (Велковска 2008: 8, 9). Фразеологизмите се употребуваат на сите нивоа, во научниот стил и во административниот, како клишираниизрази, меѓутоа најмногу се употребуваат во разговорниот стил, значи во секојдневната комуникација на луѓето, па оттука се пренесени и во уметничката литература што го опфаќа тој сегмент.

Со оваа статија се обидовме барем малку да дадеме придонес во расветлувањето на проблемите околу преводните еквиваленти и преку конкретни примери да го потврдиме и богатиот корпус на македонски фразеологизми.

ЛИТЕРАТУРА

Велјановска 2006: К. Велјановска, Фразеолошките изрази во македонскиот јазик со осврт на соматската фразеологија, Македонска ризница, Скопје.

Велковска 2002: Сн. Велковска, Белешки за македонската фразеологија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Велковска 2008: Сн. Велковска, Македонска Фразеологија со мал фразеолошки речник, Скопје.

Виноградов 1977: В. В. Виноградов, Об основных типах фразеологических единиц в русском языке, Избранные труды. Лексикология и лексикография, Москва.

Гортан-Премк 2004: D. Gortan Premk, Polisemija i organizacija leksičkog sistema, Zavod za udžbenike, Beograd.

Дешиќ 1984: M. Dešić, Kriterijumi za određivanje frazeologizama u rječnicima savremenog srpskohrvatskog jezika, Leksikografija i leksikologija, zbornik radova, Matica srpska, Institut za srpskohrvatski jezik, Novi Sad – Beograd.

Добродомов 2002: И. Г. Добродомов, И. А. Пильщиков, Из заметок о лексике и фразеологии «Евгения Онегина». 3. «Звёзды прелестные» в поэзии Пушкина и его современников, Сибирский лингвистический семинар, Новосибирск.

Драгиќевиќ 2007: R. Dragićević, Leksikologija srpskog jezika, Zavod za udžbenike, Beograd.

Драгиќевиќ 2009: R. Dragićević, O problemima identifikacije frazeologizama, http://www.suedslavistikonline.de/01/dragicevic.pdf.

Жуков 1991: В. П. Жуков. Формоизменение фразелогизмов русского языка, Русистика, Берлин.
Ларин 1977: Б. А. Ларин, Очерки по фразеологии. (О систематизации и методах исследования фразеологических материалов). История русского языка и общее языкознание, Москва.
Малински 1992: Т. Малински, Возникновение новых фразеологических единиц, Русистика, Берлин.
Марков 1981: Б. Марков, Л. Ермакова, Краток фразеолошки руско-македонски речник, Скопје.
Мокиенко 1989: В. М. Мокиенко, Славянская фразеология, Высшая школа, Москва.
Мокиенко 1995: В. М. Мокиенко, Культурологические комметарии в историко-этимологическом словаре фразеологии, Словарь и культура, Москва.
Молотков 1977: Основы фразеологии русского языка, Наука, Ленинград.
Молотков 1986: А.И. Молотков, Фразеологический словарь русского языка Москва.
Мршевиќ-Радовиќ 1987: D. Mršević Radović, Dragana, Glagolsko-imeničke frazeološke sintagme, Filološki fakultet, Beograd.
Фјодоров 1997: А.И. Фёдоров, Фразеологический словарь русского литературного языка, Москва.
Телија 2006: В.Н. Телия (ред.): Большой фразеологический словарь русского языка, Москва.
Шипка 2006: D. Šipka, Osnovi leksikologije i srodnih disciplina, Matica srpska, Novi Sad.

811.163.3'373.7 : 811.162.3'373.7
811.162.3'373.7 : 811.163.3'373.7

Јасминка ДЕЛОВА-СИЉАНОВА

ТЕЛОТО КАКО МЕРКА ВО ФРАЗЕОЛОГИЈАТА
(врз примери од чешкиот и од македонскиот јазик)

Апстракт: Како најчеста и мошне изразена мотивациска област во фразеологијата се јавуваат две тематски целини: називите на деловите на човечкото тело и називите на животните (зооапелативи). Когнитивистичката лингвистика како одлучувачки фактор за концептуализација на нашето искуство во светот го акцентира токму нашето сопствено тело, а доколку сакаме да дознаеме нешто повеќе за јазичната слика на светот, значи и за нас самите, треба да се погледне соматската фразеологија. Предмет на интерес во овој труд се соматските фраземи што означуваат мерка во чешкиот и во македонскиот јазик. Фраземите ги анализираме врз основа на принципот на телесноста, а според концептуалните метафори на Лејкоф и Џонсон.

Клучни зборови: соматска фразеологија, македонска фразеологија, чешка фразеологија, телото како мерка.

Човечкото тело и неговото физичко искуство за нашето размислување и за нашиот јазик претставува значително важен фактор. Нашето преживување е, пред сè, од телесен карактер: на каков начин реагираме на светот околу нас и како таа интеракција ја рефлектираме, внатре и во односот со околината и луѓето околу нас - во голема мера е под влијание на нашиот фенотип. Овие доживувања од телесен карактер произлегуваат од фактот дека имаме специфичен поглед на светот од аспект на нашиот вид што е даден со природноста на нашето тело. Со други зборови, нашата структурација на реалноста во голема мера е дадена со нашето тело како мерка.

На прашањето на каков начин нашето тело може да има влијание врз нашата перцепција, може да се дадат цела низа примери: за перцепција на спектарот на боите човекот има на располагање три фоторецептивни ќелии, за разлика од другите животински видови што можат да употребат само ограничена количина од тие рецептори. Врз таа основа се формира нашиот визуелен поглед на светот.

Основна ролја во когнитивно ориентираната лингвистика игра теоријата на концептуалната метафора. Таа (метафората) се сфаќа како природен дел од човечката перцепција на светот, секојдневното проживување/доживување, мислење, искуствени структури, значи исто така концептуализацијата, поимнотворечките процеси. Токму тие се тесно поврзани со јазикот; она што секојдневно го зборуваме, покажува дека човечкиот поимен систем има метафорски карактер. Метафората е примарно „работа“ на поимите и на создавањето поими, нејзиното изразување во јазикот е секунадарна и во рамките на една поимска метафора реално може да се употребува големо мноштво на јазични реализации (и потенцијално уште повеќе). Суштина на метафората е процес во кој структурата на изворната област се пренесува во целната област. М. Џонсон и Џ. Лејкоф заеднички ги формулирале тезите за концептуалните метафори во својата книга *Метафорите со кои живееме*. Книгата ја започнуваат со тврдењето дека: „метафората е присутна целиот наш секојдневен живот и тоа не само во јазикот, туку и во мислењето и во дејството. Нашиот обичен поимен систем во чии рамки мислиме, како се однесуваме, во суштина има метафоричен карактер“.

Темата за телесноста во современата феноменолошки ориентирана филозофија е силно експонирана, но не и само таму, телото и телесноста во заемност со мислата, субјективноста и интерсубјективноста поинаку се проучува и во природните науки. Да ја споменеме и медицината и пристапите што на човекот гледаат како на психосоматско суштество. Но, когнитивната лингвистика ја интересира, пред сè, тоа дека основно место на телесноста во нашиот когнитивизам и однос кон светот воопшто може да се интерперетира токму од секојдневно употребуваниот јазик. Така, на пример, во рамките на фразеологијата зазема прво место (квантитативно и квалитативно) соматската фразеологија – во фраземите мошне често се јавуваат глава, око и очи, рака, срце, но и влакно или нокт. Називите на деловите на човечкото тело секојдневно (врз основа на метафориско или метонимиско пренесување) се употребуваат за означување на големо мноштво предмети/ нешта, телото служи за броење (прстите) и помагало за определување на квантитет и мерка (мерки за далечина како стапка, потоа палец, лакот, чекор, грст, голтка, залак).

Во нашето истражување ќе се задржиме на соматските фраземи каде токму нашето тело се јавува како средство за броење и за одредување на некоја мерка. Можеме да мериме со прстите, лактите и педите. Секако, можеме да мериме и со коските. Тие се наоѓаат најдлабоко во телото, па доколку до нив стигне студот, тогаш се работи за вистинско чувство на ладно.

Телото како средство за броење и мерка може да изброи и конкретни нешта како висина или должина, но и апстрактни нешта како степен или успех. Од тоа може да се види дека и апстрактните значења имаме потреба да ги пренесуваме во конкретна област, а тоа е нашето човечко тело.

Ќе разгледаме извесен број на делови од телото во чешкиот и во македонскиот јазик кои што врзани во фразеолошки спој означуваат средство за броење или за одредување на некоја мерка.

Чешката фразема *Porazit na hlavu* има значење ’сосема, целосно да се порази непријателот’ но, во македонскиот јазик нема ваква фразема со соматската компонента ГЛАВА и најчесто одговара да се преведе ‘сосема, целосно’ или зависи од контекстот и до последниот војник или сл. Главата ни служи и како мерка во чешката фразема *být o hlavu větší / menší,* а во македонскиот има целосен еквивалент во фраземата *за ѓлава е ѝоѓолем/ѝомал.*

Како определување на мерка ни помага и свеста дека некои органи во телото се во пар. Сите знаеме дека имаме две УШИ, па оттаму спиењето или слушањето само на едно уво покажува за одредено невнимание. Тоа можеме да го заклучиме од фраземите: чеш. *poslouchá jen na půl ucha / jen jedním uchem* и мак. *слуша со едно уво*.

Со ушите можеме да ја измериме и радоста или среќата за што ни укажува насмевката од уво до уво, како во фраземите: чеш. *mít pusu / úsměv od ucha k uchu / smát se od ucha k uchu* и мак. с*е смее од уво до уво*.

Ушите се наоѓаат на главата, близу некаде на највисоката точка на нашата појава/силуета/тело, па тоа е доволно да се определи како количина/мерка на заљубеност: чеш. *být zamilovaný až po uši // zamilovat se až po uši*, мак. *вљубен (заљубен) до уши.* Овие фраземи во двата јазика имаат исто значење ’да се биде многу, во голема мера, дури и некритично – вљубен).

Кога некој ќе се засрами многу, во голема мерка – велиме дека поцрвенел дури до ушите: чеш. *začervenat se/zčervenat až po uši*, мак. *се вирви до уши.*

ВРАТОТ исто така се наоѓа високо кај главата, па кога нешто до вратот ќе стигне покажува крајна граница, во најголема мера: чеш. *být v něčem (namočený) / být zadlužený // vězet v něčem/v dluzích // spadnout do něčeho až po krk*, мак. д*о ѓуша заборчен/ заѓазен*.

Кога на македонски некому нешто преку нос му е или до гуша му е дојдено, на чешки до врат му е дојдено: сл. *má toho (až) po krk* чеш. *leze mu to krkem/z krku // má něčeho/toho/všeho (až) po krk*, мак. *до ѓуша му е дојдено.*

Кога викаме од полно ГРЛО значи дека викаме мошне силно, гласно (голема мера): мак. *од полно (сето, целото) грло*. Во чешкиот јазик фраземата *z plná hrdla* ретко се употребува. Во ова значење повеќе ќе се употреби синонимот *z plných plic*.

Исто така и ЗАБИТЕ ги употребуваме за да изразиме дека нешто е многу и нив ги концептуализираме како сад.

Во чешкиот јазик има фразема *má něčeho/někoho plné zuby,* каде во македонскиот нема соодветна фразема со компонентата заби, но на ова значење одговара фраземата *доста му е <веќе> сè:* не може веќе да поднесува

Кога некој е до заби вооружен значи е подготвен до крајна мера, до крај, сосема: чеш. *po zuby ozbrojený* и мак. *вооружен до заби*.

Со сите сили се бориме за некоја работа и си помагаме со заби и со нокти, но може и со раце и нозе: чеш. *zuby nehty se bránit,* мак. *и со заби и со нокти.*

Кога сме кај главата, и ЈАЗИКОТ може да ни изрази мерка, јазикот испружен до брадата ни укажува на краен напор, умор: чеш. *s vyplazeným jazykem někam doběhnout*, мак. *јазикот испружен до брадата.*

Основата за броење до пет се ПРСТИТЕ на една рака: чеш. *mohl by to/něco spočítat na prstech jedné ruky*, мак. *се бројат на прстите на едната рака.*

Во чешкиот јазик има израз *sám jako prst* за некој што е осамен, сам и покрај тоа што прстот заедно со останатите четири не е сосема сам.

Оттука може да произлезе двојното сфаќање на прстите, како единки во рамките на поголема целина, значи прстот како дел од раката, а од друга страна прстот го гледаме самостојно, еден прст. Во македонскиот јазик немаме соодветен еквивалент со истата соматска компонента: чеш. *být / zůstat sám jako prst,* мак. *сам како ушка.*

Следна бројка е десетката, кога можеме да кажеме дека некој има голем избор колку прстите на двете раце: чеш. *na každém prstě deset jich тост mít*, мак. *има на секој прст по еден (една).*

Од прстите преминуваме кон НОКТИТЕ, па можеме да изразиме мала мерка, малку колку ноктето: чеш. *co by se za nehet vešlo*, мак. *за мало нокте.*

Можеме да мериме и со КОСКИТЕ. Тие се наоѓаат најдлабоко во телото, па доколку до нив стигне студот, тогаш се работи за вистинско ладно. Тоа значење честопати го употребуваме и преку фраземите: чеш. *(být) promrzlý/zmrzlý (až) na kost // do morku kostí*, мак.. *до коска.* Кога нешто чувствуваме во голема мера, значи дека чувствуваме дури до *сржта на коските* или на чешки: *(až) do morku kostí něco cítit.*

КОСАТА, влакната на главата, исто така, ни служи за да изразиме мала мерка: чеш. *(jen) o vlásek chybit/ minout/ uniknout*, мак. *за влакно.*

ВЛАКНОТО ни служи и за да упатиме на некаква блиска опасност или одредена несигурна положба: чеш. *něco/ život visí na vlásku*, мак. *виси (се држи) на (конец) влакно.*

Кога сакаме да кажеме дека некаде има само малку луѓе или помалку од очекуваното, ќе кажеме дека има само ГРСТ луѓе: чеш. *hrstka lidí*, мак. *ѓрсѿ луѓе.*

Кога нешто правиме со душата и ТЕЛОТО, тоа го правиме целосно, сосема посветено на она што сакаме да го постигнеме: чеш. *dělat něco tělem a duší,* мак. *со ѿелоѿо и со душаѿа.*

За крај, она што можевме да го извлечеме како заклучок е дека и во двата јазика, македонскиот и чешкиот, односот на присуство на фраземи (во овој случај што припаѓаат на шемата за телото како мерка) е многу близок, што нѐ наведува да заклучиме дека и во чешкиот и во македонскиот јазик концептот на образување на фраземите и нивната сликовитост е прилично блиска што секако се должи на блискоста на двата јазика како според потеклото, така и припадноста кон европската култура и сличните географски услови. Сето тоа придонесува деловите на телото на човекот да се поимаат на сличен начин и образувањето и употребата на фраземите со соматска клучна компонента и во трите јазика да имаат за основа еднаква јазична слика.

ЛИТЕРАТУРА

Делова-Силјанова, Јасминка (2012) *Соматскиѿе фраземи во ѿреводиѿе од чешки на македонски јазик и обраѿно*. докторска дисертација (необјавена). Филолошки факултет „Блаже Конески“: Скопје.

Čermák, František (2007) *Frazeologie a idiomatika česká a obecná. Czech and General Phraseology*. Nakladatelství Karolinum: Praha.

Lakoff, George – Johnson, Mark (2002) *Metafory, kterými žijeme*. 1.vyd. Host: Brno.

Mrhačová, Eva (2000) *Názvy částí lidského těla v české frazeologii a idiomatice:Tematický frazeologický slovník II.* Ostravská univerzita Ostrava – Filozofická fakulta: Ostrava.

Vaňková, Irena (2007) *Nádoba plná řeči: (Člověk, řeč a přirozený svět)*. Nakladatelství Karolinum: Praha.

Vaňková, Irena (2003) *O těle, smyslech, citech a prožitcích*. roč. 11, č.1/2, s. 7-9. *Čeština doma a ve světě*: Praha.

Веселинка ЛАБРОСКА

СПЕЦИФИКИ ВО ИЗРАЗУВАЊЕТО НА НЕГАЦИЈАТА ВО КИЧЕВСКИОТ ГОВОР СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ ЗАПАДНОМАКЕДОНСКИ ГОВОРИ

Апстракт: во овој реферат се дава краток осврт на начините на изразување на негацијата како доминантен реченичен предикат во еден од централните македонски говори, а тоа е кичевскиот говор. Во кичевскиот говор како архаизам е зачувана линеаризација на партикулата *не* од словенски тип според која таа не се одвојува од глаголот (*сме-не-зн'аеле, сме н'е-чуле*), за разлика од балканската линеаризација која ја отвора низата од проклитики. Регистрирани се и примери каде негацијата се лепи за глаголската придавка (*ако-е-К'ржиќ 'уште нез'аминат...*; *...и'итето ненар'ајно*), појава исто така позната во словенскиот јазичен свет. Сепак, влијанието на балканските несловенски јазици, посебно на турскиот јазик, се гледа и во начините на изразување на негацијата, на пр. со турската заемка *ич* која се јавува со две функции, со засилувачка функција и како заменка со значење *ништо*. Карактеристика за овој говор како и за поголемиот дел од македонските дијалекти е и словенската двојна негација (со исклучок на некои дијалекти во Егејска Македонија кои под засилено грчко влијание употребуваат приглаголско *не* и неопределена заменка од типот *нешто*).

Клучни зборови: дијалектологија, синтакса, негација, линеаризација, кичевски говор, западно македонско наречје.

Во оваа прилика сакам да го истакнам своето задоволство што сум дел од дваесеттиот јубилеен Научен собир *Денови на Благоја Корубин.* Ги следев сите претходни научни собири, било како слушател, било како учесник и навистина сум горда што колешките од организацискиот одбор имаа сила, упорност и енергија сето ова да го организираат и да воспостават традиција која е за секоја почит и гордост за нас вработените во Институтот. Кога ја бирав темата за која сега ќе зборувам, пресуден беше мојот посебен интерес за синтаксата, едно од полињата на кои и самиот Благоја Корубин посветил голем дел од својот лингвистички ангажман, вклучувајќи го тука и Интенцијално-синтаксичкиот речник којшто Корубин го започна, а д-р Велковска и нејзиниот тим, всушност, дел од

организаторите на овој собир, го завршија, со целиот ентузијазам со кој ги реализираат научните активности сè до денес.

Изразувањето на негацијата е едно од јазичните универзалии. Потрагата по вистините за човековиот јазик, била истовремено потрага по тоа што ги разликува едни од други, но и по тоа што е заедничко за сите нив. Никола Бозе во својата Граммаире ге́не́рале од 1767 година истакнува: Општата граматика е системска наука за непроменливите и општи принципи на Јазикот, макар во кој и да е поединечен јазик, тој (општ јазик) зборуван и пишуван... Одделната граматика е вештина на применување на непроменливите и општи принципи на говорниот или пишаниот Јазик на произволни и вообичаени поставки на одделните јазици.и (според Бугарски 2003: 86). Јас во овој прилог, поаѓајќи од нешто што е универзално за сите јазици, а тоа е негацијата, ќе се обидам да ги истакнам малите, но значајни формални разлики кои ги одликуваат нашите западномакедонски дијалекти, на планот на негацијата, а со тоа го обезбедуваат посебното место на овие дијалекти во македонскиот дијасистем, а тој пак го добива своето посебно единствено место во семејството на словенските јазици.

Македонскиот јазик, развивајќи се низ вековите во балканска средина, се здобил со јазични карактеристики кои произлегуваат од влијанието на соседните балкански несловенски јазици како што се грчкиот, албанскиот, ароманскиот, а во текот на пет векови и на турскиот јазик. Притоа, со преминот од синтетички во аналитички, македонскиот јазик развивал низа нови морфосинтаксички особености од кои голем дел ја засегаат линеаризацијата на членовите на основната реченична конструкција, која во повеќе случаи денес се разликува од појдовната линеаризација типична за словенските јазици. Во овој реферат ќе се осврнеме накратко на начините на изразување на негацијата како доминатен реченичен предикат во еден од централните македонски говори, а тоа е кичевскиот говор. За централните говори главно карактеристично е тоа дека не се разликуваат многу од стандардниот македонски јазик. Притоа, низа јазични црти на овој дел од македонската јазична територија се претставуваат како ´најбалканизирани´, заради гореспоменатото јазично влијание, за разлика од источните македонски говори кои се поархаични и чуваат повеќе типично словенски јазични специфики. Говорот којшто е предмет на анализа во нашиов реферат, иако спаѓа во централните говори, поради изолираниот начин на живот во минатото, чува повеќе архаични црти, меѓу кои спаѓа и линеаризацијата на партикулата *не*.

Главно средство за изразување на негацијата на реченично ниво во кичевскиот говор (како и секаде во словенскиот јазичен свет) е партикулата *не* којашто и претходи на соодветната финитна глаголска форма. Ќе наведеме примери од кичевскиот градски говор (ексцерпирани на терен во 2001 година) со негацијата како доминатен реченичен предикат: *...и-тој п'осле не-'им-фи́лал и-т'ие си-зам'инале.*; *Не-д'авъ у'оште да-с-'отворит с'андакот.*; *Ќе-ти-д'ојт п'ола грат н'а-сл'ава, 'ама не-с'едеа мн'огу л'уѓето.*; *М'ажот-је ст'анал з'аште н'е-бил нав'истина слеп и-глуф...* ; *Тр'еќиот н'е-зна како-се-в'икаше, во-Ит'алија.*; *н'е-одај 'овие д'еној... Н'е-смЧ: да-н'е-ода...* ; *...л'уѓево најшто е см'естен го-к'аръ: т, н'е-пр'ашуј, н'е-прашуј.* (Лаброска 2008: 129). Овде ќе наведеме и примери од каршијачкиот скопски говор обработен од Гоце Цветановски, како дел од западното македонско наречје: *'Ама т'ија н'е-да-го-в'рзат ј'ажето за-да-го-в'аѓаат, н'его го-п'уштиле и 'останал д'оле.*; „*Не-го-т'епај, тој нѐ-ст'аси, 'иначе зм'ијата ќе-н-из'едеше.*" (Цветановски 2004: 152, 187), како и примери од реканскиот дебарски говор обработен од Аритон Поповски: *Видело-не видело, живот мил, писмото му го даде.* (Поповски 1979: 249). Овој последен пример е особено интересен поради конструкцијата со негација која е карактеристична за разговорниот јазик (*Видело-не видело*) и претставува еден вид фразеолошки израз со значење *'нема друго решение'*.

На синтаксичко рамниште, како специфичност што се јавува на сето кичевско-поречко подрачје, е местото на партикулата *не* непосредно пред основниот глагол во сложени глаголски форми. Еве што вели Б. Видоески во неговата монографија за кичевскиот говор од 1957 година: „во овој говор како и во поречкиот, *не* стои непосредно до глаголот: *сме-не-зн'аеле; су не бил таму...* Ваков ред се задржува дури и кога имаме кратка заменска форма било да е употребена како втор објект било да чини составен дел на глаголот (кај рефлексивните глаголи): *Да му се не видит, ни дар ни бериќет.*" (Видоески 1957: 74). Оваа карактеристика се чува и денес на целото кичевско говорно подрачје, а добро се чува и во градскиот кичевски говор и тоа не само во сложените глаголски форми со *сум,* туку и во *да*-конструкции, односно во субјунктивните форми. Примери: *Да-го-н'е-видит, колку-г'о-неќет.; М'ојш д-'издржиш да-се-н'е-топлиш н'оќеска?*; *Како-ќе-ме-не-ст'егала гл'ъ: та ко-ц'ел-ден м'исла н-'ова н-'она!*; *...доси'ето, в'елит да-го-пр'очита ќе-н'е-можа да-го-преж'ивеа то.*; *Ич да-се-не-д'умате за-мене, 'ами да-е-гл'едате раб'отата. За-Ш'абана да-се-не-сек'ирате.* Вакви примери регистриравме и во текстовите од кичевските села, од кои најголем дел се собрани од Божидар Видоески, но и од страна на студенти кои

работеле семинарски работи под менторство на Б. Видоески: *Ако с'акал, би-н'е-видел.* (Мраморец); *Н'емој в'ојник, да-го-н'е-земаш, ш'ој-је прос в'ојник.* (Иванчишта); *...да да и врзуе гуските за нога за да му не бегат и да не можат да летнат* (Црско); *Отидоа гуските и се не видоа...* (Црско); *Ако му земеш паките и стоката, да му не земаш и душата.* (Црско); *Ако ми не дајш изим да ода да ја бара, ја ели ќе с уте̂па, ели ќа скоча во вода да с-удаа.* (Црско); *Поќутеа малу и се пулеа еден на други, ама не и трпеше срце и двајцата да си не прогоорат.* (Црско); *Орелот се изви прво угоре, а после се спушти и грабна со канците ортомата, што беше врзана лесата и се не виде кај фати во облаците.* (Црско). Оваа синтаксичка црта е карактеристична и за помладите генерации кичевчани (помлади од четириесетина години), односно не исчезнала сосем од нивниот говор. Причината можеби е во фактот што оваа карактеристика не е толку впечатлива и не се чувствува како некое драстично отскокнување од стандардната норма. Сепак, треба да се истакне дека ваквиот редослед на негацијата кај помладите не се чува во сите случаи, туку најчесто во усталени изрази од типот: *да-го-н'е-видит; да-го-н'е-чујет; да-му- се-н'е-видит; ж'ив-да се-н'е-вратит; д'амла да-го-н'е-фркнет;* и сл. Се работи за линеаризација од словенски тип според која негацијата не се одвојува од глаголот. За разлика од типичната балканска линеаризација со која негацијата ја отвора низата проклитики што му претходат на глаголот и која во принцип е карактеристична токму за западните македонски дијалекти (в. Тополињска 1995: 266), овде се сретнуваме со еден архаизам којшто се зачувал како резултат на изолираниот начин на живот во поречко-кичевскиот крај во минатото (сп. пример од Порече: *Еднаш се собрале селените да се догоараат како да је заплашат мечката, да им је не јадит пченката;* Видоески 1950: 75). Она што сакам во овој прилог да го истакнам тоа е фактот дека ваква линеаризација е регистрирана и во други западномакедонски говори во дијалектниот материјал од книгата од Божидар Видоески *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик* (Видоески 2000), а тоа се следниве говори: 1) гостиварски: *...па-затоа му-рекле на-цароф да- је-не бесат. Успеале некако царицата да-се-не-бесит одма, туку-по-една година за-да-се-видит ву-што-је маната.* (Вâлковија, 96); 2) струшки:... *Оди –му рекое– во фил ан планина, да-ојш, да-појш, ал да се-не-вратиш.* (Лабуништа, 116); 3) охридски: *Овој којн ти-е-твој, от-прната-вечер шо-го-не-варди татка-ми.* (Рамне, 128); 4) дримколско-голобрдски говор: *Г–рнево ќосин' ава го-платиле*

скůпо. Г-однесле дома, ама-им-не-варит. (Себишта, 148); *И-така се - спасиф да-и-не-плаќа стомните.* (Збажди, 162)[1]. Ваков тип на линеаризација на негацијата забележавме и во материјалите од галичкиот говор во монографијата од А. Белиќ: *За да ја не фаќат маѓија* (Белиќ 1935: 228). Значи се работи за една поголема дијалектна територија (а не само за кичевско-поречките говори) на која овој тип линеаризација на негацијата се сретнува паралелно со балканскиот тип, односно 'балканизирањето' на редоследот на негацијата (на апсолутниот почеток на целиот предикатски израз) не е сосема завршена.

Реченичната негација може да се случи да се залепи за глаголската придавка, како во следниве примери: *ако-е-К'ржиќ 'уште нез'аминат...*; *...п'итето ненапрајно, тие лом се-напр'ајле.* (Кичево); *Уште не растоарено житото и стариот невлезен дома, момичето се пофали со брата е.* (Црско). Бројни вакви примери констатиравме и во други дијалекти од западното наречје: *'Ама неж'енети б'иле.*; *И неп'ознато м'естото-му-е, сфе н'ово, н'арот, 'ено-друго.*; *Р'ката неп'озната, д'али-е д'обока, д'али е пл'итка...* (каршијачки говор, Скопско; Цветановски 2004: 187, 203), *Фтасае другарите, месото недоварено го изедое.* (рекански говор, Поповски 1979: 258), но и примери каде негацијата е пред глаголот копула, а не пред глаголската придавка: *ова не е коснатa риба никако.*; *Уше не било разденато.* (рекански говор, Поповски 1979: 250, 253). Се работи, исто така, за карактеристика што се сретнува во словенскиот јазичен свет, а тоа е појавата негацијата *не* да се спои целосно со глаголот, како на пр. во формите на глаголите *нема* или *неќе*: *...'оти т'огај не'мало асф'алт, све б'еше ѓ'убре, з'емја...*(кичевски говор, Лаброска 2008: 285); *Н'емаше в'ода, н'емаше амбул'анта, шк'оло до ч'етвито и т'ака се-заб'атали с'елово.* (каршијачки говор, Скопско, Цветановски 2004: 201); *...ними им излегол истиот јунак така, ама неќеле да кажЧт; Како, бре, немат нишко влакноно*?! (рекански говор, Дебарско, Поповски 1979: 258, 259).

Сега ќе го разгледаме и изразувањето на негацијата со честицата *ни* во кичевскиот говор. Оваа честица претставува хиерархизиран спој од предикатот на конјункција надграден над предикатот на негација: ´и не´ (Тополињска 1995: 271). Во примерите што ги извлековме од ексцерпираниот материјал ќе ја определиме употребата на *ни*: *Од-Б'уба м'ајка-е 'еднуш се-ф'ати, отко-'умре 'Иван се-ф'ати, н'и-лево, н'и-десно.*

[1] Сите овие примери се од книгата *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик* (Видоески 2000).

Овој пример е интересен со самиот факт што површински немаме изразена негација на предикатот, која пак на некој начин е вградена во семантиката на глаголот *се фати* (=не може да се движи). Затоа пак, двете *ни* се употребени истовремено и како показатели на конјункција, но и како засилувачи на негацијата на двата прилога кои поблиску определуваат некој елиптичен негиран предикат од типот ´не мрдаше, не се движеше´. Иста ситуација имаме и во примерот: *Коа го пушти, скокна терзијата и фати пустина, заборав да земет ни ножици ни ендезе.* (Црско); и во овој пример негацијата на предикатот не е површински изразена, таа произлегува од неговото лексичко значење, а носители на негацијата се двете *ни* кои имаат и конјунктивна функција. Овде ќе наведеме и друг пример: *Ж'ената и коми'ијата в'есели и сл'ободни, се-осиг'урале д'ека тој нав'истина н'емат ни да-ги-в'идит ни да-ги-ч'ует.* Во овој пример честицата *ни* и во двете употреби ја засилува негацијата изразена со негираниот предикат, при што второто *ни* претставува и конјунктивна компонента (се јавува на местото на сврзникот *и*). Примерот е убав показател и на начинот на кој обично во кичевскиот говор се негираат формите што изразуваат идно време или постериорни настани, а тоа е следниов начин: *немат* + субјунктив praesentis при што *немат* главно се јавува како неменливо (само во формата за трето лице еднина презент). Примери: *Ја немат да-дојда со тебе.; Ние немат да ојме во-Охрид.* Со ваквиот начин на негирање, обично се искажува поцврста увереност дека дејството нема да се случи. Ваков начин на негирање на идни настани е карактеристичен и за други западномакедонски говори: *Ќејъ: та немат да земат за таја офца млеко.*; *А бре, отиде еден д о барат Настредин оца, немат да доет,..* (рекански говор, Поповски 1979: 242, 261); *'Една инт'ересна сл'учка, н'икош н'ема да- ја-заб'ора:м.* (прилепски говор, Ацеска 2015: 107). Инаку, негирање на идни настани може да се изрази и со негацијата *не* + презентски форми, но само од имперфективни глаголи: *Не ода кај него попладнево! Не му прајме торта дома, ќе купиме готова.* (Кичево, Лаброска 2008: 131); *...ќ-'ода да-б'ара поб'удали 'од-ними и-ако-н'ајда не-'и-бија.* (Вевчани, вевчанско-радошки говор, Видоески 2000: 164). Негирани форми за идно време можат да се изразат и со *не* + *кондиционал praesentis*: *Тој не-ќе-направит нешто, само ќе-с-'искарат.* (кичевски говор, Лаброска 2008: 131); „*Кој не ќа а надложет на девојкава, знојте дека све загинати*!“ (рекански говор, Поповски 1979: 255); *Хајде, тој не: те позна:т, ти не ќе го позна:ш*?и (Граждено, долнопреспански говор, Видоески 2000: 142); *Ми-'искрсна н'ешто др'уго т'ака-да не-че-м'ожиме да-се-в'идиме.* (Ацеска 2015: 85). Кај ваквиот начин на негирање се изразува помала увереност дека нема да се исполни дејството.

За изразување на негација се употребува и турската заемка *ич,* најчесто за засилување на реченичната негација изразена со честицата *не*: *Ич да-се-не-д'умате за-мене; Оф, ка'кви кр'иви нose су-'имал, ич н'еубај...*; *Татко е и мајка е не а пуштаа дење по надвор ич да излезет, зашто, велеа ако ја видит с нцето ќа а грабнет.* (Црско); *...а младата жена ич без гајле и страв отиде прао кај него и фати да му се пулит право в очи.* (Црско) (кичевски говор, Лаброска 2008: 131); *Мака му беше, ич не му се 'ојше.* (прилепски говор, Ацевска 2015: 108). Во некои примери *ич* се појавува заедно со заменката *ништо* што претставува дуплирање на информацијата затоа што *ич* во турскиот јазик значи *ништо* (в. ТРС 1977: 407)*: Т'ака н'ајпосле и-се-прецт'авујл д'ека ич н'ишто н'е-слушат и-'ич н'ишто н'е-гледат.* Даденава реченица е, исто така, типичен пример за словенската двојна негација каде што со негираниот предикат се употребуваат и негирани заменки од типот *ништо, никој* и сл. (в. Минова-Ѓуркова 2000: 167-168). Такви се и следниве примери од реканскиот и од скопскиот каршијачки говор: *ич не прашувај; Лебоф ич не ми се погоди, остана сина жила.*;*... ама ништо не может да земет со клунот.* (рекански говор, Поповски 1979: 116, 189, 215); *Н'е, м'ори, н'ишто не-с'у-разбрал.* и (каршијачки говор, Цветановски 2004: 203). Како вистински синоним на *ништо* турското *ич* е употребено во реченициите: *...т'атко-ми н'е-беше ј'аден ич...*; *...коа ќе врнет пак ич да не сакаш да знајш од дош ко некој офчар* (Црско, 960); *...пак спечалиф мара пари колу́ку-толу́ку, колу́ку да не си бес ич.* (рекански говор, Поповски 1979: 241). Всушност, во кичевскиот говор, како и на поголемиот дел од македонската јазична територија (што може да се забележи од примерите од другите говори) *ич* се јавува со двете функции како и во турскиот јазик, едната засилувачка и едната со значење на заменката *ништо*, но со обратна хиерархија: почеста функцијата на засилувачка честица, затоа што честиците се позајмуваат полесно отколку заменките. (в. Тополињска 1995: 273).

Од претставениов преглед на начините на изразување на негацијата како доминатен реченичен предикат во кичевскиот говор и споредбата со неколку западномакедонски говори, можеме да извлечеме неколку заклучоци. Во овој говор и во дел од поизолираните говори во Западна Македонија, кај сложените глаголски форми се зачувал стариот словенски редослед на негацијата според кој таа не се одвојува од глаголот. Од друга страна, под влијание на турскиот јазик, се употребува турската заемка *ич* која главно се јавува како честица за засилување, но и со значење на заменката *ништо.* Негирањето на идни настани се прави на неколку

начина: 1) неменливо *немаш* + субјунктив praesentis (да-конструкција); 2) *не* + презентски форми од имперфективни глаголи и 3) не + кондиционал praesentis (формите за идно време). Што се однесува до употребата на негираните заменки, словенската двојна негација е задолжителен начин на изразување во овој говор, како на поголемиот дел од македонската јазична територија. Поинаку е само во егејските говори каде што ја наоѓаме и ’ѧбалканската’ комбинација од приглаголско *не* и таканаречената неопределена заменка од типот *нешто, некој* (сп. Тополињска 1995: 277) како во примерот: *не можиши некој да го уштепи* (примерот е од југоисточните македонски говори).

ЛИТЕРАТУРА

Ацеска, Гордана (2015), Развојни тенденции во градскиот прилепски говор, магистерски труд, ИМЈ Крсте Мисиркови, Скопје, (ракопис).
Белић, Александар (1935), Галички дијалекат, Српска краљевска академија, Београд - Срем. Карловци.
Видоески, Божидар (1950), Поречкиот говор, Скопје.
Видоески, Божидар (1957), *Кичевскиот говор,* Македонски јазик, VIII, 31–90.
Видоески, Божидар (1998), Дијалектите на македонскиот јазик, том 1, МАНУ, Скопје.
Видоески, Божидар (2000), Текстови од дијалектите на македонскиот јазик, ИМЈ Крсте Мисиркови, Скопје.
Лаброска, Веселинка (2008), Кичевскиот говор, ИМЈ Крсте Мисиркови, Скопје.
Минова-Ѓуркова, Лилјана (2000), Синтакса на македонскиот стандарден јазик, Магор, Скопје.
Поповски, Аритон (1979), Реканскиот говор, докторска дисертација, Универзитет „Кирил и Методији“, Скопје, (ракопис).
Тополињска, Зузана (1995), Македонските дијалекти од Егејска Македонија, кн. 1, Синтакса I, МАНУ, Скопје.
ТРС (1977), Турецко-руский словар, Академия наук СССР, Институт востоковедения, Москва.
Цветановски, Гоце (2004), Каршијачки говор, ИМЈ Крсте, Мисиркови, Скопје.
Бугарски, Ранко (2003), *Језик и лингвистика,* в игоја штампа, XX век, Београд.

811.163.3.3'28

Васил ДРВОШАНОВ

НАЗИВИТЕ НА *КЛАДЕНЕЦОТ* ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ

Апстракт При именувањето на објектот *кладенец* од тематското подрачје хидрографија на македонската јазична територија се забележани десетина називи со повеќе разновидности, сп. *аус, бунар, ѓериз, извор (изворец, изворче), излак, кајнак, кладенец (кладенче), клуч, ӣус, ’рвеник* и *чешма*.
Авторот ја претставува распространетоста на лексемите и нивните разновидности на македонскиот лингвистички ареал, користејќи го дијалектниот материјал од картотеката за проектот *Македонски дијалектен атлас* при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. За секоја лексема дава етимолошко толкување и врши проверка во македонските лексикографски трудови. Притоа, тој констатира дека разгледуваните називи со нивните разновидности, во основа, развиле две семеми: 1) семемата ’извор, вруток обично заграден со камења‘ и 2) семемата ’ископана и обѕидана длабока јама за вадење подземна вода‘. Меѓутоа, авторот констатира дека споменатите лексеми на македонскиот дијалектен ареал секогаш немаат јасна диференцијација, туку дека меѓу нив има семантичко прелевање.

Клучни зборови: *кладенец*, лексика, разновидности, распространетост, македонски говори, македонски јазик, речници, етимологија.

Македонските народни говори во текот на историјата, независно од тоа што биле изложени на многу туѓи влијанија, сепак успеале да го зачуваат основното лексичко богатство. Меѓутоа, немањето долго време стандарден јазик, помеѓу другото, придонесло во народните говори да има повеќе називи за ист предмет, за иста појава или за ист процес. Тоа се однесува и при именувањето на одделни објекти од тематското подрачје хидрографија. Имено, при именувањето на *кладенецот*, на македонската јазична територија се забележани десетина називи со повеќе разновидности, сп. *аус, бунар, ѓериз, извор (изворец, изворче), излак, кајнак, кладенец (кладенче), клуч, ӣус, ’рвеник* и *чешма*.

Во овој напис ќе ја претставиме распространетоста на лексемите и нивните разновидности на македонскиот лингвистички ареал, користејќи го дијалектниот материјал од картотеката за проектот *Македонски дијалектен атлас* при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“

во Скопје. Дијалектниот материјал е запишан со фонолошко писмо и е собиран неколку децении, според *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* (Видоески 2000). За секоја лексема ќе дадеме етимолошко толкување. Покрај тоа, ќе извршиме проверка во лексикографските трудови *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* и *Толковен речник на македонскиот јазик* на сите лексеми и на нивните разновидности, што се регистрирани на македонската јазична територија. На тој начин, ќе се утврди застапеноста на дијалектните лексеми и нивното значење во споменатите македонски лексикографски дела.

Лексемата *кладенец* со многубројните, главно, фонетскки разноводности (*кладе:нец, кладенац, кладенăц, кладанац, кладăнац, кладăнăц, кγаденец, кладиниц, кладе*ʲ*нец, кла(g)енец, клаг'енец*[1]*, клад'енац, клад'ениц, клạg'ениц, клăg'енец, клăg'ениц, кγаg'енец, клај'änец, клаенец, клаинец, кладниц, кладнăц, клад'и:нц, клаi̯нец, клаi̯њец, клајнец, клăi̯нец, клаенц, клајänц, клајнц, кленец; кладенче, кладăнче, клаенче, клаi̯нче*), иако е широко распространета, не е најзастапената лексема на македонското дијалектно подрачје, сп. *кладенец* (Драгош–Битолско, Ефловец–Кичевско, Катланово–Скопско, Црквино–Велешко, Стење–Ресенско, Леска–Долнопреспанско, Праведник–Кавадаречко, Раздол, Белица–Санданско, Лесново, Древено–Пробиштипско, Кнежево–Кратовско), *кладенăц* (Страцин–Кумановско), *кладăнăц* (Думановце–Кумановско), *кγаденец* (Костин Дол–Кочанско, Саса–Делчевско), *кладиниц* (С'ботско–Мегленско, Црнешево–Воденско), *кладе*ʲ*нец* (Буф–Леринско), *кла(g)енец* (Паралово–Битолско), *клад'енец* (Лугунци–Велешко, Поп'лжани–Леринско, Конопшиште–Кавадаречко), *клад'енац* (Црешево–Скопско), *клạg'ениц* (Луковец, Г. Пожарско–Воденско), *клај'änец* (Бобошчица–Корчанско), *кладниц* (Струпино–Воденско), *клад'и:нц* (Робово–Струмичко), *клајнец* (Буково–Битолско) и *клајнц* (Муртино–Струмичко).

Освен фонетските разновидности, од лексемата *кладенец* во одделни пунктови на македонската јазична територија се среќаваат голем број семантички нијанси, сп. *кладенец* 'име за место каде излега повеќе вода' (Жерноница–Дебарско), 'копано за да се добие вода' (Кукуречани–Битолско), 'ископано место за да се собере водата од изворот, се прави каде што нема извор' (Стинек–Струмичко), 'ископан плиток извор крај река од кај се пие вода' (Стар Истевник–Делчевско), *клад'енец* 'извор заграден' (Скочивир–Битолско), 'поголем извор' (Подлес–Велешко),

[1] Акцентот е одбележен само во оние случаи, каде што има отстапување од акцентот во македонскиот стандарден јазик.

’извор од кај што се зафаќа вода‘ (Барово–Кавадаречко), ’од него се црпа вода‘ (Габер–Кривопаланечко), *кѓад'енец* ’направен, заграден извор‘ (Старавина–Битолско), *клаі̣нец* ’постар назив‘ (Оровник–Охридско), *кладенче* ’поднапраено од страните со камење, служи за полнење вода за пиење‘ (Пустец–Долнопреспанско) и *клаенче:* ’малку извира‘ (Ново Село–Струмичко).

Оваа лексема е јужнослов. и источнослов. и праслов. (*koldęzъ). Според Скок (1972:870) оваа лексема е праслов. заемка од герм. *kaldingaz, којашто е изведенка од гот. kalds, нвгерм. kalt ’студен‘, чија семантичка паралела е *студенец* (Георгиев 1979:412–413; Skok 1972:87).

Многу пораспространета на македонскиот дијалектен ареал е лексемата *бунар* со малиот број фонетски разновидности (*бунр̣, бунăр, бун'ар, буна'р’*), сп. *бунар* (Смилево–Битолско, Кнежино, Лешница–Кичевско, Г. Белица–Бродско, Волино, Ботун, Рамне, Којнско, Трпејца, Речица–Охридско, Голем Папрадник, Ѕепиште, Клење–Дебарско, Волковија, Куново, Маврово–Гостиварско, Горенци, Тиолишта, Хрупишта, Марковени, Добролишта, Крчишта, В’мбел–Костурско, Д. Котари–Леринско, Теарце, Ракотинце, Милетино, Челопек–Тетовско), *бунр̣* (П’теле–Леринско), *бунăр* (Емборе–Кајларско), *бун'ар* (Конско–Гевгелиско, Дедино–Радовишко, Кресна, Стожа–Санданско, Брежани–Благоевградско, Осеново, Осиково–Гоцеделчевско, Разлог, Пирин–Мелничко, Мутулово, Амбар Ќој–Кукушко, Баровица–Ениѓевардарско), *бун'арот* (Кулакија–Солунско) и *бун'ар’* (Белица–Санданско, Делчово, Жижево–Гоцеделчевско).

Во одделни населби од македонскиот дијалектен ареал, главно, на западната периферија, извесен број семантички нијанси се среќаваат и од лексемата *бунар*, сп. *бунар* ’бунар обичен, ископан‘ (Туин–Кичевско), ’бунар‘ (Здуње–Бродско), ’ископан кога е‘ (Држилово–Скопско), ’со исто значење‘ (Модрич–Струшко), ’рупка‘ (Стеблево–Дебарско), ’ископана дупка‘ (Горенци–Дебарско), ’но не со значење кладенец‘ (Г. Косоврасти–Дебарско), ’ископан и изграден извор‘ (Тумчевиште–Гостиварско), ’длабок и широк‘ (Слимница–Костурско), ’бунар обичен‘ (Сараќинце–Тетовско), ’со копање‘ (Брезно–Тетовско), *бунăр* ’секој двор и бунăр има‘ (Липинци–Кајларско) и *бун'ар* ’има друг извор за вода: бун'ар‘ (Габрене–Петричко).

Лексемата *бунар* е општобалкански турцизам: срп. и хрв. bùnār, буг., алб. bunár (Георгиев 1971:90; Skok 1971:236).

Во четириесетина пунктови од македонското дијалектно подрачје се наоѓаат паралелно лексемите *кладенец* и *бунар* или некои од нивните разновидности, сп. *кладенец – бунар* (Витолиште–Битолско, Попоец–Кичевско, Звечан–Бродско, Нерези, Белимбегово–Скопско, Луково–Струшко, Арвати–Ресенско, Кнежје, Богословец–Светиниколско),

кладенец – бун'ар (Смоларе, Вељуса, Нивичино–Струмичко, Конче–Радовишко, Љуботен, Никоман, Долни Балван–Штипско, Немањинци–Светиниколско, Долни Стубол–Кратовско, Жидилово–Кривопаланечко), *кладенац – бун'ар* (Клечовце, Романовце–Кумановско), *кладенӑц – бун'ар* (Павлешенци–Светиниколско), *кладанац – бун'ар* (Жегњане–Кумановско), *кладӑнац – бун'ар* (Псача–Кривопаланечко), *клад'енец – бунар* (Дивле–Скопско, Превод–Светиниколско), *клад'енец – бун'ар* (Тушин–Воденско), *кла̑д'ениц – бун'ар* (Сараќиново–Воденско), *клаенец – бунар* (Ржаново, Глобочица–Струшко), *клаинец – клајнец – бунар* (Светорача–Кичевско), *кла̑інец – бунар* (Трпејца–Охридско), *клаенц – бун'ар* (Габрово–Струмичко), *клајӓнц – бун'ар – бун'ар'* (Сухо–Солунско), *кладенче – бунар* (Пештани–Охридско), *кладӑнче – бун'ар* (Миравци–Гевгелиско), *кладӑнче – бун'ар* (Пирава–Валандовско).

Во неколку островски ареали од македонската јазична територија е регистрирана паралелна употреба на лексемата *кладенец*, односно на лексемата *бунар* со други лексеми, сп. *кладенец – клаенц – кајнак* (Дукатино–Струмичко), односно *бунар – ӑрвеник* (Граждено–Долнопреспаснко) и *бун'ар – бун'ар' – чешма* (Висока–Солунско), а се наоѓа паралелна употреба дури и на три лексеми, сп. *кладенец – бунар – кајнак* (Радовиш), *кладенец – бун'ар –кајнак* (Подареш–Рдаовишко) и *кла̑іњец – бунар – ӑрвеник* (Слепче–Демирхисарско).

При паралелната употреба на лексемите *кладенец* и *бунар* македонските родени зборувачи во петнаесетина пунктови ја толкуваат само лексемата *кладенец*, сп *кладенец – бунар*: *кладенец* ’извор‘ (Зелениково, Бардовци–Скопско), *кладенец – бунар*: *кладенец* ’извира ама ако има напраено кладенец‘ (Ракотинци–Скопско), *кладенец – бунар*: *кладенец* ’извор полски‘ (Градско–Велешко), *кладенец – бунар*: *кладенец* ’нешто како чешма, има по ридовите‘ (Љубојно–Ресенко), *кладенец – бун'ар*: *кладенец* ’помал извор‘ (Блатец–Виничко), *кладенец – бун'ар'*: *кладенец* ’ново‘ (Волак–Серско), *кладенац – бун'ар*: *кладенац* ’извор‘ (Ранковци–Кривопаланечко), *кладенац – бун'ар*: *кладенац* ’вода за пиење, извор‘ (Орашац–Кумановско), *кладенӑц – бунар*: *кладенӑц* ’чешма со чепурче‘; два бунара (Вратница–Тетовско), *кладанац – бун'ар*: *кладанац* ’куде изв'ира водата па се напр'ави кладанац‘ (Шопско Рударе–Кратовско), *клад'енец – бунар*: *клад'енец* ’извор заграден‘ (Марена–Неготинско) и *клад'енец – бунар*: *клад'енец* мал извор ископан‘ (Попадија–Леринско).

Се толкува само лексемата *кладенец* и во пунктови, каде што паралелно се употребуваат и други лексеми, сп. *кладенец – ӑрвеник*: *кладенец* ’мала количина вода‘ (Претор–Ресенско), *кла̑інец – бунар – ӑрвеник*: *кла̑інец* ’мало изворче, заградено‘ (Путурос–Битолско) и *клӑ̑інец – бунар – чешма*: *клӑ̑інец* ’топоним‘ (Радожда–Струшко).

Наспрема толкувањето само на лексемата *кладенец*, во триесетина пунктови од македонскиот дијалектен ареал, при паралелната употреба на лексемите *кладенец* и *бунар*, македонските родени зборувачи ја толкуваат само лексемата *бунар*, сп. *кладенец – бунар*: *бунар* ’што е копан у семна‘ (Н. Брезница–Скопско), *кладенец – бунар*: *бунар* ’копан‘ (Извор–Велешко), *кладенец – бунар*: *бунар* ’копан, артески‘ (Струга), *кладенец – бунар*: *бунар* ’обичен‘ (Галичник–Дебарско), *кладенец – бунар*: *бунар* ’многу длабок извор‘ (Ошчима–Костурско), *кладенец – бунар*: *бунар* ’во дворот‘ (Л’к–Долнопреспанско), *кладенец – бун'ар*: *бун'ар* ’ѕидан‘ (Штип, Лезово, Злетово–Пробиштипско, Гратче, Каменица–Делчевско), *кладенец – бун'ар*: *бун'ар* ’длабок и ѕидан‘ (Спанчево–Кочанско), *кладенец – бун'ар*: *бун'ар* ’ѕидан, длабок‘ (Виница), *кладенец – бун'ар*: *бун'ар* ’што вадат вода со кова‘ (Припечани–Кочанско), *кγаденец – бун'ар*: *бун'ар* ’ѕидан, длабок‘ (Лаки–Виничко), *кладенăц – бунар*: *бунар* ’ископан‘ (Луке–Кривопаланечко), *кладиниц – бун'ар*: *бун'ар* ’ѕидан‘ (Крецово–Кукушко), *клад'енец – б'унар*: *б'унар* ’ѕидан‘ (Клисура–Неготинско), *клаі̯нец – бунар*: *бунар* ’ископан в земи‘ (Д. Дивјаци–Крушевско), *клаі̯нец – бунар*: *бунар* ’в град‘ (Пространье–Кичевско), *кладăнчă – бун'ар: бун'ар* ’длабок извор‘ (Гуменџе–Ениџевардарско) и *кланче – бун'ар*: *бун'ар* ’ѕидан‘ (Фурка–Гевгелиско).

Лексемата *бунар* се толкува и во пунктови, каде што паралелно се употребуваат и други лексеми, сп. *кладенец – кγаденец – бун'ар – излак – изγак*: *бун'ар* ’ѕидан‘ (Калиманци–Делчевско), *клаенче – бунар – изворче*: *бунар* ’ископан‘ (Богомила–Велешко) и *кла:нче – бун'ар – кајн'ак*: *бун'ар* ’изѕидан кладенец‘ (Костурино–Струмичко), односно *бун'ар – кąјн'ак*: *бун'ар* ’копан‘ (Стојаково–Гевгелиско), *бун'ар – кăјн'ак*: *бун'ар* ’ѕидан‘ (Патарос–Кукушко, Градобор–Солунско) и *бун'ар – кајник*: *бун'ар* ’ѕидан‘ (Николич–Гевгелиско).

Во ограничен број пунктови, освен лексемите *кладенец*, односно *бунар*, се толкуваат лексемите *извор, излак,* односно *ăрвеник*, кога се употребени паралелно со други лексеми, сп. *клад'енец – бунар – извор: извор* ’поголем кладенец‘ (Зелнич–Леринско), *кладенец – излак – Ервен'ик*: *излак* ’бунар‘ (Мачево–Беровско), *кладенец – бунар – изворец – ăрвеник*: *ăрвеник* ’бунар‘ (Ѓавато–Битолско) и *кладенец – бун'ар – Ервен'ик*: *Ервен'ик* ’топоним‘ (Судиќ–Светониколско).

Лексемата *кајнак* е по потекло од турскиот јазик, сп. тур. kaynak ’извор‘ (Георгиев 1979:146; Skaljić 1973:384); лексемата *’рвеник* произлегува од општослов. и праслов. *rъvāti, *rъvą, стцслов. rъvenik (Рачева, Тодоров 2002:361–362; Skok 1973:178); лексемата *чешма* е балкански турцизам од персиско потекло, тур. çeşme < перс. čăšma (Младеновъ 1941:685; Skok 1971:313); лексемата *излак* произлегува од

балтослов. и општослов. (освен полски) и праслов. *valčiti (Георгиев 1971:164; Skok 1973:634–635); а лексемата *изворче* произлегува од балтослов., општослов. и праслов. vьr-ěti, односно од општослов. и праслов. корен vor- (Георгиев 1971:193; Skok 1973:622–624).

Во островски ареали (Букојчани–Кичевско и Баниште–Дебарско) на македонската јазична територија со значење ’кладенец‘ се среќаваат: лексемата *извор*, односно деминутивот *изворче* (Лешок–Тетовско); лексемата *кључ*, забележана единствено во пунктот Габреш–Костурско; и лексемата *ӣус*, нотирана во Шулин–Долнопреспанско.

Лексемата *кључ*, според Скок (1972:105) е поствербал од ономатопејата kljùčati, субјект вода. Тој нотира дека поствербалот *кључ* се наоѓа во буг. со исто значење како и во хрв. и срп. и во рус., каде што лексемата *кључ* значи ’извор‘ (Георгиев 1979:490–491; Skok 1973:105), а лексемата *ӣус* е по потекло од албанскиот јазик, алб. pus, -i (Пољоска 1998:192–193).

Во педесетина пунктови од македонскиот дијалектен ареал при паралелната употреба на две или повеќе лексеми македонските родени зборувачи прават разлика меѓу нив на семантички план, толкувајќи ги, главно, одделно секоја од лексемите. Притоа, треба да нагласиме дека нема единствено толкување на одделна лексема во сите пунктови, туку има семантичко прелевање кај регистираните лексеми.

На македонската јазична територија најчесто се јавува паралелната употреба на лексемите *кладенец* и *бунар*, сп. *кладенец – бунар*: *кладенец* ’извор‘ – *бунар* ’ѕидан бунар‘ (Тајмишта–Кичевско), *кладенец – бунар*: *кладенец* ’извор‘ – *бунар* ’бунар‘ (Башино Село–Велешко), *кладенец – бунар*: *кладенец* ’извор‘ – *бунар* ’ископана дупка за вода‘ (Карабуниште–Велешко), *кладенец – бун'ар*: *кладенец* ’покриен извор‘ – *бун'ар* ’копан, ѕидан‘ (Крклја–Кривопаланечко), *кладенац – бун'ар*: *кладенац* ’покриен и зазидан извор‘ – *бун'ар* ’ископан‘ (Огут–Кривопаленчко), *кладенац – бун'ар*: *кладенац* ’зазидан извор‘ – *бун'ар* ’ископан‘ (Кратово), *кладанац – бун'ар*: *кладанац* ’самосоздаден извор на плитко место‘ – *бунар* ’вештачка творевина, се копа длабоко, се подѕидува, му се става ѓерам и сл.‘ (Младо Нагоричане–Кумановско), *клад'енец – бунар*: *клад'енец* ’извор‘ – *бунар* ’бунар‘ (Живојно–Битолско), *клад'енец – бунар*: *клад'енец* ’природен извор‘ – *бунар* ’копан‘ (Никодин–Прилепско), *клад'енец – бунар*: *клад'енец* ’ѕидан и покриен извор‘ – *бунар* ’копан, длабок‘ (Дуње–Прилепско), *клад'енец – бунар*: *клад'енец* ’плиток‘ – *бунар* ’подлабок‘ (Рожден–Кавадаречко), *клад'енец – бунар*: *клад'енец* ’поплиток‘ – *бунар* ’длабок‘ (Ваташа–Кавадаречко), *клăд'енец – бунăр: клăд'енец* ’голем извор‘ – *бунăр* ’копано место за леење вода‘(Ранци–Кајларско), *клăд'ениц – бун'ар: клăд'ениц* ’место кај извира вода и каде се полни‘ – *бун'ар* ’место кај што

се црпи вода‘(Тресино–Воденско), *клаенец – бунар*: *клаенец* ’бунар‘ – *бунар* ’покрај река‘ (Љубаништа–Охридско), *клаинец – бунар*: *клаинец* ’мал извор, некопано, заградено‘ – *бунар* ’копан‘ (Прилепец–Прилепско), *кладнăц – бун'ар’*: *кладнăц* ’во бавчите‘ – *бун'ар’* ’ѕидан‘ (Савек–Серско), *клајнец – бунар*: *клајнец* ’чешма‘ – *бунар* ’вода од земја‘ (Вранештица–Кичевско), *клајнц – бун'ар*: *клајнц* ’плиток бунар заграден и покриен‘ – *бун'ар* ’длабоко ископано место‘ (Негован–Солунско), *кленец – бунар*: *кленец* ’природна вода тече‘ – *бунар* ’копан е‘ (Боровец–Струшко).

Толкувањата на релацијата *кладенец – бунар* секогаш не се јасно определени, така што во одделни населби се среќаваат нецелосни објаснувања, сп. *кладенац – бун'ар*: ’како во литературниот јазик‘ (Четирце–Кумановско), *клаенец – бунар*: *Клаенец* ’во топоним. Назив постои, во обичниот говор не‘ – *бунар* ’по чуено, инаку во говорот не се употребува за водна форма‘ (Гари–Дебарско), *кладенец – бунар*: ’ископано место обично во кое извира вода за пиење‘ (Двориште–Беровско), *клăјнец – бунар*: ’вир на извор‘ (Дихово–Битолско), *кладенец – бунар*: ’има разлика‘ (Драчево–Скопско).

Освен толкувањата на релацијата *кладенец – бунар*, се наоѓаат и толкувања на релацијата *кладенец – ăрвеник*, каде што се даваат објаснувања и за двете лексеми, сп. *кладенец – рвеник*: *кладенец* ’1. природен, 2. вештачки направен‘ – *рвеник* ’артески бунар‘ (Крушовјани–Прилепско), *кладенец – ăрвеник*: *кладенец* ’се берит вода, плиток‘ – *ăрвеник* ’бунар‘ (Лескоец–Охридско), *кладенец – ăрвеник*: *кладенец* ’кај што извират водата‘ – *ăрвеник* ’бунар‘ (Царев Двор–Ресенско), *клајнец – ăрвеник*: *клајнец* ’мало изворче – дупка, во водливо место од каде се зафаќа, леј вода‘ – *ăрвеник* ’бунар‘ (Тополчани–Прилепско), *клајнче – ăрвеник*: *клајнче* ’кај што извира вода‘ – *ăрвеник* ’бунар‘ (Крушје–Ресенско), иако и на споменатата релација е регистрирано нејасно толкување, сп. *клаинец – рвеник*: ’за бунар‘ (Стровија–Прилепско).

Лексемата *кладенец*, како една од компонентите, се јавува и во односот *кладенец – излак*, при што се толкуваат и двете лексеми, сп. *кладенец – излак*: *кладенец* ’ископан извор покрај река‘ – *излак* ’бунар‘ (Тработевиште–Делчевско), *кладенец – излак*: *кладенец* ’ископано место обично крај река или каде што се знае дека има вода (во вид на мала дупка) од каде се пие вода; најчесто не се покрива, но може да биде и покриен‘ – *излак* ’бунар‘ (Пехчево–Беровско), *кладенец – излак*: *кладенец* ’ископана плитка дупка крај река или на место каде што е најдено да извира вода; од него се пие или лее вода; обично не се покрива‘ – *излак* ’бунар‘ (Берово).

Во островски ареали се забележани и други релации, каде што се толкуваат и двете лексеми, сп. *бунар – кајнăк*: *бунар* ’во дворот, ѕидан‘ –

кајнăк ’извор‘ (Тремно–Кајларско); *бун'ар– ѓ’ир'ис*: *бун'ар* ’специјално ископан‘ – *ѓ’ир'ис* ’кладенец‘ (Банско), односно *ăрвеник – ӣус*: *ăрвеник* ’помал пус, и покрај река‘ – *ӣус* ’бунар‘ (Леска–Долнопреспанско).

Богатството на македонските говори се согледува во фактот што во неколку пунктови се употребуваат паралелно три, па и четири лексеми, главно, со јасна семантичка диференцијација помеѓу лексемите, сп. *кладенец – бунар – ăрвеник – аус*: *кладенец* ’незаграден извор‘ – *бунар* ’артески‘ – *ăрвеник* ’изграден со камења‘ – *аус* ’вид бунар (Ресен), *кладе:нец – бунар – ăрвеник*: *кладе:нец* ’место каде што се собира изворска вода‘ – *бунар* ’ископано место во дворот за вода што не е за пиење‘ – *ăрвеник* ’ископано место за вода што се употребува за пиење‘ (Нивици–Малопреспанско), *клајнец – бунар – ăрвеник*: *клајнец* ’мали планински изворчиња‘ – *бунар* ’поново‘ – *ăрвеник* ’бунар‘ (Слепче–Прилепско), *клад'ениц – бун'ар – рăв'еник: клад'ениц* ’кладенец на чешма‘ – *Рăв'еник* ’топоним = чешма‘ (Чеган–Воденско); *кладăнăц – бун'ар – кăјн'ак*: *кладăнăц* ’во поле или во планина‘ – *бун'ар* ’низ куќите, ѕидан‘ – *кăјн'ак* ’извор‘ (Дојран–Гевгелиско) и *кладенец – бун'ар – излак*: *бун'ар* ’ѕидан‘ – *излак* ’Турците така викаат‘ (Киселица–Делчевско).

Лексемата *ѓ́ериз* е општ балкански турцизам од персиско потекло, перс. императивна сложенка од именката gah и од императивот riz од rihten > тур. geriz: срп. и хрв. đëriz, буг. geríz = giriz, алб. gjeriz, -zi, аром. ghiriz, нгрч. γκερίζι = γκεριζι (Георгиев 1971:238; Skok 1971:479). Балкански турцизам е и лексемата *аус*, но таа лексема е од арапско потекло, ар. havz, срп. и хрв. (h)ä(v)uz, буг. havuz, аром. hăvuză, нгрч. χαβοῦ(τ)ζα (Младеновъ 1941:664; Skok 1971:662).

Од дијалектните лексеми во *Речникоӣ на македонскиоӣ јазик со сриӣскохрваӣски ӣолкувања* со диференцирани значења се забележани следниве лексеми и нивните разновидности: *кладенец* -нци *m* kladenac, izvor, vrelo, zdenac (Конески 1961:330), *кладенче n dem.* od кладенец (Конески 1961:330), во однос на лексемите: *бунар m* bunar, studenac (Конески 1961:50), *излак* -ци *m* (dijal.) bunar (Конески 1961:281) и *’рвеник* -ци m bunar, studenac; донесе вода од ’рвеникот donela je vode sa bunara (Конески 1966:83).

Со сродно значење е регистрирана лексемата *извор m* izvor. 1. (место каде што извира вода, почеток на река) изворот на Вардар izvor Vardara... (Конески 1961:227) и разновидноста *изворче n dem*. od извор izvorčić (Конески 1961:227).

Дијалектните лексеми *ѓ́ериз, клуч* и *чешма* со значење ’кладенец‘ во *Речникоӣ* не се забележани со значењето ’кладенец‘, сп. *ѓ́ериз m* (arh. 1. одводен канал на нужник, бања итн. 2. канализирано поточе по кое истечува нечистотијата) đeriz (Конески 1961:162), *клуч* -ови -еви m ključ. 1.

(орудие за отворање или затворање брави) клучот од собата ključ od sobe; (fraz.) ги држи под клуч drži ih pod ključem, zaključane.... (Конески 1961:334) и *чешма f* (1. целата направа од која тече вода. 2. цевката, славината од која истекува водата; затвори ја чешмата zatvori česmu) česma (Конески 1966:535).

Во *Речникот* не се забележани лексемите *аус, кајнак* и *пус* и разновидноста *изворец* од лексемата *извор*.

Во *Толковниот речник на македонскиот јазик* се забележани следните дијалектни лексеми и нивните изведенки, кои се протолкувани со јасна диференцијација, сп. *кладенец*, *мн*. кладенци *м*. Извор, вруток обично заграден со камења. *Дојде до кладенецот и се напи бистра вода*. ‖ *кладенче*, *мн*. кладенчиња *ср*. дем (Конески 2003:520), наспрема лексемите со изведенките: *бунар*, *мн*. бунари *м*. Ископана и обѕидана длабока јама за вадење подземна вода. *Луѓето градеа куќи, копаа бунари, оградуваа дворови*. ‖ *бунарче*, *мн*. бунарчиња *ср*. дем. ‖ *бунариште*, *мн*. бунаришта *ср*. аугм. ‖ *бунарски*, бунарскиот *прид*. *Бунарска вода* (Конески 2003:196) и *'рвеник*, *мн*. 'рвеници *м*. (дијал.) Бунар. *Селски 'рвеник. Загаден 'рвеник* (Конески 2011:164).

Дијалектните лексеми *извор* и *чешма* со нивните изведенки во *Толковниот речник* се забележани со сродно значење, сп. *извор*, *мн*. извори *м*. 1. Место од каде што извира вода... и сл. *На изворот ручавме и се напивме вода. Изворот на реката се наоѓа горе во планината. Тука има многу извори на минерална вода*.... ‖ *изворец* (само *едн*.) *ср*., *изворче*, *мн*. изворчиња *ср*. дем. кон зн. 1 и 2. ‖ *изворски*, изворскиот *прид*. Што се однесува на извор. *Изворска вода* (Конески 2003:263) и *чешма, мн*. чешми *ж*. 1. Обѕидан извор или место каде што дотекува изворска вода која истекува од една или неколку вградени шопурки. *Селото имаше две чешми. Маалска чешма. Чешма со две шешурки*. 2. Славина на цевка, крак од водоводна инсталација и уреденото место каде што се наоѓа. *Ја затвори чешмата. Отвори ја чешмата да наполнам чаша вода*. ‖ *чешмиче*, *мн*. чешмичиња *ср*., *чешмичка*, *мн*. чешмички *ж*. дем. (Конески 2014:365).

Лексемите *ѓериз* и *клуч* забележани во македонските говори со значење 'кладенец' во *Толковниот речник* не се нотирани со значењето 'кладенец', сп. *ѓериз*, *мн*. ѓеризи *м*. (арх.). 1. Одводен канал за истекување нечистотијата. *Одеа по калдрмата, измиена со запрежни цистерни што служат и за празнење ѓеризи*. 2. Канализирано поточе по кое истекува нечистотијата (Конески 2003:565) и *клуч*, *мн*. клучеви и клучови *м*. 1. Метално орудие за заклучување и отклучување брави. *То има клуч и никогаш не ѕвони. Таа слезе во дворот со врзоа клучеви. Со малиот клуч ја отвори дрвената кутија*... (Конески 2005:537–538).

Во *Толковниот речник* не се регистрирани лексемите: *аус, излак, кајнак* и *ѿус*.

Врз основа на анализираниот материјал се забележува семантичка промена на одделни зборови во македонските говори во однос на нивното значење во изворниот јазик. Тоа се согледува и при споредбата на значењето на некои дијалектни лексеми со значењето во македонскиот стандарден јазик. Меѓутоа, останува впечатокот дека лексемите *кладенец* и *бунар* со нивните разновидности доминираат на македонската јазична територија. Треба да го истакнеме и фактот дека споменатите лексеми на македонскиот дијалектен ареал секогаш немаат јасна диференцијација. Напротив. Повеќе може да се рече дека има семантичко прелевање на разгледуваните лексеми и на нивните разновидности. Тоа го усложнува нивното разграничување во македонските народни говори, но сепак дава извесна слика за нивната перцепција од страна на македонските родени зборувачи.

Во однос на потеклото на лексемите, регистрирани на македонската дијалектна територија, може да се констатира дека покрај македонските наследени зборови, сп. *извор (изворец, изворче), излак, кладенец (кладенче), клуч* и *’рвеник*, суштествуваат во поголеми или во помали ареали и лексеми од туѓо потекло, првенствено, од турскиот јазик или дојдени со негово посредство од арапскиот и од персискиот јазик, сп. *аус, бунар, ѓериз, кајнак* и *чешма*, со исклучок на лексемата *ѿус*, којашто дошла од албанскиот јазик.

Од прегледот на дијалектниот материјал во врска со именувањето на *кладенецот* може да се констатира дека разгледуваните називи со нивните разновидности, во основа, развиле две семеми: 1) семемата ’извор, вруток обично заграден со камења‘ и 2) семемата ’ископана и обѕидана длабока јама за вадење подземна вода‘. Како што се забележува, значењата на дијалектните лексеми *аус, бунар, ѓериз, извор (изворец, изворче), излак, кајнак, кладенец (кладенче), клуч, ѿус, ’рвеник* и *чешма* од тематското подрачје хидрографија го потврдуваат фактот дека тие во текот на историскиот развој на македонскиот јазик претрпувале извесни промени, зачувани до денес. Меѓутоа, непореклива е вистината дека лексемите со широка распространетост на македонската јазична територија влегуваат во основниот речнички фонд на македонскиот стандарден јазик.

ЛИТЕРАТУРА

Видоески, Б., (2000), Прашалник за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“,Скопје.
Георгиев, В., ред. (1971–1979), Български етимологичен речник, Том I–II, Издателство на Българската академия на науките, София.
Конески, Б., ред. (1961–1966), Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања, Том I–III, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Конески, К., ред. (2003–2014), Толковен речник на македонскиот јазик. Том I–VI, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Младеновъ, С., (1941), Етимологически и правописенъ речникъ на българския книжовенъ езикъ, Книгоиздателство Христо Г. Дановъ–О.О. Д-во, София.
Пољоска, А., (1998), Лексичка интерференција на македонскиот и албанскиот дијалектен јазик, Менора, Скопје.
Рачева, М., Тодоров, Т. Ат., ред. (2002), Български етимологичен речник, Том VI, Българска академия на науките, Институт за български език, Академично издателство „Проф. Марин Дринов“, София.
Skok, P., (1971–1974), Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, Tom I– IV, Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti, Zagreb.
Škaljić, A., (1973), Turcizmi u srpskohrvatskom–hrvatskosrpskom jeziku, Izdavačko preduzeće „Svjetlost“, Sarajevo.

811.163.3.3'28

Светлана ДАВКОВА-ЃОРГИЕВА

НАЗИВИТЕ *ПЕНА, САПУНИЦА, СКАМА* НА МАКЕДОНСКИОТ ДИЈАЛЕКТЕН АРЕАЛ

Апстракт: Врз основа на дијалектен материјал во оваа статија се анализираат називите со кои се иманува *белото што се прави од сапуноти.* Истражувањето и картографираниот дијалектен материјал покажуваат шаренило од употреба на називите *пена, сапуница, скама,шкумба* на целиот македонски дијалектен ареал. Впечатливо е формирањето на три помали и изолирани островски ареали каде има самостојна употреба на називите *пена, сапуница и скама.* Очигледна е и напоредната употреба од два, три, а во некои ареали и на четири називи кои го делат истото значење. Покрај ареалната слика на односниве називи даваме и етимолошки толкувања, а ја регистрираме и наивната застапеност во македонскиот стандарден јазик.

Клучни зборови: дијалекти, ареална лингвистика, етимолошки толкувања, современ јазик.

Предмет на анализа на оваа статија е дијалектен материјал од тематската област Хигиена собиран за потребите на проектот Македонски дијалектен атлас, а истиот е дел од работната верзија на лексичкиот том на МДА. Во *Прашалникот за собирање дијалектен материјал* (Видоески 2000) оваа тематска област е нумерирана како глава IV (Хигиена), а анализираното прашањето гласи *Како се вика белото што се прави од сапуноти*?

Како одговор на ова прашање во македонските дијалекти ги регистриравме именувањата: *пена, сапуница*, *скама* и *шкумба*.

Картографираниот материјал по ова прашање покажува големо шаренило од употреба на четирите називи на целиот македонски дијалектен ареал. Видливо е формирање на островски ареали каде има самостојна употреба на називите *пена, сапуница* и *скама*, при што е очигледна и напоредна, односно заедничка употреба на два, некаде и три називи по истото прашање (како: *пена // сапуница*; *пена//скама, скама // сапуница, п'ена // шк'умба, сап'уница // шк'умба, пена //скама // сапуница, шк'умба // ск'ама // сап'уница*). Што се однесува, пак, до семантиката на

гореспоменативе лексеми ќе напоменеме дека во македонските дијалекти, називите *пена, скама и шкумба* покрај толкувањето ’пена од сапун; сапуница‘, ги бележиме и со толувања ’пена од течна река‘ и ’пена од пиво, ракија и сл‘.

Ареалната слика во однос на дистрибуцијата на лексемите *сапуница* и *скама* покажува поделеност на македонската јазична територија, при што р. Вардар се јавува како природна граница.

Именувањето ***пена***, пак, (во своите фонетско-фонолошки разновидности) во однос на именувањата ***сапуница*** и ***скама*** е со најфрекфентна употреба и е дистрибуирано на целиот македонски дијалектен ареал. Негова самостојна употреба регистрираме во североисточните македонски говори каде се формираат помали компактни ареали и тоа во Кумановско, Кривопаланечко и Кратовско. Во југоисточното наречје се изделува уште еден мал островски ареал кој ги опфаќа малешевско-пиринските говори. На останатиот дел од македонската јазична територија називот ***пена*** се јавува во заедничка употреба со лексемата ***сапуница*** и тоа видливо изразена од десната страна на р. Вардар, и со називот ***скама*** од левата страна на р. Вардар. Синтагми од типот ***п'ења от с'апун*** или ***сапун'ава в'ода*** на македонскиот дијалектен ареал регистриравме спорадично во кичевскиот и во делчевскиот говор.

Лексемата ***пена*** е од прсл. **(s)pěnā,*** сродно со стпрус. *spoayno* што значи ’пена на ферментирано пиво‘ (< парабалт. **spáinā*), лит. *spáė* ’раб од пена‘, ствисгер. *feim*, стангл. *fǎm* ’пена‘, стинд. *phéna-* ’пена‘, лат. *spūma* што значи ’пена, ситни капки од прскање‘.Овој назив со значењето ’пена‘ја белеѓиме/присутна е во јужнословенските и во поблиските и подалеќните словенски јазици. Сп.: срп. и хрв. *pena, pjena* ’пена‘, буг. *пяна* како ’полутечна маса со воздушни меурчиња‘, алб. *penak*, во струс. *пѣна*, рус. *пéна,* укр. *пíна,* белорус. *пéна,* чеш. *pěna, pìna*, слов. *pena*, пол. *piana* (БЕР VI: 129; Skok II: 670). ТРМЈ (IV:60) лексемата *пена* ја нотира со три значења: 1. Меурчиња што се образуваат по површината на некоја течност при механичко или хемиско дејство (турање, матење, вриење, варење итн.). *Морска пена. Мирислива пена. Бела пена од брановите. Пена од пиво. Вино со пена. Пена од сапун.* 2. Густа белузлава плунка на човек или животно што се јавува при некоја болест или при голем умор. *Му се поави пена на устата.* 3. Смеса во вид на пена за определена намена што се истискува од сад под притисок. *Пена за бричење. Пена за гаснење.* ◊ **Со пена на устата** – полн со злоба. **Устата му фати пена** – безуспешно докажува некому со факти.

Имено, во козметичката индустрија постојат производи именувани како **пена за коса** со различна намена чија употреба треба да придонесе за

разубавување на косата. Тука се и производите за мажи – **пена за бричење** која ја штити кожата од иритација при бричење и истовремено ја хидрира. Во градежната индустрија, пак, позната е **полиуретанската пена** или **пур пената** која најчесто се употребува за изолација, во противпожарните апарати има **пена за гаснење** итн., а кај народот, пак, постои верување дека ако сонувате пена треба да се пазите од измама, или дека ви претстои тежок период, а ако сонувате дека ви излегува пена од устата трба да бидете повнимателни /да се пазите од несреќни случаи.

Називот ***сапуница*** во македонските дијалекти го регистрираме во голем број зборообразувачки разновидности, како ***сап'уница / сап'ујнца/ сапуњ'ајца / сạпунв'ина / сап'унило/***, деривациски модели преку кои лесно се следат промените во суфиксацијата на сиот македонски дијалектен ареал.

Дистрибуцијата на називот ***сапуница*** во однос на називот ***скама*** во македонските дијалекти покажува негова концентрираност од десната страна од р. Вардар. Во самостојна употреба се јавува во долнопреспанските говори и во леринскиот говор, каде и се образува мал островски ареал. Во заедничка употреба со именувањето ***пена*** називот ***сапуница*** е дистрибуиран во целото западномакедонско наречје, во северните говори во Тетовско, а спорадично се јавува во крајните североисточни говори, во дел од централните говори, а во југоисточното наречје само во Кочанско. Како што можеме да забележиме, на овој дел од македонскиот дијалектен ареал речиси нема или е ретка употребата на лексемата ***скама.***

Лексичката разновидност ***сапуница*** со значење ’пена од сапун‘, како nomina atributiva (назив на носител на особина) е изведена од именката ***сапун*** со суфиксот -*ица*, а означува ’средство за миење и перење‘. Всушност сапунот е хемиски добиена пенлива формулација (сапонификација) со натриум лаурил сулфат. Анализираниот материјал ни покажа дека називот сапун најчесто е забележан со определбата свински и како таков е буквало распостранет на целиот македонски дијалектен ареал. Според Скок (III: 202), оваа лексема е културен романизам застапен само во јужнословенските јазици, додека словенскиот назив е *milo, midlo.* Именувањето сапун за означување ’средство за миење и перење‘е застапено во сите балкански јазици. Сп.: срп. и хрв. *sàpūn*, буг. *сапỳн*, ром. *săpun*, алб. *sapun, sapua, -oi*, нгр. *σαπουνι*, тур. *sapun, sabun*, унг. *szappan*, лат. *sapo-,* ген.-*onis*, итал. *sapone.* Изведенки на -*ица* како *sapunica* со значење ’пена од сапун‘ се регистрирани во срп. и хрв. јазик, а во буг. дијалекти застапени се формите *сапунявица, сапунило, сапунка, съпуненцъа* (БЕР VI:491). Во стандардниот македонски јазик со лексемата

сапун се именува ’хемиско средство во тврда состојба за миење, перење‘(ТРМЈ V:298), а со *сапуница* ’бела пена добиена од сапун и вода‘. Ова именување се јавува и со преносно значење ’телевизиска серија со многу продолженија без содржина‘– *Гледаше сапуници*. Фразеологизмот **Сапунска опера** се употребува за ’долга телевизиска серија со сентиментална и драматична содржина‘(ТРМЈ V:299).

Сложенки од типот *п'ења от с'апун* или *сапун'ава в'ода* на македонскиот дијалектен ареал регистриравме спорадично во Кичевско и Делчевско.

Како што споменавме, картографираниот материјал покажува дистрибуција на лексемата ***скама*** од левата страна на р. Вардар, поточно во источниот дел на македонскиот дијалектен ареал. Овој назив е регистриран во североисточните македонски говори, зафаќајќи го светониколскиот говор, од каде практично и започнува неговата дистрибуција и каде може да се види формирање на мал островски ареал. Потоа односниов назив се шири во југоисточното наречје. Ваков араел се формира и во штипско-струмичките говори, иако овде инцидентно, во по неколку пунктови се јавува во заедничка употреба со називот ***пена***. Употребен самостојно називот ***скама*** се спушта кон долновардарските говори и тоа во Кукушко и Дојранско, зафаќајќи и дел од серско-лагадинските говори.

Називот ***скама*** е балкански грцизам и според Аргировски (1998: 249) односново именување е изведено од нгр. *σκάμμα,* покрај другите значења забележано и со значењето ’сапуница која останува во коритото по перење тенки алишта; пена‘, изведено е од нгр. *σκάπτα* ’копа‘, сп. *σκάφη* ’копанка, корито‘. Й.Заимов, пак, тврди нгр. *σκάμμα* е добиено со асимилација од италј. дијал. *scumma* неапол. *scuma*, а ова пак, од ствисгер. *scūm*, гер. *Schaum* што значи ’пена‘ (БЕР VI: 722). Со толкување ’пена од сапун, сапуница‘ именувањето скама е нотирано и во ТРМЈ (V:395).

Овде ќе споменеме уште една заемка од грчкиот јазик. Тоа е заемката ***'афра*** која ја регистриравме само во нестрамско-костенарискиот говор. Аргировски во монографијата „Грцизмите во македонскиот јазик“ (1998: 80) го бележи истово именување во костурскиот говор како заемка од грч. ἀφρός ’пена‘.

Лексемата ***шкумба*** на македонската јазична територија е во ограничена употреба. Во самостојна употреба иманувањево го евидентираме само во по еден пункт и тоа како *шк'ума* во Голем Папрадник (Дебарско), *шк'умба* во Слимница (Костурско)**.** Во заедничка употреба со називите п'ена/пј'äна и сап'уница/сапун'ејнца називот *шк'умба* го бележиме во долнопреспанските говори (Пустец: сапун'ејнца //

шк'умба и Граждено: п'ена // сап'уница// шк'умба), во костурско-корчанските говори (Добролишта и Крчишта: п'ена // шк'умба), како и на крајниот југозапад од македонскиот дијалектен ареал, во Бобошчица:пј'ана//шк'умба. Во Љубаништа (Охридско) се регистрира упореба на трите називи *шк'умба// ск'ама// сап'уница***.** Во овој случај станува збор за адаптирана заемка од албанскиот јазик, на што укажува и самата дистрибуција на односнава лексема на македонскиот дијалектен ареал. Имено, во алб. јазик ја нотираме именката *shkúm/ë* ж.р. *shkúma* со значење ’пена‘, а сложенката *shkúmë sapuni* означува ’пена од сапун‘(Агаи 1996: 676). А. Пољоска во монографијата „Лексичка интерференција на македонскиот и албанскиот јазик“ (1998: 222) во македонските дијалекти ги бележи називите *шкумба, скама* со три значења 1. ’пена од сапун; сапуница‘, 2. ’пена од течна река‘, 3. ’пена од пиво, ракија и сл‘. Пољоска називот го регистрира во Преспанско, Охридско и Струшко и според него ова именување е од албанско потекло, сп.: *shkumbë-a*, *shkumë*, ’пена, сапуница‘;*shkumë deti* ’морска пена‘ *shkumë sapuni* ’пена од сапун‘.

Во Р Албанија најголемата и најбрзата река која тече низ централна Албанија и воедно претставува природна дијалектна граница на двата дијалекти на албанскиот јазик, гегискиот во северна и тоскискиот дијалект во јужна Албанија, се именува како Шкумбин или Шкумба, алб. Shkumbini. Всушност и реката Пена (во постарата литература позната како Тетовска Бистрица,Тетовска Река, Шарска Река) е хидроним кој го добил своето име токму по пената што ја прави брзата река во планинскиот дел од своето течение.

На македонскиот дијалектен ареал во Орашац – Светиниколско во заедничка употреба со називот п'ења го регистриравме и називот ***цеѓ*** со забелешка дека се работи за постар збор, што е очигледно и од неговото толкување ’вода од пепел‘. И ТРМЈ (VI:309) ја нотира лексемата ***цеѓ*** како синоним на пепелница со значење ’вода вриена со пепел и исцедена за миење садови и варење сапун; пепелница, пепелна вода‘; *Ја миеше празната бочва со цеѓ*.

На крајот, од ареален аспект, би можеле да заклучиме дека општословенскиот назив *пена* е и општомакедонски, а другите именувања како заемки од соседните јазици се во употреба на периферијата на македонскиот јазичен ареал.

ЛИТЕРАТУРА

Агаи, А., *Албанско-македонски, Македонско-албански речник*, Скопје, 1996.

Аргировски, М., (1998), *Грцизмите во македонскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

БЕР, *Български етимологичен речник* I–VI, 1971–2002, Издателство на Българската академия на науките, София.

Видоески, Б., (2000), *Прашалник за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Пољоска, А,. (1998), *Лексичка интерференција на македонскиот и албанскиот јазик*, „Менора“, Скопје.

ТРМЈ, *Толковен речник на македонскиот јазик* I–V, 2003–2011, Велковска Снежана, Конески Кирил, Цветковски Живко (редакција), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ , Скопје.

Skok, Petar, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* I–IV, 1971–1974, Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti, Zagreb.

www.femina.mk>Забава>Соновник

www.femina.mk.>Убавина и мода>Коса

www.forum.idividi.com.mk/forum_posts.asp?T//D=27018

www.geografija.in.rs/drzave-evrope/albanija

www.sharplanina.com.mk/hidrologija.com.mk

811.163.3.1'373 : [091 : 003.349

Михајло МАРКОВИЌ
Соња НОВОТНИ

ПРЕГЛЕД НА ДИЈАЛЕКТНАТА МАРКИРАНОСТ НА ЛЕКСИКАТА ВО ИЗБРАНИ СТАРИ ТЕКСТОВИ ПИШУВАНИ НА МАКЕДОНСКА ПОЧВА

Апстракт: За предмет на обработка во овој реферат се одреденидва ракописипишувани на старословенски јазик и два ракописи пишувани на народен јазик. Неслучајно избравме старословенски ракописи со богаталексика (*Слепченскиот патерик* и патерикот *Крка бр. 4*), наспрема двата текста со богата народна лексика (*Огледало* и *Различна поучителна наставленија*), напишани од двата македонски интелектуалци и просветители Кирил Пејчиновиќ и Јоаким Крчовски. Старословенските ракописи што се предмет на истражување на овој реферат и текстовите што се пишувани на народен јазик се текстови од македонска проевиненција. Преку истражувањето во трудов ќе направиме преглед на лексичката дијалектна маркираност на избрани лексеми во двата старословенските ракописи, наспрема релативно поновите текстови на К. П. Т. и Ј. К. Народната лексика од македонско јазично подрачје во однос на својот состав не претставува поизразита еднообразност. За сите лексеми од оваа група можеме да сметаме дека се составен дел од народниот лексички слој, тргнувајќи од опозицијата на црковнословенската лексика наспрема народна лексика. Имено, текстовите на К. П. Т. и на Ј. К. содржат и лексеми што во однос на дијалектната маркираност се однесуваат неутрално и што влегуваат во составот на еден поширок општ лексички слој. Вака изолирани можеме да гисметаме за неутрални или дијалектно немаркирани. Степенот на дијалектната дистинкција е даден од опозицијата на соодветните еквиваленти или варијанти во односниве текстови. Местото на една лексема во народниот лексички слој е обезбедено од неговата опозиција спрема црковнословенскиот еквивалент. Определени лексеми имаат поширока распространетост на дијалектниот терен, така што евентуалната дијалектна маркираност би била обусловена од опозицијата на лексемата којашто е позната во определени дијалекти.

Клучни зборови: стари текстови, старословенски, народен, дијалектна маркираност.

Слепченскиот патерик (Марковиќ 2011:23) е пишуван на крајот на XIV век на дебела и груба хартија на 246 листа со димензии 20x13 см.

Овој ракопис, кој од Слепченскиот манастир прво бил пренесен во Археолошкиот музеј во Софија, а оттаму бил префрлен во Софиската народна библиотека каде што се чува и денес под број 1037. Пишуван е со безјусов правопис. Нема оригинална пагинација, односно има понова пагинација која прво е погрешена па потоа од друга рака повторно пагиниран. Стари записи нема, а поновите се на македонски јазик. Писмото е читливо, правилно пишувано, секоја страница содржи 20 реда со некои исклучоци, има многу кратенки, лигатури и надредни знаци, пишуван е без многу грешки и само на мал број страници е оштетен и не се чита. Фалат страници на почетокот и на крајот на ракописот. Ракописот започнува со житие за Еуфимија, а содржи и повеќе помали текстови.

Патерикот *Крка бр. 4* е (сé уште необработен) ракопис којшто потекнува од Хилендарскиот манастир и е пишуван во 1346 г. на 287 хартиени листови, а денес се чува во манастирот Крка, под бр. 4 (264/62) поради што и го носи своето име.

Огледало (Пејчиновиќ 1816) е првата печатена работа на К. П. Т. Со помош на призренскиот поп Коста Стошиќ, *Огледало* на К. П. Т. било печатено во Будим, во универзитетската печатница, во 1816 г. Набрзо по печатењето и пренесувањето во Македонија, делото на К. П. Т. станало многу популарно и него го има скоро секој свештеник во Македонија. Поради недостиг на печатени примероци, делото на К. П. Т. било во употреба во сите три дела на Македонија. Веднаш се појавиле преписи на одделни партии од Огледало.

Различна поучителна наставленија (Крчовски 1819) е печатено во Будим 1819 година и има 310 страни голема осмина. Ј. К. овде ни дал еден голем зборник кој се состоел со различна, главно, набожно-морализаторска содржина. Зборникот од поучителни наставленија Ј. К. го изработил, компилаторски, користејќи разни црковно-набожни текстови. Во зборникот на Ј. К. имаме делови кои се земени од Евангелието, од Стариот Завет, од разни црковни отци, како што се Јован Златоуст, Василиј Велики и др. Ј. К. во ова негово дело ни оставил драгоцени податоци што ни ја прикажувале положбата на нашето општество во првите децении на XIXв. (Селищев 1915:51)

И писмениот и народниот јазик имаат задача да го овозможат и го обезбедуваат јазичното комуницирање. Но овој факт сепак не условува меѓу двата јазика да не доаѓа до постојани конфликти од кои како победник, во историска перспектива, секогаш да излегува народниот. И најраниот период од историскиот развој на нашиот јазик сведочи за нарушувањето на системот на писмениот јазик со определени процеси што се одвивале во народниот јазик и чиишто резултати во соодветна мера се

одразиле во писмениот јазик (Конески, Јашар-Настева 1972:7). Елементите од народниот јазик во спомениците од постариот период на нашиот писмен јазик се јавуваат, во поголема или помала мера, изолирано и маргинално. Состојбата во поглед на нивната инфилтрација во писмениот јазик се проценува во периодот на дамаскинарската книжевност, кога на планот на писмениот јазик се јавуваат никулци за смена на основата на писмениот јазик (Петканова-Тотева 1965:222-234; Илиевски 1972). Јазикот на даскалите, почнувајќи од XVI век со внесување на елементи од народниот јазик, во текот на XVII-XVIII век постепено се трансформирал во писмен јазик со народна основа (Илиевски 1973:4-9). Оваа трансформација била помогната и од од историските прилики што ја попречиле натамошната развојна континуираност и дејност на просветно-административните центри, уништувајќи (укинувајќи) ги и предизвикувајќи ја на тој начин децентрализацијата на словенската писменост (Историја на македонскиот народ 1969:295-296). Како последица од децентрализацијата на просветните центри и од нивната меѓусебна изолираност се појавила расколебаноста на јазичната норма и несигурноста во правописните правила. Па така на дамаскинарите од XVIII век им останува да постапуваат според непишаното правило „секој пишува како што знае“, ослонувајќи се на соодветниот дијалект (Петканова-Тотева 1965:224-230; Илиевски 1973:6-7).И во текстовиите на Кирил Пејчиновиќ и на Јоаким Крчовски, во соодветна мера, се огледува оваа јазична состојба. Едновремено нивните текстови го илустрираат и резултатот од процесот на онароднувањето на писмениот јазик кој во почетната фаза се манифестирал со инфилтрација на одделни елементи од народниот јазик во писмениот, а во завршната фаза нивниот квантитет надвладеал над елементите од црковнословенскиот јазик, прераснувајќи во квалитативен фактор и манифестирајќи се во познатата смена на основата на писмениот јазик. Народната основа „не е изразена во сосем чист вид“, туку таа претставува „своевидна синтеза на традиционалниот писмен јазик и на народниот“ (Конески 1970:13-14).Соодносот на заслугата на Крчовски и на Пејчиновиќ и нивниот удел во заеднички постигнатиот квалитативен скок во развојот во нашиот писмен јазик во поглед на смената на неговата основа е од квантитативен карактер. Крчовски во оваа смена учествува со повеќе текстови, а Пејчиновиќ со помалку. Јазикот на Пејчиновиќ е „поонароден“, тој во демократизацијата на писмениот јазик отишол подалеку од Крчовски во чиишто текстови не наоѓаме лексеми од народниот јазик од турско потекло со кои се заменуваат црковнословенските еквиваленти од најтесната црковна терминологија и коишто придонесле за неповолното мислење на црковната цензура (Јашар-

Настева 1973:101;Конески 1968:19). Читајќи ги текстовите на Пејчиновиќ и на Крчовски, можеме да се увериме во констатацијата дека Пејчиновиќ е „несомнено кај нас најблиску сврзан со душата на простонародната реч“ (Конески 1968:25).

Словенските лексеми од народниот слој во овие тестови можат да бидат маркирани со определени признаци карактеристични за македонскиот, бугарскиот, или српскиот јазик. Нивниот меѓусебен однос произлегува од нивната улога во односниве текстови. Имено основниот и најбројниот слој го сочинуваат лексемите од македонското јазично подрачје; тие во воздејство со другите јазични карактеристики ја даваат и народната основа на јазикот на овие тектови. А улогата на лексемите од српското и бугарско јазично подрачје се состои во проширувањето на кругот на можните конзументи. Во северноисточна јазична тромеѓа имаме и ситуација на јазици во контакт, на синхронен и дијахронен план воздејството на обата соседни јазици врз нашиот јазик е помаркантно отколку во обратна насока (Миовски 1974:86-113). Од гледна точка на дистрибуцијата на лексемите од овој слој се забележува распределбата на лексемите маркирани со определени признаци карактеристични за македонскиот или српскиот јазик, и се манифестира извесна рамномерност во согласност со поделбата на односниве текстови, поаѓајќи од гледна точка на уделот на народниот јазик во нив. Аналогна е состојбата и во однос на лексемите што се маркирани со определени признаци карактеристични за бугарскиот јазик, но со исклучот на состојбата во последниот текст. Во *Различна поучителна наставленија* присуството на бугаризмите е позабележливо во поглед на нивната зачестеност, а и во поглед на појавувањето на нови лексеми што не се среќаваат во поранешните текстови на Крчовски.

За јазикот на текстовите на Кирил Пејчиновиќ е констатирано дека во него се одразени северозападните македонски дијалектни црти, а додека во текстовите на Јоаким Крчовски се одразени источномакедонските дијалектни црти или се уточнува дека тие се однесуваат на говорите од североисточна Македонија, односно дека Крчовски во основата на своите текстови ги поставува североисточните говори (Селишчев 142-148; Конески 1970:4).Бидејќи Пејчиновиќ и Крчовски се „емпирички упатени во дијалектните разлики на македонскиот терен и пошироко“, тие „не се тесно локално ориентиран во однос на народниот јазик“, така што во јазикот на нивните текстови се огледува учеството на лексиката од поширок дијалектен терен (Конески 1970:13-14). Народната лексика од македонското јазично подрачје во однос на својот состав не претставува поизразита еднообразност.

За сите лексеми од оваа група можеме да сметаме дека се составен дел од народниот лексички слој, тргнувајќи од опозицијата црковнословенска лексика наспрема народна лексика. Тие меѓусебно се разликуваат по степенот на својата дијалектна маркираност. Имено, текстовите на Пејчиновиќ и на Крчовски содржат и лексеми што во однос на дијалектната маркираност се однесуваат неутрално и што влегуваат во составот на еден поширок општ лексички слој. Како пример ги даваме *тато, рака, вдовица*. Вака изолирани можеме да гисметаме за неутрални или дијалектно немаркирани. Степенот на дијалектната дистинкција е даден од опозицијата на соодветните еквиваленти или варијанти во односниве текстови.

Местото на една лексема (пр. *тато*) во народниот лексички слој е обезбедено од неговата опозиција спрема црковнословенскиот еквивалент (*отец*). Лексемата (пр. *тато*) има поширока распространетост на македонскиот дијалектен терен, така што евентуалната дијалектна маркираност би била обусловена од опозицијата на лексемата *тато* наспрема *баша* којашто е позната во источните гранични дијалекти, освен што е неутрална за бугарскиот јазик, или пак *отац* позната во северозападните гранични дијалекти (неутрална за српскиот јазик) (Миовски 1974:86-113).

Како што може да се забележи дијалектната маркираност кај текстовите со народен јазик, така и во старословенските текстови може да се проследи дијалектно маркирана лексика во зависност од тоа во која книжевна школа или скрипторски центар е пишуван ракописот, или пак од каде потекнува (во која книжевна школа е обучуван) пишувачот (монахот).

Присуството на лексемите од српското и бугарското јазично подрачје ја зголемува хетерогеноста на овие текстови што условува создавање нови можности за комбинирање. Последиците од оваа состојба се огледуваат во вкрстувањето на меѓудијалектен, односно на меѓујазичен план.Од оваа ситуација потекнуваат и некои тешкотии во врска со издвојувањето на определени лексеми и со нивното вбројување во даден јазичен (дијалектен) слој. Несигурноста при одлучувањето на определбата на спорните лексеми може да биде предизвикана од фонетски и морфолошко-структурни особености. Присуството на консонантските групи *жд, шт,*множинската морфема *-ове* и други го подложува на дискусија нивното потенцијално определување во лексичкиот слој на писмениот јазик или во народниот, односно во дијалектниот лексички слој.

Гласот *х* сигнализира припадност кон црковнословенскиот лексички слој, но и кон лексичкиот слој на бугарскиот, односно српскиот јазик, а во определени позиции и кон македонскиот дијалектен терен. Истиот рефлекс на назалот од заден ред во руската црковнословенска варијанта, во српскиот јазик и во северноисточните македонски говори, во определени случаи, го отежнува издвојувањето на соодветните лексеми во даден лексички слој (Миовски 1974:100-107). На прашањето за влијанието на соседните словенски јазици врз нашиот литературен јазик му се посветени повеќе студии во кои на контрастивен начин е прикажан развитокот на македонскиот јазик од фонолошка, морфолошка, зборообразувачка и од лексичка гледна точка (Димитровски 1965:4-16; Димитровски 1968:1-8).

Определувањето на јазичната припадност на одделни лексеми може да претставува и покомплицирано прашање. Се случува истите или сличните критериуми, врз чија основа се врши определувањето на дадени лексеми и во даден контекст, не условуваат и исти резултати. Во поглед на јазичната припадност на лексеми од ваков вид не постои едномисленост (Угринова-Скаловска 1968:111-137).

Преглед и анализа

Во следната етапа од нашиот реферат ќе се задржиме на определени избрани лексеми (со нивните контексти) и нивната дијалектна маркираност, со акцент на дијалектната маркираност или немаркираност во наведените старословенски ракописи, наспрема ракописите со народна лексика. Како лексеми коишто ќе ги ексцерпираме (ако ги има) од ракописите (текстовите) кои се предмет на обработка ги определивме: рака, пат, сон, ден, мака и темница.

ПАТ:

и влѣзошѫ въ корабльъ, и поплоушѫ кь немн ѡбрѣтошѫ старца на **пѫти**, и того хѡтѧща тамо и тн. и не вѣдѣхѫ же его братїа (40/5); мнн срѣте на **пѫтиуръноризцѫ**. съвратн же сѧ егоуменїасъ **пѫтѣ**, и реуе емоу. аще бн ты бнлъ мнн съвръшенъ. (55/80) Крк

вѣтвн моꙗ ѝ младѣнуе мон н уедо моѥ по҃вижн се ѝ веселн се добры҃м҃ бо **поутемь** ндеш҃. ѡ̀ сем҃ бонм҃лнлн се ѥсте (24v/6); днꙗволꙗ

дѣꙗнꙗ нспльнь. невѣсте ли ꙗко **поуть** ꙗ□снꙗ житнꙗ. ꙗ да ꙗсн гражꙗннь. **поутннкь** ꙗсн **поуть** ходнши. (83/16) Слепч

пакъ чоекъ ѿоцо е дебелъ нл е неверенъ, нлн тежокъ, леннвъ оуще вторый**пѹть** препрашѹе и̑ велнтъ (103/13); се молнмъ да гн настанвнтъ на **пѹть** нстннный, н да гн нзваднтъ ѿ темннннѹ оу вниделнна н всн хр҃тїанн да спасетъ, н насъ да помнлѹетъ, амнинь (97/19) Оглед

ѿ адама се намъ ѡтворнлъ **патъ** оу адъ оу вѣчна мѹка, така вознесенїето на новагѡ адама христа, ѡтворнло намъ **патъ** вхожденїе на н҃бо (10/16 11/4 12/9 13/18 18/3 18/5 19/2 19/22 19/23 38/22 47/24 48/21 48/23 49/2 50/9 ...); сегн нїѧ далъ хр҃тосъ на време **пѹтешествїѧ** санкн, ходнме на той вѣкъ, като оу планнны, н оу пѹстнны, житїа міра сегѡ, овай вѣкъ міръ се казѹе (207/5) Различ

Анализа: Во однос на оваа лексема во Крк во сите проследени примери имаме употреба на етимолошкото **ж** низ целиот текст. Во Слепч следиме развој на **ж** во **оу** низ целиот ракопис (дијалектна маркираностпрепознатлива за северните македонски говори). Истото го следиме во Оглед на К. П. Т., без отстапување, а во Различ на Ј. К. следиме употреба на **патъ** (**ж** во **а**) во најголемиот број проследени примери (дијалектно неутрална лексема/немаркирана), но во една лексема има развој на **ж** во **оу** што пак претставува северозападна дијалектна маркираност за овој пример.

ТЕМНИЦА:

гл҃аемоу старецъ, нди н сътвори мыслъ своѫ, ꙗко же злодѣне творѧть.н сѫщн н въ **темннцн**. ѡнн бо въпрашаѫт҃улкы, где есть кнѧзь, н когда прїндеть,н ѿ чаанна плачѧт сѧ. (7/3); скврьнъı н ѡкаꙗнъімь злъімъ помъісломь. н въ **тьмѣ** погребень сьн. мнѣ въ сьвѣтѣ ходнтн. н ннокъ бытн не пщевахь. (114/24) Крк

и̑ повелѣ вь саднтн ꙗ вь **темн҃нцоу**, дон҃дѣ же послꙗть ꙗсь цр҃оу, бѣ же нхь, мѡразвѣ ст҃ыꙗ еуфнмнꙗ.(1/5); до ѹтра вѣ҃на боудн вь

тьмнцоу, и блюдома боуди. еда како вьлшвенїи ми оубѣжавшї (62v/17) Слепч

се молимъ да ги наставитъ на пѫть истинный, и да ги изваднтъ ѿ **темнинѫ** оу виделина и вси хрїани да спасетъ, и насъ да помилѫетъ, аминь (97/20); **тма**(25/15) Оглед

какѡ сега що видиме тогава ке да покріе нощь глѫбока и **темна** уѫдеса на земли: вонни и людїе съ люге на едно, и звѣрїе со звѣрове, и землѧ ке да се потопи сосъ кръвъ (284/10); **теменъ** (160/21); **темна** (284/10, 25/22); **темница** (212/2 212/15); **темнїй** (21/22); **темно** (25/17); **темнота** (6/18); **темнѡ** (212/1) Различ

Анализа: Во однос на овој пример можеме да ги дадеме следните согледби: а) во Крк лексемата се следи во неутрална форма на дијалектна маркираност, односно дијалектно немаркирана (**темнци**) во повеќето примери, и во дијалектно маркирана форма (**тьмѣ**) карактеристична за северозападните македонски говори. Истите согледби можеме да ги констатираме во Слепч и во Оглед; б) во Различ следиме единствено употреба на дијалектно неутрални лексеми коишто влегуваат во составот на еден поширок општ лексички слој.

МАКА:

бо се есть. ѡн же ѿвѣща.....оу, и реуе.татїе въ **мѫкѫ** тъ.....оубо здесебе, аще можеши **мѫкы** понести· и въставстоаше на знои. еднеи, испеуе сѧ и не жааше **мѫкы** понести. и пакы гла мысли тои.аще не можеши, то не крадн и ыждъ ·: (44/10) Крк

дври ѿврьзше вьиндеи проуеие, ты же какыи любо **мѫкы** аще хощешипринеси (13v/6); на же нхь **моуунти моукамн. моуунми** же по все дни, трьпѣхоу **моукы** ба радн. (2v/1) Слепч

поцо що не ѣе идемо оу царство небное, а зацо се **мѫунмо** на овой векъ, зацо постимо, зацо се крщеамо, зацо се закопѫемо, зацо за дѫша давамо (67/1); **мѫка** (80/20); **мѫуени, мѫуеникѡвъ** (150/13); **мѫкахъ** (28/13) Оглед

ѡ, колкꙋ е найстрашна **мꙋка** на тоѧ хрїстїанинъ що живее немирнѡ: ахъ блазе на тіѧ що примирꙋватъ овецы: ѡ хрте срю ꙗ знамъ зашо една толкѡ салтъ ѿ преутаѧ твоѧ кръвь капка, има сила да оугаси снукїо пламникъ на вѣчна **мꙋка** (18/4, 16/18); **мꙋченикъ** (186/8); **мꙋчи** (2/22); **мꙋчныхъ** (69/2); **мꙋки** (16/12) Различ

Анализа: Оваа лексема во Крк ја проследивме (во однос на ексцерпираните примери) повторно во неутална форма на дијалектна маркираност, односно зачувана во каноската форма на носен изговор (**мѫкы**). Во ниту еден пример не проследивме некаква измена, развој на носовката. Во Слепч, за разлика од следиме развој на **ѫ** во **оу** низ целиот ракопис, односно во сите проследени примери (дијалектна маркираност позната за северните македонски говори). Во поновите македонски ракописи (временски) пишувани на народен говор бележиме: а) К. П. Т. во Оглед низ целиот ракопис ја употребува лексемата **мꙋка**, што во суштина е очекувано ако се земе во предвид дека авторот е родум од тетовско, каде што и денеска се користи лексемата **мука**наместо **мака** под влијание на северозападниот македонски јазичен ареал; б) интересно е тоа што и Ј. К. иако најчесто употребува дијалектно неутрална лексика, за овој пример низ сите проследени примери бележиме примери со дијалектна маркираност препознатлива за северните македонски говори (**мꙋка**).

СОН:

и бѣше порѫчено емоу, за тѣмъ зданїемъ еже знждаахѫ. бѣше бо ѿтрѫ сапал сѧ гра тън.едино ѫ же въ **сынѣ**, видѣ ефремъ сѣдѧщаепкпа. и над нимъ стоѫщи стлъпъ. (67/5); и̇ приѫшѫ исъ собѡѫ. исирекшемъимъ, въста ѿ **съна**. и се никто же еоуѡцаїѡанна.ипринближив сѧ кънемоу,сказахъемоу ꙗже видѣ въ**съны**. (18/8) Крк

мрьскыми льстми. бозн се нарицающе. привидѣниꙗ твореще.ѡво вь **сынѣхь**. ѡво на ꙗвѣ. и тако сведоше улвка сь поути истиньнаго. (204v/14); бѣше болѣпа. икрасота ѥемногыѥ **сановитн**на любовприведе, ꙗко же привестиюневѣстоусномьсвонмь (27/20) Слепч

оваѧ молитвасе ѹатиболномꙋ ѹоекꙋ, що не го фаѣа **сонъ**, не може да ѕаспїетъни ден ниноѣ, да дойдетъпопъ,и да мꙋстантъкрѿтомъ що крѿитъвода (53/18, 56/11, 56/17) Оглед

еѵлїе. иже бо бдитъ нито же можетъ тать оукрасти имѣнїе егѡ, аще ли **соналвъ** есть всѧ вѕемъ ѿидетъ(214/20); **санъ** (191/7); **санꙋванѣ** (67/6); **сонмицъ** (96/14) Различ

Анализа: Од ексцерпираните примери можеме да забележиме: а) во Крк лексемата ја проследивме (во однос на ексцерпираните примери) во неутална форма на дијалектна маркираност, односно зачувана во каноската форма на носен изговор (**сънѧ**). Во ниту еден пример не проследивме некаква измена, развој на ерот. Во Слепч следиме развој на **ъ** во **а**во само еден пример во ракописот **сановити** (дијалектна маркираност позната за северните македонски говори, или пак силно влијание на српската црковнословенска варијанта), а во сите останати примери низ ракописот бележиме неутална форма на дијалектна маркираност. Во однос на поновите македонски ракописи (временски) пишувани на народен говор бележиме: а) К. П. Т. во Оглед низ целиот ракопис ја употребува лексемата **сонъ** (дијалектно неутрална лексема/немаркирана), што е интересно за разгледување, ако тргнеме од фактот дека К. П. Т. се школувал на Хиландар каде што во најголема мера се служел со литература со српска црковнословенска варијанта; б) Ј. К. за разлика од К. П. Т. во поголема мера се користи со употреба на дијалектно маркирана форма (препознатлива за северните македонски дијалекти коишто се под силно влијание на српскиот јазик) за лексемата (**санъ**), што повторно изненадува, бидејќи овде е очекувана дијалектно немаркирана употреба на лексемите, односно фреквентноста на немаркираните лексеми да биде значајно поголема од дијалектно маркираните примери.

ДЕН:

азъ же въ всѧ **дни** жизни моеѫ не въкоусихꙋ таковаа. ни воды пи, иако же ѡнѫ водѫ.тогда гламн стын. видѣ ли брате коликаблгаа посилаетъ бъ своимъ рабомъ. повъсѧ **дни** бѡ поедино рыбѣ посилааше ми

сѧ.(88/12); ѳ въсѣкомъ дѣлѣ своемъ, и на въсѣкъ **днъ**,да г҃лешн. нинѣ аще посѣтнть мене г҃ъ. (25/3) Крк

вь ѥднинже ѿ **дн҃їн** приближи се **дн҃ь** паметныи сьставившоу моу монастирь. посла игоумьнь ѹьрьнца.(28v/18); клевета ѡ нѥмь кь ц҃роу бы҃, ꙗко **данью**□изгоубиль. и прославь ц҃рь разграби домь ѥго. (213v/16) Слепч

сей **день** его же сотвори г҃дь, возрадоѹем сѧ и возвеселим сѧ и возвеселим сѧ во онь. во истина велитъ той **день** радостенъ **день** (7/7, 11/1, 22/16, 50/11, 54/1, 68/13, 71/8, 71/14, 73/10, 78/1, 79/18, 85/10, 85/19, 86/6, 87/20, 89/12, 91/6, 91/17, 92/2, 92/5, 92/5, 92/17, 94/19, 95/8, 95/9, 95/6, 98/13, 105/12, 107/15, 107/19, 118/16, 118/18, 119/3, 120/16, 121/1, 123/20, 126/1, 126/3, 128/17, 128/19, 139/5, 147/19); **денѣ** (127/3); **ден деноска** (86/6); **дена** (89/6); **денешенъ** (69/11); **денешнїй** (71/14); **денешномъ** (122/10); **деноска** (131/3); **денесь** (88/19); **деномъ** (68/3); **денотъ** (72/10) Оглед

сите тїѧ б҃жїи ѹда на мѣсто книга имъ бѣше да не забоваратъ никогашъ, амин на секи **день** нова памѧтъ и новъ оумъ да иматъ, снрѣѹь секи **день** и секогашъ да иматъ и да знаѧтъ и да мыслѧтъ тїѧ ѹда б҃жїй (10/8, 27/7, 27/7, 31/22, 38/20, 50/8, 53/21, 54/6, 64/5, 64/21, 64/22, 66/13, 83/18, 94/17, 121/13, 123/24, 126/15, 148/8, 180/1, 189/16, 189/19, 197/13, 207/6, 210/15, 211/10, 211/14 2,15/19, 221/24, 223/11, 246/14, 262/16, 263/21, 264/21, 285/19, 287/18, 288/18, 295/5, 299/8, 305/13); **денѧ** (261/9); **деноска** (310/7); **данъ** (241/9) Различ

Анализа: Можеме да констатираме декалексемата **дънъ** воКрк и во Слепч ја бележиме употребувана идентично како што ја следиме во старословенскиот канон. Во текстовите на К. П. Т. и на Ј. К. бележиме употреба на дијалектно неутрална лексика во речиси сите ексцерпирани примери (**день**), освен во еден пример во Различ каде што проследивме дијалектно маркирана лексема **данъ**, карактеристична за северните македонски говори.

РАКА:

и҆ абїе исплънн сѧ връто́пъ свѣта свѣтаѣ е сл҃нца. и вонѧ ароматныѫ наплънн сѧ гѡраѡна. и҆ емъ ст҃ын **рѫка** моа наѹѧ гл҃атн снце. спн сѧ врътпе. вънем же бв҃н оугодн тѣлѡмъ монмъ. въ тебѣ прѣбывъ вь жнзнн моен (90/11) Крк

ѥзык же ѥго дльжаѥ пе... днвьнь испоущаше. десна же ѥго **роука** на вьзоухь прострьта. дроугаа же ѥго **роука** ꙗко срьпь нзощрена.(243/3) Слепч

да бегамо безъ трага оу дно земнѧ, и҆ тамѡ не утерѹдемо ѿ **рѹка** бж҃їѧ, зацо велнтъ дх҃ъ ст҃ый оу ѱалтнрь (122/19); **рѹцѣ** (6/17); **рѹкою** (54/14) Оглед

нзъ реброто цо ме прободоха истеуе кровь: ѿ ранните, ѿ **рѹкните** и ѿ ногните истекла кровъ, и ѿ клинцыте ѿ ексерете истекла кръвь, не паднала на землѧта залѹдо не е текла, а уовецы мыслѧтъ и не можатъ да разѹмеѧтъ зацо не е залѹдѹ истекла таѧ кровь хр҃това (299/12, 41/11); **раката** (207/20, 207/22); **рѹка** (49/7); **рѹкн** (24/16) Различ

Анализа: Во однос на лексемата **рѫка** следиме: а) во Крк ја проследивме неутална форма на дијалектна маркираност, односно лексемата низ целиот ракопис е зачувана во каноската форма на носен изговор (**рѫка**). Во ниту еден пример не проследивме некаква измена, развој на носовката. Во Слепч, за разлика од следиме развој на **ѫ** во **оу** низ целиот ракопис, односно во сите проследени примери (дијалектна маркираност позната за северните македонски говори) - **роука**. Во поновите македонски ракописи (временски) пишувани на народен говор бележиме употреба на лексемата **рѹка** во најголем дел од ексцерпираните примери.Во Оглед оваа употреба е очекувана ако се земе во предвид дека авторот е родум од тетовско, каде што и денеска се користи лексемата **рука**наместо **рака** под влијание на северозападниот македонски јазичен ареал; б) интересно е тоа што и Ј. К. иако најчесто употребува дијалектно неутрална лексика, за овој пример низ сите проследени примери бележиме примери со дијалектна маркираност препознатлива за северозападните

македонски говори (**рѹка**). Во Различ во еден пример бележиме употреба на зборoформата **раката** што претставува дијалектно неутрална лексема/немаркирана.

Заклучоци од споредбите

Од проследеното можеме да заклучиме дека дијалектната маркираност во однос на ракописите кои се предмет на нашата работа, а за лексемите коишто ги избравме по пат на случаен избор (со услов да ги има во сите ракописи) не е застапена во голема мера во примерите кои ги ексцерпиравме од Крк и Различ (дијалектно неутрални), за разлика од Слепч и Оглед, каде што во најголема мера проследивме дијалектна маркираност позната на северозападните македонски говори. Во Крк во сите проследени лексеми се дијалектно неутрални, зачувани во својата канонска форма, или во однос на дијалектната маркираност се однесуваат неутрално при што влегуваат во составот на еден поширок општ лексички слој. Во Слепч во повеќето лексички форми бележиме дијалектна маркираност позната за северните македонски говори, или пак силно влијание на српската црковнословенска варијанта/српскиот јазик (истото го бележиме во Оглед), а во Различ следиме паралелна употреба на дијалектно маркирани, наспрема дијалектно немаркирани лексеми од страна на Ј. К.

ЛИТЕРАТУРА

Димитровски, Т., (1965),*За некои влијанија на соседните јужнословенски јазици врз македонскиот литературен јазик*, Литературен збор, година XII-бр. 4, Скопје.

Димитровски, Т., (1968),*Македонскиот литературен јазик наспрема бугарскиот и српскохрватскиот*, Литературен збор, година XV-бр. 5, Скопје 1968.

Илиевски,П., (1972), Крнински дамаскин, Скопје.

Илиевски, П., (1973),*Јазикот на дамаскините и процесот на обновување на писмениот јазик во турскиот период*, Предавања, VI семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје-Охрид.

Јашар-Настева,О., (1973*), Од лексиката на Кирил Пејчиновиќ*, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово.

Историја на македонскиот народ (1969), книга прва, Скопје.

Конески,Б., (1972), Јашар-Настева, О., Македонски текстови, 10-20 век, Скопје.

Конески, Б., (1970), Јоаким Крчовски, Скопје.
Конески,Б., (1968), Кирил Пејчиновиќ, Слово за празниците, Предговор, Скопје.
кѵріллъ тетоец пенѣнновнѣь,(1816),книга сїѧ ѕовомаѧ ѡгледало, пнсмены кралевскъ: оуніверсїтета пещанскагѡ, въ бѹднѣ градѣ.
Марковиќ, М., (2011), Слепченски патерик – лингвистичка анализа (магистерска теза), Тетово.
Миовски,М., (1974), Лексиката во текстовите на Јоаким Крчовски (магистерска работа во ракопис), Скопје.
Петканова-Тотева,Д., (1965), Дамаскините в българската литература, София.
разлнуна поѹнтелна наставленїѧ,(1819), соунненнаѧ іеромонахомъ іѡакімомъ хаци, настоѧнїемъ же поутенороднагѡ господара нешы марковнуа, родомъ ѿ кратова, въ бѹднѣ градѣ, печатено при кралевскомъ оуннверсїтетѣ пнсмены славено-сербскїѧ печатни.
Селишчев, А. М. Хаджи Йоаким и язык его книг, *Македонски преглед,* София IX, кн. 3-4.
Селищев, А. М., (1915), Отчет.
Угринова-Скаловска, Р., (1968), *Бугаризмите во современиот македонски јазик*, Македонски јазик, Скопје.

811.163.3.1 : [091 : 003.349

Мери ЦУБАЛЕВСКА

ЈАЗИЧНИТЕ ОСОБЕНОСТИ КАЈ СПОРЕДНИТЕ ПИСЦИ НА ВАТАШКИОТ МИНЕЈ

Апстракт: Во овој прилог ќе се осврнеме на некои јазични особености кај споредните писци, кои ги надоврзуваме врз сознанијата кои ги имаме за јазичните особености на главниот писец Растко од Мешеишта. Посебен акцент ставаме на правописно-фонолошките особености кои се одраз на поновата фаза од развојот на писмениот јазик и на неговата норма (особено во текстот пишуван од писецот Новак во XVIII век). Ваташкиот минеј од 15 век припаѓа на групата празнични минеи со служби за големите црковни празници, како и за најпочитуваните светци, а за позначајните празнични денови се додадени паримии, синаксари и сл. и е интересен од повеќе аспекти: правописен, фонолошки, морфосинтаксички, зборообразувачки, лексички и др. Во пишувањето на ракописот покрај главниот писец Ра(с)тко од Мешеишта учествувале и други писци. Се забележува дека е редуциран репертоарот на графемите, не се употребуваат носовките, ниту јери и јат, а нема употреба ни на паерок. Српското влијание е силно изразено преку меѓусебните замени на ь, ѣ–ѧ. Од друга страна, силно се чувствува влијанието на македонската дијалектна подлога: испуштање и хиперкоректно бележење на епентетското ѧ, затврднување на согласките ꙗ, ѧ, ꙋ, разлагање на слоговното ꙗ и промени на согласката в, особено нејзино губење во консонантските групи. Анализата потврдува дека јазичните особености кај споредните писци не се разликуваат многу од истите кај главниот писец, но некои појави во нив доаѓаат до посилен израз. Подобра претстава за нив добиваме особено од подолгите одломки на л. 186-187. Покрај официјалната српска правописна норма и одразот на влијанието на српскиот јазик во одделни примери, јасно се наложуваат македонските јазични црти. Со тоа се потврдува македонското потекло на писците.

Клучни зборови: историја на јазик, споредни писци, правописно-фонолошки, морфолошки, лексички особености.

Ваташкиот минеј од 15 век припаѓа на групата празнични минеи со служби за големите црковни празници, како и за најпочитуваните светци, а за позначајните празнични денови се додадени паримии, синаксари и сл. Коегзистенцијата на состави со различна жанровска припадност во ракописот

го прават овој текст особено интересен за проучување од различни аспекти: правописен, фонолошки, морфосинтаксички, зборообразувачки, лексички и др.

Нашите опсервации врз јазичните особености, и тоа подетално врз правописно-фонолошките особености кај споредните писци на ракописот ги надоврзуваме врз сознанијата кои ги имаме за јазичните особености на главниот писец Растко од Мешеишта.

Ваташкиот минеј има едноеров, безјусов ракопис во кој добро доаѓаат до израз српските правописни норми својствени за македонската писменост во XV век. Составен дел од репертоарот на графемите е и предвокалното ї со две точки. Оваа графема е карактеристична за евтимиевско-ресавскиот правопис, а во српската писменост овој правопис го вовел Константин Костенечки (КМЕ II, 1995:24; 423-426). Анализата врз ракописот ја надоврзуваме на овие белешки за писците на ракописот, но покрај тоа откриваме уште неколку делови што не се пишувани од главниот писец. Такви делови се наоѓаат на листовите: 24b14-21, 70c1-31, 72a1-19, 80a1-19, 103c1-11, 120d12-33, 143a1-15.

Правописот на овие делови е едноеров, безјусов со деназализација оу/ю, е/ѥ, исто како кај главниот писец. Репертоарот на графемите исто така, е идентичен со репертоарот на главниот писец. На одделни особености на овие делови подетално ќе се осврнеме понатаму.

Сепак, српските правописни норми во ракописот не се изразени со полна доследност. Така, на пр., во српскиот правопис редовно се употребува паерокот (Јовановиќ 1996:21-24), но главниот писец на Ваташкиот минеј оваа правописна одлика ја воведува повеќе како исклучок. Паерокот поредовно го пишуваат споредните писци .

Може да забележиме дека одредени јазични особености се одраз на поновата фаза од развојот на писмениот јазик и на неговата норма (особено во текстот пишуван од писецот Новак во 18. век. Правописот на овие делови е едноеров, безјусов со деназализација оу/ю, е/ѥ, исто како кај главниот писец. Репертоарот на графемите, исто така, е идентичен со репертоарот на главниот писец. На одделни особености на овие делови подетално ќе се осврнеме во понатамошниот текст.

Во пишувањето на ракописот покрај главниот писец Ра(с)тко од Мешеишта учествувале и други писци. Ѓ. Поп-Атанасов (Поп-Атанасов1996:71, 2001:47) на л. 186 и 187 и на последните три листа од ракописот уочува присуство на други писци кои работеле истовремено со главниот писец. Покрај тоа, тој го уочува и присуството на писецот Новак што во 1754 г. го допишал л. 199.

Како што споменавме погоре деловите кои не се пишувани од главниот писец Ра(с)тко се наоѓаат на листовите: 24b14-21, 70c1-31, 72a1-19, 80a1-19, 103c1-11, 120d12-33, 143a1-15, 186c1-187b25, 199, 226-228.

Правописот на овие делови е едноеров безјусов со деназализација оу/ю, є/ѥ, исто како кај главниот писец. За подобар увид во понатамошниот текст ги приложуваме деловите пишувани од споредните писци, од кои може да се увидат определени правописно-фонолошки особености во овие делови од ракописот.

Лист 24b14-21

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- нема предвокално ї:поустиниѥ, христиѩнє
- замена ъі >и: вь широтипоустиниѥ
- недоследна употреба на прејотација кај є:єгоже, потаєнноѥ,поустиниѥ
- отсутност на прејотација во групата -аа: б‹ог›оуоугожденнаа, у‹и›стаа, безнєвѣстнаа
- епентетско л: люблѣше

Лист 70c1-31

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- употреба на паерок: богатьст҃во, мир҃скоую, вѣр҃ни
- употреба на предвокално ї зад кое секогаш стои непрејотиран вокал: тѣлєснїє, повєлѣнїю, сп‹а›сєнїа, д‹оу›шєсїанимь, кр‹ь›щєнїє, оуищєнїємь
- замена ъі >и: бис‹ть›, д‹оу›шєсїанимь, тѣлєснїє, рани (‹ ранъі), твр҃ьдимь, владиуицє, троиунимь, д‹оу›шєсїанимь, истинимь
- недоследна употреба на прејотација кај є (задїсекогашє):раискыє, повиноує сє, єгоже, єси, вьдвараѥ сє, ѥси, избавлѩѥши
- отсутност на прејотација во групата -аа: вьсєхвалннаа
- епентетско л: избавлѩѥши
- затврднување на р, л: вьдвараѥ сє, ѡплꙋва

Лист 72а1-19

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- употреба на паерок: б‹о›ж‹є›ст҃вноѥ
- испуштање є во суфиксот –єнъ: трьблажнє
- недоследна употреба на предвокално ї: раздѣлєнїє, сїѩнїє, поклонєнїѩ, измѣниє, нєсториѥво, бєзоумиє
- замена ъі >и: пошбиуаю
- употреба на прејотирано ѥво сите позиции паралелно со є: ѥси, єдиноодѣиствьноу,єдиноохотителємь, б‹о›ж‹є›ст҃вноѥ, приѥмь, нєсториѥво, измѣниє, раздѣлєнїє, бєзоумиє, сїѩнїє, ѡблистає,злоє,м‹оу›у‹є›ницѥ, искорєнѥвающаа
- отсутност на прејотација во групата -аа: искорєнѥвающаа

Лист 80а1-19

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- употреба на високиот ери паерок: съпоут҃ника
- употреба на предвокално ї: грѣшнїим‹ь›
- вокализација ь › є : єдїнорєвнитєла
- мешање на и и ы: нєповынныє, пастира, пастиремь, скровыщє
- отсутност на прејотација кај є: нєповынныє, дрьжимыє, єдїнорєвнитєла
- затврднување на р, л: прѣдьстатєла, ц‹а›ра, пастира, єдїнорєвнитєла, избавитєла, прѣдстатєла, ѹтѣшитєла (нокрьмитєлѩ)

Лист 103с1-11

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- употреба на паерок:тѣм҃же, нєстатєл҃ноє
- доследна употреба на предвокално ї:василїє, исповѣданїє, бг҃ословїє
- вокализацијаь › є : рєвность
- мешање на и и ы: нє раздыѕаю сє
- недоследна употреба на прејотирано ѥ:ѥси, ноиѕнємагаєть, єством‹ь›ьдварає сє
- затврднување: вьдварає сє

Лист 120d12-33

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- употреба на паерок: брашꙋнь
- недоследна употреба на предвокално ї: вьпїєть, пѣнїа, правиѥ, велиѥмь
- вокализација ь › є : праведна, стєзє (‹ стьѕа)
- мешање є › ѣ : паче тебѣ
- мешање на и и ы: синове, вь поустины, вьзивающим‹ь›, вьзивающє, г‹осподь›ы
- отсутност на прејотација во групата -аа: неплодная, бесуедная
- употреба на прејотирано ѥзад самогласка со исклучок на ї:правиѥ, велиѥмь
- затврднување: лютѣ

Лист 143a1-15

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- употреба на високиот ер на крајот од редот: въ/сьприѥ, съ/ небес‹е›
- употреба на неетимолошки ь на морфолошка граница: въсьприѥ
- употреба на паерок: ублколюбꙋѥ
- испуштање на силниот ер: дньниц
- употреба на предвокално ї: блгосрьдїє, попльзєнїє, гаврїиль, блговѣсїє
- вокализација ь › є : конєунымь
- мешање на и и ы: вышныхь, вьобразы се, сина
- употреба на прејотирано ѥне само зад самогласка со исклучок на ї: въсьприѥ, тъждеѥ,туку и зад согласки: сѥ, ублколюбꙋѥ

Лист 186c1-187b25

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- употреба на високиот ер: съмрьть, жизнъ, соутъ и др.
- употреба на неетимолошки ер на морфолошка граница: безьмзно
- употреба на паерок: прозꙋбла (‹ прозабла), бивꙋше, кроплєнꙋми, скврьноу, болѣзꙋньныѥ, стꙋрьмлєнїа, тꙋкмо, козꙋмо, сꙋтєжахомь, нескврьнно и др.

- испуштање на силниот ер:ткмо
- вокализација:ъ › о : любовїю, ь › є во слаба позиција оумрщевлѣает се, сп. и прозꙋбла (‹ прозѣбла ‹ прозѧбла)
- мешање на и и ы: бесьребрьники оугодние, лютихь, вьпиющымь, ѡмите (‹ ѡмъите), цѣльби, бившы и др.
- употреба на предвокално ї: оукрасившїа, ѡставленїа, прѣмѣненїе, стꙋрьмленїа, блговонїе, здравїе, любовїю и др.
- отсутност на прејотација во групата -аа: спсенаа, бѣсовьскаа, свѣтозарнаа и др.
- употреба на непрејотирано є: єси, своє (‹ своѩ), оугодние (‹ оугодьнъіѩ), вьсакоє (‹ѩ), твоего, єдиномышленїи, подаваєта, єстє, моє, даноє и др.
- употреба на прејотирано ѥ зад самогласка со исклучок на ї: просвѣщаѥши зовꙋщеѥ, мариѥ и др.
- епентетско л:ѡставленїа, кроплеѥми, стꙋрьмленїа, оумрщевлѣает се, єдиномышленїи и др.
- затврднување:вьсакоє, вьса, прѣстатела, вьдварающе се, ѵоудеси (ѵюдесы, достоѵюдꙋнаа)

Лист 226-228 (служба за св. Меркуриј)

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- ретка потреба на високиот ер: ѥесмъ, съ миромь›и др.
- употреба на паерок: мерꙋкоурїе, вьзꙋненавидѣ, помєнꙋхꙋ, прїибѣгꙋша, огꙋна веѵꙋнааго изꙋбавим се, вьзꙋлюбꙋленїика и др.
- вокализацијаъ › о во слаба позиција оупованїе, ь › є: правєнїика, правєноє
- мешање на ѧ иь:хрьбрьскы, прїизывает ꙋ нь помощъ, ѿврѣстїи оуста своа нь м‹о›л‹и›твꙋ, празѧньство, казнїи (‹ къзни)
- мешање на ѣ иє: ѣ › є: прїибегаю, бесовскаа, правовернимь, венцемь, вь мирє, веѵꙋнааго, нє имеюще, пєна, вь странє и др., є › ѣ: падѣ се, ѿ скрьбѣи, прїидѣши, прѣдадѣ се сам‹ь› себѣ, ѧ › є › ѣ: ѡ творѣщїихъ, памѣть

- мешање на и и ы: помисломь, сьтворывшє, ѕлимы, помоѕы, тыхоѥ, слїишавь, нє прѣѕры, нєпостидна, висотꙋ, исцѣлиты и др.
- употреба на предвокално ї: меркоурїаа, прїибєгаю, прѣщєнїа, прїєть, поганїє и др.
- отсутност на прејотација во групата -аа: ни єдинаа добра, покаанїє и др.
- употреба на непрејотирано є: єдинаа, єгда, ст҃оє, сїає, єси, твоєи, моє и др.
- употреба на прејотирано ѥзад самогласка со исклучок на ї: тыхоѥ, моѥ, своѥго и др., во почетокот на зборот најчесто кај глаголот бꙑти: ѥсмь, ѥси и ретко зад согласки:мл҃ѣщи се
- удвојување на вокали: меркоурїаа, ни єдинаа добра, разоумнааго свѣтилнїикаа, прїибєгаю, вьѕлюбїиль, прїиѕиваю, прїибєрїи, прїиставїище, вь пєуалїи, нєпобѣдїимимь, боудїи, слїишавь, сїила, имє твоѥє и др.
- епентетското л почесто се чува:вьѕлюблѥникь, прославлю, стрьмлєнїє и др., поретко се губи: прославєна
- затврднување: всакь, вса, вьсакакыих‹ь›, разганає поганїє, ꙋтєшитєлꙋ, ц‹а›ра

Лист 199 (писец Новак, 1754 г.)

Правописот на овој дел е едноеров (само ь, по исклучок ъ), безјусов, екавски (ѣ воопшто не се употребува), безы.

Во овој дел ги бележиме следните особености:

- еровите имаат правописна функција, се пишуваат на крајот од зборот и во консонантски групи:вьсєхь, бєсьмртни, ꙋвєраєть др.
- ерови во силна позиција:или се чуваат (останькь), или се испуштаат (изрєднъ), или се вокализираат на српски начин во сите позиции: сабрахомь, єстасто ‹єстьство, сагрєшєнємь, божиставною, божєставни, ка б‹ог›ꙋ, на ꙗко (‹ нъ ꙗко).
- употреба на ерот пред сонантите: ѵꙋдодєстьвника, ꙋмилось[с]рьди се,неиѵьрпаєми, пєсьнно, сп. и божиставною, божєставни,
- покрај деназализацијата оу/ю, є/ѥ (хꙋдогласиє, вьдовицꙋ, єѕика) потврдено е и ѫ › о: повинующим се, ѫ › ь: ѵьтьщимь

- Покрај тоа кај главниот писец Ра(с)тко (а еднаш и кај писецот Новак) бележиме и примери за деназализација на големата носовка во **о:**
- ходожьствомl86a13, ѕемлисмощаѥмѣ 30d3, прѣмодре 49b26, ѕаѵно 1sg.140d24, положо1sg.102c, поти 62a2, прикосновшее се 160d, пороѵителнаа 55a 30, к‹о›гомодре 27a 27, вьроѵень быс‹т›27c
- Овие примери имаат дијалектно потекло. Ваков начин на деназализација познаваат дебарските (малорекански, дримколско-голобрдски и рекански) говори (Видоески 1998:.213-218; Конески Б. 1981: с.47)
- употреба на предвокално ї: лѹдїе, бл‹а›говоленїе, распетїе, д‹ъ›хъновенїем‹ь›, беѕаконїе, твоїе, но недоследно: помишлѥниемъ, ѿуьскиѥ, стоѩанию
- отсутност на прејотација во групата -аа: ѵ‹и›стаа, грѣховнаа, послѣднаа, ѵьстнаа и др.
- ретка употреба на прејотираното ѥ во почетокот на збороти слогот: ѿуьскиѥ, ѥси, и зад согласка:помишлѥниемъ
- епентетското л редовно се употребува:обновлшѹмѹ се, оставлениемъ, оставлениѥ...и др., дури и хиперкоректно: клаплати, дрьѕновлениѥ..... поретко се губи: ѡставениѥ
- затврднување: ѹкарашѥ, покараеши, ѹверающи, пастїра, лѹдїе, попалающѹ, сьдетелѹ, избавитела, ѵѹдеса, ѵѹдесе, ѵѹдодестьвника (покрајѵюд‹е›сь, ѵюдни)
- упростување наконсонатски групи:крепосъ, ѹтрьждаемѹ, рождѹстѹ (‹ рождьствоѵ), естасто‹естьство, ѵьснимк‹ь›, беѕно (‹ беѕдьно), неиѵьрпаеми, скрьнаго,
- обезвучување на крајните согласки: ѿ вракь

Врз основа на горе прикажаниот текст може да заклучиме дека правописно-фонолошките особености кај споредните писци не се разликуваат многу од истите кај главниот писец, но некои појави во нив доаѓаат до посилен израз. Подобра претстава за нив даваат особено подолгите одломки на л. 186-187.

На л. 186-187 редовно се употребува паерокот во согласност со српската правописна норма. Од друга страна, во согласност со развојот на

македонскиот јазик, има побројни примери за затврднување на консонантизмот (вьсакоє, чоудеси, вьдварающе се).

На л. 226-228 исто така, редовно се употребува паерок. Покрај тоа, српското влијание доаѓа до посилен израз и преку меѓусебното мешање на ь, ъ–а(празданьство, хрьбрьскы). Многу добро е потврдено мешањето ѣ–е, па дури и ѧ–ѣ–є (прїибєгаю, бесовскаа, пєна, памѣть). Македонското јазично чувство кај писецот се потврдува со испуштање на епентетското –л– (земи, оумрьщвєна, благословєнъ) и со примери за затврднување на консонантизмот (ѹтєшитєлѹ, вьсклѧнающим се, сьставлахѹ).

Одраз на поновата фаза од развојот на писмениот јазик и неговата норма содржи текстот пишуван од писецот Новак во XVIII век. Во овој текст редуциран е репертоарот на графемите: освен носовките не се употребуваат ы, ѣ, а не се употребува ни паерок. Српското влијание силно е изразено преку релативно бројните меѓусебни замени на ь,ъ–а (сабрахомъ, ка б‹ог›ѹ). Од друга страна, силно се чувствува влијанието на македонската дијалектна подлога. Нотираме примери на испуштање и хиперкоректно бележење на епентетското–л–(дрьзновлєниє, ѡставєниє), примери за затврднување на согласките р, л, ч (лѹдїє, покараєши, чѹдєса), разлагање на слоговното р (нєичьрпаєми) и промени на согласката в, особено нејзино губење во консонантските групи (скрънаго, ѹтрьждаємѹ).

Во однос на правописно-фонолошките појави забележуваме голема сличност со текстот на минејот. Исто така врз основа на анализите може да заклучиме дека и во записите се употребува едноеров, безјусов правопис. Еровите во силна позиција се чуваат (сьнь, тькмо, ѿтьчьство), носовките се деназализираат (могоу, рѹка, приєше, мислѹюще, [пр]идоше). Откриваме и примери за удвојување на вокалите (рѹка, пїшєть) како и за употребата на предвокалното и со две точки (пїишєть, хартїа, сїѧ, сьтворєнї‹а›). Се употребува епентетско л (землѧ) како составен дел на правописната норма. Сиве овие појави многу се типични за правописот на Ваташкиот минеј и го одразуваат влијанието на официјалната српска правописна норма. Кај заменката чьто бележиме асимилирана форма що што претставува понова појава навлезена под влијание на народниот јазик. Сепак, српските правописни норми во ракописот не се изразени со полна доследност. Така, на пр., во српскиот правопис редовно се употребува паерокот (Јовановиќ 1996: 21-24), но главниот писец на Ваташкиот минеј

оваа правописна одлика ја воведува повеќе како исклучок. Паерокот поредовно го пишуваат споредните писци.

Од промените на морфо-синтаксичко ниво ќе ги нотираме: акузативната форма на заменката за 3. лице: га; заменката за 1 лице во форма: ꙗ; формата на показната заменка сь/сии, си/сиꙗ се/сєє употребена постпозитивно: хартїа са; акузативната форма кај придавките на –го (потрꙋ[ди]вшагѡ) (Јовановиќ 1996:23); формата на релативната заменка: єрє. Овие промени во заменските форми најверојатно се навлезени под српско влијание, односно преку црковнословенскиот јазик кој писецот/писците очигледно добро го владееле. Од споменатите форми за српските црковнословенски текстови особено е многу карактеристична формата на релативната заменка: єрє (Дан III:523-526). Многу често во српските текстови е и формата ꙗ кај заменката за 1 лице (ДанI:493), додека во македонските текстови се употребува формата азъ (РЦЈМ I: 2006:239-240).

Од глаголските форми како иновации ќе ги споменеме: императивот на –итє : простите (покрај правилното клънѣтє). Тоа се совпаѓа со ситуацијата во текстот на минејот во кој исто така, доаѓа до експанзија на оваа императивна наставка. Скратената форма на инфинитивот: нє могоу писать укажува дека тој како нежива категорија бил подложен на промени. Новата форма на глаголот мислꙋющє ја документира засилената употреба на суфиксот -ова-/-оува- (мисловати, мислоуѫ) што е исто така потврдено во текстот на минејот.

Влијанието на македонскиот народен јазик нашло одраз во примерите каде што се следи изместувањето на деклинацијата: патих ѿ врѣвꙋ, и ѡ мнѣ грѣшномꙋ потрꙋвшагѡ (<потрꙋдившагѡ).

Влијанието на народниот јазик добро се согледува и во лексиката. Од домашните зборови треба да се споменат: зборот маика, потоа записати со значење „почне да пишува“, дописати со значење „заврши со пишување“ и прѣоуръстати со значење „препише“.

Преку народниот јазик навлегле и одделни грчки зборови од кои во ракописот (кај записите) се потврдени: патити, харътиꙗ.

Некои од спомнатите зборови се среќаваат и во постарите записи, на пр. во Битолскиот триод имаме: шо, хартиꙗ, патити (Поп-Атанасова 1995:77-80).

Извршената анализа на правописно-фонолошките, морфо-синтаксичките и лексичките особености кај споредните писци потврдува дека тие не се

разликуваат многу од истите кај главниот писец, но некои појави во нив доаѓаат до посилен израз. Подобра претстава за нив добиваме особено од подолгите одломки на л. 186-187. Исто така може да заклучиме дека покрај официјалната српска правописна норма и влијанието на српскиот јазик во одделни примери, јасно се наложуваат македонските јазични црти, со што се потврдува македонското потекло на писците на ракописот, скоро идентично како и кај главниот писец Растко.

ЛИТЕРАТУРА

Богдановић Д., (1989), Инвентар ћирилских рукописа у Југославији (XI-XVII века), Београд, 141.

Видоески Б.,(1998), Дијалектите на македонскиот јазик, Том 1, Скопје, 66;.213-220.

Дан –Даничић Ђ.,Из књижевних старина српских, I (ѧ-к) 1863, II (л–п) 1863, III (ρ-ѣ) 1864, Београд.

Јовановић Г., Језичка норма у српскословенској писмености, Научни састанак слависта у Вукове дане, 1-6. 9. Београд - Нови Сад, Београд 1996, .21-24.

КМЕ – (1995), Кирилометодиевска енциклопедия, БАН, т. II, София,423-426.

Конески Б., (1981,1986), Историја на македонскиот јазик, Скопје.

Конески Б., Јашар-Настева О., (1966), Македонски текстови 10-12 век, Скопје , (II издание, Скопје 1972).

Поленаковиќ Х., (1955), Еден ракопис од XV век, Македонски јазик, год.VI , кн.1, 69-70.

Поп-Атанасова С., (1955), Лингвистичка анализа на Битолскиот триод, Скопје.

Поп-Атанасов Ѓ., (1989), Речник на старата македонска литература, Скопје.

Поп-Атанасов Ѓ., (1996), Прилог кон проучување на таканаречениот „Ваташки општ минеј “, Македонскиот јазик од Мисирков до денес, Скопје, 69-77; 2001:45-60.

Поп-Атанасов Ѓ., (2000), Палеографски албум, Том I, Скопје, 53-57.

Поп-Атанасов Ѓ., Велев И., Јакимовска-Тошиќ М., (2004),Творци на македонската литература (IX-XVIII век), Скопје.

Рибарова З., (2005), Јазикот на македонските црковнословенски текстови, Скопје.

РЦЈМР (2006), Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција.Том I, (гл. ред.Рибарова З.), ИМЈ Скопје.

Цубалевска М., (2009), Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката), Скопје.

811.163.3.'373.2

Весна МИОВСКА

СПЕЦИФИКИ НА ПРЕЗИМИЊАТА СО ЕПЕНТЕТСКО *Л/Љ*

Апстракт: Во двотомниот речник „Речник на презимињата кај Македонците“ наведени се 32 обработени речнички презименски единици со епентетско *л/љ*. Тие, главно, се образувани од двокомпонентните сложени имиња со втора компонента *-сав*, односно од лично име. Епентетското *л/љ* го нарушува морфолошкиот систем, бидејќи се соединува кон презименските суфикси при што настанува суфиксно двоумење.

Клучни зборови: македонски јазик, ономастика, презимиња, лични имиња, прекари, суфикси.

Појавата на епентетското *л/љ* кај презимињата досега, колку што можев да се информирам, не претставувала предизвик за македонските лингвисти. Можеби тоа се должи на фактот што во подалечното минато не постоела можност за подетално проучување на нашите презимиња, бидејќи недостасувале соодветни речници.

Меѓутоа, со излегувањето од печат на двотомниот „Речник на презимињата кај Македонците“ (РПМ I, II), а подоцна и на „Обратен речник на презимињата кај Македонците“ (Иванова 2007), се овозможува изделување на презимињата со епентетско *л/љ* и нивно објаснување.

Увидот во презимињата покажа дека епентетското *л/љ* се јавува кај два презименски типа, имено кај оние што се образувани со суфиксите *-ев/-ева*, *-евски/-евска*, односно кај оние со суфиксот *-евиќ*. Според ова презимињата ги разгледуваме во две групи: *Презименски тип со -ев/-ева, -евски/-евска* и *Презименски тип со -евиќ*.

Презимињата се наведени по азбучен ред и ги содржат објаснувањата онака како што се претставени во *Речникот*.

I. ПРЕЗИМЕНСКИ ТИП СО *-ЕВ/-ЕВА*, *-ЕВСКИ/-ЕВСКА*

Во оваа група спаѓаат следниве презимиња:

Добрисављева I. Крива Паланка 1(1). **II.** Л.и. **Добрисав** (со вметнато *л* меѓу *в* и *-јь* и со правописна недоследност) + *-јева*.

Добросављев I. Битола 2(1). **II.** Л.и. **Добросав** (со вметнато *л* и со правописна недоследност, в. *Добрисављева*) + *-ев*.

Журевљева I. Скопје 1(1). **II.** Прек. **Журеви** (: фам. и. *Журев/и,-ци* од л.и. *Журе* од *Ѓуре* < *Георгѣи* од грч. *Γεώργιος* 'земјоделец'; со епентетско *л* и правописна недоследност) + *-ева*.

Јаковлев I. Битола 3(1); Демир Капија, Неготинско 4(1); Охрид 2(1); Скопје 16(4); Титов Велес 17(4); Штип 3(1). **II.** Л.и. **Јаков** (: *Јаков* од евр. *Ja'qöþ*, грч.*Ἰάκωβος*; лат. *Jakobus* 'придружник') + *-лев* (*л* е вметнато меѓу *в* и *-јь*).

Јаковлева I. Охрид 2(1). **II.** Л.и. **Јаков** (в. *Јаковлев*) + *-лева*.

Јаковлевска I. Беловиште, Тетовско 2(1); Долно Лисиче, Скопско 9(1); Долно Нерези, Скопско 2(1). **II.** Л.и. **Јаков** (в. *Јаковлев*) + *-левска*.

Јаковлевски I. Беловиште, Тетовско 12(2); Битола 8(2); Валандово 5(1); Врбен, Гостиварско 3(1); Глоѓи, Тетовско 8(1); Гостивар 18(4); Злести, Охридско 3(1); Маврови Анови, Гостиварско 1(1); Мажучиште, Прилепско 2(1); Никифорово, Гостиварско 11(1); Охрид 6(2); Петровец, Скопско 8(1); Сенце, Гостиварско 5(1); Скопје 34(10); Тетово 24(5); Титов Велес 6(3). **II.** Л.и. **Јаков** (в. *Јаковлев*) + *-левски*.

Јаковљева I. Штип 1(1). **II.** Л.и. **Јаков** (в. *Јаковлев*, со правописна недоследност) + *-љева*.

Јаковљевски I. Скопје 8(2); Тетово 7(1); Титов Велес 3(1). **II.** Л.и. **Јаков** (в. *Јаковљева*) + *-љевски*.

Јаковљески I. Гостивар 2(1). **II.** Л.и. **Јаков** (в. *Јаковљева*) + *-љески*.

Милосавлева I. Скопје 2(1). **II.** Л.и. **Милосав** (разновидност на *Милослав*) + *-лева* (*л* се вметнува меѓу *в* и *-јь*, стар посесивен суфикс).

Милосавлевска I. Беловиште, Тетовско 7(1). **II.** Л.и. **Милосав** (в. *Милосавлев*) + *-левска*.

Милосавлевски I. Беловиште, Тетовско 6(2); Вратница, Тетовско 6(1); Одри, Тетовско 2(1); Скопје 17(4); Тетово 19(4). **II.** Л.и. **Милосав** (разновидност на *Милосав*) + *-љевска*.

Милосављев I. Скопје 1(1). **II.** Л.и. **Милосав** (разновидност на *Милосав*) + *-љев* (правописна недоследност на *-лев*, в. *Милосавлева*).

Милосављева I. Скопје 2(1). **II.** Л.и. **Милосав** (разновидност на *Милослав*) + *-љева* (правописна недоследност на *-лева*, в. *Милосавлева*).

Миросављева I. Тетово 1(1). **II.** Л.и. **Миросав** (: *Мирослав*) + *-љева* (*-лева*, *л* е вметнато меѓу *в* и *-јъ*, стар посесивен суфикс, со правописна недоследност).

Радосављева I. Битола 2(1). **II.** Л.и. **Радосав** (: *Радослав*, со правописна недоследност) + *-лева*.

Сабовлевски I. Велес 1(1). **II.** Прек. **Сабов** (: сп. срп./хрв. *sabov* ʻабаџија‘ – Skok 1973, 182 или, што може да биде поверливо, од *собол* (во рус., ром. и др.) ʻзоол. крт; самур‘; *в* пред *л* може да се објасни како прилагодувачки елемент) + *-левски*.

Сабовљева I. Скопје 1(1). **II.** Прек. **Сабов** (в. *Сабовлевски*) + *-љева*.

Станисавлев I. Добрево, Пробиштипско 1(1); Крушевица, Кавадаречко 8(1); Мустафино, Светониколско 7(1); Новоселани, Кочанско 23(2). **II.** Л.и. **Ста-нисав** (: *Станислав* ʻда биде славен/да му трае славата‘) + *-лев*.

Станисавлева I. Скопје 1(1). **II.** Л.и. **Станисав** (в. *Станисавлев*) + *-ева*.

Станисавлевски I. Арбанашко, Кумановско 3(1); Дрвош, Струмичко 2(1); Жегљане, Кумановско 3(1); Куманово 2(1); Нерав, Кривопаланечко 15(3); Скопје 5(1); Тромеѓа, Кумановско 13(2). **II.** Л.и. **Станисав** (в. *Станисавлев*) + *-левски*.

Станисављев I. Жегљане, Кумановско 1(1). **II.** Л.и. **Станисав** (в. *Станисавлев*) + *-љев* (со правописна недоследност).

Станисављевски I. Добрача, Кумановско 2(1); Жегљане, Кумановско 3(1); Огут, Кривопаланечко 1(1); Крива Паланка 6(1); Скопје 4(1). **II.** Л.и. **Ста-нисав** (в. *Станисављев*) + *-љевски*.

Првава група ја сочинуваат 24 речнички презименски единици. Над 50% од нив – 14 единици се образувани од двокомпонентни словенски лични имиња со втора компонента *-сав* која, според обработувачите, е разновидност на *-слав* или е правописна недоследност на *-слав*. Станува збор за имињата *Добрисав*, *Добросав*, *Милосав*, *Миросав*, *Радосав*, *Станисав*. По нив следуваат 7 единици образувани од несловенско лично име *Јаков* и 3 од прекари, имено *Журеви* –1 и *Сабов* – 2.

Примарна епентетска функција, според обработувачите, има консонантот *л*. Имено, за него се вели дека е тоа вметнато *л*, односно *л* е вметнато меѓу *в* и *јь*, поточно *л* е вметнато меѓу *в* и *јь*, стар посесивен суфикс (в. *Журевљева*, *Добросављева*, *Добрисављева*, *Јаковлев*, *Милосавлева*, *Миросављева*). Секундарна епентетска функција има консонантот *љ*, бидејќи тој претставува правописна недоследност односно „правописна недоследност на *-лев*, *-лева*“ (в. *Добросављев*, *Станисављев*, *Јаковљева*, *Милосављева*).

Презимињата се образувани со следниве суфикси: *-ев*, *-ева* (в. *Добросављев*, *Журевљева*), *-јева* (в. *Добрисављева*), *-лев*, *-лева*, *-левски*, *-левска*, *-љев*, *-љева*, *-љевски*, *-љевска*.

Бројот на носителите на овие презимиња изнесува вкупно 98 фамилии со 396 члена. Од нив 39 фамилии со 168 члена се со

двокомпонентни лични имиња, 56 фамилии со 225 члена се од лично име, а 3 фамилии со 3 члена се од прекари.

II. ПРЕЗИМЕНСКИ ТИП СО –*ЕВИЌ*

Во вторава група спаѓаат следниве презимиња:

Богосављевиќ I. Охрид 1(1). **II.** Л. и. **Богосав** (: *Бо҃гослав* ʻда го слави бога‘ со испаѓање на *л* и со правописна недоследност) + -*(л)евиќ*.

Јаковлевиќ I. Тетово 4(1). **II.** Л.и. **Јаков** (: евр. *Ꞗa'qōþ*, грч. *Ἰάκωβος*, лат. *Jakobus* ʻпридружник‘) + -*левиќ*.

Љубисављевиќ I. Скопје 2(1). **II.** Л.и. **Љубисав** (: *Љубислав*) + -*љевиќ*.

Милосавлевиќ I. Дебар 2(1); Охрид 5(1); Скопје 2(1); Тетово 3(1). **II.** Л.и. **Милосав** (в. *Милосав*) + -*левиќ* (за *л* в. *Милосавлева*).

Милосављевиќ I. Битола 5(2); Брзак, Кумановско 1(1); Кичево 1(1); Куманово 1(1); Љубодраг, Кумановско 7(1); Ново Село, Скопско 4(1); Прилеп 2(2); Просениково, Струмичко 1(1); Скопје 16(10); Велес 2(1); Умин Дол, Кумановско 7(1); Штип 1(1). **II.** Л.и. **Милосав** (в. *Милосав*) + -*љевиќ* (правописна недоследност на -*левиќ*, в. *Милосавлевиќ*).

Радосавлевиќ I. Битола 2(1); Струмица 2(1). **II.** Л.и. **Радосав** (: *Радослав* + -*левиќ*, со вметнато *л* меѓу *в* и *ј*).

Радосављевиќ I. Битола 1(1); Куманово 2(1); Струмица 6(2). **II.** Л.и. **Радосав** (в. *Радосавлевиќ*, со правописна недоследност) + -*левиќ*.

Станисављевиќ I. Милошево, Крушевско 3(1). **II.** Л.и. **Станисав** (: *С҃танислав* ʻда биде славен/да му трае славата‘) + -*љевиќ*.

Вторава група содржи 8 речнички – презимески единици, од кои 7 се образувани од двокомпонентни словенски лични имиња со втора компонента -*сав* која, според обработувачите, е разновидност на -*слав* или е форма добиена со испаѓање на *л*. Станува збор за имињата *Бо҃госав*, *Љубисав*, *Милосав*, *Радосав*, *С҃танисав*. По нив следува 1 единица образувана од несловенско лично име *Јаков*.

Епентетското *љ* е правописна недоследност.

Презимињата се образувани со суфиксите -*(л)евиќ*, -*левиќ*, -*љевиќ*.

Бројот на носителите на овие презимиња изнесува вкупно 37 фамилии со 93 члена. Од нив 36 фамилии со 89 члена се од двосложни лични имиња , а 1 фамилија со 4 члена е од лично име.

*

* *

Презимињата со епентетско *л/љ* ја отсликуваат состојбата од пред половина век, бидејќи *Речникот* е работен врз основа на материјалот од државниот попис на населението извршен 1961 год.

Податоците за застапеноста на носителите на наведените презимиња говорат дека во 1961 год. таа се сведувала на 135 фамилии со 489 члена.

Спецификите за разгледуваниве презимиња се однесуваат на: (1) сложените лични имиња, (2) втората компонента од сложените имиња, (3) епентетското *љ*, (4) суфиксите.

(1) Сложените лични имиња се среќаваат во 21 речничка презименска единица од вкупно 32-те. Станува збор за 8 лични имиња, имено: *Богосав*, *Добрисав*, *Добросав*, *Љубисав*, *Милосав*, *Миросав*, *Радосав*, *Станисав*. Со 8 речнички презименски единици е застапено личното име *Јаков*. Останатите 3, за кои се смета дека се од прекар *Журеви* односно *Сабов*, се превид на обработувачите. Тоа се веројатно презимиња од друго јазично подрачје (можеби од бившата СССР), за што сведочи и податокот дека станува збор за 3 фамилии со 3 члена.

(2) За втората компонента *-сав* од сложените имиња се вели дека е разновидност на *-слав*, односно форма добиена со испаѓање на *л*, или е правописна недоследност.

Дел од имињата на *-сав* се наведени и во постоечките речници. Така, во „Речник на личните имиња кај Македонците“ (Станковска 1992) ги среќаваме *Богосав*, *Добрисав*, *Добросав*, *Љубисав* и *Милисав*, со објаснување дека се од соодветните имиња на *-слав*; во „Речник на личните имиња во македонското народно творештво“ (Коробар-Белчева, Миовска, Момировска 2008: 150) наведено е само името *Милосав*, со објаснување дека е од постарото *Милослав*; во „Обратен антропономастикон *од XV–XVI век*“ (Иванова 2006) нотирано е 31 име на *-сав*, сп. *Богосав*, *Добрисав*, *Љубисав*, *Милосав*, *Миросав*, *Радосав*, *Станисав*, како и *Борисав*, *Будисав*, *Владисав*, *Љубисав*, *Негосав*, *Томислав*, *Хранисав*. Објаснувањето на овие имиња е едноставно: на пр. за *Богосав* се вели дека е сложено име со значење како *Богославь*, со изгубено *л* зад *с*.

Губењето на *л* зад *с* е појава стара 5-6 века, што значи дека не станува збор за правописна недоследност. Како и да е, причината за губењето на *л* засега останува тајна.

(3) Епентетското *л*, се вели, е вметнато *л*, односно вметнато *л* меѓу *в* и *-јь*, додека *љ* е правописна недоследност.

Според нас гласот *љ* е мек парник наспроти тврдиот парник *л*.

Со оглед на фактот дека палаталноста е фонолошки релевантен признак, ќе се присетиме на неколкуте искази за епентетското *л/љ* дадени

во „Историја на македонскиот јазик“ (Конески 1981: 64–72), како што се: мекото *л′* се добило во прасловенскиот јазик со јотување (*l + j > l′*). Тоа е т.н. епентетско *л*; изговор со епентетско *л* среќаваме денеска во одделни зборови во северните говори каде што е тоа разбирливо поради контактот со српските говори. Инаку е уште тој изговор сочуван во некои топоними: *Дивле* (Скопско), *Годивле* (Крушевско), сп. *Годивје* (Дебарца); меко *л* добиено со ново јотување (*л + ј > лј > л′*), како што имаме во српскохрватскиот јазик, се среќава денеска кај нас само во северните говори.

(4) Суфиксите со кои се образувани презимињата се: *-лев/-љев*, *-лева/-љева*, *-левски/-љевски*, *-левска/-љевска* и *-левик/-љевиќ*. Епентетското *л/љ*, како што може да се види, се спојува за суфиксот што почнува на вокал *е*. Во *Речникоѿ* регистрираме само две презимиња со вокал *е* кај кои отсуствува епентетско *л/љ*, сп. *Милосавев*, *Сѿанисавева*. Презимињата со вокал *о*, по правило, немаат епентетско *л/љ*, сп. *Милосавовски*, *Сѿанисавов*, *Сѿанисавова*, *Сѿанисавовски*. Исклучок е презимето *Јаковлоски*. Истото важи и за презимињата на *-слав*, сп. *Боѯославова*, *Сѿаниславов*, *Сѿаниславовски*.

Појавата на епентетското *л/љ* кај презимињата создава проблем, бидејќи се нарушува границата на суфиксите. Затоа не е чудно што кај обработувачите предизвикува суфиксно двоумење, сп. *-ев/-ева* (*Добросављев*, *Журевљева*) и *-јева* (*Добрисављева*) односно *-(л)евиќ* (*Боѯосављевиќ*).

СКРАТЕНИЦИ

Јазици

ѯрч. = грчки	*ром.* = романски
евр. = еврејски	*рус.* = руски
лаѿ. = латински	*срӣ./хрв.* = српскохрватски

Друѯи скраѿеници

л.и. = лично име	*ѿ.н.* = таканаречен
ӣрек. = прекар	*фам.и.* = фамилно име

ЛИТЕРАТУРА

Коробар-Белчева М., Митков М., Стаматоски Т. (том I 1994) и Иванова О., Коробар-Белчева М., Митков М., Стаматоски Т. (том II 2001), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Иванова, Олга (2007), *Обратен речник на презимињата кај Македонците*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Станковска, Љубица (1992), *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје.
Коробар-Белчева М., Миовска В., Момировска М. (2008), *Речник на лични имиња во македонското народно творештво*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Иванова, Олга (2006)., *Македонски антропономастикон* (*XV – XVI век*), Скопје.
Конески, Блаже (1981), *Историја на македонскиот јазик*, Скопје, стр. 64–72.

811.163.3'373.2 : 821.163.3 - 93-31

Мери ЈОСИФОВСКА

СОПСТВЕНИТЕ ИМИЊА ВО ДЕЛАТА НА ГОРЈАН ПЕТРЕВСКИ

Апстракт: Предмет на оваа статија се сопствените имиња во творештвото на македонскиот писател за деца и млади − Горјан Петревски. Имено, се работи за ономастичка анализа на имињата во убавата литература, кои можат да бидат реални или измислени. Имињата што се застапени во делата на овој наш автор ја пресликуваат јазичната чистота на демирхисарскиот говор и се во духот на македонскиот јазик. Опфатени се неколку категории на оними, со посебен осврт на оние што се плод на авторовата имагинација и креација.

Клучни зборови: литературна ономастика, оним, антропоним, топоним

Горјан Петревски е современ македонски автор кој има напишано повеќе романи, збирки раскази и сценарија наменети за помладата популација. Негово родно место е демирхисарското село Мренога, факт кој однапред најавува средба со творештво коешто е исполнето со многу природни, изворни и неповторливи впечатоци. Авторовите сеќавања, претставени во романите, се само дел од реалниот живот поминат во поразлични околности од актуелните. Тие, гледано од денешен аспект, се далечни, но и спонтано стимулативни во создавањето на пријатна фикција кај читателите.

Делата на Горјан Петревски претставуваат сплет на авторовата реалност и имагинацијата, т.е. тие се оградување од автобиографскиот пристап во сопствената творечка мотивација. Затоа, во нив има реални, но и измислени ликови и објекти. Оттаму и нивните називи се или вистинити, или пак се резултат на уметничката креација на писателот.

За потребите на ова истражување беа ексцерпирани романите „Споменка“, „Марта“ и „Исти очи“. Материјалот понуди интересен и разновиден фонд од вкупно 138 сопствени имиња, од кои: женски лични имиња (37), машки лични имиња (53), прекари (14), презимиња (8), топоними (15), урбаноними (7), хрематоними (2) и зооними (2). Со оглед на фактот што изборот на сопствените имиња во убавата литература е строго индивидуален избор кој зависи од имагинацијата на авторот, но и од естетската и стилската функција на делото, онимите во убавата литература треба да се обработуваат пред сè од семантички аспект.

Ваквата лингвостилистичка анализа на типична зборовна група во конкретно уметничко дело или кај конкретен автор е анализа полна со релативитет. Имено, релативно е колку и како е сфатена авторовата порака од страна на читателот. Таа може да варира од еден до друг читател, зависно од тоа како читателот ја доживува уметничката импресија. И фабулата на уметничкото дело може да биде релативно дефинирана од страна на оние на коишто им е наменета, во конкретниов случај тоа се адолесцентните читатели. Фабулата во овој тип романи треба да биде патоказ за просторно и временско детерминирање на уметничкото дело, но и за себеспознавање во конкретната содржина.

Анализата на сопствените имиња во делата на Горјан Петревски ќе ја започнам со едено негово искажување: „Во моето творештво, ако не највпечатлив, тогаш барем најскокотлив лик е *Споменка*. Мотивираноста на името е очигледна – сеќавање и минливост, топлина и нежност, а скокотливоста е во тоа што читателите го врзуваат токму со мене. Тоа е така затоа што и приказната е пренесена преку јас-формата, при која се презема одговорност за опасноста од препознавање автобиографизми во наративниот глас, но која ѝ дава автентичност на фикцијата (2008:168).

Да бидам искрена, и мене името *Споменка* ми остави силен впечаток. Впечатокот ми беше дотолку поголем, затоа што пред 20-тина години на едно теренско истражување во крушевското село Бучин, запознав млада девојка по име *Споменче* (Јосифовска 2005: 34 и 194). На моето прашање како дошло до ова именување, присутните со чудење ми одговорија дека тоа е народно име за женско дете родено по смртта на таткото. Земајќи ја предвид оваа мотивираност во создавањето имиња, за конкретново име би го истакнала следново:

- Ова е апелативно лично име во чијашто основа се наоѓа именката *спомен* од старословенско потекло (*сѫпоминъ*, со исто значење).
- Личното име *Споменче* не е маркирано во однос на категоријата род, што значи дека со тоа име може да биде именувано и машко дете родено по смртта на таткото. Негови варијанти се имињата *Споменко* и *Спомен*.
- Како последно и воедно најважно по овој повод е да се посочи авторовата мотивација во изборот на личното име *Споменка*. Во романите од трилогијата посветена на *Споменка* тоа е псевдоним, со кој авторот Горјан Петревски уметнички се оградува од вистинското име на својата младешка и незаборавна љубов.

Со употребата на ова лично име во функција на псевдоним, Горјан Петревски се покажал како добар познавач на македонскиот јазик и

на сопствената традиција во именувањето. Ова може да се согледа и низ бројните примери на оними употребени во неговите романи:

1. **Женски лични имиња** (словенски, христијански и понови; полни, скратени и изведени форми од различно потекло): *Ана, Анѓелина, Анка, Билјана, Бисера, Бисерка*, *Божана, Вера, Дафина, Душица, Евдокија, Евра, Елена, Ема, Емилија, Емичка, Ирена, Ирина, Јулија, Катинка, Лилјана, Марта, Мартичка, Милка, Мирјана, Невенка, Перуника, Петра, Разделина, Ракида, Снежана, Спасија, Стефанија, Темјанка, Фанија* и *Цена*.

Од наведените женски лични имиња може да се заклучи дека авторот добро владее со македонскиот личноименски систем и дека добро се служи со македонските јазични средства во создавањето хипокористици. Како поретко употребувано и интересно во овој контекст би го изделила името *Разделина*, за кое од денешен аспект може да се каже дека е архаично и дека за него има потврди во македонското народно творештво. Во основата на личното име *Разделина* е заложен глаголот *раздени, разденува (се)*, од кој по пат на дисимилација на консонантските групи *-н-н-* во *-л-н-* се образувала именката *разделина*. Оваа именка е само потврда за можните зборообразувачки модели на македонскиот јазик. Со идентична семантика е женското лично име *Зора*.

Како дополнување кон етимологијата на ова прекрасно име, коешто е создадено во духот на македонската традиционална номенклатура, ќе наведам неколку цитати од Горјан Петревски: „На почетокот од учебната година од градот дојде и нова наставничка по македонски јазик... Уште од првиот час сите ја засакавме... Имаше прецрна коса, калешо лице и темнозелени очи. И најубаво име: *Разделина*... Затоа и толку ја засакавме... Најмногу од сите можеби ја засакав јас...“ (Петревски 2008: 70).

2. **Машки лични имиња** (словенски, христијански и понови; полни, скратени и изведени форми од различно потекло): *Анастас, Анѓел, Аритон, Атанас, Боѓе, Бојан, Борко, Борче, Боруле, Ванчо, Велјан, Веселин, Витан, Влатко, Војдан, Диме, Доротеј, Душко, Ѓорѓи, Живко, Иван, Илија, Илко, Ице, Ицуле, Јован, Крле, Крсте, Маѓден, Марко, Мартин, Марче, Милан, Милко, Митко, Ник, Никола, Одисеј, Павле, Панде, Петар, Петре, Пеце, Ристо, Стево, Стојан, Танче, Тео, Теофил, Трајче, Цветко, Целе* и *Џо*.

Изборот на машките лични имиња во делата на Горјан Петревски е автентичен и традиционален, тој е во духот на македонското културно наследство. Понекогаш авторот за еден ист лик употребил по две и повеќе лични имиња, во зависност од контекстот, на пр.: *Борко − Борче − Боруле*, *Крсте − Крле*, *Risto − Ице − Ицуле*, *Марко − Марче*, *Петар − Петре − Пеце*, *Атанас − Танче*, *Цветко − Целе*, *Никола − Ник* и *Ѓорѓи − Џо*. Имињата *Ник* и *Џо* се скратени форми навлезени во жаргонот на младите под влијание на англискиот јазик. Тоа го потврдува и фактот што тие се среќаваат во романот „Марта“, чијашто фабула се одвива во развиена градска средина. Посебно внимание заслужува името *Одисеј*, по потекло од грчката митологија, кое авторот го употребил метафорички: „ ... − Вам, ништо не ви треба, госпоѓо Горска − рече Марта. − Толку години го чекавте Вашиот *Одисеј* да се врати. Но, имало и зошто. Ваков убав човек се чека цел живот, па макар и воопшто да не се појави...“ (Петревски 2001: 247). Метафората се однесува на госпоѓа Горска, која со години го чекала својот сакан да се појави, исто како што и Пенелопа го чекала и го дочекала својот љубен Одисеј.

3. Прекари

Прекарите се номинална категорија која се појавила рано и независно од личните имиња, како потреба за што подобра идентификација на луѓето во определени општествени услови. Тие се резултат на креативниот човечки дух, на народната инвентивност и на актуелните мотиварачки импулси. Може да бидат индивидуални, колективни и фамилијарни; наследни или ненаследни; да имаат краток или долг век на употреба.

Горјан Петревски во споменатите романи прави извонреден избор на прекари, за кои дури може да се напише и посебна статија. Тие се дотолку поинтересни, затоа што се дел од содржините наменети за млади и имаат цел да ги внесат во еден поубав и реален свет, полн со интересни доживувања и младешки дружења. Затоа, секој индивидуален прекар е приказна сама по себе и заслужува објаснување:

Билмез − неук човек или *Таичо*
Витаминче − убаво и згодно девојче
Витез − одважно момче, мангуп
Дејви Крокет − момче од акција
Иван Грозниот − стар и строг наставник по математика
Квадратот − професор по математика
Пантер − неодоливо момче кое вози мотор како да е пантер

Пикасо − професор по ликовно образование

Прѿералка − девојче кое претерува во сѐ и постојано прави сплетки

Сѿрелец − водачот на дружината *Црни Сѿрели*

Триѓлав − професор по географија на кој омилена тема за испрашување му е темата за Јулиските Алпи и нивниот највисок планински врв

Шерлок Холм − интернатски воспитувач со детективски способности

Од корпусот на прекарите има само два примера за колективни прекари: *Соколи* и *Црни Сѿрели*. Мотивацијата за нивното создавање е според физичка карактеристика, којашто и во двата случаи има семантика на брзи фудбалери.

Она што остава впечаток, е тоа што сите прекари, со исклучок на прекарот *Прѿералка*, се од машки род и се однесуваат на машки лица.

4. Презимиња

Презимињата во делата на Горјан Петревски се типично македонски и иако се само осум на број, сепак се разновидни и интересни. Четири презимиња се образувани од лично име: *Анѓелова* (< лично име *Анѓел* + *-ова*), *Лазаревски* (< лично име *Лазар* + *-евски*), *Пандилов* (< лично име *Пандил* + *-ов*) и *Сѿојановски* (< лично име *Сѿојан* + *-овски*). Исто толку презимиња се образувани од прекар: *Гајдаџиски* (< прекар *Гајдаџи* < апелатив *ѓајдаџи* ‘свирач на гајда; изработувач на гајди’ + *-ски*), *Горски* (< прекар *Горски* < ктетик *ѓорски* од месното име *Гора*), *Долински* (< прекар *Долински* < ктетик *долински* од месното име *Долина*) и *Турјачанин* (< прекар *Турјачанин* < етник во машки род од месното име *Турјаци*). Презимињата со лично име во основата се потврдени во „Речникот на презимињата кај Македонците“ (I и II том) и тие се едни од пофреквентните презимиња со ареали низ целата територија на Република Македонија. Презимето *Гајдаџиски* во речникот не е регистрирано во таа форма, туку како *Гајдаџиев/-а*, со иста етимологија; додека пак презимињата *Горски*, *Долински* и *Турјачанин* воопшто не се среќаваат во речникот. Топонимите *Гора* и *Долина* се апелативни образувања, коишто се чести и присутни речиси во сите региони на македонската јазична територија, но топонимот *Турјаци* овде е даден како претпоставка која произлегува од структурата на презимето, без потврда во македонската топонимија.

Презимињата образувани од прекар во овој онимиски материјал се посебно интересни од повеќе аспекти. Сите се образувани со додавање

на презименскиот суфикс *-ски* директно на основата, а фактот што тие не се обработени во „Речникот на презимињата кај Македонците“ може да се протолкува на два начина. Едниот е дека можеби овие презимиња спаѓаат во оние 10 проценти од вкупниот број на презимињата кај Македонците, коишто не се опфатени во овој речник, направен според пописот на населението во СР Македонија од 1961 година. Вториот начин, кој за мене е и поверојатен, е дека тие се авторска креација со голема издржаност во содржински и јазичен контекст.

5. Топоними

Според современата ономастичка терминологија топонимите или **месните имиња** се комплексна група на сопствени имиња со кои се именуваат населени и ненаселени места, како: планини, води, острови, низини, шуми, градови, села, полиња, ливади, улици, патишта и други поголеми и помали релјефни и цивилизациски формации. Доколку овој термин е ограничен само на планетата Земја, може да биде заменет и со терминот **географски имиња**.

Топонимите во романите на Горјан Петревски може да се поделат на **реални** и **измислени**. Реални се оние, коишто на сите нам ни се добро познати. Тие во науката за имињата може да се поделат на:

- **ојконими** или сопствени имиња на населени места (градови, села, исчезнати населби, како и нивни делови, кои како целини добиле посебни имиња заради подобра просторна ориентација), пр.: *Битола* (градска населба), *Дедебалци* (село во Битолско), *Жданец* (скопска населба), *Јаворец* (село во Кичевско), *Мреноѓа* (село во Демирхисарско), *Рамна* (село во Битолско) и *Сливје* (село во Прилепско);
- **орономи** или сопствени имиња на формации од вертикалниот релјеф, пр.: *Бистра* (планински венец во централниот дел од Западна Македонија) и *Водно* (планина во јужниот дел на Скопската Котлина);
- **хидрономи** или сопствени имиња на истечни и неистечни водени површини и маси, пр.: *Вардар* (најголема река во Македонија);
- **микротопоними** или сопствени имиња на помали објекти од вертикалниот релјеф, кои имаат локална употреба, пр.: *Лески* (месност обрасната со ниски лескови дрвја).

Измислените топоними во творештвото на Горјан Петревски се создадени во определен сплет на околности и по пат на субјективна мотивираност. Тие претставуваат игри на зборови, со коишто авторот ја покажува сопствената инвентивност во креирањето именски синтагми во функција на микротопоними. Имаат ограничена употреба, која се однесува на релацијата автор − читател. Такви се следниве топоними: *Дивата Клисура*, *Долината на Багремите*, *Ридот на Јорговените* и *Царството на Лиите*.

6. Урбаноними

Тоа се сопствени имиња на објекти коишто се создадени од луѓето, со строго дефинирана просторна определеност, а опстојуваат зависно од историските и од административните промени во општеството; пр.: *Јан Амос Коменски* и *Јохан Хајнрих-Песталоци* (имиња на училишта за основно образование во Скопје), *Метропол* (име на поранешен угостителски објект во Скопје), *Кај Чичко Стоилко* (име на стара скопска сендвичарница) и *Његош* (име на слаткарница во Скопје).

За подгрупа на урбанонимите се сметаат т.н. **ходоними** или сопствени имиња на сообраќајници од секаков тип. Во конкретниов онимиски корпус тие се претставени преку следниве имиња на улици во Скопје: *Илинденска*, *Први Мај/ Првомајска* и *Теодосиј Синаитски*.

7. Хрематоними

Според современата ономасточка терминологија хрематонимите се сопствени имиња на човечки творби кои не се цврсто фиксирани во пределот, како што се: имиња на фирми, имиња на уметнички дела од секаков вид и имиња на празници − државни и верски.

Горјан Петревски во овој ономастички контекст се претставува преку два хрематонима, кои се од уметничка природа и кои се создадени под силен наплив на емоции: *Девојчето со флејта* (име на портрет) и *Момчето од Клисурата* (име на музичка композиција за флејта).

8. Зооними

Калин и *Тодор* се куче и мачор, но со невообичаени имиња; навидум човечки, а сепак сопствени имиња на животни.

Анализата на сопствените имиња во само три романи од современиот македонски автор за деца и млади, Горјан Петревски, покажа

дека се работи за извонреден познавач и негувач на македонскиот јазик, на македонската култура и на македонското национално наследство. Тој, сосема спонтано, преку своите дела нуди интересен и разнообразен ономастички материјал − реален или измислен. Напати неговите фикции создале импресивни креации, кои се особено скокотливи за понатамошни истражувања.

ЛИТЕРАТУРА

Јосифовска, Мери (2005), Антропонимискиот систем во Крушевско, магистерски труд во ракопис, Скопје.
Коробар-Белчева, Марија; Миовска, Весна; Момировска, Мери (2008), Речник на лични имиња во македонското народно творештво, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Петревски, Горјан (2001), Марта, М-графика, Скопје.
Петревски, Горјан (2004), Исти очи, Детска радост, Скопје.
Петревски, Горјан (2008), Споменка, Детска радост, Скопје.
Стаматоски, Трајко; Коробар-Белчева, Марија; Митков, Маринко (1994), Речник на презимињата кај Македонците, том I (А−Љ), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Стаматоски, Трајко; Коробар-Белчева, Марија; Митков, Маринко; Иванова, Олга (2001), Речник на презимињата кај Македонците, том II (М−Ш), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Станковска, Љубица (1992), Речник на личните имиња кај Македонците, Напредок. Тетово.

811.163.3 : [378.096 (437.6)

Звонко ТАНЕСКИ

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И КУЛТУРА ВО СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ДРЖАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СЛОВАЧКА

Апстракт: Рефератот најпрвин нуди кратка, но објективна и целосна слика за постигнатите резултати поврзани со статусот и местото на македонистиката во студиските програми на државните универзитети во Република Словачка до денес, а потоа ги прикажува и ги образложува и потенцијалните можности и перспективи за развој на македонистиката во оваа централноевропска словенска држава во иднина.

Клучни зборови: македонски јазик, култура, студиски програми, Словачка, афирмација

Македонскиот јазик како изборен предмет се изучуваше досега во Р. Словачка само во два кратки периода и тоа од 2004 до 2007 година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Коменски“ во Братислава и од 2008 до 2011 година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра. По неколкугодишна пауза, во Братислава од септември 2015 година се отвори повторно истиот предмет заедно со предметот „Факти за Македонија“, а целиот македонистички ангажман и порано и сега е под водство на доц. д-р ЗвонкоТанески. Овој реферат, всушност, претендира да понуди кратка, но објективна и целосна слика за постигнатите резултати, а ќе проговори на крајот и за потенцијалните можности и перспективи за развој на македонистиката во иднина во оваа централноевропска словенска земја.

Научниот интерес за македонскиот јазик во словачката академска средина има прилично долга историја. Словачките слависти се обидувале да ги најдат корените на македонско-словачките јазични, книжевни и културни врски уште во заедничката кирилометодиевска традиција[1].

[1] Види, на пример: CHOMA, Branislav: *Devín a slovanskí prvoučitelia.* Bratislava: Štúdio Jasoň Devín, 1993, s. 80; CHOMA, Branislav: *Cesta na slovanský juh 1 – Južní Slovania a Slováci.* Bratislava, 1998, s. 11; JANKOVIČ, Ján: *Pár kvapiek zo starobylého Ohridu*. In: Literárny týždenník, č. 13, Roč. 7, 25. 03.1994, s. 8-9 и др.

Интересно е притоа да се наведе фактот дека напредната словачка интелигенција дури од многу порано (уште кон крајот на деветнаесеттиот век) била свесна дека македонското јазично прашање е „замотано“ и дека во иднина мора да биде правично разрешено. За тоа сведочи и текстот на Јозеф Шкултети во списанието „Словачки погледи“ од 1891 година со наслов *Јазикот на македонските Словени*, каде што овој познат словачки лингвист и книжевен историчар напишал дека „во словенската етнографија има многу замотани и досега неразрешени прашања. Од нив во последно време се изделува прашањето за јазикот и националноста на македонските Словени, ама на таков начин што од него настана немил, мрачен спор словенски... се роди српско-бугарски спор за јазикот и националноста на македонските Словени, кои во тоа време имаа веќе и цела литература“[2]. Поради познатите историско-општествени (не)прилики во кои се наоѓаше денешна Словачка во првата половина на дваесеттиот век, Словаците продолжиле активно да го следат тогаш веќе „разрешеното“ прашање за посебноста на македонскиот јазик веднаш по завршувањето на Втората светска војна, т.е. непосредно по 1945 година. Оттогаш почнуваат постепено да се појавуваат и првите текстови со поддршка за македонскиот јазик и за македонската литература пишувани на словачки јазик низ периодиката[3].

Досега објавените трудови на словачките слависти поврзани со македонскиот јазик, според наше видување, можат да се поделат на три подгрупи и тоа: А) посебни студии и статии напишани од словачки научници на словачки јазик во кои се анализира некој стручен аспект директно или индиректно поврзан со историско-лингвистичкиот систем на македонскиот јазик; Б) рецензии на словачки слависти на дела од македонски автори во чија структура во значајна мера е засегнат феноменот на македонскиот јазик и В) текстови-осврти на словачки автори за нивното учество на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, на лингвистички јубилеи во Македонија и, најново, на Светскиот конгрес на славистите во Охрид. Исто така, треба да се посочи и фактот дека, најпосле, постојат и извесен број словачки универзитетски и академски научници кои речиси никогаш систематски не

[2] Види: ŠKULTÉTY, Jozef: *Jazyk makedónskychSlavianov.* In: Slovenské pohľady, č. 3, Roč. 11, 1891, s. 196.

[3]Види, на пример: CHOMA, Branislav: *Nové Macedónsko.* In: Pravda, 114, 5, 1947; BARTOŠOVIČ, Viliam: *Kultúrny život Macedóncov.* In: Bojovník, 1, 4, 1948; VRBACKÝ, Andrej: *Nová macedónska literatúra.* In: Národná obroda, č. 84, Roč. 4, Nedeľa – 11. apríla 1948, s. 4.; *Prvá univerzita v NR Macedónska.* Preklad: Andrej Fekete. In: Nový život, Roč. 1, 1949, s. 120-121; BAUER, Ljudevit: *Jubileum najmladšej literatúry* (*20. výr. uzákonenia macedónskeho spisovného jazyka a macedónskej literatúry*). In: Kultúrny život, č. 48, Roč. 20, 1965, s. 10. итн.

го истражувале македонскиот јазик, ама сепак редовно во своите студии го вклучуваат него со примери или во вид на споредба со другите словенски јазици со што безрезервно ја потврдуваат неговата посебност[4]. Македонскиот јазик, се разбира, е вклучен со своја одредница и во бројните лексикографски и енциклопедиски изданија издавани во Словачка во последниве педесеттина години[5].

Сето горенаведено може да послужи, имено, како доволен показател дека постојат реални услови и искрена подготвеност за тоа– позицијата и статусот на македонскиот јазик во Република Словачка сè повеќе да се зајакнува во иднина, ама за тоа, сепак, ќе бидат потребни и неизбежни и поголеми поткрепи и вложувања и од македонска страна. Неспорно е за сите нас дека претставува хендикеп тоа што во Република Словачка сè до поново време академски не се профилира ниту еден Словак-македонист кој ќе го води темелно процесот на што е можно поголемо етаблирање на македонистиката во словачката универзитетска и академска средина (а, за таквата состојба постојат повеќе причини и тоа не само на словачка, туку и на македонска страна), меѓутоа речиси со сигурност може да се каже дека симпатиите на словачката славистичка наука за македонскиот јазик биле отсекогаш присутни, јавно соопштувани и, во целост, благонаклонети. Предизвиците за наведената состојба биле повеќеслојни. Без разлика на тоа што постоеја бројни напори и залагања за отворање на официјален лекторат по македонски јазик и литература на некои од поголемите државни универзитети во Словачка во минатото, но сè поизразено и во последниве десеттина години, таквите заложби на крајот, за жал, не вродија со плод. Таквиот институционален неуспех најпрвин беше оправдуван со вообичаеното образложение дека нема суштинска потреба од отворање трет лекторат во поранешна Чехословачка (со оглед на тоа што до 1993 година Словачка беше составен дел на Чехословачката Федерација, а во Чешка веќе беа отворени македонските лекторати во Прага и во Брно), а во последнава деценија, пак, објаснувањето се сведуваше, главно, на тоа дека за отворање македонистички лекторат во Словачка нашата држава не располага со финансиски средства, па затоа и Словачка не претставуваше дестинација во која треба многу да се вложува на тој план. Затоа, почнувајќи од втората половина на дваесеттиот век, па сè до денешни дни улогата на

[4]Детален библиографски преглед на сите објави во сите наведени подгрупи нудиме во својата научна монографија *Македонско-словачки компаративни согледби (студии и интерпретации)*. Скопје: Институт за македонска литература, 2012, стр. 73-76.

[5] Една од поновите одредници, на пример: *Macedónsky jazyk.* In: Viktor Krupa – Jozef Genzor: Jazyky sveta v priestore a čase (Druhé, doplnené a prepracované vydanie). Bratislava: Veda, vydavateľstvo SAV, 1996, s. 89.

афирматори на македонскиот јазик и литература во Словачка ја презедоа доброволно, во прв ред, некои позначајни словачки научници и преведувачи чие примарно научно поле на интерес е српскиот, хрватскиот или бугарскиот јазик и литература. Меѓу нив особено се истакнуваат Јан Јанкович, Емил Хорак и Франтишек Липка[6].

Сепак, сметаме дека е потребно да се истакне фактот дека сплетот на околностите сакаше авторот на овие редови да допатува во Братислава во 2003 година со намера да го докомплетира своето образование, па така по самиот упис на докторските студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Коменски“ во 2004 година и да се избори за отворање на посебен предмет „Македонски јазик“ во склоп на тамошната Катедра за словенски филологии. Предметот „Македонски јазик“, како еден официјален словенски јазик (но, без цел лекторат) на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Коменски“ во Братислава, беше отворен на 1 октомври 2004 година. По иницијативата и работниот елан на Звонко Танески, со професионална поддршка од Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура со седиште во Скопје, а со дозвола на тогашниот декан на факултетот – проф. д-р Антон Елијаш и на шефицата на Катедрата за словенски филологии – доц. д-р Марија Панчикова, предметот доби и свој код (во согласност со кредит-трансфер системот на образование) и студентите, во согласност со тоа, добиваа кредити и оцени во индекс, како што тоа беше случај и со сите други предмети на факултетот. Предметот „Македонски јазик“ доби и сопствена огласна табла при Катедрата за словенски филологии (а неа ја поседува и денес по новото отворање на предметот „Македонски јазик“ од 2015 година). Кон крајот на 2004 година, студентите кои го посетуваа курсот, со помош и поддршка на лекторот Звонко Танески, ја направија и првата македонска студентска презентација воопшто во Словачка, во Ректоратот на Универзитетот „Коменски“ во Братислава, во склоп на културолошката манифестација AcademiaSlavica.

На тој начин, предметот „Македонски јазик“ (како јазик „Ц“) се изучуваше активно на братиславскиот универзитет сè до 2007 година и него дотогаш успешно го положија дваесеттина студенти. Во 2006 година, благодарение на креативните знаења на студентите беа организирани повторно и македонски денови на културата во рамките на манифестацијата AcademiaSlavica, која се одржа на 27 ноември 2006 година. Таму беше претставена и изложбата „Историја и карактеристики на македонскиот јазик“, а свечено беше промовирана и македонистичката

[6]За подетални податоци види: TANESKI, Zvonko: *Slovensko-macedónske literárne a kultúrne vzťahy.* Bratislava: Juga / Ústav svetovej literatúry SAV, 2009, - 304 s.

библиотека во Словачка во рамките на Словенскиот семинар на факултетот, оформена од Звонко Танески. Книжни донации за неа испратија и неколку научни и издавачки институции и поединци од Македонија. Во последниот извештај за работата на предметот „Македонски јазик“ во Братислава испратен до Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Скопје (во мај 2007 година), во својство на лектор по македонски јазик во Братислава, наведовме: „Со оглед на фактот што потписникот на овие редови, во јуни, ја има одбраната на својата докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Братислава, по што го завршува работниот престој на овој факултет, предметот *Македонски јазик*, за жал, ќе биде затворен или пооптимистички кажано – ќе паузира сè додека не се создадат поповолни услови за негова реактивација. Лекторот, наедно, и писмено ќе им се заблагодари на деканот на Филозофскиот факултет и на ректорот на Универзитетот „Коменски“ во Братислава за досегашната укажана доверба и за поддршката при ширењето на македонскиот јазик и култура во овдешните академски кругови“[7].

Личните стремежи за афирмација на македонистиката продолживме упорно да ги развиваме, а со тоа и да го продлабочуваме интересот за изучување на македонскиот јазик и литература во Словачка и со нашето следно вработување како научен кадар во Институтот за проучување на културното наследство на Кирил и Методиј на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра (од септември 2007 година). Впрочем, веќе следната 2008 година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра се воведе предметот „Словенски јазик 1 и 2: Македонски јазик“, во рамките на Катедрата за словачки јазик, а под водство на Звонко Танески. Иницијативата за неговото отворање беше срдечно поддржана од страна на тогашната деканка на факултетот проф. д-р Зденка Гадушова и на тогашниот шеф на катедрата за словачки јазик проф. д-р Јурај Гловња. Предметот стана задолжителен (Македонски јазик 1) и изборен (Македонски јазик 2) за редовните и за вонредните студенти од втора година на студиските групи „Словачки јазик – наставна насока“ и „Словачки јазик – Странски јазик (превод и толкување)“. Наставата по македонски јазик се одржуваше сè до 2011 година односно до нашето враќање во Македонија, а предметот во Нитра го ислушаа над двесте

[7]Писмена поткрепа на горенаведните информации може да се најде и во студијата: DOBRÍKOVÁ, Mária: *Jazykovedná slavistika na Filozofickej fakulte Univerzity Komenského v Bratislave*. In: Slovenská slavistika včera a dnes (Ed. Peter Žeňuch). Bratislava: Slavistický ústav Jána Stanislava SAV, 2012, s. 99.

студенти[8]. Во истиот тој период беа организирани и повеќе конференции и семинари од македонистичка провиниенција, а беа овозможени и стипендии и истражувачки престои и предавања на неколкумина македонски лингвисти и книжевни научници, како поканети гости на Словачката академија на науките во Братислава и на Филозофскиот факултет во Нитра (Гоце Цветановски, Љупчо Митревски, Марија Паунова, Славица Гаџова-Свидерска)[9].

Од 2011 година до септември 2015 година на универзитетите во Република Словачка не се изучуваа во никаква форма македонскиот јазик и литература, но со нашето повторно враќање во Република Словачка и со новото вработување на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Коменски“ во Братислава се смогнаа сили и нова сатисфакција за да се продолжи убавата традиција за што поголема и за уште поразгранета презентација на македонскиот јазик и литература во оваа, за нас, навистина пријателска средноевропска земја. Така, со искрена и несебична помош на деканската управа и на актуелната шефица на Катедрата за словенски филологии – доц. д-р Марија Добрикова на Филозофскиот факултет во Братислава се отворија пак предметите „Словенски јазик: Македонски 1 и 2“, кои во првата студиска година ги ислушаа шест студенти од различни студиски групи. Во летниот семестер, во 2016 година, за прв пат во универзитетската средина на Република Словачка се отвори и предметот „Факти за Македонија“ (Reálie Macedónska – FactsaboutMacedonia), кој е културолошки ориентиран и за кого првично изразија интерес, исто така, шест студенти од неколку катедри на факултетот. Во зимскиот и во летниот семестер од академската 2016 / 2017 година, предметите „Македонски јазик 1 и 2“ и „Факти за Македонија“ ги ислушаа вкупно дванаесет студенти. Македонската литература, пак, се

---

[8]Потврда за лекторскиот ангажман во Нитра може да се побара и во: BÉREŠOVÁ, Štefánia: Rozhovor (ZvonkoTaneski – Dokážem pochopiť študentský svet, aj ja som prešiel cez tieto ľavice). In: Presstige SK – Univerzitný mesačník nitrianských študentov. Nitra: č. 1, Roč. 3, 2010, s. 10.

[9]Види, на пример: *Kultúrne okienko – Návšteva z Macedónska v Močenku* (MajaJakimovska – Tošič). In: www.mocenok.sk (09/2007).; *Во Словачка: Меѓународен научен семинар од кирилометодиевска проблематика со македонистичка провиниенција.* Во: МИА (www.mia.com.mk), Скопје, 4 јули, 2009.; *Презентација на македонистиката: Трудови за св. Кирил и Методиј во Словачка*. Во: Време, Скопје, 7 февруари 2009, стр. 16.; ПАУНОВА, Марија: *Меѓународна конференција – Кирилометодиевското наследство и народниот идентитет (Cyrilo-metodské kultúrne dedičstvo a národná identita*, Bratislava 2009). Во: Кирилометодиевистика, бр. 6, Скопје: Менора, 2010, стр. 171-173; TANESKI, Zvonko: *Prednáška o macedónskej paleoslavistike na FF UKF.* In: Konštantínove listy, Nitra: FF UKF, č. 4, 2011, s. 185.; HETÉNYI, Martin: *Výskumný pobyt macedónskych vedcov na Ústave pre výskum kultúrneho dedičstva Konštantína a Metoda FF UKF.* In: Konštantínove listy, Nitra: FF UKF, č. 4, 2011, s. 185 и други.

изучува засега само делумно, но, сепак достојно, во склоп на стручните задолжителни предмети „Вовед во книжевна компаратистика“ и „Историја на книжевниот превод и на меѓулитерарноста“, наменети пред сè за сите преведувачки студиски групи на факултетот, кои имаат, секако, и поголема посетеност, а исто така се под водство на професорот Звонко Танески.

Освен тоа, сметаме дека во контекст на презентацијата и афирмацијата на македонистиката во Словачка треба да се спомене и фактот што за првиот објавен *Словачко-македонски речник* од авторите Гоце Цветановски, Љупчо Митревски и Звонко Танески (Скопје, 2014) веќе се публикуваа во словачката стручна периодика повеќе позитивни рецензии, речникот беше цитиран дури и во домашно карентирано списание, индексирано во меѓународната датабаза SCOPUS со што и уште повеќе се продлабочи неговото значење и идно реноме, а сетне едниот од авторите – академски кадар на најголемиот, најстариот и најдобриот државен универзитет „Коменски“ од Братислава – Звонко Танески – беше награден за тоа дело со специјална премија за научна и стручна литература за 2014 година во категоријата „речничка и енциклопедиска литература“ од страна на Државниот литературен фонд на Словачка[10].

Последниве години се одржаа и две меѓународни научни конференции за македонско-словачките јазични, книжевни и културни врски од кои произлегоа и репрезентативни зборници, а бездруго и преведувачката продукција на книжевни дела на обете страни бележи голем подем не само во квантитативна, туку и во квалитативна смисла. Благодарение на личниот ентузијазам на неколкумина личности и напати и на огромниот волонтеристички труд се успева, за среќа, да се надминат бројните бариери и да се продолжи успешно по зацртаниот пат. Сепак, за волја на вистината, постигнатите резултати на ова поле за прилично кус период недвосмислено сведочат за тоа дека постојат сигурни и проверени услови и за уште поревносно структурирање и вклопување на македонистиката во универзитетскиот простор на Република Словачка и затоа во тој домен ќе ја сметаме секоја поажурна и поблагородна државна културна иницијатива за помош од Македонија (без разлика веќе и на тоа кога и дали ќе пристигне) за добредојдена.

[10]Потврда за тоа види, на пример, во статијата: *Literárny fond ocenil vedcov Univerzity Komenského.* In: Naša univerzita (Spravodaj Univerzity Komenského). Bratislava: UK, Október 2015, s. 3.

ЛИТЕРАТУРА

BÉREŠOVÁ, Štefánia: *Rozhovor (ZvonkoTaneski – Dokážem pochopiť študentský svet, aj ja som prešiel cez tieto ľavice).* In: Presstige SK – Univerzitný mesačník nitrianských študentov. Nitra: č. 1, Roč. 3, 2010, s. 10.

CHOMA, Branislav: Devín a slovanskí prvoučitelia.Bratislava: Štúdio Jasoň Devín, 1993.

CHOMA, Branislav: Cesta na slovanský juh 1 – Južní Slovania a Slováci. Bratislava, 1998.

DOBRÍKOVÁ, Mária: Jazykovedná slavistika na Filozofickej fakulte Univerzity Komenského v Bratislave. In: Slovenská slavistika včera a dnes (Ed. Peter Žeňuch). Bratislava: Slavistický ústav Jána Stanislava SAV, 2012, s. 99.

JANKOVIČ, Ján: *Pár kvapiek zo starobylého Ohridu*. In: Literárny týždenník, č. 13, Roč. 7, 25. 03.1994, s. 8-9.

Literárny fond ocenil vedcov Univerzity Komenského. In: Naša univerzita (Spravodaj Univerzity Komenského). Bratislava: UK, Október 2015, s. 3.

Macedónsky jazyk. In: Viktor Krupa – Jozef Genzor: Jazyky sveta v priestore a čase (Druhé, doplnené a prepracované vydanie). Bratislava: Veda, vydavateľstvo SAV, 1996, s. 89.

ПАУНОВА, Марија: *Меѓународна конференција – Кирилометодиевското наследство и народниот идентитет (Cyrilo-metodské kultúrne dedičstvo a národná identita*, Bratislava 2009). Во: Кириометодиевистика, бр. 6, Скопје: Менора, 2010, стр. 171-173.

TANESKI, Zvonko: *Prednáška o macedónskej paleoslavistike na FF UKF.* In: Konštantínove listy, Nitra: FF UKF, č. 4, 2011, s. 185.

TANESKI, Zvonko: *Slovensko-macedónske literárne a kultúrne vzťahy.* Bratislava: Juga / Ústav svetovej literatúry SAV, 2009, - 304 s.

HETÉNYI, Martin: *Výskumný pobyt macedónskych vedcov na Ústave pre výskum kultúrneho dedičstva Konštantína a Metoda FF UKF.* In: Konštantínove listy, Nitra: FF UKF, č. 4, 2011, s. 185.

ŠKULTÉTY, Jozef: *Jazyk makedónskychSlavianov.* In: Slovenské pohľady, č. 3, Roč. 11, 1891, s. 196.

811.163.3: 659.1

Снежана ПЕТРОВА-ЏАМБАЗОВА

НАЧИНИ НА ИЗРАЗУВАЊЕ ’НИСКА ЦЕНА‘ ВО РЕКЛАМНИТЕ ПОРАКИ

Апстракт: Како клучен убедувачки маркетиншки фактор од аспект на потрошувачкиот начин на мислење, ниската цена во рекламните пораки јазично се изразува на многу начини (преку различни изрази, фраземи, стилски средства итн.). Во рефератов ги одбележуваме токму нив, ставајќи акцент на морфосинтаксичкото ниво на македонскиот јазик.

Клучни зборови: убедување, рекламна порака, придавки, партикули, реченици.

Една од најважните модернизации во потрошувачкото општество е воведувањето на потрошувачката демократија, којашто пак, од своја страна потекнува од политичката демократија и е логична последица на презаситените пазари. Во својата книга „Евтино“, Дејвид Бошарт дава една панорама на развојот на евтиноста, како начин на размислување во глобалната економија на економистите од една, и на потрошувачите – на друга страна. *Моделите (на рационализација во маркетингот) коишто ќе се стремат да доминираат во иднина, не можат да го игнорираат факторот: цена.* (Бошарт 2008: 78). Понатаму, Бошарт (73) нагласува дека во модерните општества традицијата е заменета со трендот, потрошувачката демократија значи слобода на избор и достапност на производите по сите основи, а најважната основа за потрошувачите е ниската цена. На глобален план, се разнишува границата на верувањето дека: она што е квалитетно мора да биде скапо, а евтиното е нешто со мала вредност и квалитет. Поголемиот избор носи и поголема збунетост кај луѓето за вредноста на производите, сепак пазарната економија во последниве децении покажува дека луѓето се фокусираат на ниските цени, како фактор на убедување, а овој тренд мораат да го следат и трговците и производителите. Бошарт (170) нагласува дека цената станала наједноставен и најверодостоен критериум за донесување одлука дали да се купи нешто или не, па и речиси сите рекламни пораки во својата персуазивна функција ја вклучуваат информацијата за ниската цена, евтиниот производ итн.

Повеќе автори од економска (маркетиншка), но и од лингвистичка провениенција (за Рекламата во Македонија пишува професорот Димитар Пандев (стр. 166)) во содржината на рекламните пораки речиси задолжително го вклучуваат истакнувањето на (ниската) цена(та). За да биде убедувањето што поуспешно вкомпонирано, се употребуваат различни начини на истакнување на цената: се даваат истовремено старата (повисоката) – пречкртана и новата (ниската, намалената) цена на производот; или пак на најразлични метафорични начини се истакнува (се хиперболизира) нискоста на цената, евтиноста на производот (*неверојатна понуда, џабе цени, нула денари, гратис мобичиќ или никочиќ; „Убавина и здравје“ за само 60 денари...* итн.)

При една ваква класификација, секако, треба да се има предвид до каде оди истакнувањето на ниската цена, односно одделно ќе ги одбележиме примерите со ниска цена и оние коишто се најчесто придружни и се добиваат бесплатно.

Во нашиот материјал, којшто содржи повеќе од петстотини телевизиски рекламни пораки, сретнавме најразновидни примери, од експлицитно истакнување конкретна цена до креативно и, би се рекло, со доза на манипулативност истакнување на поволноста и заштедата при купувањето на производите (*неверојатна понуда; идеален пакет подарок „Philips“ за неа и „Rowenta“ за него, со цена од само три илјади сто деведесет и девет денари.; „Да не те љубев“ – овојпат по специјална цена за само сто денари по повод Денот на вљубените; Екстра квалитет со екстра цена; Неверојатна акција на „Еко вила*“) итн.

Дополнителниот (придружниот) производ, којшто се добива бесплатно се истакнува со придавките или прилозите: бесплатен/бесплатно: *Побарајте го во продавниците специјалниот „Wash and Go “ – пакет со шампон и* ***бесплатен*** *балсам!*; *добивам* ***бесплатни*** *минути да си зборувам цел викенд;* со придавката или прилогот гратис (од туѓо потекло): *во секое пакување апарат* ***гратис***; *аутоцеде-рисивер со* ***гратис*** *у-ес-бе...;* со именката: подарок: *Ваш „NEPTUNE“: вградлива фурна плус плотна плус машина за перење плус* ***подарок****: 22.999 денари.*

Меѓу овие примери и примерите со ниски цени стојат интригирачките: *правосмукалки* ***за еден денар***... итн.

Различните употреби можеме да ги илустрираме со придавките: ***Промотивни*** *цени на седечки гарнитури и трпезариски производи;* ***специјална*** *цена,* ***ниска*** *цена,* ***евтина*** *цена,* ***џабе*** *цени,* ***дисконтни*** *цени; АМС – секогаш* ***најдобри*** *цени!* итн.

Потоа, тука спаѓаат и некои именки коишто имаат вградена информација за намалена цена: *голема XXL распродажба; промоција; неверојатен попуст /намалување на цените* (експлицитно) итн.

Ќе ги споменеме и партикулите: *за* ***само*** *четириесет и девет денари; Тоше Проески – хитови на аудиоцеде за* ***само*** *сто и дваесет денари!; ВОДООТПОРНА ПРЕКРИВКА за* ***само*** *1590 ден.* (напишано) *итн.* (со необичен зборед).

Со целосна реченица (синтаксички): *Извлечете максимум од буџетот за себе...*; *... искористете ги најдобрите услови!; Заштедете три илјади и седумстотини денари...*; или со елиптична: *VIP повеќе за вас! итн.*

Креативноста при осмислувањето на рекламните пораки забележуваме дека при секој следен обид ги поместува границите на човековата фантазија, којашто може да биде добра основа за проучување на примерите како јазичен материјал. Поттикната од една реална дејност – продажбата на производите и профитот, секако дека јазичните граници во употребата на нови и нови зборови и конструкции и во иднина ќе се поместуваат и ќе се надминуваат и ќе ни даваат, меѓудругото и нам, на лингвистите, теми и простор за искажување во однос на оваа неисцрпна област.

ЛИТЕРАТУРА

Пандев, Димитар, (1995), *Рекламата во Македонија,* во: *Македонскиот јазик од 1945 до 1955 година*, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Филолошки факултет – Катедра за македонски и јужнословенски јазици, Скопје.

Петрова-Џамбазова, Снежана, (2015), *Рекламата како текст (со посебен осврт на јазичните особености на телевизиската реклама,* (докторска дисертација), Скопје.

Boshart David, (2008), Jeftino!?, Clio, Beograd.

811.163.3 : 316.772

Виолета НИКОЛОВСКА

СЕ НАВРЕДУВАМЕ ИЛИ СИ ОДДАВАМЕ ПОЧИТ?

Апстракт: Обраќањето е јазична појава која допира до социолингвистиката и прагматиката како лингвистички дисциплини. Во прагматиката се употребува изразот *лице* (face) за да се означи јавната слика што индивидуата ја создава за себе. Тоа е емоционално и социјално чувство за себе што го има секоја личност и очекува другите личности да го препознаат. Учтивоста (politeness) се дефинира како покажување на свест за ова лице на другиот. Покажувањето на свест за лицето на собеседникот, на другиот, особено се гледа во начинот на обраќање. Како се обраќаме на непознати, а како на познати лица? И во двата случаи треба да се покаже љубезноста, свеста за туѓото лице, за емоционалното и социјалното чувство за себе на другиот. Во трудот ќе бидат анализирани начините на обраќање, првенствено кон непознати лица во македонскиот јазик. За потребите на анализата спроведовме анкета меѓу припадници на различни возрасни групи. Ако кажеме нешто што претставува закана за сликата на самиот себе на другиот, тоа се нарекува чин на закана кон лицето (face- threatening act). Секогаш кога со нашето однесување ја намалуваме можноста за закана на чувството на другиот за самиот себе, чинот се нарекува чување на лицето на другиот (face-saving act). Во трудот, обраќањето ќе биде разгледано и во рамките на овие чинови.

Клучни зборови: обраќање, лице, учтивост, чин на закана на лицето, чин на чување на лицето

Вербалната интеракција е социјална интеракција. Во голема мера, она што ќе го кажеме и како ќе го кажеме се детерминирани од социјалните односи. Во прагматиката, лингвистичката дисциплина која произлезе од семантиката, но воспостави врски со философијата и социолингвистиката, како посебно подрачје на истражување се изделува учтивоста (politeness).

Во вербалната комуникација, постојат јазични средства со кои доаѓа до израз социјалната дистанца или социјалната блискост. Во многу наши граматики, се употребуваше синтагмата „вие од почит“. Со неа се означуваше употребата на личната заменка за 2 лице множина кога му се обраќаме на едно лице. Она што е спорно во оваа синтагма е објаснувањето „од почит“. Дали тоа значи дека кога некому му се обраќаме на *ти* не го почитуваме? Секако дека не е така. Денеска во

литературата оваа употреба на *вие* е дефинирана многу поточно во термините на социјалната дистанца и социјалната блискост. Според Браун и Гилман (Brown and Gilman 1960), употребата на формата за блискост (familiar form /T/) и употребата на формата за учтивост (polite form /V/) на заменката за 2 лице во јазиците како француски, италијански, шпански, германски и ние тука ќе додадеме и македонски е управувана од две значења: моќ и солидарност. Според нив, за да се каже дека една личност има моќ над друга, таа треба на пример, да е во можност да го контролира однесувањето на втората личност. Значењето моќ е нереципрочно. Оној што е во надредена позиција вели *ти* (T), а добива *вие* (V). Основа за моќ, според Браун и Гилман, можат да бидат физичката сила, полот, возраста, богатството, институционализираните улоги во заедници како што можат да бидат војската, семејството и др. Солидарноста е во корелација со тоа колку заеднички нешта споделуваат говорителот и соговорникот (возраст, пол, преокупација и сл.) и колку далеку имаат намера да отидат во споделувањето на интимност. Значењето солидарност е реципрочно. Кога обраќањето е управувано од значењето на солидарност, соговорниците ја употребуваат истата заменка *ти* (T). Браун и Форд (Brown and Ford 1961), во студија за обраќањето во американски англиски, наместо термините „моќ“ и „солидарност“ ги употребуваат термините „статус“ и „интимност“. Браун и Гилман (Brown and Gilman 1989), понатаму, двата концепти ги комбинираат во еден фактор – социјална дистанца, кој се состои од моќ по вертикала и солидарност по хоризонтала. Во суштина, Браун, Гилман и Форд се фокусираат на односот говорител-соговорник[1].

Со *вие* воспоставуваме социјална дистанца, а со *ти* – социјална блискост. Факторите што се во врска со воспоставувањето на дистанца или блискот, во прва линија се возраста и според Јул (Yule, 1996) – моќта[2]. Според Јул, ова се надворешни фактори коишто се во врска со социјалната дистанца или блискост. Јул (Yule, 1996: 59) изделува и внатрешни фактори, меѓу кои ги вбројува количеството на импозиција[3] и степенот на пријателски пристап (friendliness). Внатрешните фактори често се утврдуваат за време на самата интеракција, што може да доведе до тоа почетната социјална дистанца да се промени за поголем или помал степен во блискост или поголема дистанцираност. На тој начин, за време на интеракцијата, ќе се сменат и јазичните средства со кои се изразува

[1]Прегледот на термините што се во употреба го презедовме од Liu 2009.

[2]На местото на, според нашето разбирање недефинираниот термин „моќ“, и ние, како и други автори, го преферираме терминот „статус“.

[3]Imposition: нешто нефер или неразумно, кое друг од вас очекува или бара да го направите (A. S. Hornby, 2006).

дистанцата или блискоста: на пример, промена во обраќањето од *вие* на *ти* и обратно.

Предмет на наше интересирање во овој труд ќе биде обраќањето со *вие* или со *ти* и тоа првенствено на непознати лица. За таа цел, изработивме еден анкетен прашалник кој го спроведовме кај неколку категории испитаници. Анктетниот прашалник ги содржеше прашањата: 1. Како се обраќате на непознат постар од себе; 2. Како се обраќате на непознат врсник; 3. Како се обраќате на непознат помлад од себе. Како посебно го издвоивме именското обраќање со формите: *господин/госпоѓа, госпожа́, другар/другарка, брат, мајсторе.*

Анкетиравме три групи испитаници: 1. Студенти на возраст од 19 – 23 години од Скопје[4]; 2. Средовечни возрасни од 40 до 50 години и 3. Возрасни над 60 години. Анкетиравме по 15 претставници од секоја група, значи вкупно 45 испитаници. При изведувањето на заклучоците, се служевме и со сознанијата од нашето искуство. Искуството ни беше потребно како коректив и при резултатите, особено поради тоа што постои можност анкетираните испитаници да се трудат во своите одговори да бидат општествено покоректни, покултурни одошто се, и поради тоа резултатите од анкетата да не бидат вистинската слика за нивното обраќање во секојдневните ситуации.

Во групата на студенти од Скопје не сретнавме обраќање со ти на непознато лице. Дури и при обраќањето на помлад од себе, испитаниците ни одговорија дека се обраќаат со вие, со еден коментар на одговорот – „зависи од возраста“. Најстариот од студентите[5] што ги испитавме (на 33 годишна возраст), при обраќањето со заменката *вие* ги придружи и именските форми за обраќање – *господине* (при обраќање на постар и на врсник) и *млад господине* (при обраќање на помлад од себе). Поголема шареноликост во одговорите добивме кај групата испитаници меѓу 40 и 50 години. Разликите беа при обраќањето на помлад од себе. Поголемиот број на испитаници 13 или 86,6 %, на помлад од себе (еден од испитаниците нагласи на многу помлад од себе) се обраќаат со *ти*. Само мал број од испитаниците, (двајца или 13,4 %) одговорија дека на помлад од себе му се обраќаат со *вие*. Обраќањето кон постар и кон врсник на сите испитаници од оваа група беше со *вие*. Форми за обраќање со *ти* сретнавме повеќе кај највозрасната група на испитаници. При обраќање на постар од себе, повеќето од половината испитаници (9 или 60 %) ја користат заменката *ти*. При обраќање на помлад од себе, бројот на

[4] Меѓу испитаниците се најде и еден постар студент од другите во генерацијата, на 33 години.

[5] Се работи всушност за студентка.

испитаници што ја користат заменката *ти* е уште поголем: 12 или 80 %. При обраќање на врсник, бројот на испитаници што ја користи заменката *вие* беше ист како и при обраќањето на непознат постар од себе – 40 % или 6 испитаници.

Што покажуваат резултатите од анализата? Иако во прашањата не беше посебно нагласено, полот како фактор при изборот на формата за обраќање не го издели ниту еден од испитаниците. Возраста се јавува како фактор што ја детерминира формата за обраќање, и тоа и возраста на оној кому му се обраќаме (употребата на заменската форма *вие* е правопропорционална со зголемувањето на возраста) и возраста на оној што се обраќа некому. Колку што се зголемуваше возраста на испитаниците, толку повеќе се јавуваше обраќање со *ти*.

Кај највозрасната група на испитаници забележавме најголем степен на солидарност при обраќањето: при обраќање на непознати постари од себе, како и при обраќање на врсници и помлади од себе.

Што се однесува до образованието како фактор, тој може да биде релевантен само во однос на оној што се обраќа, со оглед на тоа што кај непознатиот соговорник, видлив е социјалниот статус (материјалната состојба), а не неговото образовно ниво[6]. Иако го немавме поставено прашањето за образовното ниво на нашите испитаници, од нашето искуство забележуваме дека колку што е пониско образовното ниво, толку е повисока солидарноста (обраќањето со *ти*), особено кај повозрасната популација. Кај луѓето на пониско образовно ниво принципот на солидарност е доминантен над принципот на дистанца. На автобуските станици и во автобусите многу често може да се слушне како непознати повозрасни соговорници започнуваат конверзација на *ти*. Многу често е и несиметричното обраќање на *ти*, во ситуација кога на непознат соговорникот му се обраќа со *вие* (особено кај повозрасната популација). Кај младите (кои уште се во процес на образование), ситуацијата е поразлична. Кај нив обраќањето со *вие* на непознати, особено постари е многу почеста појава. Одовде би можеле да изведеме заклучок, дека за нашата култура, обраќањето со *вие* е понова придобивка. Руралните средини сè уште го чуваат обраќањето со *ти* на непознати. Интересно би било да се направи истражување за тоа од кога и како е навлезено обраќањето со *вие.* Дали започнало како начин на изразување на почит кон личност во социјално надредена позиција, или како изразување на дистанца (возрасна, социјална, културна). Лејкоф (Lakoff 1990)[7] разликува три вида на учтивост: учтивост од почит (deference politeness), учтивост од

[6] Иако некогаш можат да бидат во корелација.
[7] Според Јул (Yule, 2010).

дистанца (distance politeness) и другарска учтивост (camaraderie politeness). Според него, учтивоста од дистанца е карактеристична за средната и повисоката класа во поголемиот дел од Европа подолго време; учтивоста од почит е типична за многу азиски општества[8]. Учтивоста од дистанца подразбира еднаквост меѓу учесниците, додека при учтивоста од почит едниот или двајцата учесници во интеракцијата се чувствуваат помалку вредни на некој начин. Би можеле да кажеме дека во нашата култура обраќањето со вие е понова работа (со оглед на тоа што во нашите рурални средини е или беше[9] ретка појава). Многу веројатно е дека се работи навистина за учтивост од почит, а не од дистанца, според класификацијата на учтивост на Лејкоф. Обраќањето од почит некому е во ситуација кога соговорникот од различни причини се поставува над себе. Интересно би било да се направи анализа за обраќањето до втората светска војна во градовите и во селата. Кога навлегува обраќањето со вие? Дали е тоа „вие“ од дистанца или од почит? Селската средина сè уште го негува принципот на солидарност и обраќањето со *ти*. Лејкоф овој вид на учтивост ја нарекува другарска учтивост. Таа подразбира дека интеракцијата и врската се добри и дека отвореноста е најголем знак за учтивост.

Во прагмтиката не е релевантно само она што го кажуваме, туку се зема предвид и тоа како сме интерпретирани според она што го кажуваме. Употребата на *вие* или *ти*, во социјалната и вербалната интеракција, има влијание и на тоа како нè интерпретира нашиот собеседник: како внимателни, тактични, љубезни или груби.

Во врска со учтивоста, во прагматиката се употребува терминот лице (face)[10]. Според Јул (Yule, 1996)[11] лице е јавната слика за себе си на една личност. Се мисли на емоционалното и социјалното чувство коешто

---

[8] Тоа е обично преферирaн модел на интеракција кога во голем број општества зборува жената, а особено со мажот. Еквивалент на ваков вид на изразување на почит кај нас можеме да најдеме во минатото, кога жената му се обраќала на мажот со „стопане“, сп. народната песна „Болен лежи млад Стојан“.

[9] Велиме „беше“, бидејќи модерните средстава за комуникација: телевизијата и интернетот, како и физичката блискост на некои села со градот и нивната добра материјална состојба, сè повеќе ги бришат културните разлики меѓу градот и селото, почнувајќи од начинот на облекување па сè до начинот на однесување. Тука секако треба да го споменеме и образованието како фактор, бидејќи сè повеќе млади и од руралните средини се образуваат и факултетски. Тоа од своја страна значи усвојување на култура карактеристична за урбаната средина.

[10] Широко за терминот лице и неговото место кај различни автори, а во врска со теоријата за учтивост, зборува М. Кусевска (Кусевска 2012: 21-32).

[11] Трудот на Јул е всушност вовед во прагматиката како наука и во него се изложени поставките за лицето од теоријата за учтивост на Браун и Левинсон (Brown and Levinson 1987). Оваа теорија ја претставува и М. Кусевска (Кусевска 2012).

секој од нас го има за себе си и коешто очекува да биде препознато и од страна на другите. Во оваа смисла, и учтивоста може да се дефинира како начин да се покаже свесност за постоењето на туѓото лице. Според Јул, покажувањето на свесност за туѓото лице, кога постои социјална дистанца, често се опишува во рамките на почитта. Покажувањето на иста свест за туѓото лице при социјална блискост, се опишува во рамките на солидарност, пријателство или другарство. Се работи за два типа на учтивост која се маркира лингвистички: едната во рамките на социјалната дистанца, другата во рамките на социјалната блискост. Учесниците во комуникацијата треба да умеат да ја определат релативната социјална дистанца меѓу нив, и според неа, „барањата на лицето".

Теориите за учтивост, учтивоста ја дефинираат како стратешко избегнување на конфликт (Kasper, 1990). Комуникацијата во основа се смета за опасно и антагонистичко искуство. Во теоријата за учтивост на Браун и Левинсон (Brown and Levinson, 1987) се разликуваат говорни чинови кои го загрозуваат лицето (face threatening acts) и говорни чинови кои го зачувуваат лицето (face saving acts). Потребно е да се знае дека во литературата се разликува негативно од позитивно лице. При тоа, треба да нагласиме дека во случајов, негативно не подразбира „лошо", туку еден спротивен крај од позитивното лице, сликата за себе во јавноста. Под негативно лице на една личност се подразбира нејзината потреба за независност, слобода (што претпоставува и слобода од дејствување) и потребата да не биде вовлекувана од страна на соговорникот во незгодни, нефер или неразумни ситуации. На пример, да не ѝ се поставуваат барања на личноста што ќе го загрозат нејзиното чувство за слобода или независност. Под поимот позитивно лице на личноста се подразбира нејзината потреба да биде прифатена, да се допадне на другите, да биде третирана како член на една група, да знае дека нејзините потреби ги споделуваат и другите. Поедноставно кажано, негативното лице е потребата да се биде независен, а позитивното лице – потребата да се биде поврзан.

Во врска со ова се разликува негативна и позитивна учтивост. Говорните чинови што го зачувуваат негативното лице на соговорникот треба да покажат почит, да покажат грижа за туѓото време и преокупираност (зафатеност со нешто друго од она што треба да биде предмет на конверзацијата), да вклучат извинување за вознемирувањето што го носи говорниот чин. Ова се примери за т.н. негативна учтивост. Говорните чинови што го зачувуваат позитивното лице на соговорникот треба да покажат солидарност, да покажат дека двајцата говорители имаат исти интересирања или имаат заедничка цел. На тој начин ќе се оствари позитивната учтивост.

Овие различни типови на учтивост особено доаѓаат до израз кога треба да се праша нешто, да се постави некое барање. Авторите на теориите за учтивост зборуваат за стратегии: стратегија на позитивна учтивост и стратегија на негативна учтивост или стратегија на солидарност и стартегија на почит[12]. Интересно би било да ја споредиме нашата култура со англоамериканската култура во стратегиите за учтивост, особено негативната учтивост, на пр. во степенот на директност при поставувањето на барања и прашања.

Според различни истражувачи во областа на теориите за учтивост (Kasper, 1990: 195), негативната учтивост, што се однесува на територијалниот стремеж за автономија и приватност, директно произлегува од високата вредност што во западната култура му се придава на индивидуализмот. За разлика од западната, јапонската култура[13] има колективна ориентација, при што значајно место заземаат желбата за припадност, емпатија, зависност и реципроцитет. Двете лица што се разликуваат во Кина (в. Kasper, 1990 и Кусевска 2012) немаат врска со негативното лице и учтивоста. За нашата култура би можеле да кажеме дека е култура на директност и отвореност[14]. Вјежбицка (Wierzbicka, 1985)[15] им забележува на постоечките теории за учтивост дека се етноцентрични од англо-саксонска перспектива. Таа тврди дека во полската вербална интеракција, инволвираноста и срдечноста се рефлектираат во поголем степен од дистанцираноста при стратегиите на лингвистичко дејствување. Според неа, тоа се културни вредности што се заеднички за словенските и медитеранските општества, меѓу кои спаѓа и нашето.

Сега повторно да се вратиме на анализата на обраќањето кај нас. Прашањето што ќе го поставиме не е кои форми ги избира говорителот при обраќањето, туку како соговорникот го доживува соодветното обраќање – како акт на загрозување на лицето (неговата јавна слика за себе) или како акт на зачувување на лицето? Како акт на почит или на навреда? Овде првенствено ќе нѐ интересира обраќањето со *ти*[16]. Во асиметрични ситуации, кога ние некому му се обраќаме со *вие*, а тој нам ни се обраќа со *ти*, многу веројатно е дека, во зависност од ситуацијата,

[12] Positive politeness strategy vs negative politeness strategy; solidarity strategy vs deference strategy.

[13] За истражувањата во оваа област меѓу Јапонците, в. Kasper, 1990.

[14] Истражувања на овие теми во нашата средина се добредојдени, бидејќи на повеќе културни нивоа би можеле да кажеме дека нашата култура е во процес на доближување кон западната култура.

[15] Според Kasper, 1990.

[16] За ова прашање не спроведовме анкета, туку тврдењата ги извлекуваме од искуството.

можеме да се навредиме. Особено во автобус, каде со *вие* ја воспоставуваме дистанцата, нашиот личен простор, територијата на независност (и буквално личната територија во автобусот). Меѓутоа, постојат и ситуации кога таа асиметрија може да се протолкува и поразлично. На пример, на лекарот, од почит му се обраќаме со *вие*, а тој од солидарност нам ни се обраќа со *ти*. Не станува збор за акт на загрозување на лицето. Или помлад говорител на прилично повозрасен соговорник му се обраќа со *вие,* а возрасниот соговорник, срдечно му се обраќа со *ти*. Повторно не станува збор за чин на загрозување на лицето. Значи, при асиметричното обраќање како фактори што влијаат на интерпретирањето на актот (дали го загрозува лицето или го зачувува) се јавуваат и ситуацијата на комуникација, општествените позиции и улоги на соговорниците во комуникативниот чин.

На крај да се задржиме и на формите за именско обраќање. Во анкетата што ја спроведовме, како форми за именско обраќање ги наведовме: *господин / госпоѓа , другар /другарка, госпожа́, мајсторе* и *брат*. Прашањето што им го поставивме на испитаниците беше како ги доживувате овие форми на обраќање. Ќе започнеме со обраќањето со *другар/другарке*. Сите испитаници што ги анкетиравме, независно од возраста, во својот систем на обраќање ги немаат овие форми. Нив ги доживуваат „чудно застарено“, „потсмешливо“, „чудно смешно“. Еден одговор што го добивме беше „никако; Мене ми се обраќате?“. Тоа значи дека овие форми за обраќање што беа карактеристични за еден минат социјалистички период денеска се сосема исфрлени од употреба. Тие ја задржале нивната основна семантичка вредност: „другар употребувам кога му се обраќам на близок човек, како пријател“. Различни одговори добивме за именското обраќање со *господине/госпого*. Одговорите се движеа од „непријатно“, преку „имам индиферентен став“, до „нормално“ или со забелешка „така е сега нормално“. Интересно е тоа што обраќањето со *господин / госпого* го имаа прифатено за нормално 50 % од испитаниците. Кон анкетата додадовме уште едно прашање, во корелација со формите за именско обраќање: Како му се обраќате на непознат човек кога сакате да го прашате за нешто? Тука добивме најинтересен одговор. Повеќето од половината, 55,5% од испитаниците одбегнуваат именско обраќање. На непознат соговорник му се обраќаат со *вие*, во реченица која обично почнува *Извинете,* .... и следува прашањето[17]. Внатре во реченицата, не среќаваме посебни показатели за учтивост како што е на пример употребата на модални глаголи (*could, can, might*) во англискиот јазик: *Извинете, знаете ли каде се наоѓа зградата на Катастарот? Се*

[17] За овој тип на обраќање в. и Николовска, 2012.

извинувам, помина пешка? Извинете колку е часот? Извинете како да дојдам до ПИОМ? Не среќаваме дури ни форми за можен начин. Ретко е обраќањето со *Извинете, би сакале ли да ми кажете ....* Ова секако се должи на фактот што „формите на овој начин доста ретко се слушаат во нашиот народен јазик“ (Конески, 1982: 499). Тие навлегле под влијание на другите јужнословенски јазици (Конески, 1982: 500), но не ја зафатиле сферата за учтиво обраќање (и самиот Конески во „Граматиката на македонскиот литературен јазик“ не ја изделува како посебна оваа употреба на формите за можен начин). Сепак, еден модален глагол се јавува во овие говорни акти, а тоа е глаголот *може: Ќе може ли да ми кажете како да излезам на „Теодосиј Гологанов“?* Што се однесува до именското обраќање, само 22,2 % од испитаниците се изјаснија дека употребуваат *господине/господо́го.* Останатите се изјаснија како „не знам како“, „дечко“, „чичко“. Еден од испитаниците нагласи дека не употребува во овие конструкции *господине / господо́го*. Во нашиот анкетен лист никаде не ја наведовме формата *господо́гице.* Интересно е тоа што никој од испитаниците не ја почувствува празнината. Никој не ја додаде во системот на форми за именско обраќање. Веројатно кај нас се генерализира употребата на формата *господо́го* и во сферата на употребата на формата *господо́гице*. Ова може да се должи на фактот што попрактично е да се генерализира една форма за обраќање на женски лица, која нема да импликува информација дали тоа женско лице е со брачен статус или не. Така ниту се навлегува во сферата на приватното, ниту се компликува системот на форми за обраќање кои и онака не се комплетно прифатени во општеството. Сепак, на сметка на формата *господо́гице*, се забележува присуство на една друга форма за обраќање, која дури не носи маркираност ниту по брачен статус, а која некои од нашите испитанички на возраст од 40 до 50 години ја оценија како позитивно доживување, а тоа е формата *девојко.* Формата *мајсторе* кај нашите испитаници не помина славно: не ја прифатија како форма за обраќање (со еден коментар „не сум мајстор“)[18], а формата *брат* ни одговорија дека ја употребуваат помлади деца, тинејџери и дека за нив е нормална. Интересни одговори добивме за формата *госпожа́.* Таа е веројатно остаток од едно постаро време, кога оние што ја употребувале сакале да остават хиперкоректен впечаток на култура (познавање и на друга, туѓа културна традиција). Денеска младите немаат негативен став кон оваа форма (или анкетираните не обрнаа доволно внимание на формата, или ја немаат слушано, па имаат

[18] Еден потесен круг од естрадата, со значењето „маестро“ ја употребува формата „мајсторе“, како знак за голема почит на делото на изведувачот.

индиферентен став кон неа), за разлика од повозрасните кои ја доживуваат навредливо, потсмешливо.

Што би можеле да извлечеме како заклучок? Лингвистичкото маркирање на учтивото обраќање на македонската говорна заедница во Република Македонија е во зародиш, во формирање. Македонската култура не е култура на дистанца, туку култура на срдечност, другарски однос и отвореност, за што сведочи, како што споменавме и Вјежбицка (Wierzbicka, 1985). Инволвираноста и срдечноста се заеднички за словенските и медитеранските општества. Сепак, примањето на западни вредности се шири како појава во светот, па се случува и во нашата средина. Иако, најверојатно, според класификацијата на Лејкоф (Lakoff, 1990), учтивоста кај нас најпрвин се развила како учтивост од почит, денес сè повеќе започнува да се практикува учтивост од дистанца, особено во ситуациите кога имаме комуникација со непознати во автобус и некаде во јавната администрација (шалтери во општини, банки и сл.).

ЛИТЕРАТУРА

Brown, R. and Ford, M. (1961). Address in American English. Journal of Abnormal and Social Psychology 62 (2), pp. 375-385.

Brown, R. and Gilman, A. (1960). The pronouns of power and solidarity. In: Thomas A. Sebeok, ed. Style in Language. Cambridge, MA, MIT Press. Pp. 253-276.

Brown, R. and Gilman, A. (1989). Politeness theory and Shakespeare's four major tragedies. Language in Society 18. Pp. 159-212.

Brown, P. and Levinson, S. (1987). Politeness. Some universals in Language Usage. Cambridge University Press.

Kasper, G. (1990). Linguistic politeness: Current Research Issues. Journal of Pragmatics 14, North-Holland, pp. 193-218.

Lakoff, R. (1990). Talking Power. Basic Books.

Liu, Y. (2009). Determinants of stall-holders' address forms to customers in Beijing's low-status clothing markets. Journal of Pragmatics 41, pp. 638-648.

Wierzbicka, A. (1985). Different cultures, different languages, different speech acts. Journal of Pragmatics 9, pp. 145-161.

Yule, G. (1996). Pragmatics. Oxford University Press.

Yule, G. (2010). The Study of Language. Cambridge University Press.

Конески, Б. (1982). Граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје: Култура.

Кусевска, М. (2012). Меѓукултурна прагматика. Скопје: Академски печат.

Николовска, В. (2012). Култура на изразувањето. В. Николовска, Скопје.

811.163.3'271.14 : 657.242

Соња ХРИСТОВСКА

ЈАЗИЧНИТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ФИСКАЛНИТЕ СМЕТКИ

Апстракт: Многуте неправилности кои ги согледувам секојдневно во фискалните сметки, ме поттикнаа подетално да ги проучам и анализирам. Затоа одлучив предмет на ова истражување да бидат јазичните неправилности кои ги забележав во многу собрани фискални сметки во последниве десет месеци, да направам класификација и да донесам заклучок во која граматичка категорија има најмногу грешки.

Клучни зборови: фискални сметки, именки, придавки, броеви, глаголи.

Во текот на 11 месеци, од мај 2015 до март 2016, имав собрано 320 фискални сметки кои ги анализирав детално и ги забележав следниве неправилности:

1. Неправилна употреба на датумите

Во сите фискални сметки датумите се напишани како *27 - 03 -2016, 08 - 06 – 2016* итн.. Во ниту еден случај не е испочитувано правилото доколку датумите се пишуваат само со арапски цифри, тогаш и по означувањето на месецот се пишува точка: 27.10. 2015г., 2.8.2015 г. Во банкарството, во книговодствените работи се користи и нулата за означување на првите девет дена и месеци: *03.09.2015, 05.07.2015* г. Во обичната преписка, во печатот таквото бележење на датумите не е допуштено.

2. Испуштање на наводниците

Во принцип, меѓу наводниците се ставаат наслови на книги, весници, списанија, друштва, хотели, фабрички марки, фирми и др.. Во ниту еден пример не беше забележана правилната употреба на наводниците. Всушност, воопшто не беа употребувани: *бул. Јане Сандански; улица 906; продавница 13 државна болница мајка Тереза 41; бул. Кочо Рацин; Св. Кирил и Методиј, катна гаража Разловечко востание.*

3. Неправилно скратување на зборовите

Скратениците се добиваат со скратување на одделни зборови или со спојување на почетните букви или групи од зборови што влегуваат во состав на сложени називи.

Во фискалните сметки ова правило во поголем број случаи не беше запазено. Најчесто зборовите се скратуваат без употреба на точка, а таму каде што е запишана е ставена погрешно. Едно правило беше заедничко за сите разгледани фискални сметки, а тоа е дека по скратување на мерките на метричкиот систем или други мерки и големини, не беше забележана употреба на точка:

Резервац.бр:/ пудинг со вкус на чоколад/ доми туна парчиња во масл/ машки чорапи микрофи/ кафе франк јубила/ прима пак ал. фолиј/ фруктал класик кокте/ шогетен црно чоко/ чоколадо милка цели лешни/ пилешка виршла со кашкава/ ад за изградба и стопан. со станб/ инв. повер/ пастрмај мала свинско/ чај брусница без конче 35гр јумис/ билјана р пер/ капричиоз/ лен – провен травел пробиот/ лен-еманера 40 мг 28 кајс/ инв. повер 50 мл/ термос метален лила сребр/ ексодерил раствор за коз/ кр. шун.и кашк./ чај ладен вива фреш праск.

4. Употреба на именка + придавка (наместо правилната употреба придавка + именка, која многу ретко се сретна во фискалните сметки: *сончогледово масло/ обичен леб/ бел леб);*

Ема хулахопки свилени/ јана природна изворска/ квасец Битола свеж/ пиле српско/ кифли лиснати мали/ сирење кравјо полошко/ боци плински/ урда кумановска/ компир млад/ феферони лути/ јуфки домашни/ пиво горско/ пиле печено свежо.

5. Неправилна транскрипција на туѓите имиња

Туѓите имиња се пишуваат со наше писмо, по правило, онака како што се изговараат. При тоа нивните гласовни особености се пригодуваат колку што е тоа можно кон гласовниот систем на нашиот јазик, т.е. гласовите што ги нема во нашиот јазик се предаваат со наши слични гласови.

Во фискалните сметки, најголем број забелешки и грешки беа токму во делот на транскрипција на туѓите зборови. Во најголем дел зборовите не се прилагодуваа кон нашиот гласовен систем, туку се предаваа на кирилично писмо онака како што се напишани:

Бецутан/ филтер 57 блубокс/ пара, топ блитз џебни/ бенстон лајт бокс/ милка чоколадо хазелнут/ пак – росал џхерри лади лип/ европеан еје хоспитал/ аура компакт пудер в. мат/ витамац ц хелатед цал/ цигари давидофф голд/ цпс – доцицц лин алкалоид 1/ пак – хицонцил 500мг 16ка/

макси софти јагода ресана 115гр/ пак – виџхи схамп антипелли/ пак - виџхи идеал теинт бро/ увае урси фолиум цонц/ витамац ц хелатед цал/ класик блуе тврдо/ классик лајт блу бокс/ гоџиа доро оливе помас/ классик фф бокс/ пилешко фул плејт похован/ цигари вест миди слимс блек.

6. Употреба на:

С наместо Ш : *сампон/ венис гел за флеки/ струдла;*
Ц наместо Ч : *сонцогледа рефус/ ципси ребраст лут 18г/цај/ ослиц хеик пакован;*
Ц наместо К и Џ наместо КС : *пак – б – џомплец/ пак – хиџонцил 500мг/ пак – бецутан детски 2 во 1;*
З наместо Ж: *пенти зенски гаки килоти*;
З наместо S: *звезда – продуктите со звезда имаат рамстор намаление;*
К наместо Ќ: *кеси житo штампани/ кеса трегер/ кеси за продажба печатени/ кеса јумбо/кеси за купувач/ екстра лиснато со спанак;*
Гласовите *ќ,ѓ,* се јавуваат во голем број зборови од несловенско потекло (најчесто турски). Според правописот пред самогласката *е* се пишува *ќ, ѓ;*
Г наместо Ѓ: *геврек,* во многу мал број на фискални сметки беше правилно напишан ѓеврек.

7. Неправилна употреба на голема буква

Сок Фрута 1.5 лит. /Ж. Лукс Бел Леб/ Ж. Лукс Полубел Рол /Ж. Чевли;

8. Употреба на латинично писмо VS кирилично

Во повеќето фискални сметки се употребува латиничното писмо. Во мал број сметки се користи кирилицата, а во уште помал број се забележува „чудна“ помалку нејасна комбинација на кирилица со латиница. Има случаи во кои текстот во фискалната сметка е на кирилица, само *Vi blagodarime* на латиница, или само имињата на производите да се на латиница, а сè останато на кирилица, или комбинација како на пример *парфем Santini.*

9. На опачината на дел од фискалните сметки се забележуваат синтагми кои се лого на соодветните фирми и голем дел од нив беа напишани правилно:

Убав ден, секој ден. – пекара Кисми,
Ваша семејна аптека - Зегин, евробалкански лидер во промоција на нови молекули,
Сè на едно место – Веро,
Ново ефикасно гориво – Окта.

10. Од сите фискални сметки, имаше и такви во кои сè беше правилно напишано:
Населба без уличен систем/ Бебе без облека 40 см женско/ Мамут зелени елени/ Пица капричиоза/ Фарбање на корен/ Капучино карамел 100 гр дрога/ Диспанзери – стр. 2 – пиштол 26.

11. Заклучок

Од сето ова досега забележуваме дека постојат многу грешки во фискалните сметки. Неосновано е да се обвинат фирмите кои ги произведуваат фискалните сметки или Управата за јавни приходи. Всушност, секој сопственик или некој од вработените ги внесуваат целосните имињата на производите или ги скратуваат во зависност од големината на лентата. Тука веќе како ќе се скратат зборовите, правилно или неправилно, можеме да зборуваме за писменост, неписменост или нешто друго. Ние, како јазичари и млади истражувачи на јазикот, не смееме да дозволиме да бидеме негативен дел од логото *Каков јазик таков народ, каков народ таква држава,* туку треба да ги следиме нашите професори и што почесто да погледнуваме во правописот.

ЛИТЕРАТУРА

Б. Конески, *Историја на македонскиот јазик*, Култура, Скопје, 1986.
Б. Конески, *Граматика на макдонскиот литературен јазик,* Скопје, 1982.
Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, Р.У. Скаловска, *Правопис на макдонскиот литературен јазик,*Скопје, Просветно дело, 1998.
К. Конески, *Правописен речник на макдонскиот литературен јазик,*Скопје, Просветно дело,1999.
Ст. Бојковска, Л. Минова-Ѓуркова, Д. Пандев, Ж. Цветковски, *Македонски јазик за средното образование,* Скопје, 1997.

811.163.3 - 93-31 : 811.163.3'373

Јованка ДЕНКОВА

ДИДАКТИЧКОТО И ПОУЧНОТО ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПРЕКУ ЗБОГАТУВАЊЕ НА ЛЕКСИЧКИОТ ФОНД КАЈ ДЕЦАТА

Апстракт: Во овој труд се разгледува прашањето за улогата на книжевноста за деца и млади при збогатување на лексичкиот фонд кај децата. Како еклатантен пример и материјал од кој ќе се ексцерпираат податоците ќе се користи романот за деца и млади „Златко-Златец“ од современиот македонски писател за деца и млади Велко Неделковски. Од наведениот роман ќе се издвојат зборовите со кои се запознаваат младите читатели и начинот на кој им се објаснува нивното значење, со што се придонесува за збогатување на нивниот лексички фонд.

Клучни зборови: лексички фонд, книжевност за деца, македонска книжевност.

Познато е дека прифаќањето и усвојувањето на јазикот кај детето се случува со осознавањето на стварноста, односно од самото раѓање. Затоа, врската меѓу создавањето на поимите и објективната стварност е тема која науката ја проучува и за таа цел постојат повеќе методи. И Маленко го подржува ставот дека "покрај секојдневната комуникација, за правилен когнитивен, психички, но и јазичен развој многу важна е книжевноста за деца (Маленко 2012:81). Со читањето на дела наменети за нив, се развиваат педагошките, моралните, естетските. Јазикот на кој е напишано делото, првенствено зависи од темата и стилот на авторот. Од тие причини, во уметничко-литературниот стил може да се сретне слој на застарени зборови (архаизми, историцизми), нови зборови (неологизми, индивидуализми), зборови од нестандардната лексика (дијалектизми, варваризми) и странски зборови (заемки од турскиот јазик, интернационализми). Всушност, збогатувањето на лексичкиот фонд им овозможува на децата да ја збогатат својата јазична експресија, а ова директно е поврзано со процесот на социјализација на детето (Malenko 2014). Кумулативната карактеристика на јазикот најдобро се гледа кога децата ќе научат не само за структурата на јазикот, туку и многу лексеми, во релативно краток временски период...Децата го гледаат јазикот на

поинаков начин, бидејќи тука тие се запознаваат со нови лексеми, што можеби ги чуле, но тие не го знаат нивното основно значење.

John Stephens, зборувајќи за книжевноста за деца и јазикот во неа, истакнува дека во неа многу важно самопрезентацијата на детето, па во корелација со тоа се доведува и јазикот кој е употребен во литературните дела за децата, бидејќи од една страна тоа треба да биде конвенционален јазик, за детето да може да ја разбере пораката на делото, а од друга страна, јазикот треба да ја изразува нивната лична експресивност и субјективност. Stephens тоа го нарекува "трансакција меѓу писателите и читателите која опфаќа сложена мрежа од социјални односи реализирана преку јазикот". Со други зборови, во книжевните дела, децата ќе се сретнат со веќе познати термини, но и со термини кои им се помалку познати кои се употребуваат во специфични ситуации (Stephens 1999). Тоа се лексички единици кои подразбираат специфичен дискурс. На овој начин, како што вели и Stephens, јазикот им овозможува на индивидуите/децата да ги споредат своите искуства со искуствата на другите, а во крајна линија, тоа е и една од целите на книжевноста за деца.

Според еден од најголемите теоретичари на книжевноста за деца, Марија Николајева, една од најголемите предрасуди во врска со книжевноста за деца е дека таа подразбира едноставен и оскуден јазик во споредба со општата книжевност за деца и доколку се прифати тој став, треба веднаш да се запрашаме што се подразбира под тоа „едноставно и оскудно“. Се разбира, дека јазикот во делата наменети за децата, треба да биде приспособен на нивното разбирање, но истовремено книжевноста за деца може да биде средство за збогатување на речничкиот фонд на младите читатели, односно да послужи за оваа дидактичка цел. Многу писатели за деца се свесни за едукативните потенцијали од стекнување на знаења од областа на јазикот преку книжевноста за деца и го потенцираат тоа во своите текстови (Nikolajeva 2005).

Познатиот македонски раскажувач, романсиер, драмски писател, поет и сценарист, Велко Неделковски и во оваа своја книга се покажува како одличен познавач на детската душа, трептежите во неа, во оние најдраматични години од детскиот развој, кога детето почнува да го гледа светот со поинакви очи. По одличните книги за деца, а особено за млади **Втората смена, Збунети години, Летачкиот човек Пеперут, Шармери од осмо,** сега на младата адолесцентска публика ѝ се претставува со романот **Златко-Златец** (Неделковски 2015), со интересен поднаслов „Серија мини-романи за деца и млади“. Со самата определба „за млади“ веќе се укажува на карактерот на делото. Имено, станува јасно дека романот ќе биде посветен на младите луѓе, на адолесцентите.

Романот има четири дела: 1. Златко-Златец и Томчуле Мац, 2. Златко-Златец и Мишко од Доцниленд, 3. Златко-Златец и жед за аплаузи и 4. Златко-Златец и четири синцези.

Богатството на ликови кои ќе продефилираат пред читателите, му дава на романот една широка и привлечна димензија. Тие не се само другарите од одделението на Златко-Златец, не се само другарите од неговата улица, туку речиси во сите событија се вклучени и неговите најблиски од кругот на семејството, означени како Татони (таткото Тони), мајката Лили, како и неодминливиот и секогаш подготвениот за шега – дедото Дедор. Но, тука се и „сезнајниот начитанко“ Жилче Верн (Живко Верновски), потоа Мишко (од Доцниленд) и Веле од Велес, но, секако и четирите негови најдобри другарки, „принцези-симцези“ (Летка, Јана, Снежанка, Марионка). Неизбежни се и другарувањата со домашните миленичиња, со мачињата и кученцата (Кујунџиски 2015).

Во овој труд, поединечно ќе се осврнеме на тематските делови од романот, кои ги има четири. Во првиот дел, главниот лик, **Златко-Златец и Томчуле Мац,** Златко, нагалено наречен од родителите Златко-Златец, ја изјавува дома својата желба да има миленичe. И покрај негодувањето на домашните, Златко сосема случајно, по една детска игра околу солитерот, Златко наоѓа едно мало, загубено маче и си го присвојува. Одговорноста за неговото одгледување, а особено „невоспитано однесување“, на кое почнуваат да се жалат домашните – треба да ја преземе Златко. По едно „бегање од дома" и пронаоѓање, мачето ќе биде причина и повод за стекнување на нови пријателства, но и обновување и зацврстување на старите, како што е она со Летка, соученичка на Златко, со која се скарани. Заедничката грижа за миленичето ќе ги зближи скараните страни.

Sarah Friedman во нејзината статија *Is Sharing a Bear Necessity,* објаснува зошто анималните ликови и антропоморфизмот имаат поголемо влијание врз децата отколку човечките ликови, при што потенцира дека: 1. животните се неделив дел од животот на децата, 2. Децата ги обожаваат Животните и 3. Употребата на животински ликови е амбивалентна и се должи на недостатокот на пол, раса, возраст, итн., што може да им овозможи на децата да се идентификуваат со нив (Friedman 2011). Со самото галовно именување на мачето (Томчуле Мац, Томчуле Наш Дваш и др.) кај детето се раѓа чувство на блискост кон животните, се негува чувството за одговорност и емпатија со секое живо суштество.

И Karen Swallow Priory кажува на позитивните ефекти од анималистичките приказни за децата. Според неа, важна е етичката димензија со која децата се учат на сочувство кон животните и нивниот хуман третман понатаму во животот. Додека идентификацијата со животните помага во развојот на една морална рамка кај децата која

вклучува добрина кон животните, идентификацијата со нив сепак не е највисок чин на етичката скала. Повисок и од овој е сочувството, што не е сосема иста работа како идентификација. Зборот „сочувство“ (изведенка од коренот на збор што значи „да страдаат", а во комбинација со префикс „заедно" или "со") е страдањето кое се чувствува за друг, но не со идентификување со другиот, туку од тоа да се биде покрај другиот. Една работа е да се чувствува болката на другиот преку идентификација, но повисока етички е целосно да се страда, да се чувствуваат за она што не е самиот себе, туку е целосно друга. Оттука и најмоќни и најпотресни места во анималистичката литература се оние кога нивната единствена улога ја одразува онаа која ја имаат во реалниот свет: едноставно да се биде животно со кое ние живееме на оваа земја (Prior 2011).

Освен грижата и љубовта кон животните и целокупниот анимален свет, на ненаметлив, но сепак поучен начин им се наметнуваат пораки на децата и им се всадува љубов кон јазикот, се поттикнува креативноста и сл. Во овој прв дел се среќаваат лексеми, најчесто од устата на Жилче Верн и дедото на Златко-Златец, Дедор. Ликот на Жилче Верн, сам по себе е опишан како голем љубител на книжевноста, на книгата, на авантуристичките романи, но тој и не пропушта прилика секогаш кога треба и кога може да го коригира Златко, или да му го појасни значењето на некој новослушнат збор. Заради големата љубов кон литературата, Златко го нарекува „читател без библиотека“ (Неделковски 2015: 38). Па, во овој прв дел од книгата, се среќаваат лексемите, а ние го даваме и нивното значење во текстот: чип за погодување (насетува), икс-ипсилон (непозната), бајати кифли (застарени кифли), со ветар во петиците (брзо), само во нечиј сон може да му припаѓа на Златко (никогаш) (Неделковски 2015: 31), и сл. Во овој дел се дава објаснување на младите читатели и на зборот „трамбулина“, на следниов начин: „Знаеш, тоа е онаа штица што дава отскок во височина“ (Неделковски 2015: 45).

Ако во првиот дел, главна и носечка мисла беше да се помогне на малото пронајдено маче, веќе во овој дел, носечката мисла е една нова, хуманистичка акција на другарите на Златко. Секоја глава од овој дел завршува со наставката „-ленд“: Почниленд, Доцниленд, Тајноленд, Стрелкиленд, Бусколенд, Ајварленд, Стрижиленд, Ту-туууленд, и Точниленд, и скоро сите се подредени на идејата да му се помогне на другарот. Именувањето на секоја глава со термин кој завршува со наставката „-ленд“ (анг.„земја“), укажува на тоа дека децата се групираат во дружини, имаат свое точно определено место, место каде се чувствуваат свои, каде имаат свои правила, каде слободно ги изразуваат своите мисли и чувства, своите афинитети и каде планираат акции и сл.

Овој дел е насловен како **Златко-Златец и Мишко од Доцниленд,** и започнува на првиот училишен ден од новата учебна година, кога Златко е четвртоодделенец. Овде е прикажано пријателството меѓу децата во училиштето што особено доаѓа до израз во пријателството со соученикот Мишко наречен уште и „Мишко од Доцниленд“. Во оваа глава на површина излегува едно негативно поведение на Мишко, неговото постојано доцнење на часовите, барање изговори да ги избегне училишните обврски. Читајќи ги дијалозите меѓу Мишко и Златко, во кои Мишко на привлечен начин се обидува да му ја долови забавната страна на отсуствување од училиштето, неодминливо се наметнува впечатокот од „Пинокио“ и делот кога потклекнува и прифаќа да замине во земјата каде нема училиште. Во своите забавни игри, Мишко ќе се обиде да го вовлече и Златко, но Златко навреме ја согледува опасноста, па не само што нема да го прифати тоа, туку ќе се обиде и да му помогне на другарот. Всушност, причината за бунтовничкото однесување на Мишко избива на површина, а тоа е отсуството на таткото кој е во туѓина. Солидарноста на децата е безгранична, па најпрвин, не знаејќи која е причината за неговите отсуства, другарите од својот скромен џепарлак, великодушно собираат средства за да му купат часовник за да не доцни на часовите. Но, потоа, откако дознаваат дека таквото однесување е само начин и желба на Мишко да го привлече вниманието на родителите, поточно на таткото и да го принуди да се врати дома од туѓина, решаваат да преземат и конкретна акција – ќе му напишат писмо на таткото на Мишко да се врати дома. Ова, според Pickhardt, е вид на бунтовништво против општествените норми наметнати од возрасните, токму заради возрасните. Бунтот може да предизвика младите да се бунтуваат против нивните сопствени интереси – да ги отфрла интересите кои ги имале од детството, разни активности и односи, кои често ја поддржуваат нивната самодоверба. Тоа може да предизвика да се вклучат во самодеструктивно и самоуништувачко однесување – одбивање да се работи во училиштето, па дури и физички да се повредат. Иако младиот човек смета дека бунтот е чин на независност, тој всушност никогаш не е. Тоа, всушност е дело на зависност. Бунтот кај младиот човек предизвикува тој себеси да не може да се дефинира, а од тоа зависи и личното однесување кога го прави спротивното од она што другите луѓе сакаат (Pickhardt 2009).

Dave Currie истакнува дека бунтовништвото кај адолесцентите настанува како резултат на желбата на адолесцентите за самостојност. Тоа е една од нормалните причини, но тој смета дека има и „нездрави“ причини за такво бунтовништво, како што се: дисхармонија меѓу родителите (несогласувања), родителски методи за дисциплина, конфузија во семејството, родител - алкохоличар, навредливи ситуации, финансиски притисоци, влијание на врсниците, стравот од неуспех, чувство на пониска самовредност, и сл. (Currie 2016). Во случајот на овој роман, грижата на

пријателите стигнува навреме да го заштити Мишко од лоши патишта. И не само тоа, благодарение на нивниот апел до таткото, тој се враќа дома и отвора бизнис во својата татковина. Благотворителното дејство на семејната хармонија веднаш станува видливо и Мишко се поправа со поведението. Во меѓувреме, односите меѓу Летка и Златко, благодарение на мачорчето се подобруваат.

Третиот дел е насловен како **„Златко-Златец и жед за аплаузи**“ и во него најпрвин се гледа желбата на Златко да биде славен, па заради тоа се зачленува во сите можни секции (млади актери, играорци, ракометари, рецитатори, сообраќајна секција, екологисти, шахисти, итн.), но набргу сфаќа дека е невозможно да се постигнат добри резултати секаде, но и сите работи не го привлекуваат подеднакво. И додека родителите и дедото, се гордеат со него, и се препознаваат себеси и своите желби во него, тој се откажува од многу од овие воннаставни активности, една по една. Еколошката секција ќе иницира еднодневен излет во Катланово, каде Златко ќе запознае девојче од Велес – Марионка, со кое ќе продолжи да комуницира преку писма, на што Летка ќе стане љубоморна.

Pickhardt во неговата статија, зборувајќи токму за раната адолесценција (од 9-13 год,), упатува на тоа дека во тој период детето го напушта детството и почнува да се придвижува кон адолесценцијата. Она што го карактеризира тој период е желбата на детето-адолесцент да не биде третирано како дете, туку како возрасен. Затоа, разбирливо, во тој период, детето настојува да се оддалечи од семејството, и да се движи во други социјални групи, во кругот на другарите, со оние со кои има заеднички интереси, исти сфаќања, со кои може да се дружи и кои се дружат со него. Токму затоа, секоја ваква група-дружина си има и свое место во училиштето каде што се собира. На адолесцентите во овој период им е особено важно да бидат прифатени, со својот изглед, однесување, ставови, со еден збор, да не се сами. Но, од друга страна, и преголемата популарност може да донесе големи проблеми (Pichardt 2010). Токму со тој проблем ќе се соочи и Златко. Всушност, овој дел од романот го навестува навлегувањето на Златко во пубертет, што се гледа од фактот дека сака да се истакне меѓу своите, а особено да им се допадне на девојчињата: „Со толку обврски, ти ќе го занемариш кутриот Sвоне! Ќе мјаука гладен и жеден, окце мое! Глумец, играорец, шахист, каратист...Преку ноќ сакаш да станеш светски популарец број еден..“ (Неделковски 2015: 100)

Златко посакува да не е сам, да има братче или сестричка, особено откако ќе биде посредник во простувањето на близнаците Горан и Зоран Близнаковски (!), и нивната меѓусебна љубомора. Златко е оној кој ќе изнајде компромисно решение за нивната љубомора, а воедно и начин да го добијат тоа што го посакуваат од родителите.

Последниот, четврти дел од овој роман за деца и млади, „**Златко-Златец и четири симцези“** ја открива „слатката мака“ на Златко, фазата во животот на секој адолесцент кога во свеста им дефилираат повеќе симпатии, а тие се нерешителни. Во зависност од секојдневните настани во коресподенцијата со нив, се менува и расположението на Златко. Па, така, освен Летка, која сосема си го присвојува мачорчето, Златко негува извесни нежни чувства и кон девојчето со кое седи во иста клупа, Јана – Јанка, кон Марионка од Велес со која се запознаваат на еколошкиот излет во Катланово и со која во еден период и ќе си разменуваат писма, како и кон прекрасната снегулка (од претставата) Снеже.

Уште еден нормален простор за младите да истражуваат е нивниот нов развој на сексуалноста. Децата кои се во транзиција од средното детство до адолесценцијата ќе ја изразат својата сексуалност на многу природен, здрав начин. Често, младите ќе изразат романтичен интерес кон некој од своите врсници. Кога овие „симпатии" ќе се појават, тие можат да се јават на овие специјални нивни пријатели „момче" или „девојка". Младите можат да изразат итна желба да се дружат со овие пријатели во школскиот автобус, за време на ручек, или во текот на другите групни активности, како што се на кошаркарски натпревар. Или, пак, тие можат да се поврзат со овие пријатели во заедницата, како што се фестивали, црковни активности, или младинските клубови (Oswald 2010).

Па така, одеднаш, кутриот Златко ќе се најде среде „виор“ од девојчиња, чувства, испреплетени настани... Дилемата ќе се разреши делумно со помош на неговиот дедо кој му дава корисни совети, кои се покажуваат и благовремени зашто и другарите почнуваат да пројавуваат љубомора кон него, како миленик на повеќе девојчиња: „Летка, зошто си луто феферонче? Ајде вака да направиме...Еден ден ќе седам со Јанка, а еден ден со тебе. Ако се согласува Јана...(Неделковски 2015: 154). Неговата дилема најубаво ќе ја претстави неговиот дедо, кој воедно ќе му биде и најдобар советник: „Го знам твоето проблемче со три непознати... До-бро, со четири непознати! Односно, познати и драги девојчиња, нели така? На кои окција да им се даде предност? Кое именце најмногу ти syни? (Неделковски 2015: 155)“. На тој начин ќе се искристализираат чувствата и кај Златко, и кај девојчињата, а и кај неговите другари. Летка и Јана-Јанка сами се оддалечуваат од него и се приближуваат кон други сокласници, Снеже со семејството ќе се пресели во друг град, и додека Златко тагува заради тоа, одеднаш во Скопје се доселува Марионка од Велес. Романот завршува со сликата на двајцата млади на прошетка низ Скопје.

ЗАКЛУЧОК

Ова е роман во кој се испреплетени повеќе мотивски нишки, кои како да се надоврзуваат една на друга, но во контекст на поставената тема и цел на овој труд, за да ја елаборираме тезата за тоа колку е големо и значајно дидактичко-поучното влијание на лексемите кои се користат во литературата за деца, би можело да се истакне дека, во разгледаниот роман, кој го зедовме за пример, се среќаваат антропоними, топоними, интернационализми, архаизми, фразеологизми, пословици и поговорки, современа лексика, односно зборови кои се изведенки, морални поуки, еколошки пораки и сл. и сето тоа е ставено во функција на збогатување на лексичкиот фонд на децата. Авторот ја пласира таа идеја преку ликот на Жилче Верн, другарот на Златко, кој како да не пропушта прилика да употреби некој нов збор, чие значење му е непознато на Златко, за потоа со задоволство да му го објасни. Во таква улога повремено се јавува и дедото на Златко.

Ако ги разгледаме тие зборови, можеме веднаш да ја направиме следната класификација:

1. Антропоними: Господин Растиметар, Мишко од Доцниленд, Ромео и Јулија, Ајнштајн, Жилче Верн, Горан и Зоран Близнаковски, Јана-Јанка, Летка, Снеже, Снежанка, Робинзон Крусо, ТомчулеМац-Sвоне, Мацко, Панделко, Том Цртанковски, Томчуле Наш Дваш, То-Тони, Мама Лиле, Дедор, Боби и Бибо, Супермен, Тарзан во асфалтната џунгла...
2. Топоними: Треска, Килиманџаро, Пелистер...
3. Архаизми: бајати кифли, студешници (треска)...
4. Фразеологизми употребени за објаснување на карактерни особини, временски појави и сл.: со ветар во петиците (брзо), само во нечиј сон (тешко остварливо), не тропа-везе (одлично работи/дава одличен звук), се испековме како костени на оганче (многу голема жештина), ги имам на тапет твоите оценки (те набљудувам), пирето е како малтер (невкусно), сто грама внимание (се бара малку внимание), Летка, зошто си луто феферонче? (лутина/избувливост)
5. Интернационализми: Чејнџ (промена,), олдмен (стар човек/старец), икс ипсилон (непознато), трамбулина, кореограф, реванш, протокол, јубилеј, протестен митинг, терминатор, тандемот, медицински аспект, ангина, превентиви, цитира-рецитира, имун, имунитет, ребуси, пардон, номад, шопинг, студент, реума, шах, милениум, детектив, подморница, апетит, хамбургери...

6. Современа лексика: чип за погодување, хартиологија, телефонија, чин, рецитатор, куќен совет...
7. Пословици и поговорки: 1. Вистината многу сака да се сонча, 2. Со кого си–таков си, 3. Лагите се како здодевни комарци. Скокаат од дете на дете, 4. Зависта е како црвена мравка која каса, 5. Три лубеници под иста мишка
8. Мудрост и поучна мисла упатена од нараторот кон малото немирно маче, но која како да е упатена кон младите читатели: „Не злоупотребувај ја приврзаноста и љубовта на тие што те чуваат и што те сакаат“ (20)
9. Лексика од областа на уметноста: сликар, ликовен талент, портрет, лебедово езеро, театарска претстава...

Од направената анализа, може да се види дека ова е значајна тема на која може и треба да ѝ се посвети поголемо внимание, но во интерес на просторот, можеме единствено да заклучиме дека освен тоа што е забавна, литературата за деца може да се користи и како „алатка" за развивање на вештините кај децата, но истовремено таа прави и важен трансфер на светското знаење, идеите, вредностите и општоприфатениот начин на однесување. Во книжевноста за деца, дидактичното е секогаш повеќе или помалку забележливо, експлицитно или имплицитно. Дидактичкиот принцип, на "корисност" на оваа книжевност за децата, понекогаш се надополнува, а понекогаш се спротивставува на разбирливост: и јазикот и содржината на книгите за деца треба да бидат приспособени на читателите и нивната способност за читање (Puurtinen 1998:524-533).

Од анализата на конкретниов роман, се гледа дека преку збогатувањето на лексичкиот фонд кај децата, дома, во училиште или при игрите на улица, преку измислувањето на нови зборови и давање нови значења на старите, кај децата од рана возраст може да се влијае врз нивниот емоционален, когнитивен и социјален развој, со цел да се развијат во индивидуи кои во иднина ќе ги понесат товарот и одговорноста за иднината на човештвото.

ЛИТЕРАТУРА

Currie,Dave,2006, Helping Parents Survive Adolescent Rebellion, http://powertochange.com/family/rebellion/, пристапено на 13.02.2016

Friedman, Sarah, (2011),Is Sharing a Bear Necessity?: Anthropomorphization and Learning Social Lessons from Children’s Book*s*. MA thesis. University of Virginia, <http://www.virginia.edu/psychology/downloads/DMP%20Papers/DMP%202011/Sara% 20Friedman.pdf>. Web, пристапено на 22.01.2016

https://www.mentalhelp.net/articles/developing-interest-in-sex-and-sexuality/, пристапено на 13.02.2016
Кујунџиски, Александар, (2015), Предговор кон кн. Златко-Златец, Антолог, Скопје.
Маленко, Билјана, (2012), Јазикот во литературата за деца од предучилишна возраст, Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце предшколског узраста, Учитељски факултет, Врање.
Malenko, Biljana, (2014),The lexis in the literature for children, 9 International Balkan Education and Science Congress, „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието“, Edirne, Turkey.
Неделковски, Велко, (2015), Златко-Златец, Антолог, Скопје.
Nikolajeva, Maria, (2005),Aesthetic Approaches to Children's Literature: An Introduction, The aesthetic of Language, Scarecrow PressInc, Maryland, пристапено наhttp://www.amazon.com/Aesthetic-Approaches-Childrens-Literature-Introduction/dp/0810854260#reader_0810854260
Oswalt, Angela, 2010, Developing Interest In Sex And Sexuality, https://www.mentalhelp.net/articles/developing-interest-in-sex-and-sexuality/, пристапено на 13.02.2016
Pichardt, Carl, 2010, Adolescence and the pursuit of popularity, https://www.psychologytoday.com/blog/surviving-your-childs-adolescence/201005/adolescence-and-the-pursuit-popularity, пристапено на 13.02.2016
Pickhardt, Carl, (2009),Rebel with a Cause: Rebellion in Adolescence, https://www.psychologytoday.com/blog/surviving-your-childs-adolescence/200912/rebel-cause-rebellion-in-adolescence, пристапено на 13.02.2016
Prior, Karen Swallow,(2011). Ask the Animals, and They Will Teach You, Flourish magazine, пристапено на
http://www.flourishonline.org/2011/07/lessons-from-literature-about-animals/
Puurtinen, Tiina, (1998). "Syntax, Readability and Ideology in Children's Literature", Meta:Translators' Journal , vol. 43, n° 4, p. 524-533.
Stephens, John,(1999), Analising texts, Linguistics and stylistics, in book Understandings Children’s literature, edited by Peter Hunt, https://books.google.mk/books?id=4ikEPN7LKzsC&dq=John+Stephens,+Analysing+texts,+Linguistics+and+stylistics,+in+book+Understanding+Children%E2%80%99s+literature,+ed.Peter+Hunt,&source=gbs_navlinks_s, пристапено на 14.02.2016

811.163.3'276.3

Жаклина ЃОРЃИОСКА
Лилјана МАКАРИЈОСКА

СРБИЗМИТЕ ВО ЈАЗИКОТ НА СРЕДНОШКОЛСКАТА МЛАДИНА

Апстракт: Предмет на нашиот интерес е употребата на србизмите во јазикот на средношколската младина. Резултатите од спроведената анкета на репрезентативен број ученици од повеќе средни училишта ја потврдуваат зголемената употреба на србизми, српски изрази и фрази во говорот на средношколците. Употребата на србизмите е особено изразена во неформалната комуникација преку електронските медиуми, односно на социјалните мрежи, но се проширува и во писменото и усното изразување на учениците во училиштата. Средношколците почесто ги употребуваат србизмите: *галама, доручек, новчаник, упаљач, утакмица, се дешава, покуша, се понаша, примети, другачије* итн. Зачестената употреба на србизмите е поттикната и од пренесувањето на српски програми од забавен карактер на нашите медиуми, на емисии со лоши преводи на македонски и сл. Во врска со употребата на фразеолошките изрази кај младите преку анкетата се потврдува дека покрај македонски се употребуваат многу фрази од српскиот јазик – најчесто се преземаат делумно или се модифицираат, но се документираат и некои што се целосно преземени од српското говорно подрачје: пр.: *Боље ишта него ништа; Никад не реци никад; Тражили сте гледајте.* Меѓу најчесто употребуваните во меѓусебната комуникација се посочуваат фразите: *Баш ме брига; Ко те шиша; Мало сутра; Не долази у обзир; Никад више; Свашта се дешава; Свака част; Живот иде даље* и др. Се посочува и употреба на изрази под влијание на песни од српската естрада: *Шта да ти причам кад све знаш, Више среќе други пут* и др.

Клучни зборови: македонски стандарден јазик, лексика, србизми, разговорен стил.

При следењето на развојните тенденции во лексиката на македонскиот јазик се истакнува дека влијанието на српскиот јазик врз развојот на македонскиот јазик е најизразено во периодот од Балканските војни до Втората светска војна, кога употребата на македонскиот јазик била ограничена во јавната комуникација. Таквото влијание продолжило и во периодот по Втората светска војна во рамките на СФРЈ кога покрај официјалниот српскохрватски јазик и македонскиот стана официјален во Република Македонија. Во повоениот период контактот со српскиот и со

хрватскиот (тогаш српскохрватски) јазик е суштествен за состојбите во македонскиот стандарден јазик, особено на лексички план (Додевска-Михајловска 2002: 118). Во овој период, македонското јазично подрачје се соочува со неопходноста од нова лексика во јавното општење, а развојот на новата лексика во услови на тукушто воведената стандардно-јазична норма одела и паралелно со српскохрватскиот јазик, па врз основа на тенденцијата литературниот јазик да се развива најмногу на словенска основа, при лексичкото заемање видно место заземало влијанието од српскохрватскиот јазик (Корубин 1994: 221, Додевска-Михајловска 2004: 67).

Со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 ова влијание е видно намалено, но сепак застапеноста на српските лексички елементи се следи до денес.

При проучувањето на современите состојби во јазикот се констатира дека, иако со послаб интензитет, сепак се чувствува влијанието на српскиот врз македонскиот јазик, коешто е најизразено во областа на лексиката (Веновска-Антевска 1995: 25–30, Додевска-Михајловска 2002: 111–120, 2007: 183–190).

Изделувајќи неколку периоди на влијанието на српскиот врз македонскиот јазик Веновска-Антевска (1995: 28−29) истакнува повеќе причини што придонеле за прифаќањето на србизмите во периодот од кодификацијата на македонскиот јазик до 1990 год., меѓу кои и: застапеноста на учебниците на српскохрватски јазик, особено во високото образование; средствата за јавно информирање (радио, телевизија, списанија итн.) и преку нив присутноста на српската народна и забавната музика; политичкиот еднопартиски живот, како и посредувањето на српскохрватскиот јазик во прифаќањето на интернационалната лексика. Со осамостојувањето на Р Македонија, ова влијание е значително намалено за што придонесуваат отворањето на повеќе приватни телевизиски станици, појавата на повеќе списанија на македонски јазик, развојот на македонската новокомпонирана музика итн. Според Јованова-Грујовска (2002: 69) од сите зборови навлезени во јазикот на младите србизмите се најбројни, се користат и во официјалната комуникација, истиснувајќи некои македонски, на пр. особа (лице), ствар (предмет, работа), осигурач (осигурувач), цепидлака (ситничар), шишки (кркми), а ова особено се однесува за младите од Скопје, каде што влијанието на српскиот јазик е поголемо. Во некои случаи на говорителите не им е јасно дали зборот е дијалектен или е заемка од српскиот јазик (пр. живци, сукња, ташна, новчаник), во многу случаи напоредно се употребуваат: комад − парче, конобар − келнер, утакмица − натпревар и др., но сепак постои тенденција за намалување на србизмите во секојдневната комуникација и замена со стандардизирана лексика.

Она што е впечатливо денес е реактуелизацијата и проширувањето на употребата на србизмите во говорот на младата популација. Имено, некои лексички елементи на чија неправилна употреба се укажува уште во 60-тите години и денес по неколку децении се реактуелизираат од страна на младите говорители, а од година во година, се бележи засилена употреба на србизмите и во пишаните и електронските медиуми, во неформалната комуникација што се води преку електронските медиуми, што им е достапна на сите, во интернет-блоговите. Зачестено е присуството на српските продукции од забавен карактер на нашите медиуми, на филмовите со лоши преводи од српски, а српската музика е многу присутна и во македонскиот етер. Сето ова негативно се одразува врз јазикот на младите.

На употребата на србизмите во многу пригоди се осврнува и Бл. Корубин, во Катчето ги образложува пропустите, но останува впечатокот дека и по неколку децении малку е направено за ограничување на нивната употреба. Корубин честопати истакнува дека во спонтаните комуникациски текови, србизмите постепено и сигурно се затврдуваат на сметка на стандардните форми (на пр. *обала, поморанџа, преќути* се затврдуваат на сметка на зборовите *брег*, *портокал*, *премолчи*), кои им остануваат на луѓето подалечни, понеобични, па србизмите се зацврстуваат во навикот и не се третираат како нарушување на нормата. Тој истакнува дека употребата на србизмите како актуелен проблем и нарушување на стандарднојазичната норма треба да ја имаат предвид не само лекторите, туку и наставниците во училиштата. За жал србизмите се провлекуваат и во многу учебници и учебни помагала, во литературата, а најмногу во средствата за јавно информирање, во програмите од забавен карактер.

Токму затоа предмет на нашиот интерес е употребата на србизмите во јазикот на средношколската младина, којшто врз основа на согледувањата во секојдневната наставна дејност е дел од нашата повеќегодишна научноистражувачка работа (Ѓорѓиоска, Макаријоска 2015). Ненужните заемки од српкиот јазик се среќаваат во сите зборовни групи[1].

---

[1] На пр.: вожња – возење, врста – вид, галама – врева, доручек – појадок, кичма – ’рбет, лежај – легло, лопов – крадец, обала – брег, уље – масло, упаљач – запалка, утакмица – натпревар, шамар – шлаканица; запушен – затнат, покретен – подвижен, усмерен – насочен, осмица – осумка; дешава се, деси се – се случи (и: дешавка – случка), опорави – закрепне, оптерети – оптовари, понаша се (и: испонаша се) – се однесува, прати – следи, придружува, примети – забележи, другачије – поинаку, наравно – природно, се разбира, брига – грижа, ствара – создава; досаѓа – додева, покушава – се обидува, искочи – излезе, смета – пречи, уствари – всушност, одма – веднаш, озбилно – сериозно, новчаник – паричник, запосли – вработи, живци – нерви (се живцира – се нервира), се зеза – се шегува, вреѓа – навредува, спорно – бавно (Ѓорѓиоска, Макаријоска 2015: 121).

Резултатите од спроведената анкета на репрезентативен број ученици од повеќе средни училишта ја потврдуваат зголемената употреба на србизми, српски изрази и фрази во говорот на средношколците. Употребата на србизмите е особено изразена во неформалната комуникација преку електронските медиуми, односно на социјалните мрежи, но се проширува и во писменото и усното изразување на учениците во училиштата.

Во анкетата средношколците потврдуваат дека почесто ги употребуваат србизмите: врста, доручек, кичма, згужван, покретен, усмерен, се бави, се деси/се дешава, озбилно, се опорави, оптерети, покуша, се понаша, прати, примети, примора, припреми, прљав, другачије, иако поголем дел од нив ги посочуваат соодветните македонски лексеми: вид, ’рбет, стуткан, подвижен, насочен, се занимава, се случи/се случува, сериозно, закрепне, оптовари, се обиде, се однесува, следи/ придружува, забележи, принуди, подготви, валкан, поинаку. На пр. *Има повеќе врсти растенија. На голем одмор одиме на доручек. Ме заболе кичмава. Колку сум згужвана во блузава. Се усмеривме на општествено-хуманистичкиот смер. Тоа ти е усмерено образование. Што непокретен си станал. Се бави со компјутери. Оптерети сме со учење. Барам пријател за озбилно. Озбилно тоа или? Не може да се опорави. Таа покуша да ја излаже професорката. Покуша да го направи тоа. Тој лошо се понаша на часовите. Се понаша ко газда. Пратете ги на нивниот веб-сајт. Прљави ни се ходниците. Сега е другачије. Тоа другачие се сфаќа*. Според резултатите од анкетата средношколците почесто употребуваат фали, обавезно, осеќа, свиќа, више, уствари во споредба со недостасува, задолжително, чувствува, допаѓа, повеќе, всушност: *А сега, што му фали... Па не му фали ништо, напротив. Му фали на Скопје метро, трамваи, шинобуси? Доаѓаме Обавезно! Осеќам нешто лошо ќе се деси. Кога мислиш дека никој не те гледа, а уствари те видел цел клас. Што уствари се дешавало? Што уствари е тоа клошар? Не ми се свиѓа делото. Многу ми се свиѓа како пее, ама не ми се свиѓа како е облечена. Више не им се јавувам. Више у ништо не верувам. Јас знам уствари дека не знам ништо! Не знам што уствари се случува со мене. Уствари ние сме на ред.*

Во врска со зачестената употреба на одделни србизми, средношколците најчесто ги посочуваат србизмите: боље: *боље е така. Боље ти е со овие ... Боље спречити него лечити,* ваљда: *Ваљда ќе дојде, Ваљда со тек на време ќе успеат,* доручек: *Ќе одиме на доручек.* касно/касни: *Никад није касно. Касно сфатив што се дешава. Се извинувам што каснам. Каснам на час.* лепота: *Ценела само лепота, а колку е ружна*. наочари: *Јас не носам наочари*. новчаник: *Не го зедов*

новчаникот. Новчаникот ми е празен. точак: *Возиме точаци. Стазата за ролери и точаци да се продужи ... да не вртат со точак по 5 круга на една иста стаза,* упаљач: *Имаш упаљач?*, *Дај ми го упаљачот.* пепељара: *Истреси ја пепељарата.* утакмица: *Вечер сме на утакмица*, вреѓа, вреѓање: *малце респект за мене, а не да ме вреѓа ... премногу слобода си имаат земено, ги вреѓаат сите. Пробај да дискутираш без вреѓање*. се испонаша: *се испонаша, па ме вреѓаше мене*, примети: *Па ако приметите вакви грешки ве молам пишете .... има нешто што сигурно сите ќе го приметите. Замисли, не ме примети. Ќе видиш дека веќе прошле годините, а не си ни ги приметил.* поштува: *Денес никој не те поштува* итн., но и конобар: *Викни го конобарот*. кошта: *Колку коштаат помаранџиве?, Колку кошта перењето?*

Сепак бележиме поограничена употреба на некои србизми, на пр.: **запосли** (иако бележиме пр.: *се запосли и шуто и рогато, а вие?*), за што секако е позитивно влијанието на медиумите, преку употребата на: *мерки за вработување и самовработување, агенции за вработување* итн.

Средношколците се изјаснија дека за употребата на некои србизми не е исклучено влијанието на повозрасната популација, на пр.: квар, брисачи, жмигавци, мењач, уље, вожња, пажлив и дека ретко ги употребуваат еквивалентите: *бришачи, возење, трепкачи, менувач, масло* итн. На пр.: *Има квар во инсталацијата! Исклучи ги жмигавците и брисачите. Ме зезаше мењачот, па паднав на градска вожња. Стално паѓа на градска вожња. Треба да му сменам уље на моторчето. Пажливо вози низ град. Пажливо на кривини*.

Се преземаат и зборови од српскиот јазик кои и во српската јазична средина се обележуваат како недоволно соодветни, на пр. се дешава, дешавка – *Што се дешава во училница. Имаше една интересна дешавка на часот по филозофија*, а во српскиот се претпочитаат *догаѓати се, догодити се,* наспрема *десити се (дешавати се)*.

Покрај никад: *Никад више. Никад не реци никад*. средношколците употребуваат и секад, од секад: *Секад коа професорката ќе почне да збори мене ми се спиеее?* да *секад* сум ги игнорирал таквите, *Од секад* сум имал конзервативен став кон тоа. Сељачки е. *Од секад* ми бил антипатичен. *Од секад* сум сакал вакво палто. Препукување имало *од секад* и ќе има *секад*. Бележиме и објаснувања од типот: „пред неколку години во стандарден скопски влезе зборчето *секад* и се заканува да го замени *увек*, а тоа е по некоја аналогија на *никогаш* и *секогаш* и го измислија младите, што мрзливи, што недоволно запознаени со стариот скопски или со влијанието од бивша Југославија. Како и да е, сакаленејќеле, *секад* има пуштено корења .... Се употребува и *од секад* со

значење ’од секогаш‘, спротивно од *никад*, а сепак поразлично од *увек* (punk4punk.wordpress.com)“.

Распространета е употребата на предлогот ***у***: *у диско, у школо, у библиотека, у училница, у Скопје.* Употребата на некои сврзници исто така се коси со нормата. Во јазикот на младите многу ретко може да се слушнат стандарднојазичните сврзници: така што, штом, бидејќи, туку, ами, но, отколку, а наместо нив се употребуваат така да, пошто, чим, него/неголи.

Се забележува преферирање на суфиксот *-ара*: *Ќе одам во сендвичара. Купив прибор во книжара. Помаранџите ги купив во пиљара. Мајка ми ме прати во рибара.* Со употребата на овој суфикс македонските говорители постепено го архаизираат стандарднојазичниот суфикс *-арница,* а оваа појава не се забележува само кај средношколците туку широко е распространета и во говорот на повозрасната популација, што воедно влијае и врз помладите говорители (Минова-Ѓуркова 2003: 222).

Ќе го споменеме и преземањето на личната заменка *он* наместо *тој*: *Он е виновен. Он игра фудбал*, погрешната употреба на прилозите: као (*како*), наравно (*природно, се разбира*), после (како предлог *по*), позади (*зад*), него (*ами*) и др. Под влијание на српскиот јазик често се употребуваат конструкциите *месец дена*, *недела дена*, *година дена* и сл., наместо: *еден месец*, *една недела*, *една година*.

Најголем дел од средношколците посочуваат дека ги употребуваат србизми спонтано, а некои од нив и со цел да остават поголем впечаток, да бидат забележани и да им привлечат внимание на своите врсници, па и пошироко.

Како што споменавме зачестената употреба на србизмите е поттикната и од пренесувањето на српски програми од забавен карактер на нашите медиуми, на емисии со лоши преводи од српски на македонски и сл. Имено секојдневната застапеност на српската музика во македонскиот етер дополнително влијае врз формирањето на јазичниот израз на младите со мноштво изрази од типот на: *Бела циганка теби бичу ја. Никад није касно да се љуби страсно. Љубави за нас касно је. Шта чу кучи тако рано. Срце моје дели се на пре и после ње. Кад си рекла да ме волиш први пут. Боље бити пијан него стар. Ружан тужан и до гроба дужан.*

Во врска со употребата на фразеолошките изрази кај младите преку анкетата се потврдува дека покрај македонски се употребуваат многу фрази од српскиот јазик – најчесто се преземаат делумно или се модифицираат, но се документираат и некои што се целосно преземени од српското говорно подрачје: пр.: *Боље ишта него ништа. Благе везе нема. Продужи даље. Никад не реци никад. Тражили сте гледајте. Ко преживи причаќе. Причај шта је. И тако даље. Машта ради свашта.*

Меѓу најчесто употребуваните во меѓусебната комуникација се посочуваат фразите: *Баш ме брига. Живот иде даље. Живи били, па видели! Живот брзо пролази. Ко те шиша. Мало сутра. Не долази у обзир. Никад више. Свашта се дешава. Свака част. Шта се дешава? Шта је ту је?; Шта пијеш кад ти шкоди.* Се посочува и употреба на изрази под влијание на песни од српската естрада: *Шта да ти причам кад све знаш, Више среќе други пут* и др.

Бележиме интересни коментари во врска со (не)употребата на македонскиот стандарден јазик, на пр. – *На часови, во медиуми, при официјален разговор, во пишано дело, треба да се говори македонски, ама не на Фејсбук, на кафе, на телефон, по дома... ; Се објаснувам јас по два саати дали зборот „сељак" бил србизам и бил навредлив за луѓето што потекнувале од село. Значи има разлика, од сељак до селанец.*

Актуелната состојба во македонскиот јазик ни открива жива употреба на србизмите во разговорниот стил, во јазикот на младите, во новинарско публицистичкиот стил, на интернет преку младински форуми и преку т.н. блогови. Реактуелизацијата на некои србизми е во подем, а во врска со јазикот во музичкото творештво, несомнена е потребата од воспоставување на повисоко ниво на јазичната и музичката култура кај нас. Неопходно е постојано укажување на проблемите со кои се соочува јазичната практика при употребата на македонскиот јазик во јазичната комуникација, во средствата за јавно информирање, во образованието итн. и предлагање соодветни решенија.

Основна цел на наставата е учениците да ги употребуваат зборовите соодветно, според нивното значење и да ја ограничуваат употребата на дијалектните зборови, србизмите и сл. Во наставата треба да се стави акцент на стандарната употреба на јазикот, затоа што така најдиректно може да се влијае за изградување на јазичната кулура и свеста на учениците за македонскиот стандарден јазик.

ЛИТЕРАТУРА

Веновска-Антевска, Снежана (1995), Динамиката и интензитетот на влијанието на српскиот јазик врз македонскиот, *XXI научна дискусија на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 25–30.

Додевска-Михајловска, Олгица (2002), За некои тенденции во развојот на лексичко-семантичкиот систем на македонскиот јазик, *XXVIII Научна конференција на XXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 111–120.

Додевска-Михајловска, Олгица (2004), Улогата на општествените промени во развојот на лексиката на македонскиот јазик, *Општествените промени и јазикот*, Јазикот наш денешен, кн. 10, Скопје, 65–72.
Ѓорѓиоска, Жаклина, Макаријоска, Лилјана (2015), *Македонскиот јазик во средното образование*, Скопје.
Јованова-Грујовска, Елена (2002), *Валоризација на колоквијализмите во македонската јазична средина*, Јазикот наш денешен, кн. 7, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
Корубин, Благоја (1994), *Македонски историо-социолингвистички теми*, Скопје.
Корубин, Благоја (2001), *Јазикот наш денешен*, кн. 6, Скопје, 109–128.
Минова-Ѓуркова, Лилјана (2003), *Стилистика на македонскиот стандарден јазик,* Магор, Скопје 2003.

81 : 373.3.016:5/6(075.2)

Маја Ѓ.ТЕФОВА

ЈАЗИКОТ И НЕГОВАТА ФУНКЦИОНАЛНОСТ ВО УЧЕБНИКОТ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА VI ОДД. (ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ)

Апстракт: Пред нас се појавува научно дело со широк дијапазон на природни науки (според определени насоки за реално насликување и прифаќање на наставната материја од страна на учениците од оваа возраст). Имено, при проучување на јазикот во овој учебник се развива широка платформа од зборови, изрази, реченици кои го поврзуваат јазикот со нормата и стандардот. Конкретно, се работи за учебник кој влегува во системот на основното образование, деветгодишно образование или шесто одделение, според програмата CAMBRIDGE кој влегува како проект и се прифаќа во нормативот за изучување од страна на образовниот и воспитниот процес.Распоредени во посебни поглавја се дефинираат: **научните факти** (за материјата, за човекот, за животната средина, етапи во развојот на човекот, здравје, исхрана и сл.) и **јазичните елементи** (форми во јазичното изразување). Главниот елемент на овој учебник е потенциран преку интерактивниот приод во однос на наставниот елемент и во контекст определените јазични форми. Од почетокот до крајот на овој труд се потенцираат основните начела за целосно прифаќање на наставната материја преку учество на: прашални зборови (пр:кога, како, дали итн.); заповеден начин (пр:размисли, истражувај, додај и сл.); сликовито прикажување на различни ситуации го поттикнуваат размислувањето на учениците и нивниот јазичен израз; јазичните пораки ја стимулираат мислата во однос на говорот (функционалноста на јазикот кај учениците и наставниците); преку игри и експерименти се влијае на јазичниот израз, односно слободна комуникација за прифаќање на нормираниот јазик. Зборовниот фонд во овој учебник е огромен. Од една страна нормата(стандардниот јазик), а од друга страна разговорниот јазик на младата популација на високо ниво.

Клучни зборови: јазикот во природните науки, научен факт, јазичен феномен, наставниот процес, јазичната функционалност (примери).

За да се доближи наставната материја до учениците од 11-годишна возраст, најважен е пристапот на јазикот и неговата функционалност во учебникот по Природни науки за VI одд. (деветгодишно образование). Наставната материја во него е распоредена во повеќе области и ги

означува најважните научни факти, докази и нивна примена токму поврзани со предметот Природни науки, јазичен термин од поново време. Распореден е во седум области и во секоја област се манифестира определена научна информација (преку научно проучување, експеримент, вежби и сл.) со помош и на прво место во поглед на употребата на стандардот. Сево ова е со цел оваа наставна материја да биде прифатена од учениците на оваа возраст.

Во учебникот по Природни науки за VI одд. (деветгодишно образование), одобрено од CAMBRIDGE се следните содржински целини: 1. Повратни и неповратни промени; 2. Органи и системи во телото на човекот; 3. Спроводници и изолатори; 4. Грижа за животната средина; 5. Пубертет, 6. Синџири на исхрана и 7. Маси и тежина.

Функционалноста во поглед на јазикот (употребата на стандардот) е потенцирана на самиот почеток, уште во воведот кон оваа проблематика во различни области на природното истражување. Од друга страна, исто така се потенцира и целосно застапениот и прифатениот интерактивен приод во наставниот процес. Гледано од научен аспект се забележува секојдневен пристап кон функционалноста на јазичниот стандард и неговата употреба се изедначува со средината на опкружување на ученикот и наставникот заедно. Уште на самиот почеток: *Како да бидеш научник?* Се отвора „широко поле“ од јазични информации истовремено продирајќи во свеста (развивајќи ја културно-комуниколошката свест). Во однос на јазикот и неговата функционалност се забележува на прв план приодот на науката во овој учебник. Определените јазични елементи се „адаптирани“ и во јазикот на науката и во јазикот на ученикот во училиштето и надвор од него. (на пр: *Да се раздели зборот „егзо“и „терм“ – егзо/надвор и терм/ топлина).* Значи, јазикот ја постигнува целта и со научните факти. Сепак научно, но и во контекст на јазичниот стандард се употребува слободниот пристап на размислување и објаснување за да се прифати јазичниот израз посигурно. (на пр*: Филтрација/ доближување до науката со обичен експеримент).* Исто така во учебникот се забележува насочување на учениците кон секојдневното опкружување, но на преден план јазичните факти и компоненти. Научните факти преку јазикот и неговата функционалност продираат во свеста на ученикот и никогаш не се заборавaат, најчесто во вид на т.н. јазични пораки:*„број ги отчукувањата во интервал од 15 секунди, потоа помножи го тоа со 4 за да добиеш отчукувања во минута.“*

Во функционалноста на јазикот не смее да се занемарат нормите и правилата на граматичкиот дел кој е основа за кодифициранот стандарден јазик. Во тој поглед се издвојуваат низа специфичности кои се издвоени според нивната употреба во учебникот:

1. Фонетски – гласовни промени кои се забележуваат кај определени зборови (на пр*: одготвам- без едначење на звучност, но според граматичко правило; отчукување, опипување – фонетски точно, но јазично префинето и сл.)*

2. Морфолошки – во однос на формите на зборовите во овој учебник, употребата на стандардниот јазик е видлива во многу случаи, како на пр:

- Употребениот заповеден начин кој ја креира мислата на ученикот кон размислување и докажување. При тоа се забележува различен пристап кон употребата на дефинираниот јазичен код. (на пр*: анализирај, набљудувај, планирај – следи размислување (објаснување) на учениците.)*

- Употреба на идно време за да не се заборави кажаното и наученото за време на наставниот час. (на пр*: ќе дознаеш, ќе разбереш и сл.*)

- Честа е употребата на глаголската именка со недифинирана јазична вредност. *(на пр: горење – загревање, палење и сл.; пенењето е јаглеродниот диоскид; одвивање на хемиска реакција, дување балон, пресадување органи; опипување – кога докторот или медицинската сестра ни го мери пулсот и сл.)*

- Во однос на поставените забелешки кои се потребни за добивање на определената и јазична и научна информација. (на пр*: супстанца VS* супстанција)

- Се употребува степенувањето и се забележува приближување на научните информации кои треба да бидат споредени и научени од страна на учениците. (на пр*: Кој беше подобар?- се мисли на противпожарните апарати*).

- Во определен текст се потенцираат определени зборовни форми (на пр*: раствор-раствораат – растворлива – нерастворливи - растворувач;промена – променлива –непроменлива*).

3. Синтаксички – посебно обележје во текстовите дадени во учебникот има проширената реченица со јасно потцртување на главниот елемент кој води кон развивање на мислата и говорна комуникација.

- Реченици се кратки и подредени, говорниот јазичен израз води кон размислување и дефинирање. (на пр*: Поставувај прашања – Како да се поставуваат прашања или со кои зборови се прашува: кој/кои, што, како, колку, дали; за поттикнување и за објаснување – Кои пијалаци содржат шеќер? или Како може да дознаам колку шеќер содржи тој пијалак? итн.*).

- Во објаснувањето да се употребува прашањето *Дали?* (*Дали е ова можно? Дали може да се одготви храна?*).

- Во поглед на зборoредот во реченицата како говорна целина се означуваат јазични белези кои се поставени за полесна комуникација. (на пр*: Погледни ја сликата и напиши по една намена за противпожарните апарати.*)

- Во одговорите од страна на учениците се забележуваат кратки мисли, реченици, кои ја определуваат поентата на научниот факт без притоа да се внимава на редот на зборовите во реченицата. (на пр*: Која е просечната разлика во отчукување на срцето во мирување или по вежбање? Одговорот од ученикот гласи: Многу уморност. ; Направи информативна брошура за живеалиштето. Внеси табели, столбести дијаграми или графикони – потребен е јазикот на 11 – год. возраст за чување на животната средина.*)

4. Лексички – како значајна област во конструкцијата на јазикот и неговата употреба во овој учебник се забележуваат различни зборовни модификации. Исто така на крајот од учебникот е поставен речник на зборови предаден со слики, односно визуелниот контакт ја развива имагинативната цел на јазикот преку јазичниот израз на ученикот.

- *Повратни и неповратни промени* – јазично објаснување следи во поглед на цврсти и течни материи во научните истражувања.

- *Одготвам* – со намера повторно да подготвам храна

- *Шаблон* – скица, шема, графикон често употребуван јазичен термин во јазичниот текст

- *Неверојатен факт* – оган за да изгаснат оган, неверојатно изгледа тој е неверојатен; пораки кои поттикнуваат на размислување – тајните пораки со невидливо пишување се користеле уште пред 2000 години.

- *Намена – употреба; брошура – текст* во кој учениците употребувајќи го јазичниот стандард ќе ја изложат определената проблематика.

- *План за евакуација* – повторно до израз доаѓа јазичниот концепт кој треба да го поседува ученикот, но во директна линија, соработка со науката и со наставникот.

- *Укажува* – дава на знаење, потребни се елементи за јазично размислување.

- *Опрема* – во однос на експериментите кои се значајни и како зборовни пораки се обрнува внимание на јазичниот стандард со јазичната информација.

- *Сламка* – околу поимот шише како употребен збор во експеримент.

- *Раствор, смеса – Како можеш да одделиш шеќер од пијалак со шеќер?* Следи јазичен коментар поврзан со научното истражување или од секојдневниот говор преку слободниот јазичен израз на ученикот.

- *Назив – име, абдомен – стомак; доктор – лекар; прекинувач – штекер; ламба – светилка; компонента – симбол; грабливец – плен* – споредба на лексемите во синонимен контакт во јазикот

- Влијанието на зборови од туѓите јазиции во однос на науката и во јазичното изразување се присутни – *суперсроводник, зујалка, потрошувач, произведувач, кантар, пружина* и сл.

Културно и комуниколошки е очигледно дека во овој учебник јазикот во однос на неговата функционалност бележи незабележително присуство на целосни граматички доследности.Конкретно, текстовите ја занемаруваат содржинската форма, односно текстот не се развива од почеток до крај. На прво место, знаците ја имаат доминантната цел (на пр*: слики, вежби, шеми, графикони*). Истовремено поттикнуваат на јазично и научно истражување кое преку наставниот процес се забележува, но и се документира. На тој начин се доаѓа до разработениот систем на прифаќање и употреба на стандардниот јазик според возраста на ученикот. Истражувачкиот процес исто така дејствува во комуникацискиот приод во однос на јазикот. (на пр*: Истражување: Како може да го истражиме горењето? Следи јазичен коментар. Предвидување: Дали ќе гори?;Набљудување: Дали гореше? итн.* Најважна е употребата на знаци (објаснети, нацртани) за доминантното учество на определена јазична информација. (на пр*: да се забележи, да се запомни, да не се заборава, биди внимателенсо отворен оган, не наведнувај се над огнот итн.).*За јазичниот израз да биде во сооднос со стандардот се забележува и учество на повеќе компоненти за да се засили информативниот тек на настаните за решавање на научниот проблем. (*на пр: размисли за...*)

Сликата како знак се поставува во сооднос со јазичниот факт во поглед на научното истражување, но и на добиената моќ на јазичната информација добиена од учениците. Преку сликата се поттикнува на целосно размислување и анализирање на научниот проблем и се зацврстува јазичниот код на ученикот. (на пр: *табелата во тетратката за истражување; облаче со зборови- ризница на зборови.*) Можеби наивна констатација, но ваквите зборови нудат „море“ од јазични изрази. *(на пр: главни органи, систем, функција, црн дроб, бубрези, срце, излечи, дигестија, исфрли, мозок итн.).* Ваквата шема доближува до различни јазични информации кои се и различно поставени во свеста на ученикот.

Табелата исто така во интерактивен приод на јазикот и неговата функционалност ја определува научната вистина и развој на мислата. *(*на

пр: *мозок – функционира како контролен центар на телото; желудник, црева – разградува храна и прима вода.*)

Во јазикот кој се употребува во учебникот се забележуваат низа елементи важни и неважни. Пред сè, подредени во редослед, но измешани во поглед на изработениот текст. Правилото: Читај за да научиш (не е доминантно). Во овој учебник научната проблематика се манифестира во кратки и брзи мисли, поуки, изреки, итн.кои ќе влијаат на мисловниот концепт кај ученикот за да го поттикнат на размислување и ефектот во прифаќањето на определената научна проблематика. Преку интерактивен приод се доаѓа до усовршување на јазичниот стандард и негова примена во наставниот процес и воопшто во секојдневието. Посебно важен елемент во однос на мислата (знаењето) е јазикот кој ќе биде манифестиран од учениците. Практичните заклучоци, исто така како научни факти во овој учебник се дадени преку кратки реченици и зборови кои ја постигнуваат својата цел: учениците да мислат, критички да размислуваат и да се постави на преден план јазичната свест на ученикот преку научната област која се истражува интерактивно. Така на пример, јазикот во прашањата е честопати нејасен, но сето тоа се должи на чистиот став на јазичната мисла.(на пр: *точно – неточно: Електричната енергија минува низ спроводници*).

Правејќи ја анализата на учебникот по Природни науки за VI одд. (деветгодишно образование) за јазикот и неговата функционалност, пред мене се постави прашањето: Каде се наоѓа ученикот/ индивидуата во сево ова? Кои се можностите за правилно усвојување на јазичпниот код и во која мера ученикот на оваа возраст ќе може правилно да ја усвои или прифати граматичката конвенционалност, се разбира со помош на својот наставник. Пред нас се поставуваат научни тези (научни вистини, коментари, сугестии, многу прашања, истражувања). И „лебди“ постојано јазикот. Јазикот на изразување или говорната комуникација.Овие елементи се, всушност, поврзани со комуникацискиот чин во кој најважна улога има интерактивниот приод или наставни методи и техники. (*на пр: техника играње улоги: Кој главен орган сум јас? Без мене ништо не функционира* (*мозок, срце*)*.; Јас сум дел од единствениот друг главен орган што е во пар.* (*бели дробови*)*; техника мрежа на дискусија: Ги знам називите на главните органи. Знам каде се наоѓаат главните органи во телото итн.*)

Јазичната кодификација се доближува до употребата на јазикот целосно преку внесување на интеракцијата наставник – ученик и во таа непосредна и посредна комуникација преку учебникот се постигнува целта.

СОДРЖИНА

Снежана ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА,
Деновите низ години 7

Олгица ДОДЕВСКА-МИХАЈЛОВСКА,
Концептот ’леб‘ во традиционалната македонска лингвокултура 25

Елена ЈОВАНОВА-ГРУЈОВСКА,
Благоја Корубин и средната генерација лингвисти во институтот за македонски јазик (кон еден убав повод) 32

Катица ЌУЛАВКОВА,
Идното време во современиот македонски јазик 36

Маќеј КАВКА,
Наративните шеми и дискурсните стратегии во полските и македонските учебници 47

Људмил СПАСОВ,
Структуралистичка лингвистика 58

Снежана ВЕЛКОВСКА,
Историзмите во македонскиот јазик 75

Катица ТОПЛИСКА-ЕВРОСКА,
За некои зборообразувачки особености кај лексиката од тематското подрачје ’храна’ во македонскиот јазик 81

Драги СТЕФАНИЈА,
Македонистички текови денес 93

Елизабета БАНДИЛОВСКА,
Глаголската придавка како хомонимиски парник 101

Снежана ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА,
Асоцијативен антропомастикон (врз примери од некои македонски машки лични имиња) 110

Билјана МАЛЕНКО,
Асоцијативен антропономастикот (врз примери од некои македонски женски лични имиња) 119

Вено ПАЧОВСКИ, Марјана ВАНЕВА,
За проблемот на „лажните пријатели” во современата компјутерска лингвистика 128

Лидија АРИЗАНКОВСКА, Македонка ДОДЕВСКА,
Дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба 137

Свето ТОЕВСКИ,
Јазичната релативност изразена преку семантичкиот анизоморфизам меѓу хроматската лексика на македонскиот јазик и други јазици во светот 150

Катерина ПЕТРОВСКА- КУЗМАНОВА,
Терминологијата во истражувањето на изведбата во фолклорот 168

Родна ВЕЛИЧКОВСКА,
Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење - обредно пеење 177

Лидија ТАНТУРОВСКА,
„Латинската облека“ на македонската азбука 195

Марија ЛЕОНТИЌ,
Транскрипцијата на турските имиња според стариот и според новиот правопис на македонскиот јазик 208

Соња НОВОТНИ, Михајло МАРКОВИЌ,
Лингвистиката и лингвистичките проучувања во минатото и денес 216

Биљана МИРЧЕВСКА-БОШЕВА,
Библиското наследство во фразеологијата 226

Гоце ЦВЕТАНОВСКИ,
Руски еквиваленти на некои македонски фразеологизми 235

Јасминка ДЕЛОВА-СИЛЈАНОВА,
Телото како мерка во фразеологијата (врз примери од чешкиот и од македонскиот јазик) 242

Веселинка ЛАБРОСКА,
Специфики во изразувањето на негацијата во кичевскиот говор споредба со другите западномакедонски говори 247

Васил ДРВОШАНОВ,
Називите на кладенецот во македонските говори 255

Светлана ДАВКОВА-ЃОРГИЕВА,
Називите пена, сапуница, скама на македонскиот дијалектен ареал 266

Михајло МАРКОВИЌ, Соња НОВОТНИ,
Преглед на дијалектната маркираност на лексиката во избрани стари текстови пишувани на македонска почва 272

Мери ЦУБАЛЕВСКА,
Јазичните особености кај споредните писци на Ваташкиот минеј 286

Весна МИОВСКА,
Специфики на презимињата со епентетско л/љ 297

Мери ЈОСИФОВСКА,
Сопствените имиња во делата на Горјан Петревски 304

Звонко ТАНЕСКИ,
Македонскиот јазик и култура во студиските програми на државните универзитети во Словачка 312

Снежана ПЕТРОВА-ЏАМБАЗОВА,
Начини на изразување ’ниска цена‘ во рекламните пораки 320

Виолета НИКОЛОВСКА,
Се навредуваме или си оддаваме почит? 323

Соња ХРИСТОВСКА,
Јазичните неправилноти во фискалните сметки 333

Јованка ДЕНКОВА,
Дидактичкото и поучното во книжевноста за деца преку збогатување на лексичкиот фонд кај децата 337

Жаклина ЃОРЃИОСКА, Лилјана МАКАРИЈОСКА,
Србизмите во јазикот на средношколската младина 347

Маја Ѓ.ТЕФОВА,
Јазикот и неговата функционалност во учебникот по природни науки за VI одд. (деветгодишно образование) 355

Издавач:
Институт за македонски јазик „Крсте Мисрков“ – Скопје

Уредник на издавачот:
д-р Елена Јованова-Грујовска

Лектура и коректура – редакцискиот одбор

Компјутерска подготовка и печат:
Винсент Графика

Тираж:
300

Финансирано од Министерство за образование и наука
на Република Македонија